КОСТА ПЕЕВ

РЕЧНИК

НА МАКЕДОНСКИТЕ ГОВОРИ ВО ЈУГОИСТОЧНИОТ ЕГЕЈСКИ ДЕЛ

ТОМ 1

НИП "Студентски збор"
Скопје, 1999

KOSTA PEEV

DICTIONARY

OF MACEDONIAN DIALECTS IN THE SOUTH-EAST AEGEAN PART OF MACEDONIA

BOOK 1

NIP "Studentski zbor"
Skopje, 1999

Речникот претставува дел од проектот "МАКЕДОНСКИТЕ ДИЈАЛЕКТИ ВО ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА", што се работи во МАКЕДОНСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

Трудот на професорот Пеев Коста го оценувам мошне високо. Се работи за важен документ кој критички го обработува лексичкиот фонд на југоисточните македонски говори. Такво дело не постои во славистичката наука а неговата голема важност потекнува од фактот дека материјалот доаѓа од говори кои денеска не се веќе живи во нивниот изворен простор; тие можат уште да се слушнат само од устата на мал број иселеници од најстарата генерација, расфрлени низ балканските а и не балканските земји. Споменативе говори претставуваат југоисточна периферија на словенскиот јазичен свет и како такви многу се важни не само за македонистичката но и за славистичката наука а и пошироко за општата теорија на јазикот; имено тука се зачувани многу архаизми непознати во други говори од словенскиот југ, но присутни во говорите на словенскиот север (полски, руски и др.). Оваа ситуација овозможува да се реконструираат старите миграции на словенските племиња и степенот на сродноста меѓу нив; истовремено се работи за територија којашто доживеала многу интерференции од страна на несловенските јазици (латински, аромански, грчки, турски...) и така ги проширува нашите сознанија за механизмите на јазичната интерференција.

Лексичкиот материјал од "Речникот" на Пеев ќе биде од непроценета вредност за идниот македонски етимолошки речник, а и за другите словенски етимолошки речници што се подготвуваат; тој ќе си најде место и во коментарите кон лексичките карти на Општословенскиот лингвистички атлас.

акад. Зузана Тополињска
извадок од рецензијата

Посвета

Овој труд им го посветувам на сопругата Танка и на ќерките Елена и Валентина, на кои им имам ускратено многу моменти од заедничкото дружење.

Коста Пеев

УВОДНИ БЕЛЕШКИ

ДЕМОГРАФСКИТЕ ПРОМЕНИ ВО ДОЛНОВАРДАРСКО ОД БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ ДО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА

0.1. Македонските југоисточни говори или долновардарски како што обично се именуваат, се вклучуваат во пошироката зона на македонските егејски говори што го опфаќаат појасот од реката Места на исток, па до планината Грамос на запад. На овој релативно широк појас македонското население со децении било подложено на асимилација и прогонувања, благодарејќи на грчката експанзионистичка политика. Југоисточната зона најмногу настрада за време на Балканските војни, а западната за време на Втората светска војна и Граѓанската војна во Грција. Обемот на уништувањето не бил секаде подеднаков, но некаде достигнал до тој степен што се создале "празни точки", во однос на присуството на македонскиот етнос, каков што е да речеме кукушкиот регион. Од статистичкиот демографски преглед на населените места во Егејска Македонија изработен од Т. Симовски[1], а и од лични истражувања узнаваме дека присуството на македонското население е повеќе изразено на запад, во реонот на Костурско, Леринско и Преспа, што се однесува до централниот, долновардарски дел, бројот на Македонците е поголем на запад од Вардар – во Воденско и Еницевардарско.

0.2. За време на Втората балканска војна, којашто избувна кон крајот на јуни 1913 год., источниот дел од односнава дијалектна зона претрпе катастрофален погром. Меѓу грозните примери на геноцид, што се повторуваат за жал така често во нашиов век, хроничарите секако ќе мора да ги споменат и настаните што го зафатија ова подрачје, особено Кукушко, дел од Солунско, Дојранско и Демир-Хисарско во текот на споменатава војна, инспирирана од

[1] Т. Симовски, *Населените места во Егејска Македонија,* Скопје, 1978.

шовинистичките и великодржавни аспирации на владите на соседните земји: Србија, Бугарија и Грција.

Во првите дни на месец јули 1913 година, за време на жетва, под силен артилериски оган од страна на грчката војска, којашто имаше конкретна задача: со оган и меч да приготви услови за елинизација на овие области, македонското население, немајќи време за подготовка, така речи од нивите, оставајќи ги срповите и по жетварски алишта, често не можејќи да се соберат заедно сите членови од семејствата, тргнале да бегаат на север, кон падините на Круша Планина и преку Демир Хисар се управувале кон Кресна и Пиринска Македонија, а некои и понатаму кон Софија. Зад растрганите колони од бегалци останувале пожари и смрт. За нивната агонија убедливо сведочат искажувањата на очевидци: некои мајки за да ги спасат двете деца, третото го жртвувале, оставајќи го покрај патот.

0.3. Уништувањето на Кукуш и Кукушко. – Грчката офанзива започна од Солун, а први на ударот беа населбите (се разбира и жителите) во Кукушко. На 3 јули 1913 год., по жестокиот артилериски оган и пожарот, наполно згасна животот во познатиот македонски град Кукуш, неговото население, коешто кон крајот на минатиот век броело околу 7.750 жители, бегајќи од разјарената грчка солдатеска го напуштила родниот град и побарало прибежиште во Пиринска Македонија, Струмица, Струмичко и во Бугарија. Слична е состојбата и со околните населби. Наоѓајќи се на патот на грчката војска, којашто како огнена стихија уништувала сé пред себе, биле уништени голем број села, само во Кукушко над триесетина.

Непосредно по споменативе настани, Љ. Милетиќ, проф. од Софија спровел анкета кај бегалаците[2] и еве како еден од нив (**Иван Чикичев**, унијатски свештеник, род. во с. Салманли, Кукушко) го доживеал уништувањето на Кукуш: "Грците почнаа да ги палат селата околу Кукуш на 19 јуни. Со запалливи гранати тие ги потпалуваа стоговите со снопје, куќите и колибите; онаму каде што имаше ниви неожниени, каде што имаше копи сено, каде што имаше жетвари – стрелаа и ги убиваа, уништуваа. Мнозинството луѓе директно од нивите, без да имаат време да се вратат дома тргнаа накај Бугарија. Околу 35 села во близина на Кукуш се изгорени. Во самиот град Кукуш на 20 јуни, кон 1 часот напладне започнаа зачестено да паѓаат гранати... Иако на зградата имаше три француски знамиња високо поставени, а грчките војски што не беа далеку добро ги гледаа, сепак тие стрелаа на споменатиот дом за сираци... Оние ранети што можеа да бегаат избегаа. По патот по кој ние бегавме среќававме ранети, побегнати од болницата, коишто со

[2] Л. Милетичъ, *Гръцките жестокости въ Македония,* София, 1913.

стапови и со патерици се потпираа, и бавно, бавно се движеа. Тие што останаа во болницата сигурно се убиени, зашто болницата изгоре. Впрочем, освен неколку масивни магазини, сé друго е разрушено... Ние избегавме со многу народ. На ридот спроти Дојран пристигнавме на 21. и видовме дека Кукуш гори, од околните села се креваше чад, а исто така и од полето накај Вардар – сé беше во пламен. Од Пороj до Петрич по патот сретнавме многу работи: вреќи со храна, јоргани, душеци и др., фрлени од бегалците, што, очигледно, поминале одовде во страв и паника. Видов една стара баба што умираше покрај патот. Погоре видовме дете, умрено близу до едно изворче, натаму 5-6 месечно дете, оставено во еден трњак. Видов околу 5-6 коли стркалани во реката Струма".

Сеќавањата на друг сведок, пак унијатски свештеник – **Јосиф Раданов** во многу нешто го потврдуваат она што го изјавил претходниот соговорник, сведок: "Гранатите паѓаа среде град... Гранатите беа "фугасни", зашто во секоја зграда во која ќе удреше граната, веднаш се појавуваше пожар. Јасно беше дека целта на бомбардирањето беше да се запали градот и да се уништи".

Атанас Иванов, роден во Кукуш, како очевидец го раскажал следното: на 21 јуни грчките војници пред негови очи заклале 3 жени, двајца старци и едно 4-5 годишно девојче. Тоа се случило на градскиот плоштад. На една од кукушките улици истиот Атанас Иванов го видел трупот на Гоце Рубиев, шеесетгодишен, роден во Кукуш, убиен од граната.

Дедо **Трајан Делов Караколев,** роден во с. Драгомирци (Кукушко) го раскажал следното: "Од страв се криев во Арџанскиот Ѓољ и видов како Грците ги запалија селата Драгомирци и Гаваљанци, а потоа ја запалија гаваљанската воденица. Го запалија и моето трло. Во селото останаа околу 25 мажи, жени и деца за коишто ништо не знам. Откако се стемни излегов од "сазлакот" (= трската) на езерото и бегајќи над селото Чугунци (Кукушко), во бавчите слушнав офкање. Се приближив, видов едно 13-14 годишно дете и го зедов со себе. Детето се вика Мито Колев, родено во Гаваљанци. Тоа ми го раскажа следново: "Со свои очи видов како грчки војници ја застрелаа мајка ми. Мене на повеќе места ме ранија и ме газеа со коњи, а кога си заминаа јас побегнав". Детето целото беше облеано со крв од раните што ги имаше здобиено било од нож, било од пушка. Потоа детето го предадов на татко му, којшто се беше засолнил во с. Крондирци".

0.31. За демографските промени во Кукушко, се разбира и пошироко во Долновардарско, што уследија по Балканските војни, односно по Граѓанската војна во Грција и што напомнуваат на геноцид, ги користевме податоците од веќе споменатите книги на Љ.

Милетиќ, Т. Симовски, уште и од В. К'нчев[3]. Се разбира дека ги користевме и своите анкети. за оние села за кои имаме вршено дијалектолошки истражувања, За да не го оптеретуваме премногу текстот ќе направиме селекција, односно ќе бидат претставени по неколку пункта од различни окрузи и околии.

Селото **Гаваљанци** се наоѓа на околу 15 км. северозападно од Кукуш. До Балканските војни Гаваљанци претставувало населба со чисто македонско население, според К'нчов кон крајот на минатиот век тоа броело 164 жители. За време на Втората балканска војна селото било уништено, а населението побарало спас во Струмица и Струмичко. Според Милетиќ населението го напуштило селото на 19 јуни, пред да се појават грчките војници. Последните за среќа не успеале да ги достигнат бегалците. Во Гаваљанци останале само две жени: **Цона Николова** и **Наста Ѓошева**, уште и момчето Димитар Колев. Со самото навлегување грчките коњаници ги убиле жените, а детето го раниле. Иако рането тоа успеало да побегне. Жалосниот резултат од геноцидот се покажал и во повоениот попис, според кој селото се води без жители.

Селото **Ниманци** се наоѓа на 8 км. североисточно од Кукуш. Населението било чисто македонско. Кон крајот на минатиот век (селото) имало 160 жители (според К'нчов). За жал информаторот **Милан Гогов,** што го анкетиравме (тој селото го напуштил многу мал и со своите се преселил во с. Еднокуќево, Струмичко, каде што живееше до својата смрт), не можеше да ни даде демографски податоци за селото пред Балканските војни: *"на-бе́го би́ше, не́ зна́м ко́лко ка̄шти и́мше се́лто"*. За време на Војната (1913) тоа наполно настрадало, жителите, бегајќи пред разјарените грчки војници, целосно го напуштиле селото и побегнале во Струмичко и во Бугарија. Резултатот е очигледен: според пописот направен по Војната Ниманци се споменува како напуштена населба.

Големото село **Грамадна** се наоѓа на 11 км. северно од Кукуш. Кон крајот на минатиот век (според К'нчов) тоа претставувало чисто македонска населба со 600 жители. "Во Втората балканска војна селото многу настрадало од грчките војски и тогаш голем број од неговите жители, за да се спасат, побегнале во Струмичко, каде што живеат и денеска". Љ. Милетиќ го забележил разговорот со **Атанас Гошев,** бегалец од Грамадна: на 21 јуни побегнале сите селани, со исклучок на 10 души овчари, коишто биле надвор од селото со стадата. Селото имало 120 куќи, сите биле запалени. Според пописот по Војната (1913) селото се води само со 150 души.

0.4. Од Дојранско. – Селото **Аканџалија** се наоѓа североисточно од Дојранското Езеро, според Љ. Милетиќ тоа било големо село и за време на Војната (1913 год.) броело околу 650 жители,

---

[3] В. Кънчовъ, *Македония, етнография и статистика,* София, 1900.

Македонци. Наоѓајќи се (селото) на патот на бегалците, коишто се повлекувале како "пороj" од југ, од Кукушко и Дојранско кон Демир-Хисарско, во првите дни по отпочнувањето на Војната овде (во с. Аканџалија) отседнале голем број бегалци, скоро од 15 села, од Патарос, Сурлево, Брест, Диманци, Попово (Дојранско) и од Гаваљанци, Маловци, Михајлево, Хрсово, Новоселани, Калиново, Чугунци и др. (Кукушко). Цела ноќ на 23 наспрема 24 јуни низ селото се слушале писоци и офкање на жени и девојки силувани од грчките војници. Истата ноќ се случило грозно "клање" на голем бој бегалци, отседнати во дворовите и по гумната. Во оваа летна ноќ, освен тоа, околу 60 души, селски првенци биле однесени и убиени во шумата "Чалăк". Улиците и дворовите биле полни со трупови од убиени луѓе. На 24 јуни, кога влегла грчката пешадија селото било запалено и многу селани шо се криеле по таваните живи изгореле.

Ова се потврдува и од искажувањата на очевидците: **Колѓо Киров** и **Иван Милев,** родени во истото село: еден од коњаниците (офицер од грчката војска), налутен, со сабјата се нафрли на едно момче и го расече. Исплашени селаните се втурнаа да бегаат, но увидоа дека се заобиколени. Почнаа да им ги врзуваат рацете на селаните, а потоа ги извадија надвор од селото. Изврзаните ги заклаа на место; жените, што беа собрани кај црквата ги поделија во две групи, постарите ги собраа во една група и ги испратија да си одат, а од нивните домови војниците ги собраа поскапите работи: обетки, гривни, прстени, флорини. Младите жени и девојките ги занесоа во полициската станица и таму ги обесчестуваа. Во куќата на учителот **Дино Христов** се затекнале две девојки, негови роднини, бегалки од с. Патарос, ноќта до таа степен биле навредувани и обесчестувани, што наутро ги нашле мртви. Првиот очевидец од споменатите (К. Киров), што ги гледал овие немили сцени, се криел ту дома во куќата, ту во плевните, кога видел како неговиот роднина **Колѓо Ташков** бил прободен со нож од пушката од некој грчки војник, многу се исплашил и побегнал. Трчајќи, бегајќи од местото каде што се криел до излезот од селото, т.е. поминувајќи низ селските улици, тој видел дека се покриени со трупови. Грамада од трупови видел и во дворот на соселанецт **Мито Илиев**.

Еве уште едно автентично кажување од девојчето **Магда Константинова** за колежот што го извршиле грчките војници во дојранското село **Аканџалија**. Тоа раскажува дека било во група бегалци од с. Мијалево кои што го напуштиле родното село (од страв од репресии од грчките војски) и се задржале во с. Аканџалија и ноќта на 23 јуни ја поминале во селската џамија. Во меѓувреме стигнале грчките коњаници и девојката од џамијата гледала како тие запалиле една куќа што се наоѓала на спротива и како живи изгореле луѓето што биле внатре. Куќата била толку близу што таа

ги слушала лелекањата и пискотниците од настраданите. Ова сведочење Константинова Магда го раскажала и пред еден американски мисионер, **Вилијам С. Купер**.

За несреќната судбина на селото **Попово** (се разбира и на селаните) раскажува **Гоце Иванов**, којшто го напуштил селото на 23 јуни: по пристигнувањето на грчката војска населението било обезоружено и ограбено. Мажите ги одделиле од жените. Уште првиот ден исчезнале 30 души од селото. Млади жени и девојки биле собрани во куката на **Кољо Тодоров**, таму биле злоставувани и обесчестувани. Селото било запалено, освен куќите на Македонци изгореле и неколку куќи на Турци, на **Хафаз Халилов**, на **Салиш Молла Али** и др. Од целото село се спасиле само тројца: **Ѓорги Иванов, Трајко Колев** и **Гоце Иванов**.

0.5. Од Демир Хисарско. – Грозна била судбината и на селаните од Демир-Хисарско. Ќе илустрираме со случаите од с. **Герман** (според Милетиќ): Грците откако ги опљачкале дуќаните и куќите (им ги одзеле скапоценостите и парите на селаните), ги затвориле мажите во црквата, а жените (ги имало околу 40) во куќата на попот. Кога подметнатиот пожар почнал да се приближува кон црквата затворените селани се обиделе да ја прескокнат оградата на црквата, но стражарите ги свртеле пушките накај селаните и тие морале да останат таму, се разбира и да изгорат. Само еден од нив успеал да се пробие меѓу труповите **Димитар Трсов** и да избега, Од жените исто така само една успеала да побегне, тоа била ќерката на **Костадин**, којашто побегнала кога војниците почнале да ги силуваат жените затворени во куќата на попот. Сите останати жени и деца, исто така и мажите (затворени во црквата), биле живи изгорени.

Селото **Крушово** настрадало како и соседните села во Демир-Хисарско. Успеале да побегнат само **Иван Божов** и **Харалампи Узунов**. Нивните приказни за тоа како постапувале грчките казнени експедиции се грозоморни. За да не ги преповторуваме деталите од грабежите, убиствата и сл. ќе го споменеме (пак според Милетиќ) ужасниот случај на свештеникот **Тодор Стоев**, на кого му ја грабнале ќерката, а нему му ги извадиле очите и така два дена го шетале низ селото, а потоа заедно со другите соселани го убиле.

0.6. Од Серско. – Грчките војници големи злосторства извршиле во самиот град **Сер**. На 22 јуни, во организација на владиката, грчки банди ги ограбиле дуќаните и магазините, а потоа, според претходно подготвениот план пристапиле кон прибирање и затворање на целокупното македонско население со цел да бидат егзекутирани. Оваа намера на грчките воени власти била пропратена и до месните власти во околните села со јасна порака – да бидат заробени и убиени сите Македонци, или да бидат испратени во Сер. Потврда дека споменатава наредба ревносно била исполнувана во грчките

села узнаваме од исказот на **Димитар Лазаров** (според Милетиќ) кој што тргнал на 23 јуни од с. **Маклен** за Серез (имал и сопатници). Во грчкото село **Субашкој** биле заробени и доведени во серската митрополија, потоа ги префрлиле во женската гимназија и потоа, на 28 јуни сите биле исклани, само споменатиот Димитар Лазаров успеал да побегне, иако и тој бил прободен со нож "недоклан" – како што запишал Милетиќ. Процедурата била брза но и подла: на заробениот му било кажано дека го вика владиката во митрополијата. Тука наместо пред владиката заробениот го изведувале пред комисија, во која имало и свештеник (се разбира грчки), но само со единствена цел да се констатира дали заробениот, по некоја случајност не е Грк (ова можело да се случи бидејќи речиси сите Македонци во Серез знаеле и грчки). Други прашања немало и веднаш следувала наредба заробените Македонци да бидат префрлени во затворот, во гимназијата. Таму со нив се постапувало многу грубо, со силни удари, некои од нив биле дури и смртоносни, ги турнувале во подрумот на гимназијата. Убиствата, за да не бидат забележани се вршеле постепено – труповите ноќно време ги ваделе од гимназијата и ги носеле некаде. Сите биле убиени.

Едно од многуте села што настрадале (заедно со месното население) во Серско е селото **Горно Броди**.. На 3 јули (1913) тоа било опсипано со гранати од грчката артилерија, било запалено и целото изгорено, на тој начин тоа станало гробница на мнозина, (по правило) невини луѓе. Уништувањето на с. Горно Броди многу рељефно е претставено во искажувањата на жителите: **К. Георгиев, Ангел Радојков** и **Ст. Атанасов**: "Ние бевме над селото, скриени зад грмушки. Имаше и други нашенци. На 4 јули прво пристигнаа десетина души грчки коњаници, потоа уште 10, 20 и се наполни селото. Се слушнаа истрели и експлозии од сите страни. Потоа видовме дека се појави пламен и дим на горната страна на селото. Запалија неколку куќи. Слушнавме повици: "О Боже, тато, тато! и сл." По планината бегаа селани, војниците стрелаа по нив. По малку време огинот (стрелањето) се засили а потоа видовме како ги гореа македонските куќи".

7. Од Лагадинско. – Големото село **Зарово, Лагадинско** (имало скоро 2000 жители) исто така е уништено за време на Втората балканска војна; запалено е на 21 јуни, после судирот меѓу грчките и бугарските војски (непосредно до селото). Ќе го пренесеме доживувањето на **Лисавета Сучева** од истото село, која со солзи на очите му го раскажала на Милетиќ следново: "Имам четири деца: **Вангел** 4 години, **Петре** 12 год., **Рајна** 10 год. и **Кирана**, двомесечна. Мажот ми со поголемите деца беше побегнал пред тоа, пред мене. Јас бегав со помалите деца, поголемото (четири годишното) го носев на грбот, а другото, девојчето го држев в раце. Така одевме до Демир Хисар. По некое време слушнав: "Брзо бегајте, грчки

коњаници (доаѓаат)!" Се спушти народот да бега кој колку може, и на каде му гледаат очите. Јас за да го спасам големото дете, малото, девојчето го оставив покрај реката". Таква е тажната приказна, раскажана низ солзи од мајка која си го жртвувала детето и на тој начин длабоко ѝ е повредено најсветото чуство кај жената – мајчинството. Настанот се одиграл на 21 јуни.

За погромот што македонското население од југоисточниот дел го истрпел за време на Втората балканска војна може да се пишува уште многу, сепак оставајќи го тоа на историчарите, ние ќе завршиме цитирајќи некои извадоци од писма на грчки војници (адресирани до нивните родители и блиски), заробени во Разлог, во кои избликува сета разјареност и отчовеченост на грчкиот војник во односнава војна, што секако не е случајно, туку (несомнено) е резултат на "перење на мозокот" од огромна пропагандна машинерија. Извадоците од писмата се цитирани според споменатата книга на Милетиќ, објавена во Софија непосредно по војната (1913): *"Таква е наредбата: да ги опожаруваме селата, да ги убиваме младите"... "Тоа што сега ние го правиме, не се случувало никогаш по Исус Христос: елинската армија ги пали сите бугарски села, и убива сé што ќе сретне"... "Ми дадоа 16 заробеници, за да ги предадам на дивизијата, а јас доведов само двајца; другите "ги изеде темницата" – ги убив* (грчките војници македонското население го прикажуваат како бугарско).

0.8. Македонските долновардарски населби на запад од Вардар. – Оваа регија, или барем дел од неа исто така настрада во Балканските војни, но демографскиот лик основно беше сменет во присилните преселби на Македонците, најмногу во третата деценија од нашиов век (1922-1928г.) и потоа за време Граѓанската војна во Грција, кога голем број бегалци се раштркаа низ Европа, особено во источна, но и во прекуокеанските земји. Податоците се позајмени главно од Т. Симовски. Ќе започнеме со **Воденска** околија.

Селото **Котугери** се наоѓа на 8 км. јужно од Воден. До 1924 г. тоа претставувало чисто македонска населба. На крајот на минатиот, односно на почетокот од нашиов век (според К'нчов) тоа се споменува со 60 жители, според пописот од 1913 (по Балканските војни) бројот се намалил на 44, а во 1920 бројот е уште помал – се споменуваат 18 македонски жители. Во 1924 год. Македонците го напуштиле родното село, бидејќи биле доведени доселеници, "на тој начин Котугери стана чисто грчка населба".

Во подножјето на планината Каракамен, на западната страна се простира селото **Горно Граматиково**, "во минатото тоа претставувало чисто македонска населба, напуштена во немирните години. Селото го обновиле сточари Власи, дојдени од Епир, чие занимање било исклучиво сточарството". Според пописот од 1913 г. тоа се води со 549 жители, а во 1920 со 454. Селото, како планинско, било оп-

фатено од партизанското движење, односно од виорот на Граѓанската војна во Грција и комплетно настрадало.

Ново Село. – Селото е лоцирано покрај пругата Солун – Воден. Според податоците забележани во почетокот на векот (од К'нчов) селото броело 90 македонски жители, по Балканските војни нивниот број се намалил на 36 жители (според пописот од 1913 г.). До 1924 год. селото претставувало чисто македонска населба кога овде биле доселени семејства од Понд и Тракија. Ново Село поради тоа во 1928 год. порастнало на 136 жители, а во 1940 на 208 од кои бројот на Македонците е помал од оној на дојденците.

Во близина на Воден, само на 7 км. оддалеченост, покрај патот Солун – Воден се наоѓа богатото село **Оризари**. Во почетокот на веков, според К'нчов, селото имало 210 македонски жители и 90 христијани Роми, Според пописот по Балканските војни селото се намалило на 148 жители – (1913). Сепак во 1924 год. селото Оризари претставувало чисто македонска населба, чиј етнички состав тогаш (1924 г.) се менува со тоа што биле доселени семејства од Понд. Бројот на доселениците во 1940 бил скоро два пати поголем во однос на македонското население: 500 Грци, наспрема 253 Македонци, иако, како што рековме пред тоа била чисто македонска населба.

Во подножјето на Кајмакчалан, на југозападната страна се наоѓало селото **Патечина**, коешто комплетно настрадало за време на Граѓанската војна и повеќе не се обновило. "Во подалечното минато претставувало чисто македонска населба, која била напуштена во немирните години. Подоцна тука се населиле влашки сточарски семејства дојдени од Епир". К'нчов го споменува како македонска населба (почетокот на векот), а според пописот од 1913 во него се регистрирани 216 жители.

Северно од гр. Воден, на три километри од патот Воден – С'ботско, во подножјето на планината се наоѓа селото **Почеп**. Селото отсекогаш претставувало чисто македонска населба. К'нчов (од почетокот на веков) го споменува со 200 жители, а по Балканските војни (според пописот од 1913) бројот се намалил на 148. Како и во повеќе села во Воденско, така и во Почеп во текот на 1924 год. демогафската слика се менува со доселување нови семејства, така што Почеп станало мешана населба.

Селото **Ризово** се наоѓа јужно од гратчето Вртикоп. Во непосредна близина проаѓа патот од Негуш за Вртикоп. Во почетокот на веков броело 180 жители (К'нчов), според пописот од 1913 се води со 200 Македонци, фактички до 1924 год. Ризово претставувало чисто македонска населба; тогаш од Понд се населуваат нови жители со што се менува етничката слика на селото, односно тоа станало мешана населба. Според пописот од 1940 бројот на грчкото

население се зголемил скоро двојно повеќе отколку македонското (од 640 вкупно, има регистрирано 400 Грци, и 240 Македонци).

0.9. Демографските промени што ја опфатиле **Еницевардарска околија** (особено по Граѓанската војна во Грција) ќе ги илустрираме со неколку одбрани случаи.

Селото **Алар** се наоѓа источно од Енице Вардар – на неколку километри и административно припаѓало кон еницевардарска општина. Во минатото, до 1924 Алар претставувало чисто македонска населба. К'нчов споменува 160 жители, во 1913 се води со намален број – 146, во 1920 со 195 жители. Етничката слика на селото Алар во текот на 1924 била комплетно изменета бидејќи македонското население било прогонето во Бугарија, а на нивно место доведени грчки преселници.

На исток од Енице Вардар и во близина на с. Куфалово, покрај реката Вардар се наоѓа селото **Бозец**. До 1924 год. тоа претставувало чисто македонска населба, којашто во почетокот на векот броела 656 жители. По Балканските војни се регистрирани нешто над 700, а во 1920 над 900 жители. Ова слика глобално се менува 1924 год. кога македонското население насилно е иселено во Бугарија (над 700), сместени во Црноморието, а на нивно место се доведени преселници од Понд и Источна Тракија (над 1000 луѓе). Бројот на Грците се зголемил на 75%, додека на Македонците се намалил на 25%.

В'дришта. – Во минатото, до 1924 год. селото претставувало чисто македонска населба. Во почетокот на веков е регистрирана со 800 жители. По Балканските војни бројот се намалил на 337 жители. Во текот на 1924 г. скоро 400 Македонци насилно биле преселени во Бугарија, а на нивно место се доселиле голем број грчки семејства од Понд. Бројот на доселениците изнесувал дури 700 со што во многу се изменила етничката слика на с. В'дришта.

Дамјан. – На мала оддалеченост, само на 5 км. североисточно од Енице Вардар се наоѓа селото Дамјан, коешто (поради близината) припаѓа административно кон Енице Вардар. Селото било чисто македонско, во почетокот на веков броело 90 жители, според пописот по Балканските војни се води со 115. Македонскиот карактер на населбата се задржал сé до 1924 год., кога скоро целото село, со исклучок на 2-3 семејства, насилно било преселено во Бугарија. На нивно место дошле доселеници од Мала Азија и Понд.

Кониково. – Македонското село Кониково се наоѓа североисточно од Енице Вардар, а административно припаѓа кон општината Бозец. Етничкиот карактер на населбата насилно бил изменет 1924 год. кога целокупното население насилно било преселено во Бугарија, а на негово место дошле преселници од Грција. Македонското население во 1920 год. изнесувало 126 жители, додека

бројот на грчките доселеници во 1928 год. бил три пати поголем – 363.

0.10. Судбината на македонското население во **Мегленско** во многу нешто потсетува на досега кажаното за Македонците во Воденско и Енице Вардарско – населби што се наоѓаат на запад од Вардар.

Горно Радиво. – Споменатово македонско село престана да постои за време на Граѓанската војна во Грција. Тоа е (беше) расположено на падините на Кајмакчалан, на источната страна. Во почетокот на веков (според К'нчов) селото се води со 200 жители, додека во пописот по Балканските војни (1913) селото не се споменува. Во 1947 год., како резултат на Граѓанската војна селото Горно Радиво, како што споменавме, беше разурнато, а населението побарало спас во тогавашна Југославија.

Долно Црнешево. – Чисто македонско село до 1924, иако населението било со исламска вероисповест. Имено, во немирните години, кога егзистенцијата им била загрозена, поради безбедност на своите семејства и имоти, тие си ја промениле верата и станале муслимани. К'нчов го споменува селото со население македонски муслимани (во почетокот на векот) со 580 жители. Во 1913 се води (заедно со селото Горно Црнешево) со 1.075 жители. 1924 год. населението, по силата на Лозанската конвенција, поради вероисповеста, морало да се пресели во Турција, иако биле Македонци. На местото на Македонците биле доселени грчки семејства од Понд. За време на Граѓанската војна селото повторно настрадало така што во 1951 се води со 114 жители.

Во Мегленско среќаваме и други македонски села чие население има муслиманска вероисповест. Како што споменавме, се работи за одбранбен механизам: тие луѓе, за да си ги зачуваат семејствата и имотите се одлучиле на една непопуларна мерка – да си ја променат верата. Уште една илустрација за ова ќе покажеме со селото **Драгоманци.** Се наоѓа на патот С'ботско – Воден, на 15 км. оддалечено од Воден. Тоа е големо село и административно претставува општина. Во минатото, во немирни и "матни" години голем број од населението си ја заменило својата христијанска вероисповест со муслиманска. Во почетокот на векот (според К'нчов) односот меѓу христијаните и муслиманите во Драгоманци бил 200 наспрема 1000. Во 1924 год. жителите – муслимани морале да се иселат во Турција, а на нивно место дошле преселници од Понд и Тракија, така што ова населба станала "чисто грчка".

Зборско. – Голема македонска населба, во пазувите на Кожув планина. Во почетокот на векот селото имало 800 жители (според К'нчов), 1913 се води со 1200 жители. За време на Првата светска војна, поточно 1916 год. селото наполно настрадало, наоѓајќи се на борбената линија на фронтот. По завршувањето на војната и

нормализација на ситуацијата дел од населението се вратило, така што во пописот од 1940 год. тоа се води со 292 жители. За жал, за време на Граѓанската војна во Грција селото Зборско било наполно уништено, поради што во пописот од 1951 тоа не фигурира меѓу населбите.

0.11. Селата од **Кожанска околија** (Кајларско) ги третираме како гранични (кон запад) за регијата што ја истражуваме.

Селото **Ранци** се наоѓа во подножјето на планината Каракамен, на југозападната страна. Тоа е големо македонско село и претставува административно општинско место во Кајларска околија. Ранци е меѓу ретките села во тој дел од Македонија, коишто и покрај неповолните историски околности, често проткаени со насилство, сепак си ја задржале многу добро македонската национална физиономија. Одамна, уште 1822 год. Ранци настрадало за време на Негушкото востание, повторно настрада кон крајот на Втората светска војна, 1944 год., од германските војски што се повлекуваа но и од грчките колаборационисти (Симовски), освен тоа по трет пат настрада за време на Граѓанската војна. Впрочем тоа јасно излегува и од бројките од административните пописи на населението, така според пописот од 1913 селото Ранци се води со 1164 жители, 1928 со 1225, а 1940 селото нараснало до 1735 жители, но споменатите настани од 1944 како и од Граѓанската војна условиле голем пад на населението, така што според пописот од 1961 год. тоа се води само со 667 жители (Симовски).

0.12. За хетерогениот состав на населението во Долновардарско, како што видовме најмногу придонесле Балканските војни, Граѓанската војна во Грција, односно принудните преселби на македонското население, но факт е дека и пред нив (пред споменативе настани), во немал број од овие регии населението било мешано. Да конкретизираме: во тој дел од Македонија има голем број градски населби во кои турскиот елемент бил особено присутен. Тој елемент, бидејќи ја претставувал државата и власта, успеал да се наложи на различни начини (се разбира вклучувајќи го и јазикот), За илустрација да го споменеме Солун (од крајот на минатиот, односно почетокот на нашиов век – според податоците од споменатава статистика на К'нчов) – таму турското присуство било особено изразено – наспрема 10.000 Македонци (христијани) имало 26.000 Турци (значи два и пол пати повеќе), Грци имало 16.000 и 55.000 Евреи. Во пошироката околина, во солунска каза, во 98 населени места (градот и селата во областите Вардарија и Урумлук), присуството на македонското население било нешто поизразено: наспрема 31978 Турци имало 27164 Македонци, христијани и 30671 Грци. Освен тоа треба да додадеме дека во овие краишта почнало да се слуша турски уште во предосманлискиот период. Имено, првите упаѓања на Турци се споменуваат уште во XI век, кога

византиски државници насилно доселиле Турци од Мала Азија во Вардарската долина (и во Одринско). Вардарски Турци се споменуваат во II хрисовул што византискиот император му го дал на охридскиот архиепископ Јоан во 1020 година[4]. Големата бројка на Евреи во Солун не била типична за пошироката околина и оттаму ја класираме за ирелевантна, но во повеќе рамничарски населби турскиот елемент го истиснал македонскиот, така во Дојранска каза (79 населени места) имало 9618 Македонци (христијани), 1270 Македонци (муслимани) па дури 17429 Турци. Во градот Дојран наспрема 4000 Македонци има регистрирано 2300 Турци.

ДОЛНОВАРДАРСКИТЕ И ДРУГИТЕ МАКЕДОНСКИ ГОВОРИ

1.1. Споменативе македонски југоисточни говори, оние што се простираат во егејскиот дел јужно од линијата одредена со планините Беласица – Кожув – Ниџе и на југ сé до Солунскиот Залив, претставуваат вистинска јазична лабораторија. Во оваа група ги вклучуваме главно говорите од егејскиот дел: кукушкиот, воденскиот, солунскиот, еницевардарскиот, на запад како граничен кајларскиот, а на исток (пак како граничен) серскиот, додека од Република Македонија ги вклучуваме само говорите во Гевгелиско и Дојранско. Искажаното мислење за квалификацијата јазична лабораторија се потврдува со фактот дека односниве говори зафаќаат крајно периферна позиција, не само за македонскиот, туку и воопшто за словенскиот јазичен свет. Оттаму тие претставуваат перманентен интерес за славистите, почнувајќи уште од крајот на првата половина на минатиот век, кога се појави книгата на рускиот

[4] П. Хр. Илиевски – К. Пеев, Необична иновација во долновардарските говори, "Македонски јазик" XXIV, Скопје, 1983, с. 108.

проф. В. И. Григорович "Очерки путошествия по Европейской Турции" и трае сé до најново време[5].

---

[5] V. Oblak, *Macedonische Studien, Die slavische Dialecte des südlichsten und nordwestlichen Macedoniens*, Wien 1896; Д. Мирчевъ, *Бѣлѣжки по кукушко - воденския говоръ*,СбНУНК, XVIII, 1901, с. 426-470; Л. Милетичъ, *Къмъ особеноститѣ на гевгелийския говоръ*, Мак Пр, VIII, 1932, кн. 2, с. 51-72; Д. Ивановъ, *Гевгелийския говоръ*, София, 1932, с. 130; Ст. Романски, *Долновардарскиятъ говоръ*, Мак Пр, VIII, 1932, кн. 1, с. 99-150; P. Lavrov a J. Polívka, *Lidové povídky jihomakedonské z rukopisů St. Verkovičových*. V Praze, 1932, s. IV-596; Г. П. Христовъ, *По-забележителни особености на кукушко-дойранския говоръ*, МакПр, X, 1936, кн. 1-2, с. 104-106 ; A. Mazon et A. Vaillant, *L;évangéliaire de Kulakia un parler slave du Bas - Vardar*, Paris 1938; M. Małecki, *Dwie gwary macedońskie (Suche i Wysoka w Sołuńskiem), I, Teksty*, Kraków 1934; *II Słownik*, Kraków 1936; В. Думевъ, *Воденскиятъ говоръ*, МакПр, XIII, 1943, кн. 3, с. 8-42, кн. 4, с. 26-88; Зб. Голомб, *Два македонски говора (на Сухо и Висока во Солунско)*, Македонски јазик, Скопје, XI-XII, кн. 1-2, с. 113-182, XIII-XIV, кн. 1-2, с. 173-276; Д. Сакъов, *Принос към речника на кукушкият говор*, Българска диалектология, 3, София 1967; Д. Угриновски, *Збирка на народни обичаи од Ениševардарско* (машинопис), К. Шапкарев, *Избрани дела*, 5, Скопје 1976; J. Иванов, *Български преселнически говори*, Българска диалектология, 9, София 1977; W. Budziszewska, *Słownik bałkanizmów w dialektach Macedonii Egejskiej*, Warszawa 1983; Т. Бицевски, *Македонски народни песни од Мегленско*, Македонско народно творештво, 6, Скопје 1985; *Македонски народни песни од Воденско*, Македонско народно творештво, 8, *Македонски народни песни од Серско и Демирхисарско*, Македонско народно творештво, 13, Скопје 1997; Скопје 1989; *Македонски народни песни од Кукушко*, Македонско народно творештво, 9, Скопје 1989; В. Дрвошанов, *Кајларскиот говор*, Скопје, 1991; Ст. Бојковска, *Дијалектни текстови од Мегленско*, Македонистика, бр. 5, Скопје, 1992; М. Карамфиловски, *Ениševардарскиот говор*, докторска дисертација, машинопис, Скопје]; С. Давкова, *Лексиката на говорот на с. Чифлиник* (Демирхисарско), магистерска дисертација, машинопис, Скопје 1997; Веселинка Лаброска, *Говорот на с. Кула* (Серско); Б. Видоески, *Говорот на селата Плевна и Горно Броди, Драмско*, МАНУ, Прилози 17]2, Скопје 1994;, Скопје 1997; К. Пеев, *Дојранскиот говор*, Македонистика, 2, 1979, *За некои посебности во конгруенцијата и категоријата род во југоисточните македонски говори*, Предавања на XVII семинар за македонски јазик,литература и култура, 1984, с. 65-77; *Лексички особености на југоисточните македонски говори*, Предавања на XIX семинар за македонски јазик, литература и култура, 1986, с. 89-97; *Редукцијата како фактор во разграничувањето на југоисточните македонски говори*, Зборник на Филолошкиот факултет Скопје 1986[87, с. 342-358; *За комплетивните реченици во јужните македонски говори*, Предавања на XX семинар за македонски јазик, литература и култура, 1987, с. 27-33; *Реликти во прозодискиот систем на југоисточните македонски говори од кукушко-дојранското подрачје*, Studia lingwistica Polono - Jugoslavica, 5, МАНУ, Skopje 1987, s. 101-108; Кукушкиот говор, кн. 1, 1987, с. 1-351, кн. 2, 1988, с. 1-360; *За заменскиот систем во јужните македонски говори*, Јазичните појави во Битола и Битолско денеска и во минатото, МАНУ, Скопје 1988, с. 113-126 ; *Измени на категоријата род како резултат на меѓујазичните контакти (врз материјали од југоисточните македонски говори)* , Зборник на реферати од X меѓународен славистички конгрес, 1988, с. 63-73; *За една морфонолошка посебност на југоисточните македонски говори анализирана и од полски слависти*, Славистички студии, Скопје 1989, с. 95-105; *Изместена семантика кај службените зборови во југоисточните македонски дијалекти во контекстот на меѓујазичните контакти*, Реферати на македонските слависти за X меѓународен славистички конгрес во

1.2. Анализата на материјалот што го обработуваме ја потврди тезата за богатството на различности што ги нудат периферните говори, условени особено од контактот со јазици од подруга генеза и типологија. Овие контакти, односно споменатава периферна позиција, условиле и појава на јазична интерференција, бидејќи македонскиот говорител како објект во еден сложен дијалектен јазол, каде што се преплетуваат повеќе влијанија од различни јазици, најмногу од турскиот, но исто така и од ароманскиот и од грчкиот, престанал да биде во можност да ги држи одделно посебностите на двата или трите јазика (доколку бил трилингвален). На тој начин тие говори ни се претставуваат како типични за балканската јазична унија, најмногу како резултат на условите создадени од демографските околности карактеристични за овие области. Ваквата етнолингвистичка ситуација овозможила да се стигне до многу понапреднати процеси во смисла на отстапување од словенската структура на јазикот. Споменативе отстапувања како сигнали за "балканизација" или "десловенизација" досега се третираа како специфичност на западното македонско наречје со што (меѓу другото) му се спротивставуваше на источното. Откривајќи го нивното присуство во долновардарските дијалекти (при истражувањата вршени последниве децении) во многу нешто се измени "картата на балканизмите" во јужнословенската регија. Заслужува да се истакне дека во таа карта (на теренот на Долновардарско) освен општопознатите балканизми (пр. присуството на конјугацијата од помошниот глагол *има (нема) + гл. придавка,* употреба на предлогот *од* со граматичка функција – за изразување на посвојност, непосредно прибавување на дополнението за место кон прирокот, прашални реченици оформени без партикулата *ли* и др.[6], се јавуваат и др. посебности коишто уште повеќе ги блокираат механизмите и граматичките категории од словенската јазична основа.

1.3. Веќе рековме дека говорите по долниот тек на реката Вардар одамна, уште од втората половина на минатиот век го привлекле вниманието на славистите. Овој интерес, во прв момент бил предизвикан несомнено од потребата во односниве говори да се побараат основите на старословенскиот јазик, во татковината на Кирил и Методиј, и така да се потврди (или отфрли) Македонската теорија на Ватрослав Јагиќ. По своето значење, а и хронолошки на прво место треба да се споменат "Македонските студии" од В. Облак. Во овие студии авторот, покрај другото го разгледува говорот на солунските села Сухо, Ново Село, Градобор, Бугариево, Ватилак и Вардаровци. Истражувањата на Облак ги проширивме со нови

Братислава, 1993; *Традицијата продолжува* (повод: "Синтакса на македонските дијалекти во Егејска македонија") , Годишен зборник на Филолошкиот факултет, книга 23, Скопје 1997.

[6] Бл. Конески, *Историја на македонскиот јазик,* Скопје, 1967, с. 118.

материјали што ги собравме со анкетирање на преселници, бегалци од с. Градобор и со ексцерпција од објавени биографски белешки од с. Ватилак, овие резултати ги објавивме во Љубљана, во Зборник посветен на Облак[7].

Редоследно на второ место доаѓа студијата за кукушко-воденскиот говор од Д. Мирчев, што се појави само неколку години по "Македонските студии" на Облак. Овој труд е работен, главно, врз објавени материјали.

1.4. Меѓу најзначајните истражувачи на долновардарските говори треба да се спомене полскиот славист М. Малецки, којшто во триесеттите години доаѓа (на два пати) во Солунско, и во реонот на Богданско, поточно во селата Сухо и Висока врши дијалектни истражувања. Резултатите од споменативе дијалектолошки екскурзии, (коишто, да споменеме, биле многу напорни) во најјужните периферни точки од словенскиот свет Малецки ги објавил (во Краков) во две книги, текстови и речник, а прераната смрт го попречила да ја приготви и планираната трета книга – граматика на говорот, што во поново време ја изработи неговиот студент Зб. Голомб, се разбира користејќи се со веќе објавените материјали на Малецки. Давајќи оценка за споменативе трудови Б. Видоески ќе истакне: "Во одзивите и оценката на двете книги на Малецки со право се истакнува неговата способност да ги улови и најсуптилните нијанси на артикулацијата на гласовите. Неговите записи се апсолутно комплетни и само како такви можеле на Голомба да му послужат за неговиот извонреден опис на дијалектот[8]. Сепак ова се однесува до суптилното бележење на фонетските специфичности, што резултираат од неговата лингвистичка подготвеност и упорност во истражувањата, но од др. страна поради недоволната компетентност на истражувач што пишува за јазик што не му е роден, во лексиката му се имаат поткраднато некои несоодветства во толкувањата на одделни речнички единици, за илустрација да споменеме: **аралак** е даден со значење на 'балкон', а **банда** со: 'везена (односно ткаена) слика што се става како украс на ѕид' (поопширно за ова в. во Речникот, кај соодветните заглавни зборови).

1.5. Во споменатава временска секвенца доаѓа и чешкото издание на фолклорни материјали од југоисточна Македонија, чиешто собирање го организирал Ст. Верковиќ. Зборникот (со над 500 страници) го објави Чешката академија на науките и уметностите во Прага, а го имаат приготвено П. Лавров и Ј. Поливка. Оваа обемна

---

[7] К. Пеев, *Прилог кон дијалектната слика на македонските села Ватилак и Градобор (Солунско) дадена од В. Облак*, Univerza v Ljubljani, Filozofska fakulteta, ``OBDOBJA``_ 17 (Vatroslav Oblak).

[8] Б. Видоески, *Мјечислав Малецки како славист и испитувач на македонските дијалекти*, МАНУ, Скопје, 1977.

збирка ни послужи како еден од најважните извори во оформувањето на корпусот врз кој се создаваше речникот, освен тоа таа дава драгоцени податоци за контурната слика на југоисточните македонски говори, за што секако придонесува и опширната студија "Опис на говорот што претставува дијалектна база на зборникот на Верковиќ", пишувана од П. Лавров, којшто меѓу другото му бил проф. на К. П. Мисирков, кога студирал во Русија и ги усмерувал неговите активности. Значењето на оваа книга за македонската дијалектолошка наука ќе беше уште поголемо ако материјалите беа покомплетно лоцирани.

Ст. Романски на страниците на списанието "Македонски преглед" во Софија се јавува со монографски опис на долновардарските говори, што го приготвил, главно, врз материјалите од Ст. Верковиќ, од архиви и библиотеки. Авторот со право во монографскиот опис најголем дел ѝ посветил на фонетиката, поспецијално на редукцијата, бидејќи на тој план долновардарските говори презентираат најмногу локални специфичности.

1.6. Гевгелискиот говор го зафаќа северниот дел од Долновардарско. На овој говор се навраќаат двајца автори: Д. Иванов и Љ. Милетиќ. Првиот се јавува со одделна книга, а вториот со статија во списанието "Македонски преглед" ; на страниците на споменатово списание се објави и Г. П. Христов со статија во која ги разгледува паралелно кукушкиот и дојранскиот говор.

Подоцна за една деценија од излегувањето на последниве споменати работи, во четириесеттите години В. Думев објавил студија за воденскиот говор. Авторот низ контрастивен метод го одредува местото на воденскиот говор, во склопот на останатите долновардарски говори, но исто така содржи дијалектни текстови погодни за ексцерпција на речничка граѓа.

Кукушкиот говор, како централен во Долновардарско, беше предмет на докторска дисертација на К. Пеев. Резултати од односниве истражувања беа објавени во двотомна моногафија. Овој монографски опис ни послужи како еден од главните извори во оформувањето на картотеката за речникот. Лексичкото богатство на вториот долновардарски говор во границите на Република Македонија - дојранскиот, го ексцерпиравме од монографија посветена на односниов дијалект од К. Пеев.

1.7. Споменативе моменти: периферниот карактер на долновардарските говори, односно жалосната судбина на Македонците од оваа регија – во голем дел прогонети и раштркани по светот, како и свеста дека се работи за краен момент кога постојат какви – такви, но сигурно последни можности да се претстави и зачува овој дијалектен свет, наложија по ослободувањето, преку анкетирање на бегалци од оваа регија, да се прошири одамна пројавениот интерес за проучување на југоисточните македонски говори.

За таа цел, прв пат во услови на наша, македонска државност, се пристапи кон организирано собирање на дијалектен материјал од Егејска Македонија. Преку одредени теми и проекти, оваа дејност со која раководеше акад. Божидар Видоески, се одвива, главно во Македонската академија на науките и уметностите и во Институтот за македонски јазик. Во планираните активности да ги споменеме и магистерските работи посветени на овие говори (некои од нив веќе се објавени): Кајларскиот говор од В. Дрвошанов, Ениџевардарскиот говор од М. Каранфиловски, Мегленскиот говор од Стојка Бојковска – Максимовска, Говорот на с. Чифлик (Демир Хисарско) од Светлана Давкова и говорот на с. Кула (Демир Хисарско) од Веселинка Лабровска Во оваа работа сум ангажиран од поодамна, во почетокот за вршење анкети кај преселници од споменатава регија, според одредени прашалници, за потребите на Македонскиот дијалектен атлас и меѓународните проекти Општокарпатски дијалектен атлас, Општословенски лингвистички атлас и Европски лингвистички атлас. Ги имам истражувано говорите во Драмско (пунктови Плевна и Старчишта), Серско (пунктови Секавец и Савек), Солунско (пункт Градобор), Воденско (пункт Кронцелево), Ениџе-Вардарско (пункт Гуменца), Кајларско (пункт Тремно), Гевгелиско (пунктови Стојаково, Кајнско и Пирава), Дојранско (пунктови Патарос, Фурка и Николич), Кукушко (пунктови Крецово, Мотулово и Амбар Ќој). Сепак квестионарите и за Македонскиот и за Општословенскиот лингвистички атлас и др. си имаат поставено свои специфични задачи – изработка на соодветни дијалектни атласи, та оттаму теренските записи од односниве населби иако даваат извесна лексичка граѓа не можат да ги покријат потребите што ги налага изработката на еден поголем, да не речам комплетен дијалетен речник. За таа цел приготвив еден вид пробен прашалник за прибирање на лексичка граѓа и со него имам извршено анкетирање во повеќе пунктови, да споменам неколку кукушки села: Грамадна, Морарци, Крецово и делумно во Алексово и Беглерија.

1.8. Веќе истакнавме дека југоисточните говори спаѓаат меѓу оние македонски говори што се најшироко истражувани и за кои има најмногу пишувано, сепак треба да истакнеме дека во повеќето работи (што веќе во глобала беа истакнати) лексичкиот дел е исклучително малку застапен – преку примерите што илустрираат морфонолошки, акцентски или синтаксички специфичности. Исклучок прави речничкиот прилог за кукушкиот говор од Д. Саќов, за кој сепак не ноже да се каже дека е богат, нешто покорисна (се разбира и порепрезентативна) е монографијата од М. Малецки, во која има и одделен речник на говорот од солунските села Сухо и Висока со околу 4300 заглавни единици. Оттаму обидот што го правиме да се презентира речничкото богатство на овие говори го сметаме за крајно неопходен, дотолку повеќе што голем дел од

нив, поради познатите историски околности се наоѓаат во фаза на полна загуба, каков што е случајот, да речеме, со кукушкиот говор.

1.9. При формирањето на картотеката за речникот се послуживме со споменатите теренски материјали што ги запишавме при анкетирањето на бегалци од оваа регија, натаму со објавените студии и материјали назначени во фуснота 4. Иако работиме повеќе од 2 децении, работата не е комплетно завршена и треба да продолжи, но таа (работата) сепак е толку напредната што ни овозможува да го објавиме првиот том, од првите 5 букви (А до Д). Во пропратниот уводен дел ќе биде претставена проекцијата на забележливите специфичности на лексичкиот материјал (видови дијалектизми, лексички пластови, присуство на туѓи, позајмени единици, посебности во фразеологизмите), освен тоа, во поговорот ќе се потрудиме да презентираме и одделни (избрани) граматички прашања, бидејќи се работи за една периферна регија во која (како што беше истакнато) словенскиот карактер на граматичката структура е крајно редуциран за сметка на посебностите појавени под влијание од балканската јазична алијанса, така во одделот фонологија ќе ги претставиме механизмите на редукцијата, на морфолошки план ќе бидат разгледани посебностите: нивелирање на падежните остатоци кај заменките и губењето на родовата опозиција, на планот на синтаксата ќе се задржиме на извесни (малку познати) архаични специфичности – употреба на сврзникот *да* во декларативна - интенсионална служба, присуство на сврзниците *али* и *него(ли)* со адверсативно значење и др. Овие граматички проблеми се обидовме да ги претставиме и објасниме, со надеж дека ќе значат придонес не само за македонската дијалектологија, туку и за историјата на јазикот, но исто така со уверување дека многу посебности во лексичката граѓа би останале нејасни, да не речам неприфатливи за читателот, доколку не биде запознат со споменативе граматички феномени.

ПОГЛЕД НА ЛЕКСИЧКИОТ СОСТАВ. – ВИДОВИ ДИЈАЛЕКТИЗМИ

2.1. Фонетски дијалектизми. – Долновардарските говори се одликуваат со многу силен експираторен акцент што условил редукција на вокалите, односно премин на ниските, неакцентирани вокали во своите високи корелати (за ова ќе зборуваме понатаму). Спомнатава фонетска специфичност, комбинирана со елизија на гласовите привидно ја зголемуваат разновидноста на дијалектната лексика, во однос на литературната, односно двете фонетски појави: *редукција* и *елизија* (присутни во овие говори) ја нагризуваат формата на лексемите и создаваат лажна претстава за бројот на дијалектизмите во југоисточните (или долновардарски) македонски говори. Сп. **бра́јчка** (< брадичка – dem. од брада, по губењето на интервокалното *д* и десилабизацијата на *и* во *ј*); **за́јно** (< заедно); **изи́ќут** (< езикот = јазикот); **ја́гујте** (< јагодите – по редукцијата на *о* > *у* и губењето на интервокалното *д*); **о́нка** (< вонка = надвор, по губењето на иницијалното *в*); **кла́јнц** (< кладенец = извор, по губењето на интервокалното *д* и скратувањето на *е* преку *и* во *ј*); **но́јчки** (< нозички – dem., pl од нога, по губењето на интервокалното *г* (*з*) и промената на *и* во *ј*); **о́чки** (< очички = очиња, dem., pl од око); **о́фчка** (< овцичка, dem. од овца); **пи́:виц** (< пијавец = вид растение, расте во житото, ако не се исчисти, лебот од такво жито опијанува); **пла́јна** (< пладнина, по губењето на *д*, и измената на *и* во ј); **руве́л** (< револвер, огнено оружје); сп. уште: **н'о́о пурдде́** (< ни го продаде, по губењето на *г* и редукција на *о* > *у* (и метатеза); **ин-дру́ќ** (< еден друг, по скратувањето на 'еден' во *ин* – со редукција *е* > *и*); **мо:-дде́х** (< му го (ја) дадов, по итегрирањето на заменските форми *му+го* во *мо:*); **ка́-ц о́јш ?** (< како ќе си одиш?, по стегањето на 'како' во *ка*, уште на партикулата 'ќе' и заменката 'си' во *ци*). Од примериве јасно излегува дека во овие говори голем број зборoформи, односно синтагми од партикули + кратки заменски форми (и други различни комбинации), опфатени од споменативе фонетски промени се толку изменети и наштрбени што изгледаат непознати и неразбирливи.

2.2 Зборообразувачки дијалектизми. – Сериозен интерес во смисла на дијалектно диференцирање побудуваат зборообразувачките посебности што од стандардните соодветства се разликуваат само по некој од зборообразувачките, афиксни елементи.

Во прв момент, иако со помал број на регистрирани примери, ќе ги разгледаме оние лексеми (дијалектни) што се јавуваат со суфиксален, зборообразувачки елемент и со тоа им се спротивставуваат на соодветните лексеми во литературниот исказ, што ги среќаваме без соодветен формант, пр. **го́лин** наместо 'гол', **бул'а́ва**

'бол', **рујáк** 'рој', **свăтúна** 'сват', **цăрвук** 'црв', но има и обратни случаи (пр. **плак** 'плачење'). И едните и другите се јавуваат како обележје на одредена регија, односно имаат третман на дијалектни квалификатори.

Забележлива е честата употреба на суфиксот *-(л')ав* кај придавките што означуваат качество присутно во основата: **витрилʼáф** 'ветровит', **дуждулʼáва (гудúна)** 'дождовна', **мăглилʼáф** 'маглив', **буцкилʼáф (тéлʼ)** 'жица (тел) што боцка', **дамкилʼáф** 'шарен во лицето (со дамки)', **пăртилʼáф** 'испокинат, со партали', **вушкилʼáф** 'оној што има вошки', **кăфијáф** 'со кафена боја, кафен', **гурчулʼáф** 'со горчлив вкус, горок', **прекнилʼáф** 'човек со **прекни** = дамки на лицето'.

Варијантата од овој суфикс *-ав*, проширен во *-(н)ик-ав* на придавката ѝ дава значење на умалителност (Бл. Конески, Граматика, 316) на особеноста на која се однесува, пр. **зилʼникáф** (означува дека зелената боја не е многу изразена), исто **жăлтиникáф**.

Во случаите кога акцентот не паѓа на суфиксот *-ав* тој се помешал со суфксот *-ов* и со редукција поминал во *-ув:* **шýгуф** (< шугав, преку шугов – тој што има болест шуга), **сéдуф** (и **сéдăф**) 'тој што има обелена коса', **пúпуф** (и **пúпăф**) 'се кажува за оној што не е вешт', **фтирнúчуф** 'тој што сака секогаш да биде по негово', **прúчуф** 'нетолерантен'. Сличен е резултатот и во споменатиот проширен суфикс *-никав* > *-никуф:* **билизнúкуф** 'нешто што има блага нијанса на бел', **цăрвинúкуф** 'не сосем црвен'; сп. и: **прăфăтнúчăф** 'тој што лесно, за ситници се лути'.

Вакво мешање на споменативе суфикси наведува и Ст. Романски од Долновардарско, но посочува и обратни примери, сп. **гăрбуф,** но: *попава брада, дрепава ѓупка, орловта сила* [Р,ДГ,134]. Ни се чини дека во последниве примери не се работи за наложување на суфиксот *-ав,* туку најверојатно имаме наслон на редуцираните наставки *-ăв, -ăве* (< -ов, -ове), пр. **нéгăв, нéгăва, стóлăве,** согласно со аргументот дека неакцентираните *а* и *ă* треба да се третираат како една фонема [Г,ДМГ,218].

2.3. Суфиксот *-ин* (добиен со редукција од *-ен*) е еден од почестите за образување на придавки: **брадéсин** 'небричен, брадат', **дăлгувéчин** 'тој што живее многу време' ~ *óни сúте сă-дăлгувéчни,* **бабунéсин** (= *пуддýјн ут-пúјне*), **далéчин** 1. 'орр. на близок, пр. *далéчно мéсто*'; 2. fig. *далéчин рудни́на* 'роднина од второ колено', **дрóбин (бусúлʼук)** 'босилек со ситни ливчиња'. Кон овој тип придавски образувања се приклучиле и оние со суфикс *-ан*, изведени од глаголи од *а*-група: **закóвин, испýкин.**

Продуктивноста на овој суфикс се потврдува и со примерите што одговараат на аналогните бессуфиксни образувања од нормативниот исказ, што пред малку ги спомнавме, пр. **гóлин** наместо 'гол', односно со проширување на суфиксните образувања – многу често кај имиња што означуваат професија: **касáпин** 'касап', **рибáрин**

'рибар', **измиќа́рин** 'измеќар', сп. и **лăжума́нин** 'лашко', **вăржа́лин** 'вражалец', **ле́пин** 'лепавец' (= трева што се лепи по облеката). Уште поуказателни се случаите кај односните придавки што обично се образувани со суфиксот *-ји,* којшто во Долновардарско е изместен од суфиксот *-ин,* односно проширен *-ински:* **ко́зино (мле́ко),** односно **ко́зишко, ко́зинцко,** исто и **кра́вичко,** односно **кра́винцко, ре́кинцка (ри́ба), гăскино (ме́со)** и сл.

2.4. Образување на форми за изразување на чувствени односи. – Од материјалите за речникот констатиравме дека во југоисточните говори постои една изразита сиромаштија како во бројот на наставките за аугментативни образувања, така и во нивната фреквентност. Најпродуктивната наставка за образување на именки од односниов тип во западното наречје – *-иште,* во долновардарските говори многу ретко се среќава, па дури и во називите на места во одредени региони е изместена од *-ина,* пр. во Кукушко местото од коешто е искосена тревата се вика **косени́на,** наместо 'косиште'. Сепак од Воденско Думев наведува: *жени́шче, баби́шче, дети́шче* [ДВ,52]. Во кукушкиот говор го забележивме само во примерите: **гла́виште** и **ра́чишта.**

-ок. – Оваа наставка во западните говори се јавува со деминутивно значење, сп. 'денчок', 'грашок' [Бл.К. Граматика, 290], додека во југоисточните говори се јавува и со аугментативно и со пејоративно значење, сп.: **мăжăтро́к** 'мажиште' ~ *це́л мăжăтро́к стăна́л,* **жăбăро́к** 'голема, крастава жаба', **кăшăро́к** 'каша' – со иронија кон јадење од лош квалитет, со негативен чувствен однос е и именката **бăбл'о́к** 'лошо бабиште', исто: **пуро́к** 'тој што се лути постојано и не му се погодува', **старчо́к** 'погрден израз за дедо', **пижо́к** 'погрдно обраќање за многу вообразен човек' ~ *сă-нăду́л кути пижо́к.* Со оваа наставка (се јавува и проширена) се образуваат имиња на повеќе домашни птици и животни (од м. род): **пăтăро́к** 'шатор', **мисиро́к** 'мисир', **мăрло́к** 'мачор', **пăрл'ок** 'машко магаре' [ПК,I,176]; сп. и **пăржло́к** 'полжав', **чесно́к** 'чесен лук.

2.5. Еве уште неколку зборообразувачки посебности од југоисточните македонски говори, во кои можат да се насетат извесни модели и типови: **бани́ло** 'бања' ~ *де́к сă-ба́ниш,* **бул'а́ва** 'бол', **бо́л'ка** 'болест' ~ *ло́ша бо́л'ка,* **бăбе́к** 'мало дете, бебе', **бăлта́к** 'вид секира – балтија', **бăлăша́т** 'белузлав, не чисто бел', **врапча́н** 'врабец', **врăскрăсница** 'место каде што се сечат патишта, раскрсница', **вуда́рник** 'место каде што стојат садовите, водник', **вудна́к** 'место каде што постојано извира вода, водоврик', **вујчи́на** 'вујна', **вăргăлăк** 'инсект јагорец, се вгнездува под кожата на добиците', **вăрбăна́к** 'место со врби, врбјак', **вăрва** 'јаженце, врвка', **гине́ш** 'погибел' (на месечината), **главу́чка** 'голема глава, главиште', **грăши́на** 'граор', **гру́да** 'парче земја, грутка', **грузда́к** 'плод од грозје, грозд', **гурни́ка** 'угорно место, угорница', **гуруцве́тка** 'цвеќе гороцвет', **гăрмута́вица**

'татон од небото, грмеж', **гăртл'áк** 'грклан', **дуждáрник** 'вид влекач, дождовник', **дуйлница** 'овца на која ѝ умрело јагнето и сега дои туѓо јагне' (во др. говори: дојница), **дулчи́нка** 'удолно место, удолница', **дăлýнка** и: **дăлкини́ца, дăлкути́на** 'цепнатинка од дрво, деланка', **жабýјник** 'жабарник', **жешкáва** 'жештина', **живáк** 'живец', **жăлтóк** (и: **жăлтини́ца**) 'жолтица' (болест), **зăбл'áн** 'човек со големи заби', **зăви́ук** 'завој, кривина на пат', **излăшка** 'лага', **играјáчка** 'играчка', **јăкăлăк** 'вид јака, без шпицеви', **кукушкáрник** 'заградено место за кокошки, кокошарник', **кóмар** 'комарец', **кóшăр** 'вид кош', **кýко** 'кукавица', **кулéшка** 'колесница' – богато украсена кола на две тркала, **кунáта** 'куна', **купи́тук** (и: **кулпи́т**) 'копито', **кури́тница** 'големо корито, дрвен сад за комиње', **кăмăни́ч** 'место со многу камења, камењар', **кăнăпóф** 'конопен', **кăртучи́на** 'крт', **лăжгумáн** 'лажго', **лузáнка** 'лоза', **мáјка** 'матица' (пчела), **мивáлник** 'место каде што стојат садовите за вода, водник', **мóчвăр** 'влажно место, мочуриште', **мрăвýлник** 'мравјалник', **мумурáнка** 'мома (девојка)', **мурли́а** 'морав' ~ *мурли́а бујá,* **мутуви́лка** 'направа за мотање преѓа, мотовило', **мучурлýк** 'мочуриште', **мăлк** 'молец', **мăрлóк** 'мачор', **нишчéлки** 'нити на разбој', **нăпрăсник** 'вид мала заштитна капичка со која шивачите си го заштитуваат прстот – кога шијат', **пи́ле** 'птица' (не е dem. форма), **прáскуви́ца** (и **прáскува**) 'праска', **пăрл'áк** 'прле', **рáзглоп** 'зглоб', **рáчка** 'рачец' (ги јаде корењата на пиперот), **рујáк** 'рој' (пчели), **рăкăвéнка** 'ракатка жито', **свăти́на** 'сват', **скáчка** 'скакулец', **слăвýрче** 'птица, славеј', **смăрдути́а** 'смрѓава', **сóјкарица** 'птица сојка', **средýлник** 'средиште', **трискутáвица** 'трескот', **тăркалéк** 'вид тркало, децата играат со него', **тăрнáрник** 'место со многу трње, трњак', **убóрник** ~ *зăградно мéсто дека сă-бéрат вулóфто* = 'обор', **ýгăра** 'изорана, непосеана нива – угар', **умáрник** 'омарнина', **уругрáа** 'танчарка, играорка', **утрувáчка** 'отров' ~ *уд нéго сáмо утрувáчки сă пăлнум*, **цăрвук** 'црв', **цăрвăнýш** 'црвенкаст' (многу често и за човек со здрав тен, со бело-црвено лице'), **чуднувáт** 'чуден, необичен' ~ *чуднувáто нéшчо,* **штиркини́ка** 'паштерка', **шпијунáш** 'оној што кодоши, шпион', и кај прилозите: **вáки** 'ваму'~ *éл нă-вáки;* со чувствен однос: *пó-нăвáкичка,* **гóрце** 'горе' ~ **пó-нăгóрце** 'погоре', **дóлце** 'долу' ~ **пó-нăдóлце** 'подолу', **дóцкăна** 'доцна' ~ *нóго дóцкăна сă-вăри́ниш*, **мáлчко** 'малку' – со чувствен однос, **нăпкунта** 'напокон' = после, **пóвичко** 'повеќе', **пóслинта** 'потоа, после', **сăбăјлин** 'наутро, сабајле', **тáм, тáмка** 'таму', **тáтки** 'онаму' ~ *óди нă-тáтки*; со чувствен однос: *тáм-тăки́чка* (*тáмичка*) 'онаму', 'таму': *сéдни тáм тáмичка.*

2.6. Семантички дијалектизми. – Иако *фонетските* и *зборообразувачките* дијалектизми, особено од оваа регија, можат да предизвикаат особен интерес со оглед на големиот број фонетски индивидуалности и различности во деривацијата, сепак претставувањето на *семантичките* дијалектизми го оценуваме за многу важно, бидејки на тој начин (со нивното презентирање) се создаваат

можности за вклучување во заедничкиот лексички фонд, односно за збогатување на општонационалниот речник.

2.61. Прво ќе ги разгледаме оние лексеми кои што од формален, па и воопшто структурен аспект се совпаѓаат со соодветни во стандардниот јазик, но се јавуваат и со вторично значење. Сп.:

а) кај именски збороформи: **бакăр** 'котел' ~ *уф бакăрут си-вăрăхме млéко,* **војнá** 'војска' ~ *нóго војнá замина́ на-дóлце,* **глух** 'неквалитетен, неупотреблив' – нпр. за човек што не може да има деца се вика ~ *сéмиту-му глýо*, сп. и: *углухнáл лýко* (= поради несоодветно чување лукот се расипал и не може да 'рти); **голéм** 'силен' ~ *тогáс и тóјнака сос голéм глас фатú да вéли*; **збор** 'говор, дијалект' ~ *искáрено на бугáрцко изúќ, тувáшно збор на Вардарúа'*; **кни́га** 'писмо' ~ *ни устави тука без да ни пратиш некоја книга да си научими за тебика;* **кóрен** 'плодно дрво' ~ *там úмаше два кóрина смóкви... едúнојут кóрин úмаши сал еднá смоква;* **крај** 'почеток' ~ *ут-крáјут (крáјта) ај такóф* 'отсекогаш, од почеток е таков'; **лос** 'весло' ~ *кóрбут утúшăл, па ти лóстут ќи-гу-жáлиш* (поговорка = треба да се грижиме за поважните работи); **расипан** 'тажен' ~ *му вели сос затресна глас и сос расипано обрас;* **товар** 'грижа' ~ *му-вели: "синку јазе на тебика оставјам товару: јазе не знам как да дочекам и как да допраштам цар";*

б) кај глаголски збороформи: владее (сă) 'се употребува' ~ *уф-нáшто, дóлце* (мисли: на југ, во егејскиот дел) *тóо шéј слáбо сă-владéјше;* **ди́гне** 'намести, скрие' ~ *дúгн'о: тóо шéј дă-н сă-изгýбе;* **има** 'користи, третира' ~ *и јазе га открадох, та ету сега три години га имам кату хизмиќар;* **кла́де** 'назначи' ~ *рекóа ади да кладéми товá јабанцúа едúн пáша, зашто е млóгу богáт;* **лéжи** 'спие' ~ *кепиту ми остана нетри аф удајата, таму дека лежи царјувата керка;* **остáви** 'дозволи' ~ *и Арнаутите не оставиха да гу зарăјат* (зн. погребат); **прошта́ве** 'благословува' ~ *това што ми чини на меника, ки ти проштавам дури дека сам жив*; **разби́е** 'раситне (пари)' ~ *удéве разбијáх илидáрка и нúшто не устанá;* **рéчи** 'значи' ~ *мăжот ми сон засонил... ча дошла една какарáска, та на бéлојут óл му-фл'ази от устата... та не знам товá што ки рéчи;* **чýди (са)** 'размислува, се грижи' ~ *ај мăжу што толку са чудиш? Далú ти потăнаа курáбите?*

2.62. Како дел од групата семантички дијалектизми, одделно ќе ги разгледаме оние лексеми што по пат на "внатрешна деривација" развиле повеќе различни значења. Неретко кај нив се насира присуство на фигуративност во изразот, а ваквите преносни значења можеле понатаму и да се лексикализираат. Од стилистичка гледна точка тие се силно указание за богатата инвенција на народниот дух и смислата за метафоричност во изразувањето. Сп.:

а) именски збоформи: авá 1. 'време' (како метеоролошки поим) ~ *му вéле нă-'рáпут: "Арáап, стан', вúди авáта";* 2. 'психичка

состојба, расположба' ~ *мáн-ми се уд-глáфта, нé мé-ј авáта* (зн. не сум расположен); 3. 'политичка ситуација, обично негативна' – фиг. ~ *авáта нé мирúсе н-áрно* (зн.: се очекуваат немири, војна); 4. фраз. ~ *авá си-прáве* 'се весели' ~ *ѓýпците пá авá си-прáвạт – удрúа тăпăнто;* **врéдин** 1. 'силен, способен' ~ *Гóспут мă-научú, он е врéдин за сé нéшчу; ... ~ и кату виде, ча от негу по-вредин зет чинил, заедноч гу чини цар;* 2. 'достоен, почитуван' ~ *он ке да ти храни и тебика и мајка му... хем ке да биди вреден човек;* **грош** 1. 'турска монета' ~ *ајлако ми е двајси и пет гроша... ~ земá алтăни сто и педесет хилјáди грóша*; 2. 'симбол за ситна монета' ~ *ак сáке нéк сă раздéре нé му дáвум ни грош;* **зарúин** 1. 'покриен' (површно, на брзина) ~ *бúше идвáјм зарúјно, ус мáлце зéмна;* 2. 'скриен' (намерно) ~ *тáмука аф нéа има алтăни зарúини;* 3. 'погребан' ~ *нáшта мóма дóлу, уф-Алéксуво ај-зарúјна;* **искáрин** 1. 'изваден од некаде' ~ *сăта вăлнуштúна ми бúше искáрна вóнка, нạ-рóса;* 2. 'завршен' ~ *кóлко рéда úмиш искáрно ?* (= колку реда имаш завршено, ископано); 3. 'искажен, претставен' ~ *искарено на бугарцки изик, тувашно збор на Вардариа*; **úгла** 1. 'направа за шиење, за плетење'; 2. 'украсен брош'; 3. 'инекција' ~ *кóлко úгли ти-удрúа;* **кóра** 1. 'кора (од дрво, од рана и сл.)'; 2. 'пита, баница' ~ *úмше кóра ус-рúби, сă-вúкше рúбник, áк éј ус-зéле – зéлник, ак ај ус-урúс – уризáрник;* 3. мн. 'јувки, кори од тесто, ги сушат на сонце' ~ *зúмно врéме на сабáлинта си-вáрăхме кóри* (наутро за појадок); 4. 'лист од тесто, се прави со сучење, од кори се прави баница, баклава и сл.'; **кăндúло** 1. вид чаша во која се става зејтин, со фитил што се запалува и свети – религиозен реквизит'; 2. 'мала подвижна ламбичка од ламарина, селаните ја користат ноќно време кога одат кај добиците'; 3. 'било каков извор на светлина' ~ *уд-нúгдин нéма да блăсне кăндúло;* **куршýм** 1. 'експлозивна направа, се полни со барут што при експлозија го исфрла зрното'; 2. 'метал олово, служи како замена за калај, пр. за лепење на метал' ~ *зăлипúл ус-куршýм, намéсто да тýре калáј, как што трибýве;* 3. фиг. 'нешто многу тешко' ~ *нé сă-дúге, куршýм-ај тéшко;* **пạртáли** мн. 1. 'крпи'; 2. 'искинати алишта'; 3. 'ствари' ~ *га испастриха и си износиха парталите таму;* **ред** 1. 'нешто поставено во ред' ~ *адúн рéд пипéрки* (пр. во нива, бавча); 2. 'менструација' ~ *ај га дéк лéже уфнăтре, гạ бóле курéмут, мóш рéдут ќи-ј-дóјде;* 3. 'формалност, обичај' ~ *дујдéа кулку за да искáрат рéдут;* **углидáло** 1. 'стакло затемнето од задната страна, служи за огледување'; 2. мн. **углидáла** 'очила'; 3. фиг. 'многу замрзнато' ~ *станá, излезé нáдвур, пýле, углидáлу беше;* **час** 1. 'момент' ~ *баш нạ-чáсо дујдé* (= во моментот кога требало); 2. 'време' ~ *и от мăра час сетни сиромахут стана и утиде пак на дома*; 3. прил. 'после, приквечер' ~ *час ќи-т-чéкум дóма* (зн. навечер); **шýма** 1. 'простор со дрвја, пошумен' ~ *уф-*

шу́мта (уф урма́нут) сӑ-крија́ле куми́тте; 2. 'дрво од даб'; 3. 'суви стебла од пченка'; 4. 'суви лисје'.

б) глаголски зборо́форми: бори́чка (се) 1. 'се бори, се натпреварува' ~ *фати́ сос не́го да са бори́чка, тӑкмо три дена и три но́ка;* 2. 'пребарува' ~ *шо́ бори́чкиш там нис ти́а ше́јве*; **зака́ре** 1. 'однесе нешто (предмет) некаде' ~ *да и́дам на господа́ро ми, да му зака́рам тиа вереси́и... ~ сакајке от мајка му пари да му закара на даскалут;* 2. 'поведе (некого)' ~ *да зӑка́риш и сестра́-ти ус-те́п... ~ закӑра́ме гуве́та уд-Збира́лто;* **запа́дне** 1. 'падне, навлезе некаде, на пониско место' ~ *западна́х уф-а́јн бата́к, идва́јм испадна́х;* 2. 'ослабне' ~ *не́каа бо́л'ка гу-ја́де, но́го западна́ чуве́ко;* 3. фиг. 'осиромаши' ~ *фати́ да запа́днува, фати́ да прода́ва ни́ви;* **зи́ме** 1. 'прифаќа нешто со раце' ~ *зи́м-си уд-абу́лките;* 2. 'прими, добие' ~ *царју́т как зе писмуто, гу пеа, са почуди и му вели на човекот;* 3. 'почне' ~ *кви́, кви́, зе́ла да ви́ка би́шката*; **изле́зе** 1. 'се движи кон надвор' ~ *излизе́ на во́нка (на ава́)* (покрај: *испадна́*); 2. 'се симне' ~ *а́ма то́ј, л'у излезе́ от ко́н'ут, заедно́ч земá диса́кот;* 3. 'се истовари (на брегот)' ~ *и со́с не́колку дни излезе́ на она́ја ада́;* 4. 'отиде' ~ *се́тни господа́рут излезе́ на магази́ата;* **изва́де** 1. 'изнесе нешто (од некаде)' ~ *извади́ па́ри уд це́бо;* 2. 'заврши извесен степен на школување' ~ *детету кату пејал некои две месеци, извади га пӑрвата книга и сака друга;* 3. 'излезе (или се појави) нешто на телото' ~ *де́тто ва́де зӑпчета, бо́лничко-ј* (зн.: му никнат запчиња), ~ *кој ки јади ут смоквите ке да извади рогови;* ~ *та царју́т и жената му и керка му беха извадили пу две рогови на главата;* или: 'се појави болест на кожата' ~ *извади́л ба́ба ша́рка* (зн.: има сипаница); 4. 'направи, заврши нешто' ~ *во́ ура́чут извӑди́л ӑднӑ бра́здӑ;* 5. 'истовари' (на брег) ~ *си пазари́ сос гимции́ата да гу изва́ди на една ада́;* **кле́па** 1. 'остри коса, секира (со чукање)'; 2. 'чука камбана' ~ *де́нут бе́ше пра́зник, по́пут си ути́де дӑ кле́пӑ цӑрквӑ;* 3. 'клевети, кодоши' ~ *кумши́та го-ј клепна́л;* **нау́ме** 1. 'одлучи, реши' ~ *нӑуми́х д-о́дум уф-до́дине* (= решив да одам кај постарата сестра); 2. 'се присетува' ~ *кога́ си наумја́вам, как ви́каше господа́рот ми, кога́ ја́зе гу би́ех сос ка́мини;* **отпу́ште (се)** 1. 'почне нешто да тече неконтролирано, неочекувано' ~ *сӑ-утпушти́ вре́јкӑта, истиче́ ми-си́рката... ~ сӑ-утпушти́ла че́шмата;* 2. 'се одврзе, се ослободи' ~ *не́кое, нау́чено на водени́цата, мага́ре, еди́н де́н ка́ се отпушти́ло от до́ма;* **пе̯ј** (и: **пе́е**) 1. 'артикулира гласови во вид на мелодија, обично со текст' ~ *не́ма га́аре ко́ј пе́сна да пе̯ј;* 2. 'чита' ~ *царју́т как зема писмото гу пеа, са почуди и му вели на човекот;* 3. 'учи' ~ *детету кату пејал некои две месици, извади га пӑрвата книга*; 4. 'советува, укорува' ~ *у́буво ки-гу-пе́ат не́го до́ма, чим ки-рӑзбе́рат;* **раси́пе** 1. 'нешто изгуби од својот квалитет' ~ *ка́ зна́е пра́сту, оти вре́мту ки-сӑ-рӑси́пе?;* 2. 'ослабне' ~ *но́го сӑ-рӑсипа́ то́о чуве́к, али́с ко́жа и ко́ска сӑ-чини́;* 3. 'умре' ~ *езӑк два́јсе гуди́шна мо́ма им сӑ-*

răсипáла; **4.** 'кога девојката насилно ја губи невиноста' ~ *бúли двýјца, гă-расипáли мóмта на Стóјна, сạкáла да се убúе*; **5.** 'се спобудали' ~ *уф-вујниклăко сă-рạсипáло дéтто, сáмо мóлче, нúшто не удгувóруве*; **сáке** **1.** 'има желба за нешто' ~ *нé сáкум дóма плáк;* **2.** 'треба' ~ *нé сáке сáмо ти дạ знáјш;* **3.** 'може' ~ *јáзе аку не купýвах твójта магазúа, сáкаши друг да га зéми;* **тéгле** **1.** 'влече, тегне нешто' ~ *рабóта ки ти бúди – ки óреш и ки тéглиш кóла;* **2.** 'мери на кантар' ~ *не сăм гу тиглáл, нé знáм кóлко тéже;* **3.** 'страда, се мачи' ~ *а брé сúнку, зарди мéника тóлко што си теглúл... ~ и óна нóго истеглú ус тóо пúјăн măш;* **тéпа** **1.**'удира, нанесува повреди' ~ *да-гу-натéпиш тóо на Ангăвци;* **2.** 'работи' ~ *тăмăм бáбу, арнă рăбóта! – јáска виздидéн сăм типáл, пă сегă да сéднăм да ти мéсăм;* **3.** фиг. 'помине' (пат) ~ *тóлко пăт сăм типáл за акăл;* **фáте** **1.** 'со рацете прибере нешто' ~ *фатú едúн човéк от гимúата, гу изјáди;* **2.** 'почне' ~ *кату чý такá женáта му фáти да плáчи;* **3.** 'ангажира, најми' ~ *станаа царските л'уди, фатиа тил'ал да вика по сичка óколиа;* **4.** 'собира, може да се смести некаде' ~ *нé ми сă-фáштат тиа папýци;* **5.** фраз. ~ *му-фáште рăкта* 'зема нешто на кое нема право – краде'; ~ *ак тă-зạфáтум* (= не ме предизвикувај, ќе те изнатепам); **чúне** **1.** 'прави' ~ *нé знáм шó да чúнум, шó дạ прáвум;* **2.** 'приготви' ~ *тогáс чинú н'áкој двјá товáра н'áшту... тогáс господáрот седнá зафчáс чинú тефтéрот;* **3.** 'стекне' ~ *и кату виде, ча от негу повредин зет чинил, заедноч гу чини цар;* **4.** 'помине' ~ *дýр да зéми хесáпите, тýка-тáмо, чинú тамо еднá годúна;* **5.** 'роди, даде плодови' ~ *смóквите расцветúа и чинúха млóгу смóкви;* **6.** 'созрее' ~ *ки чáкам дур на дрýгата годúна да си чúнат смóквите;* **7.** 'стори' (покрај именка што означува време) ~ *кóлко гудúни* сă-*чинú дéтто?* (= колку годии има); **8.** 'достигне до некој степен' ~ *сă-чинúло дéтто зă-женýвне* (= пораснало, стасало за женувачка).

ЛЕКСИЧКИ ПЛАСТОВИ

3.1. Архаизми.. – Веќе рековме дека долновардарските говори во многу нешто ја измениле својата структура (словенска) наоѓајќи се на допир со генеолошки различни, несловенски јазици. За иновациите условени од споменативе контакти ќе зборуваме подоцна, а сега ќе го проследиме немалиот број на лексички архаизми, иако ги има и во другите нивоа на јазикот, нпр. во фонетиката случаите со зачуван назализам, што претставува редок реликт не само за македонскиот, туку воопшто за јужнословенските јазици, да го споменеме уште специфичниот развој на "јат", на "ери", на "секундарниот ер" и сл.

Под **архаизми** подразбираме стари зборoформи – "јазични фосили" , познати од старословенскиот јазик, исчезнати во другите македонски дијалекти, па според тоа отсутни и од нормативниот исказ, некои дури не се среќаваат ниту во соседните јужнословенски јазици, но затоа пак сéуште постојат во словенските јазици на север од Македонија. Односниве контрастивни истражувања (на ниво на лексички паралели меѓу примери од југоисточните македонски говори и соодветните во северните словенски јазици) како тематика се покажа погодна не само за ареални, етнолингвистички согледувања, туку и за етимолошки паралели. Очигледен заклучок е дека периферната позиција на југоисточните македонски говори, условила присуство на архаични корени, репрезентанти на постари еволутивни фази од развитокот на јазикот.

3.2. Во прашање се посебности, коишто го загубиле својот лингвогеографски континуитет, т.е. станува збор за лексички единици со прекинати изоглоси меѓу словенскиот север и македонските говори од крајниот југоисток. За сложеноста на задачата – претставување на споменатиот застарен, архаичен слој на лексеми, можеби најуверливо зборува аргументот дека односниов фонд е селектиран од целокупната собрана граѓа за речникот, не само од томот што го претставуваме, а таа граѓа е ексцерпирана, како што рековме, од народни умотворби, од биографски кажувања, од етнографска, црковна и друга слична литература, пишувана на дијалектен јазик, се разбира и од материјали од лични дијалектолошки истражувања. Исто така беше истакнато дека врз односнава проблематика се работи скоро четвртина век, што беше условено од повеќе причини, во овој случај да ја споменеме сложеноста во претставувањето на фонетскиот лик на зборoформите, а ќе илустрираме со буквата **а**, којашто се јавува во 6-7 ликови, па оттаму не е ни чудно дека самото внесување во компјутер веќе трае 3-4 години.

Да повториме, на показ ќе бидат оние стари словенски корени, коишто упатуваат на прасловенскиот период, па според тоа нај-

директно го потврдуваат единството на лексичката база на словенските јазици, вклучувајќи ги и оние (јазици, односно дијалекти) што носат потврдено обележје на балканската лингвистичка алијанса, какви што се несомнено долновардарските говори. Сп.:

гвозд 'клинец, шајка'. Спомнатава лексема се среќава во серско-драмската група говори. Во РМЈ зборов не е регистриран, но затоа освен во подалечните словенски јазици (сп. чеш. *hvozděj*, слов. *hvozd*, пол. hwóźdź, рус. *гвоздь)*, го среќаваме и во соседните, сп. срп. *гвозд*, буг. *гвоздеј*. Зборoформата ***гвоздь***, освен со споменатово се јавува и со значење 'пошумена планинска месност'; сп. чеш. *hvozd* 'шума в планина' (VM,ESJČ,192); со односново значење се јавува и во српскиот (и хрватскиот), но со ознака "застарено".

деси (се) 'се случи'; во старословенскиот јазик: 'погоди, најде'. Овој глагол го нотиравме во работата за кукушкиот говор: *că-дисú că-утипá аднó уфчáрче* (= се случи, погина едно овчарче) [ПК,II,11]. Најновите истражувања нé упатуваат дека оваа лексема од Долновардарско се шири на североисток кон Малешевијата (ја констатиравме и во градскиот беровски говор). Од другите словенски јазици се среќава само во српскиот (и хрватскиот) каде што се јавува со повеќе значења: **1.** 'се случи'; **2.** 'се најде, се сретна со некого'. "Глаголот е, основно, јужнословенска креација. Од другите словенски јазици се среќава само во стчеш. *podesiti, udesiti*; во рускиот се наоѓа само во руско-црковнословенски текстови" (PS,ERHSJ, I, 395).

зној 'пот'; во стсл. ***знои*** 'жештина'. Лексемата во македонскиот стандарден јазик не се употребува (во РМЈ е даден како дијалектизам); егзистира во серско-драмската регија со вторичното значење 'пот', а првичното 'жештина' сé уште се среќава во другите јазици, пр. во рус. *зной* (О,СРЯ,228), чеш., слов. *znoj* освен 'жештина' значи и 'пот', во пол. *znój* 'горештина'. Во српскиот јазик, како и во југоисточните македонски говори значи 'пот', во слов. ги има и двете значења 'жештина' и 'пот', во бугарскиот исто така ги среќаваме и двете значења, со тоа што првото во литературниот исказ, а второто во дијалектната реч (А,БТР, 238).

Споменатиов назив е "родствен со рус. диј. *знеть, знею* 'тлее', исто така и во чеш. znét' значи 'тлее', може да се допушти врска и со глаголот *гние"* (ВГ,БЕР, 650).

икра "општословенски и прасловенски назив со збирно значење за 'јајца од риба'; синоним: кавијар" (PS,ERHSJ,I,713), срп. и хрв. *ikra,* рус. *икра,* чеш. *jíkra,* пол. *ikra* (ВГ,БЕР,I,63).

При дијалектните истражувања во Долновардарско односнава лексема ја нотиравме со значење 'дебелото месо на задниот дел од

ногата, под клечката'. За тоа пишувавме скоро пред 3 децении[9]. Нејзините ареали се поширокі, се среќава во Гевгелиско, Воденско, Кукушко, Кајларско; на запад е констатирана во преспанскиот говор.

На истово прашање подоцна се навраќа J. Русек, тој запишал: "*икра* (= 'прасе' на нога) претставува особеност на македонскиот јазик. Тој назив не е познат во другите јужнословенски јазици. Од друга страна споменатава зборoформа е својствена на некои северни словенски јазици: руски, словачки, полски (дијалектно). Дека значењето на *икра* 'дебелото месо под клечката...' е вторично, во овој случај е несомнено. Преносното значење се добило врз основа на сличноста меѓу *икра* (= меур од јајца од риба) со формата на тој дел од ногата. Изразите за означување на *икра* (од риба) и 'задниот дел од ногата под клечката' се идентични во повеќе јазици, на пр. во финскиот"[10].

клика (во стсл. значи: 'вика, креска'); сп. **кличь** 'вик, кресок'. Од истиов корен во југоисточните македонски говори, поточно во Драмско се констатирани следниве зборoформи: **кликáло** 'место од каде што вика (клика) оцата – минаре на џамија'; **кликáч** 'селски гласноговорник, тој што соопштува вести, телал'; **кликаштéм** 'викајќи, со кресок'... срп. *клицати*, слов. *klíkniti*, *klícati*, рус. *кликать*, стчеш. *klíčetí* (топ. *Žabo kliky*), пол. klikowisko 'растојание до кое се слуша удар од секира на дрво'; ономатопеја (ВГ, БЕР,II,499).

Во бугарскиот се јавува со повеќе значења: **1.** 'вика, креска', **2.** 'повикува да дојде', **3.** 'поканува и сл.'; во рускиот исто така: **1.** 'гласно повикува некого'; **2.** 'именува' (*Его кличут Иваном)*; **3.** '(птица) пушта силен глас' (пр. *Лебеди кличут*) (О,СРЯ, 27).

кокорав. – Во стсл. јазик значел 'кадрав'. Со исто значење, со редукција на *о* > *у* (појава, како шо ќе видиме многу карактеристична за југоисточните говори), лексемата *кукурáф* ја регистриравме кај преселници од с. Амбар Ќој (се наоѓа на половина пат меѓу Солун и Кукуш): ~ *кóста мо-ј кукурýзи, кукурýзи* (= косата му е кадрица до кадрица); во населбата Гуменџа запишавме: **кукурýска** 'кадрица'.

Во македонскиот стандард не се употребува, исто и во бугарскиот (го има само во дијалектите: *кокоринка* 'кадрица', *кокоринчес* 'кадрав'), но на север, во српскиот (и хрватскиот) јазик употребата на односнава зборoформа е обична, сп. **кокорав** "коврџав, кудрав": *ретко се може видети и човек "кокораве" (кудраве) косе* (РСХКНЈ,IX,748). Во хрватските (кајкавски) говори има забележано: *кукурјав, кукурјаст* 'кадрав', во словенечкиот *kokora* 'кичер кадрава

---

[9] К. Пеев, *Белешки за лексиката и фразеологијата од Струмичко*, "Македонски јазик' XXI, Скопје, 1968, s. 217.

[10] J. Rusek, *Nazwy łydki w dialektach macedońskich*, "Македонски јазик" XL-LIX, Скопје, 1989, с. 488.

коса'. "Веројатно кон ова (стсл. кокоравь) би требало да ги приклучиме и рус. *кокора, кокорь, кокорыга* 'криво дрво', пол. *kokora* 'криво дрво' ... со редување на кореновиот вокал: буг. диј. *чекор* 'остаток од отсечена гранка', чеш. *čečeřiti* 'прави нешто да биде кадраво' (ВГ,БЕР,II,538).

котарáк 'домашна мачка, Felis domestica' (формата ја забележивме кај преселници од Кукушко, со значење 'мачор'); во Солунско: **котарáна** 'мачка', **кóтур** 'мачор'; во Серско: **дúви кóтки** bot. *Tritolium arkense* (ВГ,БЕР,II,670)..

Во македонскиот стандард не се употребува, но затоа освен во подалечните словенски јазици (рус. *кот*, диј. *котка*, чеш. диј., слов. диј. *kot*); се јавува и во соседните јужнословенски: сп. буг. *кот, котка, котак, котарак* (А,БТР,343), во српскиот се јавува само во стари текстови (PS, ERHSJ,II,170).

прав 'десен'. – Првичното значење на оваа придавка (= десен), што претставува реткост во јужнословенските јазици е регистрирано во фолклорните материјали од југоисточните македонски говори забележани од Ст. Верковиќ. Поради тоа што има ограничени ареали, односно поради неупатеност дијалектологот од Софија Ј. Иванов во својата монографија за серско-драмските говори меѓу другото, во уводниот дел, задржувајќи се на присуството на овој аргумент во материјалите од Верковиќ го истакнува следново: "Одамна е констатирана една основна слабост во работата на Верковиќ како собирач и издавач на фолклорни материјали: неточности при пренесувањето на јазичните особености на песните. Кога ја започнал фолклористичката дејност меѓу претставниците на бугарската јазична средина, тој не го познавал бугарскиот јазик и не можел точно да ги пренесе гласовите и формите на серскиот говор, од каде што предимно потекнуваат песните. Се чувствува силно влијание од западните говори, а многубројните лексички србизми се очигледни (сп. *измиемо, издоимо, права* наместо 'десна', *узми поовамо, вамо, редома* и мн. др.)"[11].

Споменатиот бугарски дијалектолог испуштил од предвид повеќе (дотогаш) објавени дијалектолошки работи во кои е докажано обратното, а имено дека во југоисточните македонски говори има пунктови во кои **прав** се јавува со значење 'десен', впрочем како и во северните словенски јазици, пр. пол. *prawy*, исто така и во чешки, односно во руски *правый*. Како куриозитет да истакнеме дека неговиот двојник по име и презиме, проф. Ј. Иванов, уште во дваесеттите години од нашиов век во познатото париско списание "Revue des études slaves" запишал: "придавката **прав** во селата Зарова и Висока се употребува наместо 'десен', како и во рускиот, додека

[11] Й. Иванов, *Български преселнически говори*, София, 1977, с. 22.

зборот **десен** (*dexter*) познат во сите бугарски дјалекти овде не се употребува, а во Сухо е познат **десен** (*dexter*) и **прав** (*directus*)"[12].

Слични податоци ни дава и акад. Н. Толстој (за присуството на **прав** 'десен' во Солунско)[13], во статија објавена 1965, а тоа значи пред да се појави книгата на Иванов.

Иако Ј. Иванов не го наведува контекстот за својот пример **прав** 'десен', сепак, бидејќи кажува дека е од песна од Серско (од Зборникот објавен во Белград 1865), тогаш индиректно заклучуваме дека се работи за стиховите: *Права рӑка на момчина / лева рӑка на невести*[14]. Ќе додадеме дека освен во песните **прав** 'десен' го сретнавме и во прозните текстови на Верковиќ, пр. во Зборникот објавен во Прага: *~ онаја риба, што имаше чобано на куремот, у стредја припливеше, а другате два риби – едната од* ***правата*** *страна и другата од левата*[15]

Можеби поважен е аргументот дека **прав** се јавува (со споменатово значење 'десен') и во други зборници (а не само кај Верковиќ), пр. во познатиот Зборник на Шапкарев: *С лева рӑка вино зеде / со* ***правата*** *сабја дӑрже* (во песна од Кукуш)[16]. Во дијалектниот "Речник" од Солунско (од селата Сухо и Висока), што го издал М. Малецки за зборформата **прав** среќаваме две значења: **1.** 'десен', **2.** 'прав', сп. ***на пра́ву*** 'на десно', ***ста́на прав*** 'се исправи, стана'. Во зборникот "Текстови" од истава регија (и од истиот автор) ги забележивме следниве примери: *~ ја разго́л'ува, гле́нда на* ***пра́вата би́ска*** *три ко́сим'а зла́т'ана;* освен како придавка се јавува и како прилог **на пра́ву** *~ прифта́са прӑвно на мурабе́ту тој, фа́ти да ко́ли на л'а́ву,* ***на пра́ву,*** *та му са́ наби́ рӑнка́та*[17].

Проф. Н. Толстој укажува дека кај Јужните Словени постојат три мали "острови" по периферијата на балканската словенска заедница во кои се чува значењето 'десен' за зборот **прав**. Средишно место меѓу нив заземаат македонските говори во Солунско. Притоа тој се повикува на веќе споменатата белешка од Ј. Иванов (објавена во Париз) во која нагласува дека во селата Зарова и Висока се чува односново архаично значење.

сетки. – Овој дијалектен службен збор (прилог) со значење 'веројатно, сигурно' го забележивме при анкетите од Кукушко *~ ка́к*

---

[12] Цитирано според: Н. И. Толстой, Из географии славянских слов, Общеславянский лингвисти;еский атлас, Москва 1965.

[13] Види фуснота 11

[14] Сп. Бл. Конески, Јазикот на македонската народна поезија, Скопје, 1971, с. 56.

[15] P. Lavrov a J. Polívka, *Lidové povídky jihomakedonské z rukopisů St. Verkovičových.* V Praze, 1932, с. 169.

[16] К. Шапкарев, *Сборник от български народни умотворения,* дел 1, София 1891, с. 339. Сп. Бл. Конески, *Јазикот на македонската народна поезија,* Скопје 1971, с. 56.

[17] M. Małecki, *Dwie gwary macedońskie (Suche i Wysoka w Sołuńskiem), I, Teksty,* Kraków 1934, с. 72.

дé-ј, сéтки дувéчăр ќи-дójдат (= довечер сигурно ќе дојдат). Секако е неспорна паралелата со руското *все-таки* (со исто значење), освен тоа се среќава и во соседниот бугарски дијалектен јазик: *сéтъки не съ ýбаи такúвъ. ми ти рáбути*[18].

трати. – Овој глагол (стсл. **тратити** = 'губи') во југоисточните говори го констатиравме само во изразот: ~ *си трáче врéмто* (= безделничи, си го губи времето). Односниов израз го запишавме при анкетирањето на преселници (бегалци) од Кукушко. Во македонскиот јазичен стандард со односново значење не се употребува (сп. во РМЈ,III,394: **трати** 1. 'тресне', 2. 'остави'), во бугарскиот исто така (во А,БТР не е регистриран), но на север, во српскиот среќаваме *тратити* 'губи', во словенечкиот *tratiti* 'безразборно троши', исто така и во подалечните северни (источни и западни) јазици, сп. рус. *тратить* 'губи, казни', чеш. *tratiti,* слов. *tratit',* пол. *tracić.*

тупор (од *топор* – со редукција на неакцентираното *о* > *у*). – Овој назив го има констатирано во југоисточните македонски говори М. Малецки, од истиот корен, и од истава регија: **тупуришти** 'рачка на секира (или мотика и сл.)'. "Називот е општословенски, се претпоставува дека е позајмен со посредство на турско-татарскиот од староиранското *tapara (VM,ESJČS, 647). Слично се изразил и Н. Толстој "*Топор* е прасловенски збор, веројатно позајмен од иранскиот јазик. Со своето првично значење во јужнословенскиот дијалектен континиум зафаќа латерална "бочна" позиција, наспрема централната и широката позиција (регија) што ја зафаќа зборот *секира.* Зборот *топор (topor)* е познат во словенечките и во бугарските дијалекти, исто онака како што е познат во источните и во западните словенски јазици. Инаку *топор / секира* се во ист лингвогеографски сооднос како и лексемите *огън – ватра, дъжд – киша, пот – зној*"[19].

Кај Фасмер среќаваме поинакво објаснување (за лексемата *топор*): "не е исклучена можноста дека се работи за прсл. образување, поврзано со редување на вокалите од стл. *тети* 'тепа, бие' (Ф,ЭСРЯ,IV,79).

Во македонскиот стандард не се употребува:

удаја, удав'. – Односниов прилог М. Малецки го посочува во работата за говорите во Солунско со значење 'пред малку, неодамна' (дем. **удајич'ка**). Со исто значење во анкетите од Кукушко (областа Карадаг) и Дојранско запишавме: **удева**: ~ *нé знáм дéк сă-ступú удéва бúше тýка* (= не знам каде замина, пред малку беше овде).

---

[18] Н. Толстой, *Несколько болгарско-русских лексических соодветствий* Dialektologia slavica, Сборник к 85 -лети С. Б. Бернштейна, Москва 1995.

[19] В. фуснота 17, с. 37.

Во македонскиот стандард не се употребува, сп. во РМЈ (III,247) **удава се** 'успева', но од др. страна, во рускиот среќаваме *давеча* 'неодамна', *давешний. случай.* (= неодамнешен настан) (О, СРЯ,145).

Во врска со придавката *"(о)дамен"* (= одамнешен) – од истиов корен, среќаваме: "изведенката на -ьнъ е општословенска од прасловенскиот период од коренот **dav-* што се наоѓа во стцсл. во прилогот *давѣ* 'некогаш', зачуван во слов. davi... Тој прилог е заправо локатив од именката **dava* 'минато', која што не е зачувана никаде, а од неа е образувана придавката на -ьн" (PSERHSJ,I, 384).

штáа, читáа. – Овој глагол го регистриравме поодамна при анкетирање на бегалци од Долновардарско со значење: 'мисли, верува, претпоставува': ~ *ти си штáјше от нúй не сме л'ýде* (= ти мислеше, т.е. се однесуваше како ние да не сме луѓе); ~ *си-штáјше от ќ-о: устáвум такá áс нéгу* (= си замислуваше дека нема да му вратам, деке нема да го казнам). Истиов глагол го имаме забележано и во селата во подножјето на Огражден, во говорите што се преодни меѓу струмичкиот и малешевските говори (Смоларе, Нивичино): *читáе ми се* 'ми се чини'. Се среќава и на исток и на запад; сп. рус. *читать,* пол. *czytać* **1.**'чита', **2.** 'брои, смета', **3.** 'уважува'.

Во македонскиот нормативен речник глаголот *чита* го нема односново значење, обратно во рускиот среќаваме: ~ *Считаю, что ты направ* (= мислам, верувам дека не си во право), или: *Не считаю (кого)* (= не го земам под внимание) (О,СРЯ,733); слично и во бугарскиот: *Не считам това за обида* (= не го земам тоа за навреда) (А,БТР,884).

ТУЃИ ЗБОРОВИ

4.1. Грцизми. – Веќе истакнавме дека долновардарските говори зафаќаат периферен, истурен дел од словенскиот свет (односно македонскиот) кон византиската (грчка) сфера. Исто така беше истакнато дека долгогодишниот (или повеќевековен) контакт резултира со билингвизам (односно трилингвизам) кој што условил посуптилни промени во структурата на односниве македонски дијалекти. Дел од споменативе граматички иновации (пр. натамошно упростување на падежните односи кај заменките, нивелирање на родовите опозиции и сл.) ќе бидат претставени дополнително, а сега ќе се задржиме на грчкото влијание врз лексиката на македонските говори од оваа регија, вклучувајќи ги и случаите со калкирање на неполнозначни зборови (според грчки образец). За интензитетот на ова влијание, освен блиското соседство, голем број на населби (особено градски) во кои бил присутен грчкиот елемент којшто се наложувал со авторитет на стара култура, несомнено дека и заедничката религија – христијанството придонела тоа влијание да биде поизразито, односно бројот на позајмените грцизми да биде поголем.

Грчките лексички елементи во македонските народни говори скоро пред половина век ги разгледува А. Таховски, а во поново време на тоа прашање (нашироко) се навраќа М. Аргировски[20]. Уште во првиот преглед бројот на грцизмите е релативно висок (изнесува околу 800) и што е особено важно не мал број од позајмените единици имаат широка употреба во повеќе македонски говори. Прегледот на позајмени единици – грцизми, вклучени во дијалектниот вокабулар на долновардарските говори ќе го претставиме со оние што се специфични за односнава регија, т.е. регионално маркирани, т.е. диференцијални во однос на општопознатите; се служиме главно со Речникот кон Зборникот на Верковиќ. Сп.: **акалéса** (и: **калéса**) 'покани, повика', **акалесáрница** (и: **калесáрница**) 'украсен сад, го носат кога одат да канат, пр. за свадба', **анúшница** 'ќерка од брат или сестра, внука', **андáр** 'вооружен полицаец', **аргúса** 'дојде доцна, задоцни', **арматóса** 'вооружува', **áрмас** 'свршувачка', **армáсник** 'свршеник', **армасуване** (и: **армасувáчка**) 'свршување', **артирúсува** 'дава повеќе, наддава', **афурéса** 'прогонува, отстранува од црква', **афорéзмо** 'прогонување, отстранување', **вúгла** 'направа за гледање на далеку, далекуглед', **врāкузýн** 'врвка, гаќник', **дисáк** 'вид торба од два дела, што се префлаат, пр. на двете страни на грбот на коњ', **дукимáсе** 'забележи нешто, провери', **зāлúсин** 'занесен од возбуда', **згорафúса** (и: **зографúса**) 'нацрта (пр. икона)',

[20] М. Аргировски, *Грцизмите во македонскиот јазик,* Скопје, 1998.

илѝкиа 'период од животот на човек, возраст', **ипсо́ма** 'принесување жртва, пр. овен' (на денот на одреден празник – Димитровден, Архангеловден, Ѓурѓовден и Богородичинден), **калеса́р** 'тој што кани на свадба', **ка̄ле́суве** 'кани на свадба', **ка̄лима́н** (и: **ка̄лита́т**) 'кум', **ка̣лима́на** 'кума' (само во обраќање), **каму́ха** 'вид тенка ткаенина', **канѝска** 'подарок', **капѝстра** 'јаженце со кое се води говедо, огламник', **ка̣ро́ца** 'вид запрежна кола' (од италијански преку грчки), **ка̣рфѝа** (и: **кирфѝа**) 'голем клинец, шајка', **кирѝа** 'за учтиво обраќање кон жена, госпоѓа', **ко́ка̣л** 'коска' (често се однесува на голема коска), **ко́па̄н** 'дрво со кое се гмечи грозје', **куко́на** 'жена што многу се дотерува и се држи на големо', **ко̣ма́т** 'парче (откршен) леб', **кронди́р** 'специјален сад, во него ставаат вино кога одат да канат за свадба', **кацул'а** 'измет од домашно животно (пр. крава)', **ла́ха (се)** 'се случи', **ли́пса** 'недостига (нешто)', **мала́мо** 'злато', **маламо́са** 'покрие (нешто) со златен лист, позлати', **ма̣ра́з** 'заболување, хронично', **марти́р** 'тој што посведочува нешто, сведок', **матима** 'училишни лекции, учење', **ми** 'партикула за одрекнување – не', **ма̄нда̄ла́рка** 'жена што многу време поминува кај комшии', сп. **ма́нда̣л** 'жапка на влезна врата', **о́мјас** 'лице, израз' (сп. **умја́са** зн. 'личи', пр. *умја́се на̄-ма̣ка́-му*), **ора кали** 'израз, пожелување за среќен ден', **пагир** (и: **панаги́р, панаи́р**) 'голем свечен пазар што се организира два-три пати во годината, обично за некој празник – панаѓур', **папукла** 'заразна болест, чума; фиг. за 'лоша жена', **паливо́т** 'погрден назив за стар човек', но се среќава и: **паливо́тско месо** 'месо од стар вол што тешко се сварува', **пападѝјка** 'жена на поп, попаѓа', **паплама** 'покривало, пр. она со што човек се покрива кога спие', **па́псе** 'се намалува, престанува (пр. болка)', **па̄ра̄ка́мнува** 'се труди, вложува напори', **парама́на** 'домашна учителка, гувернантка', **патрѝда** 'земјата каде што човек се родил, татковина', **пезодро́м** 'тој што оди пеш', **пе́тал** 'железна поткова (пр. на коњ)', **прио́н** 'мала пила (за сечење гранки и сл.)', **самолад** 'масло добиено од растенија', **самолада́рник** 'сад (обично од глина) за чување **самолад** = масло, зејтин', **свингер** (и: **всингер**) 'морско животно, има порозно ткиво, служи за собирање течност, бришење; во употреба е и латинизмот **спо́нго** = сунгер', **спан** 'маж што нема брада, ќос', **стафѝда** 'исушени зрна грозје (без семки)', **схедио** 'план (на нешто), цртеж', **са̄на́р** 'меѓа (на нива), граница (на област)', **тарос** 'слобода, храброст', **тихѝса** 'се случи', **тригѝсуве** 'бере грозје (кога е гроздобер)', **ухта́р** 'осмиот дел од нешто', **фурту́на** 'силен ветар со дожд, бура', **харѝса** 'подари нешто'.

4.2. Турцизми. – Уште во претходните истражувања е констатирано дека во долновардарските говори во голема мера се присутни заемки не само од грчкиот, туку и од турскиот јазик. Позајмените лексички единици се навлезени во различни тематски подрачја од јазикот, т.е. служат за изразување на различните

манифестации од животот. Во таа смисла указателен е податокот што го дава проф. Зб. Голомб за говорите во Солунско, имено дека: "... туѓите зборови (главно турски и грчки...) претставуваат 40% од сите зборови дадени во Речникот на Малецки"[21]. Впрочем непосреден сигнал за ова откриваме и во демографските податоци што ги споменавме на почетокот, да повториме: кон почетокот на веков во Солунска каза односот на македонското кон грчкото, односно кон турското население бил (приближно) 1 : 1 : 1.

Не само во Долновардарско, влијанието на турскиот јазик било изразито и во останатите дијалекти од Македонија. Илустрација за обемот на односново влијание наоѓаме во јазичната статистика според која во македонскиот јазик можат да се набројат околу 3000 турцизми, присутни во материјалната и во духовната култура, па дури и во религиозната христијанска (православна) книжнина, конкретно во преводот на Кулакиското евангелие (на народен јазик) среќаваме не мал фонд турцизми (во кои се приклучени и голем број лексеми од арапско, односно персиско потекло, примени сепак преку турскиот): **а̏џиба, ајлѓа́к, ал** (= судбина), **аманѐт, апсана́, арга́т, аскѐр, ашикирѐ, азѐр** и др.; еве од таму (од Евангелието) и една сентенција во која именувањата (титулите) *слуга* и *господар* (од словенски корени) се заменети со соодветни турцизми: "*не мо́же едно́ измеќа́р да би́де на двѐ а́ги*".

Во недостаток на дијалектни речници не сме во можност да одговориме прецизно кои турцизми се регионална специфичност на долновардарските говори. Сепак ќе се осмелиме да посочиме извесен број не толку раширени турцизми, според материјалите од југоисточните македонски говори, особено од споменатиот речник кон Зборникот на Верковиќ: **абдеш** 'миење на муслиманите пред молитва', **авдесла́к** 'кратка облека што ја користат муслиманите кога се мијат', **авџи́(ј)а** (и: **авџи́**) 'ловџија', **авџио́ли** 'син на ловџија', **адѐм** (и: **адим**) 'чекор', **а̏џиба** 'зарем', **азма́к** 'влажо место', **ајлѓа́к** 'слободен, без работа',**алиш верош** 'земање, давање, трговија', **алѓаки́м селѓа́м** 'канонски муслимански поздрав, пожелување' (= спокојство над вас), **антери́а** 'надворешна облека, кошула', **артири́сува** 'зголемува', **аси́и** 'нервозен, лош', **а̏сѐл** 'имено', **ахенг** 'веселба со музика', **ахта́рин** 'трговец, тој што има парфимерија', **ахѐр** (и: **ајѐр**) 'просторија за добици, штала', **базирѓа́нин** 'трговец', **баилди́суве** 'губи свест', **баи́р** 'рид', **бајра́мна ден** (= комбинација од турцизам + словенизам) 'голем муслимански празник, Бајрам', **ба́лтаџи́а** 'водач на русалиско оро̀, вооружен со секира', **барабѐр** 'заедно', **башлади́са** 'опрости, подари', **бедел** 'замена за нешто со еквивалентна вредност', **бејли́к** 'имот на бегот', **беѐфка** 'жена на бег',**бинекта́ш** 'камен

[21] Зб. Голомб, *Два македонски говора (на Сухо и Висока во Солунско),* "Македонски јазик", XIII–XIV, кн. 1–2, с. 262.

погоден за качување на коњ', **бини́ш** 'начин на јавање на коњ', **битиса** 'заврши', **бога́з** 'тесен простор, канал на брегот на море (езеро)', **богазјáј** 'стројник, тој што уговара склучување на брак', **бокти́са** (и: **бакти́са**) 'чувствува досада, одвратност кон нешто', **була́ким** 'дај боже', **бурунцу́к** 'тенка, прозрачна (свилена) материја', **ва́де** 'определен период, рок', **вари́нце** (и: **варǎнцǎс**) 'дури', **газа** 'света (= религиозна) војна', **газе́п** 'лутина, гнев', **гаре́з** 'намера, тенденција, злобна намера', **гере́н** (и: **гире́н**) 'неплодна (солена) земја', **гиди́а** 'јунак со насилнички особини', **ѓо́о** (и: **ѓо́е**) 'божем', **ѓул'** 'пупка од ружа', **ѓунл'у́к** 'дневна заработувачка', **давацилу́к** (и: **дави́а**) 'тужба', **даврандиса** 'се спротивстави, се покрена одново', **дерт** 'хронична болест', **деф** 'демон', изр.: **деф сǎ чини́** 'се кажува за оној што исчезнал без трага', **диваи́н дола́ма** 'парадна облека', **дингил'** 'оска на кола', **дип** 'многу', **доа́н** 'птица сокол', **дова́к** 'тенка покривка за лицето на невеста, вел', **донанма́** 'илуминација', **дос(т)** 'пријател, другар', **дослија** 'друштвен, што има другари', **дуда́к** 'усна', **зап** 'затворање, задржување', **захирли́а** 'отровен', **зе́хир** (и: **зе́ир**) 'отров', **ибриши́м** 'тенок конец во боја', **или́к** 'добро дело', **имини́а** 'кондура', **инцити́сува** 'беспокои, измачува', **инса́н** 'човек', **ихтиза́** 'голема, неодложна потреба', **јуку́ш** 'високо место', **јулме́к** 'врзано јаже, јазол', **јуруди́са** 'одговара, напредува', **јазлǎк** 'летно живеалиште', **јазǎк** 'жалосно' (дека нешто станало), **јаланци́а** 'лажго', **јангǎн** 'пожар', **кава́д** 'голем дрвен сад' (позајмено од итал. јазик), **кадемли́а** 'среќен', **казанди́са** 'победи, доби', **ка́зма** 'земјоделска алатка, вид копачка', **калка́н** 'танок ѕид' (основно: 'штит'), **калп** 'неискрен, фалшив', **кал'а́** 'ѕидини, крепост', **каписи́ капана́к** 'затворена врата', фиг.: = никого не прима, **караѓо́з** 'црноок', **каргели́н** 'свиреп, див' (основно зн.: 'диво животно'), **каршила́к** 'одговор' (соодветен), **касканци́а** 'завидливец', **каскандиса** 'завидува', **кахарли́а** 'загрижен, натажен', **кахǎр** 'грижа, мака', **кахпе́** 'развратница, неморална жена', **качирди́се** 'отпушти, побегне, отфрли (силно)', **кибǎр** 'избирлив', **кебǎрски** 'господски', **кисци́а** 'разбојник, крадец', **кефсǎс** (и: **кефси́с**) 'нерасположен, загрижен', **кирди́се** (и: **кǎрди́се**) 'разбие, скрши', **кисканцилǎк** (и: **кǎскǎнцилǎк**) 'завист, омраза', **кифи́л** 'гарант', **конушти́са** 'пријатен разговор', **курди́се** 'приготви, нареди, навитка', **куши́а** 1.'група луѓе' (според Зборникот на Верковиќ); 2.'натпревар во трчање' (според наши истражувања), **кǎјмǎтли́јка** 'со голема вредност' (пр. син единец), **кǎјаме́т** "суден час, воскрснување на мртви", чудо', **лала** 'воспитувач', **ма́ксус** 'намерно', **мезли́ш** 'советодавно собрание', **мераме́т** 'жалост, страдање', **мехкеме́** 'суд', **мижде́** 'награда за пријатна вест', **мизавирлǎк** 'клеветење', **менци́л** (и: **минци́л**) 'живеалиште', **миракланди́се** 'стане љубопитен', **мирахчи́а** 'наследник', **му́тлак** 'веројатно, сигурно', **назли́јче** 'мило, нежно', **ника́х** 'договор за брак', **ништер** 'остро ноже', **онлу́к** 'монета од 10 пари', **оради́са** 'се сретне', **отурти́са** 'седне, се намести', **панца́к** 'надворешна облека

– за од дожд', **пăрма́к** 'прст на рака', **пача** 'долниот дел од нога', **пешке́п** 'подарок', **пирет** 'слуга', **са́бур** 'смиреност, трпение', **сака** 'тој што носи вода', **сакăн** 'никако', **салди́са** 'напаѓа, фрла', **сандăрди́са** 'здосади', **са́нки** 'божем', **сарп** 'мачна работа, лут', **сатилик** 'тоа што се продава', **саја** 'женска надворешна облека', **себе́п** 'причина', **селѓаме́т** 'успешен крај', **сирленци́а** 'тој што прави и продава зејтин', **сирмаги́а** (и: **сирми́а**) 'богатство, капитал', **сојтари́а** 'несериозен, веселник', **са́ир** 'веселба, прошетка', **табут** 'гроб', **тавла** (и: **тавлаха́на**) 'коњушница', **тајче** 'младо коњче, ждребе', **такăм** 'комплет облека (долнна)', **таксилда́рин** 'чиновник што собира даноци', **такси́р** (и: **такси́т**) 'недостаток, несогледување', **талимци́а** 'инструктор по воени вежби', **талим** 'воена обука', **тафраци́јка** 'со горделиво однесување', **тебди́л** (и: **тевди́л**) 'со променет изглед, преоблечен', **те́згире** 'направа од даски за носење (пр. ѓубре, камења и сл.)', **терли́ци** 'обувки (рамни одоздола)', **томру́к** 'парче отсечено дрво',**турла́к** 'некултивиран, прост', **турфанда́** 'првите плодови' и 'нешто несоодветно, недобро', **трахана** 'работилница за ткаење', **туџарлăк** 'трговија, земање, давање', **тјумјусу́к** 'писмена потврда', **тјурбе́** 'гробница', **тјурли́ја** 'вид, разновидност, сорта', **ќуле́** 'роб', **ќуѓа́ф** 'вид шапка', **ќуме́р кисе́** 'ќесе за пари што се носи на појас', **ќуту́к** 'пенушка', **фајда́** 'камата од позајмени пари', **филѓа́н** (и: **фала́н**) 'некој', **фиданбојли́ја** (и: **фиданбујли́**) 'со висок раст', **фил** (и: **филѓу**) 'слон', **филди́ш** 'слонова коска', **френг** 'Француз, европеец', **фурту́на** 'бура (ветар со дожд)', **хавуз** 'простор со вода, базент', **хаз** 'веселба, радост', **хазăрлăк** 'спремни работи', **хаирси́з** (и: **хаирсăс**) 'немирно, лошо дете', **хала́јка** 'слугинка', **хали́с** 'вистински, чист', **халиште** 'груба постилка', **харчлăк** 'пари за подмирување неопходни трошоци', **хеки́мбаши́ја** 'одговорен, главен лекар', **хер** 'некој, било кој', **хизметчи́ја** 'слуга', **хламбор** 'свадбено знаме', **хламборци́а** 'тој што го носи свадбеното знаме', **хуџе́т** 'документ, доказ', **хјуне́р** 'мајсторство, искуство', **чака́л** 'диво, крвожедно животно', **чалди́се** 'удри', **чевре** 'крпче за нос со везени краишта', **чијре́к** 'четвртина (од нешто)', **чилиби́а** 'господин (високо поставен)', **чилибилăк** 'господство', **чифу́тин** 'евреин', **чоха́п** 'одговор', **чали́ја** 'високи трње', **џан** 'душа', сп. изр.: **џан џин топојна́р** (= глува доба; буквално: душата и ѓаволот играат топка), **џангал** 'чекор': *на две џангали гу пристигна* (во Зборникот на Верковиќ погрешно: 'вид шајка, голема', с. 364), **џангара́к** 'звонец', **џан кадăна** 'сакана, љубовница' (букв. = душа жена), **џенг** (и: **џен**) 'воено судрување', **џинглешти́сува** 'се бори, војува', **џинци́а** 'чудотворец', **џифаи́р** 'драгоцен камен', **џифаирци́а** 'трговец на драгоцени камења', **џомаа́т** 'општина, собрание', **џуа́п** 'одоговор'.

ПОЗАЈМУВАЊЕ И КАЛКИРАЊЕ НА СЛУЖБЕНИ ЗБОРОВИ ВО КОНТЕКСТ НА БАЛКАНСКИТЕ ЈАЗИЦИ

"... позајмувањето на еден сврзник значи нешто повеќе од примањето на некој полнозначен збор, зашто сведочи за сфаќањето на смислата на туѓиот речнички склоп" (Бл. Конески, Историја...121).

"... извесно мешање на предлозите *уф* и *на*, кога маркираат правец, се должи на влијанието на грчкиот предлог εἰς, а тоа репрезентативно го покажуваат примерите: ~ *си наближиа уф селото шо одиа* 4,23, и ~ *си наближиле на селото шо сакале да ходат* 149,24 (грч. ...), обратно: ~ *да флези на идно село...* (А. Вајан, Кулакиско евангелие,182).

4.1. Зборувајќи за резултатите од контактите на долновардарските говори со грчкиот и турскиот јазик треба да одбележиме "дека освен чисто лексички заемки поврзани со влијанијата на стопанската, општествената и духовната култура се јавуваат и заемки од граматички карактер, што несомнено е резултат на двојазичноста и тријазичноста на словенското население (мажите!) во македонските села (особено во Јужна Македонија)"[22]. Како потврда за ова од Солунско Зб. Голомб наведува повеќе граматички заемки (што немаат конкретна содржина), туку укажуваат на извесни граматички односи во реченицата; сп. од грчки: **афу** 'бидејќи, штом', **халис** 'како да', **икси** 'дали', **ити** 'или', **омус** 'но, впрочем',, **ала** 'според, ама', **амдис** 'наместо' и др.

Присуството на позајмени службени зборови, како и на калки претставува сериозна потврда за постоењето на јазична интерференција, кога говорителот престанува (како што рековме) да

[22] В. фуснота 20.

биде во можност да ги држи одвоено карактеристиките на својот говор од оние на јазикот од кој позајмува (грчки или турски).

4.2. Ол. Јашар – Настева успеала да издвои нешто околу 400 зборoформи и изрази во македонскиот јазик, калкирани од турскиот[23]. Некои од нив ги пронашла имено во материјалите од дијалектите што се предмет на нашиот интерес – долновардарските.

Во првата група таа ги разгледува изведените калки во кои се заема само содржината (значењето) на одделен збор и се преведува, пр. зборот *невестулка* 'ласица', изведено според турскиот назив *gelincik*, а ова од *gelin* 'невеста' (Воден), *невестул'ка* (Серско), *вечерно пиле* 'лилјак', според *gece kuşu* (тур. *gece* 'ноќ' и *kuş* 'птица') – забележан во материјали од Солунско, с. Висока, во соседното село Сухо е регистрирана заемката *гиџе-кушу*.

Во долновардарските говори е евидентно присуството на семантички калки. Специфично за нив е дека нема создавање на нов збор, туку се работи за проширување на регистарот на значењата на одделна лексема и тоа спрема образец од зборот што се јавува со исто основно значење во јазикот од кој се калкира. Конкретно зборот *дете* освен со основното значење во јужните говори го среќаваме и со значење на 'син', сп. пр. од Кукушко: *кумшúкта имáла аднó дéте и двé мóми* (= имала еден син и две ќерки). Изгледа ваквото проширено значење на зборот *дете* се јавува комплетно во јужните (егејски) говори македонски. Ол. Ј. Настева наведува пример (според А. Мазон) од Леринско: *Бéше éден тáтко и éдна мáјка. Имáја éдно дéте и éдна чýпа* (Мазон, с. 116)[24], истиот автор (Мазон) наведува пример и од Корчанско[25].

4.3. Сето ова во глобала е познато (позајмување не само на полнозначни, туку и на службени зборови, како и калкирање на одделни лексеми и изрази), она што останало незабележано, поради суптилноста на проблемот, е дека, во периферните југоисточни говори, освен споменатото позајмување на службени зборови среќаваме и нивно калкирање: т.е. се позајмува само нивната внатрешна страна, а не самите зборови (т.н. надворешна страна). Ваквото калкирање секако треба да се третира како резултат од постоење на многу висок степен на јазично интегрирање.

Како погодност (за споменатово интегрирање и позајмување) да посочиме дека овие периферни македонски говори скоро 1.500 години живеат во симбиоза со соседниот грчки јазик, при тоа треба се земе предвид дека тоа влијание доаѓало од една средина којашто во економски, но и во културен поглед била повисоко поставена.

---

[23] Ол. Јашар – Настева, *Македонските калки од турскиот јазк*, "Македонски јазик", XIII–XIV, с. 109–171.

[24] A. Mazon, *Contes slaves de la Macedoine sudoccidentale*, Paris, 1923.

[25] A. Mazon, *Documents, contes et chansons slaves de L'Albanie du sud*, Paris 1936.

Појавата за која зборуваме – калкирање на службените зборови (според грчки образец) репрезентативно е изразена кај зборовната група предлози. До нивната позачестена употреба во овие дијалекти се дошло не само поради познатото пренебрегнување на падежните наставки што следувало по губењето на деклинацијата, туку и со проширување на "регистарот на значењата" на одделни предлози, коишто презеле функции од други предлози, според употребата ("проширена") на соодветниот предлог во грчкиот јазик.

4.4. Најрепрезентативен случај за широката употреба на предлозите покажува предлогот *на*. "Може со сигурност да се каже дека ни еден предлог во македонскиот јазик денеска нема, ниту пак достигнал некогаш, толку широка употреба колку предлогот *на*. Уште пред да се загуби деклинацијата во нашиот јазик, овој предлог имал доста и различни служби. Но неговото првобитно, основно значење е пространствено: за место кога одел со локативот, и за правец – со акузативот. После, од тоа пространствено значење се развиле и уште многу други апстрактни значења. Така, на пример, со предлогот *на* почнале да се означуваат темпорални, модални, квантитативни и други односи. Освен тоа, тој презел некои служби и од дативната и од генетивната падежна форма (да означува посесивност, намена и др.)[26].

Во споменативе југоисточни македонски говори, поимот место, во врска со употребата на предлогот *на,* почнал да се сфаќа и пошироко, делумно и како положба во внатрешноста, и на тој начин се пресретнува со значењето на предлогот *во*. Примери има повеќе. Во некои од нив изместувањето на значењето на предлогот *на* сепак се движи во опсегот на основното значење, со тоа што доаѓа до проширување на поимот место, но не претендира тоа да се сфати конкретно како внатрешност. Тоа се случаите што напомнуваат на нормативните искази: *на дуќан, на манастир* и сл. Сп.: ~ *дјатенто от пчелите мишјано го тури на вогино* [V PM, 158]; ~ *ним плакасте, лăжа е, одејте на селото* [MC(B),80]; ~ *на мојто време немаше цăрква ни на Дăрмица, ни на Бугариево* [MC(B),72].

Во втората група ќе ги разгледаме случаите во кои предлогот *на* дефинитивно се одделил од своето основно значење и почнал да покажува реална положба во внатрешноста на даден предмет и со ваквата употреба тој станува дијалектно маркиран, бидејќи во литературниот исказ нема развиено вакво значење.

Различни елементи од реченицата ја потврдуваат односнава определба, на пр. поврзаност со глаголи што укажуваат на движење кон внатрешноста (*си натика* 'влезе', *го зарăха* 'го погребаа'), односно со прилози што укажуваат на внатрешност (пр. *нетре*) и сл.

---

[26] Бл. Корубин, *Употребата и значењата на предлогот на во современиот македонски јазик,* "Македонски јазик" , V, Скопје, 1954, с. 30.

Сп.: ~ *умрентујут човек, гу зарăха на гробут* [V PM, 158]; ~ *и гу забухна на арапина девет бојуви нетри на земјата* [V PM, 45]; ~ *јазе бех ошти на мајкиниот ми корем* [V PM, 162]; ~ *лăжицата не можеше да си а тури на устата* [MC(B),75].

4.5. Предлогот *на* во долновардарските говори има развиено и други значења и служби, односно влегува во реченични спреги, не без влијание на соседните грчки говори, што не се обични за централните македонски говори. Сп.

– со значење на 'кај' ~ *калеко и утишел на един царски бахчеванциа* [V PM, 159]; ~ *на едно село си глави на един харин човек* [V PM, 162]; ~ *дујдé на Исýс идéн млáдо дéти* [MV K, 268]; ~ *на секој по два дена да седиш, ки прекараш зимата* [MC(B),75]; ~ *зéвај а пупăдúата, óди на врáгут* [ДВ,17];

– со значење 'кон': ~ *и киниса да ходи на дома* [MC (B),96]; ~ *раскренá Исус óчите му на нéбито и ричé* [MV K, 296];

– со значење на 'за': ~ *ки попарах раната и на два-три дена немах ништо* [MC(B),84]; ~ *не ми даваше вино... ама барим на шест дена ми оздраве* [MC(B),77]; ~ *áма тóј сáкаши на смóква по едúн алтăн* [V,PM,29]; ~ *са почýдиха дéка да и дóбил тóј на пéтшéс годúни тóлку стóка* [V,PM,16];

– со значење 'преку' ~ *как не можа да га види колата му, остана на ноќ там на Галик;*

– со значење 'до' ~ *и направи един елјам на Солун да го обесат – иште да го закол'ат* [MC(B),71];

– со значење: 'од' ~ *шó нéма нéкој на тфóа рудúна да úма таквóј úми* [MV K, 231].

4.6. Предлогот *въ*, во долновардарските говори обично *уф, у* или *аф*, многу често го среќаваме во конструкции (и реченици) коишто отстапуваат од нормата имено поради присуството на споменатиот предлог наместо предлогот *на*. Механизмите на ваквото функционирање на предлогот *во* се непознати или малку познати. Причините за ова треба да се бараат секако во неговата ограничена употреба (со такво значење) исклучиво во јужните говори, оние што биле во допир со грчкиот јазик.

Многу неочекувани се случаите (примерите) во кои предлогот *уф, аф, у* ја покриваат основната употреба на преддлогот *на*: да означува положба врз горната површина на предметот: ~ *приближú при нéа, турú ухóто му аф мóмин курéм от гóри* [V PM, 29]; ~ *да стăпнити уф узгóри уф змúити* (= да стапнете згора на змиите) [MV K, 292]; ~ *да вéзми вúлата у рăнкáта, за распилáј снóпиту у враш'úлуту* [MS,t,66].

Објаснување за ова (како што беше истакнато на самиот почеток) треба да бараме во калкирање на грчкиот предлог εἰς којшто ја покрива употребата и на предлогот *на* и на предлогот *во* – во одредени ситуации. Паралелна употреба на предлозите *на* и *во*

забележуваме и во случаите кога се јавуваат наместо предлогот 'кај' (в. 4.5.): ~ *ка утúшле уф прáсити, си тарчáло сăто бил'ýк* [MV K, 265]; ~ *царјут пусна хабер на зета му да дојди аф царјут* [V PM, 49]; исто така ~ *калеко и утишел на един царски бахчеванциа* [V PM, 159]; ~ *дујдé на Исýс идéн млáдо дéти* [MV K, 268].

4.7. Познато е дека во западното наречје, како центар од каде што иридираат балканистичките јазични посебности предлогот *од* го проширил регистарот на својата употреба: освен што ги изместил старите предлози **изъ** и **съ**, се јавува и како "граматички показател на односот на припадност во конструкции што го заменуваат стариот посесивен генитив – датив... И мегленороманскиот и ароманскиот познаваат генитив со *de (di)*, аром. *h'il'a di amirá* (= ќерката од царот). Посесивни конструкции со ἄπό (од) познаваат и северните грчки говори. Овие конструкции се рашириле веројатно под романско влијание (тие биле познати веќе во вулгарниот латински)"[27]. Веќе истакнавме дека нашите истражувања упатуваат на аргументот дека југоисточните (долновардарски) говори во поглед на "балканизацијата" (или "десловенизацијата") со многу елементи одат (во тој поглед) заедно со западното наречје, таков е и случајот со односнава употреба на *од;* сп. примери од Солунско: ~ *баш на Араплија имаше едно тăрло от галичани* [MC(B),91], ~ *сă женише един братувчед мој от стрико* [MC(B),92], ~ *а пак нашто село беше от една голема ханумка на Селим пашовата мајка* [MC(B),71]. Значи паралелно се употребуваат и двата предлога (*од* и *на*) и во објаснувањето што следува (... *на Селим пашовата мајка*) раскажувачот, заради разнообразие, го користи моделот со *на*. Во материјалите од Кулакија ваквите примери се исто така присутни: ~ *ка умракнá вики, вéли стопáнот ут лóзито* [MV K, 315]; ~ *и гу скрú злáтоту ут áгата* [MV K, 271]; ~ *и прикáзната шо слýшите, нé-ị мóа, туку ут тáтко ми* [MV K, 320].

Ако се земе предвид фактот дека се работи за образец присутен во мегленороманскиот и ароманскиот (: генитив со *de, di*), односно дека "посесивни конструкции со ἄπό (= од) познаваат и северните грчки говори", тогаш не е тешко да се откријат врските и патиштата како односниве конструкции се наложиле во нашите југоисточни говори.

4.8. Освен ова калкирање, би се рекло, познато на поширок (балкански) план, во говорите на Долновардарско среќаваме и други случаи на "внатрешна деривација" на предлогот *од,* кога под влијание на грчкиот јазик тој ја покрива употребата на неколку други предлози. Ова несомнено стои во врска со аналогната употреба на грчкиот предлог ἀπ'ο, кој што во грчкиот јазик (и дијалекти) има

---

[27] Бл. Конески, *Историја на македонскиот јазик,* Скопје 1962, с. 129.

многу широка употреба и се јавува со значење на: 'од', 'за', 'низ', 'во', 'до' и др.

Прво ќе илустрираме со случаите кога *од (ут)* се јавува наместо предлогот 'за' ~ *фӑрли ина́ хо́ртума да сӑ врӑзам ут крӑсту да м'а µ'а́сниш'* [MS,t,53]; ~ *а з'е́ва мајка́-и ут ранка́та, з'е́ва иди́н пӑнт',.. ути́ват, ути́ват* [MS,t,52]; ~ *да гу-фати́ ут гӑркл'а́нут, ки му уда́виши* [MV K, 268]; ~ *сити л'у́ди сака́ле са се фа́тат ут не́гу* [MV K, 224].

Ваквата употреба на *од (ут)* е прилично раширена, освен во споменатите материјали од с. Сухо (и Висока), Кулакија, ја наоѓаме уште во споменатите биографски белешки на Т. Кехаев од с. Ватилак: ~ *си фанах от каикот и излезох... вонка от Вардар* (стр. 87), натаму во Зборникот од Ст. Верковиќ: ~ *тогај го зева нас дунја ѓузели от рӑнката, гу изваѓа вунка* (стр. 162).

4.9. Друг пример за калкирање на предлогот *ут (од)* – кога позајмил уште една внатрешна страна од грчкиот предлог ἀπό (ништо помалку интересен од претходно споменатиот случај), е кога се јавува во служба на предлогот 'низ'. Примерите што успеавме да ги издвоиме се многубројни и од различни извори така што претпоставката за евентуални печатни грешки не може да се смета за аргументирана. Сп.: ~ *пруминаха ут мрӑч'ува́та, исл'а́ха пак на сф'ạти́лу* [MS,t,59]; ; ~ *една́ какара́ска на бе́лијут о́л му фл'а́зи от уста́та му, та му изл'а́зи от гӑзот* [V PM, 30]; ~ *то́а шо не флéва ут вра́та уф ма́ндрата* [MV K, 319].

4.10. Илустрацијата за проширената употреба на *од* ќе ја завршиме со примери во кои се јавува наместо предлогот 'по' (се разбира пак со калкирање од грчкиот јазик): ~ *ут иди́н саха́т' гл'е́нда н'е́ма да сӑ клӑтни н'ӑфту ут трит'а́* [MS,t,70]; ~ *ут д'е́вит' мӑсинца за до́јди за ж'е́н'енти, за ве́зма арга́титу и стрӑпуве́ту.* Во повеќе примери овој предлог (со споменатава употреба) се јавува во придружба на прилогот 'сетне': ~ *ут мрӑва вр'ӑм'ạ с'е́тн'ạ гу гл'е́дат и́ди наса́м сӑс ко́н'у* [MS,t,59]. Освен време покажува и простор: ~ *гу извлече от одајата, го таркал'а от скалите надолу* [MC(B),95].

ФРАЗЕОЛОГИЗМИ

5.1. Тргнувајќи од евидентната потреба за презентирање и зачувување на лексичкото богатство на македонските говори во егејскиот дел, поради зголемената корозија на тој сегмент од народната култура, паралелно со собирањето на речничка граѓа, се обидовме да ја забележиме и народната идиоматика на тој крај.

Зборувајќи за патиштата по кои слободните зборовни состави се трансформирале во фразеологизми, треба да истакнеме дека некои од лексичките единици што се содржат во споменативе изрази со текот на времето, со промените на животните услови исчезнале од секидневниот вокабулар, други го измениле своето значење, а трети се среќаваат со поинаква форма, пр. во фразата **уд и́гла ду ко́ниц** (= од ситна работа до најкрупната, од почеток до крај) се мисли (К. Мирчев), дека е зачувано првичното значење на лексемата **коньцъ** 'крај', како што е и денеска во некои подалечни словенски јазици, пр. рускиот, значи многу далеку од сегашното значење 'конец, нишка'.

5.2. Освен тоа, зависно од фактот дали изразот може да се поврзе со секојдневните манифестации или не, за една средина фразата е слободен исказ, а за друга немотивиран израз, "бидејќи лексикализираните состави по својот произлез се тесно поврзани со условите на местото и времето или со некаков случај, затоа тие во секој јазик се индивидуални, своеобразни и буквално непреводливи"[28]. Да илустрираме, фразата **ту́р-му пе́па̄л** (= подобро да не зборуваме за тоа, да го оставиме) веројатно потекнува од оној период кога, за да се исуши мастилото на напишаното, врз листот ставале пепел и со тоа текстот се покривал, станувал нечитлив; или изразот: **му-ј-пу́шта фити́л'то** (= го предизвикува, го закача) веројатно стои во врска со народското лекување на длабоки рани во кои се ставало фитили за да истече гнојта (слично на денешното ставање дрен, по хируршка интервенција) – за старите генерации, особено за оние што живеат далеку од градските средини (т.е. тие што го паметат стариот начин на лекување), изразот може да биде мотивиран, бидејќи можат да ја откријат потенцијалната врска меѓу конкретните значења на компонентите и преносното значење на целоста; обратно за младите и урбанизирани средини, т.е. тие што не го познаваат лекувањето со ставање фитили, елементите на изразот се десемантизирани, а самиот израз е немотивиран; од истиов, долновардарски крај е клетвата: **фити́ле да̄-рабо́тат пуд не́го** (= да биде тешко болен, со длабоки рани во кои ќе се ставаат фитили).

Сличен е случајот и со изразот: **зијтин-ли́а̄-ј** (= многу е итар и некако недофатлив), – може да се рече дека потекнува од одредено

---

[28] А. А. Рефоматский, *Введение в языковедение*, Москва, 1967, с. 121.

време, и од одредена средина, кога *борéнто* како спортска манифестација заземаше челно место во југоисточниот дел од Македонија: борачите, натпреварувачи (обично Турци), облечени само во кожени панталони се мажеа со *зијтúн* по целото тело за да не може лесно да ги дофати противникот.

Споменатово прелавање на "слободните" изрази во фразеологизми може да се посматра и во изразот: **нéма да-му-свéтам мáсло** (= нема да му правам преголема чест), којшто стои во врска со религиозниот обичај умрените да се чуваат една ноќ (од страна на блиските роднини) и **д-им сă-свéте мáсло**. Се разбира дека за младите генерации, коишто не го познаваат споменатиот обичај, изразов е најасен, а смислата на одделните зборови бледа и без врска со значењето на фразата. Со регионална употреба е и фразата: **зáсук-се** (= заложи се доследно во некоја работа). Во минатото, кога се работело мануелно (без машини), повеќе физички работи барале *засукани* 'поткренати' ракави (за да не се извалка тој што работи), се разбира за носителите на односниов дијалект, во одреден временски сегмент значењето на изразот било мотивирано, бидејќи можеле семантички да го поврзат со конкретното значење на компонентите. Да додадеме дека изразот може да биде немотивиран не само за новите генерации, туку и за претставителите на подруги дијалектни зони во кои ракавите "се поткренуваат" или "завиткуваат", а не и "засукуваат".

Во заклучок: мисловната целост и новото семантичко качество на фразата поникнуваат како последица на затемнувањето на лексичкото значење на зборовите, значи како резултат на одредено преобразување на обичните слободни зборовни состави се добиваат фраземи, што фактички претставуваат сложени еквиваленти на зборови[29].

5.3. Еве уште еден начин како "слободните состави" поминале во фразеолошки изрази: во минатото кога турското влијание било изразито силно, за мнозина бил познат турскиот збор *арзавáл* (= молба), а тоа значи дека можеле да го сфатат фигуративното значење на изразот **ус-арзавáл нé сă излéве (испáѓе) прăд н'óо** (= се прави многу важен, не може да се зборува со него). Денеска, кога македонско-турскиот билингвизам е сé поретка појава, тешко можат да се "дешифрираат" односниве изрази, т.е. значењето на целоста да се изведе од збирот на значењата на составните елементи.

Кога сме кај турското влијание да споменеме дека во нашиот јазик се во употреба и голем број позајмени фразелошки изрази од турскиот јазик (веќе истакнавме дека за ова има пишувано Ол. Јашар–Настева, при што се заема само нивната внатрешна страна: **пúи т'ут'ýн** (= пуши цигари) ; **ми-устанá óкто** (= многу ми се

---

[29] О. С. Ахманова, *Очерки по общей и русской лексикологии*, Москва, 1957, с. 170.

допадна нешто), **скина́л гла́ва на̣**... (= многу личи на...), **пуд-рӑка** (= нешто направено скришно, никој да не виде). Се среќаваат и парцијални калки во кои е калкиран само еден дел од конструкцијата или изразот (турски), пр. во фраземата **кӑч фӑрле** (= се прави многу важен, претерано достоинствен) е позајмен само еден дел – лексемата *кӑч (kaç)* со значење 'бут, горниот дел на нога'.

5.4. Сепак, надвор од различните влијанија, најважниот потенцијален извор за збогатување на националната идиоматика претставува народното просторечие со словенска основа, односно живата и ненормирана фамилијарна реч. Во прв план, со особена фреквентност на употреба се јавуваат "соматичните" фразеолошки изрази, оние што инкорпорираат во себе како компонента назив на дел од човечкото тело: *глава, око, јазик, рака, нога* и сл. Спореди: **дигна́ гла́ва** (= изразува незадоволство, се буни), **не а ди́ге гла́фта** (= постојано работи, без одмор), **скӑрши́ гла́ва** (исчезна, замина некаде – со негативна конотација), **ми сӑ-вӑрте уф-гла́фта** (= одвај си припомнувам), **сј-а тури́ гла́фта уф то́рба** 'се изложи на голем ризик' (постои мислење дека фразата има врска со некогашниот обичај (суров) отсечената глава (на човек) да ја испратат дома ставена в торба, закачена на коњот на убиениот), **и нӑ-тво́ гла́ва** (= тебе ти го пожелувам истото, пр. стапување во брак – возможно дека е скратено од: и на твоја глава да ти стават венец венчален), **гӑ-извличе́ гла́фта** (= си го спаси животот), **ми пу́ке гла́фта** (= имам многу грижи, непријатности), со исто значење: **о́гин ми-го́ре нӑ-гла́фта; му-фа́ште гла́фта** (= се кажува за остроумен човек); или: **длӑк ај-уф изи́кут** (= многу зборува, често неодговорно); **сј-о гӑлтна́ изи́кут** (= многу се исплаши и не можеше ништо да одговори): **дрӑш-с-јо изи́кут** (= немој многу да зборуваш); **му-с удвӑрса́ изи́кут** (= почна многу да зборува); **сј-оо пле́тке изи́кут** (= пијан е и не може добро да зборува).

Конкретно од кукушкиот говор ги извлековме следниве соматички фрази: **адна́та ду́ша (му устана́)** (= кога човек ќе остане без ништо); **адна́та ду́ша му-сто́о** (= се кажува за човек што е многу слаб), **ве́јште ми падна́а** (= многу се посрамотив), **вра́то мо-ј дибе́л** (1.= силен, здрав човек; 2. = човек што има големи можности: пари, протекции и сл.), **бла́га мо-ј кра́фта** (= добродушен, комуникативен); **дигна́ рӑце** (= се откажа од нешто); **и́ма ѓу́шка пе́пӑл нӑ-гӑзут** (= се кажува за оној (онаа) што многу сака да оди на гости, што не седи дома); **ја́јце му-с-пе́че нӑ-гӑзут** (= многу е оптеретен со неодложни работи); **ме́ут му-с-зӑлипи́л** (= многу е ослабнат – како да нема стомак); **на-зӑп гу-зе́** (= го замрази, лошо го третира), **на̣-сӑрце кла́ве** (= многу е осетлив, секоја ситница го нервира); **ус-бе́лките о-гле́де** (= непријателски е расположен спрема некого).

5.5. В. В. Виноградов[30] во врска со степенот на десемантизација на компонентите во изразот, во фразеологизмите изделува неколку групи. Во првата група ги вклучува *идиомите,* кои (според него) не се ниту производ ниту сума од лексичките елементи, туку хемиски состави од некакви растворени и од гледна точка на современиот јазик аморфни лексички делови. Тие претставуваат строго фиксирани семантички сраснатици во кои составните лексеми претрпеле таква трансформација што своето значење го наоѓаат исклучиво во целоста.

Поникнати во дијалектното просторечие, во живата народна, битова реч, идиомите претставуваат потенцијал за надградба на нормативниот јазик со нови изразни можности и средства: **áнѓел'то си-ј виде́** (= кога некој многу ќе се исплаши – како пред смрт); **бе́ре ду́ша** (= многу е болен, се очекува да умре); со исто значење: **прāпи́шуве** (веројатно добиено според обичајот старите луѓе пред смрт да го "препишуват" имотот на своите наследници); **бро́јни урée сă-мо́јте** (= не ми остана многу до крајот на животот); со исто значење: **ас сум нă-кра́јта; во́нка уд ве́рта** (= се кажува за многу суров човек, бездушник); **ги-замăрси́ ко́нците** (= направи непромислена постапка), **грéо не си да́ве** (= се кажува за многу скржав човек); **гу-влéче ка̄и́шут** (= се кажува за оној што работи многу и се грижи за сите од семејството); **о́гин вăрне** (= се кажува за многу топло време, во летен период); **пукна́ то́по** (= се заврши некоја многу важна работа – веројатно од некогашниот обичај важните настани да се соопштуваат со пукање на топ).

5.6. Во втората група влегуваат *фразеолошките единства* (според Виноградов). Тие, како и идиомите, се клиширани целости што во зборувањето се земаат со постојан контекст, а значењето на целоста е единствено и неразделно. Разликата е во тоа што компонентите на фразеолошките единства не се до тој степен десемантизирани, односно може да се насети врската меѓу значењето на целоста и збирот од значењата на компонентите, Сп.: **бис-сапу́н бри́че** (= многу скапо наплаќа); **ко́ка̄л'то му сă-бро́от** (= толку е слаб што и коските му се познаваат); **кăд нас питéл пée** (= кај нас мажот е главен, неговиот збор се слуша); **мезé нă-л'у́јто** (= кога нечија слабост или грешка ја користат луѓето за оговарање); **ма̄-запа̄ли́ чéргата** (= му направи голема непријатност); **и-пукна́ло пирдéто** (= кога некој се однесува без чувство на срам).

5.7. Третата група ја сочинуваат *фразеолошките состави.* Тоа се фигуративни изрази во кои "значењето на зборовните компоненти се изделува многу појасно, но сепак остануваат неслободни" (Виноградов); пр.: **гулéма те-ј у́стта** (= многу зборуваш); **сј-оо пăлне**

---

[30] В. В. Виноградов, *Русский язик (граматическое учение о слове),* Москва - Ленинград, 1947, с. 21-28.

цéбо (= се богати); **Трáјко мó-ј úмто** (= има моменти кога не треба да се зборува, опасно е); **чукнá барбáно** (= им раскажа на сите за она што требаше да биде тајна). Овде спаѓаат и т.н. *предикатски фраземи* во кои глаголот се наложил на целиот израз: **уд-акáл испаднá** 'се исплаши многу'; **чукнá (удрú) зóро** (= се зазори), **пáднá бóлин** 'се разболе'.

6.1. Се разбира дека за нашата работа би било многу корисно ако оваа прва проекција на материјалот и работата врз речникот на југоисточните македонски говори го привлече вниманието на специјалисти од односнава област. Дотолку повеќе што од подрачјето на дијалектната лексика, како што истакнавме, сè уште се немаат појавено монографски описи и речници поврзани со македонскиот дијалектен ареал.

Значи, целта на томот што го објавуваме е да подбуди дискусија, прво од општ методолошки аспект за работата врз дијалектните речници, а потоа конкретно за нашава тема: за изборот на изворната граѓа, за начинот на ексцерпција и користење на материјалот, уште за неговото претставување, прво од граматички аспект и детерминација, а потоа за семантичките ликови во смисла на индивидуалности, варијанти и сл. Да потсетиме дека одделни прашања од материјата веќе ги имаме претставено во одделни статии, односно предавања на повеќе лингвистички собири и конгреси, а најмногу во зборниците од Охридската летна школа за македонски јазик. Поголемиот број од овие трудови се користени не само во речничката граѓа, туку се претставени и во партијата: **Избрани граматички прашања**.

А

а* interj, part **1.** (за обраќање или повикување – обично со 'бе, бре') ~ *адна бабичка оде, стара: "а, бе синко дај то шкембато на-мен"* [ПК,II,234]; ~ *а бре деца, на ви двајси пари та немој га утепувати* [V, PM,138]; **2.** (за присеќавање) ~ *а, и на високите места лозјата ногу ружцале* [ДК,154]; **3.** (за по-дбуда – ајде) ~ *тогас тојнака вик-на балтаџиите и им вели: "а сега да ва вид'а јунацкуто!"* [V,PM,42]; ~ *а тук бре, а там, ги фатихме, ги вăрзахме и ги дадехме един арин ќутек* [MC (B),92]; **4.** (израз за чу-дење – заедно со: 'бе, бре') ~ *"А бе не кажах на ханџијата, кој има да плати, нека плати, кој нема јаз ки платам"* [MC(B), 90]; **5.** (изненада, но и согласување) ~ *"да му кажме, зашо сă насмијала ріăбта нă цăріцта". – "А, лесна работа", рекло тоа* [ИГ,111]; ~ *вике на детто: "ја ја (ја ги ја) бре ка-жи!" – "Ќи зăбрăвиш, туку а оди!"* [ИГ,111]; **6.** (изразува благ прекор, одбивање) ~ *"А, а, за ѓун-луци не плаќам, кој сака, да седи, а кој сака, нека сă вăрни"*; **7.** (за негација на она што се тврди во претходната реченица; интонацијата е специфична) ~ *"Чекме дома!" – "А-а ќи-т чекум!"* (зн. 'нема да те чекам') [ПК,II,17]; **8.** за потврду-вање (со подруга интонација отколку во претходниот случај – **7.**) ~ *"Ќи дојдиш?" – "А-а, идум"* (одговорот е позитивен); **9.** 'ете' ~ *коа сă зăвăртăвăт, а дă-і фтасе, коа глеат па пу них* [ИГ,107].

а conj **1.** (укажува на спротивност) ~ *"има толку царцка д'ăцą да ста-ниш' пак царица, а да езмиш' тус д'ăт'ą а да стан-*

---

* Ѕвездичката пред заглавниот збор укажува дека основната форма на лексемата е реконструирана

иш' измиќа́рка?" [MS,t,84]; ~ *и-ги-пăрчика́ме ку́ти руднини, а о́ни не́-нă пуглидна́а* [ПК (М)]; **2.** 'укажува на паралелност – дисјунктивни (*а - а*)' ~ *та-ква́ би́ше гуди́нта, а слӑнце грée, а до́ш вăрне* [ПК (Г)]; ~ *а сă-стр-е́тăт, а сă-ска́рăт* [ПК,217]; **3.** (сврзување и дополнување) ~ *сă-запа́л'ăт ти́а дăрвата, а ут-дăрв-ата јо́ниăта* [ПК,II,261].

а pron **1.** (кратка форма за директен објект од 'таа') ~ *де́тто а-пăрче́-куве: "Шо́ биде́ мăр ма́ле, шо кă-жа́?"* [ПК,II,263]; ~ *испа́жќе адна гуле́ма ри́ба – ... А зима́л. Са а кла́ве уф ко́рбут* [ИГ,110]; **2.** (кратка форма за директен објект од 'тој') ~ *а но́сиа иде́н фате́н на носи́лото, шо гу кре́ниа че́тири-ми́на;* ~ *и на то час а викна тат-ко му на детито су сăлзи* [MV,K,285]; ~ *и он стана́ а зе́л де́ти-то и на ма́јка му* [MV,K,306]; ~ *и а зва-де́јти дана́к-ут ране́тито, закла́јти гу, и ки си ја́дими* [MV,K,282]; **3.** (кратка форма за индиректен објект од 'таа') ~ *напкун тија на мојата дружина а вел'ат* [MC(B),96]; ~ *он пак а риче: "халал да му е на тој јунак, што цалова белото ти лице"* [MC(B),96]; ~ *да ки а ре́чам на ду́ша ми: Ду́шо, и́маш но́гу добри́-ни, шо да си на́јдат за но́гу гуди́ни* [MV,K,277]; **4.** (кратка форма за директен објект од 'вие') ~ *ја́с а крăсти́х на ва́с су во́да; и́лим о́н ки ви крăсти на Сфе́ти Ду́х Госпо-ди́ново* [MV,K, 307]; **5.** (кратка форма за директен објект од 'тие') ~ *туку бе́ши крада́ч, о́ти он а дрăжиши ке́сито, и па́рити о́н а и́маши* [MV,K,288]; ~ *сăти ви́а а чува́х ут мла́дус ми* [MV,K,279]; ~ *а гле́да вăлкут шо си и́ди на о́фц-ити, и а уста́ва о́фцити, да бе́га* [MV, K,279]; **6.** (кратка форма за индиректен објект од 'тие, они') ~ *ути́шла Мари́а... да а кажа́ла на Учени́цити шо а виде́ла на Го́спот* [MV,K,279].

аба́ f 'дебел, волнен штоф' [CK, 317]; ~ *аба́-ј шо гу-зиму́ват за-кусту́не, гу-тка́јме сăс-чити́ри нуга́л'ки нă-рăзбо́јут. Аба́ гу-ви́кме то. Вăл-нино нă-вăлнино сă-тка́а* [ПК,II,17].

абанци́ја m 'човек дојден од туѓина' [BV,5]; во Солунско: **абанц'и́ја** [MS,s,1].

абанц'и́јка f 'жена дојдена од туѓина' [MS,s,1].

абац'и́ја m 'трговец на платно' ~ *аба-ц'и́ји прода́ваха гри́зуви* [MS,s,1].

аб(в)да́л m 'тој што се однесува неразумно' ~ *рăсту́рна сна́га не́ му сă-рăбо́те* [ПК,II,17]... **абда́л** 'тр-ом, глупав човек (или животно)' [CK,317].

абдес (абдеш) m 'миење на мусли-маните пред молитва' [V,PM,360].

абе́ (и: **а-бе́**) interj **1.** 'за повикување, обраќање кон личност што е пониско поставена, претпоставува извесна блискост' ~ *напкун го фатиха на Битолско... и му рече пашата: "а-бе керата, ти не знаеше ли, што има обесечка? Ха!"* [MC, (B)73]... ~ *па́к му нави́-кува: "абе́ ја ни ви́д'а мо́јта парли́ца, бе́?" – "ја-бе у турби́ца-ј" – "абе́ парли́ца фл'а́ва у турби́ца?"'* [MS,t,43]; **2.** 'искажува покана (во овој случај упатена кон себе си)' ~ *"абе, си-ве́ле... и д-ă-зако́л'ăм, дă-гу-*

зе́м во́а фло́ринут, д-избе́гăм дру́га дăржа́ва" [ДК,137].

абе́р m **1.** 'известување, новина' [BV,K,5]...; ~ *ут Ри́сто не́мме ни́к-ăкоф абе́р* [СК,317]; **2.** фраз.: **абер чинуве** 'известува' ~ *ма пуш-ти баче да ви чинум абер, оти им-ите уд него клајне и здраве и ва кане на службини. вичери* [ТГ,209]; ~ *другаре ми врват пу бели дру-мове / тенки пушки фрл'ат, абер ми чинуват* [ТГ,177]; **пушти абер** 'соопшти' ~ *а пушти́а абе́р' ви́и се́стри му на не́гу* [MV,K,279]; ~ *и-на́м уз-до́бăр на́чин пушчи́л абе́р дă-до́јде дăме́к зă-дă-би́де уф-не́го зе́т* [ПД,143]; **абер ки му дојде** (= ќе дознае некои новости) [ТГ,313]; **абер да донесе** (= да соопшти нешто) ~ *поскоро да до-јдиш / абер да дунесиш* [ТГ,178]; **абер да уднесе** (= да јави, сооп-шти нешто' ~ *ох, си пуштија, гре-јин Ил'о / абер да однесат / ај, абер да уднесат, Ил'о / оти си из-дихна* [ТГ,39].

абердѝја m 'тој што носи новости, пи-сма, соопштенија' [BV, M,5].

абрă (**а-брă**) interj (израз за одобрување, поттикнување) ~ *а́јн де́н та́м, дру́ѓут де́н стана́ме и а-брă, у-брă ни́ă и дуби́цте бе́гме се́ пукра́јо, пу-ма́ле́нки пăтишта* [ПК,II,261].

ава́ f **1.** 'времето како метеоролошки поим' ~ *и́спадни дă-ви́јш ава́та ка́к ај во́нка;* ...'воздух, климатски усло-ви' [BV,20]; **2.** fig. 'психичко расп-оложение' (обично со негација) ~ *не́ ме́-ј ава́та се́га дă-че́кум го́сте*; **3.** fig. 'политичка ситуација' (обич-но негативна) ~ *не́ чи́не ава́та во́-нка, нă-бăркуле́ш ми-мири́се* (= кон-фликтна ситуација, може да дојде до војна) [ПК,II,17].

авади́с m 'новина' [СК,317].

ава́л* m 'начин, погодност' ~ *три-бу́ве дă-мо-на́јш ава́ло, по́-ле́сно ќи-те́-ј* [ПК(Г)].

аваландисе pf 'кога раната ќе се за-црви' = "ќе се подлути" (пр. на уд-рено место, рана, се става кромид да не се *аваландисе*); и **авола-ндисе** ~ на *натртено* (удрено) ме-сто се става *бацак* (= парче кожа од скоро заклано добиче) за да не се **аволандисе** раната [ТГ, 238].

авале́ n 'бреме, товар' [BV,20]; во Кук 'голем товар, ама лесен' [СК,317].

авале́ adv 'нестабилно' ~ *сј-о́ ту-вăри́л авале́ мăга́рто* (в. **аваллѝа**) [ПК,II,17].

аваллѝа adj 'нешто што зафаќа голема површина, но е лесно и нестабилно' ~ *аваллѝа-ј зă-но́сне, трибу́ве дă-т-пумо́гне не́кој* [ПК,II,17].

ава́н m 'специјален сад за толчење (пр. пипер. кафе и сл.)' [BV, 20].

а́вгус (и: **а́густ**) m 'осмиот месец во годината' ~ *тва́ биде́ нă-Бугро́јца ба́ш, нă-два́јс о́сми а́вгус* ...; сп. *а́г-устка тр'е́ска* 'маларија (болест) што се јавува во летниот период, во август' [MS,s,1]

авдеслăк* m 'кратка облека што ја облекуваат кога се мијат муслиманите (пред молитва)' ~ *кадиата и зел един порт-окал, го и скрил на паската му, си зави харно сос авд-еслăкот му* [V,PM.181].

авдуве́ц m 'маж на кого му починала жената, вдовец' [MS,s ,5].

авдувица f 'жена на која ѝ починал мажот, вдовица' ~ *иднó вр'ăм'ạ иднá авдувица им'ăш'и иднó д'ăтл'ạ* [MS,t,81].

авјáр m 'јајца, икра' (од риба) ~ *сулéн авјáр;* сп. **хав'áр** [MS,s, 5]; [BS,V,20].

авлиа f **1.**'богато наѓубрена нива, со многу плодна земја' [CK, 317]; **2.** 'градина, бавча во близина на до-мот' ~ *пýл'ăт уинă-áвлиа пуштéн ину вóл стар* [ДК,137]; ~ *го хвати и го вăрза нозете и рăцете, го из-влече от одајата, го тăркал'а от скалите на долу на авлијата* [MC(B),94]; [BS,V, 20].

авли-плочи pl 'камени плочи со кои е покриен дворот' ~ *нимо јоди ра-но вонка / ладни ни са авли-плочи / изгурех за црни јочи* [ТГ,24].

áвра f **1.** 'молитвен дом на Евреите, синагога' [BV,20]; [CK, 317]; **2.** fig. 'голема (гласна) расправија' ~ *шó-ј таа áвра дóло* [ПК,П,17].

аврадини сиктимина 'погрден израз, вулгаризам, пцост' ~ *ги вел'ам: "А бе вија, што л'уди сте, сакате да ме отепите? Еми от кăрв тече, от не тече ли кăрв аврадини сик-тимина"* [MC(B),86]... ~ *и јаз скокнувам ортана, зевам пушката и викам: "Дур орда бе, аврадини сик-тимини"* [MC(B),93].

автоки́нто n 'автомобил' [KE, 251].

авци́а m 'човек што се занимава со ловење, убивање на дивеч' ~ *ету едни авциие терат един зајак да гу фатјат* [V,PM ,137]; ~ *ка: трéсум крý:шта, амă... дă-не-дóăт нéкуј авции, тă-дă-мă-устáвăте мéне сáм нă-крý:шта* [ПД,157];[CK,317]; во Солунско: **авц'ија** [MS,s,5]; во Гевгелиско паралелно се употребува и **лувач** [ТГ,385].

авцилăк m 'одење на лов (на диви животни)' [CK,317]... ~ *сă-збрáа мăјшто, óдăт нă лóф, нă-авцилăк* [ПК,П,17].

авциоли m 'син на ловција', сп. **авциа** (ловец)' [V,PM,360] ...и **авциолиа** ~ *отиваши сос другите деца да играј; децата гу викаха авциолиа* [V,PM,41].

агá conj 'кога' ~ *и тамáн агá б'éше на вратáта на-пéшчерáта, и нат нéк од гóре дóјде дрýгие óблак* [BC(Д),65]; ~ *имáло ăднó врéм'ạ ạдăн бéдан чул'áк. Агá утúвал на нúвата, вид'ál чи двé д'áца бúјат ạднó мáлку змúјч'ạ* [BC(Д),66].

áга m 'господар, меѓу првенците во турската хиерархија' ~ *јас áга нé знăм лăжа* [KE,278]; ~ *нé и пóгу-лéм измикáрут ут áгата нéгуво* (= во животот има хиерархија и таа треба да се почитува) [MV,K,317].

агалáрски adj 'турски'; сп. *Агалáрин* (= Турчин) [BV,6].

áгалма f 'фигура направена од камен, бронза – статуа' ~ *н'éс днú дóјха ут Англúја иднăја мóма да вúд'ạт цáрскуту áгалма ...* ~ *утúдуха пу-крáј áгалмáта, гу гл'éндат* [MS,t,78].

агáпи f 'љубов, милост' [MS,s,1].

агдá f 'сос, пире од густо варени патлиџани' ~ *тó:-ј вáрни, пăрцéдни ду-мáти, гăсто, алúс тéсто, сă-клáве уф-мáнца* [ПК, П,17], [CK,317].

агизмó (и: **агиазмó, аѓазмó**) n **1.** 'светена вода (в црква)' ~ *нă-Вудúци пóпо кăрсте вóда ус-бусúл'ук, ус-крăс. Сéтне дáве нă-нăрóдо, óни пă га-пúит пу-аднá гăлтка зă-здрáве, а и пупăрскуве нис-кăштта* [ПК,П, 17]; **2.** 'мол-итва' [MS,s,1].

агинка* f 'богаташка, жена на ага' ~ *чорбаџијке млада, ти моја агинке / уф книга книга ми пише мома да не земам* [ТГ,157].

ад part 'ајде' ~ *ад д-ојме на пупрétка. Нивéстта ка-ị млáда ќ-óде уф мáјкă-ị на пусéтка* [ИГ,119].

адá f 'парче, земја среде вода, насип, остров' [ПК(Г)]... *отúде аф мо-рéту, најдé гемúа, си пазари сос гимџúата да гу извáди на еднá адá* [V,PM, 23]; ~ *нá еднá адá ги фарлú. Тáмо úмаши едúн дирвúшин ... Дирвúшинот, кату излезé нá ад-áта дá си шéта, ги најдé* [V,PM,141]; ~ *вúд'ạ ч'ạ пáдна у му-р'éту, кундúса ('с'éдна') и тóј на иднá адá* [MS,t,58]. Сп. **Адáта** top. 'име на место (ниви) покрај река Струма, каде што водата најчесто се излива' (Серско, с.Чифлицик) [ДС(Ч)]; в. **нишú** [MS,s,1].

ад'áса* pf 'се оддели, се прости' ~ *и си умр'ă тóј, гу зарúха и ад'áсаха* (= го погребаа и се простија од него) [MS,t,9]; сп. уште: *јас ад'áсах* (= *устáнах бис рáбута*) [MS,s,1].

ад'ạхá adv 'добро' ~ *му вилú ... : "бахч'úванџ'ú, бахч'úванџ'ú, нóс аманéт на д'ăт'ạту да ни стáни зијáн, да сă ни загубú!" "ад'ạхá!" – и р'éч'и бахч'úванџ'úјата* [MS,t,33] (= согласен сум) [MS,s,1].

адет m **1.** 'кога нешто се прави согласно со традицијата – народен обичај' ~ *тоги имале адет кога да умре царут, да се зберат малечко-големо* [V, PM, 149]; ~ *ету пугазéј ај адéт млăдужéнците д-óт уфбáб-му нă-гóсте (пу свáдбăта)* [ПК(Г)]; во Гевгелиско постои **ад-éт** алиштата што ќе ги облече невестата на свадбата да се исперат пред излегувањето на сонцето [ТГ,173]); **2.** 'навика, карактерна црта' ~ *ạдéт мó·ј д-сă-зạкáчуве ус дéчката* [ПК(Г)]; **3.** 'способност' ~ *ламјата му вели: "сос каков те-ртип сака цар'ут да га земи мојата мома? Јазе имам адет да чинам млогу марифети"* [V,PM,-45].

áди adv 'збогум' ~ *áди мáли! тáти!* (= збогум мајко, татко) [MS,s,1].

áди interj **1.**'израз за подбуда, ајде' ~ *вéли нá женáта му: "áди жéну, сегá нúа кé да сéдними на брáтовата ми кăшта"* [V, PM,149]; со исто значење: **аи-(ј)де, áјда** (и: **ај || хај**) ~ "*ај да пóјми дăш'тиру да пúјми вóда!" – "Хај да пóјми!"– р'éч'и мумáта* [MS,t,52]; ~ *"áјди – му вилú ... – фл'áс нăтр'ạ да пóјми вóлта"* [MS,t,83]; ~ *áјда пóјми дăштиру!* (= ајде да одиме ќерко); *"ај мáјко, вăрви сјáа", рéкăл* [ПК,II,263]; **2.** 'изразува несогласу-вање' ~ *цáру и вилú: "áди ц'áнам! тук úма трúјси днú му ни ч'úхми вр'ạвáта да с'ă ти вилúш' ч'ạ знáị"* [MS,t,30]; **3.** (израз за согласување) ~ *да имум ката ден да јад-ум, ạјд да се умрсум, ама за един рачок* [ТГ, 171]; ~ *му рече: "ми не-кеш и меника да дојдам по те-бика?" – "Ба брате, аку ми милуваш, ела!" Ајде са чиниха четроица* [V,PM,44]; **4.** 'нијанса на заповед' ~ *му вели на кучџиата: "ади, кучџиа, направи кучиата, да идими пак на бан'ата'* [V,PM,56]... *му рече: "ади, господúне, сега дáј ми на мéника онúа, што ти дáдох"* [V,PM,15]; ~ *"Дилмо ки*

дăржите за мен, ајди да вечерами и ки одими на Солун" [MC(B),90] ; **5.** 'за храбрење' ~ *туку ади, немој ти е страх, пак дурде сам јазика жи-ва!* [V,PM,42]; **6.** (изразува недоверба) ~ *ајде де!* (= зарем така беше!?) [ПК(Г)],

ади́н 1. num 'еден' (се среќава и скратената форма *ајн*) ~ *ки-тува́рум ајн тува́р но́зи, гла́ви, шкимби́на* [ПК,II,252]; ... ~ *нава́л'ăве ạдин о́ѓин нạ кра́јта нạ ни́-ăвта, а кла́ве гла́-вта дạ го́ре; – и па́ о́ре во́а* [ИГ,110]; **2.** (како неопределена заменка – некој) ~ *адни арăми́ј има́ли но́го па́ри* [ПК,II,234]; ~ *флéве уф ạдин гра́т, уста́ăве ко́-јнут ... уф а́нут, испа́жѓе уф гра́дут, флéве уф ạди́н дуќа́н (бирбéрин) дạ са́ бри́че* [ИГ, 113]; **3.** 'со придавско значење = еднаков, ист' ~ *еди́н акра́н би́хме* (= на иста возраст бевме); ~ *еди́н бо́ј сме* (= на иста висина сме) [ПК(Г)]; **4** изр.: **ади́н о́мис** (= многу си личат) ~ *Тéнинте кéрки си́те ади́н о́мис-са́* [ПК,II,151]; ~ **уф адна́ имини́а (папуца) и двéте но́зи** (= тешка ситуација – кога човек има многу обврски и не може да ги заврши) [ПК(Г)]; **адна́ ли́ра, ади́н ла́ф** (= зборува малку, одмерено) ~ *на-Куста́кто адна́ ли́ра, ади́н ла́ф (мо́-ј); гумăрзе дă-гуво́ре* [ПК,II,151]; **адна́та ду́ша** (= без ништо) ~ *ка́ дујдéме уд-на́што, уд-до́лце, ус-адна́та ду́ша би́хме* [ПК,II, 151]; **адно́ пéет** (= исто зборуваат, по договор) ~ *ни́м опи́ти нéго, о́ни адно́ пéет* [ПК,II,151]; **адно́ са́** (= станаа многу блиски, се здружија) ~ *éми о́ни сјáа с-адно́, прăд них нé-с испа́ѓе* [ПК(М)]; ~ *отта-мо станаха едно тиа двете Гăрци, отидоха, го најдоха* [V,PM,45]; **адно́ зна́е, адно́ ба́е** (= секогаш истото го зборува) [ПК(М)]; **адно́ тира́, двé најдé** (= се однесуваше лошо и сега трпи) [ПК,II,151]; **адно́то нéшто** (= многу убаво, дури и кога е едно претставува нешто) ~ *ти гă-видéх кумши́кта, адно́то нéшто-ј* [ПК,II,151]; сп. и: **ајн** (< еден) **кăнта́р са́** (= еднаков ум имаат) ~ *у́ста́в-ги, о́лăн, нé-ј глéјш, а́јн кăнта́р-са́* [ПК,II, 151].

а́дја (и: **а́дија**) f **1.** 'ослободување од обврски' [BS,6]; **2.** 'согласност, дозвола' ~ *бити́са мурабéту; и́ш'таш'и стра́тиго́ту а́дија да éзми да по́ј при ма́јка-му* [MSt,73]; ~ *бис н'éгува а́дја* (= без негова согласност) [MS,s,1].

а́дика adv 'без основа, неправедно' ~ *а́дика гу спăждаш* (= неправедно го прогонуваш, бркаш) [MS,s,1]; [BS,5]; ~ *ути́ди да ти напра́ви пăнт', да ти утфо́ри и по́ртата, да по́ш' пра́в'ạ на пара́дисути, а́дика гу го́ниш'и то́с ч'ув'ăк* [MS,t,57].

адно́ conj 'штом, кога' ~ *адно́ мăвидé, са́-скри́;* сп. изр.: **адно́ врéме** 'некогаш, кој знае кога' ~ *адно́ врéме има́ло стра́м уф-л'у́јто* [ПК,II,17].

адно́ч adv 'еднашка' ~ *нă-мужéме до́јме дă-ви́јме Куку́ш ош адно́ч* [ПК,II,252]; ~ *то́о пăрстăно дуну́ве, адно́ш, два́пăт, три́пăт* [ПК,II,263]; во употреба и формата **аднăш** ~ *ко́ј шо има – аднăш сука́но ки би́де – кра́шник, ури́зник, зéлник* [ИГ,119].

адăк 1. adj 'преголем' ~ *адăк скăпути́а, мăка са́-живéе*; **2.** adv

'премногу' ~ *адăк пи́јше, зăтóо и си-умрé* [ПК,II,17] ; 'се употребува и за засилување на прилозите: многу, малку' ~ *адăк нóго сă-зăбăви́хте* (= премногу се задржавте) [ПК(Г)].

адăм m 'чекор' ~ *голéм адăм и́мше* (= се движеше со големи чекори); ~ *пá óде, нéкуј адăм фăрл'ýве, пá ви́ке* [ПД,148]; и: **адим** ~ *што и направил на полето една дупка 40 адими шарока и толко дламбока* [V, PM,184].

аéр (и: **авăр**) m 'покриена просторија за говеда' [ИГ,124]; [BM, 20]; ~ *ко си дóјдăт дуби́цте и си нăмéстат у аéрут, си азăри́сувăт за вичéра* [УЕ,23]; **авăр** [ПД,126].

аерсăс adj 'немирен, непослушен' [BV,M,6]; сп. **аирсăс кóпиле** 'лошо дете' [ПК(Г)].

аз adj 'вистински' ~ *ка сум тенка да висока / јуште да сум црнојока / бих гу зела царовото / царовото аз златарче* [ТГ, 171].

аз praep 'со' (< **ăс** < **сăс** < **сă**) ~ *д'ăдуту му вили́: "д'é за пóјти вăј и јáс за дóјда азвáм!"* [MS,t,80].

аз pron (лич. зам. за 1.л. едн. - јас) ~ *му рекла: "оди сега на прăвнијо ти пријател да му речеш: пријател'у, един човек сакаше да флезе у дома, аз фăрлих, го удрих, го убих!"* [ШК,5,418]; ~ *ама ви́а аку не сáкати да излéзити, áз ки ги зéма бакши́шите* [V,PM,29].

азá m 'член на општински совет, избран' [СК,317].

азаштúсуве impf 'се задржува некаде' (без особени причини) ~ *сă-нăвикнá уф-ни́хка и зăтóо азаштúсуве тáм* [ПК,II, 17].

азгăн adj, indecl. 'тој што не се сообразува со нормите, на морален план, особено во односот меѓу половите' ~ *бéсин, неми́рин, дă-рéчме Азгăн Мáра* [ПК,II,17], [СК,317].

аздúсе pf 'стане непристоен, со отворени полови апетити' ~ *кá ки аздúсе, нé знáа шó прáве* [ПК(Г)].

аздúсин (и: **аздúсăн**) adj 'човек со неморално поведение, со неконтролирани страсти' ~ *аздúсин-ај ут-пáри, уд-јáдне, уд-пи́јне, ич нé-ј думăки́н. Óде пу-жéни* [ПК,II,17]... (може да се однесува и на животни) [СК,317]; ~ *зé адна аздúсина жéна, му-сă-смéт л'ýјто* [ПК (Г)].

аздúсуве* impf 'се однесува неконтролирано како полов субјект, со распалени страсти' (за луѓе или животни)' [СК,317], [ПК,II,18].

азирдúса (си)* pf 'се приготви' ~ *éту а видéле óчити ми пумагáц нáш, шо си азирдисá на óчити на сăти л'ýди* [MV,K, 313] (формата *пумагáц* била необична и за приредувачот на "Кулакиското евангелие"). Сп. **азирдúсин** 'приготвен' [ПК(Г)].

азлăк* m 'отворен простор на предниот дел од куќата, чардак' ~ *зл'áва и д'ăт'анту и сă скáш'тат скáлата* (пр. за беспредлошка употреба на додатокот за место), *хóж'дат нăтр'ц у азлăкут* [MS,s,83]; ~ *и́ш'таха да си л'éгнат, и́ш'таха да кладáт на азлăкут да спú бáба ас кóнизмáта* [M S,s,71]; сп. **јаслăк**.

азмáк m 'мочурливо место, тресавиште' ~ *кáл, дек сăвáл'ăт бúшките. Ај-ги уф-азмáко дек сă-вáл'ăт* [ПК,II,18]; ~ *ни́м гáзи уф азмáкут* [СК, 317].

а́зна (и: **азно**) f 'богатство, сокровиште на богатство' [BV,21]; *~ пушти една книга и вели: "или да земиш една нивеста или да најдиш една твоја прилика, твоја ишкија, да гледаш да најдиш, и азна да не жалиш"* [MC(B),93]; *~ дејна, ноќа книга гледе / на пладнина азна броје* [ТГ,171]; *~ господ... го пушчил уф најголемото азно, да си земе какфо сака* [ШК,5,420].

азрису́ва (сӑ)* impf 'се приготвува' *~ ки зӑфа́тат же́ните да с азрису́вӑт за зӑпусте́јне* [УЕ,31]; *~ ко́га-г до́јдӑт дуби́цте и си нӑме́стат у ае́рут си азрису́вӑт за вичéра* [УЕ, 23]; сп. **азирдиса**.

азрисува́јне* n 'подготовка' *~ о́на пума́га за азрисува́јнто на вичéрта* [УЕ,23].

азӑрцки* adj 'нешто купено како готов производ, не правено дома' *~ не́кој нӑме́сто дома́шна купу́ваа азӑрцка (алва) уд алваци́ите* [УЕ,23].

азӑк изр. за жалење [BV,21]; сп. **јазӑк**.

азӑр 1. adj, indecl. 'приготвен, спремен' *~ зева́јтисти царшти́ната шо и азӑр за ва́с ка́ си курдиса́ дун'а́та* [MV,K,317]; *~ и сфе́тут ки му чи́ни да би́дат азӑр за Го́спот кога́ ки до́јди* [MV,K,206]; **2.** изр.: **азӑр сӑ-чине** 'се приготви' *~ ајде, чинувајте азӑр, а тија што ки дојдат понапкум па ки ји чинме кабил* [ТГ,210]; *~ дӑп, рӑче́л, па́рте ду неде́л'а азӑр дӑ-мй-ј чи́ниш, аку не-ми-ј-да́јш, ки-тӑ-се́чум* [ПД,161]; *~ да чи́ни азӑр л'у́дити да би́дат пра́вини на Бо́га* [MV, K,321]; и: **ази́р** *~ е́ту а виде́ле о́чити ми уткина́чката тфо́ја, што си чини́ ази́р* [MV,K, 317]; **3.** adv 'веднаш' [BV,21].

азӑрлӑк m 'приготвеност, спремност (пр. за патување)' [BV, 21]; во Сол: **хазарлӑк**.

аии interj (изразува чудење, восхит) *~ аии, сӑ-фӑти́ле вӑлкут и ме́чката* [ДК,139].

аи́р m **1.**'среќа, успешна работа' *~ "Е, зима тој човек пари от вас?" "Зима" – кажаха тија."Е, ви ги даде назат, или ви ги борцува?" – "Аир, ефенди, пара кадар ни ги плати"* [MC(B),83]... *~ кукошки биле не снесат, а камо уд друга работа аир (хаске) сакиш* [ТГ, 401]; **2.** 'спас, спасување' [BV, 7]; **3.** 'добрина, човештина, корист' *~ Го́це ми нӑпрӑви ед-и́н гуле́м аи́р* [СК,317]... *на́прави а́јн аи́р нӑ-ста́р чуве́к, ајо́л* [ПК,II,18]; **4.** изр. (клетва) *~ аир да не видиш* (= несреќа да ти се случи) [ТГ, 320]; пожелување добра среќа *~ аир да имаш* [BV,K,6].

аирли́а (и: **ајӑрли́а!**) **1.** adj, indecl. 'среќен' *~ аирли́а не́к ве́-ј сва́дбӑта; ~ ајарлија работа, божиј чувече* [ТГ,332]; **2.** 'добар, што носи среќа, благословен' *~ ки-фӑрл'ат адна́, две́ ду три́ пӑта за да зна́ат сил'а́нта де́ка ајӑрли́ја му-ј но́вта нивéста* [УЕ,23]; *~ дӑ би́л аирли́а ки-си-сиде́л до́ма* [ПК,II,18]; **3.** adv 'среќно' *~ аирли́а дӑ по́чниш* (= пожелување среќа при некој важен настан) [ПК(Г)]; **ајӑрли́а!** 'честито' (како сигнал на добра волја) [СК,317]; **4.** сп. изр.: *~ ајарлија работа; толкава уста!* – за пожелување успешна работа на жената којашто *навијве* (= намотува преѓа на кросно пред да почне да ткае; *толкава уста!* значи зевот при

ткаењето да биде голем [ТГ, 363]; ~ *ајарлија работа! Суз здраве да са прачеке вăршејне* – пожелување кога се жние; одговорот е: *"амин! Да си жив"* ~ *ајарлија и пăлно* (поздрав и пожелување кон рибар кога тргнал на лов) [ТГ,398]; ~ *ајарлија рудниство! чистит ти сват* – честитање меѓу сватовштините кога се склучува брак [ТГ,163]; ~ *ајде нека ви биде ајарлија! Да са живи, да са здрави, да имат век и кăсмет, да си имат уд татко и мајка благусловија, да си кирдосат и на сите Госпуд ваја радост да ја даде* (пожелување кон младоженците од гостинот што е поканет на свадба) [ТГ,332]; во Сол: **хајирлија** 'задоволство, радост' [В, 7,8].

ај part 'ете' ~ *и, áдно вре́ме ај го и́де адин чуве́к нămитна́л че́ргăта нă-гăрбо* [V,PM,150].

ајан m 'управител на губернија' [V,PM.361].

ајáр m 'направено по желба, онака како што треба' ~ *земáх ајáрут нă сáатут. Си́нут ми сă чини́ тăмáм пу мо́јут ајáр* [СК,317].

ајвáн m 'домашно животно, добиток' ~ *ти ајвáн да са чиниш* [BV,8]; fig. 'човек со лошо поведение – што не сака да сфати, да разбере нешто' [ПК (Г)].

ајве́р m 'јајца од риба, икра' ~ *то́-ј уф-же́нцките ри́би, уднéго излéвăт малéчки ри́бички. Ти́и сă ја́јцта нă-ри́пта шо-сăмно́же. Гă-и́ма но́го, уд-адна́ ри́ба мил'о́не испáгат* [ПК,II,18]; сп. **авјар**.

ајгăр m 'нескопен машки коњ' ~ *то́-ј ко́јн шо́ чу́ват зă-приплóт* [ПК,II,18]; ~ *к'и-са-чи́нум, ве́ле, ајгăр. Ти ќ-о́јш дă-мăпо́јш на-че́шмăта* [ПК,II,269]; [ДС(Ч)].

ајд interj ~ *ут-тáа кăпи́нта ли́сто нăјде́х пу́фка, гу-вăрsáх, петнáјс де́на ни́где не уди́х, по́сле ајд Белáсца, дăрва но́сах* [ПК,II,240]; сп. изр.: **ајде долу** – поздрав, пожелување при средба со рибар, зн. = ловот да биде добар. Рибарот одговара: **алах версăн,** зн.= да даде Бог [ТГ,316].

ајдутлу́к m 'крадење, насилничко однесување (дури и со оружје)' [BV,7].

ајлаклăк m 'слобода, неангажираност' ~ *на идна́ де́н ајлаклăк, Х... ки чи́ни зијафе́т* [MV,K, 330]; и: **ајл'аклăк** 'неработење, мрзливост' ~ *шо́-ј то ајл'аклăк ут-вáс?* (= зошто ништо не работите?) [ПК(Г)]; сп. **ајл'ак**.

áјле adv 'множество од нешто' ~ *áјле вре́ме пумина́, ама ни́шту не́ свăрши́хме* [ПК(Г)]; ~ *áјле ми-дунце́, не́ ми трибу́вше то́лко* [ПК,II,18].

ајлăк m 'парична награда за извршена работа' ~ *"и́ш'тиш' да до́ш' сăс м'е́н'а? за ти дáм ајлăк хил'áда и пе́т' стути́на драхм'áнта и да ид'е́ш' и да пије́ш'!"* [MS,t,73]; ~ *но татку му , кату беши сиромах и не беши кадăр да плашта ајлăци на даскали* [V,PM,37]... *детету га дава на даскалут и даржи есап за ајлăците и за писмата* [V,PM,39].

ајлăкчи́а m 'тој што работи на месечна плата' [СК,318].

ајл'áк adj 1.'слободен, без работа' ~ *кăквá си мури́? сă пи́таа. Иликчи́јка (стă ајл'áк – без работа) или урáчка?* [ИГ,119]; ~ *му вели на царјут: "најди ми работа, да не седја*

ајл'ак!" – [V,PM.172]; ~ *пурăнч'ува: "да ни гл'éдаш', мăнц'и, млóгу скăмпа ґулн'ýк, ýтр'ạ за сă нáјди пóскăмпа ґулн'ýк; сид'ă ајлáк да ни с'ạдúш' "* [MS, t,47]; **2.** 'тој што има слободно време' [BS,7]; **3.** 'безработник, тој што не сака да работи' [BK,7]... ~ *тóо шó нé рăбóте, шо нéјќе дă-рăбóте* [ПК,II,18]; [CK,318].

ајл'áзин m 'мрзливец' [ПК,II,18]; ~ *ајл'áзин бúше и млáт, а нé пă сјá кóга устăрé* [ПК(Г)]; в. **ајл'áс.**

ајл'акýва impf 'не работи ништо' [BV,7].

ајл'акчúа m 'тој што останал без работа' ~ *вáадин сум ајл'акчúа* [CK,317].

ајл'áс adj, indecl. 'тој што не сака да работи, мрзлив' (се употребува паралелно со *линлúф*) [ПД,116]; [CK,218]; во Сол: **хајлáс** – [MS,s,8].

ајл'ạзлăк m 'мрза' ~ *кá ме-ј фạтúл адúн ајл'ạзлăк, нúшто нéм сă-пуфáште* [ПК(Г)].

ајмалúа f **1.** 'испишано парче хартија, на арапски (специјално свиткана) со "чудна моќ, носи среќа, заштита" '; **2.** 'нешто што има "магична моќ да чува" од несреќа – талисман' ~ *гă-нóсăт зă-здрáве, гă-прáвăт ус-мунúсто сúно, лýкче, цăрвéн кóниц, клáвăт зăп уд-вăлк и кóса уд-вăлк* [ПК,II,18]; ~ *му рекал: "воа ајмалиа сé на врăз теб да си а носиш, да да не бериш гајле, ер дек да одиш"* [V,PM,149]; – суеверие.

ајмăнá adj **1.** 'слободен' (пр. **ајмăнá дубúтук** – *шо не-ј вăрзăн;* **ајмăнá кóјн** = коњ пуштен на пасење, што не работи) ~ *слубóдно шо пáсе, не-ј нăýчăн дă рăбóте* [ПД,125]; **2.**fig. 'човек (или жена) со слободно поведение' ~ *слубóдин, пýштин, шо шéте, алúс ајманá кубúла* [ПК,II,18].

ајн num 'еден' ~ *он пă утúде зимá ајн лéп, дујдé* [ПК,II,240]; ~ *и тăкá гáздăта си-вăчăрáл, а он удúл у-тимнúцăта г-ујдирáл пу-ајн шăмáр* [ПК,II,169].

ајнá чаúр m 'место што често останува под вода, негодно за работа' ~ *вуднáк, мăртву мéсту* [ПК,II,18].

ајнаци ценабетлер m 'мрзливец' ~ *мулчејте, мулчејте, ајнаци ценабетлер, трабуве една гудина чувек да чека, та така да му дајте леб* [ТГ,342].

ајнацúа adj, indecl. 'мрзлив' ~ *линлúф, гу мăрзе, нерăбутнúк. Нóго мé-ј ајнацúа сúно, нúшто нé фáште* [ПК,II,18].

ајнацилăк m 'мрза, отпор спрема работа' ~ *тóо ајнацилăк удтéјко-му му-ј-устáнăн* [ПК(Г)].

áјол m, vok. 'само во обраќање кон помлад човек; сп. чедо, синко' ~ *нúм óди áјол сáм пу кăрут óти има лóши лýде* [CK,318]; ~ *áј ајóл пумóгними. Устáв-го ајóл, ним гу закáчуви* [ПК,II,18]; ~ *и он му вели: "е ајол, си уморих, та затова викам: ох!"* [V,PM. 234].

ајрија 1. adj, indecl. 'одделен'; пр. младоженците првата година спијат *"уф-ајрија кулиба"* (во просторија одделена од другите членови на семејството) [ТГ,286]; **2.** adv. 'одделно' ~ *нá-ти-о, вéле то шпúрто, кизбéриш сăчки, пăрчки, ки-нăвáлиш едúн óгин, ки-ј-згóриш ти двăтé кучúшча, ама цăрнуто ајрúа, бéлуто ајрúа* [ПД,147].

áјг interj (најавува почеток) ~ *áјт, áјт, дă-сă-јáдăт* [ДК,139].

ајт adj 'кога некој се држи несериозно' ~ *шки́тник, рӑшита́р. Ајт Пӑра́шка и́-ви́кат нӑ-не́каа же́на шо́ ше́те но́го* [ПК, II,18].

ајтали́ја adj 'свечен фустан, бел, со него девојките се променуваат кога одат на селска слава, оро' ~ *јазе да ти купам, Злато / руба, мӑшка руба / сармалија ле џамадан / ајталија фустан* [ТГ,94].

ајрӑссӑс adj, indecl. 'немирен, што прави незгоди' (обично се кажува за дете или за младич) ~ *тӑкво́-ј де́тто нӑ-ва́ш Блӑго́ј, ајрӑссӑс. Ка́ о-путисна́л нӑ-Стрӑхи́луфто де́те, гла́фта ма:-зӑбо́дуве уф-ка́лта* [ПК,II, 18].

ајрӑрче n, dem. од **ајрӑр** 'покриен простор за говеда' ~ *гу-пра́ват зӑ-гуве́та, зӑ-ле́жне, пут-су́шна* [ПК,II,18].; в. **аи́р**.

ак conj 'поврзува кондиционални реченици за главната – ако' ~ *а́к те ли́че за младина, ли́це / ки те ра́нам, ли́це / џӑрве́н шике́р, су́хо гро́зде* [ИГ,107]... ~ *ба́ӑбта му кӑжу́ве: мо́јш да а зе́миш, ама ка́ ќ-ти ка́жум, тӑка́ ако пра́виш, – ак мо́јш дӑ истра́јш* [ИГ,112]; ~ *ак са́киш пӑ дӑ-пра́виш ки́сӑло мле́ко, зӑ ја́дӑне, туга́ва тоӑ сӑ-зӑто́пл'уве пӑ сӑ-туру́ве уд не́го, мӑја́ сӑ-ви́ке та:* [ПД,153]; ~ *"Го́спуди, го́спуди, ка́ дӑ-до́јме, стрӑмута́, стрӑмута́, ни́ӑ ак до́јме"* [ПК,II,246]; сп. изр.: **ак ми па́дниш на-рӑка** (= ако се случи да дојдеш во моја зависностнема да те жалам, ќе те казнам) [ДК,115]; **а́к го́ре кумши́ита** ~ *не́ сӑ-радуви на-чу́здуто ло́шо и уфте́п ки-до́о* [ПК,II,151]; **а́к зна́јш зӑ-бо́га** – *пума́ги о́ти и́ч не́ мӑ-би́ве – уми́рум* [ПК, II,151]; **а́к сӑ-фа́тиш нӑ-о:рто тре́бе до:-игра́јш** ~ *а́к зӑфа́тиш не́каа рӑбо́та тре́бе да-а-свӑршиш, ак не́, ич н'а́а фа́шти* [ПК,II,151]; **а́к не́ те́че, ки-ка́пе** (= ако нема многу, ќе има малку – тој израз обично го употребуваат занаетчиите) [ПК,II,151].

ак m **1.** 'право, заслуга' ~ *ак имаш* (= имаш право) [BV,8]; **2.** 'парична награда за извршена работа' (обично за чување стока за една година *уд Ѓурѓо́вдин ду Митро́вдин*); пр. овчарот (односно говедарот) добива пари (**а́к**) од селаните наесен затоа што ги чувал селските овци (говеда) во текот на летото [ПК(Г)]; ~ *уде́јти и ви́ја на ло́зити, и шо и а́кут ки ви гу да́дам* [MV,K, 315]; ~ *симни се ле доло, млада чорбаџијке / уд вишни дивани акут да ми платиш* [ТГ, 157]; сп. **ха́к** (со исто значење) [BS,8]; **3.** сп. изр.: **н ти счам кут** (= не ти ја одземам твојата награда, парична) ~ *ричé на иде́н ут ни́х: прија́тил, не́ ти се́чам а́кут* [MV,K,315]; **ти́ ми изде́ а́кут** (= ти ми направи голема неправда) [СК,317]... **тӑка́ мо́:изде́ а́ко, нӑ-пра́вина гу-зӑ-твури́а де́тто** [ПК,II,18]; **а́к-мо́-ј, а́к то́-ј** (= дел ми е, дел ти е) ~ *не́ма шо́ да-се-л'у́тиш, а́к ме-ј, а́к те-ј* [ПК, II,151].

акарет m 'мака, тешкотија'; сп. изр. **праве акарет** (= малтретира некого) [ТГ,190].

акни – клетва, зн.: умри, цркни. Немирните деца мајките ги колнат ~ *акни, пукни* [ТГ, 129].

аку (и: **ако, аку**) conj **1.** (упатува на обичен услов) ~ *кла́л ни́ет дӑ-и-упи́та сил'а́јните: а́ко мо́же дӑ-зе́ва и о́н рисја́нцка ве́ра и дӑ-мо́же дӑ-си-о́де нӑ-го́сти* [ДК,153]; ~ *ве́ли на жената му: "мари же́ну... а́ку не́мами ни́ту... ширлага́н дај ми саломада́рникот, да ида да зе́ма"*[V,PJM,17]; **2.** (кога заклучокот следува по негативен услов) ~ *ако не́ те ли́че, ли́це / ќи те ма́жам смо́ла и катра́н* [ИГ,107]... ~ *аку не́ ти ви́ждах те́бика, ки ве́л'ах да е о́на на́ј-хубава на земја́та* [V, PM.9]; **3.** (кога условот се изразува со сложениот сврник **аку...да**) ~ *они тури́ле адна ча́ша утро́ва, аку да гу пувла́дӑт Јарӑм Минӑре́то долу – дӑ сӑ утру́ӑт, дӑ не́ сӑ да́ат жи́ви* [ИГ,114]. Сп. и др. случаи на условност (пр. кога зад условот заклучокот се доразвива) ~ *и сега́, аку са́каш, се́ди ту́ка сос ме́ника да ти и́мам ка́ту че́ду* [V,PM,25]; односно кога заклучокот иако е последица од одреден услов, на планот на временската оска се на исто рамниште (макар формално) ~ *ве́ли...: "диво́јку, ца́р'ува мо́ма! Јазе ти изл'аку́вам, а́ма аку ми зе́ваш ме́ника, мӑж да ми и́маш"* [V,PM,29]; сп. изр.: ~ **ако пропе́е коко́шка като пите́л', чил'а́к ста умри́ фаф ка́шти** – суеверие според кое пеењето на кокошката како петел сигнализира несреќа [ВС(Д),85]; **а́ко бе́ре се́ку пче́ла ме́т Ѓу́шците су лажи́ца ќ-у-сӑркат** – поговорка (зн. = вистинската вредност е реткост, сп. кај Циганите има многу муви, но тие не собираат мед како пчелите) [ДК, 107]; ~ **ако петли́те попе́јат не́ на вр'а́ме, вр'а́мето ста са развали́** [ВС(Д),86]; **ако нив'а́стата изл'а́зе продупче́на, гол'а́мо зло́ ја за кӑшта́та** – во минатото многу се држело до девојчинството што требало да се докаже на првата брачна ноќ [ВС(Д),86]; ~ **ако зами́не н'а́кој през зу́ницата, промен'а́ва са: мӑжӑ ста́ва же́на, а пак жена́та мӑш** – верување: ако некој успее да помине под божилак, виножито (што е впрочем невозможно) ќе си го смени полот [ВС(Д),85]; **ако е кӑсмет** [ТГ,413]; односно **ако саке Госпут** – укажува на човечката немоќ пред силата на природата, несреќата или болеста; со слично значење: **ако е пишано да загине; ако има век; ако е дадено; ако има дни; не је уф наши рӑци** [ТГ,284]; односно: **ако му е дујден часут; ако му е за умирајне, пуд камин да гу кладиш ки умре** (зн. = од судбината и смртта не се бега) [ТГ,248]; **ако ви́диш понапре́т б'а́ло ја́гне, ста добру́ваш; ако че́рно – ста черне́јш** – поговорка, верување, т.е. суеверие [ВС(Д),65]; **ако е уд Бога ричено (да биде – ки биде!)** – резултатите од напорите на луѓето сепак зависат од Бога, и според тоа човекот треба стрпливо да ги поднесува сите работи што ќе му се случат [ТГ,312].

ако conj (наместо услов искажува декларативност) – 'дека' ~ *им рече на падариту: "закал-*

нети са за вашата господарка, аку ништу не ке да му чини на наш'ут господар, така ки ви оставам!" [V,PM,45].

ако conj (при индиректно прашање – 'дали') ~ *и гу пи́та: "са науч'и́ да киманисаш? ... д'е́ да т'ạ ч'ўја јас, а́ку са науч'и́"* [MS,t,27]; ~ *"ја́с – вили́ – за ја пăтам пи́ч'ката, а́ку т'ạ ибá дирминụ'ўјата!"* [MS,t,78].

а́ко conj (концесивно) 'иако' ~ *и ме́чката а́ко-е ме́чка ама зăиднăш сă-уплаши́, воууу, ско́кна* [ДК,142].

ако 1. part 'нека' ~ *о́н ќи-тă-ўдре идну ша́мăр... Ако тă-ўдре, ве́ле* [ДК,140]; ~ *ако, ако, ако – така ки пурасниш!* (се кажува на дете кога ќе падне, за да не плаче); со исто значење: ~ *пл'уни, пл'уни тамо дека падна, ки си најдиш ирмилик* [ТГ,122]; **2.** 'добро' ~ *"а́ку до́о зи́мум тоо?" "аку, зи́мгу?"... ~ "ќ-о:-ви́кнум дă до́: и бра́т-ти, дă-с рăзбе́рме" "ако, ви́кн'о:"* [ПК(Г)].

акшиматико́ m 'воено лице, офицер' [MS,s,2].

акш'и́нца (и: **ахч'и́јница**) f 'јавна просторија во која може да се порача јадење, пијачка, гостилница' [MS,s,2].

а́кш'ио́с adj 'брз' ~ *"мло́гу ско́ру сă утфа́ра и сă затфа́ра гура́та, за в'ä фти́сни н'е́тр'ạ, за в'ä уклаве́! на м'е́н'ạ бирикáт ко́н'у-ми мло́гу акш'ио́с"* [MS, t,36]; и: **а́кш'иус** 'силен способен' ~ *татку-му сă тимо́са мрăва и му р'е́ч'и: "ја́ла, а́ку си ти а́кш'иус, ја́хни гу!"* (= ако можеш (умееш), јавни го коњот) [MS,t,59].

акш'ио́са* pf 'помогне' ~ *т'е́б'ạ Го́спут' ди́лму т'ạ акш'ио́сал дур ту́к си душ'е́л, тр'ăбува ту́к hasáт' да сă врăниш'* [MS,t,60].

акшифá f 'отров' [СК,318]; ~ *утрува́чка, на-то́о ни акшифá дă-не́ му-да́јш* [ПК,II,18]; ~ *а́дна лăжи́ца акшифá и то́лко-ј* [ПК(Г)].

акшифо́син adj **1.** 'отруен' ~ *утро́вин, но́го пуврăште, али́с акшифо́син, нусе́јт-јо уф амбула́нто* [ПК,II,18]; **2.** fig. 'замелушен, кога не знае што прави' ~ *шо мă гле́диш куту акшифо́син' ?* [СК,318].

акăл m 'ум, памет' ~ *и́ч не́мум акăл ви́ке га́јре* [ПК(М)]; сп. изр.: ~ **о́ди пу-не́јн'оо акăл** *тă ќи-прăко́псиш* (= ако ја слушаш неа ќе настрадаш) [ПК,II,18]; ~ *ти, Ва́но* **не́ си ус це́л'ут акăл** (= ти, Вано постапуваш неразумно) [СК,318]; ~ *"а мо́ри же́но, рăче́л,* **збе́рси акăло**, *то:-ј ѓа́вуло, дă-пу́кне", и ѓа́вуло пукна́л* [ПД, 144]; **вили́ сăс акăлут** 'зборува сам со себе, мисли' [MS,s, 2]; **ня акăл ме́-ј** *ка бигува́ме* (= се сеќавам како бегавме) [ПК(Г)]; **ус-жăна́-му ус-акăло кинисáл** (= постапува како што ќе му заповеда жена му) [ПД,153]; **акăло дати-за́јде** (= нешто многу убаво) ~ *Рăнката шо нăпрăй адна кăшта акăло да ти-за́јде* [ПК,II,151]; **акăло му-ле́те** (многу е несериозен) [ПК,II,151]; **уд но́го акăл гла́ва бо́ле** (= се кажува за оној што сака да ги надмудрува другите, да се прави паметен) [ПК(Г)]; (**акăл** – BV,8).

акăл дăши́ pl 'заби што излегуваат кога човекот станува полнолетен – умници' [ПД,115].

акăлúа (и: **акăллúа**) adj, indecl. 'оној што добро расудува, паметен' ~ *имаши един сиромах човек и бил млогу акăлиа, ама колку и бил акăлиа, толку и повики беши гнусин* [V,PM.58]; ~ *нéколку днú сéтни големójут сúн бéши мăра по-акăлúа, земá олóвиту, отúде на нúвата* [V,PM,26]... [CK,318]; сп. изр.: **нóго акăллúа сă-прáвиш!** (= си замислуваш дека си многу паметен) [ПК(Г)].

ал m 'тешкотија, мака' ~ *дă-знáа тéјко нă-кăкóф áл сум, кóсте ќи-си-ј-кýбе* (= ако знае татко ми какви маки имам, косите ќе си ги корне) [ПК,II,18]; ~ *áлуфто нé му сă глéдат* (= во многу тешка ситуација е, не е за гледање) [ПК(Г); ~ *"е, вéле, дéдо, и ас не-знáм дек ом, дă-ми знáјш áло нăглáвăта"* [ПД,147].

ал adj 'пурпурен, отворено црвен' [BV,8]; ~ *áл шąмúą* (= црвена забратка) [ПК(Г)]; ~ *јазе ки ти никнум.../ ал-каранфил'че / дробно бусил'че* [ТГ,102]; ~ *цвек'е си саде ран бел бусил'ук ... / ран бел бусил'ук, ал каранфилче* [ТГ,198]; ~ *уф градини ал-шибој / Илија и Шинка един бој* [ТГ,142].

ал conj (со адверсативно значење) 'но, ама' ~ *тăрговецо от това сă уверил, чи не саде јă излăгал, ал чи је и при нејă спал... и навăрвил да иде дома си, с неат да убијă женăтă си* [V, PM,181]; ~ *ако и да та је мăжо ми пратил, ал јаз ни та пуштам внетре* [V,PM, 280]; ~ *тóј рéкло: "шта мá бúете, ал шта кáза"* [BC (Д),64]; сп. **али, ала.**

алá conj 'ама' **1.** (за спротивност) ~ ... *ги накáра цáр'у, стóр'ąха идúн будрýм "лавúринту". За да фл'áзи ч'ув'ăк, сăс кулáј фл'áваш'и, алá за да сл'ăзи, ни мóж'иш'и да нáј пăнт'* [MS,t,58]; ~ *и вил'áт: "фáт'ąхми тóлкус дýш'а, алá идúн ч'ув'ăк, кáк ја вúд'ą фóтуграфúјата, фáти да плáч'и и óш'ти плáч'и"* [MS,t,25]; ~ *"нăј гу úмами ... сăс нáм, алá нá и стрáх, úш'тими да гу спандúми, ч'ą за на уклавé ш'úч'ка!"* [MS,t,75].; **2.** (за дополнување) ~ *и кáрат, кáрат, з'éха млóгу пăнт'* , *алá замрăзнаха на пăнтó и сл'áзуха на инá гóра удгóр'ą за да стăкнат вóгни* [MS,t,23]; ~ *пруминáх, алá сабáлин мрăва стрáха вúд'ąх* [MS,t,10]; ~ *ч'áка, ч'áка, гу н'éма да дóј гóр'ą, алá си пузнá кабáт'у* [MS, t,29].

áла praep 'според' ~ *сáт'у на трú а ла тýрка* 'три часот според турско мерење на времето'; сп. уште: *áла фрáнга* 'модерно, по француски модел' [MS, s,2].

ала áла* impf 'бара со рацете нешто, цбара' ~ *и му пуштýвăт ąднó пéрце и вóа, алáќи, гу нăјдýве, си чипнýве аднóто око – му сă прăвúдуве, á и дрýгто гу чипнýве, му сă прăвúдăве и ут двéте óчи* [ИГ,114]; ~ *алáх уф-тéмăнто (ама нé најдéх)* [ПК, II,18].

алабилир алáбилúр adv 'веројатно, возможно' ~ *алáбилúр Вáно вá вéчăр ки сă вăрне ут Сóлăн* [CK,318]; 'господ знае' ~ *от Арапл'а га заловиха Арнаутите, ги скриха тија кон'а на орманот, един месец ги раниха два, алабилир* [MC (B),85].

ала браца adv 'кога двајца се држат заедно, под рака' ~ *напкун а свăли полека, полека,*

си га бацува, си га помажи с рăка и га фати ала браца [МС(В),98].

алав* adj 'светло црвен' ~ *тој хламбор го чинат с алава богазиа и сос зелени кăтки* [V, РМ,248]; – суфиксот **-ав** во *алав* Ст. Романски го објаснува под влијание на образувањата: *хуб-ав, боз-ав, мор-ав* [V,РМ,527]; (и: **алов, алув**) ~ *една ширвета алова, и сос алово прело* [V, РМ, 247]; ~ *гуша превзала Руша / с алова шарветка* [ТГ,38]; ~ *што си толко, моме, бела ем црвена / бела ем црвена – алова калинка* [ТГ,96]; ~ *тóги, прéд дýмре бáче, нóсăх áлуф муфéс* (= црвена шамија) [ПК,II,18].

алáверсăн part ~ *шó-ј мăчте дéцта, алáверсăн;* ~ *глéј си-рабóтта, алáверсăн* (= не се закачај) [ПК,II,18].

алаисе изр.: 'за Бога' ~ *ти са мол'а и клан'а! от пустото јангин ме и страх, алаисе да донесам един мој сандăк да го клада тука на поднокăше* [V, РМ,165].

алáксин (и: **зăмăрлýшин**) adj **1.** 'зашеметен од преживеан срцев удар или сл.' ~ *ýдрин... сăзăл'ул'á, алúс алáксин* [ПК,II, 18]; [СК,318]; сп. уште (со исто значење): *кут-зăмăрлýшин бúше кá си-дујдé* [ПК(Г)]; **2.** fig. 'недостоинствен, изгубен' ~ *алáксин или па ýдрин ус-мóкăр чурáп* [ПК(Г)].

алáл m **1.** 'благослов, добра мисла' ~ *нáпкумта ќи зéме тáткото шó дą бúде ут рýăбта, ќи блăгушóве, ќи фăрл'е уф куфчéгут. Ми-і дáве гáјре, алáл ми-ú чúне* [ИГ,114]; во Сол: **халáл** [В,9]; 'дадено од сè срце, со благослов' ~ *алáл дă ти е, Гóце, кóнјут шó ти о дăдéх* [СК,318]; **2.** 'честитка' ~ *дă мó-ј алáл нă-дéцта шо ги-úма* [ПК,II,18].

аламéт кајмéт adv 'многу' (повеќе работи собрани) ~ *му прáви идúн брáк американскију цáр' и н'éк тăмпан'ą, киман'áнта, гóзби, аламéт кајмéт* [MS,t,30], [MS,s,2].

алантиса (сă)* pf 'се разбере, се договори' ~ *са алантисáа óни, ути сăте рабóти ки и свăрше* [BV,10].

аласóн m, bot. Pimpinella anisum 'анасон' ~ *аласóн го клават во ракијата* [BV,9]; (се мисли на ракијата "мастика").

алáсăндек изр.: 'Господ да нè чува' [BV,9].

алáт m **1.** 'орудие за работа на занаетчија (чекан, струг, клешти и сл.)' [BV,10]; ~ *устăнáле уд-рáто изгóрăни, нă-мóже дă-пудúгне кăшча, нéма алáт, нéмă рабóта* [ПД, 143]; **2.** fig. 'машки полов орган' [ПК(Г)].

Алате m (м. л. име) ~ *тоги Алате са чинил ветăр, скăршил колта, напкум фатил утепал царут су сé аскер и са пикнал уф една дупка* [V,РМ, 273].

алат'éра f 'мал сад во кој се чува сол, солник' [MS,s,2].

алáтка f, bot. 'вид оскоруша' (Pirus sorbus domestica) ~ *тúа сă крýши, кут-тóпчита, здрéет лéтто, нéкој ин вúкат дúви крýши* [ПК,II,18].

алафранга adj **1.** 'француски, според француски образец' ~ *сáт'у на трú áла-фрáнга* (= три часот според француско броење) [MS, s,2]; **2.** adv 'модерно' ~ *нивéстта сă-нóсише алафрáнга* [УЕ,5]; ~ *Дúне Чигýнцки сé алăфрáнга сă-путстрúжуве* [ПК,II,18].

алах-билир изр. 'господ знае' ~ *и така на 105-годишен човек – ала(х)-билир може да и повиче – кăсмет биде да пул'ам на стари години* [МС(В),77].

алах бин бериќат версин изр. – пожелување: 'Господ големо изобилство (илјада пати) да му даде' ~ *ах море от Маргарит,* – **алах бин бериќат версин** – *ама што глидане ми даде!* [МС(В),77]; **алах версăн** – израз со кој се заблагодарува ловецот за пожелувањето (изразот) упатено до него: **да спијат!** (зн.: дивјачот да не сети кога ловцијата ќе му се приближи) [ТГ,316].

алáхкирúм изр. 'здравје, здравје боже, жив господ' ~ *алáхкирúм ду-Бужúк, кóј ќи-бúде здрáф и жúф* [ПК,II,18].

алáч(ин) m 'мајстор што стивасува (дрнда) памук' [ИГ,124]; ~ *чувéк шо стивáсуве бубáјк* [ПК, II,18]. Кај Саќов: **алáч** m 'направа за дрндање (стивасување) памук' [СК,318].

алацá f 'тенка тканина, памучна' [Кук, во Вод: **олацá** – В,9].

албáнтин (и: **налбáнтин**) m 'мајстор што потковува добици (им става плочи)' [MS,s,2]; [В V,10]; ~ *тéјко бúше албáнтин* [ПК(Г)].

алва f 'вид десерт (турски) правен од сусам, таан (може и од брашно)' [BV,10]; ~ *нéкуј нăмéсто домáшна купýваа азăрцка (алва) уд алвацúите* [УЕ,23]; ~ *мајка ни ни рече да ни дадиш по един казан алва* [V,PM, 272]; ~ *ки му дáдăт аднó мисýр пăлно су áлва или рăшдúја* [УЕ,24].

алвалáк (и: **авалáк**) m 'подарок, пари што му се даваат на помошникот на мајсторот за извршената работа, пр. за сошиен костим' ~ *вúкме кá-ќ-му-дáјме пáри нă-чирáко ил' нă-кáлфăта кá ко:-дóнце кустýно шо-о-сушијáл мáјстур-му* [ПК,II,17]; кај Саќов: 'подарок на оној што соопштува пријатна вест' ~ *алвалáкут тú гу зимá* [СК,318]; сп. **мижде́**.

алвацúа* m 'мајстор (слаткар) што прави и продава алва' ~ *нéкуј нăмéсто домáшна купýваа азăрцка (алва) уд алвацúите* [УЕ,23]; [BV,10].

алé n 'клозет, нужник во дворот' [ИГ,124]; [СК,318].

Алéксандрóту m (м. лич. име) ~ *Алéксандрóту, кугá умр'ă тáтку-му стáна цáр' тóј и ја казандúса ш'ú·ч'ката з'éм'а* [MS,t,59].

Алéксуво n, top. 'име на селска населба во Кукушко' ~ *Мурáрци пá христијáнско сéло бúше и Алéксуво, тăкá пуд-нáс уддóлу, а нúа бúме уф-стридú* [I2,II,246]; ~ *гóре Штéмница, Рáмна бúă кумшúи, Алéксуво, ус-тúă грăнúчăхме* [I2,II,216].

али conj (со адверсативно значење) – 'но, ама' ~ *му скина една лубаница и испадна, да гу прачеке, да му ја даде. Али тоа што трчише не саке да застане, да ја земе* [ТГ,147]; ~ *се излăжа Ванѓелина, удрила на него / си удрила, Ванѓелина, али не го секла* [ТГ,41]; ~ *шта ти дам нишјан, али пак ни ште можеш да јă излăжеш* [V,PM,280]; ~ *млóгу беши богат, кóјто иман'ето нéгову немаши крáј, али понéже Господ не му дадé чéду, и за товá млóгу си молиши на Бóга* [V,PM,7]. Присуството на односниов сврзник во југоисточните македонски говори предизвика дискусија во научната јавност; поопширно

за ова в. во граматичкиот дел.

алѝз (и: **алис**) adj **1.**'вистински' ~ *зé идно́ чирéк мѝру мирослѝв, но́гу скăпу и алѝз* [MV,K,311]; ~ *измикáрут пá, и тó шо нé-ј алѝз офчáр... а устáва óфци-ти, да бéга* (= слугата што не е вистински овчар... ги остава овците и бега) [MV,K,311]; ~ *и такá си утѝди мумáта уч'é-рн'анта утáм ... алѝс врăкулáк* [MS,t,64] (поцрнета како вистински ѓавол); ~ *óна алѝс вăр-тинáрка, áма за-нѝх но́го ýбу-ува* [ПК,П,325]; **2.** 'додавка кон придавска определба' ~ *фáти да брка пу дулáп'ạ, пу ќуш'áнт'а, пу партáла, стáна алѝс пáлаф* [MS,t,11] (= се измени, заличе на луд); ~ *тáм д'é бирáш'и смóкфит'ạ вѝд'ạ ино́ пѝл'ạ хýбаву, алѝс маламó-сану* (= пиле вистински позлатено) [MS,t,45]; **3.** 'додавка кон именување на директна семејна врска, како потврда пр. 'син', 'ќерка' и сл. ~ *аднáта алѝс кéрка, а другата пашчéрка* (= едната вистинска (родена) ќерка, а другата приќерка); **4.** сп. изр.: *алѝс (мáјка)* 'многу сличен на... како да е' ~ *алѝс мáјка* (= многу слична со мајка ми) [BV,10]; ~ *тó дéтинце е алѝс бáб-му* [СК, 318]; **алѝс билѓбýл'** (= се кажува за оној што многу убаво пее) [ПК,П,151]; **алѝс дѝп** (= се кажува за оној што не реагира, не се нервира) ~ *ти му гувóриш, он алѝс дип, сáмо тă-глéде* [ПК,П,151]; **алѝс ѓýпска тóрба** (се кажува за оној што не е избирлив во јадењето) ~ *он ej алѝс ѓýпска тó-рба, нă-мóш сă-нăсѝте, шо-ќ му-пáдне јáде* [ПК,П,151]; **алѝс кукушкóф дуп** (се кажува за жена којашто се држи вообразено и устата секогаш ѝ е собрана) ~ *нă-Кирáна ин-ej ýстта алѝс кукушкóф дýп, сé ин-ej збéрна, но́го сă-кѝпре, чѝ-ниш ки-знаá кóја-ј* [ПК,П, 151]; **алѝс кýче нă-мăрша** (се кажува за некој што многу просто, незаситно лошо се однесува) [ПК,П,151]; **алѝс нăпѝшна-ј** (= многу убава жена) ~ *Лѝмба, дóдинта штéрка алѝс нăпѝшна бѝше, áма бис кăсмéт, не-ј сă-пугудѝ ич-мăжо* [ПК,П,151]; **алѝс пипóн се-ј чинѝл** (се кажува за човек пожолтен, отечен) ~ *тóо ваш Динѝш алѝс пипóн се-ј-чинѝл, кá-ј пужăлтéл, кá се-ј пуддýл* [ПК,П,151]; **алѝс прăвáлив** (= се кажува за оној што пие многу), со исто значење: **алѝс дýпин** [ПК,П,151]; **алѝс пýјка** (= неснаодлив човек; **пујка** зн. 'мисирка') ~ *уд-дéк о-нăјдé тóо, алѝс пýјка мăр* [ПК,П,151]; **алѝс пăпýда** (многу прост, не знае да се однесува, **пăпуда** зн. 'вид грав') ~ *не знáа дă-скăрше áјн лáф* [ПК,П,151]; **алѝс пăртéпна змѝă** (= многу исцрпен човек) ~ *кá óде алѝс пăртéпна змѝă, сă-влéче* [ПК,П,151]; **алѝс свáтин** (како вкочанет, **сватин** зн. 'парализиран') ~ *ка се-ј чинѝл алѝс свáтин, нé мăрдѝне* [ПК,П,151]; **алѝс тăпăн** (се кажува за човек со голем, надуен мев) ~ *ка го-ј-надýл, алѝс тăпăн, чѝниш ќи-му-пýкне* [ПК,П,151]; **алѝс тăпăнáрин** (= неуреден, несмасен) ~ *сă-зăстрăмѝх кá о-видéх уф-чăрш-ѝита, алѝс тăпăнáрин, кá сă-рăстурѝл, сă-рăзвличéл, дă-тé-ј*

стра́м дӑ-ка́јш от те́-ј рудни́на [ПК,II,151]; **али́с цӑрвик уф-дӑрво** (се кажува за човек што многу пребарува, досадува) ~ *са́мо тӑ-ја́де, али́с цӑрвик уф-дӑрво* [ПК,II, 151].

али́с adv 'многу (сосем)' ~ *нӑј в'е́јки мо́ма, али́с на же́на умѓа́са* (= не е веќе девица, сосема на жена прилега') [MS,s, 2].

алифи́ја f 'маст што се става на кожа, крем' [BV,10].

Али-Хоџино m, top. 'име на село, на патот Стојаково – Солун' (таму го менувале *калаузот* – тој што го води *кирванот* од кирациите) [ТГ,423].

алиш'и́да f 'веришка, синџирче со медалјон' – овде со значење 'засукана преѓа' ~ *с'е́тн'а о́снува́та ја бира́т алиш'и́да, ја з'е́ват ина́ ку́па* [MS,t,7].

алк pl 'народ, луѓе' (многу) [BV, 10].

а́лка f **1.**'парче железо свиткано во круг' ~ *ту́ри-ј а́дна а́лка на-та́а ко́фта, до-зӑка́чум синџи́ро; ~ извади дробен синџир ут сидумдесит оки / му а курдиса алка на вратут* [ME(B), 262]; **2.** 'жена што прави сплетки, оди по куќите и оговара' [СК,318] (веројатно според следниов аргумент: – на портата од надворешна страна има закачено железна алка со која се најавува гостинот); сп. со исто значење: **мандала́рка** (*мандал* е жапка на влезна врата); **3. ӑлка́** 'делот на ремен-от со кој се закопчува'; со исто значење: **бе́лч'у́к** [ВС(Д), 68]; **4.** изр. ~ *а́лка (те́-ј гӑзо, не-т сӑ-рӑбо́те, а сѐ са́киш)* [ПК,II,18]; сп. **алка(џиа)** 'мрзливец' [ПК(Г)].

алко́син adj 'оној што е отечен во очите, има големи подочници' ~ *ка́ се́-ј алкоса́л, не-ј спа́л сӑно́ш; ~ ут-пи́јне ејалко́син* [ПК,II,18].

алли́а adj, indecl. 'оној што има физички недостаток' ~ *алли́а мо́ма и́мше, шо́ биде́ не́ сум чу́л* [ПК, II,18].

алмаци́к m 'бутна коска, колк' ~ *мӑ-вӑрте алмаци́кут не́што, ќи-вӑрне* (= ме болат коските, ќе врне дожд) [ПК,II,18]; [M S,s,2].

алмӑцӑна́ f 'натпревар, борба меѓу домашни животни при што сопственикот на животното што ќе победи има право да го присвои победеното животно' [СК,318].

Алтана f 'женско, лично име' ~ *сӑ-ви́ке мо́мта нӑ-мо́о бра́т* [ПК,II,18].

алти́пӑрмӑкли́а (и: **алтӑпӑрма́к**) adj ~ *то́ј шо́ и́ма ше́с пӑрста. Ја́ уф-Гра́цко Ба́лдуфци и́мше ади́н алти́пӑрмӑкли́а. Ти́а такви́ сӑ-ро́ждат. И уф Кусту́рно и́ма, би́ле о́ше-ј жи́ф* [ПК, II,18]; [СК,318].

алтипӑтла́к (и: **алтӑпӑтла́к**) m 'револвер со барабанче што собира 6 куршуми' ~ *ви́каа зӑ-не́кој пиштуле́т, ше́с пӑта шо фӑрле, кут-бӑрӑба́н и́ма нӑ-не́го* [ПК,II,18]; [СК,318].

алти́ца* f **1.** 'закрпа' (обично на панталони) ~ *а́дно вре́ме о́дӑхме ус-алти́ци, са́мо де́-ј испе́рно гле́дӑхме* [ПК,II,18]; **2.** 'парче штоф во вид на клин, се става на ракавот или на ногавицата (од панталоните)' [ПД, 118].

алтӑн m 'златна монета, ситна, се носи на врат како медалјон' [MS,s,2]; ~ *да ти чи́нам ни́ках сос една́ же́на, да ти да́м утри пет стотини ал-*

тăни да га оставиш, да га зе́ме па́к не́ин мăж [V,PM.11]; *~ зла́тна па́ра, по́мăле́чка удли́рта-ј, сă-кла́ве нă-ка́пте нăбиби́нта, нă-де́тто ка-ќ-сă-ро́де* [ПК,II,18]; *~ се́кој си позна́ има́ниту и си гу земá: алтăни, сре́бро, џифаи́ри и́маши та́мо без бро́ј* [V,PM,22]; (= **стамбо́л**) *~ дунсе́а дупл'а́н. (мамуди́а) и два́ стамбо́ла (алтăјне), пăпу́ци, чура́пе, кавра́к, еди́н за клајна́јне, два, за пукрију́ва́јне* [ИГ,116]; сп. **(нај)пра́вин алтăн** (зн.: златна пара, алтан што ја дава свршеникот на својата избраница за време на свршувачката); во Сол: **алтăн'** [BV,10].

алтăнли́а adj 'златен украс (од алтани)' [СК,318]; *~ на́шта нивéста има алтăнли́а ко́лба, нă-сва́дбăта ин-гă-дарува́х, а́ска* [ПК,II,18]; *~ си загуби ќу́чук Митра / срма кулан, алтăнлија* [ТГ,370]; *~ да ми бркниш де уф та пазва / да искариш де к'емер к'есе / к'емер к'есе де алтăнлија* [ТГ,95].

алтăнче n, dem. 'мала златна монета' *~ уф нидéл'та ниша́н мини́ме. Ни́а ќи да́дме* **ца́ло** *(сребăрна пара), алтăнче, зама́нска па́ра, и цвеќе и ќи́тќичка (кăрăмфи́л'че), вăрза́ни ус цăрве́н ко́ниц* [ИГ,114].

алча́к (и: **олчак**) adj **1.** 'беден, лошо поставен во општествената хиерархија' *~ та: се́лцка мо́ма, на́ј-алча́к, нă-гувăда́р ај, как ќа: зе́миш?* [ПД,151]; **2.** 'оној што не држи до своето достоинство, пр. зема а не плаќа (враќа) и сл.' *~ виде́ на чешма́та да́ пи́ши едно́ пи́смо така́: "ко́ј не́ ки пи́ј от та́ја во́да еди́н та́с, мăж не си бро́и, от же́на по-олча́к је!"* [V, PM.122]; *~ ним сă-пра́ви алча́к, вăрни му-ј па́рте нă-чуве́ко* [ПК,II,18].

алчаклăк m 'чин со ниски морални оценки, нискост' *~ ти́ нăпрăви еди́н алчаклăк* [СК,318].

алăјка f 'девојка (жена) што помага дома, слугинка' *~ уф мене има, Тодоре, до три ми алăјки: / сакиш црнојока, сакиш сијнојока* [ТГ,157]; и **ала́јка** 'слугинка' [BV,9].

алăк m 'човек со ниски квалитети, идиот, изрод' [СК,318].

алăч'кака́н m, zool. Pucus varius 'детел' [MS,s,2].

алăш-вери́ш m 'земање – давање, купување – продавање, трговија' *~ но́го си-и́мат алăш-вери́ш мо́јта и тво́јта сна́а, се́ а́нцак си-но́сат, си-разно́сват;* сп.: *ка́к вăрве пăза́ро, алăш-вери́ш и́ма?* [ПК,II,18]; и: **алиш вериш** *~ халваниовот д'ўќан беши на едно ќуше на една страна, којто денот не можаши да чини пет гроша алиш-вериш* [V,PM.58].

алăштѝсуве impf 'пријатна и лежерна комуникација, пр. кога пријатели водат разговор' *~ нă-мо́жум дă-алаштѝсувум усне́го ич* (= со него никако не ми оди разговорот) [ПК,II,18].

алăшăк adj, indecl. 'привикнат на нешто' *~ ти́ си алăшăк нă та́ рăбо́та* [СК,318].

ал'аким сел'ам изр. 'и над вас мир' (религиозен муслимански поздрав) [V,PM,60].

ал'го n 'езерска птица, им помага на рибарите (од Дојран) при ловењето риби, има *пăпăло́ва* боја, *кăси но́зи, кăса* шија, *кăс* клун, црвени очи, ноќно време работи, помал од гулаб (до 250 грама)'; **а́л'гото** заедно со другите езерски птици доаѓаат наесен, но во Дојран не се

множат, во текот на летото се селат [ПД,126].

а́л' ăт m 'човек што нема рака' [КЕ,242].

а́ма part (за потсилување, дури) *~ бе́ши млóгу учéн и млóгу милости́ф а́ма бе́ши млóгу сиромáх; ама тóлку сиромáх, кóјто нéмаши л'ап да јáди* [V, PM,13]; интересни се случаите кога аргументот за засилување е ставен напред во линеаризацијата: *~ ама кога нимал дни!* – се кажува кога не можело да му се помогне на болниот, бидејќи Господ така одредил [ТГ,248]; *~ ама да ти кажа пăрво, дека ке да идам, та, аку сакаш, ела!* [V,PM,43]... *ама си научих, ча на нејната земја има дефови, што чуват* [V,PM,44]; и **ам** *~ гу пита: "óх мăжу, добро дóјди от Стáмбол! Ам што прáви дивир'ут ми, гу нáјде?"'* [V,PM, 19]; *~ му вéли на дрýгите: "áм сегá сирáци, кáк да чи́ни-ми сóс товá ди́вик"* [V,PM,24]; сп. случаи кога **ам** го засилува interj **ох** *~ кату чу така цар'ут, си разл'ути млóгу и заеднóч са скáза за цáр. Ох, áм дéка отиде оновá рáдос от они́а мóми?* [V,PM,10].

ам (и: **а́ма**) conj **1.** (за спротивност – 'но') *~ му вили́ на инсáну: хýвава ви вили́ти: ш'адравáн'у-ј хýваф, амá пи́тајти да ви́дими стр'éбруту и мáламóту ч'и́-ј?* [MS,t,20]; *~ ка ги виде, ми рече: "Сега, што си млад, не можиш да ги јадиш, ам как ки остариш, как ки ги јадиш?"'* [MC(B),75]; *~ с'éднах два три́ м'ăсници у Сулýн на иди́н друк мáстур за да рáбут'ą, амá ни имáш'и рáбута и такá искулáсах* [MS,t,1]; *~ жинáта-му бóлна, икимц'и́јата ја гл'éда, амá и тóј кýпини ут д'ăт'ąту* [MS,t,13]; **2.** (за дополнување и засилување) *~ ни́м сă-л'ýти, ам и дă-би́ше тýкą пá ќо-зи́маа* [ПК(Г)]; *~ "ми т'ą стрáх, тýк ти-ј врит-éнуту, амá с'éдни два, три́ дни да пуч'и́ниш'!"* [MS,t,63]. Да ги споменеме случаите кога со **ама** се засилува условноста на сврзникот **ако** *~ éс ки óдум, áма и ти́ áко дóјдиш* [СК,318].

амадé adv 'доста, доволно' (од разговор) [BV,10].

амак m 'погрден збор, будалче' *~ и што му веле тенка Малишовка јубава: "оди сус здраве, амак будала биз пушка!"* [ТГ, 157].

амáлин m 'работник што за пари носи на грб различни предмети' *~ нусáч, цел ден кут амáлин рăзнéсуве врéјќи* [ПК,II, 18]; [BV,10].

амáм бајалдѝ m 'вид печено јадење со зеленчук' *~ сă-прáве усцăрни патлицáне, ус-нóго лýк и ус магданóс. Сă-пули́ве уснóго шăрлáн и сă-пéче. Уд-тóо јáдне амáмо бајалдисáл јадéјќи, от би́ло нóго ýбуво јáдинто* [ПК,II,18].

амáн interj **1.** (сака да укаже дека нешто е премногу) *~ амáн мáр бáбо, мóш дé-ј кăсмéт, áма ак-мóјш дă-напрáвиш кути мóјта кăшта* [V,PM,263]; **2.** (извик со кој се бара прошка, милост) *~ тóј фáти да му сă мóли: "амáн, јас н'éмам в'éјки пари́"* [MS,t,41]; *~ "амáн, пóпи, д'é да т'ą и́скрија, манц'óт-ми хлóпа?!"* [MS,t,68]; *~ едни сă пуштиха и ми фатиха кон'от. "Аман, Трајко, да си жив, остави тој човек, што сакаш ки ти дадими. Јазăк, Трајко, ке окепазиш исна-*

фот!" [MC(B),91]; **3.** (во служба на извик со кој се изразува негодување, жалење 'оф, ах') ~ *аман, змијо, јазе ти чиних на тебика харно* [V,PM, 138]; ~ *амáн мăжо не сáкум дă-ми-кáјш, не сáкум парú* [ПД,114]; ~ *амáн брé сúнко нúą ду-чéра бúхме гувидáре, сјá да-а-тéрум цáруфта мáма* [ПК,II,263]; **4.** како припев во народна песна ~ *рáно слáната пóпадна / прет сáми ден Илинден / па ми попáри, попáри / сé по-полéто трéвата / и по-горáта шýмата / лéлин аман шýмата* [ПК,II,236].

аманéт m **1.** 'подарок' [MS,s,3]; ~ *му вилú ... : "бахч'úванц'ú, бахч'úванц'ú, нóс аманéт на д'ăт'ąту да ни стáни зијáн, да сă ни загубú!"* [MS,t,33]; **2.** 'влог' [BK,V,10]; **3.**'порака (завештание) оставено од некој што починал' ~ *д-óдум уф-нáшто, Кукýшко, дă-си-вúдум рóднуто мéсто - тóо мé-ј аманéт ут-тéјко* [ПК,II,18]; **4.**'предмет оставен со цел да се предаде некому' [CK,318].

Аматово n, top. 'име на населено место на пругата Солун - Гевгелија' (овде се менувал небетчијата – оној што го води *кирванут* од коњски коли (арабации) [ТГ,423].

амбáр' m **1.** 'специјално направена просторија (како мала куќичка) во која се чуваат житни култури' ~ *ки и расúпам амбáрут, да ки а прáвам пóгулéм; да тáму ки и прибéрам ѕăта рáна и добрúници* [MV, K,277]; ~ *когá дојдé вр'áмето нá врăшилáта ... кладé тајфáта му да изметáт амбáрите* [V,PM.119]; ~ *седомдесе вр'атина ниви да ха с'аиш, да ха жнииш, да ха врашеш и пшеницата на амбар'ут да ја износиш* [V,PM,278]; **2.** 'плетен кош за складирање на житни зрна' [MS,s,3]; ~ *за растувáр'ąт кóниту, за сúгнат вр'ăтиш'тăт'ą, за супрáзн'ат ж'úтуту у амбáр'ут* [MS,t,67].

амбáрќујлúа m 'жител на селото Амбар Ќој' ~ *тóо шó-ј уд с. Амбáр Ќóј сă-вúке амбáрќујлúа* [ПК,II,18].

ąмбóл m 'волнена покривка со реси, јамболија' [KE,271].

ąмбął'áсą pf 'калеми' (дрво) [BC (Д),83].

амéн (емен) conj 'штом' (покажува време во кое се врши некое дејство по кое веднаш следува дејството на главната реченица) ~ *амéн исл'áј мáјката ут вăнк пóртата – трáнк! сă затфáра, мумáта устáнува н'éтр'ą* [MS,t,53]; ~ *амéн утúди да фл'áзи у турбáта да му зид'é л'áбут, прифтáса ч'уфч'úјата* [MS,t,77]; ~ *амéн (мóлис) јáхнува д'ăдуту, хóж'да д'éсит' вр'ăтин'а надалéку ... ~ амéн да утúва мăра пăнт', пáк пáж'да кóн'ут* [MS, t,80].

Америкú top. 'име на држава, континент' [MS,s,3].

амsăлúцко* adj 'она што припаѓа на с. Амsалија' ~ *нą-трéтјоо зáјц фăтúл амsăлúцкуто цăдé нă-гóр* [ПК,II,269].

áми part (за потсилување, се јавува на почетокот на реченица) ~ *кăрпáчинот отговорú: "áми господáре, јáзе имам толку тајфá; сáкат да јáдат"* [V,PM,17]; ~ *му вéли на цáр'у: "áми цáр'у, óни как ки ти вúдат тéбика, нéма да чúнат кату сношти цимбúш, зашто ки га и страм"* [V,PM,10].

ами conj **1.** 'искажува спротивставеност којашто доаѓа по негација' ~ *дéка д-ојди сегá, не знáј, ами кинúса от тамо, отиде аф еднá гóра* [V,PM.10]; ~ *а баче му му речел: "а бре лудо, тоа не е мајкинио прăшлин, ами е вуденичарски камин"* [ШК,5,420]; ~ *óти ни е ч'улéшта нáправа, ами от јýди* [ВС(Д),80]; **2** (во прашално-извични реченици) ~ *му вéли: "óх мăжу, хáрно си земáл рúбата... ами кату нéмами нúти сóл, нúту пипéр?"* [V,PM,17]; **3.** (во составни реченици) ~ *и тóј са зач'ýди пак, штó да е прáви, амú стáна та е зимá, та е откáра фаф гóрата* [V, PM,264].

амúн interj **1.** 'пожелување, да биде како во молитвата' ~ *госпуди Боже! Свита Трујца, да ни пуможиш! Свита Нидел'о и Свита Бугуројцо, мајка Ристова, ни дадејте здраве и касмет и бирикет... И ка е арно така да биде! – Амин!* (во примерот **ни дадејте** имаме необична линеаризција – проклиза во формирте на императив, за ова пошироко во граматичкиот дел) [ТГ,18]; ~ *амин! Госпут на вас поарна* (или *подобра*) *да ви даде!* – отпоздрав на поздравот: *добра ноќ!* [ТГ,325]; ~ *амúн* (*ричéл пóпут*); **2.** во изр.: **нáјде, пугóде на амúн** = 'затекне во добра расположба' ~ *сј-о-пугудúл нă-амúн тă ти свăршúл рăбóта; ~ ним мă-зăкáчуви, нé си мă-нăјдéл на-амúн;* **амúн му-вéл'ум** 'му одобрувам тоа што го прави' ~ *тăкá-ј, он сáке сáмо амúн дă-му-вéл'ум* [ПК,II,18].

амлé* n 'настојување, напад' ~ *кá му-ддé амлéто, дă-вúјш кá кăжýве и шó-ј и шó нé-ј* [ПК,II, 18].

амóт' adv 'изразува прашање – зошто' ~ *фáти да ја припúта тóс ж'инáта: "ми ни кáзуваш' ти на м'éн'ą тузú д'ăт'ą амóт' такá гу вúкат Дијунúш'?"* (= не ми кажувашзошто тоа дете го викаат Дијуниш?) [MS, t,47].

амýр m 'одредена количина што туку замешан малтер, собран на куп пред употреба' ~ *напрáвин* (замешан) *битóн, мош и мáлтăр. З-адúн зúд трибýве дă-с-напрáве два-три пăта амýр и тóо бајá гулéм* [ПК,II,18] – изведено од основното значење 'тесто'.

амýт m 'коњска опрема' ~ *тúи сă-кăúше, шó му-ј-клáвăт нăглáфта нă-кóјнут кá о-пригнýвăт* [ПК,II,18].

амăн interj 'извик со кој се бара помош, милост' ~ *фáти змúјата дă-вúка: "амăн, оф, извáјмă!"* [ДК,137].

ан m 'зграда со простории што се издаваат за преноќевање на луѓе и добици' ~ *флéве уф ądин грáт, устáăве кóјнут ... уф áнут, испáжѓе уф грáдут, флéве уф ądúн дуќáн (бирбéрин) дą сă брúче* [ИГ,113]; ~ *уфáно спúит пăтници, тóо овúкаа áн адно врéме, сјáа утéл;* **ан** part 'де, ајде' ~ *áн дóвúдум тóо шéј шó о-нóсиш* [ПК,II,18].

анáва катáва adv 'надолу, тука таму, во различни правци' [MS,s,3]; fig. ~ *гл'éдаш' анáва катáва гу кáрат с'éлуту* (го претресуваат – крстосуваат одозгора до долу) [MS,t,2].

анáј m 'отворена просторија на спрат на предниот дел од куќата – чардак' ~ *тó-ј гóрин пу-*

тóн, нă-чăрдáко му-вúкат анáј [ПК,П,18].

анајка f 'мајка' – турцизам, децата го употребуваат кога се обраќаат кон мајка си; vok. *анајке* [ТГ,131].

аналóгус adv 'согласно, соодветно' ~ *л'у за нараст'é дур на кул'áнуту ... гу зарúвами курин'ó и с'éтн'ą за нараст'é аналóгус на нúвата на кувéт'у* (= ... ќе порасне согласно со квалитетот на нивата) [MS,t,5]; ~ *напýлнувáми двáјси, трúјси калáм'а аналóгус на мутувúлата, ш'ту за снувéми* [MS,t,6].

аналáка f 'втора жена на татко-то, мајка' ~ *д-úмиш мáјка ил' аналăка не-ј еднó* (= не е исто дали имаш мајка или мајка) [ПД,117]; ~ *не алúс мáјка, нé-о-глéде áрно дéтто* [ПК,П,20].

анáм (и: **анáма**) f 'жена, муслиманка, Турчинка' [BV,10]; сп. **анáмска рáка** bot. (= украсно растение, има жолтеникави цутови што по бојата напомнуваат на раката на анама) [ПК (Г)].

анáнги f (?) 'потреба, цел' ~ *си прáви сăс умó: "ш'то анáнги да пóда јáс склáвус дăсапáк, афý úмам инá камúла парú"* (= каква цел има, зошто да одам за да бидам роб ?) [MS,s,3]; [MS,t,14].

анáнки adv 'нужно, неопходно' ~ *и си рéкух сăс умó: н'ăј анáнки да дóа да ти кáж'а и дăса с'éјну склáвус* [MS,t,15].

анáсанá (и: **анасина**) 'пцост што ја употребуваат (обично) мажите' [BV,13]; ~ *дојдеха двамина Арнаути право на мен;... и јазика лигнувам на земена и викам: "назад, анасина, ви јадех!"* [MC(B),74]; често во придружба на изв. **ај** ~ *му паднало криво и си рекал: "ај, анасина"* [ТГ,147].

анасина сиктимини 'вулгарна пцост' ~ *напкун пиха ракиа сăс жените, не стига това, анасина сиктимини, напкун сакаха жените да скокат голи* [MC (B)72].

Анасташ m 'машко лично име од Гевгелиско' [ТГ,114].

Анашгасúѭ (и: **Анашгасúй**) f (ж. л. име) ~ *тăкá сă-вúкше жéнта нă-чúч Алéко* [ПК(Г)].

ангарија (и: **ангăрúą**) f 'работа под принуда (обично физичка), без парична надокнада' ~ *"ангарија от царот нема, што едипсизлик е това!?"* [MC(B), 91]; ~ *т'ą з'éва на чýзда рáбута (да сă тиранúсат)* [MS, s,3]; ~ *рăбóтиш, а не ти плáштат;* сп.: *нé ми рăбутú вáа-дин ангăрúą тă дă-тă-рáнум áска* [ПК,П,18].

ангáт m, zool. 'вид птица' ~ *бéло пúле (гулéмо) кулк аднá бúба-ј* [ПК,П,18].

ангел* m 'натприродно суштество што ги пренесува пораките од бога' ~ *и така ангелето гу зели на човеко на небото и господ за да му плате за доброто* [ШК,V,420]; сп. ~ *áнг'елус пу кирúју* (= Господов Ангел) [MS,s,3]; *ангил* [KE, 249].

Ангелину f 'ж. лич. име – Ангелина' ~ *најмáлката, Ангéлину, óна бúла нájхáрна* [V,PM,132].

ангинисан* adj 'осветен' ~ *ангинисана кошул'а* 'осветена кошула од страна на владиката којашто ги "штити" жените – породилки' (да не ги *путиске или газе сенка* – вообразување дека ноќно време *сенка* – ѓавол ги задушува, притиска, дави породилките) [ТГ,111].

анги́стра f 'јадица, кукичка на јадица' [MS,s,3].

Англи pl 'припадници на англиската нација, Англичани' ~ *си до́јдух туќа́; и тук на́јдух Англи, Га́ли, Италији, Срѓби на сулу́нската периф́ер'а* [MS,t,2].

англиски* adj 'она што има врска со Англија' ~ *ќ-о́јш уф-Ло́ндун, та́м англи́скио кра́л и́ма де́те уф-ко́жа зѓви́но* [ПД,118].

Анго m 'машко лично име од Гевгелиско' [ТГ,114].

ангу́ла f, zool. 'риба, јагула' (Anguilla, anguilla) [ПК,II,18]; [BG, 14].

ангул'а́са pf 'прегрне' ~ *ка-ја ви́д'ѓ то́ј, трач'а́ и ангул'а́са и сѓ-спузна́ха* [MS,t,26].

ангу́рка f, bot. 'диво растение, има плодови како мала краставица' (служи за лекување од жолтица) [BV,14].

анда́к (и: **а́ндѓк**) m 'ров, ископан длабоко покрај нива, служи за наводнување' [BV,13]; ~ *а́ндѓко-ј пѓлѓн во́да, а́ј-гу, на́, шо́ не́-ва́јте пипе́ро?!* [ПК(Г)].

анда́рин (и: **анда́р**) m **1.** 'грчки полицаец'; **2.** 'разбојник' [BV,-13], пошироко: 'вооружено лице' ~ *пулица́јц, но́го ло́ш анда́р ај то́о, чу́в-сѓ уд не́го* [ПК, II,18].

Анди – Питруш m 'м. л. име од Гевгелиско' [ТГ,114].

Анди – Филис m 'м. л. име од Гевгелиско' [ТГ,114].

анди́с adv 'наместо' ~ *и сл'а́ва то́ј ут дума́; анди́с да по́ј на теа́труту сѓ пука́ш'та го́р'ѓ на бр'ѓсто́* (= наместо да оди в театар, тој се качува на брестот) [MS,s,3]; [MS,t,21].

Андон m (м. л. име, односно име на празник) ~ *Свети Андон је тежук и аталија празник на луди луѓе* [ТГ,130]; ~ *мори утат иде / калеш Андон, л'у-л'а-је / мори, што му веле / фудул Сирма: л'у-л'а-је* [ТГ,69].

андрагати́са pf 'напредне' (успее) ~ *ж'ината́-му андрагати́са, ста́на лухи́ја (ч'а́ш'ин)* [MS,t, 73].

андрагати́сува impf 'напредува' [MS,s,3].

андра́ла f 'попречување, збркување' [СК,318].

анѓѓло́сѓн adj 'многу исплашен' ~ *флизе́ тѓрча́јќи кут анѓѓло́сѓн, шо му би́ше рѓбо́тта не́ зна́м* [ПК,II,20]; сп. изр. **анѓел'то си-ј-виде́х** 'почувствував голем страв, бол' ~ *ка́ мѓ-чѓло́са ус-адна́ мустуѓа́рка... а́нѓел'то си-ј-виде́х* [ПК,II,152].

анзар m 'погрден збор, свиња' ~ *напкун пашата му рече: "А бре анзар, а бре ќафир!"* [МС (В),90].

анимчиче n 'вид цвеќе, се сади во дворовите' [ТГ,304]; сп. **анѓмска рѓка** 'украсно дрво'.

анишшица f 'ќерка од брат или сестра – внука' [V,PM,354].

а́ниш'и n 'период од годината по зимата, пролет' [MS,s,3].

Аништа top. pl 'име на место во близина на с. Фурка' ~ *се́лто пѓрво би́ло нѓ-ѓѓде́то зѓ-Вѓла́ндѓво, сѓ-вика́ло Аништа, ама о́ти сѓ-дили́ло, пу-ту́рцко гунѓричѐли фѓрта́ли* (според народната етимологија од овој назив (**фѓртали**) се добило името Фурка) [ПД,174].

анкѓписи́ adv 'ширум отворено нешто, пр. влезна врата' ~ *шо́ сте устѓви́ли си́чко анкѓписи́ утво́рино* [ПК,II,20].

ано́дино n, bot 'диво планинско цвеќе, личи на мента, го користат за лекување на жолчка' [BV,14].

антери́й (и: **антериѝ**) f 'машка кошула' [Дој], во Ник: *уд-го́ре-ј, а уд до́л ај кушул'а;* во Пат: **антăри́а** значи 'женска долга кошула', а горната (машка кошула) ја викаат **дула́ма** [ПД, 118]; в Гев: **антерија** 'долга кошулка, како фустанче што децата ја носат одозгора до 3-4 годишна возраст' [ТГ,130]. Сп. Саќов (според материјали од Кукушко): **антириа** **1.** 'облека на поп, расо'; **2.** 'долг фустан, носен од стари жени (од волнен, домашен штоф)' [СК,318].

анти́ка f **1.**'нешто многу старо, предмет, монета и сл.'; **2.** fig. 'оригинална личност, итрец' [СК,318].

Антимо m 'л. име' ~ *от там поп Антимо, одејки на Свети Вангеристра, минува от Гроздинта куќа, демек мојта керка* [МС(В),80].

анџак (и: **а́нџăк**) adv **1.** 'имено, токму' ~ *а́нџăк е́с нă те́п тă че́кăх* [СК,318]; **2.** 'постојано' ~ *а́нџăк мă-рăспи́тувиш;* ~ *а́нџăк гуво́ре, се́ мо-ј-утво́рина му́цкăта* [ПК,II,20].

анџак interj 'море' ~ *тој им вели: "анџак мајстори, јазе имам две магаринта, сос них за носја камина"* [V,PM,180].

анџи́й m 'сопственик на **ан** (= прифатилиште, хотел)' ~ *ни́й сăфте́ ка́ удде́ме, ка́ нă-ублича́а, ги-дăде́ме нă-ади́н анџи́й ру́бите, та́м уф Со́лун* [ПД,174]; [BV,13].

анăмка f 'жена од муслиманска исповест' ~ *има́ло идна́ анăмка, идну Мăкидо́нец* [ДК,134]; сп. **анама**.

анăс m 'нива ожниена, стрниште' [MS,s,3]. М. Малецки зборов го поврзува со **ќелеме́**, но тие имаат различни значења, имено **ќелеме́** не значи 'стрниште' (ожнеана нива), туку место со лош квалитет и затоа многу често е необработено, сп. *ке́л'-гере́н* (= земја со лош квалитет).

а́п m 'таблетка' (лекарство) [BV, 14]; ~ *да́ј-ми а́јн а́п сă нăпи́м, но́го мă-бо́ле гла́афта* [ПК,II, 20].

ап interj 'ете, веднаш' (за засилување) ~ *ап две́ ли́ри му-да́ змеу́т* [ДК,139]; ~ *ап, му-гу-смăкну́ва су се́ угла́мник* [ДК,137].

апанж'а́к* m 'горна облека, наметка за од дожд' ~ *покри́ ади́н ка́мен сас апанж'а́ка* [V,PM, 262].

апансăс adv 'изненадно, одненадеш' ~ *сă-здăде́ апансăс, ќи-мăизе́јше* [ПК(Г)].

а́пе* impf 'каса' ~ *мăкăм ви́киме нă-живути́нте, кучи́на и́ма не́кој мăкăми, шо а́пăт* [ПК,II, 242].

а́пе (мă)* impf 'чувствувам потреба за чешање на кожата надразнета од нешто, пр. од болви и сл.' ~ *чти́рсăт ду́ши сă бра́тја, сăта ве́чăр сус пу́шките нăврăз те́бе сто́ат; ама тă апа́ло, шита́ло, не́ма да мăрдниш и́ч* [ИГ,112].

аплос (и: **а́пл'о**) adj 'прост, глупав' ~ *сăм аплос чуве́к* [BV,14]; 'погрден израз за човек што се однесува несериозно' ~ *зе́јко, пу-це́л де́н шете́ пу-пăтиштта кут а́пл'о, ни́што не́ рабо́те, са́л зе́е* [ПК,II,20].

а́пне pf **1.** 'касне нешто на брзина' ~ *"ајде да извадиме некоа мрăвка да си апниме!"* [V,PM, 152]; ~ *"е, ре́кăл, тăка́, тăка́, дăрвуто, дујде́ ѓа́вуло, нă-излăжа́, апна́ме"* [ПК,II,325]; **2.** 'каснување од змија, куче и сл.'; **3.** 'убод од оса (пчела)';

при последниот случај на местото на убодот се става босилек и мед' [ТГ,245].

апо́ о́ла тачишитк'а̣ adj 'од сите видови, по нешто од секој вид – разновиден' [MS,s,3].

аподи́лато n 'велосипед' [КЕ,248].

апри́л m 'четвртиот месец во годината' ~ *и бити́сува, дур на три́јси и трит'ӑх; апри́л на идина́јсит'ӑх то́с ж'иво́т* [MS, t,3]; ~ *и до́јди тузи́ де́ка ипта́ у апри́л сӑ пу́ш'таха на́ш'та илики́ја* [MS,s,3].

апс m 'затвор' ~ *гу тури́ле апс* (= го затвориле) [ПК(Г)]; во Сол: **хапӑс** [В,14].

апсана́ (и: **апцана**)* f 'затвор' ~ *за по́јми у́тр'а̣ на апсана́та, за изва́јми два хапӑза, ш'ту сӑ ида́ми'и́за; и тук и́ма иди́н бо́лин* [MS,t,42]; ~ *гу фа́тат, гу кла́ват хапӑс и н'е́гу и то́ј хи́ч' ни па́псува пла́ч'ин'е́ту у апсана́та* [MS,t,25]; ~ *тогај, братко, идно Турче – Босналијче / јут дека било затворену ув апцаната* [МЕ(В),259].

апсанција* m 'чувар на затвор' ~ *се развикал јут дека бил ув зандана / се развикал на апсанцијта* [МЕ(В),259].

а́псӑздан adv 'одненадеж, неочекувано' ~ *мӑ прӑтисна́а го́сте а́псӑздан* (= неочекувано ми дојдоа гости); ~ *флизе́ме а́псӑздан, уплӑши́ме л'у́јто* (= влеговме одненадеж, ги исплашивме луѓето) [ПК,II,20]; ~ *ти́ дујде́ а́псӑздан* [СК,318]; сп. **апансӗс**.

апуди́кса* pf 'докаже, потврди' ~ *"ка́к мо́ж'иш' да м'а̣ апуди́ксаш', о́ти мо́јта ж'е́на пута́на-ј?"* (= како можеш да ме убедиш дека...) [MS,s,3]; [MS, t,70].

апуди́ксува* impf 'докажува' ~ *му вили́ : "с'ӑј сара́та, ш'о́ за сто́риш'?"' – "за и е́зма – вили́ – иди́н прӑстин!" – "сӑс ту́с му ни апуди́ксуваш' " – вили́* [MS,t,71].

апукли́са (сӑ) pf 'се затвори' ~ *та́м сӑ разбрӑкаха Ѓерма́ни и Булга́ри и сӑ апукли́са нузи́ м'ӑсту* [MS,t,2].

апукли́сува (сӑ)* impf 'се затвора (нешто, некаде)' [MS,s,3].

апулити́ри́ју n 'дозвола за отпуштање од војска (ослободување)' ~ *и с'а̣д'ӑх усамна́јси д'е́н'ӑ и м'а̣ пу́снаха, ми да́духа апулити́ри́ју* [MS,t,1]; ~ *у апри́л сӑ пу́ш'таха на́ш'та илики́ја, сӑ пу́снах и јас, си з'е́х апулити́ри́ју и си до́х дума́* [MS,t,3].

апури́ја f 'збунетост, сомневање' ~ *ка-ја ви́д'ӑ то́ј, трач'а́ и ангул'а́са и сӑ-спузна́ха и ца́р'у апури́ја гу з'е́* (= царот се зачудил) [MS,t,26]; [MS,s,4].

Апусто́л m 'л. м. име, име на војвода од реонот на Долновардарско' (презиме: *Пе́ткув*): ~ *Апусто́л вујувóда му кӑжа́ на бе́зите* [КЕ,279]; ~ *пу́шкта беше на Апусто́л Пе́ткув* [КЕ, 282].

апустулика́ adv 'одење пеш' ~ *дујде́х ут Со́лӑн апустулика́* [СК,318].

апуфаш'и́са* pf 'одлучи, заклучи' ~ *и јас ви́д'а̣х ш'ту и пант'о́ утфо́рин, апуфаш'и́сах да си до́јда у с'е́луту* [MS,t,2] (= решив да си дојдам) [MS,s,3].

апухирити́са* pf 'поздрави, благослови' ~ *ги спра́тиха дур на пампо́ру сӑс с'е́ по́пи, сӑс с'е́ калита́та ... ги апухирити́саха инса́ну* [MS,t,13].

апухирити́сува (сӑ)* impf 'се збогува' [MS,s,3].

апци́ка adj (само за ж.р.) 'убава, грациозна, кокетна жена (или кобила)' [СК,318].

араба́ f 'запрежна кола (за превоз на луѓе или стока)' ~ *на бра́та му ве́ли: "зе́ми, бра́те, а́раба́та, да и́дими да това́ри-ми каза́но сос пари́те!"* [V, PM,125]; [BV,14]; ~ *ко́н'у ц'а́ска араба́та* (= коњот ја влече, тегне колата) [MS,t,27]; ~ *та прику́пил' л'о што има́ло фаф касаба́та сижиме, кана́п'а, хо́ртоми та натова́рил н'а́кој два́есте араби́* [V,PM,262].

арабаџиа m 'тој што превезува стока со запрежна кола' ~ *Вардино* (име на место, на патот Стојаково-Солун); таму се менувал *небетчијата* (= тој што го води *кирванот* од *арабаџии*) [ТГ,423]; **арабаџ'и́ја.** [MS, s,2].

арабаџилик m 'работа, пренесување на стока со кола од едно место на друго, за соодветна награда' [ТГ,423].

арабаџијски adj 'што се однесува на арабаџија', пр. *арабаџијска кола,* ја влечат биволи, има четири *тракала,* на основата се ставá *душуме,* кога се товарат обични, ситни предмети, а *лотри* (= високи страници) се ставаат кога се превезува сено, снопје и сл. [ТГ,351].

арабу́блику n 'шапка, шешир' [MS,s,2].

арабу́ш'ка f 'мала (детска) количка' [MS,s,2].

аравóна f 'свршувачка' ~ *нóс ч'ув'а́к, ш'ту гу уклавá тóј, ху́баву стóри, заш'тó нóс ч'ув'а́к ути́ваш'и да ту́рни инá аравó-на* [MS,t,44].

аракли́к m 'пријател, другар' ~ *"на па́нт'ут за на́јти иди́н дру́к пампóр'; на́тр'а у нóс пампóр' за́-ј аракли́кут-ти Ѓóрги"* [MS,t,86]. Веројатно погрешно, в. **аратли́к** – со истово значење.

ара́м 1. adj, indecl. 'не благословен, проклет' ~ *арам да ти бида л'ута раќија, шо ја пијиш / и рујно благо вино* [ME (B),261]; ~ *ле́бут шó ми ру́чиш, ара́м да́ ти е* [CK,318]; ~ *два́јсде́вит гуди́ни ја́лува би́ј и се́га са-чини́ ти́ па и се́а да́-та зако́л'ат – ара́м да-му-би́де* (нешто) [БМ,199]; 2. со прилошко значење ~ *зашó гузама́х ара́м тó ójгин, за́шó не́ј пита́х* [ПД,168]; во Сол: **хара́м** adv 'одвратно, не сакајќи' [B,14].

арами́а m 'крадец' [CK,318]; ~ *тóа шо не́ флéва ут вра́та уф-ма́ндрата óфцка, туку́ си качу́а пу пардиити, тóа арами́а и батакчи́а* [MV,K,319]; ~ *арами́ата за дру́гу не́ и́ди, туку́ да кра́ди* [MV,K,311]; сп. **де́нцки арами́а** 'многу дрзок' [ПК(Г)].

арамијска трева f, bot. Achillea millefolium 'едногодишно диво растение, има ситни жолти цветчиња збиени во китка широка 3-5 см. Се користи како чај, го даваат на слабокрвни деца (што не напредуваат)' [ТГ,125]. Ја викаат и *ајду́чка тре́ва.*

арани́ја (и: **арни́а**) f 'котел за загревање вода, за перење алишта' [BV,14]; ~ *бака́рин, нóго гуле́м куте́л за́-пе́рне* [ПК, II,21]; *ара́ни́а* [CK,318].

ара́п* (и: **арапин, харапин**) m 1. 'човек со црна кожа, симбол за црната раса, но и за голема физичка сила' ~ *најнапрет имам един арапин; да гу извад'а да си борити и, л'у аку можиш да гу набориш, да ти га дам момата* [V,PM ,262]; ~ *исл'а́зи пијда́х иди́н ара́пин, ка́та д'е́н' ут нузи́ с'е́лу јад'а́ш'и пу-јна́ п'е́ш' л'а́п,*

пу-јна́ мо́ма [MS,t,51]. Во народните приказни називот *арапин* обично се јавува со негативна конотација; сп.: *ќ-ит да́ам на ара́питу - ак не слу́шиш* (така мајките ги плашат малите деца) [ПК(Г)]; **2. Арап** 'име на вол добиено според бојата (црна)' [ТГ,374].

ара́пина f 'симбол за силно (и лошо) суштество, со црна кожа' ~ *уд-буна́ро изле́ве а́дна ара́пи́на* [ПК,II,268].

арапка f **1.** 'жена по потекло од Африка, има црн тен'; **2.** 'симбол за црна жена, Циганка' ~ *"мер ако не дојде некуа арапка, па да та дам"* (така мајките ги плашат малите деца) [ТГ,130].

ара́пч'а п (dem. од арап) ~ *има́ши иди́н ч'урбац'и́ја ино́ ара́пч'а ку́ле́ (скла́ву)* [MS,t,14].

Араплија (и: **Арапл'а**) f 'име на село во Солунско' ~ *как идахме на Солун, баш на Араплија имаше едно тӑрло от галичани, и там имаше братјата на владиката; ~ напкун крадеха два кон'а от Ѓувезна;... тија сајбија ду Арапл'а најдеха трагата* [MC(B),85].

ара́пска ки́тка f 'украсно цвеќе, ирис' [MS,s,2].

ара́пски пари́ pl 'полупрозрачен светкав минерал, лесно се цепи на тенки плочки' [MS,s,2].

ара́р m **1.**'голема врека за носење лесни предмети, пр. волна и сл.' [СК,318]; ~ *гуле́ма вре́јка зӑ-сла́ма, зӑ-бубајк;* ~ во *арари* се ставаат руната (волна) [ТГ,374] – Таневиќ погрешно пишува *вл'на*; **2.** fig. за голем стомак ~ *куре́мо мо́-ј (кулк а́јн) ара́р* [ПК,II,20].

арарот m 'детска храна, скроб, во минатото ја увезувале од Солун' [ТГ,125]

аратли́к m 'пријател, врсник' ~ *му р'е́ч'и : "н'ӑј по́ху́бав'а да гу и́маш' кади́јата аратли́к пара́ мелези́му?"* [MS,t,56]; ~ *сига́ ги субира́ ш'и́ч'кит'а н'е́гуви аратли́ци, му сто́ри ина́ суфра́ да ги густи́* [MS,t,60]; ~ *пујно́ вр'ӑм'а има́ш'и два́ аратли́ци, трӑгнаха за ра́бута* [MS,t,46]; **а́ритлик** [СК,318].

а̣рбајака́н m 'месец јануари' ~ *Ту́рцте нӑ-гуле́мјо ме́сиц му ви́кат а̣рбајака́н* [ПК,II,20].

арбати́а (и: **а̣рбати́а**) adj 'тој што небрежно се однесува кон својот надворешен изглед (пр. ако оди со нечисти алишта)' [СК,318]; ~ *рӑсту́рин чуве́к*, пр. *но́го арбати́а о́де то́о та́тку-ти* [ПК,II,20].

аргасан adj 'уштавен' ~ *кужухут* се прави од овча, *аргасана* кожа [ТГ,418].

аргасе pf 'уштави кожа' ~ освен за опинци кожата треба да се *аргасе* и кога се употребува за решето или *драмојн* [ТГ, 382].

арга́суве* impf 'обработува, штави кожи'; сп. **арга́син** 'штавен' [СК,318].

арга́т (и: **арга́тин**) m 'тој што работи за надница' ~ *о-пла́штат нӑ-де́н* [ПК,II,20]; [СК, 318]; ~ *ут д'е́вит' мӑсинца за до́јди за ж'е́н'енти, за ве́зма арга́титу и стрӑпуве́ту* [MS,t, 66]; ~ *суби́рами иди́н ко́ш', два́, спрути́ л'уд'е́ту, спрути́ арга́титу ш'ту за и́маш* [MS, t,5]; ~ *умнја́са су чуве́к иде́н стопа́н, шо испадна́ но́гу ра́ну да фа́ти арга́ти* [MV,K,315].

арга́тка f 'жена што работи за пари (дневници), обично по нивите' [BV,16].

арга́ч m 'заградено место за овци, на заветрина, не е покриено' ~

"су́у, не́ и́де во́да пу не́го" [ПК,П,20].

аргија f 'служба (божја) в црква' ~ пр. *Руса среда* е празник без *аргија,* значи на тој ден во црквата нема служба' [ТГ, 64].

арги́са* pf 'задоцни' ~ *аку аргисам јазика, тинака да не ми чакаш, да јадиш, та сетни, кога ки дојдам, јазе ке да јам сам* [V,PM,62]; ~ *ш'то́ арги́са да фа́тиш'?* (= зошто започна толку доцна – пр. некоја работа) [MS,s,2]; ~ *виде тојнака, ча аргиса жена му да дојди, пусна бабата да види* [V, PM,62].

а́рго (арк) m (n) 'бразда по која доаѓа вода до **буката** на воденицата' [MS,s,2]; ~ *зă-вудă-ни́цăта во́та сă-нăвăрнуве уд ре́кта, о́де пу а́рго се́ ду-бе́нто* [ПД,171]; ~ *де́ка-ј во́ота заграда́на ус-дăски, то́о-ј ја́с нă-вудни́ца* (така информаторот го објаснува називот **арк**) [П К,П, 20].

арго́с m 'духовник разрешен од должност' ~ *бăргу да сă му избри́че бра́дата на влади́ка и да сă чи́не арго́с* [BV,16].

аргова́н m, bot. Suringa vulgaris 'дрво што цвета на пролет (за Велигден и затоа на некои места го викаат *велигденче*) – јоргован. има цветопви како гроздови' [ДС(Ч)].

аргăтлăк m 'работење на туѓи ниви за мала заработувачка' ~ *це́л живо́т ус-аргăтлăк гу-искара́, не́-нучи́ ус-ле́сничко до́-вăрве живо́то* [ПК,П,20]; [BV, 16]; ~ *ус-аргатлăк сум-ги-исчува́ла де́цта* [ПК(М)].

арда́л m 'голем немир, страв, паника' ~ *ка́ о виде́ли нă пăда́рут, арда́л ги фати́ло* [СК, 318].

арду́ш adj, indecl. 'растроен, неспокоен' ~ *ади́н ус-ади́н нă-мо́ж сă-сло́жат, а́ма он ка́ ки́ флéзе си́те арду́ш ги-пра́ве* [ПК,П, 20].

арѓунли́а adj 'мирен, спокоен, бавно што работи' [СК,318].

а́рес m (f) 'допагање, чувство на привлечност' [BV,S,16].

аре́са (се) pf **1.** 'бендиса' – се јавува во различни синтаксички комбинаци ~ *дујде́ стро́јникут: ~ мајка ми е дип харна – преде петнајси или осомнајси години да и дошел у д'адова кăшта един гост, га ареса на мајка ми* (= ја засакал, заљубил), *за един вечир са винча сос неа* [V,PM,56]; ~ *"ја́-за т'а в'е́на т'е́б'а, за т'а спуда́ксам за да ста́ниш' ч'ув'ăк, да с'е́тн'а, а́ку т'ă аре́сам* (= ако ми се бендисаш) *за т'а в'е́на и мăнч' "* [MS,t,26]; ~ *р'е́куха: "ш'адрава́н'у-ј по́хуваф" заш'то́ би́ш'и ут ма́ламу и стр'е́бру, лăскаш'и мло́гу, ш'ич'ки ги аре́са* (= им се допадна) [MS,t,20]; **2.** – **се** 'си (се) бендиса' ~ *на нидéл'та дујде́ мо́мчто. Сă глида́ме сус не́го така́ уд диле́ко, сă ариса́ме* [ИГ,114]; ~ *дујде́ стро́јникут: "Ва́шта мо́ма са ариса́* (= ни се бендиса), *дојде́ме да на а да́јте да а арма́сме"* [ИГ,116]; ~ *арисах си мома, мале [јуд та горна мала* [ТГ,178]; **3.** – **се** 'се смири, се задоволи' ~ *фа́ш'та да гу би́ј пу глава́та: "на́ ке́рата́ парли́ца, на́ и пампри́ца!" – му трăгна иди́н ку́те́к и то́ј сă аре́са и трăгна да си ја бăрка парли́цата* [MS, t,43]; **4.** 'сака' ~ *ти аре́са кајве́?* 'дали сакаш кафе (да пиеш)' [MS,s,2]; М. Малецки во врска со значењето и употребата

на глаголот *ареса* прави две основни разграничувања: **а**. 'ми се допаѓа некој, нешто'; **б**. 'му се допаѓам некому'. Се случува, во конструкции со гл. **ареса,** формално да не се разликува објект од субјект во реченицата: *т'á гу арéса* – може да значи: 'таа го бендиса (него)', но и 'таа е бендисана од него'; се разбира дека во таквите случаи помага контекстот. Проблемот, веројатно, се должи на расколебаноста на аргументот преоднос (непреодност) кај глаголите во овие говори (сп. ~ *си гу плачум живото* – примеров од Гевгелиско го забележил Љ. Милетиќ); сп. пр. од Кукушко: *гу-умрéли дéфут* (= го убиле демонот).

арзувáл (и: **арзăвáл**) m 'молба, претставка обично писмена' [СК,318]; сп. **арзавáл** 'судска покана' [BV,15]; изр. ~ *ни* **ус-арзăвáл нé сă-испáѓе** *прăднéго, нóго-ј лóш* (= недостапен е, се однесува многу вообразено) [ПК,II,20].

арúза* pf 'подари' [BV,17].

áрин adj ~ **1.** 'добар' ~ *и шо ки нáјдиш сиромáси, крúви, слéпи, лóши, áрни, зáиси а вáка* [MV, K,278]; изр. ~ *"áрин чувéк бише" – "áрин му кáмин нă-глáва"* (реакција на несогласување, односно пожелување: смрт, гроб – *"кáмин нă-глáва"*); **2.** 'убав, личен' ~ *тéбе шо тă пуштú тóа, на Стáмбул д-ојш – вăрни сă, ки гу нáјш прă жéнта, ти úмиш áрна жéна* [ИГ,110]; ~ *áрин грáт сă бише чинúл* (= се беше сторил убав град) [ИГ,121]; **3.** 'она што е во ред, што треба да биде за пример' (овде во иронија) ~ *"а-а-а, и ти áрна"* [ДК,139]; **4.** 'богат, плоден' ~ *има една арна бахча, а уф неја една арна трандафилова китка* [ТГ,162]; ~ *кај ки најдох, на која арна нива одих, и пуштах овците нăтри* [MC(B), 92]; **5.** 'уреден' ~ *ти кá-ќ си áрин, кá-ќ си-тăкóф пáмитин нéшто, не-т-јскăрвáли тук нăчăршúта* [ПК,II,239]; ~ *чујаме да е он арин чувек и оти има една арна бахча* [ТГ,162]; **6.** 'силен' ~ *а тук бре, а там, ги фатихме, ги вăрзахме и ги дадехме един арин ќутек* [MC (B),92]; **7.** 'ценет' ~ *вéл'ам на вáс, шо нúкој Профúтин нé-ј áрин уф-нéгувуто сéло* [MV, K,325]; **8.** 'здрав' ~ *и глéј го чувéко: не-ј áрин, тримéже, сé гúне, сé сăăне, тó тримéже* [ПК,II,239]; **9.** 'добронамерен' ~ *шо вија л'уда на наште порти, шо се вртат / като не ми се пулат толку арни* [ME, B,261]; **10.** 'умешен, успешен' ~ *а, и дедо му бише арин лувач! Дека ки тргнише – там удирише* [ТГ,385]; **11.** сп. изр.: **áрин кóјн и пут лóш чýл сă-пузнáве** (= вистинскиот квалитет секогаш се познава) ~ *кá нé-ј ýбуф кóјно и áрин чул да-му-клáјш пáк н'óо бúве. Тó-ј тăкá и ус-чувéко. Сјáа дă-кáжум, ти úмиш ýбуф кустýн, ак нé си ýбуф, димéк, тугáј и кустýно-ј грубутúште. Или пă кăкóф де-ј фустáно ýбуф, жéнта ак н'áа бúве, ак нéма ýбува стáва, рáмна, тугáј и фустáно-ј грубутúште* [ПК,II,152]; **áрин'о лáф пилéзни пóрти утвóруве** (= добриот однос многу помага) ~ *димéк áрно дă-гувóриш, зă сé дă-зăмóл'увиш, тăкá ус-лéсно ќи-т сă-свăршýве рăбóтта* [ПК,II,152]; **áрна кúтка му-**

зăкăчи́ (= голем срам му донесе) ~ *мо́мта нă-Ми́то а́рна ки́тка му́-зăкăчи́, сă-устăви́ ус-мăжо, сă-вăрна́ прă-та́тку-ј* [ПК,II,152]; **а́рна у́ка си-фă-ти́л** (се кажува за оној што има лоши навики) ~ *а́рна у́ка си-фăти́л, д-о́диш пу-ка́вини́нта, д-игра́јш ко́мăр, ут-те́п чуве́к не́ би́ве* [ПК,II,152]; ~ **ка е арно Госпуд нека даде! Мисла ајарлија да ни биде! Ново руднинство ду века да траје, и Госпуд на сите ваја радус да ја даде!** – убави желби што се искажуваат на свадба во Гевгелиско [ТГ,163]; ~ **на арно да е** – се кажува кога на човек му игра десното око (суеверие) [ТГ,247]; **а́рн'о имúш бúшките гу-ја́ат** (се кажува за убава девојка којашто се омажила несреќно) ~ *виде́-ли не́каа а́рна мо́ма, у́бува, вре́дна, мăрфитли́ка, зна́ј ќи-зи́ме вира́н чуве́к. Арин ус-а́рин ре́тко сăзи́мат* [ПК,II,152].

арисувајне n 'допаѓање, добар избор' ~ *ак си дошал за глидајне / мома за арисувајне / гледи, гледи, Кустадине / гледи, гледи па удбери* [ТГ,177].

арка́ f **1.** 'грб'; кај Иванов: 'кожув' [ИГ,123]; **2** fig. 'поткрепа, закрила' (изведено од првичното значење) ~ *по́муш, и́ма арка́ о́н, и́ма л'у́де шо́ гу-бра́нат, он и́ма грăп, по́муш му-да́ват* [ПК,II,20]; ~ *а́ко и́миш арка́ и по́п би́лем мо́жиш дă сă чи́ниш* [СК,318].

аркада́ш' m 'другар, сопатник' [MS,s,2].

аркалăк m 'кожув' (*ут кужу́ф палто́ – ут ко́ж'а ут ко́за)* [MS,s,2].

а́ркума f 'бакарен сад, котел' [ДС (Ч)].

ạрлăк m **1.** 'цепнатина, дупче' ~ *рăсципо́рка муѓи дăски шо́ не́ сă-а́рно зблúжни* [ПК,II,20]; во Солунско: **аралăк*** ~ *ја з'е́ва ја́блака́та ца́рица́та ... ја улу́-ш'тува, ја изја́ва, лу́спит'ạ ги пу́ш'та ут аралăку* [MS,t,31]; М. Малецки за односнава лексичка единица дава погрешно објаснување: 'балкон' [MS,s,4]. Веројатно овој пропуст му се поткраднал на Малецки како нероден говорител на македонскиот јазик, независно што неговите книги за говорите во Солунско со право се многу високо вреднувани; **2.** 'тесен простор меѓу две ниви' ~ *ут-ту́к ни́ва, ут-та́м ни́ва, нă-сре́т устăна́ло неизрăбо́тно ме́сто, то́о гу-ви́кме ạрлăк* [ПК, II,20].

арманцúạ (и: **арманцú**)* m 'човек што врши жито, вршач' ~ *чуве́к шо́ рăбо́те пу-гу́мништа, о́н убăрнуве вра́о, ве́е жи́тто, ме́те гу́мăнто* [ПК,II,21]; ~ *л'у́ѓăто шо ги фа́тиш дă ти пума́гăт нă гу́мнуто, о́ни ки ти рăбо́тăт, ти ки му пла́тиш* [ПД,118].

а́рмас (нишан размминувајне, малечук нишан) m 'свршувачка, оваа церемонија се прави спроти недела или во недела претпладне, и тоа јавно. Од страната на момчето на *армасот* се подаруваат различни работи: на девојката кондури, *сенка* (= чадор), чорапи, *китка сус алтăн, колби* (гривни), прстен, сапун, мирис, пудра и др.; на мајката од девојката: шамија, и, ако има сестри или снаи, на секоја по еден *каврак* (= вид шамија). Ова се вика *нишан,* а

кога ќе стигнат кај девојката *нишанот* го носи таткото на ергенот – *свекăр-ола-џак,* додека даровите од девојката - *бохчалукот* стои пред нејзиниот татко. И така, додека стојат нишаните еден наспроти друг, попот чита некои молитви над нив и народот зборува дека тоа е *пола винчинија* (= прва фаза од венчавката) и потоа таткото на момчето се ракува со таткото од девојчето и така ќе си *размена нишајне.* По ова доаѓа девојката, веќе свршена и ги дарува гостите. Прво почнува со свештеникот, ќе му ја бакне раката и *даруве га сус риза* (= крпа за бришење, пешкир). Потоа ги дарува и останатите и секој гост земајќи го поклонот на девојката ѝ дава *правудија* (= пари), а свекорот *даве пари (ирмилици* и *унлуци)* на децата и на жените. И потоа *армасарите* се враќаат во куќата на момчето и секој од нив, дарот што го има добиено од девојката го префрла преку рамо, за да се види што има добиено. Дома кај свршеникот, сите работи (дарови) што ги испратила *армасницата* ги закачуваат во дворот на јаже, за да се гледаат. Во *нишанут (бохчалукот)* девојката обично испраќа: *кушул'а, гаќи, риза* (= крпа за бришење), чорапи и *пачета* (= марамче за нос) – за *армасникут,* за свекорот и свекрвата по една *кушул'а,* свилен *каврак* за золвата и снаата, *пачети* за сите деца; една голема шамија за свекрвата, а за *изводникут* (= стројникот) чорапи. Освен тоа таа испраќа уште неколку кошули, гаќи, и неколку чифта чорапи за себе, што ги чува свекрвата до нејзиното доаѓање. Во Енице-Вардарско церемонијата е поатрактивна: кога *армасарите* ќе тргнат *да размена нишан,* напред оди *изводникут (стројникут)* и во рацете, високо над главата носи едно гранче, обично од *шимшир,* на кое се закачени *колбите* (= гривните) и прстенот, а сето тоа (гранчето и прикачените работи) се завиткани во црвен вел. Тоа се вика *китка.* Оваа китка заедно со нишанот ги предаваат на таткото на девојката. Кога ќе ги разменат нишаните, китката одново се враќа на *изводникут,* само што прстенот и гривните се симнати, а на нивно место има заврзано со црвен конец друг прстен, што го поклонува девојката на *армасникут.* Оваа *китка изводникут* ја враќа во куќата на момчето и ја закачува на оџакот. По неколку дена свекрвата ја повикува *армасницата* да дојде *да дипле шејве (даруве)* – да ги подредува, здиплува работите. Во времето од *првиот нишан* до свадбата се извршуваат различни обичаи. Конкретно, ако во односниов период се вклопува и некој голем празник, пр. Божиќ, роднините на момчето ќе ја посетат *армасницата* и ќе ѝ донесат ока или две *пичено предино* (= памучна преѓа), а таа на жените ги дарува со шамија, девојките со *каврак,* обратно, жените ѝ даваат *правудија* (пари). На *Цвети* (Цветници?) – празник, повторно се менува *нишан,* нишанот се вика *гулем нишан.* При ова *армасницата* се дарува со *дупл'ана* (= голем златник, австриски), две *мамудии,*

два *алтăни* и две *рубии* (= стари турски златни пари што се употребуваат за накит). Понекогаш ја даруваат уште и со златен крст, *убечки, пандофли, каврак, купринна шамија сус грана, пудро, ливанто,* чадор, мирис, сапун, прстен и др. Освен поблиските роднини – *армасаре,* на овој ден попладне доаѓаат одделно жените и обичо носат овошје – овие жени ги викаат *линарки... Армасот* е јавен и поради тоа веднаш, а често пати и порано, по селото ќе се разнесе глас дека некоја девојка е *армасана за фил'ан и фил'ан ерген* [ТГ,145].

армасајне n 'свршувачка' [BV,17].

армаса́н* adj 'свршен' ~ *си пуштúл Ангил Гаврúил... на Чиста́ Дје́ву армаса́на су мăж* [MV,K,315].

армацáр* m 'тој што уговара свршувачка, стројник; односно роднина што присуствува на свршувачката' ~ *и си видех, мале, плăна куќа / плăна куќа, мале, армасаре / армасаре, мале, се струјаре* [ТГ,368]; ~ *пишúн ќи до́ăт лина́рќи, двăна́јсăт же́ни (армаса́рќи) пу мăл'е́чќут ниша́н. Де́сит ду́ши армаса́ре; све́курут, де́вирут, ќи до́несăт алтăјне* ... [ИГ, 116]; сп. ~ *дујде́ стро́јникут: "Ва́шта мо́ма са арисá, дојде́ме да на а да́јте да а арма́сме"* [ИГ,116]; [BV,17].

арма́сник m 'свршеник' [СК,318].

армасни́ца f 'свршеница' ~ *му рече́ на ца́рјут: "ца́рју, ја́зе сношти бе́х на едно́ ме́сто; виде́х една́ диво́јка, о-тво́јта армасни́ца по-ха́рна"* [V,PM,9]; [СК, 318]; и: **армаса́нка** [ИГ, 124].

армасниче n, dem. од *армасник* (= свршеник) ~ *мури, на порти си тропке, ла мале / мојто армасниче* [ТГ,172].

арма́суве (сă)* impf 'се свршува' [СК,318].

армацсчи́ц pl ~ *л'ујто шо о́дат да-арма́сат мо́мта и ерге́но* (= оние што се вклучени во церемонијалот на свршувачката) [ПК,II,21].

арматоса (си) pf 'се вооружи' ~ *са прости сос них и си арматоса едно чисто сос сабјата и сос бозлуганата, и трагнал да пои* [V,PM,225].

армен (и: **ирмен**) m 'среќа' ~ *затова си вел'ат ти трите колаци за армен* [V,PM ,248].

Армутчи́а f, top. 'име на село во Кукушко' ~ *ту́рцки се́ла би́а Аџину́с и Армутчи́а, ни ади́н на́ш не́мше, би́ă се́ Ту́рци та́м* [ПК,II,319].

Арнаутин (и: **Арну́тин**) m **1.**'припадник на албанска националност' ~ *та от два братија кăшла беше; напкун а направихме миќанут, дојде един Арнаутин, зима друѓут дел* [MC (B),84]; ~ *Турчинот а купи жената за татку; Арнаутин а дукара от Негуш чак до Дăрмица* [MC(B),70]; **2.** fig. 'упорен, работлив човек' ~ *то́о си́н-ти ка́-ќ зăрăбо́те алúс Арну́тин, нă-мо́јш до́ смúриш* [ПК,II,21].

арни́се* pf 'прекине да врши некоја работа, се откажа' ~ *кој са́ка да до́јди пу ме́не, не́ка си арни́са ду́шата му, и не́ка си крăсти* [MV,K,263]; ~ *ти́, ку́ме, арниса́ дă и́диш де́ка нас* [СК,318]; ~ *он ми риче: "Исуф паша е побитер, туку, риче, помини така отăд Вардар... напкун, ка ми риче така, јаз арнисах и отидох на Тупчиево"* [MC(B),89].

арни́суве* impf 'остава нешто, се откажува' [BV,17].

а́рно adv **1.** 'добро, како што треба' ~ *Ади́н има́ло, бисче́дник бил. "Јас ќи гу зе́мум, ре́кăл, то́а, нă че́до ме́сто". Гу зиму́ве, гу гле́ат ут а́рно по́-а́рно* [ИГ,114]; ~ *"слу́ши, ја́с не ти кăжу́м, са не́ли те́-ј а́рно"* [ПД,152]; **2.** 'лесно'. ~ *"Што да правам, мори сестро? Колај нема". – "Много арно колај има, ама си ашамија"* [МС (В),95]; **3.** изр. **а́рно му до́шло** (= се израдувал) ~ *а нăкумши́йăта а́рно му-до́шло и си ă при́брăл ăрăни́йăта за́јно суко́тле* [ДК,154].

арно n 'добрина' ~ *ако сте дујдени за арно / свети Јован арно да ви дада* [МЕ(В),261].

арнути́ја f 'среќа' ~ *ут-ка́ сă-жини́х арнути́ја не́ виде́х* (= откако се оженив не видов среќа) [ПК,II,21]; и: **арнути́ја** 'добрина, пријатност' [BV,17].

Арну́тка f **1.**'припадничка на албанска народност' **2.** fig. 'силна, здрава жена' [ПК,II,21].

а́ро n **1.** 'лош, стар човек' ~ *мо́јто а́ро ду́шта м'а изгуре́* [СК, 318]; **2.** 'ѓавол'; ~ **цăрно а́ро** 'црн ѓавол' [BV,17]; сп. изр. *а́рин, ка́ не́, а́ро гу ја́ло* [ПК (Г)].

аро́вна adj 'желна, страдна'; сп. изр.: ~ *аро́вна ма́јка и зă-ќо́рво че́до* (= кога човек има голема потреба, тогаш не е во можност да избира) [ПК,II,21]; со исто значење ~ *астре́тна ма́јка и зă-ќо́рво че́до* [ПК, II,21].

арсла́н m, zool. Felis leo **1.** 'лав' ~ *кату чу́ така́ јуна́кот, кату́ арсла́н хри́пна на врăх змиа́та* [V,PM,23]; **2.** 'силен' ~ *емо се фалба фалише: / јас имам жена кметица / јас имам сијне арслајне* [ТГ,54]; [BV,17]; и: **арасла́н** ~ *му зл'а́ва иди́н арасла́н (леонда́р) и му вили́ да сă бо́р'ат* [MS,t,77]; и: **арчла́н** (**аршла́н**) ~ *ја́с ќи ти пу́штум два аршла́на... застана́ле тиа аршла́јнто* [ИГ,109].

арти́се pf **1.** 'спечали, остави на страна пари' [V,PM,86]; **2.** 'остане, не се потроши' ~ *шо́-ќми арти́се уд-мле́кто гу пра́вум си́рне* [ПК,II,21].

артири́са pf **1.**'наддаде, зголеми' ~ *и тој го артириса повики млого, та го и купил безистенот* [V,PM.191]; ~ *му вели́ на тел'а́лот: "ој тел'а́л, е́ту от ме́ника и́ма шејсе́т хил'а́ди гро́ша и, аку артири́са дру́г по́вики, па́к да до́јдиш на ме́ника"* [V,PM.18]; **2.** 'лицитира, купува со лицитација' ~ *така́ га извади́ха кăштата на тел'а́л да га продада́т. Тел'а́лот ви́каши по чаршија́та, светóт артири́соваха* [V,PM,18]; **3.** 'спечали' ~ *тинака колку да си мачиш, не можиш от това повики да артирисаш* [MV, K,263]; **4.**'станува излишен' [BV,18].

артири́сува impf 'останува (неискористен)' ~ *и шо артирисува́ле кума́ти, и крина́ле, и убра́ле двана́десет ко́ши пăлни* [MV, K,266].

ăртмăца́ f, zool. 'вид граблива птица' ~ *ăра́пино адна́ ăртмăца́ стăна́л до фа́те де́тто* [ПК, II,270].

а́рто (и: **а́рту**) n 'леб светен в црква' [BV,17].

артăрди́са* pf 'придава, става на страна' ~ *си го артăрдиса́ то ле́бут* [BV,18]; сп. **артири́сува.**

аруплáн m **1.** 'метална направа за летање, аероплан'; и: **арăплáн**

~ *ф-то: вре́ме не́мише арăпла́не, ја́ тăквó, лимузи́ни* [ПД, 148]; **2.** 'запрежна кола на две тркала; **3.** zool., инсект 'вилино коњче' [ПК,II,20].

архангѓело́схју m 'месец ноември' [MS,s,2].

архимандрит m 'великодостојник во црковната (христијанска) хиерархија' ~ *на́, гледиш архимандрит! Вадан-утре владика ки са чине, нема ни една книга што не је пијал, ама ето служба не држе* [ТГ,215].

арџиăк (поверојатно: **арчиăк**) m 'средства (пари) за ситни трошоци'; сп. **арчлак** [BV,15].

а́рч* m 'трошок, издаток' [BM, 15]; ~ *уд-гуле́ми а́рчој, чи́нки ут-стра́ сă-бе́га, ут-стра́м не́ сă-бе́га, до́шăл ду-то́а дирице́ – че́јли нă-мужéл дă-си ку́пе ни́ту зă-се́бе, ни́ту зă-дума́шните* [ДК,153].

Арџан m, top. 'име на село на патот Стојаково - Солун, таму се менувал *калаузот* (= тој што го води *кирванут*) [ТГ, 423], покрај селото има и *Арџанско Езеро*.

а́рџи (си)* impf 'се троши' ~ *и шо ки си а́рџиш по́вики, ки ти а пла́там* [BV,K,263].

арџи́а m 'земјоделец што работи на туѓи ниви, а реколтата ја дели на половина' ~ *има́л сто́ка но́го, арџи́ї (ура́че на јарја – и́сполица), ни́ви, зе́мја* [ИГ, 109]; и: **јарџи́а** ~ *и́ма, ре́кла, јарџи́ї и о́рат* [ИГ,110].

аршин m **1.**'турска мерка за должина = од дланката до лактот' ~ *гу земá кл'у́чот и отвори́ неговата магази́а, штото била пот земја́та де́вет аршина* [V,PM,17]; ~ *не́ би́ле дале́ко ут су́хуту, туку́ ду́ри две́ста аршини* [MV,K,338]; **2.** 'направа, мера со која во минатото се служеле шивачите' ~ *биз аршин, нужици ти да ми гу кројиш / биз игла и конац да ми гу сушиеш* [ТГ, 204].

аршладисуве impf 'калеми' [ПК, II,21].

аршла́к m 'погрден израз' ~ *гуле́мо де́те, па и чуве́к вăзрăсин, шо́м ше́те бис рăбо́та: "Не́ те́-ј стра́м це́л де́н пу-пăтишта си, то́лкуф аршла́к"* [ПК, II,21].

аршлама́ f 'расад' ~ *пра́вме титу́н аршлама́, пипе́р аршлама́* [ПК,II,21].

арăби́а f 'шипка за полнење (и чистење) на ловциска пушка од стар модел' [СК,318].

арăми́ја m 'крадец' ~ *о-пи́тăт то́: арăми́јта уф апсăна́та шо-ј-зăтво́рăн* [ПК,II,170]; ~ *би́ле ви́е чити́ри бра́тка... арăми́и* [КЕ,288].

арăпла́нче n 'инсект што многу брзо лета, обично над вода, има убава боја, големо е околу 3-4 см. – вилино коњче' [ПД,124]: и: **аруплáн** [ПК, II,22].

арăш m 'подолго дрво што го поврзува ралото со јаремот (од двете страни на *арăшот* се впрегнати воловите кога орат) [ДС(Ч)]; во др. говори *гредел*.

ас adj **1.** 'чист, без примеси' ~ *е́с пи́м са́мо а́с кааве́* (= чисто кафе) [СК,318]; **2.** 'вистински' ~ *а́с бра́те сме* (= браќа родени од една мајка и татко); **3.** 'прв' ~ *а́с пилива́н би́ше* (= прв, вистински борач беше) [ПК,II,21].

ас ргаер (< **съ** – во Солунско, според Малецки неакцентираното **ă** се реализира како затемнето **а**) **1.** 'за означување на друштво – собеседник, сопатник' ~

с'ётн'ạ кáк сă уж'éни, утúди на кафинéту, сид'ăха ас парéата [MS,t,70]; **2.** 'за означување нешто (предмет) – со кој се извршува дејството' ~ *пóпут, кăк тимн'акóсувáш'и, утúди при н'éја, и кл'éпна ас укóту* [MS,t,67].

ас pron (лич. зам. за 1.л.едн.) ~ *"А, рéкла, áс ќ-о:-излăжум цáро"* [ПК,II,233]; ~ *óде и вúке: "цáре, ас-сум дójдăна стрójник"* [ПК,II,263]; ~ *цéл'о: кăрв. ишта сă улупóте и на цáро ричéл: "ас ги исклáх тýк"* [ПД,169]; сп. изр. **ас сум нăкрáјта** (= јас сум веќе стар) ~ *уд-мéн не чикáјте гáаре, ас гу-изрăбутúх мójто* [ПК,II, 152].

салдúсува* impf 'напушта, остава се' [BV,18].

Асáро top. 'име на место во реонот на с. Штемница (Кукушко)' ~ *между Асáро и Кéчире úмше аднá рéка, тáа сăвúкше Дирвéнто, дăлбóка рéка* [ПК,II,247].

Асáрско Пóле top. 'име на место во реонот на с. Штемница (Кукушко)' ~ *пó нă-jýк пă Асáрско Пóле – гулéм рúт, дăбуве, бýки* [ПК,II,247].

асúа (и: **асúи, асúạ**) * adj 'нервозен, лут, нетолерантен' ~ *имáло на нéговата цáрчина на еднó мéсто човéци, штото бéха млóго асúи: даванúна на цáр'у не му дáваха* [V,PM.107]; ~ *л'ýт, уд-мáлко нéшто сă-нăл'ýте* [ПК,II,21].

ạсил'áт m 'род, летина' [BC(Д), 70].

Асинеја f (циг. л. име) ~ *сега ки ја викнум Асинеја или Рача (Цигани) да та зиме* [ТГ,130].

áска pron (л. зам. за 1.лице) ~ *"е, рăчéла, áска нé фăшчáх гулéми рúби"* [ПД,157].

аскер* **1.**'вооружено лице, војник' ~ *владиката му вели: "бре братку, кату ми беши страх от тиа аскерите, што проминат приз тука"* [V,PM,39]; **2.** 'војска' ~ *јуд аскер си идум, моме / а дома си јодам* [ТГ, 157]; ~ *Јумер си јоде на аскер] кутал пари ки си носе* [ТГ, 369]; сп. уште и: **ашкéр** [ДС (Ч)], односно **аскéр** ~ *идúн д'éн' сă субирáха ш'úч'кију аскéр ут Филипýпул на пруáвлиóту на цáр'у* [MS,t,58]; ~ *т'á му сă мóли: "ми утúваш!" – "заш'тó?" – "ч'ýват аскéр, да т'ạ ни фáтат"*[MS,t,21]; **3.** 'турска војска' ~ *аскéро дујдéл, сардисáл сéлто... ~ как зе хабер аскерот, отиде голема потера на Гуменца, ама Шабан-Гега избегна* [MC(B), 72]; [BS,18]; **аскéрин** [ДС(Ч)],

асколшýм interj 'израз за подршка – браво' [BV,18].

аслú adv 'сосема (наполно така)' [BV,18].

асма f 'лозница поткачена на дрвен кревет, обично во дворот, одрина' ~ *кá ќи флéзе дома, уф нéгувот двор úма óдрина (асма), ќá: сублéче кушýл'та, ќá: зăкáче там нạ óдриннта, нă дирéкут* [ИГ,113].

аспра (в. **јаспра**) f **1.** 'ситна турска монета' ~ *му вели на царјут: "најди ми работа, да не седја ајл'ак!" – "Ету за една аспра идиш ли на меника?"*[V,PM.172]; ~ *искара цар'ут една аспра, му даде* [V, PM,41]; **2.** fig. 'симбол за ситна монета' ~ *малéчка пáра: лéко-ј з-ăдна áспра, áма кój гу-знáа* [ПК,II,21].

асрéтин adj 'желен, страден' ~ *Вáно умрé зă сé нéшто асрéтин* [ПК,II,21]; ~ *асретин утиде* (за нешто) [ТГ,33]; и: **ас-**

ре́тăн ~ *то́-ј асре́тăн зă-де́те – ак не́ма де́ца, ак не́ма има́не – асре́тăн зă-има́не, зă сăто-ј асре́тăн, з-една лăжи́ца мле́ко-ј асре́тăн* [ПД,116]; сп. изр. **астре́тна ма́јка и зă-ќо́рво че́до** ~ *ви́кме ка́ не́ма де́ца не́каа же́на, о́на и нă-ќо́рво де́те дă-ро́де ќи-сă-рăду́ве, ќе-ј каи́л' та́а шо не́ј руди́ла* [ПК,II,21].

астар (и: **аста́р'**) m **1.** 'материја – постава, се става од внатрешната страна на палто' ~ *аста́р не́ си чи́нат* [V,PM,148]; [V, PM.361]; **2.**'парче дебел материјал' [BS,18]; **3.** 'големо парче платно' ~ *сă зави́ ут го́ра дур до́л сăс аста́р'у* (= се завитка со платно од глава до петици) [MS,s,4]; [MS,t,,52].

астиномија f 'полиција' [KE,251].

астре́т m 'желба, потреба' [BV, 18]; сп. **асре́тин.**

асфа́л'а f 'безопасна игла' [MS,s, 4].

асăл m 'младо, уште неискласено жито' [CK,318] ~ *шо́ си́-ј пушти́л о́фцте уф-асăло?* (= зошто си оставил овците да пасат во житото?) [ПК,II,21].

а́сăл adv 'имено, токму' ~ *ти́ кăжу́м от ду-та́м уди́ме; уф-Ду́пница а́сăл жиува́ме ни́ă* [ПК,II,252]; ~ *уф нашто ви́каа а́сăл – ку́ќа* [ИГ,120]; ~ *а́сăл ти́ трăбу́уве дă до́јдиш*; ~ *а́сăл ти́ гу утипа́ нă за́јцут* [CK,318].

а́сăл adj 'вистински, прав' [V,PM. 361]; ~ *то́о не́ ме́-ј а́сăл бра́т* (= со него не сме родени од иста мајка и татко) [ПК,II,21].

Асăн m 'мусл. л. име' ~ *сă-субра́ло се́луто и сăти за́јно су Асăн ти́шле у-цăркфа и нăпрăви́ле сăти ăде́ти како-му-е-ре́т и чо́ику уд-Асăн гу-прикрăсти́ле у-Јо́văн* [ДК,153].

асăнци́а adj 'човек што работи скришно' (со негативна конотација) [ПД,116].

ат conj 'па, та' ~ *т'а́ му р'е́ч'и: "ми сă в'а́саш', да ид'е́ми пиш'и́н, да пије́ми, ат с'е́тн'ạ ц'а́л в'е́ч'ар сă то́ја!* [MS,t,68]; ~ *"ат сăс н'е́гу и́ш'та да ж'у-во́вам!"* [MS,t,84].

ат m 'нештроен коњ' (се вика уште и: **некăлкан**) [ТГ,374]; ~ *сă-чини́л ади́н ат* [ПК,II,269]; 'млад, силен коњ, ждребец' [CK,318].

ата́ f 'несреќен случај, несреќа' [BV,18],[CK,318].

аталија adj 'лош, кобен'~ *Свети Андон је тежук и аталија празник на луди луѓе* [ТГ,130].

Атана́с m 'м. л. име и име на светец' ~ *слу́жба пра́ваа на Митро́вдин, на св. Ранѓил' , на св. Атана́с* [ИГ,118].

ати́к adj, indecl. 'снаодлив, бистар' ~ *утво́рин, зна́а но́го; Таши́а шо́ и́ма а́дно де́те ати́к, о́чте читирна́јсе му-игра́ат* [ПК, II,21]; 'отворен, иницијативен човек' [CK,318].

Ати́на f **1.** top. 'име на главниот град во Грција' ~ *ути́ди и у Ати́на, там ви́ди идна́ ху́бава мо́ма* [MS,t,9]; **2.**'ж. л. име'.

а-тка́ part 'ете така' ~ *а-тка́, уф-Цермин живуа́ме, ут-ка́ бига́ме, та́м устăна́ме* [ПК,II,252].

атрцијка adj 'љубезна' ~ *Вангелина атрцијка, атр не скршуве] си извика она, грејна, една лепа песна* [ТГ,40].

атăр m **1.** 'наклоност (протекција)' ~ *На́со ус ата́р пумина́ уф то́ро удиле́ние* [CK,318]; **2.** 'добра волја, внимание' ~ *на́прав-му атăр* 'дочекај го со внимание, нагости го' [ПК(Г)]; [BV,18]; ~ *се́ и ка́нăл сил'а́јнте нă-го́сти, а и сила́јнте зă а́тăр се́ му-гриде́ле* [ДК, 153];

~ дилми ти ме викаш / ја сега ки дојдум / зарди твојут атăр [ТГ,330]; **3.** сп. изр. **атăр му лага (праве)** (= му угодува) *~ на нашјо сајбија атăр му лага, нас на зарадува* [ТГ,297].

атăрци́а adj 'услужлив, добар' *~ но́го-ј атăрци́а мо́(ј)о си́н* [ПК,II,21].

аусто́зо m (n) (покрај **а́угус**) 'осмиот месец во годината' [ДС (Ч)].

ауу interj *~ кă-гу-видо́а чу́пите: "ауу, тăкфо́ де́те!, гу прижăл'а́ја* [ДК,142]; *~ ауу, па́мет! Пе́тлут шо́ збо́рва. Во́ е спа́с зă-ме́не* [ДК,138].

а́уч кăка́н m, zool. Dendrocopus 'птица што се храни со црви, ги наоѓа под кората на дрвото – клукајдрвец' [ПД,126]; во Ник: **мрăфка́р** (сп. **мрăфка** 'мало парче месо').

аф (> **вăв** < **въ**) prpaep **1.** (: укажува на внатрешност на дадена средина – 'во') *~ нозите ти нетри аф врекиту* [V, PM,83]; *~ сос гимиа́та аф море́ту, фати́ една́ стра́шна фурту́на и гу извади́ на кра́ј* [V,PM,109]; *~ аф бахча́та на́ гро́бут* [V,PM,144]; **1а.** (: насоченост на нешто што доаѓа однадвор) *~ бога́тиот му ве́ли: "а бре́ кăрпа́чин, е́ла да и́дими аф мо́јта кăшта: и́мам а́дни ве́тки папу́ци, да ти ги да́м да ги закăрпиш!"* [V,PM]; *~ де́ка д-о́јди сега́, не зна́ј, ами кини́са от тамо, отиде аф една́ го́ра* [V,PM.10]; **2.** (: укажува на горна површина каде што се наоѓа нешто – 'на'); *~ и приближи́ при не́а, тури́ ухо́то му аф моми́н куре́м отго́ри и, кога́ чу́л ха́рно, не́три аф мо́мин куре́м жа́би удре́виха* [V,PM,29]; *~ нивјастата га кладе аф филдишната одаја, седнала аф фил'ната кожа* [V,PM,46]; *~ морету гу смрăкаши сос устата му... и останувахе рибите аф суха земја* [V,PM,44]; **3.** (: положба здола, пониско од нешто друго – 'под') *~ ста́ни да зди́гниш она́ја пло́ча, што е пукра́ј те́бика! Та́мука аф не́а уздо́лу и́ма алтăни зариини* [V,PM,30]; *~ и кату са курталиса, отиде аф една круша на пăт'ут; ~ ногите му ги кладе аф сенката, главата му аф слăнцету* [V,PM,66]; *~ не сам вре́дин да ми до́јдиш аф стре́ата* [MV,K,265]; **4.** (: место на поврзување, фаќање) *~ тојнака му отговори: "зашто сам бăрзоходец та, аку немам тиа камени вăрзани аф ногите ми..."* [V,PM,44]; **5.** (: усмереност кон нешто – 'до, кај') *~ та сетника да ти закарам аф татка ми* [V, PM,80]; *~ един ден царјуф си́н оти́де аф че́шмата, ко́н'у да напои* [V,PM,133].

а́фану adj 'невидлив' *~ а́фану ста́на* 'се изгуби, стана невидлив' (само во споменатиов израз) [MS,s,1].

афе́нди m 'господин' *~ "ти мелези́м афе́нди, ш'то́ брăкаш' ут то́с ч'ув'ăк?"* [MS,t,57]; обраќање кон Исус Христос: *~ и-јо́н ре́кал: Афе́ндо, да разгле́дам* [MV,K,280]; и: **афендиа** *~ отидоха и на кадиата, му вел'ат: "кадиа афендиа, ниа един казан алтуни ... а на-јдохми"* [V,PM.181].

аферим (и: **афири́м**) interj 'браво, многу добро' *~ и сички му рекоха: "аферим"!* [V,PM,77]; *~ а́фирим са́ ка́жу́ве ко́га не́кој ки свăрше не́ка ва́жна ра́бо́та... ~ шо́-си зăбуфта́л*

то́лко, да не́ ќи-ти-ре́че не́кој а́фирим [ПК,П,21]; [ВК,6].

афиндико́* m 'господин, газда' ~ *и ви́д'ạ афиндико́ту, ч'ạ фа́т'ạха да хо́ж'дат мло́гу миш'тури́ји, гу мило́ваш'и ... мло́гу* [MS,t,81]; ~ *и ха зан'е́ва на афиндико́ту и му вили́: "заби́тинут ми да́ди дв'ă ли́ră за идно́ кафе́"* [MS,t,83]; (но vok. **афе́нди!** 'господине!'), сп. **кирјо́с** [MS,s,1].

афјо́н' (и: **аф'о́н'**) m, bot. Papaver somniferum 'афион, опиум – индустриско растение' [MS,s,1]; **афијон** [ТГ,3].

афи́ф adj, indecl. 'нестабилен, несигурен' ~ *сла́п, не́жен, шо сӑ-ки́не, сӑ-кӑрше ле́сно. Но́го афи́ф рӑбо́та, то́о не́ сме́јш до̆-че́пниш, на-адно́ч сӑ-скӑрше* [ПК,П,21].

афореса pf 'проколне' ~ *му вели: "брате, на владиката му са загубиха толку карагроши, хем има на нас двата шубе, и аку не кажими карагрошите, ке да ни афореса"* [V,PM,39].

афорисмо* n 'проклетство, прогонство од црквата' ~ *отговори брат му: "што сака, нека чини, ниту карагрошите му га видох, ниту афорисмоту сакам да знам"* [V,PM.39].

Афрудита f (ж. л. име во Гевгелиско) [ТГ,114].

афтоки́н m 'автомобил' [ДЧ(С)]; и: **афтоки́ниту** ~ *да гу е́змиш' д'ắт'ạнту, как за скул'а́са, у идно́ афтоки́ниту да гу дунисе́ш' ту́ка* [MS,t,83]; ~ *и трӑгна афтоки́нито́ту за да по́јат у дру́га ца́рч'ина* [MS,t, 84].

афу́ conj **1.** 'ако' (покажува услов) ~ *ни и́ш'тими да т'ạ сто́рими з'е́нт', ти ш'то́ вили́ш? Афу́ иш'тити ви и јас иш'там* [MS,t,15]; **2.** (покажува причина) 'бидејќи' ~ *и пи́тат а́ш'тино́миту: "то́ ги винч'а́?" – "Ја́з ги винч'а́х." "Афу́-ти ги винч'а́, ш'то́ бр̥каш, а б'ắгај ту́к!"* [MS,t,13]; ~ *му вили́: "ста́н'! да сӑ збо́цками!" то́ј и вили́: "ни ста́нува, ц'а́нам, вазѓе́ч' " т'а́ му вили́: "афу́ јас и́ш'там, така́ за ста́ниш' и ти!"* [MS,t,37]; **3.** (покажува време) 'штом' ~ *афу́ до́јди сӑ-т'ут да скул'а́сат, д'ắт'ạнту сӑ уму́ и сӑ прим'ạни́* [MS,t, 83]; ~ *афу́ ути́духа на дламбо́ку ве́јки, ја тӑкна ва́рката на ж'ина́та-му* [MS,t,68].

афуре́суве* impf 'проколнува, отстранува од црквата' [СК,318]; сп. **афореса** [V,PM,39].

афурса́н* adj 'проколнат' (од црковен великодостојник) ~ *туку́ за ва́ сфе́т, шо не́ му зна́јат но́мото, афурса́ни да би́дат* [MV,K,262]; **афуре́син** [СК,318].

ах interj ~ *"а́х – вили́ – н'е́ма да мо́ж'ити да в'е́нити!" – "заш'то́?" – "заш'то́ мло́гу ско́ру сӑ утфа́ра и сӑ затфа́ра гура́та"* [MS,t,36]; ~ *фа́ти да си вили́: "а́х, ш'то́ би́ш'и тузи́ на м'е́н'ạ, по́ху́бав'ạ н'е́ка си би́х у хапсана́та, пара́ сӑ ту́к ш'ту л'е́гнах на то́с ухтика́сан крива́т, а́х, у́х!"* [MS,t,42].

ахенг (и: **ахен**) m 'веселба, пријатност' ~ *и гостил сичките побратими негови и јунаци́ту, и пак сос свирката му и сторил млого ахенг на гостите негови* [V,PM,107]; ~ *гу земá нетри, гу закара́ та́мо, де́ка бе́ха мо́мите со́брани; ахе́нг чи́неха* [V,PM,9].

ахма́к m 'погрден збор (за човек што прави неразумни постапки)' [СК,318]; ~ *му вели: "а бре ахмаци хем будали, хич клавам јазе на калпакот па-*

ри?" [V,PM.189]; *~ ја царјут кату не сакаши да го даде на таков ахмак човек такво нешто, ја от много веке возрадување го извади да му го даде* [V,PM,81].

ахмаклăк m 'глупост, непоштеност' *~ му вели на сиромахут: "ти са мол'а, господине, питај на брата ти, да не чини он некој ахмаклăк, та зема нешту?"* [V,PM.39].

áхт* m 'желба' *~ нă-тéјко áхто м-устăнá пу-нáшто, пу-Кýкуш* [ПК,II,21].

ахтáр m 'трговец, бакалин' [ПК (Г)]; в. **ахтарин.**

ахтарин m 'трговец на стока за домашни потреби и парфимерија' *~ отиде на един ахтарин да поседи неколку дена. Ахтаринот беши млогу сиромах, и нетри на дуќанот му немаши млогу сирмаја: аку имаши една ока орјахи, една ока имиш* [V,PM.34].

ахтáрница f 'дуќан, продавница на стока за домашни потреби' *~ на ср'ад'á сéлоту ѝмаши една ахтáрница, та са бер'áха мáлку и гол'áму* [V,PM.31].

ахтлиа adj 'нажален' *~ по-дно време имало един човек, мислиши да се опопи. Но кату не имал чендо, зарди това млого ахтлиа беши* [V,PM.215]. На стр. 361[V,PM]: **ахтлиа** 'коњаник' (погрешно?; веројатно: "атлиа").

ахýр'* m 'заградена, покриена просторија за домашни животни' *~ фáти да купáј ахýр'у, гу скýмнува вудѝлуту и сă грáмнува, утѝва и кóн'у* [MS,t,61]; *~ сл'áзи ут кóн'у и му гу дáди на т'ăх да гу закáрат у ахýр'у* [MS,t,59]; *~ за му клáда пл'ăва да идáт, за ч'éш'а óлувéту, за пóрина ахýрут* [MS,t, 65]; и: **ахăр*** *~ мајка му му вели: иди на ахăр'ут! Има таму едно жр'апче от едно време... тој ке да ти кажи!* [V,PM,47]; сретнавме и примери со испуштено интервокално "х" **аýр*** *~ уддéл сéга прáво нă-кóјно уф-аýро* [ПД,159]; уште **аăр*** *~ си-имáли нóви аăре* [ПД,161]; сп. dem. **ајăрче.**

ахчѝа m 'сопственик на гостилница, мајстор што приготвува јадење' *~ нă-мéн нă свáдбата ѝмăхме трýјца ахчѝ* [ПК, II,21]; [СК,318]; *~ и катó дошéл сéтне цáрскиá ахчѝа, за да зем'а отридéната рѝба* [V, PM,255]; сп.: **ахчија** 'главен готвач на свадбата' [ТГ,166].

ахч'ѝјница (и: **ахч'ѝница**) f 'гостилница' [MS,s,1]; Саќов од Кукуш запишал: **ахчѝлница** [СК,318].

ахшифóсе pf 'отруе' [СК,318].

ахшифóсин' adj 'отруен' *~ шó мă глéдиш куту ахшифóсин'?* [СК,318].

ахшифóсуве* impf 'труе' [СК, 318].

Ацо m (м. л. име во Гевгелиско изведено од Александар) [ТГ, 114].

ач асандра 'отвори се' *~ хем му наринч'а: "кога сакаш да ја отвориш, да велиш: "ач асандра" – ки си отвари сама, и пак: "капа асандра" – ки си затвари* [V,PM.176].

ачиѓозлýк m 'снаодливост, отвореност, претприемчивост' [СК, 318].

ачиѓóс adj 'снаодлив, претприемчив човек' [СК,318]; *~ утвóрин, нóго мóш сă-снóжде* [ПК, II,21]; сп. *ачик-ѓозлија*

ачѝк (и: **ач'ѝк**) adj **1.**'широко, празно, незаградено место' [MS,s,1]; *~ фл'áзи д'ăт'анту у*

нас дупката да врави, зл'ази на иднó ач'ик м'ăсту [MS,t, 86]; **2.** 'незаклучен, отворен' ~ *ќуптéн ачик бише пóртта, утвóрна* [ПК(Г)]; **3.** 'светол', сп. ~ *ачик цăрвéна* (боја) 'светло (отворено) црвена боја' **4.** fig. 'слободен, отворен во однесување' ~ *нóго ачик дéте, ич нé сă-стрăмýве* [ПК(Г)].

ачик adv. 'очигледно' ~ *ачик крáде, нă-óчи*; сп: **ачик-ашкирé** [ПК,II,21]; [СК,318].

ачик-ѓозлија adj 'снаодлив, итар' (ако детето прогледа веднаш штом ќе се роди значи ќе биде **ачик-ѓозли**) [ТГ,106]; сп. ~ *лувачут* (ловецот) треба *"да може куту заиц да трче, да се крије куту лисица и да биде лек и ачик-ѓозлија куту врапчан"* [ТГ,385].

ачик-ашкирé (и: **ачкă-чере**) adv 'сосем јасно, очигледно, јавно' [СК,318]; сп. ~ *ачик ашкирé тă-лăже, крúф а и пáк нé признáве* [ПК,II,21]; ~ *напкун пашата рече на јуруците да дајат 7 лири, и на нас ачкă-чере ни зимаха 60 гроша* [МС (В),74].

áчко n (m) 'вид птица, има црни перја, извиткан клун, *кăси* нозе, остри нокти, дере повеќе од мачка, не е голема, помала од *бúба'* ; им помага на рибарите при ловење во Дојранското Езеро [ПД,114].

аџамúа (и: **аџăмúа**) adj 'млад, неискусен пр. во работата, нов, ненавикнат' [СК,317] ~ *цáр'ут речé : "óшти аџамúи са, áма нéка да ги ўженими, ке да добúат ўм"* [V,PM.114]; ~ *"што да правам, мори сестро? Колај нема." – "Много арно колај има, ама си аџамија"* [МС(В),95]; ~ *море лудо, море младо, аџамија! / нит уд Бога, лудо младо, мома пажќе* [ТГ,96].

аџамијко n 'коњ што не го знае –поради неискуство– редот во одењето во *кирван,* на пр. сака да претекнува и во таков случај другите коњи се трудат да го спречат (со задникот, со касање или со 'ржење) ' [ТГ, 422].

аџ'ба (и: **аџеба, аџ'ибé, áџиба**) part 'дали' (со модално значење: несигурност, сомневање) ~ *да му рéкле тúи шо слушáле: "ами кој áџиба мóжи да уткúни?"* [MV,K,279]; ~ *вел'áле: "áџиба шо ки испáдни вóа дéти ка ки пурáсти?"* [MV,K, 279]; ~ *јá ти гу úди цáру, прумúна сăс з'éнт'уфцéту, ми вил'áт: "áџ'ибé Ќел'éш', óш'ти тук си?!"* [MS,t,35].

аџúа m 'титула на оној што го посетил Светиот гроб' [ПК(Г)].

аџ'илé n 'работа која не трпи одлагање, неопходност' [MS,s, 1]; ~ *му вилú: "зáпри сă да ти дáм инá либăнúца!" тóј са ни запúра; и тóј си имáш'и аџ'илé да фтáса за у Лагадúна* [MS,t,44].

Аџинýс m, top. 'име на село во Кукушко' ~ *тýрцки сéла бúа Аџинýс и Армутчúа, ни адúн нáш нéмше, бúă сé Тýрци тáм* [ПК,II,319].

ашáр m 'десеток, десетти дел од произведеното жито што требало да му се даде на бегот' [СК,319].

ашúк m (pl **ашици**) 'коска од зглоб на животно, служи за детска игра' ~ *на сестра им úсе добило дете, си играло на дворут сус ашици и викало: "чик, чик, ашиджик, имам девит вујци"* [V,PM,270].

ашúк m 'заљубеност, љубов' ~ *чунки си ашик за мене / дил*

имиш мирак пу мене / камо ти којна сус тебе [ТГ,328]; ~ *на шо́ м-сӑ чини́ аши́к; да́л' на-убуви́на, да́л' на буга́цво?* (= кои беа причините што толку го засака - иронично) [ПК(Г)].

ашика́р m (потсмешливо) ~ *за чуве́к шо́ сӑ-ма́а бис-рабо́та, игра́а ус-де́цта (аши́ци)* [ПК,II, 21].

ашикире́ adv 'очигледно, сигурно' ~ *ни́то ди́п по́скри́шно, шо да не́ си пика́са, и да не испа́дни на ашикире́* [MV,K,325]; ~ *и Та́тко ти шо ти пузна́ва уф скри́шното, ки ти пувӑрни на ашикире́* [MV,K,262].

аш'кити́ја m 'пустелник, скитник' (в. *иш'кити́ја*) [MS,s,4]; [СК, 319]; [ВК,18]; во Вод: **искити́ја**.

ашлади́се pf 'присади, калеми' (пр. дива круша да стане питома) [ПК(Г)].

ашладисуве impf 'присадува на диво дрво за да стане плодно' ~ на третата, или четвртата година дивото дрво (*црничка*) треба да се *ашладисе* (= да се калеми). *Ашладисувајнето* (калемењето) се врши во јули или август така што на кората од дивата црничка се расекува едно место и таму се уфрла калемот од питомото дрво. Калемот претставува фактички рачка од лист во чија основа се наоѓа *окце* или *пӑпка*. Потоа местото се премотува и стегнува со лико, а одозгора се премачкува со лајно од добиток [ТГ,406].

ашлама f 'јадење од сукано тесто' [ТГ,21].

ашлама f 1.'присад, калем што потерал, фиданка' [ТГ,407]; 2. 'расад' [MS,s,4].

аштинуми́ја* f 'полиција' ~ *трча́ на аштинуми́јата* (= со трчање отиде в полиција) [MS,s, 5].

ашӑр m 'мало зелено диње, се става во киселина – туршија' [СК,319].

ашӑрди́суве impf ~ *же́нта ка́-ј те́шка ашӑрди́суве* (зн.: непријатно чувство со повраќање кај жените кога се бремени) [ПК, II,21].

Б

ба̣ interj 'бре, море' ~ *он пра́во на-же́на-мо: "шо ба̣, же́но та́а рӑбо́та?* [ПК,II,272].

ба́!ба́!ба́! interj **1.**'искажува возразување (на она што било пред тоа кажано), барање' ~ *ба́бата р'е́ч'и: ба́! ба́! ба́! јас м'е́н'а̣ м'а̣ и стра́х вӑнка да спа́м!* [MS,t,71]; **2.** 'изразува согласност' ~ *му рече: "ми некеш и меника да дојдам по тебика?"– "Ба брате, аку ми милуваш, ела!"* [V,PM, 44].

баагѝ adv **1.** 'многу' ~ *баагѝ ле́п си-купи́л, ки-ни-уста́не, тупа́ч ки́счи́не;* исто: *баагѝ гуво́рте, а́ма не́-ј нӑ-а́рно;* сп. **бајá**; **2.** 'често (пати)' ~ *Мо́нда баагѝ ӣ̣ше уф-на́ска ка́ би́ше вуј̆к-ти ерге́н* [ПК,II,22].

баалдиса* pf 'малакса, изгуби свест' ~ *шетал млогу време гладин, без л'ап ... и не можаши веки да траи от гладиа голема, дури веки баалдисал* [V,PM.83]; **бајалдѝса** ~ *бирика́т јас ту́к сӑ ла́хах, гу фти́снах за гӑрӑлуту и кајди́са ко́калу у уста́та и гу зва́д'а̣хми, ала́ то́ј бајалди́са ут стра́ха* [MS,t,37].

бааре́ n 'долниот дел од оџакот' ~ *зи́дӑно нӑд уџа́ко* (зн. над огништето) *де́ка о́де кӑде́жо* (каде се собира димот, а потоа иде *бӑџа* = оџак) [ПД, 119].

ба́ба f **1.** 'стара жена' (воопшто) ~ *им'ӑш'и у на́с кӑш'та сад'е́ идна́ ба́ба* [MS,t,84]; ~ *ка̣ си о́дӑт во́а нӑна́к'и, тоӑ нӑна́к'и, во́а де́тто гу прӑче́кӑве а̣дна ба́ба* [ИГ,113]; ~ *кла́ват и иди́н т'е́ш'ук (|| т'е́ш'ка) ка́мин' на врӑх ко́тката за да сӑ гирди́сува о́снува́та; и с'е́дн̣ува ба́бата на крусно́ту* [MS,t,7]. Многу често се јавува во синтагма со маѓесница ~ *ути́ди да брӑка идна́ ба́ба маје́ш'ница, ја на́ји идна́ такфа́с ба́ба и вили́* ... [MSt,68]; **2.** 'жена – самоук лекар' (надрилекар)' ~

и пу бáби гă нусувáа и немá и немá фáјде (= не можеле да ја излекуваат) [ПК(Г)]; **3**. 'жена што помага кога се раѓа бебе, бабица' ~ *жанáтаму бúши дитúн'а, ја фáтиха булúки за да сă рудú мáлкуту; и вúкнаха бáбата и сă рудú мáлкуту* [MS,t,15]; ~ *една жена не можа да роди, вика баби от четири села – Дуганциво, Тупчиво, Ватилак и от Дăрмица* [MC(B),87]; **4**. 'мајка на родител' ~ *éл нăбáба мúлту нýче;* сп. **парá бáба** 'на татката или мајката бабата' [ПК(Г)]; **5**. 'жена (воопшто)' ~ *татку имаше много пари, и как немаше друга баба, сакаше да се жени* [MC(B),71]; **6**. 'мајка на сопругата, тешта' ~ *нăбáпте зéтуфциту им сă-пóмúли ут-сúнуфциту;* ~ *бáбо ú вúке зéто на-мáјкта уд нивéстта* [ПК(Г)]; **7**. fig. 'маж (или машко дете) со слаб карактер' ~ *тó: Мúцо на чúн-Тéна алúс бáба* [ПК(Г)]; **8**. 'внатрешен орган на животно' ~ *бáба вúкме и нашкéмбито ут-стóкта;* **9**. 'дел од воденицата' ~ *бáба úма и уф-вудни́цта* (= голема греда во базенот со вода под воденицата). Таму се потпира вретеното на воденицата, се врти колото (од ударот на водата) и го врти каменот [ПК,П,22]; ~ *сусбáбăта гу-пудúгнувăт кáмăно, гу-спуштýвăт, кăквó сáкăт брáшно дă-мéл'ăт: пó-сúтно или пó-éдро* [ПД,171]; **10**. 'матица кај пчелите' [ПК (Г)]; **11**. **бáба** 'име на вид колбаса во серскиот говор' [BC(Д),70]; **12**. сп. изр.: **бáба еднó зна́, сé тóо сјó бáа** (старите луѓе бидејќи се исклучени од општественио живот зборуваат само за она што било во минатото) [ПК(Г)]; **бáба ýм нé купýве, тýку ýм прудáве** (треба да се слушаат советите на старите луѓе, да се цени нивното искуство) [ПГ (М)]; **сéлто гóре, бáба сă-рéше** (гл. *се реше* и денеска се среќава како архаизам, со значење 'се чешла'; со оваа фраза му се прави забелешка на оној што не им дава значење на важните работи) [ПК(Г)]; **штăрбла бáба на два зăба** (поради римата може да се слушне и: ... **на два заба;** така ги закачаат децата кога им паѓаат запчињата, кога им се менуваат) [ПК(Г)]; **дáла бáба пéт да сă фáте, дéсит да сă пýште ама нămóже** (почнувањето на некоја работа значи и обврска и треба да се заврши) [ПК (М)]; **на нóго бáби дéтто-ј кúлаво** (за секоја работа, за да биде успешна треба да има еден главен, што ќе го слушаат другите) [ПК(Г)]; **бáбини дивитúни** (= несериозни разговори) ~ *ним ми-кажýви бáбини дивитúни, трибýве дă-си-кáјш прáвуту* [ПК (Г)]; **баба ти је жива била** (се кажува на гостинот што ќе дојде токму пред да почне да руча семејството) [ТГ,289]; **сурва, сурва, дај ми бабо мрва** (рефрен што го извикуваат коледарите кога пред Божиќ за Коледе одат по куќите – според Таневиќ) [ТГ,23].

баба-хаки f 'парична награда со која младоженецот од татко-то "ја откупува" невестата' ~ *и баба-хаки хил'ада гроша* [V,PM,246].

бабалѫ́к 1. m 'тој што прибрал (и чува) дете без родители' [ДС(Ч)]; 2. **бабăлѫ́к** 'не вистински родител (детето е од друг татко) – оќув' [ПД, 117]; **бąбąлѫ́к** [ВС(Д),67].

бабаѓо́сан adj 'отечен, со нездрав тен (од пиење алкохол, болест)' [ЛС(К)]; и: **бąбуно́син** [ПГ(С)].

бабаąа́н* m 'голем, силен човек – мажиште' ~ *тога сă вăрна и плесна răци за Јанкула, ама Јанкула бабаąан го дигна на Шамлијче делијче* [МС (В),98]; [ВК,V, 22]; [СК, 319].

баба́чко m, adj 'силен човек, јунак' [ЛС(К)]; **баба́чка** 'голема, силна (жена)' ~ *ąдна бąба́чка же́на шо́-і зе́л, ду́р не гу ли́че спру́ти на:* [ПК (Г)]

ба́ба ша́рка (и: **ба́б-ша́рка**) f 'болест на кожата од која се јавуваат пликови (најчесто кај децата)' ~ оваа болест скоро со ништо не се лекува, пред да излезат пликовите се мачка со зашеќерена вода, а потоа пликовите *се топат* со ракија. Луѓето се трудат "да ѝ угодат на *баба-шарка"* да го... *бугле* болниот (да му помага). Детето треба да ... лежи во чиста постела. За да ја *искаре* полесно *баба шарката* (да се појават пликовите) на детето му се дава помалку ракија измешана со *крмез* (црвена боја)'; – ја има: *ма́лка ша́рка* и *гуле́ма ша́рка* [ДС(Ч)]; уште како: *дробна (малечка)* и *гулема (кужухна).* Децата обично боледуваат од *малечка,* а возрасните од *гулема* или *кужухна. Кужухната* е поопасна зашто тешко се *искаруве.* При лекувањето основно е да се чува чистота, а има и верување дека не треба (додека трае болеста) да се коле живина, уште да не се пали светлина, навечер покрај болниот да ѝ се остава "вечера на болеста" , а и кучињата да бидат врзани за да може *"баба шарка"* слободно да поминува низ дворот'. Втората (*кужухната*), веќе рековме многу потешко поминува и може да остави траги, особено ако не се одржува хигиена [ТГ,123, 233]. Освен кај човекот се јавува и кај овците; штом овчарот ќе забележи дека овците се *фатени од баба-шарка,* тој ги одделува од другите и одделно ги храни. Ги *поје* со *шикерлија вода.* На тој начин се сака да "се смилостиви" *баба-шарка,* т.е. да не се "нал'уте" [ТГ,380]. Се случува да ги нападне и кокошките (дека "се фатени од баба-шарка" се познава по тоа што се кријат на завет, не се движат, не јадат, а *креската* им е поцрнета). Дел од кокошките оваа болест ја преболуваат, но некои умираат [ТГ,403].

ба́бине pl 'куќата (и семејството) на баба ми (= мајка на еден од родителите)' ~ *уф дво́рут на ба́бине пу-це́л де́н игра́јăхме* [ПК(Г)].

ба́бини ја́ришта pl.tt. 'ситни зрна замрзнат снег' [ПК,II, 22].

ба́бица f 'жена што помага кога се пораѓа трудница' ~ *же́ни-*

те не си а зăбрáвăт и нéјнăта бáбица уд нéјнто сéло [УЕ,31].

бáбичка f (dem. од баба) ~ *адна бáбичка óде, стáра: "а, бе синко, дај то: шкéмбăто намéн"* [ПК,II,234]; ~ *амá инá бáбич'ка ја пузнá мумáта, заш'тó утúва д'ăт'ą пукрáј н'éја* [MS,t,22].

Бабјăни n, top. 'име на село во Ениџевардарско' ~ *уф сéло Бáбјăни се сфăлú Дúмитре* [КЕ,278].

бабли pl 'вид птици што не се јадат' [МЕ(Р),169].

баблăк m 'занимање (работа) на бабицата – помагање при породување'; сп. ~ *"шó рабóти?" – "баблăк"* [ЛС(К)].

бáблăк || бáбла f, zool. 'птица' ~ *úма дăлги нóзи и дăлга чóпка, лúче нă-пиликáн (штăркăл), пóвиќе-ј бéл, úма и цăрни пéрцта. Сă рáне усжáби* [ПК,II, 22].

бабýлка (и: **бабýл'**) f, pej. од 'баба – бабиште' ~ *тó: лóш бабýл'* [ДС(Ч)]; (со исто значење **папл'áчка**) [ЛС(К)].

бáви (сă)* impf 'се задржува, работи полека' ~ *амá ни ни трăбува да сă бáвими, трăбува да пóјми* [MS,t,15]; [MS, s,7]; ~ *н'о: знáм шó биде, шó-с зą бăвú тóлко нóго* [ПК(Г)].

бáвăн adj 'оној што работи полека; орр. на брз' [ЛС(К)]; сп. *бáвна (рáбута)* 'работа што се одвива полека' [MS,s, 7].

багалáр m 'солена морска риба' [BV,22].

багáш* m 'работи, спакувани (пр. во куфер), што се носат кога се патува' ~ *сă-накачúме нă-нúх, áма шó фајдá, нéли нă-Дúмúр Исáр ни устăнá бăгáшо* [ПК,II, 248].

бáгим adv 'божем' ~ *а-зăпăл'ýва ва кăпúнта бáгим дă-сă-стóпле* [ДК,137].

бáгре impf 'со врука вода ја попарува закланата свиња за да може да ѝ ги искубе влакната' ~ *áк сă-дéре бúшкąта нé мóра дă-сăбáгре, áма áк сáкиш дă-гă-искýбиш трибýве дă-гă-из бáгриш* (при *багрењето* кожата на свињата поцрвенува и веројатно тоа е врската со основното значење: 'боја', 'бојадисување' [ПК(Г)]; ~ *бúшкăта гă-бáграме ка ки сăтýре врéла вóда и сă-кýбе* [ПД,116].

бадем јаа m 'бадемово масло – се дава на туку што родено бебе за да се очисти' [ТГ, 106].

бадива adv 'напразно' [МЕ(Р), 169].

бáе (и: **бáа, бáј** *) impf **1.** 'прави магии, шепоти зборови "со таинствена моќ што лекуваат" маѓепсува' ~ *бáбата ми пубá на м'éн'ą вудáта* (= бабата ми ја маѓепса водата) [MS,s,5]. Сп. обичај од Гевгелиско: кога детето не спие и многу плаче и со баењето сакаат лошотијата (преку говедарот) да ја пратат в поле ~ *ајде да одме плачо – клачо, пу ладни сенки, пу студени води; нија да се врниме, ти да не са врниш, там да устаниш, сенка да са чиниш, уд слăнце да бегиш, пу вода да истечиш* [ТГ,125]; **2.** 'зборува сам со себе си' ~ *викáла: "ах-ăх, бóлин здрáф нóсе, бóлин здрáф нóсе". – "шó бáјш Кýма Лúсо?" – "нăглáвăта си-бáм"* [ПК,II,227].

баéри pl 'ѓердан од стари пари што жените го носат како украс' [BV,22].

баз бајá (и: **бáз бāја**) adv 'сигурно, право речено, потврдено' ~ *ми кажáа, баз бајá ти си гувурúл* [ПК,II,22]; ~ *бáз бāја тú си о кāлвáл нā мójто дéтинце* [СК,319].

баздриѓáн, базирѓáнин (и: **базирѓáн**) m **1.** 'трговец што продава бижутерија и сл.' ~ *сите базирѓани го мол'ат да му дадат мома от нихните моми, ала дјатенто не сакаши* [V,PM,163]; ~ *и такá базирѓáнинот му купú едúн хáрин кóн... ~ нај-мáлкојут, кату знáиши мáлку да пúши, отúде на едúн гол'áм базирѓáнин* [V,PM,20]; **2.** 'навредлив назив за Евреин' [СК,319].

бáзи-бáзи adv 'зачестено' (од момент до момент) ~ *хрúпкат бáзи, бáзи за да ни фл'áват у удāт'ą* (= скокаат зачестено...) [MS,s,7]; [ПК,II, 22]; сп. **бáзикерéт** 'понекогаш' ~ *бáзикерéт пумúнуви и крāј нáс* [СК,319].

базúке* impf 'прави непристојни закачки' [СК,319].

базирѓанче n, dem. од *базирѓан* 'трговец' [V,PM,361].

баилдисува impf 'губи свест, малаксува' ~ *останувaха рибите аф суха земја, баилдисуваха, и пак га пушташи от устата му водата, и жавувaха рибите* [V,PM,44].

баир* m 'рид, возвишение' ~ *типāра наберá дāрви сýхи от баúрот и си отиде на дóма му* [V,PM,106]; ~ *еднó вр'áме úмаши две брáтка, излéзоха да са шéдба шéтат, отидоха аф баúрот* [V, PM.28]; и **бајúр*** (рид покрај селото, таму пасе селската стока) ~ *пруминáха т'é утáм си утúха, гу ц'áснува мýл'ąту ут калó гу извáжда, гу клáва н'éтр'ą у бајúру* [MS,t,35]; в. уште: ~ *рúдно мéсто дéк úма дāрмāлāци, трéва.* Сп.: *двóро станáл кут-баúр* [ПК,II,22].

баąúрче n, dem. од **баир** 'рид' ~ *таąквó бúше тáм, нéмше гóра, сé баąирчúнка бúа, чýкички; пу-нúх мúндāле. Одāхме за сāчки дā-бéрме* [ПК (М)].

бајáлник m 'погрден збор за некоја баба којашто многу често се лути и возразува' ~ *тóо шó гувóре сéедно, тóо пá тóо, сé нéшто нé мој таąмáн. "ај стúге дé, цéл дéн бáјш кут бајáлник"* [ПК (Г)].

бáіница f 'тестено јадење од сукани кори, масло и сирење (или нешто слично), вид пециво – баница' ~ *тóо-ј јáдне, сā-прáве ус-кóри шó-і сýкат жéнте, сā рéдат кóрте, сéкаа кóра сā-пупāрскуве ус-сúрне, мáс и јáјца зáадно рāзмāтни. Такá сā-рéде пāлна типцúа, сā-пéче уфшпóро, мóш и пуд-вāршнúк. Úма пóвиќе бáјници* (баници). *Бáіница ус-тúква, бáјница ус зéле, бáіница ус-јáјца, сúрне и мáс, бáіница ус-прáс, бáіница ус-урúс (уризóва бáіница)* [ПК,II,22]; и: **бáница*** ~ *как да сāм јáзе јýбава | бугáта кāшта на глáва ... | често бáници сукáјне* [ИГ, 107].

бај part 'се додава кон лични имиња, служи за обраќање кон постар човек, оној што има авторитет' [V,PM.361].

бајá adv **1.** 'многу, прилично' ~ *пóпут уткáк ки нéј бајá врé-*

ме, ки дój врéмито да гу пúта на нýнкото кáк му-ј úмито на дéјто [УЕ,29]; ~ *гу земá и момчéто, гу бизáиши: бајá момчéто гол'áмо са чинú* [V,PM,145]; ~ *удúле бајá виздéн; и гу пáлаа на руднúнити и на пузнаájти л'ýди* [MV,K,308]; **2.** 'сигурно, несомнено' ~ *и ч'урбац'úјата са наумú: "тój, ш'ту гу фăрлú мáлкуту, тузú зај бајá!"* [MS,t,17]; **3.** 'веднаш' ~ *"их, вéле, дéдо óтеп-ја, тă ки-ми-нăпрáјш нă-мéне áјн ки́рк". И лисúцта чујáла, сă-вăрúне нăсăт бăјá* [ПК,II,266]; сп.: **баагú, ки́пте́н** 'премногу' [КП,II,22].

бајалдúсува* impf 'припаѓа, се онесвестува' ~ *л'ýјто бајăлдúсува* [ПК(Г)]; ~ *бајалдисáх* (= се онесвестив) [MS, s,5].

бајалма f 'болест кога човекот губи свест – несвестица' [ТГ,244].

Бајалска војчка f, top. 'лековит извор кај с. Бајалци, Гевгелиско лекува *уд треска'* [ТГ, 285].

Бајалци n 'име на село на патот Стојаково – Солун; овде се менувал *небетчијата* – оној што го води *кирванот* од *арабации* [ТГ,423].

бајáт adj 'она што е одамнешно, што не е пресно' ~ *бајáтјо лéп ај пó-áрин* [ПК(Г)].

бајáч m 'тој што лекува со баење, надрилекар' [ПГ(С)].

бајáчка f **1.** 'жена, обично циганка, што ја "претскажува" иднината' [ЛС(К)]; **2. бајáчка** 'жена што лекува со баење, надрилекар' [ПГ(С)].

бајдăвá adv **1.**'попусто' ~ *бајдăвá о-чикáме цéл дéн;* **2.**'многу евтино' ~ *ва гудúна т'итýно бајдăвá, бис парú о-зéа* [ПК(Г)].

бајúрка f, dem. од *баир* 'рид' [MS,s,5]; 'ритче' ~ *тóс ман'ó на нáс иѓýпката пузнá, ја присл'ăди, пузнá, ш'тó за сă уб'ăси, сă скрúва на инá бајúрка* [MSt,53].

бáјку m 'на татко брат, стрико' ~ *кóга пурăстéа дéцăта сăкáја дă-видăт шó тáтко úмăт, шó зăнáт прăвéше. Е, бáјку-му му-вилéше: "а, бе дéца, тáтку-ти нимáше áрно зăнáт"* [ДК,136].

бајлдардúсува* impf 'пленува' (= им останува на срце); и: **бајлдарúсува*** 'многу привлекува' [MS,s,5]; сп. бајалдúсува*.

бáјна f **1.** 'просторија за капење, обично јавно се користи, има минерална вода' ~ *ки-ми-гă фáтиш бáјнăта зă-еднá нăдéл'а врéме* [ПД,147]; ~ *кичýкиш бăрăбáно, уф-бáните дă нé смé: нúкуј дă-флéзе усвéн цáро* [ПД,148]; и: **бáн'а** ~ *му кýпи рýба за ут нăтр'а и рýба за ут вăнка и гу зан'éси на бáн'ата (на лутрóто)* [MSt,81]; во Серско-Драмско **бáн'ę** [ВС(Д), 68]; **2.** 'самиот чин на капење' ~ *му вилú :"хáјди, мăнц'у, удáта варú, да стóриш' бáн'а!"* [MS,t,69]; ~ *тóс скопó... кáта д'éн' прáаш'и бáн'а у мур'éту* [MS,t,78]; ~ *вáдин три пăти прăвúк бáјна* [ПВ(К)].

бајнан* adj 'измиен по целото тело, искапен' ~ *сус рујно, благо вино, лудо, сум бајнана / суз бело млеко, лудо младо, пулијана* [ТГ,97]; ~ *меснати ми пети, лудо / на бајна бајнани / на бајна мијани, лудо* [ТГ,158]

бајолма f 'болест кај свилената буба, се јавува во четвртиот, последен период од развојот (од семе до *кожурук*). Бубите се обесуваат, се умртвуваат како да се пијани. Не јадат и само лежат. Оваа болест доаѓа поради тоа што семето преку зимата се чувало несоодветно (пр. во влажна просторија и сл.) [ТГ,13].

бајрак m 'платно со одредена боја, симбол на државност, националност, организација, но и пошироко, пр. се користи и во свадбениот церемонијал' ~ *ергените ке играиха хоро с бајрак ду да замрăкни* [МС(В),71]; ~ *баш на сред-село / бајрак диктисаме / бајрак забудеме* [ТГ,348]; ~ *от Арнаутите поголем золум; испаднал Шабан Гега от Битолско, с бајрак шетаха с бил'уци* [МС(В),72]; сп. изр. **бајра́ко гу-но́се** (се кажува за човек што предничи со негативности) ~ *си́нуфто нă-Го́цто бајра́ко гу-но́сат, зăто́о ни́каа мо́ма гине́јќе* [ПК,П,154].

бајрактáрин m **1.**'тој што го носи знамето (пр. на свадба)'; **2.** 'прв во некоја работа (обично со негативна конотација) ~ *о́н би́ше бајрактáрин нăко́марци́јте* [ПК(Г)]; и **бајрактар** 'знаменосец' [V,РМ, 361]; сп. **Бајрăктарци** – фамилијарно име во Кукушко.

Бајрам (и: **Бајр'амна ден**) m 'најголем муслимански празник' ~ *един, бајрамна ден отидоха сички Турци на џамиата, да клан'ат бајрамот* [V,РМ,181].

бајрамна adj, m(f) 'бајрамски, празничен' ~ *един, бајрамна ден отидоха сички Турци на џамиата, да клан'ат бајрамот* [V, РМ,181].

бáјро m 'човек што оди по куќите и кани за на свадба' [СК,319].

бајци pl 'ситни мазни каменчиња' [МЕ(Р),169].

бáјче n 'брат на татко, стрико' [ПВ(К)]; сп. **бáјку**.

бакал'е́* n 'продавница за ситни работи за домаќинството, бакалница' ~ *стáна ... да уто́ри; лу́-ш'ту уто́ри, пáдна нăтр'а у бакал'е́ту по́пут* [MS,t,68].

бакáлница f 'продавница за ситни работи за домаќинството, бакалница' ~ *дикáн де́к сă-прудáве за јáдне и дру́га сто́ка, ситне́ш;* сп. *Бакáлци* – презиме, семејство; ~ *та: Бакáлка би́ше но́го дигнуглáва* (зн.= многу вообразена) [ПК (Г)].

бакáлин (и: **бакáл**)* m **1.**'трговец на стока со зачини (мирудии)'; сп. *бакáлску имáни* (= стока од зачини); *ути́ди на бакал'е́ту* (= отиде на бакалница 'продавница со зачини' [MS,s,5]; **2.** 'сопственик на дуќан (и продавач) со мешана стока' ~ *сто́риха дру́гит'а бакáли парáпуну на цáру* [MS,t,28]; ~ *си́га сă ч'у́ди, кáк да ха фăрли́ вăнка да гу ни ви́ди н'ăфту и му т'е́кна да ха занис'е́ на бакáлинут* [MS,t,68]; [BV,23]; ~ *ути́ди на бакал'е́ту* (отиде кај продавницата – продавачите) [MS,s,5].

бакалăк m 'стока што се продава (односно купува) за домаќинството' ~ *ги прудáва и камилиту и си утфáра иди́н дуѓáн, е́м бакалăк е́м праматалăк* [MS,t,14]. Примеров е

од книгата "Текстови" на Малецки, во "Речникот" однонасла лексема (од истиот терен) тој ја објаснува како 'продавница за зачини' [MS, s,5].

бака́н m, bot. (Caesalpinia bashsnensis) 'дрво што испушта црвена боја, служи за бојадисување, пр. на велигденски јајца; се употребува и во козметика' [BV,23]; во Гевгелиско (со исто значење): **бака́м**-от се меша со *крмăзик*, кога се употребува, бојадисува [ТГ,57].

бака́ре impf 'внимателно се однесува кон некого (или нешто)' ~ *а́к не́миш фа́јде не гу бăка́риш то́лко* (= му правиш чест бидејќи очекуваш некаква корист) [ПД, 116].

бакарла́к m 'садови' (првичното значење: садови од бакар, а потоа значењето се проширило) [MS,s,5].

бакарни́к m 'јадење од варено "*мисиркино*" брашно, потоа запржено; се додаваат чварки, колбаси и сл. – качамак' [ДС(Ч)]; во Кукушко **бăкăда́рник** [СК,319].

бакăрџи́а m 'мајстор што прави бакарни садови' ~ *о́ни о́да пу-се́лта и прудáваа бакăр* [ПК(Г)].

бакéта f 'пакување (пакет), врзулец' ~ *бакéта т'ут'у́н* (= спакуван пакет тутун); *бакéта пр'éлу* (= свиток преѓа) [MS, s,5].

ба́кла f, bot. 'зрнесто растение од типот на гравот' (Vicia faba) ~ *кут фасу́л'-éј, са́мо по́-гулéма, са-ва́ре кут-бурни́а, ка́-ј мла́да зилéна и-éј ко́рта, сéтне ка́-ќ-устăрéе са-ва́рат са́мо зăрната* [ПК,II,22]; [ПД,123].

баклава f 'десерт од тенки кори, меѓу нив се става ореви, се полива со зејтин и зашеќерена вода' ~ *за ина́ тапс'а́ баклава́ (гул'а́ма, ма́лка?) три прăст'а ина́ ука́ ш'иќéр* [MS,t,8]; ~ *гу зва́д'ахми за пикмéс ... куга́ и́ш'тими, јад'éми сăс кач'амáк, хуш'ăф пра́вими, баклава́* [MS, t,4].

ба́кне* pf 'ги допре усните до предмет што го сака, почитува и сл.' ~ *ки-ј м ба́книш răка, ки-ј дăру́виш, нă ко́ј ри́за, нă ко́ј пăчéта, и они ќ-ти дăру́вăт* [ИГ,116]; ~ *ми ба́кна răнка́та, бузáта ... сă ба́кнаха éш'ти идно́ш'* [MS,s,5] ~ *у думá ... и жинáта-му гу заграна и гу ба́кна сăс ра́дус гул'а́м* [MS,t,86]; сп. **ба́кни răка** 'специјално искажување почит кон свештено лице, односно од невестата кон свекорот, свекрвата и сл.' (допирајќи ја раката со своите усни) ~ *сăта ва рабо́та си-пра́ви уткáк пишúм му ба́кни răка на сăте пу ред* [УЕ,23].

ба́кнува impf 'изразува љубов, почит на тој начин што со усните допира до она што го сака' ~ *тугáс цáр'ут пáдна на кулинáта и фáти да гу ба́кнува з'éнт'ут-му* [MS,t, 87]; ~ *фати да му са пуклунува, падни - стани, прид негу / рака и кулено му бакнува* [ME (B),261].

бактисе* pf 'здосади, откаже' ~ *така жавуваќи, бактиса, па утиде пра един дуовник* [ТГ, 146]; ~ *една баба што и́ бактисало уд-зима, фатила азăр да са чинуве за да оде на планина* [ТГ,13]; – **(са)** ~ *и ка му са бактиса слушаќи, наеднăш застана* [ТГ, 342].

бакшиш (и: **бакш'и́ш'**) m **1**.'отстапување некој предмет без надокнада, подарок' ~ *Госпот ми помо́гна, доби́х не са́мо та́ја сто́ка, што и́мам тука но и два́јси гими́а дадо́х на еди́н така́, бакши́ш* [V, PM.16]; ~ *ка ќи дојдеш емо да веeш, емо да не веeш; емо да ми донесеш бакшиш, емо да ми не донесеш* [ШК,V,423]; **2**. 'парична награда за извршена услуга' ~ *тојнака излезе, му вели на авциолиа: "ај авциоли, што му е бакшишу на това добро, што ми чини на меника"* [V,PM,46]; сп. *бакш'и́ш' м'а́тат* (раздаваат подароци); *бакш'и́ш' да́ват* (= даваат без пари); *му гу пу́сна ко́н'у бакш'и́ш'* (= му гу испратил коњот како подарок) [MS,s,5].

бакăр (и: **бăка́р**) m **1**. 'метал што не 'рѓосува, од него се прават садови, но се користи и за покривање цркви и сл.' ~ *сус жалезо не са праве, сус бакăр не са праве* [ТГ, 295]; **2**. 'бакарни садови' ~ *гле́де еди́н де́н пу-пăто штири́јсе кăми́ли о́дăт... Си́те штири́јсе кăми́ли гле́де тува́рни бăка́р: типци́ј, тинжари́на, та́суве, са́нуве, ама бăка́р* [ПК,II,267]; ~ *што, голем золум – крадаха бакăр* [MC(B),72]; **3**. 'котле, бакарен сад' ~ *кăко мо́же, бре́, ба́кăр д-у́мре!?* [ДК,154]; ~ *ја-ј има́ш'и ма́нц'ата кла́дину да сă вари́ бака́ру на т'апăту на тупо́лата зака́цин* [MSt, 55]; ~ *тогас бабата зема една честина и брашно и един бакăр и една пируска, та отиде праве* [V,PM.241]. Во Зборникот на Верковиќ [V,PM,361] зборов (во погоречспомената содржина) се објаснува со основното значење (бакар – метал) што не одговара на односниов контекст; **4**. fig. 'црнило, нечистотија' во изразот: *бăка́р ти фати́ле ра́цте* (= многу ти се нечисти рацете) [ПГ(Ф)].

бăкарен* adj 'нешто направено од бакар, пр. котел' [ДС(Ч)]; ~ *бăка́рна ăрани́а де́ка мо́же дă-ро́де* [ДК,154].

ба́ла f 'пакување стегнато во убава форма' ~ *т'иту́но удчинге́ле о-пра́вме уф-ба́ла, се́тне о-но́сме уф-манапо́ло, о-пруда́вме, за ма́лко па́ри* [ПК (М)].

бал панаѓири (= мед + панаѓур, односно 'меден панаѓур') m ~ тоа се прави на 15 август кога за последен пат (во текот на годината) се собира мед од кошот со пчели, по тој ден медот што ќе го соберат пчелите им се остава за да преживеат во текот на зимата [ТГ,400].

балабан m 'парче дрво' (основното значење: 'голем, огромен') – [V,PM.241]) ~ *оти́доха по-ната́так, на́јдоха е́дин балаба́н от ти́а ча́мовите дăрви. И кату гу виде́ барли́вој ут рече́: "брате, е́ту на ма́јка ми и врате́ното, што и принд'а́ла!"* [V, PM. 241].

балакли питок 'име на празник (христијански) – прв петок по Велигден' [ТГ,9].

балакш'и́ја m 'оној што лови риби – рибар' [MS,s,6].

ба̣лга́м m 'шлајм, кога човек има болно грло' ~ *нă-мо́јш дă-ја́јш, бăлга́мто тă-да́вăт* [ПК (М)].

ба̣лда̣за́ f 'сестрата од сопругата на мажот му паѓа ба̣лда̣за́,

свеска' [ВС(Д),67]; и: **балдуза** ~ *л'у ти са мол'а, пусни балдузата ми да им помогни мăра да битисат* [V,PM.62]; **балдăза** [ЛС(К)].

бạлда́р m 'задниот дел на ногата, под клечката' [ВС(Д), 67]; и: **балдăр** (во други говори: **прасе, лист** на нога, **икра**) [MS,s,6]; и **бăлдăр** ~ *Ко́л'уфта ниве́ста какви́ бăлдăре-i вăрса́ла;* или: *шо́ си рăзгули́ла ти́й бăлдăре* (се кажува на женско дете кога непристојно ги има откриено нозете) [ПК,II,27]; [СК,320].

балди́са* pf 'стане немоќен' [BV, 23]; сп. **бајалдиса**.

б'ạли́лу n 'козметички препарат – белило за лице' [MS,s,6].

б'а́лишти n (покрај: **б'а́лка**) 'белка од јајце' [MS,s,6].

ба́лка ти́ква f, bot. Cucurbita pepo 'вид тиква' ~ *бе́ла, гуле́ма, тăркале́зна-i, că-пе́че зăјáдне (нă-л'ýi то)* [ПК,II,22].

балка́н m 'планина, гора' ~ *по́сле н'а́колку де́на стигна́ли на еди́н балка́н, не́три на една́ го́ра, штоту сал едно́ не́бо са гле́даши* [V,PM.27].

балко́н (и: **бăлко́н**) m 'дел од куќата, испуштен надвор од ѕидот, непокриен' ~ *ути́ди д'ăт'ạту, ш'е́та ут сука́к на сука́к, гл'е́да ут балко́н на балко́н* [MS,t,10]; ~ *испăдна́ла мо́мăта нă-бăлко́но* [ПД, 154].

ба́лạма (и: **ба́лма**) adj 'неразумен' ~ *ним-că-пра́ј ба́лма, ки́т-că-сме́т л'ýјто* [ПК(Г)].

бало́суве impf 'со зборување на интересни невистини им го одзема вниманието на луѓето' ~ *ус-не́гăвте маабе́те ги-бало́суве л'ýјто* [ПК(Г)].

балсам m **1.** 'паразит што живее на гранките на некои дрвја, пр. на брестот, личи на меур, пиперка – бабур, внатре има ситни бубички и една многу леплива течност. Таа течност во Гевгелиско ја викаат *балсам*, а се користи против посекотини' [ТГ,239]; **2.** 'смолеста, мирислива материја, се добива од специјални дрвја, служи за лекување' ~ *Мари́а и... трагува́ле ба́лсами миросли́ви, да дујде́ле да гу нама́жат на Исус* [MV,K, 332]; сп. и **балсама** – според Будишевска: 'растение, успева на суви места, служи за балсамирање' [BV,23]; **ба́лсăма** [СК,319].

ба́лсăра (и: **ба́лсра**) f 'заеднички назив на повеќе болести по житните култури' [СК,319]; ги напаѓа уште лозјата, тутунот [ПК(Г)].

балта́к (и: **ба́лтăк**) m 'вид секира (има тесно сечило служи за сечење не за цепење)'; ~ *тăкат, пла́ч'ат, рисканици да́ват сăс балта́ци, ч'ýкат, жĕ́л'ạзу ја́куј, că ни утфа́ра хич'* [MS,t,53]; [MS,s,6]; ~ *"ее-е, му-ве́ле фи́л'ут, ба́лтăкут шу-ми-гýдри узд ра́ви, а́ма шу-мире́чи та́ка шу-мири́сăм, то́ не́ că-узд ра́ва"* [ДК,150]; сп. **бра́два** [MS,s,6].

балтациа* m **1.** 'војник од некогашната султанска гарда, задолжена да го чува харемот'; **2.** 'човек наоружан со секира (**балтиа**)' ~ *на цар'ут да му кажаш, да ти даде четиријси товари баш-ракиа и четиријси балтациии ... да пиат ракиата на вода месту, ки си упиат, тогас балтаци-*

ите да са хазăр, заедноч јуруш да чинат сос балтиите... [V,PM.42]; **3.** 'учесник на русалиски игри, оди напред, ја води дружината и е наоружен со дрвена *балтија* (секира) што ја држи в рака кога игра напред и го шири орото' [ТГ,223]; *~ тóо чувéк шó а-нóсе бăлтúита, шó óде нăпрéди прăт-русăлúјте, óн гу-вóде русăлúцкуто óро* [ПК,П,28].

балтúа (и: **бăлтúă**) f **1.** 'направа за сечење и цепење дрва, секира' [ИГ,124]; *~ отиде да цăрпи вóда от бунáру, гу нájде на Половúнмицáн тамо, га видé балтúата, га познá заштó бéши тјáхна* [V,PM, 106]; *~ ки си упиат, тогас балтациите да са хазăр, заеднош јуруш да чинат сос балтиите* [V,PM,42]; **2. бăлтúа** 'парче железо углавено во горниот воденичен камен, во него влегува вретеното и го врти каменот' (во др. говори *прплица)* [ПГ(С)]; сп. изр. **сус една балтија дрво не са сичуве** (= за важните работи, пр. женувачка–мажачка, треба повеќе пати да се разговара) [ТГ,150]

бáлцо n 'погодно дрвце, направено за плетење мрежи (рибарски)' [ПД,114].

бáм interj (поддржува извесен шум) *~ бáм – с-удавúл фтéнцăрто* [ПК,П,234].

бамбаќéрна adj, m(f) 'памучен, -а' [MS,s,6].

бáмбáрéш'ка f 'измет од овци, кози' [ВС(Д),71].

бáмбашка adj, indecl. 'необичен, чуден' *~ тáм, д'е вр'ăвиха, му т'éкна на паш'áта, гу пúта ч'урбац'úјата: "тýк у вáш'та махалá инó бáмбаш'ка úм'ą ч'ýх!" "ш'тó úм'ą и тузú?"' – гу пúта* [MS,t,48]; *~ нóго бáмбăшкá чувéк-éј, нă-мóјш дă-сă-рăзбéриш уснéго* [ПК,П,22].

бáмја f, bot. 'вид зеленчук со месести мешунки, се варат и се прави јадење' (Hibiscus esculentus) *~ гулéма-ј кулку áјн прăс, úма сúтни влáкничка. Ус-нúх сă-прáве мáнца, бáмли сă-тúă, нóго-ј úма дóл уф-Кукýшко; кут мóзук-сă кá-сă-свáрăт ус-мéсо;* сп. **бамја** [ПК,П,22].

бáмм interj 'шум од удар на тапан' *~ пугрéши – бáмм ýдри нă-тó дáулут. И мéчката, áко е мéчка ама зăиднóш сă-уплáши* [ДК,142].

бан* m 'управувач, господар' *~ ка му риче за Бано / си-ј прилапнале нијни бради* [ME (B),258]; *~ идно јунак да се јудбере јут вазе / јон да гу фате Бано-крал'ут* [ME(B), 258].

бан n 'бакарна монета од турско време' [ТГ,426].

бáнда f **1.** 'везена слика обесена на ѕид' (?) [MS,s,6]. Возможно е дека се работи за превид, бидејќи **банда** од други извори значи 'група свирачи' [УЕ,47]. Превидот се објаснува со можноста: на сликата имало извезено свирачи и Малецки заклучил дека називот се однесува за сликата а не за свирачите; **2.** 'група насилници' *~ фáшта, сă-чúне су-áднă бáнда, нăвéчер крáде – нăдéјна јаде* [ДК,130].

бани (са) impf 'се мие по целото тело' *~ да иди на бáн'ата да са бани* [V,PM.56]; и: **бане (са)** *~ един ден*

утишла да се бане на крај морето [V,PM, 265].

ба́ник m 'сучена (со кори) пита – баница' ~ *о́ште уд саба́јле ти́ја, же́ните ки на́су́кăт ба́ник* [УЕ,31]; [КЕ,271].

банго n **1.**'дрвена клупа' [ТГ, 303]; **2.** 'канабе, неподвижен миндер' [СК,319]; сп. **ба́нко** n 'голема работна маса што ја користат шивачите за кроење, пеглање; плочата одозгора е од ореово дрво' [ПК, П,22].

б'а́нка f 'мала израслинка на кожата, бенка' [ВС(Д),67]; и: **бе́нка** 'црна (кафена) точка на кожата од човек' [ПК(Г)].

банка* f 'институција што се занимава со финансии' ~ *имáх з'е́нту пари́ ут ба́нката и ѓу́ч'-бела́ да са́ пла́т'а* [MS,t, 5].

банов* adj 'она што му припаѓа на банот' ~ *кога му се фрли врас бановата којна / да спрасна да бега накад Цара Сулимана* [ME(B),266].

бановица f 'жена на бан' ~ *и тогај му веле бановица, дос нивеста: на́ ти сабја кулаклија, на́ ти којна карамана* [ME(B),265]; ~ *тогај, братко, веле шо станала / бановица дос-нивеста* [ME(B),259].

Банско n, top. 'име на населено место (има бања) во Струмичко' ~ *тăка́ дă-ка́жме нăкăд Ба́нско, нă-до́ле нă-пăто* [ПК,П,228].

ба́нца суса́мница f 'вид баница' ~ *о́на са́-пра́ве ус-суса́м* [ПК,П, 22].

ба́нца тăрна́рка f 'вид баница' ~ *та́а ба́нца са́-пра́ве ус-тра́но* (= исушени ситни зрна од тесто) [ПК,П,22].

ба́п interj ~ *и по́по ба́ш то́гај ба́п а́јн дике́л', г-уте́пе и уде́ре* [ПК,П,225].

ба́пка f **1.**'дувачки музички инструмент од глина, во форма на јајце, создава (пушта) глас како флејта' [СК,319]; **2.** 'вошка' ~ *ка́ са́-напа́лни́л адни ба́пки на́-мо́јш до́-исчи́стиш;* **3.** ~ *кли́н шо́ га́-сте́ге ко́-ста* (= ја стега дршката кога е влезена во кружниот дел на косата); **4.** 'морска школка, голема' [ПК,П,22]; **5.** 'отечено место на кожата, од удар и сл.' [КЕ,274].

ба́пке impf **1.** 'става во големи количини, истура' [СК,319] ~ *ба́пна́ адна́ сти́ска со́л' уфма́нцата* (= фрли една рака сол во јадењето); **2.** 'удира силно' ~ *а́рно сто́о ду-те́бе, ба́пн'оо адна́ буфтани́ца* (= и така стои до тебе, удри му една тупаница) [ПК,П,22].

ба́пнин adj 'ставен, истурен во голема количина (сол, шеќер, зејтин), без мерка' [СК,319].

бара f **1.** 'мало езерце со вода што не истекува' ~ *да ми ка́жеш, ко́лку уки́ во́да и́ма фаф бара́та* [V,PM,255]; ~ *пиши́м ки на́јдăт адна́ подăлбо́ка ба́ра, се́кăк требу́ва да и́ма а́рно бре́г* [УЕ,32]; ~ *та: кули́бăта а нăпрăви́л он тăма́н пукрăј е́дна ба́ра, е́зерце* [ПД,154]; **2.** 'вода што тече, поточе' [MS,s,6].

бара* impf **1.**'допира со рацете, оди на слепо' ~ *ми м'а ба́раш'* 'не ме допирај' [MS,s,6]; **2.** 'фаќа, употребува' ~ *си качи на тавану и му извади татковата му пушка, која беше рăждасала,*

от толку време не барана [V,PM,41]; **2.** 'милува' ~ *пак бабата е бараш'а мечката и хи-са-мислеше чи-е-јонак, и така хи-времеше, като е бараш'а: "милие јунак, сас ќурк и сас путуре"* [ВС(Д),79]; ~ *и т'анака му вели: "ами сношти, мажу, кога легнахми и си турил сабјата да не си побарами, јазе през вечерот прифарлих рака та ми на врах тебика"* [V,PM,142]; **3.** 'задева' ~ *ајде дојде време да вичерат ... фати негована л'убовница да гу бара, да гу инцитусува на трапезата* [V, PM.10]; ~ *"остави м'а мăн'ц'и, ми м'а бараш', јас умирам, ти сă газо си играш'!"* [MSt,13]; **4.** 'гледа' ~ *малку-ту си нарасти, се мажи дрехи му клаваши царицата и на друг не даваши да гу бара* [V, PM,111].

барабар adv 'заедно, заеднички' ~ *каздиса и цар'у, гу з'ева и н'егу н'етр'а да сăс мумата-му барабар ги клава у кукуш'карнику* [MS,t,34]; ~ *гу викаха д'ăт'ату Катинч'у и му р'еч'и идин д'ен': "јала да појми барабар у Висока за да сă раш'етами на пăнт'о"* [MSt, 38]; сп. и: *барăбар ус-Лика си-дујдеме* [ПК(Г)].

барак m **1.** 'кадрава коса'; **2.** **куч'а барак** 'раса куче со виткана коса'; сп. **куч'а кату барак** = *спăрăскану сăс вода, кал* (куче) [MS,s,6].

баран'е-ту n 'кога се оди на слепо, со пипкање со рацете, цбарање' [MS,s,6].

баранга f 'кучичка од даски, колиба' [MS,s,6].

барбори impf 'зборува неразбирливо или сам со себе (пр. од висока температура)' [ЛС (К)].

баре (и: **барем, барим, бари** – во Солунско; **бăре** – Кукушко) adv 'најмалку, барем' ~ *ох, гајрет чини, достум Стано мори / баре да се земме* [ТГ,339]; ~ *оти велиши су ўмут: барим да можам да му фатам малко уф кужухут, ки си ликувам* [MV,K,324]; ~ *е, хубав'а! да ни бркам друк бари* (е, добро, барем да не барам некој друг) [MS,s,6]; ~ *сă-накачиме само ниа децăта, бăре не одиме пешки* [ПК,II, 248]; сп.: ~ *и он не-ј кем, ама баре си пласте* (= и тој не многу добар, ама барем плаќа) [ПК(Г)].

баре part 'дури' ~ *и црева се баре карат, а кам да са не карме није* [ТГ,319].

бардак m 'глинен сад за носење вода' ~ *старата баба парамана излела отвун порти да налии вода с две бардаци* [V,MP,165]; ~ *детенто понапрет си даврандиса, сос един бардак и уклавал петнајси душа* [V,PM,63]; [MS,s, 6]; и: **бăрдак**; ~ *сус два бăрдака велешки* [BV, 33] ~ *стомна ус-адна рăчка* [ПК,II, 29]; [СК,320]; ~ *су адно бăрдак* [УЕ,8].

бардаче* n, dem. од бардак ~ *ду две мали бардачијна / да ки јоде мало дете / да ки јоде на та чешма* [ТГ,49].

бардаклиа круша f, bot. Pirus communis 'овошје, вид круша со убави крупни плодови (како *бардак*)'

бариш m 'примирје, прошетевање' ~ *"Е, от што е на мăка?' – "На мăка е, зашто бегот му каза да ти најде, зашто бе-*

гот сака бариш да чините" [МС(В),89].

ба́рка f 'собрана вода, локва на патот' [ПК,II,22].

баркајке adv 'барајќи' ~ *тогај рибата, тука таму баркајке, го најде и му го даде* [V, PM, 173].

ба̄ркани́ца f 'разбиено кисело млеко со вода, маштеница' [ВС (Д),69].

барли́в adj 'човек со неконтролирани, необични постапки, неразумен' ~ *му ве́ли: "а́јде ма́хни си от ту́ка, барлив чове́к! Де́ка ти сам виде́л јазе те́бика? немо́ј са чи́ни безу́мен"* [V,PM.8]; ~ *вели́ на́ бахчеванци́ата: "а бре́, барли́в чове́к, онова́ де́те за това́ сми харчи́ли то́лко пари́, та ти́нака сега́ са́каш да гу кладе́ш да ти о́ри и да ти копа́ј?"* [V, PM,150].

барло́к m 'место со многу треви, како жбун' [КЕ,247].

ба̄рл'а́ве impf 1. 'лаже' ~ *ним о-слу́ши, та̄-ба̄рл'а́ве* (= не му верувај) [ПК(Г)]; – **(се)** 'се задржува некаде (на некоја работа) непотребно, неорганизирано' ~ *само са̄-ба̄рл'а́ве уф ни́хка, ама ут-то́ не би́ве ни́што* [ПК(Г)].

барнавезе (и: **барнавези**) pl.tt. 'широки, црни панталони, со или без џебови [ТГ,274]; направени од мајстор (*тирзијски*), украсени со гајтан и црвена чоја, "куту за ерген" [ТГ,133]; ~ *си облечи некуа ветка дулама, некој скапани барнавези, оти не знајш каква среќа ки та срете* [ТГ, 417]. Заб.: во примерот ~ *си облечи* имаме пример за проклиза на кратката заменска форма во однос на глаголот во формите на императивот, што не е познато во западното наречје. За ова в. во граматичкиот дел.

Ба́ровица f 'име на село од Енице-Вардарско' ~ *как стана́ла Ба́ровица?* [КЕ,285].

бару́т' m 'специјален прав за стрелање со огнено оружје' [MS,s, 6].

ба̄рца́лка̄ f 'шамивче за нос' [ВС (Д),68].

барчи́на f 'dem. од брдо' ~ *аку да ви́диш от на́зи барчи́на да са подаде́ н'а́ква ма̄гла, на че́са да ма ру́каш* [ВС(Д), 65,81]; ~ *и са небје́то зао́блачи за да фа́ти да̄ш, и са зала̄ска там на една́ ба́рчина и са еви́ха два́ оганје́* [V,PM, 261].

басама́к m 'степеник, стапало од скала' [MS,s,6]; [BV,23]; ~ *от таму оти́де на мердеве́но на ска́лата. Ска́лата и́маши четири́јси басама́ци* [V,PM.123].

б'а́си (са̄)* impf 'виси' ~ *и па́дна са̄ уклава́ и така́ му уста́наха ко́кале́то на по́ртит'а̄, да са̄ б'а́сат* [MS,t,39].

баска̄́н adj 'многу добар, успешен' ~ *ув'е́зу-ј мло́гу баска̄́н* (= овезот е многу добар, зн. 'обилно родил'); *баска̄́н с'а̄́дба* (= посев што многу добро напредува) [MS,s,6].

баска̄́нна̄́к m 'грабеж, злочин' [MS,s,6].

ба́сма f 'вид тенка, шарена ткаенина – за фустани' ~ *има́л дуќа́н су-ба́сми* [ДК,139].

басмаџи́а m 'трговец на манифактурни производи, платно, басма' [V,PM.362].

б'а́сна adj, m(f) 'безумен, бесен'; сп. *б'а̄́сну ку́ча* [MS,s,6].

басрет (и: **бастрет**) m 'планирање, желба за нешто' ~ *Го-*

спуди боже и свити Ѓорге, на душмајне на врат им стани, басрет им фати (= ... не дозволувај на непријателите да им се исполнат желбите) – молба кон Бога [ТГ,10]; ~ *на душмајне бастрет да фатиш, рăци да им са исушат, нози да им са фатат* – клетва [ТГ,18]; сп. уште: ~ *басрéтут ми сă-фатú* (= не успеав, бидејќи не постапив како што треба) [ПК(Г)].

бастарăк m 'стебло на пченка'; сп. **казáлка** [MS,s,7].

бастúсе 'нападне изненадно' ~ *истум ас дă-си-лéгнум, а óни мă-бастисáа нă-пóлнóш* [ПК (Г)].

бастýн' m 'специјален стап за потпирање на човек што тешко се движи, со извиткан (и украсен) горен крај' [MS,s,7].

бáт (< батко) m **1.** 'постар брат' ~ *бáт-му гу-питáл: гувéăта кáк ки-ј-дéл'ăме* [ПД,161]; **2.** vok. 'обраќање кон постар брат' ~ *бáт Иво* [KE,243].

батакчúа m 'тој што не сака да го врати тоа што го позајмил, ниту пак да го плати тоа што го зел (купил), нечесен човек – должник' ~ *тóа шо нé флéва уд врáта уф-мáндрата óфцка, тукý си качýа пу пардúити, тóа арамúа и батакчúа* [MV, K,329]; и: **бăтăкчúа** (одосно **батакчúа**) ~ *зúме, нé вăрнýве;* сп. *ним сă-бóј, óн нé-ј бăтăкчúа, шó-ќ-ти-зéме – вăрúне* [ПК,П,28]; [CK,320]; ~ *и тéјку-му бúше такóф батакчúа* (= и татко му беше нечесен) [ПК(Г)].

батакчилăк m 'нечесна постапка' ~ *фатúл батакчилăци да прáве* [BV,25].

батáл **1.** m 's вонец за прч'; **2.** adj 'премногу голем, несмасен' ~ *батáл кóн', батáл кăш'та* [MS,s,7].

батáн m 'работилница за валање клашни, користи водена енергија – тупавица' [CK, 319]; сп. **Батáјне** pl , top. 'име на место во с. Којнцко, Гевгелиско на кое некогаш имало работилници за преработка (валање) на клашни' [ПГ(К)].

батúса pf **1.** 'заглиби, пропадне' ~ *кóн'у потăна, батúса до корéмо, не мóжа да излéзи* [V,PM,143]; ~ *кутúјката фатú да извáжда сóл, си напулнú корáбјут, утенцá, батúса нá морéту, аф водáта си одавúха фрéт сóс корабáриту на еднó* [V,PM,150]; ~ *един ден една кола на един сиромах батиса на Галик* [MC(B),85]; **2.** 'се удави, погине' [V,PM,526].

батúсува impf 'пропаѓа' ~ *батúсува у калó* [MS,s,,7].

батúца* m 'брат на мајка, тетин' (**батúцуфцéту** – pl.) [MS,s,7].

бáтă m 'постар брат' ~ *а-пă бáтă-му викáл: "а, ним бă брáто, дóбруто сé-ј дóбро, злóто се-ј злó"* [ПД,165]; ~ *мăлéчко викáл нă-бáтуфците, нă-брáтто* [ПД,158].

бáф m 'вид диво животно'(?) [KE, 264].

бахта* impf 'кара, напаѓа' ~ *завараницăтă ненавиждала, бахтала и ја праштала да паса оловето* [V,PM,286]; ~ *сјаки ден ја бахтала и боеднач ни хи давала слатак л'аб да јаде* [V,PM,122].

бахч'á f 'градина' (за зеленчук и цвеќиња, односно овошје) ~ *глéда на мур'éту н'éтр'ạ инá кăш'та гул'áма сăс двóр н'éтр'ạ, сăс бахч'á, сăс ш'úч'куту хýваву* [MS,t,21]; ~ *и цáр'у гу пýсна на бахч'áта да рáбути пукрáј бахч'иванц'úјата* [MS,t,,33]; ~ *пред сараји, мале ма / хаман. аман! / бахча јуградена* [ТГ,101]; сп. **бăхчá** 'градина' (зеленчукова или овошна)' [СК,320]; и **бáфча** [BV,22].

бахчá-ґузéл f, bot (Delphinium consolida) 'растение што служи како ограда' [BV,22].

бахче n, dem. од **бахча** ~ *та на сред поле – то станало едно бахче много гиздаво* [V,PM, 265].

бахч'иванц'úја (и: **бахчеванцúа**) m (voc. **бахч'úванц'úј**) **1.** 'сопственик на градина' ~ *велú нá бахчеванцúата: "а брé, барлúв човéк, оновá дéте за товá сми харчúли тóлко парú, та тúнака сегá сáкаш да гу кладéш да ти óри и да ти копáј?"* [V,PM, 150]; **2.** 'тој што работи во градина, градинар' ~ *цáрувáта мóма му навúкува на бахч'úванц'úјата: "бахч'úванц'úј, бахч'úванц'úј, ш'тó му цúкаш' на д'ăт'ạту!"* [MSt,33]; ~ *тáа па трачúла шо бúло бахчиванцúата* [MV,K, 336]; [BS,25]; во Вод: **башчаванцúа** [B].

бахчиш m 'тоа што се дава во знак на благодарност, дар' ~ *и утфорúле стóката, му дунсéле нá нéгу дáр (бахчиш).* Заб.: препишувачот (преведувачот на Кулакиското евангелие) словенскиот збор *дáр* го објаснува (во заграда) со турц. *бахчиш,* што зборува за присутноста на турскиот јазик во говорите во Солунско [MV,K, 306]; ~ *вéли нá дéтету: "а брé чéдо, зéми товá пиáто сóс смóквите, да гу закáраш на господáро бахчúш!"* [V, PM,150].

бáци* pf 'со усните допре до предмет што го сака, почитува – бакне' ~ *заеднóч са познáха, са пригăрнáха, са бацáха, са чинú голéм рáдус меѓу нúхка* [V,PM,110]; ~ *и вел'ајки тија лафа, сă грабнеха, сă бацаха, сă миловиха, сă гушнаха* [MC(B),94].

бацува impf 'искажува почит, љубов со тоа што своите усни ги допира до образот, усните, раката на лицето кон кое се обраќа' (почитот може да се однесува и кон предмет) ~ *ети тăрчаха солунските граѓани да го причекат, кој нога му бацува, кој рăка, кој полта* [MC(B),98]; ~ *сă разгăрди и му кажа нишаните; напкун а свăли полека, полека, си га бацува, си га помажа с рăка* [MC(B),98].

бач m 'мајстор што работи на бачило и го преработува млекото' [ПГ(К)].

баче m **1.** 'постар брат' *úде дóма, пá гу-пúте тáтку-му и бáч-му, бáчăвцте* [ПК,II,271] (во синтагми со кратка заменска форма формата *баче* > *бач*); ~ *лудио син разјадисан на мајка тăрче да каже и да вике на баче му за да виде и тоа зашчо не преде мајка им* [ШК,V,419]; ~ *а баче му, му речел: "а бре лудо, тоа не е мајкинио прешлин, ами е вуденичарски камин'* [ШК, V,42]; **2.** 'обраќање кон постар брат, односно братучед – vok.' [ПК,II,244]; ~ *прости,*

баче, ако ти нешто згрешиих, зарди лебут и солта што сме заедно и јаделе [ТГ,294]; [ИГ, 123]; *~ един пăт помалкио му речел на поголемио: "баче! ајде ова ден ти оди на нивата, а езе да останум ф кăшчи и да измиум главата на мајка"* [ШК,V, 419].

бачило n 'место в поле (или планина), каде што летно време прават *чардак* (за да *пладнуват* овците), тука ги молзат овците и го потсируваат млекото; и се разбира дека живеат и овчарите' [ТГ,374]; *~ по тăрлото и по бачилото са чиних 10 години дете* [МС(В),70].

Бáчово тăрло n, top. 'планинско место во с. Којнцко, Гевгелиско во кое семејството Бачовци некогаш имале трло' [ПГ(К)].

баца (и: **бăцá**) f **1.** 'оцак' *~ тó-ј нăд баарéто, дéка óде кăдéжо, úмме; уцáк* (= огниште), *баарé и бăцá* [ПД,119]; *~ нă нáшта бацá úма грăздéло ут пиликáн* [СК,320]; **2.** 'отвор на покривот за излегување на димот' *~ óди, ричéл, нăбăцáта, глéди* [ПД,161]; *~ óтвур нă-ќирмúјте уд дéк испáѓе кăдéжо* [ПК,II,23]; *~ и са качих, мале, дури горе / ... на куќата, мале, чак ду бацa* [ТГ,367].

бăцáк (и: **бацак**) m 'парче кожа од што туку одрано животно' – се става на удрено место, помодрено, или на место што е опфатено од болеста *мицина* [ТГ,236]; *~ кóжа удóфца, а-турýват нă-ýдрăнто мéсто шó тé-ј, óна ќа-извлéче крăфта, нă-ýдринто мéсто ќи-устáне чивúт цăрно* [ПК,II,29].

бацанáк* m 'мажите што водат, односно се оженети за две сестри, меѓу себе се **бацанáци** [ДС(Ч)].

бацýлник m 'горниот надворешен дел од оцакот' (сп. **бăцăнúк** – со исто значење) [КЕ,270].

баш (и: **бáш'** || **прáвна** – m, f) adj, indecl.**1.** 'прв, најспособен' *~ ами тој владиката беше баш Бугарин* [МС(В),92]; *~ éн бáш бúше уф сéлту* (најважен беше во селото) [ПК(Г)]; *~ тóс-и бáш' пеливáнин* (= тој е најдобар борач) ... *тóс-и нáј-бáш'у кабадајúја у с'éлуту* (= тој е најхрабриот во селото) [MS,s, 7]; според Малецки лексемата *кабадајија* зн. 'храбар', но може да значи и 'дрзок'; **2.** 'вистински' *~ дирвúшинот ги учú хáрно близнáчинтата: д'áтето сá и чинúло бáш цинцúа* (= чаробник) [V,PM, 141]; [V,PM,142]; *~ óн бéши бáш јумрукчúа, да бéши зингúн* [MV,K,280].

бáш adv 'токму' *~ твá биде нă-Бугрóјца бáш, нă двáјс-óсми áвгуст* [ПК,II,220]; *~ и уф кулиби си е закачил баш таја пушка сус која е утипал 99 души* [ТГ,147]; *~ как идахме на Солун, баш на Араплија имаше едно тăрло от галичани, и там имаше братјата на владиката* [МС(В), 92].

баш'áк m 'клас' [MS,s,7]; Малецки го дава само споменатово толкување 'клас', но според нашите сознанија треба да се допрецизира: 'клас од пченка', бидејќи клас од пченица или од 'рж не се вика **баш'áк**.

ба́шалти́а (m) pl 'натпреварувачи - борци, коишто успеале да достигнат до последната етапа од натпреварот' [СК,319].

баши боз у́к m 'доброволец' (?) [BV,23]; обично: 'нерегуларна (недисциплинирана) војска'.

башка-мурлија 'различен, специфичен' [МЕ(Р),169].

башка 1. adv 'одделно' ~ 'децата во поголемите семејства јадат *башка'* [ТГ,288]; *~ фата детто, отдели дибелто месо башка, цӑрвенто башка, коските башка* [V,PM. 294]; [MS, s,7]; *~ сӑдӑве – ут прӑс шо сӑ – бил'у́ре, уд чи́нго – ба̣шка и пија́та* (од порцелан) [ИГ,120]; 2. 'освен' *~ ни ви́д'ува́ш'а... дру́к буди́н от-зми́а башка́* [ВС(Д), 80]; 3. adj 'друг, одделен' *~ ама не́ли кӑжа́ме де́ка се́кија ку́ка си има бӑшка́ аде́т, а ка́моли се́ло или град* [УЕ,23]; *~ мо́мчито и ниве́стта ќ-о́дӑт на бӑшка́ уда́јка, а дру́sите кој кӑде му-ј-уприди́ле́но ме́стто та́м ки-си-ле́гни* [УЕ,23].

баш'ладисса* pf 1. 'прости' *~ му вили́: "ха́ди, ха́ди, баш'ладисај му гу каба́т'у, ниш'та́м ни да ми гу зва́ди, ни да му гу зва́ја!"* [MS,t,57]; *~ оди да му речиш на Цара Сулимана / нека ми гу башладиса мојото кабаат* [МЕ(В),259]; 2. 'подари' *~ ми закара аф магази́ата, де́ка и́мат има́ниту; са́каши да ми даде́ зла́ту и сре́бро, за да му башлади́сам жаво́т* [V,PM.22].

баш'ладисува* impf 'простува' [MS,s,7]; и: **бӑшлади́суве** 'остава, отстапува, подарува' [ПК,II,29].

башлама f 'подарок' *~ царут риче на зет мо: "ут сеа нататки башлама на тебе царсфото, ти да царувиш!"* [V,PM ,296].

баш'лӑ́к m 'дел од ралото' *~ башлӑ́к у ура́лу* [MS,s,7].

бӑшка́лӑ́к m 1. 'место одделено, наменето за некоја потреба' *~ и́ч не́мме бӑшка́лӑ́к до́ма зӑ-тӑквй рӑбо́ти;* 2. adv 'одделно' *~ бӑшка́лӑ́к жаве́ат, сӑ-уддили́ли ади́н уд-ади́н* [ПК,II,29].

баш-ракиа f 'многу лута ракија, првак' *~ на цар'ут да му кажаш, да ти даде четиријси товари баш-ракиа и четиријси балтации* [V,PM.42].

баштa adj, f 'прва по важност (односно по умеење)' *~ нема никој који да му носе / који да му носе нешто пунуда / се удбрала мома уд сред-село / мома уд сред-село баш-та ми тирзијка* [ТГ,158].

баштá m 'родител, татко' *~ е бре Ми́тре, сира́к Ми́тре, туку с-ма́јка, да́ без баштá* [ШК,I,9-11]; *~ от н'а́колко годи́ни, като́ нараснáло де́тето, испи́тало ма́јка си́ за да и́де при баштá си* [V, PM,256]; и: **баштча** *~ ста́рио зиму́ве пӑри́те, а де́тто му-ве́ле нӑ-бӑшча́-му* [ПД,144]... *гу-виде́х бӑшча́-ти* [ПД,117].

ба́шта f 'градина, овоштарник' *~ пу-не́кој ба́шти и́мше та́м низ-ни́вите, низ-ти́ӑ ме́ста* [ПК,II,216]; во истата регија и: **ба́шча** *~ и та́м ф-адна́ ба́шча нӑвӑрза́а мули́нта, и́мше се́но, буга́рско* [ПК,II, 223]; *~ ба́шчи и́мше, лузи́на и́мше, бу́ба гле́хме* [ПК,II, 247]..

баштја m 'старател' *~ един ден му вел'ат на чобано: "е ба-*

штју, до сега ниа бехме загубени, туку ти што на стори туз добро, на прихрани, си нарастохми" [V, PM,169].

ба́шчичка* f, dem. од 'башча' ~ *бу́бички си-ра́наа, ба́шчички с-и́маа, е, тӑквѝ рӑбо́ти* [ПК,П, 248].

б'а́га (и: **бе́га**) impf **1.** 'напушта некое место со трчање, кога некој го гони' ~ *лам'а́та, ш'у б'ӑш'и врӑзана за по́пут, фа́ти да б'ӑга* [MS,t,75]; ~ *фа́ти и то́ј да ци́ка, да гу го́ни и то́ј фа́ш'та да б'ӑга* [MS,t,56]; **2.** 'си оди' (заминува) ~ *до́л кава́зину ја го́ни ут по́ртата: "б'а́гај утту́к скӑрн'у!"* [MS,t,24]; ~ *и пи́тат а́ш'тино́миту: "то́ ги винч'а́?" – "Ја́з ги винч'а́х". "Афу́ти ги винч'а́, ш'то́ бркаш, а б'ӑгај уту́к!"* [MS,t,13]; ~ *измика́рут па́, и то́ шо не́-ј али́з офча́р... а уста́ва о́фци́ти, да бе́га* [MV,K,311]; ~ *јас бига́х нӑ саба́линта. Ути́ӑх а вѓана́х маши́нта, си ути́ӑх па́к на̣ Со́лун* [ИГ,120]; **3.** 'се враќа' ~ *му ви́кна: "сто́ј бре́ ќе́рата́, м'а̣ умури́, три́ пӑнт'а т'а̣ фарл'о́вам у мур'е́ту, ти ут м'е́н'а̣ по́напр'ӑт' б'ӑгаш'!"* [MS,t,70]; **4.** 'се откачува, изместува' ~ *правих чингели, пуштах нӑтри... му а фатих едната рӑка, му а вӑрsах, напкун му раздробих коските, му искарах дробут, ама вӑрsана така, што не може да бега* [MC,(B),87]; **5.** 'напушти родното место под принуда' ~ *ка́ сме бига́ли ута́м шо мӑле́нки тили́на, мӑлӑчи́на има́ло уф-аи́ро и́ зӑкл'учи́ли и́ изгуре́е та́м тӑка́* [ПК,П, 319]; ~ *ајн ден та́м, дру́ѓут ден стана́ме и а-брӑ, убрӑ ниӑ и дуби́цте бе́гме се́ пу-кра́јо, пу мӑле́нки пӑтишта, тӑка́* [ПК,П,239]; **6.** 'кога девојката без знаење на родителите го напушта домот и оди кај саканиот младич' ~ *пусејај моји јадуви / пучекај што ки ти никне / ако ти никне бусилче / боса ки бегум пу тебе* [ТГ,100]; **7.** 'кога некој не се држи до договореното' (= избегнува да го направи она што го ветил) [ТГ,141]; **8.** 'настојува да не се сретне со некого (одбегнува)' ~ *идӑ ѓа́вуло, нӑ-ста́рио му-да́ве е́дна ќе́л', е́дна кра́ста, сӑт ра́ни стӑна́л и л'у́то дӑ бе́гӑт уднего* [ПД,144]; **9.** сп. изр.: **бе́ге али́с ѓа́вул ут-тиме́н** (= се труди да не се сретне со некого) ~ *ка́-ќ мӑ-ви́де бе́ге али́с ѓа́вул ут-тиме́н, от ме-ј бурчли́а, сӑ-бо́о дӑ не-мо-пуса́кум дӑ-м-ј-о: вӑрне* [ПК,П,154]; **бе́ге кут-изго́рин** (= настојува по секоја цена да се отстрани, се плаши од контактите) ~ *ич ним гу-ви́ки, ут-рӑбо́тта бе́ге кут-изго́рин* [ПК,П,154]; **не ки видиш как да бегиш** (= ќе ти биде многу непријатно, веднаш ќе побегнеш) ~ *јас ти вел'ум: стан си, јоди / ак та најдум утре, застра / не ки видиш как да бегиш* [ТГ,232].

ба́гни* pf 'побегне' ~ *да му ни уста́ни ни ура́лу ни ш'о́гуд'а̣ и о́лува́ту да му б'ӑгнат* [MS, t,77].

б'а́л др'е́п m 'внатрешни органи, служат за дишење – бели дробови' [MS,s,6].

б'а́ли* impf **1.** 'прави нешто да биде бело, обелува – со помош на сонцето и водата' ~

гу кла́вами пла́тнуту н'е́тр'а стујй два́јсич'е́тир са́та, гу зва́ждами с'е́тн'а, ути́вами на студ'е́ната во́да да гу б'ăлими [MS,t,8]; **2.** 'отстранува лушпа од компири и сл. со цел да бидат бели' ~ *б'ăли пата́та* (= лупи компири) [MS,s,6]; сп. **лу́ш'ти**.

б'а́сна adj (m, f) 'опфатен од болеста беснило' ~ *б'ăсну ку́ч'а* [MS,s,6].

б'а́ш'и impf '3л. од сум' ~ *на маке́до́нскију ца́р' на Фи́липа́та му пу́сна иди́н ца́р' – ама́ гу ни зна́м кутри́ б'ăш'и – иди́н ко́н' сăс во́лска гла́ва* [MS,t,59]; ~ *му ја врăза рăнка́та; е́м си р'е́ч'и: "ја́ за мо́јта мо́ма јуна́к ку́три б'ăш'и!"* [MS,t,35]; во Гевгелиско иако нема широк изговор на "јат", сепак покрај *бех* односно *бих*, среќаваме и *бах:* ~ *оти бах умрин – јужавех / пишман са чиних, не јотидех* [ТГ,244] (возможно по аналогија на **баа** < беа – форма за 3 л. мн. – добиена со асимилација).

бе interj 'служи за повикување, при обраќање најчесто покажува груб однос – бре' ~ *а бе, ви́јш би́вул'ца шо́ ми пра́ве!* [ПК,II, 234];

бе! бе! бе! interj (за подражавање на блеење на овци) ~ *напкун от тија овци, што лежаха, тихо стана една, му викна на овците бе! бе! бе! и киниса крајта ѓол'ут* [МС (В),81]. Заб.: овде е испуштен предлогот *по;* треба да гласи: ... *и киниса по крајта...* Слични случаи (безпредлошки конструкции) забележавме повеќе: ~ *е, вија пари, тија што купи овците от кăде ги имаше?* [МС(В), 81] (м. ... *со што ...*); ~ *тој постојá вăнка портата малку време* [V,PM,9] (м. ...*вăнка од...*); ~ *он кату влезе хапуз, ѵифаирѵиата сос другаро му побегнаха* [V,PM,8] (м. ...*во хапуз*); ~ *зема остра сабја та му отсече глава на Зарзавилата, кату коза* [V, PM,158] (м. ...*на коза...*). За ова види поопширно во "Избрани граматички прашања".

без мăра изр. 'близу беше, малку недостасуваше' ~ *оти́дох ха́рно и собра́х, што пи́шиши тефте́рот, ама́ сега́ на вăрновани без мăра са куртули́сах от умира́чката* [V, PM, 24].

бе́з ми́лос изр. 'силно, жестоко' ~ *ѵифаирѵи́овите си́нови тидоа на дома́ сос ма́јка им, плач'а́ха бе́з ми́лос* [V, PM,27].

беза f 'срамота, нешто за потсмев' ~ *дервишино сакаши бабата да га баци и, как га баци... и си залипиа дирвишино и бабата уста сос уста... Сички си чиниха беза на светот* [V,PM, 98].

безбеји́ adv 'веројатно, сигурно' ~ *му ве́ли: "ма́жу, то́лку годи́ни има, што сми жене́ти сос те́бика, не́кој пăт не ми ка́за, ча и́маш бра́т на Ста́мбол. Сега́ от де́ка ти дојде́ това́? Безбеји́ ти́нака са́каш да побе́гниш от ту́ка"* [V, PM.18].

безброј adv 'нешто во голема количина (дури не може да се изброи) премногу' ~ *на секде се расчуло, оти адин чувек се наел да заколе каминут, и безброј л'уде се зброли да гледат как ки го заколе* [ШК,V, 423]; ~ *госп-*

одáрот му дадé едúн хáрин кóн и парú бéз брóј и дрýги дáрови, и сос млóгу плáч гу úспрати [V,PM,25].

безверин* adj 'оној што не се плаши од Бога, што нема своја вера (религија)' ~ *да се берат, веле, Турци и каура / ем проклети чифута и безверни, ѓиди, ѓупци* [ME(B), 258].

безевéнк m 'неранимајко, натрапник' [BV,27]; сп. *пеза* (пезевенк).

бездиса* pf 'ми се здодее' ~ *го зева нас д'ун'а ѓузели от рăнката, го изваѓа вунка на сухо и мо вели: "јазе бездисах от човечи најам: до сега не и можал некој да ми даде каршилăк"* [V,PM, 162].

беззакóник m 'престапник, тој што не ги почитува законите' ~ *тогáс кадúата му велú сос л'ýтос за да гу оплáши, да га остáви женáта: "а бре беззакóник, зашто пристăпкаш зáконот спрăти пазарлăкот?"'* [V, PM,12].

безистен m 'покриен пазар каде што се продаваат скапи работи (манифактура, накити и сл.)' ~ *та му вели: "áди сега, долу на чаршиата са продава един безистен: да поиш тамо, да го артирúсаш, колко можеш, та да го земиш!"* [V,PM,162].

бéзна f 'голема длабочина (длабок дол), не знаеш колку!' [ДС(Ч)].

безтатник m 'дете што нема родител (татко)' ~ *нарастна момчету ... и му извадиха имјато му безтатник* [V,PM. 55].

безýмен (и: **безýмин***) adj 'човек што прави неразумни, неконтролирани, постапки' ~ *му вéли: "áјде мáхни си от тýка, барлив човéк! Дéка ти сам видéл јазе тéбика? немóј са чúни безýмен"* [V, PM.8]; ~ *земјата динéска са тúшти от чобáни и от безýмни л'ýди* [V, PM,108].

безчаден adj 'човек или жена што нема деца' ~ *три сестри, и трити били безчадни* [V, PM,529].

бéгине n 'брзо движење наложено од страв' ~ *"е, умрé бáбă-ти, вéле, тáм гă-зариј́áх уф-адúн ендéк, гă-пукрúх". Ет тăквó нáшто бéгине бúше* [ПК,II,249].

бéгнăнце n, dem. 'галено обраќање кон јаре' (од *бегнанец* = бегалец) ~ *јáрăнце, бéгнăнце, дал' си-глáдно или жéдно?* [ПК,II,233].

бегув adj **1.** 'она што му припаѓа на бегот'; **2.** fig. 'статус (привилегиран) на најстариот член во семејството, оној што командува, во Гевгелиско се вика дека има *бегув живот'* [ТГ,273].

бéј m (**бéјуфци** – pl) **1.** 'богат Турчин, великодостојник – бег' ~ *Тýрци ш'ту им'ăха ч'ифлúци* (= Турците што имаа големи имоти беа бегови); ~ *нé знам, мари жéну... дéка га нáјди таквá прúмина и са примјáни и тој и децáта му кату бéјуви* [V, PM, 148]; во врска со богатиот и лесен живот (на беговите) сп. го изразот ~ *нóс живóва катý бéј;* и: **бéк** ~ *Тумбурлú бéк* [ПК, II, 232]; ~ *утúвăхме усѓунл'ýк дă-рăбóтме. Ими нăбéзи рăбóтăхме* [ПК,II, 250]; **2.** 'машка пчела, онаа што не работи – трут' [MS,s,7].

бе́ј interj (обраќање кон личност што ни е блиска, но не е високо поставена во општествената хиерархија) ~ *"бе, а бе́ј, ричé Ми́то, дă-зи́мме ајн лéп бе"* [ПК,II,239].

бе́јлик m 'имање на бег' ~ *и от сите базирґани иманиту го зема, бе́јлик ги стори царска; и стопаниту ги и зела сите робови* [V,PM. 167].

Бе́јово Чики́м m, top. 'име на место во Дојранското Езеро, таму фрлаат мрежи (грип) за ловење риби'; зн. "бегов излез" [ПД,135].

бе́кри m 'оној што сака да се весели по кафеани, пијаница' [V,PM.362]; и: **бе́кри́ја** [M S,s,7].

бел (и: **б'ăл**) adj **1.** 'она што има боја на млеко, снег, орр. на црн' ~ *најдé тáмо четири́јси куби́ли; еднá бéла, дру́га червéна, дру́га жăлта, дру́га цăрна – сéкоја сос дру́га бојá бéха* [V,PM. 123]; ~ *в рăци дăрже јогледáло седефли́а / јогледу́ве мóма бéло ли́це, цăрни јóчи* [ИГ,107]; во примерот што следува имаме удвојување на придавката за да се потенцира особеноста ~ *и тојнака, кату га зема, отиде аф реката, га трă сос песок, га чини бела-бела кату сребро* [V,PM,41]; **2.** 'чист, неиспишан' ~ *напкун и му рече на Петре зандаржајче: "да ми дадеш бела книга и едно каламар да изписам една молба на Имир Никола"* [MC(B),93]; **3.** 'рус човек (жена), со светол тен' ~ *кă-пурăстéла двáјсет гуди́ни чу́пăта нé сáка цăрно, сăкáла бéло мăш* [ДК, 130]; ~ *насред куќи, мале, малка мома / малка мома, мале, бела Неда* [ТГ,368]; ~ *шо бéло пéриш, бéла Вили́ко / шо бéло пéриш да чéрно нóсиш* [ИГ,107]; **4.** 'во синтагмите: **бел свет** односно **бела земја** се укажува на дневна светлост на земјата, како орр. на мракот на "подземниот живот" (се разбира според приказните) ~ *да ти искарам аф бела земја, не сам достоин* [V, PM,136]; ~ *пушти ме уште еднăш да видам бел свет, да напкум па клаи ме в казанут* [V,PM, 272]; се среќаваат и пр. со непренесено значење: **Бéлта Прăс** (top.) 'ниви со бела земја во реонот на с. Араплија (Солунско)'; **5.** fig. изр.: **бело лице** 'исправен, горд' ~ *снáта мéн мă-чи́сте, мă-пéре и дéк ќ-óм нéјнто ли́це дé-ј бéло* [ПК,II,244]; **бел ден** 'добар, мирен живот' ~ *и такá не видéме бéл дéн* [БМ,197]. Сп. adv **бéло** 'чисто' ~ *нóго бéло пéре* (= чисто пере). Во крајните периферни говори, пр. во Лагадинско е регистрирана формата **б'ăл 1.** 'бел' ~ *да пóш' да му рич'éш' на ч'урбаџ'ја́та: "б'ăлуту ч'éрну стáнува, ч'éрнуту б'ăлу стáнува, пи́сано́ту óмус са ни распи́сува."* [MS,t, 14]; **2.** 'бил – л-форма'(?) ~ *гу глéдат тáм удóл букó с'ąдú идúн ч'ув'ăк такфóс прим'ąн'éнт, гу калимери́саха и гу пи́таха: "д'é си б'ăл такá?"* [MS,t,36].

Бела f 'име на крава добиено според бојата на кожата од животното' [ТГ,374].

бела недел'а f 'христијански празник' [ТГ,7].

бела сăбута f 'име на празник' (христијански) [ТГ,9].

Бела́сца f 'име на планина во југоисточна Македонија' ~ *петна́јс де́на ни́где не́ уди́х по́сле ајд Бела́сца, дăрва но́сах* [ПК,II,240].

бęлęжи́к m 'украс што жените го носат на раката, гривна' [ВС(Д),68].

беле́к m 'окови, односно јажиња со кои се врзуваат предните нозе на коњ (= сопка), да не може да бега кога пасе' [MS, s,7].

бели* impf. 'тера, принудува'(?) ~ *кога ни белиха да одиме на мăхкимето, бегот викаше што е болин, сă криеше, некише да излезе* [МС(В), 89].

бели зиври pl.tt. 'тесни бели панталони, припиени за нозете, а над нив (до колената) доаѓа фустанот' [ТГ, 224].

белизици (и: **билезици**) pl 'украсни алки од злато или сребро, ги носат девојките и жените на раката' [V,PM. 362]; сп. **бęлęжи́к**.

белилце n 'козметичко средство што го употребуваат жените (девојките) за да им биде лицето бело' ~ *чунки си мала малечка / чум ти је тоја белилце / чум ти је виѓилце на веѓи* [ТГ,37]; ~ *на лице си белилце / на очи си наочари / на веѓи си веѓилце* [ТГ,96].

белим part (за обраќање) ~ *госпудар, белим госпудар / дека се чуло, видело / небо биз звезди да биде* [ТГ, 346].

беличе́с* adj 'белузнав, беличок' ~ *збра́х адни́ беличе́сти ка́мăнчăта* [ПК,II,23].

Бе́лград m, top. ~ *сă-свал'у́ват ут-та́мка уф-Бе́лград* [ПК,II, 271].

бе́лка f **1**.'дел од јајцето – според бојата' [ПГ(С)]; **2**. 'белото на окото' ~ *не-ј спа́л, бе́лкте му-сă-цăрве́ни, кăрво́-сăни* [ПК(Г)].

бе́лки (и: **бе́лким**) adv **1**. 'можеби' ~ *риба́ре фăркат ри́би, бе́лки не́каа ри́ба ки-т-фăрл'ăт* [ПК,II,265]; ~ *чекај, си ре́кăл, да припа́лам вадева, бе́лким ки на́јдăм ни́куа таласăмска пишче́ра* [BV, 26]; ~ *момичката хи рекла: "белки, бабо, најде тук една питинкă?"* [V,PM. 286]; и: **бе́лке** ~ *белке Господ даде п-одно касмет на мене* [V, PM,173]. Во претходниот пример, како и во следниот: ~ *си вил'а́т: "да по́јми на гурбе́т, бе́лки на́јдими ра́бута за да ра́бутими!"* [MS,t,47] има перфективен глагол употребен со значење на идност, но без парткулатата 'ќе'; **2**. 'сигурно' ~ *што сакаш, белким јазе сам достоин и вр'адин да ти гу дам.* [V,PM,136]; **3**.'дај боже' ~ *бе́лки ки-уздăрве́е (го́спуд дă-пумо́гне)* [ПК,II,23]; ~ *фати да вика хекимџие да белки могат да гу излекуват* [V,PM,35]; ~ *е́с а пусăка́х нă Мăри́а, бе́л'ки(м) ки-м-а-да́ат* [СК,319]; **4**. part 'зар' (прашално, модално) ~ *бе́л'ким Го́це умре́?* (= зарем Гоце почина?) [СК,319]; во Кукуш и: **була́јки**.

бе́лкотрăтка f, zool. 'птица со бели пердуви на задниот долен дел' [ПГ(К)].

бе́ло-виде́ло n 'ден, дневна светлост' ~ *не́-ј ло́шо да писаме не́што уд се́га нана́ка ка́к те́чи аде́тот шом ви́ке испа́дни де́јто на бе́ло виде́ло* [УЕ,28].

белоградски* adj 'она што стои во однос со "белите градови" ' ~ *глава превзала Руша / с белоградска шимијка* [ТГ, 38].

белугла́ф adj 'човек што има седа коса (обично од напредната возраст)' [ПГ(С)].

белули́к adj 'човек со светол тен' [ПГ(С)].

бене́ќ m 'коњаник, јавач' ~ *на три́т'ą гуди́ни удго́р'ą гл'е́да и́ди иди́н бене́ќ на си́ф ко́н' , му вили́: "за́при сӑ да ти да́м ина́ либӑни́ца!"* [MS, t,44]; во Речникот на Малецки: **бене́ќ** 'кога некој јава коњ, магаре, односно е качен на кола' (= спротивно на одење пеш) [MS,s,7]; сп. кај Саќов: **бине́ќ** 'коњ за јавање' [СК,319].

бе́нт m **1**. 'нешто како мал базен во кој доаѓа водата преку јазот (од реката) пред да удри во колото на воденицата' ~ *пред-вуда́ни́цӑта и́ма зи́дӑно, зӑ-во́та дӑ-сӑ-суби́ре – то́ сӑ-ви́ке бе́нт* [ПД,171]; **2.** 'преграда на вода' ~ *зӑгра́дно ме́сто усзе́мна, дӑ-сӑ-зби́ре во́да зӑ-ва́дне нӑ-бӑхчи́те;* **3.** изр.: ~ **се́кој бе́нто сјо-вӑрте нӑкӑт не́го** *(се́кој си-ми́сле зӑне́го)* [ПК,II,23].

Бе́нтот m, top. 'место, ниви во реонот на селата Стојаково, Богородица' (сп. *бент* = преградено место во кое се собира вода) [ПГ(С)].

бе́офка f 'жена на бег, богата жена' ~ *му ве́ли: "а бре́ ти́нака не си кадӑр сам се́бе си да хра́ниш, а́ми как ке да хра́ниш таква́ една́ же́на бе́офка?"* [V, PM.12].

бере* impf **1**. 'откинува овошни плодови, цвеќиња, лисја (пр. од тутун) и ги собира' ~ *утринт'а́ и́ш'т'ąха да по́јат да тригису́ват (да б'е́рат) миси́р'ут* [MS,t,80]; ~ *куга́ за фа́ти да пу́ш'та ки́тка удго́р'ą* (тутунот) *и тугáс фа́ш'тами да гу бир'е́ми* [MS, t,5]; *бе́ре рąмо́јн* (= собира вртипоп); [ПК(Г)]; **2.** 'може да се стави (собере) во одредена запремина' ~ *и зе́л една́ кратýна ко́лко една́ ока́ да бере́, запа́сал е на по́јаса* [V,PM,256]; 'сместува луѓе во одреден простор' ~ *напкун ка дојдеха тија: "жив бе Трајко!" – "Жи́в сӑм"; са сабраха толко души, што колибата не ги бере́ше* [МС(В), 75]; ~ *дӑ-ви́дум дали вре́јкта тӑ-бе́ре* [ПК,II,266]; **3.** 'става нешто некаде, собира на куп' ~ *враза́ч'инут ха бир'е́ друм'ӑт'ą, ха кла́ва на вӑнц'иту и ха врӑзува сно́пи* [MS,t,66]; ~ *и вари́ каза́н'у дур трӑгнува да тич'е́ раки́ја и с'е́тн'ą ја бир'е́ми раки́јата* [MS,t,4]; **4.** 'одбира, изделува нешто' ~ *да бе брала јуда / овен над овните /...та беше собрала / доле напӑлнила / ем е брала јуда / јунак нат јунаци...*[ТГ]; **5.** 'зема пари, собира данок, долгови (од луѓето)' ~ *и то́јнака га земá топу́зата и кини́са да и́ди за ца́рска давани́на да бе́ри; ~ му ве́ли на граматикот му: "а бре́ си́нку, зарди́ ме́ника то́лку што си тегли́л, ти́а пари́, што́ бера́ от та́му, си́чките да са́ тв-*

ója" [V,PM,25]; **6.** 'купува' ~ *пујно́ вр'ăм'ạ идúн туμ'árин, жáвини ш'ту бир'é ... дójди на ино́ сéлу* [MS,t,15]; **7.** 'прибира, зема за себе' ~ *такá тóа човéк шо бéри сáлт за нéго* [MV,K,277]; ~ *áсăл óн сé збрá* (= од имотот, наследството тој сé зел за себе) [ПК(Г)]; **8.** 'се собира, се грчи' ~ *во к-ăвúди, ут-стрá фáти дă-сăбéре* [ДК,142]; **9.** 'одведе некаде некого (насилно)' ~ *не мужáа... ка се уткрú óгинут... и дрýзи ќе бéреа* [КЕ,283]; **10.** 'сече дрва в шума за да ги носи потоа дома' ~ *без мăжа жéнте шо ќи прáвăт? Не сă врéдни ни дăрва да бéрат, ни мóжат да óрạт* [КЕ,288] ~ *е, сéки дéн у-плăнúнăта óде, сибéре дăрва* [ДК,142]; **11.** 'созрева чир (рана) – се полни со гној – пред да се истиска' [ТГ,233]; **12.** глаголот *берé* го среќаваме и во повеќе изрази: **бир'é исáп'а** 'се грижи (води евиденција) за средствата' ~ *ја з'é идúн кихајá (ч'éлингáта) за графéа, за граматúк гу з'é; фáти да пúш'и на кúхајáта, фáти да му бир'é исáп'а* [MS,t,68]; или **бирé гајлé** 'се грижи за било што (здравје, имот и сл.)' ~ *"да дад'éш' т'éс двáта пуртукáл'а на жинáта-ми ... и да ни бирé гајлé за м'éн'ă!"* [MS,t,86]; ~ *за тузú ми бирéш' гајлé* (васáну), *јáс за ти дáм идúн кóну* [MS,t,19]; **да не бериш касавет** (= да не се грижиш) ~ *оти и мен не ме закара / биле да не бериш касавет* [ТГ,265]; **да си бериш ум** (фраза со која родителите се обраќаат кон своето женско дете, а суштината е дека треба да внимава на своето поведение) [ТГ, 138]; исто: **ум си бере** (= станува паметен) ~ *и дéтито пурастýаши, и ýм си бéриши и суфúа* [MV,K,307]; или: **бéри акăл** 'биди умен, вразуми се' ~ *бéри акăл, зéр áј-го úде тáтку-ти* [ПК,II,154]; **да бериш да не са дубериш** (пожелување кога се копа лозје = да роди многу, да не се доберува) [ТГ,333]; **бéре дýша** (се кажува за тешко болен човек, пред да умре) ~ *уддéх до-вúдум дéлт Мúцо, бéре дýша* [ПК,II,154].

бéре (сă)* impf **1.** 'се прави (се организира)' ~ *Штéмница бúше нáшто сéло, тáм сăбéрше и пăзáро уф-питóк* [ПК,II,246]; **2** 'се прибираат луѓе на едно место" ~ *и рашитá сăта Галилéа Исус да прикажýваши на нúх кăт сăбéрија* [MV,K,264]; ~ *испáжéе на Стáмбул – л'ýјто (инсáнут) сă бéрăт дạ а вúдăт рúăбта* [ИГ,110]; ~ *там се берат будимските моми / млади моми и млади ергејне* [ТГ,199].

бердéн adv 'повторно' ~ *кóгăг се áзăр, бердéн зăфáјќа нóвă рáдус, си пóвтурýва свáдбăта* [УЕ,23].

бериќáт (и: **бириќáт**) (*версăн*) **1.** 'изр. на благодарност' ~ *на гу земáха сúчкото имáни, и от омирáло, што куртулúсахми, пак бериќáт* [V,PM. 22]; ~ *бириќáт жинáта-му мă пукрú сăс идúн фустáн'* [MS,t,10]; **2.** n 'благодарение' ~ *как р'éч'и да смýкни идúн кóкал, му утúва на гă-*

рăлуту и и́ш'тиш'и да си удáви, бирикáт јас тýк сă лáхах, гу фтúснах за гăрăлуту и кајдúса кóкалу у устáта [MS,t,37]; ~ *р'éч'и на мáлкатá-му мóма: "идúн јунáк инá рýба имáш'и кутý слăнциту, тóј бирикáт н'ă курталúса"* [MS,t,35].

беркéт (и: **бирикéт**) m **1.** 'она што го раѓа земјата, плодородност' [BV,26]; ~ *шо ки-збéрăт бирикéто пулвúнта нă-нáс, пулвúнта нă-тó шó-ј рăбóте* [ПК,II,319]; ~ *Госпуд да даде воја гудина бирикетут куту вода да тече* [ТГ,24]; ~ *на Бога се моле / дожда заврне / бирикет да даде* [ТГ, 435]; ~ *е, адете са забравија и бирикетут Госпуд гу крина* [ТГ,272]; **2.** 'богатство' ~ *л'ýјто уд нóгу тăмкарлăк за пáри и беркéт ... мóжăт да му нăпăкóсăт на кýтрăта мáјка пред родéјне* [УЕ,28]; 'печалба' ~ *тоги и Госпуд друг бише. Давише, имише бирикет* [ТГ, 207].

бéс* m 'лудило, беснило на куче' (болеста може да се пренесе и на човек, доколку го касне болно куче) ~ *знáјме дéка пу сéлта и́ма нóгу кучúјна и дéка нóгу уд нúх и фáјка бéсот* [УЕ,32]; ~ *áко сăте кучúјна бúдăт вăртéни на чúсти пундéлник, тúја нéма да-ј фáјка бóл'кăта бéс* [УЕ,33].

бéсе* impf **1.** 'закачува нешто и остава да виси'; пр. заклано домашно животно го закачува на ченгел за да го дере ~ *гу-дéрăт, гу-бéсăт и гу-пéчăт дă-гу-јáдăт* [ДК,152]; **2.** 'убива со задушување со јаже околу вратот' ~ *или мă-кул'áјте, или мă-бăсéјте* [ПД, 155].

бескăшник m 'сиромав, бездомник, скитник' [ПД,116].

бесценин* adj 'со голема вредност' ~ *на тоа место наистина имало безценни камајне, ама кој удил тамо, не са варијнал жив* [V,PM].

бéсăн adj **1.** 'немирен, непослушен'; **2** 'налутен' [ПГ(Ф)]; **3.** сп. изр. **бéсно кýче** (се кажува за многу лош човек) ~ *нă-мóјш до-зăпúтиш зăнéшто, кут-бéсно кýче, ки-т-испăде, ки-т-сă-рăзвúке кут нă-дéтинце* [ПК,II,154].

б'éт adj, indecl. **1.** 'грд, грозен' ~ *на жинáта мумáта бúш'и млóгу бéт, на мăнц'ó мумáта бúш'и млóгу д'улбéр* [MS,t, 61]; **2.** 'лош, суров' ~ *си устáнах јас ивдувéц ... и жавóту ми н'éса сáхатá (млóгу бéт') да ут утр'ă натáтак Гóспут' знáј* [MS,t,3]; сп. уште: *б'éт вóда* 'недобра вода, пр. за пиење' [MS,s,7]; [BV,27]; **3.** m 'несреќа, мака' ~ *и на едúн богáз нéтри фати лóш вéтăр, морéту са разл'ути... фати да са мóли на Бóга за да гу куртулиса от óниј бед* [V,PM,14]; **4.** adv 'лошо' ~ *б'éт му сă вúд'ă на ч'урбаџ'úјата, ш'ту за ја в'éни арáпч'ăту мумáта* [Ms, t,14].

бетер adj, indecl. '(по)лош' ~ *и тој магари е, што сака момиа на војска, и тинака си от негу по-бетер!* [V,PM. 71].

бетлик бетлúк **1.** m 'лошотија, грдотија' [MS,s,7]; **2.** adj, indecl. 'многу лош, многу грд' [MS,s,7].

би-би (или: **би́ли-би́ли**) interj 'извик за повикување шатки' [ДС(Ч)]; [ПК,П,23].

би(ј)е* impf 'тепа' ~ *ох, на баба! Оди, ми сино, оди! Јас ки ја бијум* [ТГ,122].

би́ба f, zool. Anas domestica 'шатка' [СК,319]; ~ *а́сăл ста́рто и́ме-ј би́ба кăде на́с* [ПД, 126].

би́бе n, zool. 'мало шатче, dem. од *би́ба* (= шатка)' [КЕ,264]; ~ *мăле́чкуто сăви́ке би́бе. Ка́ о́де кут-би́бе.* Фиг.: *би́бе н'а́адно, де́к о́ј ш, не́ гле́диш-ли о́ти и́ма ка́л* [ПК,П,23].

биве́к m 'мало, скоро родено дете, бебе' ~ *пăржум лăнги́ди, и́мме биве́к, е́л до: ви́ј ш* [ПК,П,23].

би́ва (и: **би́ве**) impf **1.** 'станува, се случува, договорено' ~ *н'а: би́ве та́: рăбо́та, а́с к-испа́днум нă-мигда́но, к-им ка́жум* [ПД,171]; ~ *јас дă-ти-да́м по́муш, шо́ не́ би́ве рăбо́та, сă-уплăши́л уфча́ро* [ПД,152]; **2.** 'може, возможно е' ~ *ај Митре, Митре, ти чапкăн терзијче / нити твојто биве, нити мојто чине* [ТГ, 204]; ~ *ма́јка и́, кату чу така́, са почуди и вели на керка́ и́: "мари ке́рку, и от ма́јка скри́хом би́ва?"* [V,PM, 31]; **3.** 'нешто успева, се реализира' ~ *не́ би́ве, вика́л; де́не гу-гра́думе, ве́чăр сăрăсту́руве* [ПД,166]; ~ *са собраха толко лекари, л'ак не бива* [V,PM,160]; **4.** 'способен е' (заедно со кратки заменски форми за директен објект) ~ *о-би́ве за се́ не́што* [ПК(Г)]; **5.** изр. **кајил не биве** (= не дава согласност) ~ *молчи Бужано, ним плаки! / и Госпуд кајил не биве / стар дедо мома да земе* [ТГ,92].

бивол (и: **би́ул**) m, zool. Bos bubalus 'крупен добиток, црн' ~ *заколи три биволи, напăлни три меа вода, качи и врăз мене и ти качи се* [V,PM,271]; ~ *от мăра час типăра дојдоха четиријсите филдиши, кату бивули, на ливадите* [V,PM,42]; сп. **би́ол (биул)*** ~ *ви́де от-дал'е́че адно́ н'а́шту като́ два́ би́ола* [ВС(Д),79]; ~ *у́ткăј ниве́стăта не́кој уд не́јнăта та́јфа, да ре́чиме бра́т му, ки и пре́гни вуло́вте или би́ул'те* [УЕ,24]; и: **би́бул** ~ *гове́да, би́буле, тăкви рăбо́ти има́ли сме* [ПК,П, 319].

биволов* adj 'нешто од бивол, пр. кожа' ~ *од си зе́ми адна́ ко́жа, адна́ ко́жа биво́лова* [ШК,I,109].

би́волцки* adj 'она што се однесува на бивол' ~ *и стана́ ади́на змі́ј та зе́ адна́ би́волцка ко́же, та оти́де та е напăлни о́да и доне́се е* [V, PM,186]; ~ *би́вулцко мле́ко* [ПГ(С)].

бивула́рин m **1.** 'тој што има или пасе биволи'; **2.** 'погрден збор за човек со просто, невоспитано однесување' [ПК (Г)].

бивула́рка f **1.** 'жена што има или пасе биволи'; **2.** 'погрден збор за жена со просто, невоспитано однесување' [ПК (Г)].

би́вул'ца f 'крупно црно домашно животно' ~ *дујде́ла не́ка: би́вул'ца, уд-гуве́та, гу-јзе́де, у-се́ бу́мбарче фасу́л'о, гу-јзлапа́ла...* ~ *а бе, ви́јш би́вул'цта шо́ ми пра́ве!* [ПК, П,234]; [MS,s,8].

биган* adj **1.** 'тој што напуштил некое место (пр. родното) со бегање' ~ *не нăјдéа нúшто, бéа биганú* [КЕ,280]; **2.** изр. (поговорка) **биганува мајка бело носе, а Стујанува црно** (човек треба да се труди да ги избегнува судирите и контактите што носат зло) [ТГ,247].

биганка f 'девојка којашто без знаење на родителите побегнала од фамилијата и отишла кај својот избраник' [ТГ,147]; ~ *снáата нé-ј биганка, скóро нé-ј дójдăна* [ПК,II,23].

биѓéа (овца) adj 'овца што има плод во утробата' [КЕ,264]. Заб.: во др. соседни говори: **гибéа**.

биглúќ m 'државен данок за овците' [СК,319].

Биглúчката Чéшма f, top. 'чешма во месноста *Биглúк*' ~ *нájáрна вóда úмше Биглúчката Чéшма* [ЕВ,Плас].

бигýве* impf 'напушта некоја средина, бега под притисок' ~ *нúă су-свéкуро и су-свăкăрвăта бигувáме* [ПК,II, 252].

бигýнăц* m 'војник што побегнал од единицата, дезертер' ~ *н'а: бúве тá: рăбóта, áс к'-испáднум нă-мигдáно, ким кáжум, úнче ак нă-вúăт ки-рéчăт: вујнúчки бигýнци* [ПД,171].

бигурúт adj 'што содржи бигор – бигорлив' [ДС(Ч)].

бигурлúф adj 'специјален камен што содржи бигор' [ПГ(С)].

бúде (и: **бúди**)* pf (од 'сум') **1.** 'стане, се случи' ~ *твá биде нă-Бугрójца бáш, нă двájс-óсми áвгуст* [ПК,II,220]; ~ *вóда áк прăпúјш тугáј он зéме дă-сă-прутúве и нéма дă-бúјш чувéк кут кáк си бúл* [ПК,II,238]; **2.** 'се остварува, можно е' ~ *амáн мáр бáбо, мóж дé-ј кăсмéт, áма áк-мóјш дă-напрáвиш кути мójта кăшта, мóж дă-бúде* [ПК,II, 263]; **3.** 'стекне некоја специфичност' ~ *вúдело да бúди на инсáнут, и слáва уф л'ýди Израúлцки* [MV,K,313]; ~ *заеднóч биде от брáта му по-богáт* [V,PM,149]; ~ *áко сăте кучúјна бúдăт вăртéни на чúсти пундéлник, тúја пóвичко нéма да-ј фájќа бóл'кăта бéс* [УЕ,32]; и: **4.** 'се задржи, остане нешто (некаде)' ~ *да бéгај си на Мисúр; и тáму да бúдиш, дýри кóга ки ти рéчам јáс* [MV,K,306]; ~ *сус божаји анѓели да вичерат и кумство ду века да биде* [ТГ, 185]; **5.** изр.: **бúдите биз гајлé** (= да не се грижете) ~ *и áку си слýши вóа на пáшата... на вáс ки ви чúними да бúдити биз гајлé* [MV,K, 290]; **вúă дă бúјте жúви** (така се изразува сочувство кон семејството во кое некој починал) [ПК(М)];

бидéјќи adv ~ *"амáн бре чéдо, адúн кóјн ас д-úм, ти цáр бидéјќи уф-мóјоо кóјн ли битисá óко". "Нé, бáбо, ќодáјш тóо кóјн нă мéне"* [ПК, II,270]; и: **бидéки** ~ *јáс ќ-óм, тáтко, рéкăл, јас бидéќи, зăштó ќ-óјш ти?* [ИГ, 114]; ~ *мúслéјти кáк ви кажувá на вáс, óшти на Галилéа бидéки* [MV,K,333]; ~ *нóќа бидéќи на тáа дéн уф надéлата* [MV,K,261]; ~ *иднó сал знáм, шó слéп бидéки, сéга глéдам* [MV,K, 259]. Наведовме повеќе пр-

имери во различни синтагми и од различни извори – сепак превладуваат случаите од Кулакиското евангелие (во кои *бидејќи* ја зачувал глаголноста, т.е. се јавува како глаголски прилог), за да потврдиме дека се работи за аргумент, а не за пропуст или случајност.

биде́л' (и: **бидел**) m **1.** 'замена со отплата' (релативно на еквивалентна вредност) ~ *"дошла рендот да пои царската дивојка, да ја изеде" – "ами толко царјут не најде бидел за момата му да даде?"... му вели: "колко грош'а сакаш да поиш бедел за момата ми на ламјата?"* [V,PM,162]; **2.** 'наемник кој за пари оди војска на местото од некој друг' ~ *ej спајија, млад спајија / бидел' фати ти ним јоди* [ТГ,334]; [СК,319].

биде́шчимица adv 'бидејќи' ~ *са-страмува́ла ут-кумши́јте, биде́шчимица куко́на, да зе́ва да-му-и субу́ва пи́нците* [ДВ,18]. Како специфчност треба да истакнеме дека во Долновардарско, глаголскиот прилог *бидешчимица* (и *бидејќи*), за разлика од литературниот исказ многу често доаѓа со првобитното, вистинското значење, а не како причински сврзник.

би́е (и: **би́**) **1.** impf 'удира, тепа' ~ *гол'амио дјавол са-разедил и повелил на другите, да гу би́јат по-ногите* [V,PM,281]; ~ *му вели на јувреиту: "зашто, син'ори, така го биити тузи христианско гроб?"* [V,PM. 173]; ~ *и ки му би́јат, и ки му плу́јнат, и ки му уте́пат на не́гу, и на три́ти дни ки уже иве́и* [MV,K,285]; **2.** 'пука со оружје' ~ *удри́ артиле́рија да би́е ут Тулумба́зут* [КЕ, 280]; **3.** 'чука млеко (во специјален сад), го преработува' ~ *би́и ма́тани́ца* (= чука матеница); сп. ~ *и́збиј ја́јца, ту́ри на́ млеч́нико* [ПК, П,23]; **4.** – **(са)*** **а)** 'се бори, војува' ~ *сига са́ би́јат, мурабе́ ста́нува* (= почнува војна) [MS,s,7]; ~ *Шабан-Гега избегна на едно село Геракарци. Там дојде аскерут и са били една ношт* [MC(B), 72]; **б)** 'се натпреварува со тепање' ~ *јас, ве́ле, дујде́х да-са би́ам ус те́бе* [ИГ, 112]; **в)** 'се удира, чука' ~ *не́каши биле́ да кре́ни о́чити на не́бут, туку́ си би́иши га́рдити* [MV,K,280]; **5.** изр.: **си би́јат пе́за л'у́дите су него** (= го исмејуваат) ~ *е́ту така́ сака́ Го́спот ... да ми си би́јат пе́за л'у́дите* [MV,K,321]; ~ *сакиш сус нас, прости л'у́ѓе, пеза да са бијиш* [ТГ,2]; ~ *и ки му си би́јат пе́за су не́гу, и ки му би́јат, и ки му плу́јнат* [MV, K,285].

бижа́ниц (и: **бижа́нац**)* m 'бегалец, што го напуштил родното место под принуда – поради војна' ~ *ко́ј и́мше вало́ве, ура́а, ко́ј не́мше не́ ура́, не́ма вало́ве – бижа́нци* [ПК, П,222]; ~ *на́-дво́ро си-го́тват, та́вата да́р, ма́р, ки́сва́ре не́ка: ка́шичка та́ма. Бижа́нац, не́ма ни́што* [ПК,П, 220].

бижа́нски adj 'она што е изведено, т.е. што стои во однос со *бижа́нац* (= бегалец)' ~ *ни́а е́синта си-збра́ме чини́чка, миси́рка де́ пу-бижа́нско* [ПК,П,222].

бижо́р m, bot. Paeonia officionalis 'полско, односно градинарскно цвеќе со црвени цветови, божур' [СК,319].

биз prаep **1.** 'отсуство, лишеност од нешто, без' ~ *иди́н д'е́н' зл'а́зи ца́р'ут на ш'е́дба, скопо́ту би́ш'и н'е́тр'ạ у мур'е́ту го́л ('бис ру́би')* [MS,t,78]; ~ *ку́п'ạх иди́н ч'е́рна ко́н' за усимна́јси жлӑти фра́нги и то́ј го́л бис сама́р'* [MS,t,2]; ~ *д'ӑт'ạнту фа́ти да сӑ ч'у́ди ка́к за жу́ват биз ра́бута* [MS, t,84]; ~ *куќа биз листавички – куќа биз зраве* (поговорка) [ТГ,386]; **2.** 'укажува на аргументот одземање' ~ *биз-дина́р /нӑ-устӑви́* (зн. 'зел се́' [ПК(Г)]; **3.** влегува во комбинации со *да* и укажува на обврзност за вршење нешто ~ *ту́ка и́ма де́вет бра́тќа хајду́ци, што не́ оста́ват чове́к да промине́ при́з ту́ка, биз да му зе́мат, што и́ма на диса́кот?* [V, PM,21]; **4.** укажува на нешто направено скришум (пак со сврзникот *да*) ~ *нӑпрӑви́л, без о́н дӑ-ви́де, уд-не́гувите ре́бра ска́руве и напра́ве аднӑ же́на* [ПК,II,237]; **5.** сп. изр.: **биз него ништо да не биве** – пожелување (= да биде почитуван во средината, луѓето кај него да се допрашуваат за совети) [ТГ,109]; **бис-га́шти дујде́** (се кажува кога младата невеста дошла кај момчето без чеиз (облека, подароци и сл.) ~ *ко́ј мӑр, нӑ-Кундо́шка сна́ата ли сӑ-сме́е, зӑбрӑви́ ли о́на оти бис-га́шти сӑ-жани́ (дујде́)* [ПК,II, 154]; **бис-рӑци устӑна́х** (= многу се изморив, од физичка работа) ~ *ут-ко́пӑнто бис-рӑци устӑна́х га́ре* [ПК,II, 154]; **бис сапу́н бри́че 1.** (се кажува кога е премногу студено) ~ *во́нка бис-сапу́н бри́че ва́адин;* **2.** (= многу скапо наплаќа) ~ *то шива́ч бис-сапу́н бри́че, шо па́ри мизима́ зӑ-ши́јнто* [ПК,II,155]; **бис-та́ рӑбо́та на-сва́дба тӑргна́л** (= не се подготвил за некоја работа, пр. не го зел потребниот алат) ~ *дӑ-ка́жие не́кој тӑргна́л нӑ-жа́јне, не си-зе́л сӑрпо, ус шо ќи-жии́е* [ПК,II,155].

бизаи (и: **биза́ị**)* impf **1.** 'мајката го храни детето со млеко од градите, дои' ~ *но момата зема вода, гу измила и гу пови и гу даде на мајка му да гу бизае* [V, PM,276]; ~ *че́до, јас та сам биза́ла и хра́нила и ништеш да ма оже́ниш. И ако ни ма́ оже́ниш, да не́ ти е про́сту мла́'куту, што та́ сам биза́ла* [V,PM,264]; **2.** 'кога женско животно (пр. овца и сл.) го дои малото' ~ *и́маши ма́лки ме́члита, шо ги биза́иши* [V, PM,145].

бизбе́ли adv 'веројатно, несомнено' ~ *во́јден и́ма нища́ни де́ка се́лто би́ло у-по́ле, та́ка шу-и́ма ни́шта шо́ сӑ-ви́кӑт Ши́шива Че́шма, Чити́ри Пӑти́шта, Мӑрни́ца, Тӑргуви́шче, бизбе́ли та́му сӑ-прави́ло ни́кој па́зӑр* [ДК,154]; ~ *и ти́ о́диш кӑко ме́не, бизбе́ли и ти́ уд-но́гу го́сти шу тӑга́зӑт* [ДК,153].

бизве́рин* adj 'безбожник, оној што не верува' ~ *а бизве́рна ро́да, ду́ри ко́га ки би́дам су ва́с?* [MV,K,285].

бизве́рник m 'лош човек што не се сообразува со нормите'

~ óстај-гу, биз вéрник, вóнка уд-вéрта-ј [ПК(Г)].

бизéл' m, bot. (Pisum sativum) 'зрнесто растение, грашок' [BV,29]; *~ зилинчýк, уф-шишáрки му-сă зăрăнта, зăлéни, мéки, у-мáј гу-úма, сă-прáве ус-мéсо* [ПК,II,23].

бизéр m 'бело, светликаво, скапоцено зрно, што го прават некој вид школки – бисер' *~ аф панúцата нéтри úмаши нéценти кáмини и бизéр* [V, PM,142].

биздýшник m 'човек без хуманост' *~ иптéм биздýшник испăднá, си-ј устăвú дéцта* [ПК(Г)].

Бизúмска Рéка (= безимена река) f, top. 'име на река во околината на Кукуш, с. Морарци' *~ аднá сă-вúкше Вампúрска Рéка, аднá сă-вúкше Клáјнска Рéка, дрýга сă-вúкше Бизúмска Рéка* [ПК,II, 223].

бизистéн m 'заграден и покриен пазар каде што се продаваат манифактурни работи, облека, накит, злато' *~ заеднóч да úдити нá бизистéн да кýпити дрéхи, да гу облéчити и да гу тýрити и нéго на рáбота* [V,PM, 152].

бúзăпрýувне adv 'непрекинато, без запирање' [СК,319].

бизăрґанлăк m 'трговија' *~ да си утидóа, кóј на нúвата, кóј на бизăрґанлăк* [MV,K, 270].

бијáла pl 'дебели завивки за нозе' (се носат зимно време наместо чорапи) [ПК,II,23].

бијанúца (и: **бинúца**) f (покрај: **мăтенúца**) [ДС(Ч)] **1.** 'млечен производ (разбиено кисело млеко со вода), матеница' *~ кóга гу-рéкăл тó: "éл у-тáте!", зăбурáвăл сирумáу, дéка нă-плéштите нóсе гă-рне и-рăшúрва рăците и стáпу су сé пáднăл, сă-искăршăл, сă-истурúла и бинúцăта* [ДК,152]; *~ идну дéн мудóшло úшчăф зă-бинúца, áма нимáл уддéка* [ДК,152]; **2.** 'остаток од млекото на кое со чукање му е извадено маслото, матеница' **~ ч'ýкану мл'áку;** со исто значење: **матáн** [MS,s,7].

бијлик* m 'имање на бег' *~ дека ки најдиш, Тодоре, уд мене поарна? / Емо сус чифлици, емо сус бијлици* [ТГ,157]; *~ и от сите базирґани иманиту гу зема, бејлик го стори царска* [V, PM,167].

бијл'ýр (и: **бил'ýр**) m 'сад, чинија од глина' *~ сăдăве: ут прăс шо сă – бил'ýре, уд чúнго – башка и пијáта* (од порцелан) [ИГ,120]... 'длабок сад од порцелан'; уште и: **бил'ýрин** [ПК,II,23]; 'убав сад, купечки – од порцелан' [KE,271]; со последново значење и во [СК,319].

бијне* n 'тепање' *~ напкун му ричех јаз да не ми бij – от бијнито умреха 12 души* [MC (B),87]; [MS,s,7].

бик m 'рогат добиток некастриран' (машко теле од 2 и повеќе години, ако не е скопено, уштроено) [ТГ,373]; *~ ка видех што иди, запрех да видам што е; сиднах и што да видам – хеј един бик, дибел бик* [MC(B),87]; сп. **бич'é** – млад, некастриран бик [MS,s,8].

бикóле* impf **1.** 'нешто што се простира наоколу' *~ гулемата зилена рамнина... пу негу (су сăта планини шо гу биколјат*

на југут на угри-слăнца) [ME (P),71]; **2.** 'оди наоколу, не директно, избегнува контакт' *~ уд душмајне секуј пăт биколена и утворина врата да им се пракаже затворина* [ТГ, 296]; *~ сă-чýдум шó тáка мă-бикóле* [ПК,II, 23].

Би́куву Вир m, top. 'име на извор во Ениџевардарско'.

билáк (и: **билег**) m **1.** 'лузна (од рана)' [MS,s,8]; **2.** 'ознака за нешто' – пр. на мало пиле, штотуку изведено, со ножица ќе му го отсечат задниот прст, или само нокот, тоа е **билег** за да се знае чие е (пилето) [ТГ,403]; и: **билʼáг** пр. знак во нива (за разграничување), исто на стока – може и со сечење на уво [KE,246]; **бęлʼáк** [BC(Д), 67].

билʼа f **1.** 'несреќа'; **2.** изр. **уф билʼá сáкăш дă-мă-клáјш** (= ме предизвикуваш да направам нешто со сериозни последици) [ДК,152].

билб'ул (и: **билʼби́лʼ, б'улб' ул, билби́л**) m, zool. Luscinia megarhynchos 'славеј' *~ Ангели́на вечертá станá, са чини́ еднó пи́ле, кáта ден кату бʼулбʼýл ви́каши* [V,PM.134]; сп. dem. **билби́лче** [BV,27].

биле (и: **билé**) adv 'барем' *~ и ако са мăчум ама знам биле за кого пичалум* [ТГ,286]; *~ дéтто му ви́ке на вýјку-му, кă видéл пăјтóнут от и́де ysгóре: "вóа ќи мă кýпе мéне, да сáкиш нóгу пáри билé" (барем)* [ИГ,109]; *~ оти и мен не ме закара / биле да не бериш касавет / на кого ки ме уставиш!* [ТГ, 265].

биле (и: **билé**) part 'дури' *~ и јумбрукчи́ата стóиши у-далéко, и нéкаши билé да крéни óчити на нéбут* [MV, K,280]; *~ фáтʼаха да сă смʼăјат валúту и пашʼáта "хúчʼ бакăру на тʼапʼăту, сфʼаш'тá на курин'ó, ни мóжѝ да сă ступлú билé, óхи да сă сфарú"* [MS, t,55]; *~ разбери ти оти не ни оде напрет кога кукошки биле не снесат, а камо уд друга работа аир сакиш* [ТГ, 401].

би́ле n 'мевлем за рани' (сп. **билка**) [CK,319]; и: **би́ли** 'билје' (различни тревки, обично лековити) [MS,s,8].

биле n 'претерано кисел оцет' ~ оцетот добиен со загревање на *кумијната* по месец-два станува многу кисел, како **биле** (= есенција) [ТГ,354].

билéже* impf 'прави нешто да биде обележано, става знак' *~ кăжáа нáште бижáнци: сéкуј дă-си-тăргне брáзда... дă нé мо:-орăт. И билижáй шо билижáй* [ПК,II,222]; *~ кóј нé-ки-дóјде, кó: кăшта нé ки дóјде дă-зéме пáри дá: билéјште, дă-ј-ýдрите дáмка* [ПД, 170].

билежин* adj **1.** 'кога некој (нешто) има специјален знак, белег' *~ дúм-је сáмо тáа кăшта билéжана, има дáдено* [ПД,170]; **2.** 'ако има примено вакцина против ТБЦ, ако има белег на раката' [ТГ,127]; **3.** изр. **билежи́та óфца** (обично се кажува за некој што има пороци) *~ онéј билежáта óфца, дéк дóде нé о-примýват нă-рăбóта, знáат сúте от-éј крăдáч* [ПК,II,154].

билéжуве impf 'става знак, белег на нешто', пр. кога се мали пилињата ќе им отсечат еден од прстите, тоа е

билек (т.е. *гу билéжуват*) дека пилињата се нивни [ТГ, 402].

билеје impf **1.**'се забележува дека нешто е светло, бело – т.е. белее' ~ *мома вода пије, мале / грло ји билеје / грлото ји било, мале / куту остра сабја* [ТГ,52]; ~ *аднá кăшта нéма, сé изгурéли гăркумáнто, сáмо цăрквата билéе;* **2.** 'од долга употреба (особено од допир со сонцето) си ја губи бојата, станува белузнаво' [ПК(Г)].

билизúа* f 'украс што жените го носат на раката (гривна, колба)' ~ *а-шéта, а óна сутúа дукáти, су-тúа билизúј, су-тúа прăстéјна* [ДК,139].

билизн'áт adj 'означен, обележан' ~ *ричé и Томá, шо му вéлеа билизн'áт... "óдими и нúа, да ýмрими сус нéгу"* [MV,K,287]; ~ *нéли Томá бéши идéн ут дванáдесет, шо му вел'áле билизнáт* [MV, K,337].

билизнúкуф adj 'има боја блиска до белата, белузлав' ~ *нóго ýбуф билизнúкуф куфчéк за-рýпта ми-напрăвúа кá сă-мăжáх* [ПК,II, 23].

бúлки (и: **бил'ки**) – обично се јавува во pl, со значење: 'лековити билки' [ДС(Ч)]; ~ *пол'е, пол'е широко / ф тебе бил'ки секакви* [ТГ,368]; сп. *биле, били.*

бúло óти adv 'независно' ~ *бúло óти си видéл úли нé, тú трăбýве дă си мóлчиш пу тá рăбóта* [СК,319].

бúло n **1.** 'срт на планина' ~ *пубúлто óјше* (= одеше по сртот на планината); **2.** 'главна, потпорна греда на покривот од куќата' [ПК,II,23]; сп. уште: 'горната греда од покривот на трло, лежи на чаталите од потпорните дрва (**сојн**)' [ТГ,376].

Билýа f, top. 'име на место со бела земја во реонот на с. Војнцко, Гевгелиско' [ПГ(К)].

билувúна f 'тенка, бела лушпа под кората на дрвото' (сп. *беловина*) [КЕ,267].

билувúца f, zool. 'име на риба во водите на Пазарско' [КЕ, 264]; bot. 'црешна што дава бели плодови'. Заб. сп. **бéлуфца** 'вид бела риба, ја ловат во Дојранското Езеро' [СК,319].

билц'ýк* (и: **бил'уцуг, билиц'уг, билц'ýга**) m, f **1.** 'златна или сребрена гривна (жените ја носат на рака)' ~ *јáдуха, пúха и дáди и бакш'úш' прăстин'а, цурáјкá, билц'ýци* [MS,t,10]; 'украс' ~ *а тиа ушници и прăстено, и имам ошти един чифт билиц'уга, га имам от татка ми ошти* [V,PM.69]; **2.** 'тока на колан со кој се стегаат панталоните'.

Бил'а f 'женско лич. име во Гевгелиско' [ТГ,114].

бил'á (и: **бел'а**) f 'тешкотија, непријатност, несреќа' ~ *ха бре! пу них викај, вăрли пушки, тăрчи, ґуч бел'а ги скаршихми половината – другите ги зе водата* [МС(В), 81]; ~ *цáро, рéкăл: нáс еднá бел'á шо нă-најдé нă-пăто, едни арăмúј гу субличéа гóл, му земáа рýбите* [ПК,II, 232].

бил'áк m 'бакарен сад, кобел' [ВС(Д),68].

бил'али (и: **бил'алúа**) adj 'оној што прави непријатности, несреќи' [V,PM.363]; ~ *сигúчка-ј áрин, ам кут дитишкáр бúши нóгу бил'алúа* [ПК(Г)].

бил'ам (и: **би́л'ам, бил'ум**) **1.** adv 'барем' ~ *така и така јаз немум мајка, бил'ум ти да ми си мајка*; во Зборникот на Верковиќ е дадено погрешно толкување: 'знам, разбирам' (?) [V,PM,526]; **2.** part 'дури' ~ *на́ дă-ти ме́сăм, би́л'ăм и дă ти разме́сăм* [ДВ,18]; ~ *имал де́те за женидба, и пуснал просинити ... те, кату отидоха, да ја прос-ат, и кату видоха таквии чудби от момата, забравиха бил'ам хич да кажат* [V,PM.219]; в. **биле́**.

бил'анци́ја adj, m 'оној што прави нешто лошо' [BV,27]. Сп. **бил'али**.

бил'ар m 'седмиот месец во годината, јули' (сп. *билка)* [ТГ, 7].

бил'а́рин m 'човек што продава лековити билки, но и "лекува" – надрилекар' ~ *ца́рут и визи́рут нима́ле де́ца. Еди́н бил'а́рин му глида́л да ре́кăл* ... [ИГ,109].

бил'бул' m 'далекуглед' ~ *гледише сус бил'бул' колко за един чијрек, гу виде, фтаса тамо* [V, PM.295].

бил'де́ n 'управување со одредена регија, кметство' [СК, 319].

бил'ме́с m 'неразбран, наивен' ~ *ко́га не́кој не рăзби́ре мо́же дă сă ре́че: еба́-ти бил'ме́зо; ме́сто бил'ме́с мо́ж дăре́чăме и кăкăва́нин'* [ПД, 116]; ~ *Ту́рцте ви́кат на то́о шо́ не́ сфа́ште. Шо́ му кажу́виш нă-то́о бил'ме́с, сăнки ки-т-рăзбе́ре* [ПК,II,23].

бил'у́к m **1.** 'група, грамада (стадо) животни' ~ *најдехме нија на пăтот един бил'ук овци, ама викнахми и станаха* [MC(B),81]; ~ *бил'у́к има́л ко́јне, билу́к има́л о́фци, бил'у́к има́л кра́ви, ча́к шо́ и ко́зи* [ПД,143]; ~ *бил'у́к ко́кошки* (= јато кокошки) [MS, s,8]; **2.** 'група луѓе, толпа' ~ *сă-субра́ле но́го л'у́де, ади́н бил'у́к ту́ка, дру́ѓ та́мо* [ПК (Г)]; и: **бијл'ук** 'група деца' ~ *твојта жена оздраве... Он ми риче: "от туа на така та нема да роди". Там роѓа та жена ного деца – един бијл'ук* [MC(B),87] **3.** 'вооружена чета' ~ *от Арнаутите поголем золум; испаднал Шабан Гега от Битолско с бајрак шетаха с бил'уци* [MC (B)72].

бил'у́к баши́ја m 'тој што ја води групата, **бил'у́кот'** ~ *гла́вно: шо́ во́де, вуда́ч* [ПК, II,23].

бимбаши́ја* m 'командир (во турската војска), мајор' [BV, 27]; 'великодостојник' ~ *идно имаше ув бело ублично / мошне и́ тепаше на бимбашијите* [ME(B),263]; сп. **бинбаша** 'старешина, началник на одред од 1000 војници' [V, PM.363].

бимби́л' m 'болест, меурчиња по кожата – мала сипаница' [MS, s, 8].

бина́ f **1.** 'голема куќа' [ПД, 119]; **2** 'таван, поткровје' ~ *нас гуди́на с'ăх мрăва т'ут'ун', гу субира́х, гу исуш'и́х, гу зака́ц'ах на бина́та* [MS,t,3]; ~ *и как за усăхни с'е́тн'а гу зва́ждами ут стр'аха́та, гу зака́ш'тами на бина́та* [MSt,5]; ~ *го́ре, нăврăс бина́та – два димини́ка. До́лу – гуве́ата* [ИГ, 118]; **3.** fig. за голем, огромен човек (или жена) [ПК (Г)]; ~ *ка́-ј стана́л то́о чуве́к це́ла бина́* [ПК,II,23].

бинекташ m 'камен од кој се качуваат на коњ' [V,PM.363].

биндиса* pf **1.** 'ми се допадна нешто (некој)' ~ *харисала, биндисала / ф-тија попови јудаји / тамо има ду две баби* [ТГ, 52]; ~ *место брке да кундисе / арисал место, биндисал* [ТГ,98]; ~ *и му порăнче пак: "утрината да дојдиш да сфириш, да играја хоро, ча млого биндисах тојто сфирини!"* [V,PM,197]; **2.** 'се допадне некому' ~ *да утишла... и играјала, и а биндисале на оруто* [MV,K, 330].

биньи́н m 'лесноза́палива течност, добиена од петрол, се користи како енергија, погон за мотори – бензин' [ДС(Ч)].

биниврéк m 'старомодни, широки панталони' [MS,s,8]. Во другите југоисточни говори обично се употребува формата за pl.tt. **биниврéци** – [ПК,II,23].

биниш m **1.** 'вид облека што се носи во официјални моменти'; **2.**'начин на јавање на коњ'; [V, PM,363].

бинли́ќ m 'поголемо шише, плетено однадвор' [СК,319]... **бинлăк** ~ *гулéмо ши́ше, уддéсит ки́ла, за-раки́а, зави́но, плéтно уд-вóнка ус-рóгус, а мóш и ус-вăрбóви пăрчки* [ПК,II,23].

бинцилик m 'начин на плаќање на косачите за работата (косењето)': за 1000 оки (100 *фандаци*) се плаќало (во почетокот на нашиов век) по 30-40 гроша [ТГ,344].

бинăли́ adj ~ *висóко нéшто сăви́ке бинăли́*, пр. *бинăли́ дуби́тук'* [ПД,119].

би́р-би́р изр. 'веднаш, без одлагање станува' ~ *ту́ри утóо мăлéм, би́р-би́р éј, уднéго пó-árин нéма* [ПК,II,23].

би́ра f 'алкохолна пијачка, пиво' [MS,s,8].

бирбáт adj 'нечист' ~ *ут тó: палéн тит'ýн цéлта кăшта бирбáт станá.* Со слично, но потесно значење се среќава: **скăрнаф** (за нечист човек, односно нечиста облека) [ПК (Г)]. Во Солунско паралелно со **бирбáт** и **скăрнаф** Малецки ја дава и придавката **гнýсин** (со неочекуван рефлекс за големата носовка – '**у**') [MS,s,8].

бирбéрин (и: **бербéрин**) m 'мајстор кај кого луѓето се потстрижуваат или бричат' [СК, 319]; [BV,S,K,26] ~ *устáăве кóјнут ... уф áнут, испáжѓе уф грáдут, флéве уф ạди́н дуќáн (бирбéрин) дạ сă бри́че* [ИГ,113]... *Бирбéрут му кăжýве: "сáа, ричé, ќи зăми́не Кạрá Циндéм, акọ нáе (нájде) никуј дуќáн утвóрин, ќи нă зạкóл'е"* [ИГ,113]; може да се сретне и нередуцирана форма ~ *напкун она отиде на младо терзијче, си крои от цар бостанџија руба, и отиде на берберот, си избриче* [MC(B),93]; со исто значење: **курéа** [MS,s,7].

би́рдаа adv 'повторно' ~ *аднóш дујдé му-ддéх, би́рдаа пá дујдé, áма о-изгуни́х* [ПК,II, 23].

би́рден adv 'веднаш, одненадеж' [СК,319]. Малецки (формата) ја дава паралелно со **утинóш'** [MS, s,8].

бирикитлији adj, pl. 'плодородни' [ME(P),170].

бирикуќник m 'оној што се грижи за семејството, куќата, добар домаќин' [KE,243].

биринџи adj 'прв (пр. најубав)' ~ *биринџи село* (= прво, најубаво село); ~ *биринџиите Турци* (= видните, познатите Турци) [МЕ(Р),170]; но може да има и негативна конотација: ~ *прăв, óн éј биринџи́а нă-сé: нă-пи́і не, нă-кáрти, нă-тéпне. Уф сé* [ПК, II,23].

биринџу́к m 1.'свила, материја за постава' [СК,319]; ~ *имах áдин фустáн уд-биринџу́к, шó уз-мирáк о-изнусúх;* 2. ~ *свúлин кóниц, шó гу-вáдат дóма ут-кужу́рџте*. Сп. уште: *шó биринџу́к úмахме дóма, тăкá удде́ рáс-пу́с* [ПК,II,23].

бириќат версин 'израз на благодарност' ~ *на који ки дунесе и који не ки дунесе бириќат версин, ама тоја што ки дунесе оште побириќат версин* [ТГ,297].

бириќет m 'род од земјоделски култури, печалба' ~ *тогі и Госпуд друг бише. Давише, имише бириќет* [ТГ,207]; ~ *е, адете са забравија и бириќетут Госпуд гу крина* [ТГ,272]; ~ *да биде пăлна здраве, касмет и берикет* [ТГ,296].

бирли́ќ m 'ас - во хазардните игри со карти' [СК,319].

бисер m 1. 'скапоцени зрнца создадени од некои видови школки; симбол за нешто убаво, скапо' ~ *ако нејќе ситно сено да јаде / да му дадиш дробин бисер да зобе* [ТГ,370]; ~ *как што збуруве, мила мале / Бисер си бл'уве* [ТГ,197]; 2. 'украс што на вратот го носат жените (девојките) – ѓердан' ~ *пуд грло ји, мале, дробин бисер / на чело ји мале, жăлти алтăн* [ТГ,368]. Сп. и **безер** ~ *от момините очи безер си рониши* [V,PM.268].

би́ска f 1. 'млечни жлезди, цицка на жена' ~ *ја разгóл'ува, гл'éнда на прáвата би́ска три кóсим'а злáт'ана* [MS,t, 71]; ~ *би́ските и́ ги и́маши зафăрлéни приз рáмото и́ ysат на гăрбо та бизáиха* [V,PM.116]; и: **би́ска** 'дојка' [ВС(Д),67]; 2. 'виме на крава' [MS,s,7]. Сп. **боска**.

бислеме́ n 'мало дете останато без мајка, раненичe; може да се однесува и на животинче' [СК,319].

бислиди́суве* impf 'чува, рани мало дете останато без мајка; може да се однесува и на животинче' [СК,319].

бисрáмник m 'човек без морал, што не се сообразува со нормите' [ПК(Г)].

бисри́ца f 'чиста, бистра вода' ~ *шта ти протечé чéшма бисри́ца* [ВС(Д),82].

би́сру adj (m,n) 1.'чист, бистар' (пр. извор) [ПВ(К)]; 2. 'остроумен, тој што ги сфаќа работите' ~ *би́стăр чувéк* [ПГ(Ф)].

бису́л'ка f 'јаже свиткано во круг со кое може човек да се задуши (задави), бесилка' ~ *шó, сéа, нă-бису́л'ка!?* [ДК, 129].

бисчéдна adj ~ *жéна шó нé рóжде* [ПК,II,23].

бисчéдник m 'човек, маж што нема и не може да има деца' ~ *сă кăжу́ве бис тáтко, биз мáјка. Адúн имáло, бисчéдник бил* [ИГ,114].

битéр adj, indecl. 'полош' ~ *ти́ си би́л битéр ут мéне* [СК,319]; [ВК,27]; сп. ~ *сăпугуди́ пó-битéр уд-мăјкá-і ...* ~ *и дă-сáкше пó-битéр нé мóјше д-о:-напрáвиш;* сп. уш-

те: *уд-битéр битирúа* [ПК (Г)]; и: **бетéр** ~ *и тој магари е, што сака моми на војска, и тинака си от негу по-бетер!* [V,PM.71].

бúти interj 'извик кога ги повикуваат свињите, прасињата' [ПГ(К)].

битивúа 1. adj 'прав, слободно пуштен' ~ *си-сушиј́áх áјн фустáн битивúа. Зăатéн нăмéн сúте фустáне ми-сă-битивúа* [ПК,II,20]; ~ *ас нóсум дус битивúја фустáне, от сум дибéла* [ПК(Г)]; 2. **битивијă** adv 'сé, сешто, целосно' [МЕ(Р),170].

битúса pf 1. 'стори, заврши' ~ *битúса мурабéту; úш'таш'и стрáтигóту áдија да éзми да пój при мáјка-му* [MS,t, 73]; ~ *и с'éтн'ạ си напулн'увáми у ш'иш'áнтата, у бóциту и такá стујú дур да битúса* [MSt,4]; ~ *удáта, ш'у им'ăха за пијéни у варéлит'ạ, му битúса* [MSt,84]; 2. 'прекине, напушти' ~ *и јáс кутý сирумáх ч'ув'ăк битúсах скул'óту, м'ạ дáди мáјка да сă наýч'ạ занајáт'* [MSt,87]; 3. 'застане, се задржи' ~ *"амáн бре чéдо, адúн кóјн ас д-úм, ти цáр бидéјќи уф-мóјоо кóјн ли битисá óко". "Нé, бáбо, ќо-дáјш тóо кóјн нă мéне"* [ПК,II,270] ; сп. и: **биктúсе** ~ *ти тóлко зăгáре úмиш тă уф-мóо зạгáр си биктисáл óко* [ПК,II,270].

битúсува impf 1.'завршува' ~ *да ни гл'éда хúч' л'ýди за да сă ни гр'ạхóва и тáм сă пусф'ạнти и му битúсува н'éгувáта прúкас* [MS,t,44]. Се среќава и во формата **битиснýва** ~ *тузú битиснýва пăрăвну заш'тó кăрăф тич'é* [MS, t,40]; 2. 'прекине, напушти' сп. *битúсану!* (= завршено) [MS,s,8].

Битлеéм m, top. 'име на место во Израел – Витлеем' ~ *ки испáдни пувéлин човéк, вó шо ки а чýва на л'ýдити Израúлцки... и а пуштúл на них на Битлеéм* [MV,K,315].

Битолско n, top. 'име на регија – околина на Битола' ~ *испаднал Шабан Гега от Битолско с бајрак шетаха с бил'уци* [MC(B)72]; ~ *глáс се-чýје от-Солýна до Кукýша /... от-Кукýша до-Битóлско* [ПК,II, 235].

битуú adv 'слободно, неангажирано' ~ *цéл дéн пу-ýлицте шéте битуú* [ПК,II,20]; сп. **битхýј** adj 'нетолерантен, нестрплив човек' [СК,319].

биќáр (и: **биќáрин**) m 'млад човек, неженет' ~ *úмше аднá, гă-спăсúл нéкуј биќáр дă-нăизгóрат, мăјкá-ј туркúна бúше, ама нé-ј тýка, ф-Бугáрја-ј* [ПК,II,218]; ~ *мома јоде за вода / биќар јоде пу неја* [ТГ,368]; ~ *доста лажа ти ергејне / и ергејне и биќаре* [ТГ,173]. Заб.: во гевгелискиот говор секундарниот ер гласи **ă**, значи се изговара *лăжа* (а не лажа – како што е во песната); во Серско: **биќáр** 'неженет младич на кој му поминало времето' [ДС(Ч)].

биук adj 'голем, огромен' [V, PM.363].

бих impf '3л. едн. – бев' ~ *и јас там бúх, с'ă си дóх* [MS,t,15].

бих part 'би' ~ *ка сум тенка да висока / јуште да сум црнојока / бих гу зела царовото / царовото аз златарче* [ТГ, 171].

Бички́а f, top. 'место покрај река каде што имало работилница за преработка на дрво' [ПГ (К)].

бички́а f 'назабена направа за сечење дрва, пила' [V,PM. 363]; ~ *сечáчто ус-н'áа сéчат дăрва нă-тéп, нă-мéн зă-пáри* [ПК,II,23].

бичкини́ца f 'работилница каде што се преработува дрво, се прават штици, стругарница' [ДК,105].

би́ч'ǫ n 'тој што сака многу да јаде, лаком' [ВС(Д),67].

би́ш-би́ш interj 'за вабење на свињи' [ПК,II,24].

би́ше n **1.** 'прасе'; **2.** 'свиња' [ПД,125]; **3.** fig. 'нечисто (многу извалкано) дете'; сп. **ди́во би́ше** 'тој што се кара, што не умее со луѓето' [ПК (Г)].

би́ши, би́ши, ко́тăр interj 'извик со кој се мамат свињи, прасиња' [ДС(Ч)].

бишинце n, dem. 'малото од свињата се вика *бишинце* или *прасе'* [ТГ,374].

бишѝ́ѓ m 'детска нишалка, колепка' [MS,s,8].

би́шка f, zool. Suc domestica 'домашно животно од кое се добива месо и маст' ~ *би́шкăта гă-бáгрăме ка ки сă-ту́ре врéла вóда и сă-ку́бе* [ПД,116]; 'женска свиња' [СК,319]; некои ја викаат и *прасица* [ТГ, 374]. Се употребува како симбол за неуредна, нечиста жена [ПД,135].

бишка́р m **1.** 'тој што пасе свињи' ~ *еди́н бишка́р пáсиши нă еди́н богáт би́шките му* [V,PM.295]; **2.** 'погрден израз за човек со просто, некултурно однесување' [ПВ (К)]; сп. **бишка́рка** 'свињарка' [ПК(Г)].

бишка́рник m 'заграден и покриен простор за свињи' ~ *тáм дéк лéжат би́шките* [ПК,II,24].

би́шке impf 'тера некого или нешто пред себе' [СК,319].

би́шкии adj 'нешто во врска со *бишка* (= свиња)' ~ *би́шкину мéсу* [ПВ(К)]; ~ *сини́јта ки би́ди пăлна су бáнци, пичéни кукóшки су ури́з, би́шкино мéсо...*

бишла л-фор. 'станала' (биднала) ~ *тăj от сиротин'ă бишла царица* [V,PM,24].

бишли́ѓ (и: **бешлик бишлăк**) m 'сребрена монета (од пет гроша)' [СК,319]; ~ *зéл никóлку бишлăци* [BV,29]; пр. на оној што го обезбедувал *кирванот* (на релација Гевгелија – Солун) за безбедно пренесување на стоката му се плаќало по 1 ***бешлик*** за секоја кола [ТГ,415]; во тур. освен 'пет гроша' може да значи и 'пет лири'.

би́шл'аста adj 'дебела' (сп. **бишка**) ~ *áдна би́шл'аста жéна шó зимá, сáмо мéсишта-ј* [ПК,II, 24].

бишо́к m 'нескопена машка свиња, нерез' [СК,319].

бишу́га f 'меур' ~ *уд-пăпу́цто ми-сă-направи́ нă-прсто бишу́га, пăлна-ј ус-вóда, нóго мăбóле, нă-мóжум д-óдум* [ПК, II,24].

Б'јáл Кáмеи m, top. 'име на место во реонот на с. Чифлицик, Серско' [ДС(Ч)]. Називот (име на место) е раширен и во др. говори.

б'áла глава f 'човек со седа коса, белокос' [ДС(Ч)].

блажеи* adj 'среќен' ~ *блажéна ти на жéните, и благослóвен сéмито уф тфóјто сăрци* [MV,K, 328].

блажи́ impf 'прави нешто да биде слатко'; според Малецки: само во изреката: *ни блажи́ хи́ч* (пр. шеќер со лош квалитет) [MS,t,1]; [MS, s,8]; според нашите истражувања споменатиов гл. има поширока употреба.

блазе́! part 'искажува почит кон нешто, добра желба' ~ *и затова́ си расчуди́х и ви казу́вам дине́ска: "блазе́ му на они́а, што рабо́тат ден'а́ и ношт'а́, и сос ма́ките му што доби́ват"* [V,PM,28]; ~ *на пѐтот а срете Илија, незнаена дилија, и вели: "а бре Сраулица млада, блазе-ї на тој млад јунак, што ти прегѐрнува твој-та бела примена"* [MC(B),96].

благ (голем) ден m 'празничен ден' [ТГ,142].

блага (црвена) ракија f 'дел од свадбениот церемонијал' ~ доколку младата невеста го докаже своето девојчинство, тогаш се запалува силен оган насред куќата и се прави *пикмез-таваси* и *ирмик-алваси* (*ирмик* = крупно мелено брашно, гриз). Ракијата се зашеќерува и зацрвенува, бидејќи алвата и благата црвена ракија се симбол на девојчинството. Така било во Гевгелиско, додека во Дојранско чесноста на невестата ја објавувал самиот младоженец со тоа што наутро по излегувањето од *кулибата*, веднаш до вратата ќе удри од земја една стомна којашто пред тоа ја наполнил со пепел. Во минатото, на сиот простор на Повардарјето *нивистинството* (т.е. девојчинството) се третирало за нешто важно, а невестинската кошула од првата брачна ноќ се чувала и се користела при лекување на некои болести [ТГ,186].

бла́го (и: **бла́гу**) n **1.** 'слатко – овошни плодови варени со многу шеќер, слатко, комфитур' [ИГ,123]; ~ *оти́де снаха́ му, му извади́ бла́гу со́с едно́ ди́ску се́ у зла́то, ча́шите се́ от сре́бро* [V, PM,148]; [ПК, II,24]; [MS, s,8]; – ги има повеќе видови: *риндусани тикви* (сп. *ренде*), *рацел'* (од тикви и грозје), *мацун* (варен сок од грозје); уште: од суви смокви (*сус пикмез варени*), од модар патлиџан (*сус пикмез варени*), од кори од лубеница, од дуњи (рендосани или парчиња), од грозје, од трендафил и др. [ТГ,89]; **2. бла́гу** 'баклава' [ПД,119].

Бла́говец (и: **Бла́гувиц**) m 'име на празник, Благовештение' [СК,319]; ~ *тежук и не са̀ работе* [ТГ,46]; ~ *то́-ј пра́зник уф-про́лит, на̀то́о де́н мо́мичките са̀-за̀ у́чуват да̀-ме́сат. Дуде́к ме́сат ма́јките им со́л'ат шике́р уф-те́стто. Пра́ват бла́га пуга́ча. На̀-Бла́гувиц на̀мале́чките мо́мички им-ду́пат у́шичките д-им-кла́дат убе́чки* [ПК,II,24].

благодаре́ние n **1.** 'чувство на благодарност' ~ *сајби́ата ги зема́ пари́те сос голе́м ра́дос и сос благодаре́ние, му чини́ теслѝм ка̀штата* [V,PM, 15]; и: **благодаренна** ~ *пак то́ј нема́л то́лко благодаре́ниа за водата, но гле́дал да го сатру́е* [V,PM, 257]; **2.** 'желба, намера' ~ *а́ма ја́зе, кату си најдех сега сос тебика, немам, бр-*

áте, благодарéние да гу зéмам óшти едноч [V,PM.11].

благодари* impf, pf 'чувствува и искажува задоволство (благодарност) од нечија постапка' ~ *му вели: "синку, благодарим ти динеска, што ми помогна* [V, PM,84]. Заб.: во примериве среќаваме случаи (конструкции) на употреба на глаголот *благодари* интересни од гледна точка на придружбата (отсуството) на кратката заменска форма за директен / индиректен објект, односно повратната заменка – **са (си),** необични за литературниот исказ и од гледна точка на категоријата преодност: ~ *отсекли јă и завчас сă смирили, и неја благодарили и јă дарили* [V, PM,282]; ~ *цáрјут гу земá сос нéгу аф еднá трапéза, јад'áха кату брáтка, му чини дрéхи хáрни гу ймаши млóгу на севдá, и тóј са благодарú мóшни сос цáрјут* [V,PM.9]; ~ *как видела толкува алтăни, са благодарúла и велиши сама себи си: "ах Божички, дека е сега мăжот ми да види, кăсмет'ут што му докара"?* [V,PM,32].

благослóвен (и: **благусловéн**) adj 'тој што има *благословија* (поткрепа) од бога' ~ пчелите се третираат за *благусловени* зашто тие даваат *ликувит мед и восук* [ТГ, 400]; ~ *блажéна ти на жéните, и благослóвен сéмито уф тфójто сăрци* [MV,K, 328]; ~ *рáдуј-с прирадóсна, Гóспот су-тéб; благословéна ти на жéните* [MV, K,315].

благослóви (и: **благусóви**)* pf 'искаже желби и молби за поткрепа од бога (за добар крај на некоја работа)' ~ *а зéл лéпот, благусуви, да и скарши* [MV,K,335]; ~ *да фатú да си прикажýва, и благосовú на Бóга* [MV,K, 321]; ~ *дéтето, кату земá áф рăки имáниту, сóс мăра врéме гу чинú две кáта пóвики: гóспод гу благословúл* [V,PM, 153].

благосувéјне* n 'искажен благослов, молба за божја помош' ~ *сăто благосувéјне шо си дăдé на свáдбăта му дăде гóспуд мăлéчко на нивéстта* [УЕ,28].

Благýнут m, top. 'име на планинско место пошумено со дабово дрво *благун* Quercus confeta' [ПГ(К)].

благусéмка f 'кајсија со големи плодови, семката ѝ е блага' [ПГ(Ф)].

благуслувени дубници pl ~ тоа се овци, крави, волови, биволи и коњи [ТГ,371].

благушовве (и: **блăгушóве**) impf 'искажува добри желби за благосостојба, среќа и се моли на Бога за нив' ~ *вéчăрта, спурти сăбутта, тáткуто, мáјкта, сójут сăт ќи сă збéре... Нáпкумта ќи зéме тáткото шó да бúде ут рýăбта, ќи блăгушóве, ќи фăрл'е уф куфчéгут* [ИГ,114]; – по венчавката ... зема збор кумот и *благушовве*: ~ *"ка е арно Госпуд нека даде! Да ни са жави младенци: колко имат коса на глава толко век и касмет да имат. Ваја гудина винчајне, удгудина крштејне. Здра ми си!"* [ТГ,184]. Заб.: во последниов пасус имаме употреба на глаголски именки од свршени глаголи: *винчајне* и *крштејне*. Благословот може да следува и како израз на бл-

агодарност; т.е. *са благушове* кога нешто се добива, пр. *џамаларот* кога ќе го даруваат со жито тој *благушове: Госпут да ти даде толко жени колко типцији жато* не́ даруваш [ТГ,343].

бла́јна (и: **пла́на**) f 'направа за мазнење штици, голем струг' [КЕ,246].

блак adj **1.** 'со сладок вкус, орр. на горок' ~ *арам да ти бида л'ута рак'ија, шо ја пијиш / и рујно благо вино* [МЕ,В,261]; ~ *куту свеќа да биде прав, куту мед да си биде благ* [ТГ, 285]; ~ *да му фатиш врана којна за узда / да гу врзиш за благата јабулка* [ТГ,370]; **2.** 'пријатен, вкусен' ~ *и́ди и м'е́ч'ката, са̄ курди́сува да ја̄д'е́ кадѫ́нфатм'а̄. "Ох-ох-ох, бла́гу Тартано́хч'а̄!"* [MS,t,51]; **3.** 'пресен': **мл'аку благу** (= пресно млеко, што не е скиселено) [V,PM,294]; ~ *но утри заран един казан мл'аку благу ке да вар'а, тинака аф казано нетри да влезиш да са ка̄пиш* [V,PM,46]; **4.** изр.: **бла́г чуве́к** 'мирен, толерантен човек' ~ *то́о Дини́ш но́го бла́к чуве́к, на̄-мо́ѝш до:-чу́јш да̄-са̄-на̄л'у́те, да̄-ви́кне* [ПК, II,20]; **благ глас** 'мил, пријатен глас' ~ *детету имаши глас, толку му беши благ, којто не можа да се искажа* [V,PM,37]; **бла́га мо-ј ка̄рфта** ~ *до́ба̄р е, не́ са̄-ка́ре, не́ са̄-л'у́те, Питру́ш си́те гу-са́каа, бла́га му би́ше ка̄рфта;* ~ *то... ко́марто гуизде́е, от мо-ј бла́га ка̄рфта, за̄то́о* [ПК,II,154].

бла̄ну́чка̄ f 'јаготка' (дива и питома) [ПВ(К)].

блатина 'влажно, мочурливо место' [МЕ(Р),170].

бла́то (и: **бла́ту**)* n **1.** 'голема површина под вода што не се движи, мочуриште' ~ *шо виде́ле ма̄ка на Севаступол' уф бла́туту* [MV,K,314]; ~ *а на стреди́ бла́то има една́ ви́шна ка́рпа* [ШГ,I,64]; **2.** 'измешана земја со вода, кал' [ПВ (К)].

Блатту n, top. 'име на место, мочуриште' (сп. *Ениџевардарско Блато*) [МЕ(Р),170].

бле adj 'небесен, светло син' [BV,29].

бле́е impf 'кога јагне или овца пушта глас' [ПГ(С)].

бли́же* impf 'со јазикот поминува по некоја површина' ~ *"ка́ му-кла̄де́ има̄то?" – пи́те то́ – "ближе́ш, ближе́ш, ре́кла, на̄чне́ш"* [ПК,II,226].

блиди́ца f 'кожна болест, пропратена со меури кои што предизвикуваат свраб, но немаат вода' [ТГ,237]. Во централните говори (македонски) се вика *сугреб;* обично се добива кога се работи во голема прашина. Во Гевгелиско ја лекуваат така што детето го принесуваат (разголено) кон *кумијната* (остаток од грозје кога се прави ракија), кога ја вадат од казанот за да го фати пареата [ТГ,125]; др. начин: при лечењето болниот се мие со вода во која има варено лисја од црна смоква [ТГ,237]; во Кукушко: 'ја лекувале со мажење на телото со матеница' (во минатото) ~ *та́-ј бо́лис, са̄-јаву́ве са́ма ут-се́бе, ве́л'ат уд-ја́дне изле́ве. Са̄-лику́ва ус-цви́ка ут-си́ринто. Са̄-ма́же чуве́к и така́ пуми́нуве* [ПК,

II,24]; сп. уште: **блидица** 'црвено петно што се јавува на кожата од болеста шарка' (?) [СК,319].

близина f 'место што не е далеку' ~ *и испадне вонка дăвиде дали има негде ојгин нă близина* [ПД,168].

близичку adv, dem. од 'близу' [ВС(Д),61].

близна (и: **близна**) f **1.** 'лигава кора што се фаќа на долниот дел на пециво', односно 'долниот дел од леб (или пита) кога не е добро испечен' [ВС(Д),69]; ~ *ка нема дă-сă-пугоде пăндуспанто, уд-дол му-сă напрауве адна кут-жала, кут-фаша, нă тоо му-викат близна* [ПК,II, 24]; **2.** adj 'блиска, позната' ~ *с'една на суфрата пак каздисан и тој близнојут-му аратлик му дава вино сăс фармајќ* [MS,t,60]; [MS,s,8]; **3.** 'кален дел на секира' ~ *ка ќи-ị турат нă-бăлтиита чилик - то-ị близна* [ПК, II,24]; 'остриот дел од сечилото – челичен' [КЕ,246].

близнак-трн m 'две гранчиња од трн (чалија) сраснати паралелно; од нив се отсекува парче 3-4 см. и се става на капата на новороденче за да го зачува од *лоши очи, да не гу урочат,* покрај него се зашива уште сребрена пара за да биде чисто (бебето) како што е среброто и крст – за да биде здраво и да го чува Господ. Во ретки случаи некои родители зашиваат и *амајлија* (= талисман) што ја добиле од оца или од дервиш [ТГ,108].

близнак m 'дете родено во исто време со друго дете од иста мајка' [ЛС(К)].

близначе (и: **близначи**)* n, dem. 'дете родено истовремено со друго дете од иста мајка' ~ *дирвишинот ги учи харно близначинтата: д'атето са и чинило баш ѕинѕиа* [V,PM,141]; ~ *бабта ги искри близначите... и ги зема от тамо бабата близначинтите, ги фарли на реката* [V, PM,141].

близнуве* impf 'раѓа истовремено две рожби' [СК,319].

близу (и: **близо**) adv **1.** opp. на 'далеку' ~ *ка си стигнал близо село / на пăт срите една баба* [ТГ,334]; ~ *близу при сиромахувата кăшта имаши една кăшта, на која сед'аши един владика* [V,PM, 37]; во Солунско: **близ'ạ** ~ *и гл'еда вудинч'арину, ич' му ни вр'ăви, утива близ'ạ, пак му навикува* [MS,t,43]; ~ *и пурăнч'и на измиќарката: "сă за заспи кирајата, да ја ни разбуди' , да ни пош' близ'ạ хич'!"* [MS,t, 13]; во Серско–Драмско: **близе** [ВС (Д),62]; **2.** 'речиси, скоро' ~ *близу три години га имаши кату добитук* [V,PM,29]; ~ *му вели: "да ми платити парите, што длаговати..., ча има толку времe, близу две години, как сти земали иманиту"* [V,PM,21]; сп. **блиско.**

близук* adj, **1.**opp. на 'далечен'; **2.** 'оние што во семејното стебло се наоѓаат еден покрај друг' ~ *ќи одăт кăј некуј уд нејнте нај-блиски рудини, да речиме кăј чичко му, кăј девирут, кăј вујче му и кој да бил* [УЕ,27].

близăн* adj **1.** 'оној што се наоѓа недалеку' ~ *иди тука на*

близнио хан, спи там [V,PM, 280]; **2.** 'роднина, пријател'.

бли́ка impf 'надоаѓа (течност) во голема количина' ~ *и́мум млéко, бли́ке, а́м нéјќе дă-ци́це дéтто* [ПК(Г)].

блиско adv 'во непосредна близина, орр. на 'далеку' ~ *вăлчто, мéчто, лиси́цта сто́т, ду-ни́х-сă, тăка́ бли́ско* [ПК, II,229]; ~ *утишал Предлозан, го нашал дека спие, са дебил, утишал близко ду него* [V,PM,272]; сп. **близу.**

блу́кнува impf **1.** 'нагло потопува нешто во вода и се создава шум' ~ *иступл'о́вами во́да, фăрл'ами мрăва бра́ш'ну н'éтр'ạ ... гу блу́кнувами и пр'éлуту н'éтр'ạ* [MS,t,6]; **2.** 'нагло (со шум) влегува некаде' ~ *Ту́рците блу́кнаха н'éтр'а* [MS,s,9].

блу́стур m, bot. 'тревасто растение со крупни лисје – служи за исхрана на луѓето, штавеј' (Rumex alpinus) [ПК, II,24]; [KE,207].

блу́ткав (и: **бл'у́тăф блăткаф**) adj **1.** 'јадење што нема доволно сол, безвкусно' [ДС(К)]; ~ *бис-со́л': ја́динто ва́дин тé-ј но́го бл'у́тăво* [ПК,II,24]; **2.** fig. 'досаден, глупав' (најчесто за разговор) [MS,s,9].

блăва (|| **бăлва, бл'у́ве**)) impf **1.** 'ја повраќа храната, блуе (од болест или пијанство)' [MS,s, 9]; ~ *ако бл'у́ве изле́ве (испа́ѓе) уд-не́го зăле́но или жăлто* [ПК,II,240]; [ИГ,123]; [СК, 319]; **2.** 'плука' ~ *кој и́ јадел главата, са чинувал цар, а кој сăрцето, ката sастра пу един алтăн бл'увал низ устата* [V,PM,274]; ~ *как што збуруве, мила мале / бисер си бл'уве* [ТГ,197].

блăвани n 'повраќање, исфрлање на храната низ уста, блуење' [MS,s, 9].

блăги́нка f, bot.,Quercus 'вид даб' [ПК,II,24]; сп. **блăгу́н.**

Блăго́јуфгра́т m, top. 'име на град во Пиринска Македонија' ~ *та́м тăргна́ме дéк Цумја́, Блăго́јуфгра́т* [ПК,II,219].

блăгу́н m, bot. Quercus 'вид планински даб, има куси рачки на лисјата' [ПД,124].

блăгу́шка f, bot, Fragaria 'ниско тревасто растение (планинско или градинарско) со црвени вкусни плодови, јаготка' [ДК, 104].

блăнд'а́* impf 'лута, талка' [MS, s,8].

блăнке́та f 'покривка, чаршаф за на маса' [СК,319].

блăска́вица f 'молскавица' ~ *кăква́ стра́шна блăска́вица-ј во́нка, чи́ниш зéмна ки-сă-зéме* [ПК,II,24].

блăске (и: **блăсќе**) impf **1.** 'светка на небото, молска' ~ *зăфăти́ дă сă блăсќе. га́либа ки до́жде* [СК,319]; ~ *но́го блăске, ки-вăрне*; **2.** fig. 'удри' ~ *а́к тă-блăснум адна́ ки-ви́ј ш а́рнуто; сп. сă-блăсна́а, сăфи́ крăф сă-чини́* [ПК,II,24].

блăсни* pf **1.** 'молсне, блесне' ~ *кату си скарши цамут, блăсна слăнцету нетри аф кулата* [V, PM.50]; **2.** 'погледне (брзо и остро)' ~ *т'анака гу и блăснала момчету и гу ареса мошни* [V, PM.56].

блăсту́нка f 'инсект што содржи фосфор и светка навечер, обично се јавува во летните месеци, кога е жетва – светулка' [ПД,114].

блăха* f, zool. 'болва' ~ *му р'éч'и: "то́с вéч'ер мло́гу блăха им'ăш'и!"* [MSt,75].

бл'ýдо (и: **бл'ýду**) n 'сад, *ш'ту клáвами мáн'ц'а* ' (чинија – од порцелан или од земја, но не од бакар, којшто се вика **линѓéр**) [MS,s,9]; ~ *"úч' ни јáди, глáдин за си л'éгни, тóс в'éч'ер, да му закáрам гóр'ạ инó бл'ýду мáн'ц'а"* [MS, t,37]; ~ *утинóш' ги клáва н'éгувит'ạ хрисавикá, ш'ту ји ги дáди, на инó бл'ýду* [MS, t,12]; [CK,319].

бл'ýт m **1**.'плиток сад со кој се носи варена пченица в црква' [KE,271]; **2**. 'сад, чинија' [ПВ(К)].

бл'ýфка f 'повраќање, кога човек ја исфрла храната' ~ *мисă-бурáве: унăтре курéмо мисă-бурáве, куту нă-бл'ýфка мăкáре* [ПК,II,242].

бóбо n **1**. 'општ назив (од детскиот јазик) за нешто пријатно за јадење' ~ *мáма ќи-т-дóнце бóбо ут-тáмка: нибли́бúа, сéмки, бọмбóни. Тó-ј бóбо. Кá ќ-óде нéгдин мáјката, о-устáве мăлéчкуто и такá му-вúке. Ин' па дујдéла: "вúди шó-т-дунцé мáма, бóбо'* [ПК,II,24]; сп. ~ *ја го дедо Бужаќ иде сус криво магаренце; ки ти донесе бобо, дулама, папуци, фес сус пискул'* [ТГ,84]; **2**. 'овошен плод'.

богáз m 'теснец, тесен простор низ кој се влегува во морски залив, односно се поминува меѓу острови, лошо место' ~ *и на едúн богáз нéтри фати лóш вéтăр, морéту са разл'ути... фати да са мóли на Бóга за да гу куртулиса от óниј бед* [V,PM,14].

богаз'ај m 'дел од приготвувањето на свадбениот церемонијал' ~ *ошти за рано за подат малки деца да акалесат селото, вел'ајќе: "добро вечер, добр'а ви најдохми, нá да сти акалесани откаде нивјастата-богаз 'ај"* [V,PM. 248]; в. **богазиа**.

богазиа f 'парче хартија' ~ *тој хламбор го чинат с алава богазиа и сос зелени кăтки* [V,PM,248].

Богариово n, top. 'име на селска населба во Солунско' ~ *и чиниха сватбата, тамо на Богариово си венчаха... ги занесех на Богариово* [V,PM, 164].

богáт adj 'оној што има многу пари, имот, орр. на беден' ~ *без да знам јáзе, ми армáса тýка сос едúн богáт човéк* [V,PM,11]; ~ *хизмиќáрот ... сă чинú млóгу богáт, от господáрот му пóвики* [V,PM. 27]; ~ *млóгу беши богат, ... али понéже Господ не му дадé чéду, и за товá млóгу си молиши на Бóга* [V, PM.29].

богатлак* m 'богатство' ~ *колко за богатлака, толко оште и за чашата ... и ходили сичките от наоколо да ја гледат* [V,PM,285].

богатски* adj 'што се однесува, односно припаѓа на богат (човек) – богаташки' ~ *но тинака некоја богатска мома да не земиш, туку брат ти, што има една хизмиќарка, она да га земиш* [V,PM, 85]; ~ *и му даде други дрехи богатски* [V,PM,85]; ~ *и на н'áхто не казá, што и вúдел аф богáтската кăшта* [V,PM, 17].

богача f 'голем леб (3 до 5 кгр.), печен во тепсија, погача' ~ *испекла си еднă*

пепелашкă (богача) и седнала да вечарјă [V,PM.287].

богов* adj 'она што се однесува до претставата (и култот) кон Бога' ~ *та се вăрна мајка му и му каза, што е Богова повелија* [V,PM,265]; ~ *прăмăтáрто ричéли: "зилéно маслéнце, бóгуво маслéнце"* [ПК,II, 346]; ~ *барлúвоју сóс áнгел бóгув отúде прéт Гóспода, му са поклонú* [V, PM,126].

Богородúца (и: **Бугрóјца**) f 'мајката Христова, голем христијански празник кога се слави мајката божја (28 август)' [ДС(Ч)]; [ПК(Г)].

Богороички завăрток m, top. 'место на Вардар, покрај селото Богородица, таму водата врти и затоа се вика **завăрток** [ТГ,397].

богýр m 'крупно мелено жито' [BV,29].

бод m **1.** 'желевце прицврстено на едниот крај од *устенут* (остен) со кој арабацијата ги тера (*ги боде*) биволите' [ТГ,421]; **2.** 'начин на везење' ~ *уф едúн бóд* (= со едно боцкање на иглата) [ПК(Г)].

бодúн (и: **боедин, будúн**) pron **1.** 'никој' (било кој) ~ *такá и сéленéте стáнаха па отúдуха при пéштерéта и нáјдуха дýпката откадé са вл'áва, амá не мóже бодúн да флéзе тáм* [ВС(Д),65]; ~ *и ни-вúд'увáш'а момáта фаф-конáка дрýк будúн от-змúа бáшка* [ВС(Д),80].

бое (и: **бóи, бóѕ, бої**) (**сă**) impf 'чувствува страв, се плаши' ~ *кату чул това нешчо, се уплашил и кату се боел да не би брат му саке да убие и него зел да бега* [ШК,V,420]; ~ *и са-боéше, и са-б'éше момáта разжелáла, и зé да зáплáче и зарóни дрéбни сăлзи* [ВС(Д), 81]; ~ *сă грăбнýвăт ... Вóа му кăжýве: "Јас сум, ним сă бóі"* [ИГ,114].

боеднач adv 'никогаш' ~ *момите ни сја ужнýват, зашто боеднач ни са сја пред слăнце омили* [V,PM,284]; ~ *и боеднач ни хи давала слаток л'аб да јаде* [V,PM, 186].

бóжа крáвичка (и: **бóжува крáва**) f, zool., во Еницевардарско: 'вид инсект' [KE,264]; 'инсект буба мара, калинка-малинка' [CK,319].

бóжи гóспуди voc. ~ *вилú: "éј, Бóжа Гóспуди, т'éс ч'éш'ма, иднáта ч'éш'ма да стáни вúну"* [MS,t,80].

божиј* adj 'она што се однесува до претставата (и култот) кон Бога' ~ *ајарлија работа, Божај чувече!* [ТГ,332]; ~ *амин, браче Стујане! Уд твоја уста уф-Божи уши* [ТГ...].

божилăк m 'природна појава кога сончевата светлост се разложува на своите составки прекршувајќи се низ дождовните капки; оваа појава се случува само летно време – виножито' [KE,248].

божиќов (и: **бужиќов месиц**) m 'времето (периодот) кога паѓа празникот Божиќ' – по стар стил декември [ТГ,99]; го викаат уште и: **гулемјут**.

Божички (vok. од **Божичка**, преку **Божичке** – со редукција) ~ *как видела толкува алтăни, са благодарúла и велиши сама себи си: "ах Божички, дека е сега мăжот ми да*

види, кăсмет'ут што му докара"? [V, PM,32].

бо́злик m, bot. Sambucus nigra 'дрво бозел' [ПВ(К)].

бозлугана f 'вид оружје, железна топка со рачка, боздуган' *~ са прости сос них и си арматоса едно чисто сос сабјата и сос бозлуганата* [V, PM,225]; *~ влезе чамурџиолу нетри ... и заедноч вјахна наврăх неа, кату џелат една бозлугана ја удри* [V,PM, 233].

бо́зуф adj 'со боја каква што има бозата, сиво-кафена' [СК,319]; *~ шо́ износи́х а́ін бо́зуф фуста́н, о́щ гу-по́мтум. Имах и бо́зуви имини́і, пăпу́ци* [ПК,II,24].

бо́зăл m, bot. Sambucus nigra *~ (то́о-ј) дăрво, пора́снуве кулку адно́ дăрво ут-ка́ ки́-пуми́нат гуди́ни. Цăфте бе́ли-жăлтни́кави ки́тки кулку ша́кта ка́ те́-ј răши́рна. Се́тне да́ве пло́т - мăле́чки тупчи́нка, пăрво că-цăрве́нки, се́тне стану́ват цăрни, но́го вапцу́ват* [ПК,II,24]; сп. **бо́зăл'** [СК, 319] и **бо́злик** [ПВ(К)].

боилија adj 'со висок раст' [V, PM.363].

бој m 'висина, раст на човек' *~ и фатиха сос арапинут си бориха млогу време, и гу забухна на арапина девет бојуви нетри на земјата* [V,PM,45]; *~ анало́гус на ни́вата на куве́т'у мо́жи да ста́ни дур на крăсту т'ут'у́н, мо́жа да ста́ни иди́н бо́ј* [MS,t,5]; *~ еј синко, ти млогу л'ап ки јадиш у мени, на утри ки ти извадам моите три керки, и трите един бој* [V,PM,278]; сп. во Дојранско: *фăрли́ бо́ј* 'порасна' [ПД,116].

бој m 'дел од женска облека, здолниште – сукна' [BV,29].

Боја (и: **Бојо**) f 'женско лично име од Гевгелиско' *~ фати се, Бојо, на оро / орото грубе биз тебе* [ТГ,369].

бојак m 'војна', 'војник' (?) *~ л'уто крал'а кăлнат / зашто ни ји зима / нашите синове... бојак да си праве* [ТГ,348].

Бојка f 'женско лично име во Гевгелиско' [ТГ,369].

Бојко m 'л. име од Солунско' *~ напкун питами: "Кој излезе сега наскоро от свадбата?"' "Ште, излезе Кекаро и Бојко, двојца"* [МС(В),92].

Бојмица f, top. 'име на село јужно од Гевгелија, во Егејска Македонија' [ТГ,246].

бојндрук (и: **бо́ндрик**) m 'дрвена направа за впрегнување на рогат добиток, јарем' **1.** *~ нă еди́н бо́ндрик că пригну́văт два́ во́ла* [СК,319]; **2.** 'дел од свадбениот церемонијал – во куќата на девојката, пред да појдат в црква, ќе застанат заедно зетот и невестата, преку нивните глави мајката на девојката ќе префрли еден пешкир, т.н. *бојндрук,* а таткото ќе зема чаша вино, ќе отпие малку а остатокот (и чашата и виното) ќе ги префрли преку нив, со благослов: *"кога воја вино само ки са збере уф воја чаша, тогиедин уд други да са раздел'те"* [ТГ,180]. (Заб.: се случува од *бојндрукут* на вратот на добичето да се сторат рани; ги лекуваат на тој начин што раната ќе ја премачкаат со катран, или ќе ѝ стават неварена пченица) [ТГ,397].

бо́јник m 'вид риба во водите на Пазарско' [КЕ,264].

Бо́јчуф Ри́т m, top. 'име на место во Кукушко, с. Морарци' ~ *и́мше а́дин ри́т овѝкме Бо́јчуф Ри́т и уд-не́го, ут-та́м на до́лу са̄-гле́јше Сулу́нско По́ле* [ПК,II,223].

Бо́к m 'според религиозното верување: натприродно суштество, создател на светот, на материјалниот и духовниот живот, на земјата и вселената' ~ *и ка̄ но́са̄т пра̄т ку́мут, ки-м са̄ за̄кла́јне три́ па̄та (Бо́же, шо́ ба̄а будале́сти!)* [ИГ,114]; ~ *гу пука̄лна́ Кра́л'у Ма́рку, му р'е́ч'и: "тузи́, ш'ту ми гу сто́ри ни на Бо́га ду́ш'а да дад'е́ш' ни на з'е́м'а ко́кал да клад'е́ш'!"* [MS,t,39]; сп. изр.: ~ **пумо́жи бо́га** 'помогни боже' (поздрав), одговор: **да́ј ти бо́га;** ~ **пумо́жи бо́к-ти** 'помогни боже' (поздрав), одговор: **да́ј ти по́до́бру;** сп. уште: **бо́жи го́спуди** (израз за молба кон Бога) [MS,s,9]; **боже пумоли! сус леко да родум** – така се моли жената откако ќе ги заврши сите подготвителни работи и се спрема да ткае; глаголот **родум** е употребен фигуративно, се однесува на "раѓањето, создавањето платно од преѓа" [ТГ,363]; **бо́к ги да́л, бо́к ги зе́л** (кога човек не може да го поврати тоа што го изгубил се теши со ова поговорка); во пр. од Гевгелиско (забележан од Таневиќ) многу јасно се претставени двете фонетски посебности на југоисточните македонски говори: редукцијата и елизијата – на поздравот (пожелувањето) **дубрутро!** (= добро утро), односно **дубрувечар** (= добра вечер) се одговара: **да́ј бу'добро** (= дади Боже добро) ~ *ја и ричех, мале, дубрувечар / малој моме! / она не ми риче, мале, да́ј бу'добро* [ТГ,50,315]; сп. уште: **бо́к ба́ве, ама не́ за̄бра́ве** ~ *не́што ак на̄пра́виш ло́шо на̄не́кој, о́н ки-т-ка́же: "Бо́к ба́ве, ама не за̄бра́ве" – ки-ти ва̄рне диме́к* [ПК,II,154]; **јуд Бога да најдиш** (= клетва: Бог да те казни) ~ *мури, јуд Бога да најдиш, ле мале / и ти и пугача / мури, што ме даде, мила ле мале / на кука бугата* [ТГ,197].

боктиса pf 'откажува, му се здосади' [V,PM,363].

бо́л adv 'множество од нешто, пр. род на овошно дрво' ~ *ила́јте ма̄р бо́л и́ма, ќ-и́ма за̄-си́те* [ПК,II,24]; ~ *ва́ гуди́на и́ма бо́л sа̄psа̄ва́т* (= оваа година има зеленчук во изобилство) [СК,319].

Бо́лата̄м m, top. 'име на место во Дојранското Езеро, таму фрлат мрежи (грип) за ловење риби'; зн. "широко фрлање (на грипот)" [ПД, 135].

бо́ле (и: **боли́**) (со форми на лични заменки – само во 3 л.) impf 'чувствува болка' ~ *са̄рцто гу-ја́де, о́н уддѐлно-ј ут-куре́мо, ама са̄рцто гу-ја́де, зна́чи куре́мо гу-бо́ле* [ПК,II, 238]; ~ *по́пуко ка́ гува̄рте, ба̄шка́ е о́н, а куре́мо ка́ гу-бо́ле – он це́л'о* [ПК,II,238]; ~ *воф то време на Господ го болело за̄бо, та му поминал и му оздравел от кадешо на тимено* [ШК,V, 420]; ~ *уста́та ма боли́* [ДС(Ч)].

болезни́ф adj 'оној што не е здрав, што често боледува' [ЛС(К)].

Болен Дојчински гроб* m, top. 'име на место во Солун' ~ *напкун са-стретаха на Морската порта крај Болен Дојчинскија гроб* [МС(В),98].

бо́ли о́чи bot. Authemis nobilis 'боливач' [ДК,104].

болика (и: **були́ка, боликӑ**) f **1.** 'болест' ~ *от афоресмоту сетни не проминали, млогу дни, дојде на селоту една болика* [V,PM,39]; ~ *ца́рица́та н'ӑ-ји ра́ждала; були́ка гул'а́ма ја има́ш'и* [MS,t,30]; **2.** 'болка' ~ *ги ударил по главит'а с тойгатă, и завчас сӑ фӑрлили в ӑзӑрото, та, от много боликӑ как хрипкали по ӑзӑрото, провалили го* [V,PM,291]; ~ *каталаху́ на но́с сирума́х жана́та-му би́ши дити́н'а, ја фа́тиха були́ки за да сӑ руди́ ма́лкуту* [MS, t,15]; ~ *дјáвулу и фл'а́ва на ца́рица́та у кур'е́му и пра́ви ин'е́ були́ки* [MS,t,31]; **3.** 'душевна мака, болка' ~ *ја ка́зува фо́тографи́јата: "н'ӑ-си ти?" т'а́ вили́: "ја-сӑ" ... "та́тку ни мужа́ да т'ӑ в'е́ни и ут на́с були́ка си умр'ӑ"* [MS,t,10]; ~ *но на не́гу не му бе́ши за схе́дио де́рдут и боликата* [V,PM,18].

бо́лин* adj **1.** opp. на 'здрав' ~ *пујно́ вр'ӑм'ӑ има́ш'и два́ аратли́ци, трӑгнаха за ра́бута; иди́н'у ни мо́жиш'и, бо́лин би́ш'и* [MS,t,46]; ~ *мло́гу здра́ви и́маш' ут бо́лин Дујич'и́н, да нато́ч'иш' тас калӑч'ка за јуна́ч'ка верасија ('бис пари́') ... но́с бо́лин Дујич'и́н лижа́ш'и п'е́т' гуди́ни бо́лин* [MS,t,51]; и: **бо́лну** (adj, m,n) ~ *не́јнуто брат е бо́лну* (= неговиот брат е болен) [ПВ (К)]; **2.** изр. **бо́л'ӑн сӑ-пи́те** (= кога се подарува нешто не треба многу да се зборува за подареното) ~ *ре́чме ниве́стта ги-че́сте го́стто, нӑ-ме́н мӑ-пи́те дал' са́кум и а́ска. Тугáј ас ки-ј-ка́жум: бо́л'ӑн сӑ-пи́те* [ПК, II,154].

бо́лине (и: **бо́л'не**)* n 'чувство на болка, болење' ~ *ду-кӑт Да́биле ма́ле умира́чка, тӑка́, тӑка́, тӑка́ намӑли́ бо́линто* [ПК,II,240].

бо́лис (и: **бо́лес**) f 'состојба на организамот од која човекот не е здрав' ~ *вункашли́ф, во́нка пади́не, ло́ша бо́лис, во́нкӑшна бо́л'ка таа* [ПК,II, 240]; ~ *кога кукумавка куке, знај оти болес ного ки има* (= ако птицата утка вика значи дека ќе има многу болести) [ТГ,247].

бо́лка f 'дел од женската облека, кошула' [ПК,II,24]; 'кратка надворешна облека, блуза' [СК,319].

бо́лка f **1.** 'болест' ~ *са чини́ хикимџи́а, оти́де по касаби́те, ше́тал, хем ви́каши: "хекимџи́а! – ко́ј са́ка ста́ра бо́лка да излеку́ва?"* [V,PM, 28]; ~ *пујно́ вр'ӑм'ӑ три икимџ'и́ји сӑ разврʼӑвӑха за бо́лки т'ӑ: "јо́к ка́цат бо́лки-т'ӑ ут иди́н ч'ув'ӑк за дру́к"* [MS,t,42]; **2.** 'мачно чувство предизвикано од болест или рана, бол, пр. во градите' ~ *царицата, от млогу болки, дојде дури на крај омирало* [V,PM,272]; **3.** 'рана' ~ *це́лта рӑка мо-ї бо́л'ки* [ИГ, 123]; сп. поговорки: **болка сус кола флеве ама низ нглини уши излеве** (= човек треба да се чува од бо-

лест зашто таа лесно доаѓа, но мачно се лекува) [ТГ, 274]; **болѓката оде пу нас а не пу планинта** (= болеста е обична и нормална појава; со ова мисла се охрабрува болниот) [ТГ,248]; сп. и клетва од Гевгелиско: **болѓка да та сутрије** (= да те фати тешка болест, да те уништи) [ТГ,319]; со исто значење: **болѓка да та утепе** [ТГ,319].

болну́к adv 'изобилство од нешто, множество' [BV,30]; и **булнук** 'изобилство' [МЕ(Р), 170]; сп. **бắлну́к овци** 'многу овци заедно'; исто и: **бол.**

бо́ло n (веројатно од **бодило**) ~ *ши́ло, бо́ло, пу го́ра ѐди́ло, трăн не устăви́ло* – поговорка (= брич) [ИГ,121].

бо́лѓа f 'чувство на болка' [ВС (Д),67].

болѓме́ n 'тенок ѕид, преграда' [ПК(Г)].

бо́мба f 'експлозивна направа' ~ *дујде́л не́куј куми́тин, сăрди́се се́лто, фа́ште Ту́рцте, ги-зăтво́ре уф-ѝами́ѝта и фắрле две́-три́ бо́мби* [ПК,II, 218]; [ДС(Ч)].

бо́п m., bot. Faba 'грав' [MS,s,9]; ~ *бо́п ви вăри́х* [ПВ(К)].

бо́пца 'плод од дрвото трн, трнинка' [ПВ(К)].

борба f **1.** 'меѓусебно спротивставување; усилба да биде совладан противникот' ~ *го рашита Солун, кладе тил'ал, борба да са боре: ако го сăборат, да го земат исир* [МС(В),97]; **2.** 'војна' [MS,s, 9].

боре, бо́ри (сă)* impf **1.** 'настојува, прави усилби да го совлада противникот (пр. да го легне на грб и сл.), но без оружје' ~ *ка́ са́киш д-сă би́ѝме ус ко́пи (копија) и́ли дă сă бо́рме?* [ИГ,113]; ~ *иди́н ч'уфч'и́ја и уч'е́л да уре́, му зл'а́ва иди́н арасла́н (леонда́р) и му вили́ да сă бо́рат* [MS,t,77]; ~ *и на́ј-гул'а́мата ла́м'а му р'е́ч'и : "да сă бо́рими!"* [MSt,74]; **2.** 'се тепа до уништување' ~ *са моли: аман брате, куртулисај ме от таја страшна змиа, ча имам толку време, шо си борја сос неа!"* [V,PM,80]; ~ *на гора́та кату и́дех, тихи́са, изле́зоха ти́а хајду́ти, и Го́спод ми помо́гна та си бори́х сос ни́х и ги утепа́х* [V,PM,22]; **3.** 'се руши' ~ *толко врем'а има, от как градиме тăзи кула, и ни можеме да јă свăршиме: ден'а јă градиме, вечер сă бори ... тога т'а искарала камено от кладнецо, клала го на кулата и завчас сă дутиштала* [V,PM.126]; **4.** 'настојува да совлада некоја сила' ~ *ету гле́дат еди́н чове́к на море́ту, една́ дăска и́маши под не́гу и си бо́риши сос стра́шните далги́* [V,PM,24]; **5.** 'си игра' ~ *ама́ д'ăт'ѐту ста́на кувитли́ја, гу пăхна ка́мин'у и сл'а́зуха вăнк сăс ме́ш'л'ăнта́та да сă бо́рăт* [MS,t,16].

бори́ја f 'труба, ќунец' [BV,30].

бо́рина (и: **борна**) f 'деланка од бор, служи за потпалување, односно осветлување; кога гори убаво мириса' [ДС (Ч)]; ~ *стани ми, стани, тенка Ванѓелино! / борна да нацепиш, огин да навалиш* [ТГ,177]; сп. изр. **сăс бо́рна с-аа па́ла** (= се однесува пр-

едизвикувачки, нетолерантно) [ПГ(К)].

бори́чка (си) impf 1. (dem. од **се бори**) 'се труди да го совлада противникот, но без оружје' ~ *остана́ еди́н от деве́ти́на, и си фати́ сос не́гу да си бори́чка та̄кму три де́на и три но́ка* [V, PM,21]; 2. 'пребарува, меша' ~ *за̄шо́ бури́чкиш нис ти́а̄ ше́јве* [ПК(Г)].

бормалиа adj 'алатка, она што содржи винт' [V,PM.363].

бо́ро n 'вид орман со полици' [CK,319].

борхана* f 'винарска визба' ~ *и́маш ду по́ртата че́шма сос жа́ва во́да – на ти и та́сот! На борхани́те пи́х раки́а и ви́но, на́ ти и ча́шите* [V, PM.123].

борч (и: **бо́рџ**) m 1. 'обрска' ~ *ја́с и́мам бо́рџ да си гле́дам рабо́тата ут то́ шо́ ми пушти́* [MV,K,258]; ~ *му ве́лиши: "ја́с и́мам бо́рџ да си кра̄стам ут те́б"* [MV,K, 308];

2.'позајмени пари, долг' ~ *бо́рџу и ху́баф са́т ни че́ка* (= долгот треба да се врати како што е договорено) [M S,s,9]; ~ *а бе пезевенклер, вија толко борч имате на бегот и станахте да дојдите на Солун... с Трајкова̄т ака̄л дојдохти* [MC(B),90]; [V,PM,15]; [CK,319]; [BV, 30].

борчли́а (и: **борџлија**) adj, indecl. 1. 'ако е должен пари и сл.' ~ *гу нусихме у дома и там псувиса... ка псувиса, ма фати жената му – ама та беше бугарка, потурчена – и ка видехме исап с иснафот, останах 30 лири борџлија* [MC(B),83]; ~ *му вели на јувреиту: "зашто, син'ори, така го биити тузи христианско гроб?" ја те му вел'ат: "го биими, зашто тос христианин борчлиа ни б'аши, имаши да на дава триста и педесет гроша"* [V, PM.173] 2. 'задолжен е поради извесен неисполнет реципроцитет – треба да стори нешто' ~ *и ја́зе сам борчли́а да ти чи́нам дру́го, што са́каш, са́мо за това́... да ти иска́рам а́ф бе́ла зе́мја, не́ сам досто́ин* [V,PM, 136].

борџу́ва impf 'должи (најчесто пари)' ~ *"Е, зима тој човек пари от вас?" – "Зима" – кажаха тија. "Е, ви ги даде назат, или ви ги борџува?"* [MC(B),83]; [BV,30].

бо́с adj 1. 'кога на нозете нема обуено чорапи или кондури' ~ *на̄-та́а ико́на са̄-пу́ле ка̄ко сити-Јо́ва̄н бо́с гу-ка̄рсте Ису́с Христо́с на̄-ре́ка̄та Јо́рда̄н* [ДК,153]; ~ *боса мома река прегазила / шо и зела ду два златни српа* [ТГ,164];

2.fig. 'човек без ништо' ~ *пучекај што ки ти никне / ако ти никне бусилче / боса ки бегум пу тебе* [ТГ,100]; со посилно значење: **го́лабо́с** [MS,s,9].

Бо́ска f 'име на врв, огранок на Беласица, името е добиено според формата', инаку во апелативната лексика на северната регија почеста употреба има зборот *цицка* [ПГ(Ф)].

бо́ски* pl 'гради на жена' ~ *блазе́ му то́а са̄рци шо ти дража́ла на те́б, и бо́скити шо ти дуи́ле* [MV,K,328]; во Еницевардарско е запишана

еднинската форма **бо́ска** 'цицка' [КЕ,246]. Сп. **биски.**

Босналијче n, dem. од Босналија – 'момче од Босна' ~ *абре, Турче, веле, Босналијче! / јас ќе ти дадам три града бакшиш на тебе* [МЕ(В), 259]; ~ *тогај, братко, идно Турче – Босналијче / јутдека било затворену ув апцаната* [МВ(Е),259]; ~ *па вјана којна пеливана / па вјана Турче-Босналијче* [МЕ(В), 265].

бостан'* m **1.** 'нива посадена со лубеници (и диња)' ~ *ај мăжу, падарин беше нашта керка, бостан'ут беши јунакот, кешка да урвише една либиница* [V,РМ,279]; **2.** 'плодови – лубеници, диња' [ПК(Г)].

бостанџија m **1.**'земјоделец, тој што произведува и продава бостан (лубеници, диња)' [V, РМ,363]; **2.**. 'градинар' ~ *напкун она отиде на младо терзијче, си крои от цар бостанџија руба, и отиде на берберот, си избриче* [МС (В),93].

бостанџијски* adj 'она што му припаѓа на градинарот – градинарски' ~ *сă чини бостанџијска руба и уружа Бошково кон* [МС(В),93].

бот m 'дел на вретеното од воденицата – врв што влегува во *бабата* и го пренесува вртењето' ~ *до́лно: кра́ј нă-вăрте́нто, де́кă вăрте нă-ба́бăта сă-ви́ке бо́т* [ПД,171].

Бо́уву n 'име на место во Мегленско' ~ *ут-та́м избига́ уд анда́рто, а та Бо́уву* [БМ, 197].

бо́хча f 'голема крпа (скоро метар на метар) во која се ставаат и се врзуваат повеќе работи' [ИГ,113].

бохчалăк m 'подарок од: долна облека, чорапи и сл.; се завиткува во **бохча** (= крпа)' ~ *твојта жена оздраве, твојта жена оште ного деца ки ти роґа... Там роґа та жена ного деца – един бијлук, и секоја година ми носише по един бохчалăк* [МС (В),87].

бо́ца* f 'голем стаклен сад со тесна уста' [MS,s,9]; ~ *и с'е́тн'ạ си напулн'ува́ми у ш'иш'а́нтата, у бо́циту и така́ стујѝ* [MS,t,4].

бо́цка f 'прибор за јадење – виљушка' [ЛС(К)].

бо́цка, бо́цке (и: **бо́де**) impf **1.** 'притиска со предмет што има врв'; пр. ~ *во́лут бо́цке ус рăго́фто* [ПК(Г)]; [СК, 319]; **2.** 'втиснува, става со притискање; пр. сади расад од тутун или зеленчук' ~ *и́ш'ти иди́н да ц'а́ска ч'изи́ји, друк да пу́ш'та ко́р'ин'ạ, друк да бо́цка ко́рин'ạ* [MS, t,5]; ~ *бо́цка ко́рин'ạ* 'сади коренчиња в земја со колче' [MS,s,9].

бочва f 'голем дрвен сад за вино, ракија' ~ *баба прела / две клупцијна / да и клала / на бочвата* [ТГ,118]; ~ *и же́нта то́ вре́ме, ко́га би́ла у-бо́чфăта уд-гла́дус.. си иде́ла се́мки* [ДК,150]; сп. **бăнчва.**

Бо́чвăта f, top. 'име на место (извор) во Солунско, с. Градобор' (сп. *бочва* 'дрвен сад за вино, ракија').

бочник m 'парче платно, како клин – дел од фустанот' (фустанот со кој игра **русалијата** е многу набран, има околу 160 бочника) [ТГ, 223].

бо́ш adv **1.** 'кога нешто стои без потпора' ~ *нă-бо́ш зăстăна́, ќи-па́дниш* **2.** fig. 'зборување без аргументи' ~ *нă-бо́ш гуво́риш* (не е точно тоа што го кажуваш); **3.** 'нешто не добро планирано, без резултати' ~ *о́ди, а́ма нă-бо́ш ќ-испа́дне рăбо́тта* [ПК,II,24]; сп. уште: ~ *бо́ш рабо́та, ни́шту не́ би́ве* [ПК(Г)].

бо́ш дуѓа́ f 'бесмисленост на живеењето, празен свет' [СК, 319].

бо́ш ла́ф m 'неоснована приказна' ~ *си́чко т'и́-шо́ ми кăжу́виш е бо́ш ла́ф* [СК,319].

Бошковица f 'л. ж. име (жена на Бошко) од Солунско' ~ *излезе, рашета малце много до града Призрена и виде на Танка Арнаутка, млада Бошковица* [МС(В),93].

бо́шник f 'дел од облеката, платно што се става на нозете, наместо чорап' [КЕ,272] ?; сп. **бочник**.

Бошăво n, top. 'име на место на средина меѓу Кукуш – Солун, с. Амбар Ќој'; зн.: 'празно место'.

бо̯ăна́к m 'силен пороен дожд' [КЕ,248].

бра́в* m , zool. 'машка овца, овен, но со извадени полови жлезди' ~ *като́ си пас'е́ше брави́те, и са-небе́'то заобла́чи* [ВС(Д),79]; [ПК,II,24]; [СК,319]; ~ *и́ риче: "да направиш едно поклони – погача, да напăлниш две долиј вино и да заколиш нај-големиот брав, и утри застра ки одими"* [МС(В),96].

бра́ва f 'клуч' ~ *за́кл'уч и зи́м га̯-бра́вăта* [ПД,120].

бра́ве impf 'зборува неконтролирано во сон или од голема температура, блада' [ДК,103].

бра́ву interj ~ *и Ко́ста р'е́ч'и: "бра́ву на т'е́б'а̯!" и му да́ди ли́ра* [MS,t,70].

брада f 'долниот преден дел од лицето' ~ *Предлозан го факе за браата, го утепуве* [V,PM,273]; ~ *истум зготвил, па дошол педа човек лакут брада, му пусакал малце чорбичка* [V, PM,275].

бра́давица f 'мала топчеста израслинка на кожата' [ДС(Ч)]; во Гевгелиско народот верува дека се појавува ако се фати жаба, а жабата ја помоча раката. Се лекува со боцкање на брадавицата со игла во која има вденато конец, и откако се извади иглата конецот останува во брадавицата којашто за 3-4 дена ќе се исуши [ТГ,236]; сп. и **бардави́ца** 'со исто значење' [MS, s,6], односно **бра́дуфца** [СК,319]; ~ *и́ма пу ли́цто бра́дуфци, да́мги, да́мги инви́киме, пре́хни нă-дру́ги ме́ста, ама ни́ă ни-ви́киме да́мги* [ПК,II,240].

брад'а́сан adj 'неуреден, со голема брада – небричен' [ЛС (К)].

бра́два f 'направа за сечење дрва, секира' [MS, s, 10]; ~ *арасла́нут стуји́, гу врăзува ч'уфч'и́јата; как гу врăза ху́баја, з'е́ бра́двата, му удри́ у нуѕ'ăта* [MS,t,77]; и: **бра́два̯** [ВС(Д),68]. Сп. **балта́к** [MS,t,53].

бради́нка f, dem. од 'брада' ~ *ма́лка бради́нка* [ДС(Ч)].

бра́д'ас adj 'човек со брада, неизбричен' [ДС(Ч)]; сп. и: **брад'а́сан**.

Бра́зда f, top. 'име на место низ кое тече вода' (с. Војнцко, Гевгелиско) [ПГ(К)].

бра́зда f '(издлабена) трага в нива оставена од плуг или рало, кога се ора' ~ *палај си извор студна вода / копај си бразда длăбока* [ТГ,212]; ~ *на ѧдна́ бра́зда, на две́ – искáрăве áдна чуве́чка глáва уд зе́ми с рáлто, и на тáа глáвта пишáло ...* [ИГ,110]; ~ *се́куј дă-си-тăргне бра́зда, дă-не́ му-о́т бижáнцте, дă не́ мо́ óрăт* [ПК,II,222]; сп. **бра́зна**.

бра́зна f 'плиток долг ров направен од рало, бразда' [ВС(Д), 70]; **бра́зна** [ДС(Ч)]; сп. **бразда**.

бра́к m 'свеченост кога младич и девојка стапуваат во регуларни брачни односи, свадба' ~ *и стáна ут-нóу брáкут и са з'éха сăс манц'óт, ш'у гу им'ăш'и ипаш'писти́* [MS,t, 74]; ~ *му пýш'та идúн тилигрáф и тáтку-ји, óти "з'éнт'у и тфójта мóма тук сă". Му прáви идúн брáк американскију цáр'* [MS,t,30]; ~ *ă такмóват, пýш'тат прăстин и на питнájсит'ăх брáк за стóрат* [MS,t,15].

бракóва* impf 'прави свадба, веселба по повод склучување на брак' [MS,s,10]; ~ *н'áс нид'ăл'а ш'ту бракóват, сă разбул'áва кумбáрата* [MSt, 12].

брáн* adj **1.** 'собран на едно место' ~ *и пукривáчката... бéши брáну кýп на иднó мéсту* [MV,K,336]; ~ *и сăти шо бúле тáмо брáни си нал'утúле* [MV,K,325]; **2.** 'згрчен' ~ *да бéши навидéна, брáна, нé мóжаши да си испрáви дибидýз* [MV,K,278].

брáна f 'земјоделска алатка за ситнење на изораното' ~ *дăрвăна-ј, ус-н'áа сă-зăрáмнуве ни́фта кá ка: изóриш* [ПК,II, 24].

бране* impf **1.** 'заштитува, чува нешто, не дозволува некој да го земе' ~ *дујдé Бугáрто дă-брáнăт вúке нă-кăд Цумајá, кăд Дýпница нă-гóре* [ПК,II,219]; **2.** 'не дозволува да се случи нешто' ~ *најдехме нија на пăтот един бил'ук овци, ама викнахми и станаха и браниха овците и не сă мешаха* [MC,81]; **3.** 'се залага, се застапува за некого' ~ *вúкиме аркăлúа, úма аркá зă-нéго, шо гу-брáнăт* [ПК,II, 239]; ~ *ти за това кахăр ми бериш: тебе Госпот ке ти чува, ке ти брани!* [V,PM, 275]; **4.** – **(сă)** 'се чува' ~ *сáм сă брáнăм* [ПВ(К)]; [MS,s,10].

бранúк m, bot. 'зрнесто (житно) растение' ~ *бранúк прóсу с'ăјаха пујнó вр'ăм'ѧ ... пóдр'ебну ут прусóту* (= порано сеја *бранúк прусó...* поситно од просото) [MS,s,10].

брѧнýве adj 'со направата *брана* ја ситнат изораната земја' [ПГ (С)].

брáт m **1.** 'машко дете спрема другите деца од исти родители' ~ *ми ричеха: "коните да ги не трăчкаш, зари ки ти правими, как направихми на брат ти"* [MC (В),86]; ~ *стáнá от трапéзата и отúде нá брáт му на пóвиш...снахá му, стáнá гу зéма за ракáта и му вéли: "óх, брáче, нéзнáм штó да убăрними"* [V,PM,148]; ~ *от млогу мýндр што бéши, цáрјут гу земá сос нéгу аф еднá трапéза, јад'áха кату брáтка* [V,PM.8]; **2.** 'познат човек, пријател' ~ *вели на кадијскиј човéк: "на мéника,*

бра́те, не ми тре́бува̀т алтъ̑ни; же́на ми требуваши, же́на зема́х" [V,PM.11]; **3.** изр. **бра́т бра́т не́ ра́не – те́шко то́ шу гу не́ма** (= постоењето на релација меѓу браќа е многу корисна) [ДК, 107].

бра̀та m 'потсмешлив израз за оној што не ја бричи брадата' ~ *бра̀та гу-ви́кат то: шо́ и́ма бра́да* [ПК,П,240].

бра̀тени́к m – во повеќе југоисточни говори: 'полубрат, брат само по мајка (или по татко)'; и **бра̑тини́к** ~ *бра̑тини́к е́ј не́ а́сăл бра́т. Ни́а сме бра̑тини́ци, а́ма но́го сăсла́гме* [ПК,П,25]; во серско-драмската регија се јавува со потесно значење: 'побратим' [ВС(Д),67].

бра́ти m (vok. од 'брат', преку **брате**) ~ *ка́к да ни пла́ч'ам бра́ти, до́јди ринд́о и ме́н'а̀ да м'а̀ изад'е́ ара́пу* [MS,t, 51].

братко (и: **бра́тку**) m, hip.; vok. **1.** 'обраќање кон познат човек' ~ *е, братко ти гу миниха тасот* [V,PM,280]; ~ *тија ки рекли: "не знаеме братко!"* [V,PM,282]; **2.** 'галено обраќање, обраќање со симпатии' ~ *кату чу цар'ут, повики гу сожали и му вели: "ади, братку, јазе ке да пусна човек сос тебика"* [V, PM,32]; ~ *"јаз, бра́тку, кату́ те́бе бе́х таксилда́рин, и ме најдо́ха едни́ хајду́ци, ми соблѐкоха"* [V,PM,21].

бра́туф* adj 'она што му припаѓа на брат' ~ *ве́ли на траго́вецат: "ај гиди траго́вец, господа́р мој" – му казу́ва бра́тувата му ка̑шта* [V,PM, 13]; ~ *"много стока најдех, токо са̑ размислих за братовите ми малечки"* [MC(B), 96]; ~ *вели на жена́ му: "на́ша са на то́ј ча́с, же́ну, л'у ајди зе́ми ме́тли, да и́ди-ими да га помитеми бра́товата ми ка̑шта!"* [V,PM,19].

братску adv 'кога е нешто сторено добро, правилно, братски' ~ *они двата братќа си гу делиха иманиту братску* [V,PM,82]; и: **брацки** ~ *сичката праматиа им останала под дрвото, а двата брата си слезели и си га разделили брацки* [ШК,V,420]; сп. ~ *јадејне и пијајне братски, исап глидајне – душмански* (поговорка) [ТГ,319].

братство n 'блиско роднинство, убаво однесување со меѓусебно помагање, најчесто меѓу браќа' ~ *видите ли какфо е братството?* [ШК,V, 418].

братќа pl 'браќа' ~ *не зна́иш ли, ча ту́ка и́ма де́вет бра́тќа хајду́ци, што не́ оста́ват чове́к да промине́* [V,PM,21]..

братуч'е́нка f 'женско дете од брат или сестра на родителите' ~ *јас с'ад'а̑х иди́н в'е́ч'ер, ста́нах на-у́трина́та, си ути́дух у мо́јта братуч'е́нка* [MS,t,2]; сп. **с'е́тни братуче́нди** (= втори братучеди) [MS,s,10].

бра́тче (и: **бра́че**) n, **1.** dem. од **брат** ~ *бра́тче и се́стра* [ПК,П,227]; ~ *душе́л рет на̀ бра́тчито и на̀ се́страта* [ИГ,107]; **2.** vok. (обраќање од снаата кон постариот брат) ~ *нивѐстта на̑-де́виро мувѝке бра́че, а на̑-зо́лвата и́ ви́ке сри́це* [ПК,П,24]; ~...*снаха́ му, стана́ гу зе́ма за рака́та и му ве́ли: "о́х, бра́че, не́зна́м што́ да убъ̑рними"* [V,PM, 148]; ~ *пусе́стримте пе́ат: во́ди, бра́че,*

во́ди | прет ку́м да а но́сиш | кум ќа а дарýве | дýјна ем нарáнs а [ИГ,114].

бра́ца f 'голема пила, кога се употребува треба да ја држат двајца, а дрвото што се сече треба да се постави на скеле' [ДК,104].

брашнени́к m 'дрвен сад, ковчег во кој се чува брашно' [ПК(Г)].

бра́ш'ну* n **1.** 'сомлени житни зрна (пченица, пченка и сл.)' ~ *тра́хна = ма́нц'а ут бра́ш'ну : прајат ч'а́сту, гу сӑхнуват, гу трӑјат др'е́бну* [MS,t,65]; ~ *вили́ на манц'о́т-и: "бра́ш'ну н'е́ма, за по́да на удини́цата да ме́л'а́!"* [MS,t,78]; ~ *за ина́ тапс'а́ баклава́ ина́ ука́ ш'иќе́р, идна́ ука́ ме́т, ука́ и пулуви́на бра́ш'ну* [MS,t, 8]; сп. *рӑжану бра́шну* (= брашно од 'рж); *пшини́цину* (или: *чи́сту*) *бра́шну* (= брашно од пченица); *мисúрну бра́шну* (брашно од пченка, овде *мисúрка*) [MS,s,10]; **2.** изр.: **ле́гнуве на брашно** (= се помирува со ситуацијата, ја прифаќа каква што е) [ТГ,193]; **кола дрва, кола брашно** (треба да се има дома кога почнува зимата) [ТГ,7].

брашнӑлӑк m 'дел од воденицата, сандак во кој се собира брашното по мелењето' ~ *уф-брашнӑлӑко о-збúрат бра́шӑнто уф-вудни́цта* [ПК,II,25].

бра́шнӑнце n, dem. 'од брашно' [ПГ(С)]; [ЛС(К)].,

бр'а́с m,bot. Ulmus 'многугодишно растение со темна, грапава кора' [MS,s,10]; и: **брја́ст** ~ *најде́ на еди́н брја́ст от го́ри, и́маши гн'а́здо от картáл* [V, PM,136]; ~ *има́ш'и иди́н брӑс гул'а́м, удго́р'а бр'ӑсто́ кунди́са сӑс ко́н'у* [MS,t,20]; и: **бре́с** ~ *и та́ка, гла́дин сӑ-сви́л пуд-адна́ дрӑмка, пуд-не́кој бре́с, стар бре́с* [ПК,II,234].

бре́ interj **1.** 'извик при обраќање, служи и за дополнување' ~ *бога́тиот му ве́ли: "а бре́ кӑрпа́чин, е́ла да и́дими аф мо́јта кӑшта: и́мам а́дни ве́тки папу́ци, да ти ги да́м да ги закарпиш!"* [V,PM,17]; ~ *кату си зал'у́биха сос неа, фати т'а́нака да гу пита: "е, бре́ лу́ду мла́до, дали си ви́дел дру́га по-ху́бава от ме́ника?"'* [V,PM,9]; **2.** 'обраќање со чувство на потсмешливост' ~ *му ве́ли: "а бре́ ти́нака не си кадӑр сам се́бе си да хра́ниш, а́ми как ке да хра́ниш таква́ една́ же́на бео́фка?"* [V,PM,12]; **3.** 'изразува молба' ~ *фле́гле уф вра́та да гу зе́мӑт, во́а чурбӑци́ата ви́ке на де́тто: "јӑ јӑ јӑ (ја ги ја) бре́ ка́жа!"* [ИГ,111]; **4.** 'изразува чудење, изненада' ~ *и р'е́ч'и: "бре́ уд'е́ ми до́јди то́с ху́баф лака́рин", ги згóн'ува ш'и́ш'кит'а икимц'ýји до́л и си ути́духа* [MSt,25]; ~ *бре́, ко́ј е то: шу-нӑпрӑви́ ба́цата, си́чко* [ПК,II,227]; ~ *бре́ј шо́ би́ло!; ~ бре́(ј) шо́-ј ýбуво!* [ПК,II,24]; **5.** 'извик за предупредување' ~ *и́мше един Ту́рчин – прӑвика́: "Бре́е, нусе́јте мла́ата ниве́ста, мо́стут ќи па́дне"* [ИГ, 118]. и: **брӑ** ~ *ајн ден та́м, дру́ѓут ден стана́ме и а-брӑ, у-брӑ ниӑ и дуби́цте бе́гме се́ пу-кра́јо, пу мӑле́нки пӑтишта, тӑка́* [ПК,II,239]; и: **бре́ј** ~ *бре́ј, вӑлк, гл'ӑда́јте, вӑлк, дӑржа́јте* [ПК,II,224].

бре́а impf 'испушта воздух неконтролирано низ устата и носот (создавајќи специфичен шум) – кива'; сп. ~ *са избре́а* (= кивна) [ДС(Ч)]; со исто значење: **ки́а** 'кива' ~ *са избре́а* (= кивна).

бреави́ца (и: **бре́а**) f 'кијавица' [ДС(Ч)].

бреза крава f 'шарена крава' и – навредливо обраќање кон жена [ТГ,319].

бре́г (и: **бр'а́к**) m **1.** 'крајниот дел (ивица) од земјина површина што допира со поголема количина вода' ~ *пишим ки на́јдăт адна́ подăлбо́ка ба́ра, се́кăк требу́ва да и́ма а́рно бре́г* [УЕ,32]; **2.** 'рид, страна на рид' ~ *и́мше та́м и адна́ во́јчка, ја́ куту и́звурче... тăка́ пу-бре́го те́чше* [ПК,II,247]; ~ *ним стој, Перло, на брегут / брег се роне, ки падне!* [ТГ,369]; сп. изр. **Ут ту́к бре́к, ут та́м бре́к – уф сре́ди жи́ф чуве́к** – поговорка (= лулка со дете внатре) [ИГ, 122]; **3.** 'високо место в планина' [MS,s,10].

бре́мена f, adj. 'жена што носи плод во утробата, трудна' ~ *о́на устăна́ла бре́мена, а има́ле и-куби́ла и-ко́јн* [ПД,152].

брдо n 'дел од разбојот за ткаење на *ругузини'*. Всушност тоа е издупчено дрво што е поставено во средина на рамката за ткаење (притискање) и низ дупчињата поминуваат *врвци́те* , што претставуваат основа на *ругузината.* Со него (дрвото) т.е. рамката се притиска *рогузот* [ТГ...]. Некогашното вокално *р* во долновардарскиот говор (вклучувајќи го и гевгелискиот) има двофонемска вредност *рă* (односно *ăр*) но Таневиќ го предава само како *р* (сп. *брдо, врвци*); и: **2.** 'дел од разбојот, за ткаење платно' ~ преѓата, откако ќе се *навије* (пред да почне ткаењето) се *вдинуве уф нишалки и брдо* [ТГ,363].

брз adj 'орр. на бавен' ~ *да си купам, Каранфил'о / да си купам брза кон'а* [ТГ,173]; ~ *куту вода брз да биде!* – пожелување кон мало дете кога почнува да оди [ТГ, 122].

брзица f 'овца којашто се близни (раѓа по две јагниња)' [ТГ,374].

брзјак* m 'место в река каде што водата брза' ~ летно време кога ќе надојде Вардар (по некој силен и пороен дожд) и кога ќе се замати по **брзјаците** и по **дунимечите** (таму каде што водата врти), онака на среќа се *фрл'уве сертме* (= рибарска мрежа во вид на конус) [ТГ,393].

брисли́ка f 'специјален камен за острење коси, брус' [ДК, 106].

бристи́га f, bot., Ulmus 'дрво брест' [ПД,130]; сп. **бр'а́с.**

брич (и: **бри́ч**) m 'многу остар нож за бричење' ~ *да зе́миш сто́мната и чешил'ут и бри́чут – ти́ă три ше́аве* [ИГ, 107]... ~ *бра́те, фăрли, ре́кла се́стрăта, бри́чут, да сă чи́не о́стри ка́мăјне* [ИГ, 109]; ~ *"ка́к да ни пла́ч'а: ма́јка-ти ти кла́ди ут н'е́тр'а врата́та иди́н бри́ч' за да стăпниш', да сă ус'ач'е́ш'!"* [MS,t,31]; во Серско со исто значење: *ксира́фи* [ДС(Ч)].

бричак m 'тој што е многу (до кожа) острижен, избричен'

[ТГ,122]; изр. **стрижак бричак, на две јајца – квак!** (со овие зборови ги исмејуваат малите деца, особено девојчињата, кога се острижени) [ТГ,122]

бричејне n 'дел од свадбениот церемонијал: во сабота попладне, пред свадбата, додека музиката свири во куќата на младоженецот, еден од неговите побратими прво ќе го *натопе* (= насапуни), а потоа ќе го бриче. Првиот потег со бричот го прави некое "*дете сус мајка сус татко*" (со желба и децата на младоженецот да растат со мајка и татко), а потоа продолжува побратимот (со бричењето)' [ТГ,168].

бричи (и: **брич'и, бриче**)* impf **1.** 'со многу остар нож ги отстранува влакната, ниско до кожата (најчесто од брадата)' ~ *на дивéтто ден бáбăта Мијáл'ца ки зéва адно брúч и гу брúчăт (пýже úли пýжа)* [УЕ,29]; ~ *устáăве кóјнут ... уф áнут, испáжéе уф грáдут, флéве уф ăдúн дукáн (бибéрин) дă сă брúче* [ИГ,113]; ~ *р'éч'и сфáтут: "бúш'и óш'ч'и пóóстра, си брúч'ах таш'áциту си ускабú"* [MS,t,78]; **2.** изр. **тупен па не бричен** (= кога нечии започнати планови не се реализираат) [ТГ,145]; со исто значење: **измúјн нéцилúвăн** [ПК(Г)].

брúчка f 'нож за бричење, жилет' (го запишавме во дојранското село Патарос, додека во соседното село Фурка: *струг áлце*) [ПД,117].

брúше impf **1.** 'трие со крпа нешто за да биде суво' ~ *зăфăкáјќи уд-свéкурут и свикăрвăта, а нáпкум му-дáва аднá рúза, да си и брúшăт рăците* [УЕ,23]; **2.** 'поминува со крпа по нешто со цел да биде чисто, да собере прашина, капки и сл.' ~ *и а бришúла су кóсата ут глáва на нóзите* [MV,K,288]; ~ *а зéле сфетéнаја рúза Христосува шо си бришá* [MV, V,328]; **3.**'чисти облека со четка' [MS, s,10]; сп. **брш'и** (и: **брăш'и**)*.

бришимјан (и: **ибришимјан**) m 'свилен конец' [V,PM,363].

брúшка f **1.**'крпа за бришење' [КЕ,242]; **2.** ~ *крпа зă-мúјне сăдуве, нéкуј úвúкат* **мијáл'ка** [ПК,П,24]; **3.** 'шарена, украсена крпа' ~ *на којнут пу адна бришка уд двете страни* [УЕ,31];

бришка f 'кола (коњска), нова, дотерана (украсена) со која ја земаат невестата' ~ *за нивéстата ќи-спрéмеа дрýга кóла, брúшка му вúкаме ниа* [КЕ,258].

брúшкичка f, dem. 'крпче, шамивче' (: за *бришење*) [КЕ, 245].

бркал'ка f 'голема лажица' (сп. гл. *брке* = меша) [ТГ,168]. Fig. 'жена, што прави сплетки, т.е. ги раскарува *(рăзбăркуве)* комшиите' [ПК(Г)].

брливос f 'болест од која овцата само се врти и оди како луда, одделувајќи се од *бил'укот'*. *Брливата* овца се лекува на тој начин што úе се отсекуваат ушите до половина, или пак роговите ќе úе ги пробушат со некое тенко сврдле; или пак ќе úе расечат кожа меѓу роговите за да истече крв; народот верува дека со оваа крв ќе истече и *брливоста*. Ако ни-

ту еден од начините не помогне, тогаш таквата овца ја колат, само што главата не ја јадат; некои не го јадат само мозокот [ТГ,380].

брни капа f 'детска, машка игра со капа' [ТГ,325] (возможно од гл. *обрни* ?).

брод m **1.** 'плитко место низ кое најлесно се преминува преку река' ~ *хеј, мори, моме јубава / дробни камејне број немат / широко поле крај нема / длăбоко море брод нема* [ТГ,99]; и: **бро́т** (= плитко место, газилиште' [ПК, II,24]; **2.** 'голем пловен објект' ~ *сă-кăчу́ве нăбро́до, с-избе́гуве* [ПД,151].

брои (и: **брои́, броје, бро́о, броі**)* impf **1.** 'последователно ги реди (кажува) бројките за да стигне до одредена цел' ~ *"ко́лку вр'ăм'а и́ма ут туга́с?" т'а́ му вили́: "бро́і ги ро́гуве́ту! ко́лку ч'ата́л'а и́ма, то́лкус гуди́ни и́ма"* [MS,t,19]; ~ *дејна нока книга гледе / на пладнина азна броје* [ТГ,171]; **2.** 'вклучува нешто во одредена категорија ~ *виде́ на чешма́та да пи́ши едно́ пи́смо така́: "ко́ј не́ ки пи́і от та́ја во́да еди́н та́с, мăж не си бро́и, от же́на по-олча́к і е!"* '[V,PM.122]; ~ *зе́р и н'а: гă бро́і ш уф мо́мте* (= зарем и неа ја вклучуваш во девојките) [ПК(Г)]; **3.** 'дава пари со броење (пр. кога купува нешто)' ~ *и кога́ приближа́ вре́мето за да брои́ пари́те на кади́ата, десетина дни́ по-напре́т кини́са* [V,PM,19]; ~ *извади́ сто и педисе́те хил'ăди, ги брои́ на тел'а́по* [V,PM, 15]; **4.** изр.: **бро́јни уре́е сăмо́јте** (= имам уште малку од животот) ~ *шо́, не́ ки-живе́м ус-о́рăл'то, сă-зна́а, бро́јни уре́е сă-мо́јте, ми-сăгле́де кра́јта ду́рмин* [ПК,II, 154]; **де́сит дă-у́дриш, адни́н дă-бро́јш** [ПК,II,266].

бро́ј* m **1.** 'цифра, одредена бројна количина од нешто' ~ *"ми́ не́ о-зна́м, рăче́, бро́јо"* [ПД,145]; **2.** изр. **број нема** (= нешто во голема количина) ~ *хеј, мори моме, убава / дробни камејне број немат / широко поле крај нема* [ТГ,99].

бро́л m, bot 'трева од фамилијата на пирејот, расте високо до 1,5 м., има дебел, сочен, црвенкаст корен. Има членчиња како кај пирејот; стоката многу сака да ја јаде, но од неа се поддува, а може и да умре; називот го има во Гевгелиско [ТГ,382] и во околината на Дојранското Езеро [ПД,122]; кај бегалците од Кукушко запишавме **кајниш** [ПК(Г)].

броќ m, bot. 'вид трева што се користи за бојадисување преѓа во портокалова боја'. Заб.: во минатото се бојадисувало со билки – *каветузлија* (кафено) се *вапцувало* со лушпи од орев... а жолто-црвеникава нијанса се добивала од тревата **броќ** [ТГ,358]; и **брош** [ПГ(С)]; сп. **брол, блостур** (Verbascum) ?

брујници pl.tt. 'килибарни топчиња, наредени (и врзани) во круг на јаженце (околу 40 см.)' – ги држат в раце и со нив се забавуваат обично постарите и побогати луѓе' [ТГ,273].

бру́ле impf 'остри коса со специјален камен – **брус**' [ПГ (С)].

бру́мбилче n 'меур од дожд' ~ *куга лети́ дре́бан дăш и ста́ват бу́лки (бру́мбилчета) мно́го ста лити́* [ВС(Д),83].

бру́мка (и: **бру́нка**) f 'мозолче, мала раничка на кожата' [СК, 319]; ~ *изле́ват нă-мла́ѝте пу-ли́цто. Ивле́ват и са́мо ут-се́бе (ви́кăме оти сă-го́е, сă-го:), и а́к тă-пула́зе не́куѝ па́ѝк* [ПК,П,25]; сп. во Серско: **бр'у́нка** 'болен израсток на кожата со гној – мозолче' [ЛС(К)].

бру́нчини pl 'ситни брунки по телото на човек' [ДС(Ч)]; сп. **брут**.

бру́с m 'специјален камен за острење на косата' [ПГ(С)]; [ПК,П, 25].

брусе impf 'кога птица се движи (оди потскокнувајќи) по земјата' (пр. јаребица) [ТГ,387].

бру́си* impf **1.** 'бере овошје не со кинење туку со удирање, тресење' [MS,s,10]; со исто значење во Кукушко: **бру́ше** [СК,319]; ~ *чу́ке, субо́руве уд-дăрвуто јăбу́лки, кру́ши, сли́ви: висо́ко-ј, зе́ми а́јн пăрт, и́збруши-ј ти́а нă-висо́кто*; **2.** изр. **шо́ бру́шиш чу́зди кру́ши ти?** (- *шо́ не́ с-ја́а гле́јш тво́јта рабо́та?*) [ПК,П,25].

бру́т m 'ситни бронки по телото (обично) од големи горештини или нечистотија' [СК, 319]; ~ *се́ сă-нăпăлни́х бру́т ут-уси́л'то; ~ се́ бру́т стана́х ут-то́пăлто, пуд-бра́ата* [ПК, П,25]; 'ситни брунчиња, многу на едно место' [ТГ,108].

брăде́с adj 'неизбричен, човек со брада' [ПВ(К)].

брăка* impf **1.** 'бара' ~ *и с'е́дн-аха да ида́т; им'ăха то́ч'ину ('пи́та') и брăкаш'и сфа́т'ата иди́н но́ш'* [MSt,78]; ~ *да брăка кăшта с кириа* [V,PM. 165]; ~ *сă раз бу́жда мума́та, брăка ш'урбе́т' , да пи́ј, пути́ру пра́зин* [MS,t,21]; **2.** 'сака да купи' ~ *ут мрăва гуди́ни с'е́тн'а сă ла́ха да пруминé но́с туѝ'а́рин да брăка жи́вини* [MS,t,16]; **3.** 'настојува да земе, да му се даде' ~ *и́диш'и на полуви́нију пăнт', исл'а́ваш'и дјáвулу, му брăкаш'и во́да ... и му ја спи́ваш'и вуда́та* [MS,t,44]; ~ *уврејнут ... фати да брăка главата, и сăрцето и сплината* (од **кокошта**) [V,PM, 81]; ~ *ути́ди на бра́т-и́, му р'е́ч'и: "ми брăка идно́ о́ку"* [MS,t,51]; **4.** 'предлага' ~ *ут мăра вр'ăм'а дру́гата ца́рч'ина у страна́та му брăка мурабе́* [MS,t,86]; и: – **(са) 5.** 'се меша' ~ *јас сум урач, уф тија работи не са бркум* [ТГ,326]; ~ *ама, уд ка фатија да са бркат Грци и Бугаре, тија адете загинаја* [ТГ,207]; **6.** изр. **уф едно бурило ем ракија ем вино, и па не са бркат** (загатка што се среќава во Гевгелиско; зн. 'јајце') [ТГ,290].

брăкне (и: **бăркне**) pf **1.** 'си ја стави раката некаде (пр. в цеб, торба и сл.) за да побара нешто' ~ *сă-ѝ сира́ла ф-ко́шуфто и бига́ла... ка́ о́т сил'а́нто, тăка́ брăкнат: "у-у, пезеве́нк, ти́ ќи-нă-лăјш, ќи-си-игра́јш с-на́с"* [ПК,П,225]; и: **бркне*** ~ *да ми бркниш де уф та пазва / да искариш де ќемер, ќесе / ќемер ќесе де алтăнлија* [ТГ,95]; **2.** 'потопи нешто во течност'

~ *ним гă-бăрки тáа гнăсна вóда* [ПК(Г)]; **3.** – **(сă)** '(се) потопи пр. во вода' ~ *вéле: "Дăj-го ти пăрстино нă-мéне, ти вéле ки-сă-бăркниш у-вóота... ки-с-утпýштиш дă-фáтиш ри́ба, ко:-пýштиш нă-пăрстăно"* [ПК,II,264]; **4.** изр. **брăкни-извади** 'кога се постапува лошо со некого' (може и оправдано) [ПК(Г)].

брăм interj ~ *мýјте кá-м сă-збрáли пу-нéо: брăм, брăм* [ПК, II,233].

брăни́ца f 'житно, зрнесто растение' [ПГ(С)]; **брани́к** ~ *брани́к прусó...* [MS,s,10]..

брăс m 'млади гранчиња од даб (со лисје заедно)' ги редат на дрво и прават *лисник* - како храна за овците за зимно време [ПК,II,25]; сп. **брăсте али́с кóза** (= кине овошје од гранка и јаде, или: со апетит јаде зеленчук ~ *зéла áдна марýла, брăсте али́с кóза* [ПК,II,154].

брăтчет (и: **братуч'éнт, братовчед**) m 'дете, син од татков или мајкин брат или сестра' ~ *гу стритéме, а пá, áс мусум брăтчéт на тóă* [ПД,172]; ~ *и стáнах на-ýтринáта, имáх иди́н братуч'éнт туká, имáш'и дв'ă магáр'ąнта ... и ути́хми дур у Лагади́на* [MS,t,2]; ~ *сега правихме свадба нија на селото, сă женише един, братовчед мој от стрико, дете Георгие* [МС(В),92]; сп. уште: **бăрчéт** ~ *зą гулéмјут нишáн дујдéа ... дéвирут (брáт му) ... бăрчéдăвци* [ИГ, 116]; и: **бăрточéт** ~ *Пи́о бе, ел бăрточéт, тăká – тăká* [КЕ,282].

брăш'нал || **брăш'нил** m,bot., Hedera helix 'растение што се лози по ѕидовите, дрвјата и сл. и преку зимата останува зелено' [MS,s, 10].

бу-у interj 'шум што се создава при пукање на тешко артилериско оружје' ~ *бу-у, бу-у, тóпуфто прáват, бéгат Бугáрто, и óни бéгат с-нáс бăрбáр* [ПК,II,218].

буáлка f 'дрво како поголема дршка за секира' ~ *óна-ј кут-кóпăн, ус-н'áа бăркат ми́-бăрто шó-ј за răки́и* [ПК, II,25].

буарé n **1.** 'отвор во ѕидот над селско огниште'; и: **буáр** [КЕ,270]; **2.** во Серско (Драмско): **бухąрé (бо̣хąрă)** 'изѕидан, проширен долен дел од оџакот, нешто како камин [ВС(Д), 68]; така и во Гевгелиско [ТГ,190]; и кај [ИГ, 123].

буáс m 'теснина, клисура' [MS,s, 10].

бýбą мáрą f, zool. (Coccinella) 'инсект со црни точки на црвените крилца' (уште и викаат и **ли́т-мáра**) [ДС(Ч)].

буба f 'општ назив за инсект' ~ *лази. лази буба! / дек ки одиш на госте?* [ТГ,118].

буба f (= свилена буба) 'буба што се одгледува дома и од која се добива свила' ~ *буба што ки гу јаде да не и биде ни стрела ни будеж кужурци да праве куту кукушкови јајца* [ТГ,333]; ~ *ду три́те дéна ки-а-изрóиш бýпта ... бýбичкта ки стáне пу-гулéма* [БМ,201].

бубáјк m **1.** bot. Gossypium herbaceum 'индустриско растение, памук' ; ~ *ми шó рабóтăхме? – сéехме сéдби, тит'ýне, бубáјк* [ПК, II,248]; ~ *таа ги вăрsáла ф-пóдрумо и зăтнáла им ýште ус-бубáјк*

[ПК,П,228]; **2.** fig. 'мирен човек што ги избегнува конфликтите' ~ *óн ej кут-бубáјк, áма жéнта-ј нóго л'ýта* [ПК,П,25]; [СК,319]; во Серско: **бубáиќ** [ДС(Ч)]; во Воденско: **бубáјки** [BV,23]; во Гевгелиско **бубáќ*** ~ *она си јотиде на нова пазара / она си нусила ока ми бубаќа* [ТГ,98]; **3. бубáјк дă-нéмиш уф-ýште** (= да не си глув?) ~ *ти мăр бубáјк да нéмиш уф-ýште, дéсит пăти викнáх* [ПК,П,228].

бубáр m 'човек што одгледува свилена буба' [ПК,П,25].

бубáрник m 'вид јадење (од грав и ориз)' ~ *jáдне, сă-прáве ус-урúс и фасýл' рăзбăркно, сă-пéче* [ПК,П,25].

бубаќéрен adj 'нешто направено од памук, памучен' ; во Сол: **бамбаќéрна** (m, f) [MS, s,6]; ~ *ќи ти чúнăт тислúм рýăбта шо те-ị, ќи фăрл'е тáткото ичумéн и бубăќéрно сéме уф куфчéгут* [ИГ,114]; сп. ~ *бубаќéрни гáшти* [ПК (Г)].

бубаќерна дулама f 'надворешна машка облека, наполнета со памук меѓу поставата и лицето, а прошиена како што се *дроби* (вид шиење) јорган'. Се закопчува *сус купчијна* одозгора до долу [ТГ, 418].

бубаќов* adj 'нешто направено од **бубаќ** = памук' ~ невестата, кога ќе дојдат сватовите им фрла бонбони и *бубаќово* семе' [ТГ,175].

буби ранејне (или: **буби глидајне**) n ~ оваа важна стопанска дејност (одгледување на свилена буба) во југоисточната регија на Македонија има повеќе моменти (етапи): прво се почнува со изборот на семе зашто крајниот резултат – квалитетот и квантитетот на свилените *кожурци* во многу зависи од самото семе. Потоа следува *пилејнето*; подготовките за него почнуваат некаде околу 20 - 25 март. Прво се почнува со просториите. Подовите на сите соби се премачкуваат со тенок слој земја, ѕидовите се варосуваат, а *пардиите* (леси од трска) и останатата дрвенарија што се користи за правење *одри* се изнесуваат надвор на сонце. Натаму, вратите, прозорците и сите др-вени работи во собите ги мијат со врук оцет или со вода од гасена вар и раствор од модар камен. Накрај просториите и работите што ќе се користат се кадат со сумпор. *Пилејнето* се врши бавно и постепено. Просторијата се загрева постепено до 23 - 24 степени Целзиусови и на оваа температура семето се испилува. Во една кутија од 25 грама ќе се испилат 20 до 30 *мравници*, се хранат со ситно исечени лисја од црници. Постепено во одгледувањето на свилената буба се доаѓа до *гулемо лижајне* – тоа е четвртиот период од развојот и е потребно почесто разредување на бубата зашто таа веќе брзо расте и во просториите не смее да има висока температура (околу 20 степени). Петтиот или шестиот ден гасениците повторно легнуваат, т.е. ја менуваат обвивката. Сега е потребно многу често дотурање на храна зашто во овој

период гасениците ќе изедат три пати повеќе храна. Сега се ставаат цели гранки, а не само лисје. Во просториите се одржува голема хигиена, а *одрите* (креветите) каде што лежи свилената буба се чистат скоро секој втор ден. Осмиот ден бубите почуваат да јадат помалку, а деветтиот престануваат да јадат. Тогаш бубите веќе почнуваат да запредуваат, *да завијват* [ТГ,410].

бу́бичка* f, zool. dem. од 'буба' (= свилена буба) – специјален вид бубачка, ја има по долниот тек на реката Вардар, од неа се добива свила' ~ *бу́бички си-ра́наа, ба́шчички с-и́маа, е, та̄кви́ ра̄бо́ти* [ПК,II,248];

бубол'ка f, bot. 'шишарка од некој вид растение, се употребува за бојадисување коса кај девојките и жените'. Прво *бубол'ките* се печат во специјален земјен сад, потоа ќе ги истолчат со парче *милелце* (= графит) и сето тоа ќе се измеша со ракија; ќе се направи каша којашто се нанесува на косата [ТГ,137].

бубо́та f 'леб од пченкарно брашно' [MS,s,10]; ~ *(то́о-ј) миси́ркина пуга́ча ус-у́рда* [ПК, II,25].

бу́бр'а̣к m 'внатрешен орган кај човекот (и вишите животни) којшто служи за одделување на мочката' [MS,s,10]; [BS, 31]; и: **бу́бра̣к** [СК,319].

бубул'а́чка f **1.** 'бубачка, инсект'; **2.** fig.'мирен човек што ги избегнува расправите' ~ *то́о чуве́к куту бубул'а́чка би́ше, ни́кој не́ очу́ да̄-ви́кне, ни да са̄-нал'у́те* [ПК,II,25].

бубуне́син adj 'отечен во лицето' ~ *пудду́ї н ут-пи́ї не, и́л' уд не́каа бо́лис* [ПК,II,25].

бубута́вица f 'силен шум, пр. грмење' ~ *за̄буче́ не́што утго́ре, дујде́ а́дна бубута́вица* [ПК,II,248].

бубуџан m 'мала риба со голем мев, има "*л'уто месо*" ' [ТГ, 391].

бубу́ш'ка f 'јагне што боледува, не напредува' [ВС(Д),71].

бувки pl 'завивки за нозе, наместо чорапи' ~ *и на крај ца̄рни па̄пуци су ва̄лнени бувки* [УЕ,31].

Бугариево (и: **Бугариї во**) n 'име на село во Солунско' ~ *на мојто време немаше ца̄рква ни на Да̄рмица ни на Бугариево, само на Ватила̄к имаше, и човеците отиваха там* [МС(В),69]; ~ *тија Арнаути, некој 15 души, отидаха да приминат една вечар на Бугариї во, ама бугаричаните не са ги дали кунак* [МС(В),85].

Буга́рин m 'припадник на бугарска националност' ~ *Га̄рцте и Бу́га̄рто са̄-ришй́а̄, Ту́рција а-изгуни́а̄* [ПК,II,222]; ~ *ами тој владиката беше баш Бугарин* [МС(В),92]; ~ *ка́ пучна́а да̄-са̄-спре́ма̄т вујни́те: Буга́рто и Са̄рба̄то, Га̄рците да̄-са̄-би́т са̄с Ту́рцте и Ту́рцте зима́а су́мна* [ПК,II,217]; и: **ба̄лгарин*** 'припадник на бугарска националност' ~ *фати дјадото, а раздели на три дјала и му рече на ба̄лгаринот* [V, PM,180].

Бугаристан m, top. 'име на место во Солунско' ~ *кога устаре, отиде на Бугаристан и там, галиба, е ошти* [МС(В),72].

бугаричаниц* m 'жител на село Бугариево' ~ *тија Арнаути, некој 15 души, отидаха да приминат една вечар на Бугариево, ама бугаричаните не са ги дали кунак* [МС(В),85].

бугаричански adj 'нешто што се однесува на село **Бугариево**' ~ *напкун имаше неколко бугаричански коли, отидоха на Урумлук да товарат песок* [МС (В),85].

Бугáрја f 'име на соседна држава до Македонија' (на исток) ~ *сéга, дă-рéчме нéкуј фăтúл нăкăде Скóпе, нéкуј фăтúл нăкăде Бугáрја, дă-печáле пăрú* [ПД,146]; ~ *úмше аднá, гă-спăсúл нéкуј биќáр дă-н-гă-изгóрат, мăјкá-ј Туркúна бúше, ама нé-ј тýка, ф-Бугáрја-ј* [ПК,II,218]; во Солунско: **Булгарúја** ~ *са расбрăкаха мухараб'ăнта; Карáда, Ш'éрвија, Булгарúја и Елáда стáнаха и ч'итерт'ăх иднó* [MS,t,1]; сп. **Бăлгáрја** ~ *пуминáме и уддéме уф-Бăлгáрја, уф-сéло Кучарúнуво – Цéрман* [ПК,II, 261].

Бугарка f 'жена од бугарска националност' ~ *гу нусихме у дома и там псувиса... ка псувиса, ма фати жената му – ама та беше бугарка, потурчена – и ка видехме исап с иснафот, останах 30 лири борџија* [МС (В),83]; во Солунско: **Булгарúнка** [MS,s,11]

бугарски* adj 'она што се однесува на Бугарија' ~ *имаше училишти, ама това ки не беше бугарску* [К,ВС,69]; во Солунско: **бýлгáрски** [MS,s, 11]; сп. уште: **бăлгарски*** и: **бăлгарцки** ~ *кăдă нáс пишúн пумнáа бăлгăрскăта вујскá, Сóлун прáво вăрвăт* [ПК,II, 217].

бугасимно adj 'вид ткаенина' ~ *нăправно уд бугасимно платно* [УЕ,12].

бугáт* adj **1.** 'тој што има ниви, стока, пари и сл.' ~ *ај мóре брáтче Стујáне | как да сăм јáзе јýбава | бугáта кăшта на глáва* [ИГ,107]; ~ *вáјн си-купúле нúвичка, ýтре кóјнче, рáло и-тăкá пучнáле бугáти дă-сă-чинýвăт* [ПД, 152]; ~ *бугáтите уд-дилéку мужéле дă-сă-пýл'ăт пукýјќите шу бéа и уд нáдруф вăрусáни* [ДК, 154]; **2.** изр. *на бугата софра да седе, уф село да са слуше, што ки рече две да не му се праве, кумут да гу зарадуве и Госпут век да му даде* – пожелувања што се искажуваат кон малото дете кога го крштеваат [ТГ,116].

бугáташ m 'тој што има големи економски можности, пари и др.' [ПГ(Ф)].

бугáтичко adv, 'опр. на сиромашно (со повеќе можности)' ~ *пучнáле по-бугáтичко дă-сă-ублéчувăт, дă-сă-рáнăт* [ПД,152].

бугáцво m 'севкупност на материјални богатства' [ПГ(С)].

Бугдáнци top. (име на населено место) ~ *уф Стујáкăво прăкáжăвăт куту уф нáс (Мачуково). Уф Бугдáнци – пóинăк* [ИГ,120].

бýгла f 'голем неред дома и ангажираност при некаков настан (свадба и сл.)' [ПД, 117]; ~ *ки-мме áрмас уф-гулéма бýгла сме; ~ нóго сме разбýглини* (= зафатени) – *пăрскиме* (= варосуваме) [ПК(Г)] ~ *тá свáдба ни утвурú гулéма бýгла* [СК,319].

бугла́за f 'слатки работи, понада што се носи на родилка' [СК,319].

бугле impf 'се грижи, чува, чисти, надгледува' (мало дете, болен или немоќен старец) ~ кога има болен од болеста *баба шарка* кучињата треба да бидат врзани за да може "таа (болеста) да помине" и да го *бугле* болниот (да му помага) – според верувањето и обичајот во Гевгелиско [ТГ,123]; ~ *гу-бу́гл'ум, то́-ј гу-гле́дум, гу-чу́вум.* Сп.: *не́-си булни́к дӑ-тӑбу́гл'ат то́лко* [ПК,II,25]; [СК,319]; сп. уште: ~ *не мо́же д-испа́дне на во́нка, ста́рто трибу́ве до-бу́гле, бите́р уд-де́те* [ПК(Г)]; [ДС (Ч)]. Исто така: жената *го бугле* мажот [ТГ,275].

Бугро́јца f 'голем христијански празник поврзан со мајката божја Богородица ~ *тва́ биде́ нӑ-Бугро́јца ба́ш, нӑ-два́јс о́сми а́вгуст* [ПК,II,220]; и **Бугурди́ца** ~ *ја ви́д'ача мума́та, такфа́с ху́вава и ... сӑс то́лкус ху́вава ру́ба и си р'е́куха: "та́с-и сфита́ Бугурди́ца"* [MS, t,23].

бугуројчин (сребрин) појс m 'појас на св. Богородица' – тоа е сребрен појас, сопственост на црквата во Гевгелија; на празникот Света Богородица болезливите деца ги провлекваат низ овој (*Бугуројчин појс)* за да бидат здрави. Во провлекувањето носат со себе и дрво калинка [ТГ,75].

бугуро́јчин ме́сиц m 'месец август (септември)' [КЕ,248]. Заб.: иако се употребува и зборот 'месец', сепак називот **бугуро́јчин,** а и другите називи на месеци повеќе се однесуваат на одреден период околу празникот без строга фиксираност на почетокот односно крајот. Во Гевгелиско се употребува само атрибутивниот дел од синтагмата **бугуројчин**, го викаат уште и **груздубер** [ТГ,7].

бугуројчин пос m 'пости пред празникот Богородица; овие пости се третираат за многу сериозни и верниците строго ги почитуваат. Постот трае 15 дена и затоа го викаат, освен *бигуројчин пос,* уште и **две нидели**' [ТГ, 16]. Во Кукушко е во употреба и образувањето **бугуро́јчки по́с** ~ *ут ка́ бига́ме, ре́ч-си то́ по́сто гу-јзвӑрве́ме, бугуро́јчко по́с* [ПК, II,252].

Бугуро́чка Кури́а f 'пошумен рид во регијата на село Стојаково накај с. Богородица' [ПГ(С)].

бугъси́а f 'материјал за постава на палто' [СК,320]; во Ениџевардарско: **букъси́а** ~ *цървена букъси́а и ленцки црвени ри́зи су кинијна визани наоколу* [УЕ,9].

будала́ adj **1.** 'неразбран, непромислен' ~ *и што му веле тенка Малишовка јубава: / "оди сус здраве, амак будала биз пушка!"* [ТГ,156]; **2.** 'оној што не е итар и што не се противставува на нечии лоши постапки' ~ *ка отвори, Ѓурѓа му кажа: "а бе ти, многу будала си бил, бе Сраулци, 9-10 години да робуваш на мојот брат!"* [МС(В),95]; ~ *а будала́ нив'ӑсту, афу́ ни фарли́х на бӑнч'фата, м'а ни уста́ј* [MS,t, 68]; **3.** 'глупав' ~ *"м'а-и стра́х да ми-ха ни*

е́змити!" "ама́ будала́ ... пампо́р' пӑлин и́мами" [MS, t,86]; ~ *"н'ӑ-сӑ ја́с кӑту́ ва́м будала́ да фа́там н'е́с, ш'у хо́д'ӑт пу зим'а́та"* [MS,t, 75]; и: **будала́** ~ *ричел: "ми сӑ-о́де пу-ну́жда". "А, бе будала́ ки-нӑ-исте́пат, ки-нӑ-ви́ӑт ту́ка"* [ПК,II,346].

будалла́к* m 'неразумен чин' ~ *ти́ нӑпрӑви́ ади́н будалла́к, Ва́но!* [СК,320]; ~ *уд-н'о са́мо будалла́ци мо́јш дӑ-чу́јш* (= од него само глупости можеш да слушнеш) [ПК(Г)]; **будала́к** ~ *гуле́м будала́к нӑпрӑви́* [ПК,II,25]; и **будла́к** 'будалаштина' ~ *а́рӑн будла́к стӑ нӑпрӑви́ле, тӑ ка́к ки-би́де ки-ви́јме...* [ПК(Г)].

будала́с* adj 'неразумен, будалетинка' ~ *"даш'о́ пра́зин и́даш'?!" "ш'о́ ка́зува́ти вӑј, будала́сти!" – изва́д'ал ут ц'ибо́т три́т'ӑ пи́лц'а́* [MS, t,75]; и: **будале́с** 'наивен, простодушен' ~ *и кӑ но́сӑт прӑт ку́мут, ки-м сӑ зӑкла́јне три́ пӑта (Бо́же, шо́ бӑа будале́сти!)* [ИГ,114].

буде́ impf **1.** 'удира со роговите, боде (овен, вол и сл.)' [MS,s,10]; **2.** 'притиска со нешто остро како со игла, боде' ~ *хо́ждат лам'ӑта сӑс гур'ӑна ш'и́ш'уви и гу буда́т* [MS,t,75].

будеж m **1.** 'силни болови на одредено место (обично во пределот на градите)', ги лекуваат со ставање *синап*, или врука цигла, а некои ставаат и *сѐрава* (= непрана волна) [ТГ, 228]; **2.** "божји бодеж" – божја казна ~ *буба што ки гу јаде да не и биде ни стрела ни будеж* [ТГ,333]; **3. бо́диш** 'артерија' (голема жила) ~ *бо́диш тапт'е́* (= чука, пулсира); ~ *бо́диш' м'ӑ були́* (= ме боли жилата) [MS,s,9]. Првото значење 'болка' освен во Гевгелиско го констатиравме и во други југоисточни говори (пр. серскиот): **буде́ш** 'остра болка во градите, грбот' [ДС(Ч)]; така и во кукушкиот [ПК(Г)]; **4.** изр. **стрела и будеж да та сврше** – клетва (мајката така го колне непослушното дете; сп. **стрела** (божја) = гром) [ТГ,122].

буди́л'кӑ f 'дел од приборот за јадење, виљушка' [ВС(Д),60].

буди́ло n 'велосипед' ~ *о́н е́ј ус-две́ тӑрка́ли́на, то́-ј фре́нцко тӑрка́ло* [ПК,II,25].

будимски adj 'нешто што се однесува на Будим' ~ *там се берат будимските моми / млади моми и млади ергејне* [ТГ,199]. Заб.: градот Будим често се споменува во народната поезија од Долновардарско.

будина́рка f 'метла од избрани гранчиња за метење двор, гумно и сл.' [СК,320].

буди́нке impf 'трча, е во постојано движење' ~ *то́о де́те це́л де́н ва́дӑн буди́нке, не́каа ма́ка и́ма зе́р* [ПК,II,25].

буди́уник m 'домашен часовник, со навиткување s вони во одредено време' [ПВ(К)].

будле́ n 'горниот дел од вретеното на воденицата, влегува во *прплицата* (заглавено железо во горниот камен) и го врти каменот' [ПК,II,25].

будна́ч' (и: **будна́ш'**) adv 'никогаш' [ВС(Д),62]; сп. *боеднач ни сја пред слӑнце омили* (= никогаш се немаат измиено пред изгрев сонце) [V,PM, 284].

бу́дро n 'многу ситен, мирислив прав со блага нијанса на розе боја, жените го користат за козметички цели – пудра' ~ *са́а бу́дрото не би́ло на̄ мо́да* [СК,320]; од Гевгелиско е примерот: 'меѓу подароците на *армасницата* (вереницата) и даваат и *будро* (пудра)' [ТГ,154]; во Солунско е запишана формата **бу́дра** [MS, s,11].

будру́м m 'помошна просторија под куќата, визба' ~ *ути́ди у Кири́т...и та́м ги нака́ра ца́р'у, сто́р'аха иди́н будру́м лави́ринту* [MSt,58]; ~ *"деме́к ти такфо́с ч'ув'а̄к си бил; ско́ру викн'а̄ти гу то́с ч'ув'а̄к ... да у будру́м'у да гу затфо́рити!"* [MSt,18]; ~ *да гу закол'а пра́синто, што имами на будрумо* [V,PM, 193]; [BS,31].

Буду́рка f, top. 'име на ниви' – по прекарот *Бодурко* (с. Кој-нцко, Гевгелиско) [ПГ(К)].

Бужана f 1.'ж л. име во Гевгелиско' ~ *Бужано, моме Буже ано / Бог да јубије татко ти! / што си прудаде чифлику́т* [ТГ,92]; ~ *викна Буже ана да плаке: / ој леле, Боже, ду Бога! / дека се чуло – видело / стар дедо мома да земе* [ТГ,92]; **2.** 'име на крава' (сп. *Бог*) [ТГ,374].

бужа́нка f, bot. Papaver 'трева со црвени цветови, не мирисат убаво – божуриг а' [ПГ(К)].

бужа́таре́чи f 'црквениот обред вечерта на празникот Вели петок' (пред Велигден) [СК, 320].

бужи́к кра́ва f, zool. 'скакулец зелен'; в. **ци́н'цур** [MS,s,12].

бужила̄к m 'разнобоен појас што се јавува летно време на небето кога врне слаб дожд и сончевата светлост се прекршува низ капките' [ПВ(К)].

Бужи́к m 'голем христијански празник кога се слави раѓањето на Исус Христос'. Спроти *Бужа́к* многу малку се спие, толку *колко да му падне да са прачесте*. Навечер слават *Ба̄дник*, наутро рано стануваат, само што склопиле очи. Прв станува домаќинот и го кренува *палишникут* (ралникот), којшто се остава таа ноќ да "преспие" покрај огништето, на *пизул'ут*. Од врвот на *палишникут* го истава колачето – *караконцул* и го остава во *лајчарникут*, каде што ќе се чува до идниот Божиќ. Овој колач подоцна се употребува за лек. Потоа мајката ги буди децата со зборовите: *"ајде стани, сино! Дедо Бужа́к дујде. Ајде, уф цркви ки јодме, да гу видме, да на прачесте"*. Откако ќе се измијат се облекуваат во нови или барем *стујални* алишта (оние што не се употребуваат секојдневно) и одат в црква. За тоа време камбаната непрестано чука и луѓето брзаат да стигнат додека уште не се прочитани "Евангелието" и "Апостолот". За сето време додека попот чита во црквата владее потполна тишина. Мажите се одвоени од жените коишто стојат во "женската црква" – одделена со решетки. Секое семејство во црквата има и свој *стол за стујајне*. Тој стол е купен уште кога се правела црквата и никој друг не смее да го зафати; тој припаѓа на најстариот член во семејството. Кога ќе заврши литургијата почнува приче-

сната. *Нафурата* се става на *пангарут* (= маса каде што се продаваат свеќите), па откако се причестат верниците си земаат *нафура ут пангарут.* Прво се причестуваат мажите, а потоа жените и децата. Сите земаат причесна освен младоженците (до една година тие се сметаат за грешни и нечисти). Покрај попот, со свеќа в рака стои клисарот, а во другата рака држи сад и секој што ќе се причести во садот остава по еден *металик* (= ситна монета). Секое село си има своја црква и веднаш по причесната сите верници си одат дома, да каснат нешто, бидејќи по причесната не смее да се биде гладен. Децата што зеле причесна не смеат да се тепаат, а исто така не смеат да плукаат. Особено се внимава да не му потече крв од нос или од уста на верникот што се причестил. Тоа се третира за голем грев. Ако сепак некој случајно плукне, тогаш местото каде што плукнал се изгребува и земјата се фрла в бунар или река – каде што човечка нога нема да згазне. Поради тоа сите настојуваат по причесната малце да легнат и дури откако ќе поспијат сите (од куќата) се собираат и заедно ручат на *трпезата (софрата),* што е поставена уште од синоќа. Поради претходното (долго) постење верниците внимаваат да не се прејадат. Сите три дни се поздравуваат со: *"Ристос са роди"* и *"За ного години!"* Првиот ден никој никаде не оди, освен што зетот доаѓа кај дедото (сам) да му честита *Бужаќ,* а вториот ден доаѓа на ручек заедно со невестата. Попладне одат *на сред-село, на-саир.* Прво играат момците, а потоа гајдаџијата свира *женски ора,* па играат и девојките. Момците играат засебно, девојките засебно. Оние игри (ора) што ги играат момците девојките не можат да ги играат зашто *мăшкото оро* се игра сосема поинаку. Момците скокаат, чучнуваат, удираат на колената и изведуваат различни движења со нозете и телото. Девојките играат повеќе тивко, влечејќи ги нозете *напред – назад,* еднаш *дробно-дробно* (со ситни забрзани чекори) одат напред, а втор пат со тешки чекори назад. Девојките во орото се редат по години на старост и ниту една не смее да го промени своето место, освен ако игра многу убаво, па постарите ќе ѝ допуштат да одигра две-три ора напред, да биде *танчарка.* Кога машките играат, *танчарот* в рака држи марамче и со него замавнува и движењата стануваат појаки и поотсечни; сп. *"кога ме гледат* (девојките) *как играјум, чак и зăби ме разјадуват, и тоги ми са чинуве оти летум!"* И женските *танчарки* држат марамчиња, но не мавтаат со нив, туку ја држат раката испружена покрај колкот. Момците при играњето довикнуваат, а девојките не. Кога орото ќе заврши (*ќе се расипе*), сите се враќаат дома [ТГ,86-88]. За *дедо Бужаќ* родителите на децата им купуваат пода-

роци, доколку пак не се во можност тогаш ги смируваат со следниве зборови ~ *е, дедо Бужи́к е вушлив, и сус веткичко можаш да си пуминиш* [ТГ,85]. Пред празникот *Бужи́к* се прави чест и на мртвите – *мӑртвин пра́вӑт спурти Митро́вдин, спурти зӑпусте́јне зӑ Бужи́к, спурти зӑпусте́јне (вили́ко) и спурти Питро́вдин* [ИГ,118].

бужи́ков пос m 'одреден период пред раѓањето Христово, пред Божи́к'. кога верниците не јадат мрсно'. Овој пост трае 6 недели, но не е толку строг како велигденскиот, преку целиот пост се јаде зејтин, освен во средите и во петоците' [ТГ,17].

бу́за f **1.** 'месниот преден дел на устата – усна' [KE,272]; **2.** 'страна на лице, образ, испупчениот дел, јаболкце' ~ *ми ба́кна рӑнка́та, бузáта* (= ми ја бакна раката, образот) [MS,s,5]; ~ *евва́ нӑ-де́тто бу́зичките му-сӑ-цӑрве́ни, зе́р и́ма о́гин* [ПК,II,25]; ~ *убрӑзи́нта и бу́за, и убрӑзи́на* (ги викаме) [ПК,II,238]; и: **бу́s а** 'лице' (страна) ~ *сӑс бу́s ат'ӑ ч'арве́на* [MS,s,11].

бу́здра f 'слабо месо, без мрснина, со ситни мускули како конци' [СК,320].

бузду́гáна (и: **бузду́вана**) f (m) 'старо оружје' (метална топка со боцки, има дршка) ~ *то́с ч'ув'ӑк, усиндис'е́т о́ки идна́ ч'ӑш'ка ви́ну пи́јаш'и и сто́ о́ки идна́ бузду́гáна но́сиш'и* [MS,t,38]; [MS,s,12]; [BV, 31]; ~ *јоште лафут не дуриче, Попово Јуванче / си пудигна Арапина тешка бузду́вана* [ТГ,41].

бузина́ f 'голема дупка, скоро колку една мала куќа во која се чува мраз' ~ *газо́зӑ-ци́ите уф-гуле́ма, дӑлбо́ка ду́пка зби́рат бу́с, ле́т, то́-ј бузина́.* Сп. уште: *уда́та-ј али́с бузина́* (= многу е студено во собата) [ПК,II, 25]; ~ *сиднало лудо на мијани / на мијани лудо крај бузани / Бога моле лудо су се срце* [ТГ,51].

бузи́нкӑ f, dem. од *бузa* (= образ) [BC(Д),67].

бузук m 'музички инструмент, вид голема мандолина' [BV, 33].

бујá (и: **бојá**)* f 'материја што се става на површината на предмет за да добие нова обоеност'; сп. ~ *бујá ут папу́ца* (= боја за чевли) [MS, s,11]. Во примеров среќаваме проширена употреба на предлогот 'од' (*ут*) наместо 'за'. Види за ова во граматичкиот дел. Сп. уште: ~ *такви папуци да ми направиш што са мажат буја* [ТГ,134]; ~ *најде́ та́мо четири́јси кубили; една́ бе́ла, дру́га черве́на, дру́га жӑлта, дру́га цӑрна – се́која сос дру́га бојá бе́ха* [V,PM.123]; сп. **си клаве буја** (= си ја бојадисува косата). Во Гевгелиско има обичај во петок навечер пред свадбата во куќата на невестата женскиот свет да *си клаве буја,* ако нема доволно боја за косата, тогаш мора барем веќите да се бојадисаат. Всушност бојадисаната коса е знак по кој се распознава женскиот свет што учествувал на споменатава веселба [ТГ,167].

бујанка f 'вид трева што бојадисува; во минатото се боја-

дисувало со билки – *жалто са вапцувало* со цветот на *жалта млечка* или со тревата **бујанка,** која што расте во полето' [ТГ,358].

бујаџ'ија m **1.** 'молер што бојадисува домови' – во Солунско [MS,s,11]; **2.** 'мајстор што бојадисува преѓа' – во други југоисточни говори.

бујлиа 'човек со висок раст' [ПК(Г)].

бујндрук (и: **бујндрук, бујундрук, бондрик**) m 'дрвена направа за впрегнување на рогат добиток, јарем' ~ *на еди́н бо́ндрик са пригну́ват два́ во́ла* [СК,319]; ~ *о́н е́ј да́рвин, и́ма на-не́го шти́ри же́гли. Уф-не́го са-приги́нат вало́фто, и́ма две́ пули́ци* [ПК,П,25]; ~ *за по́да на ни́вата, за ра́стува́р'а ура́луту, за ве́зма бујундру́кут, за кла́да на о́луве́ту* [MS,t,65].

бу́јрум indecl. 'турски израз за покануање' (повели, повелете – земете, седнете и сл.) [BS, 31].

бујурди́суве* impf 'заповеда, командува' [СК,320].

бујурци́а m 'заповедник, власник, одговорен' [СК,320].

бујди́лница 'работилница каде што се бојадисува текстил (најмногу преѓа)' [ПК(Г)].

бук m, bot. Fagus 'шумско растение, старата форма за дрвото бука' ~ *з'е́ мра́ва мл'а́кци и гу прифта́са гура́та на затфа́ран'ету, му гу ску́мна дизги́н'у; ц си до́јди удо́л иди́н бу́к* [MS, s,11].

бука* f 'издлабено дрво, поставено косо, по него водата брзо паѓа од јазот, удира и го врти чаргот, а потоа вртењето се пренесува на воденичниот камен' ~ *дујду́ве дутара́кут – ти́а-са наре́дани па́рчки којшо за́дар́жува́т да не фле́зе уф-бу́ката ѓу́бре, гра́нки, не́ко: дру́го не́што* [ПД,171]; ~ *бу́ката до́лу те́сна-ј, та: са-ви́ка пујра́* [ПД,171].

бу́ка* f, bot. Fagus 'шумско растение, расте високо – бука' ~ *буката беши за чудо дибела един кајамет* [V,PM,83]; ~ *по́ на́ ју́к па́ Аса́рско По́ле – гуле́м рит, да́бува, бу́ки* [ПК, П,247]; ~ *на па́т'у најде еди́н јунак, на гората букити га свиши* [V,PM,43]; сп. **бук** (заб. за множинската форма *буки* не може со сигурност да се каже дали е од **бук** или од **бука**).

бу́ка (са) impf 'кога свињата се оплодува'; називот го запишавме во Воденско, покрај: **са-на́ра** [ПВ(К)].

букагии pl.tt. 'железни алки со кои се заклучуваат предните нозе на коњ за да не може брзо да се движи, а тоа исто значи да не можат да го украдат' [ТГ,431]; во Кукушко: **бука́и** pl.tt.**1.** 'железна сопка за коњ' [СК,320]; **2.** 'железа, пранги на нозете' ~ *ци́ле́за на-но́ј сто, са-турува́ли уф-за́твурто* [ПК,П, 25].

бука́л m 'стаклен сад со широко грло, со капаче' [BV,32].

бу́кла f 'сад за носење вода в поле' [MS,s,11]; 'дрвен сад' [ЛС(К)].

бу́кле n 'голем дрвен сад' ~ *ут ста́ро зна́јме, Вла́сте и́ма, о́ни букли́на, едно́-ј бу́кле, а но́го букли́на* [ПД,120].

букли́а f 'дрвен сад' ~ *о́на-ј да́рва́на, збу́ре ко́лку две́ ки́ла, пло́ска-ј. Има две́ чипчи́на, адно́то-ј да-са-пра́це́де, адно́то-ј за́ткичка, да-са-изди́ше,*

дă-мо́ј ш дă-пи́ј ш. Во́ота и́ч не́ сă-то́пле уф-та́а [ПК,II, 25].

бу́клич'ка f (dem. од **бу́кла**) 'сад за носење вода' [MS,s,11].

букли́ца f 'сад за вино' [BV,32].

бу́кло n 'широк дрвен сад за млеко, ведро' [ПВ(К)].

буклу́к m 'остатоци (плева, каменчиња и сл.) во решетото кога се чисти жито' [ДС(Ч)], [ПК,II,25].

бу́кне pf 'се засили – најчесто за огин' ~ *ка́-ј букна́л о́гино* (= гори силно); ~ *ка́-ј букна́л пуро́јо* (= надошла силна вода во поројот); fig. *ка́-ј букна́ла ра́нта* (= раната се зацрвила и гнои) [ПК,II,25].

буковски пиперки pl 'вид лути пиперки, ги ставаат во комињето за да биде ракијата лута [ТГ,355].

букосвиец m 'силен човек, што може дури и буката да ја свитка' ~ *така си фатиха таму: ниту лалата остана, ниту букосвиец... ниту морисмрăкнец, ниту бăрзоходец – фрет един на друг са утепаха* [V,PM,47]; ~ *от јунаците сос авциолиа стана букосвиец, ги фати падарите, сакаши да ги свие кату важета* [V,PM.45].

буктини́ца (**буктăни́ца**) f 'удар со свиткана рака, тупаница' [ПГ(С)]; (и: **јумру́к**) [ПД, 115].

букув* adj 'нешто што се однесува на бука (дрво)' ~ *тамо они век да си викуват / пустил'ачут – кујун детелина / изглавито – црквишно ми цвеќе / пукривачут два листа букуви* [ТГ,51].

букуре́ш' adj, indecl. 'расипан, неморален' ~ *букуре́ш' ра́бута, букуре́ш' с'е́лу* [MS,s,11].

бу́ла f **1.** 'жена муслиманка' [V, PM,363]; ~ *це́л де́н зăтво́рна кут-бу́ла* (= преку цел ден седи дома како муслиманка); **2.** bot. Papaver rhoeas (божурига) 'див мак, има убави црвени цветови (божурига)' [СК,320]; ~ *ти́а цăрве́нте, гуле́ми ки́тки шо́-ј и́ма пу-по́лиштта, сă-ви́кат* **бу́ли,** *не́кој па ин-ви́кат* **бу́лки, бу́лички** [ПК,II,25]; така во Серско е регистрирана формата **бу́л'ка** [ДС (Ч)]; **3.** сп. уште: ~ *и о́н сно́шти нă-ка́ртте уф-бу́ла би́л* (= и тој синоќа на коцка (со карти) изгубил пари).

була́јки (и: **булаки**) 'изразува желба – да даде Господ' ~ *тога́с ма́јка и́ ное по-у́мна, фа́ти ра́ци да кра́ши и да ве́ли: "ва́рај, ке́рку, това е за ло́шу, ама була́ким на детето да не́ си чи́ни ни́шту!"* [V,PM, 31]; ~ *була́јки Ри́сто дă си до́е ва́ ве́чăр* [СК,320]. Многу често се јавува во клетви: *дă-пу́кне була́ки, то́о шо́-мјо-нăпрăви́ – то́о зијăнла́к* [ПК, II,26]; ~ *була́ки (да да́де Го́спот) дă не́ сă вăрне ду до́ма* – клетва [ИГ, 124].

бу́ле (сă) impf 'си ја завиткува главата, си го покрива лицето (со крпа)' [ПК(Г)].

булизли́ја adj 'човек што често се поболува, нежен со здравјето' [КЕ,274].

були́ќ m 'чувство на бол' [ВС(Д), 67].

булишти́на f 'болест, болка' ~ *ка́-м сă-здăде́ адна булишти́на, гла́ва нă-мо́ш дă-ди́гнум* (= се поболев и не можам да се излекувам) [ПК (Г)].

булгу́р m 'варена пченица со мед' [MS,s,11].

бу́лка f 'меур од дожд' ~ *кугá лети́ дре́бан дăш и стáват бу́лки, мно́го ста лити́* [ВС (Д),83].

буллу́к (и: **булу́к**) adv 'премногу, изобилство (од нешто)' [ВК,32]; пр. род на овошно дрво [СК,320]; в. **болнук**.

булмацá f 'болест во грлото на малите деца' ~ *бо́лис, мăле́чките, биби́нта гă-прáват. Имат но́го бăлгáме* (= шлајм), *нă-мо́ш дă-і̯-испл'у́т и зă-то́о бáпте ус-прăс имги-вáдат, им-три́ит нă-грăпчето, на пле́шкички́те им-изле́зе куту цăрни бо́цкички. То́-ј ут-сту́т, áк изма́рзне мале́чкуто о́ш кá ци́це, кá-ј три́-шти́ри, ду-ше́с ме́хци. Уд-н'áа но́го уми́рат биби́нта* [ПК,II,26].

булни́к m 'болесник' ~ *шо́ прáве булни́ко?* (како е болесникот?). *Шо́ бе́ булни́к, о́ш-ли ки-ле́і̯ш ти́ ту́ка?* (= до кога ќе лежиш, ајде станувај) [ПК,II,26].

булникав* adj 'оној што често се поболува' ~ *лудо си зимах / се пугудило, мале / се булникаво, мале* [ТГ,141]; во Солунско: **булни́ч'аф || булни́ч'уф** [MS, s,11].

Булувáн (?) m, top. 'име на село во Кукушко' ~ *кăзăндули́ј би́ле до́бри, а Булувáн нăце́ло гу-уништи́ле, знáчи мăшко, же́нско, де́ца* [ПД,175].

булукбашиа m 'офицер во турската војска, командир на одред' [V,PM,363].

булу́шка f 'поголема чаша од чинго, вид бокал' [ПГ(Ф)].

булăмáч m 'невкусно јадење, лошо приготвено' [СК,320]; **2.** fig. 'нешто неуредно' *стăнáло али́с алмáч-булмáч* [ПК (Г)].

бул'áва f 'болка' ~ *áпут ки-т-јá сти́ше бул'áфта, сáмо сáке да-зуути́се мáлко вре́ме* [ПК, II,26].

бул'дени́к m 'вид пита со тиква' [ВС(Д),69].

бу́м interj 'шум што се создава при пукање на пушка' ~ *лувци́ј и́ат удsăде... тáа кá ри́пне дă-бе́ге и ти́ă пуне́ă: бу́м, бу́м* [ПК,II,226].

бу́мбар* m **1.** 'тврдокрилен инсект, кога лета создава шум' ~ *и́де áјн бу́мбăр: "шо́ плáчиш ку́ма ле́со?"* [ПК,II, 233]; **2.** 'машка пчела, онаа што не собира мед' ~ *бу́мбăре ги ви́куме ти: шо не́ но́сăт мет, не́го нă гуто́во сă-рáнăт* [ПД,124]; **3.** 'инсект што ги напаѓа говедата, штркел, бумбар' [MS,s,11]; **4.** 'свилена буба што се разболела и нема да направи свила' ~ *бу́мбар о-ви́кме и рăси́пин'оо финáк – кужу́рк, шо́-ј такóф бумбаре́с, надýі̯н, не́ о-би́ве, не́ дáве купри́на* [ПК,II,25].

бу́мбар лајнáр m ~ *о́н е́ј цăрăн, вáле то́пчта уд-лáјна* [ПК,II, 25].

бу́мбар мáјски m 'вид бумбар' ~ *испáѓе уф-мáј ме́сиц* [ПК,II, 26].

бу́мбарче n, dem. ~ *дујде́ла не́ка: би́вул'ца, уд-гуве́та, гу-јзе́де, у-се́ бу́мбарче фасу́л'о, гу-јзлапáла* [ПК,II,234].

бумбе́ n **1.** 'предниот дел од кондурите' ~ *бумбе́ нă-папу́цто;* **2.** ~ *то́о висóкто нăшиши́ро: пуле́ка да-не́-м-се́дниш нă-шиши́ро, ќ-о-смáчкиш бумбе́то* [ПК,II,26].

бумбу́л m 'црвен, вжештен "јазик" од разгорен оган – пламен' [ВС(Д),68].

бумка́ло n 'оној што досадува со давање забелешки и непрестано се лути' ~ *це́л де́н гувóре кут-бумка́ло. Са́мо бу́мке, не́ гле́де ни́кој, не́ слу́ше, ни́ на-акăл не́ нă-кла́ве* [ПК,II,26].

бу́мке* impf 'непрестано се лути, гласно возразува' [СК, 320].

бу́н m **1.** 'ниска грмушка' ~ *и́ма а́дни тре́ви стану́ват це́л бу́н, сă-рашúрат, зафа́штат це́л бăрло́к* [ПК,II,25]; **2.** 'заграб (китка) трева' ~ *два бу́на тр'ăва* || *два бу́нуви тр'ăва* [MS,s,11]; **3.** сп. **набу́н** 'заедно' ~ *Пе́три изва́ди идно́ ице́ ут ц'ибо́т, гу ст'е́гна ице́ту сăс ка́минут на-бу́н и пу́сна о́да* [MS,t,75].

буна́р (и: **буна́р'**) m **1.** 'поток' [MS,s,11]; **2.** 'длабок извор, со сидан со камења од кој водата не истекува' ~ *фа́т'а-ха да брăкат, д'е и́ма о́да; на́јха сад'е́ иди́н буна́р* [MS,t, 86]; ~ *с'ад'ăха ш'и́ч'кит'а куми́ш'јки о́кул буна́р'у, принд'ăха сăс фу́ркит'а* [MS,t,61]; ~ *хе́м пра́ве оти́де кату дома́шин чове́к на по́пови двóри, застоја́ при буна́ру* [V, PM,106].

Буна́рут m, top. 'место во с. Војнцко, Гевгелиско во кое пролетта и есента се задржува вода' [ПГ(Ф)].

буна́рски* adj 'она што стои во врска со називот бунар' ~ *по́нăдо́лу тăка́ ма́лко и́мше, кăде ју́к, тăва́ сă-ви́кше Ци́вит-буна́рско По́ле* [ПК,II,247].

буна́рче n, dem. ~ *а пă и́мше и Кла́јнци – вудни́ште, буна́рче тăкво́, кăјна́че, сă-цăрпе во́да уд-них* [ПК,II,216]; ~ *Ва́лта – во́дно ме́сто, ре́ка, и́мше и буна́рчета* [ПК,II,222].

бу́не (и: **бу́:не**) pf 'удри' ~ *адна буфтăни́ца ми-дде́ (ма бу:на́), та́м не́где..., Ако-ј бу́:нин, гу-бутуриса́л, ако гу-удри́л ус-јумру́ко, у́дрăн е то:* [ПК,II, 238].

буне́ла (и: **бун'е́ла**) f 'метална направа со која се помагаме при јадење месо и сл. – дел од приборот, виљушка' [СК, 320]; [КЕ,252]; ~ *по́ра́но нима́ло буне́ли, ме́:сто о-кина́ли ус-рăцто* [ПК(Г)]; во **Солунско бун'е́ла** [MS,s,11].

буни́ло (и: **буне́ла**) n 'дел од приборот за јадење, виљушка' [ВС(Д),68].

бу́нин (и: **бу́:нин**) adj 'удрен, турнат со удар ' ~ *адна буфтăни́ца ми-дде́, та́м не́где..., Ако-ј бу́:нин, гу-бутуриса́л, ако гу-удри́л ус-јумру́ко, у́дрăн е то:* [ПК,II,238].

буни́шти (и: **буни́ште**) n 'место во дворот каде што се фрла ѓубрето, пепелта и сл. – ѓубриште' [СК,320]; ~ *фа́шкăт, гу вăрзу́văт, му-ј изка́рăвăт о́чте. Гу фăрл'ăт нă буни́штто* [ИГ,114]; ~ *пубуни́штта сум-бра́ла вăлничка ут кăдăјнте шо шутка́ли* [ПК,II, 252]; ~ *си ја пруда́ди кăш'тата на н'е́гу и т'а́ си сто́ри ина́ кули́ва на буни́ш'титу и та́м си живо́ваш'и* [MS,s,11]; во Серско и Солунско: **буни́ш'ти** [ЛС(К)]; во Гевгелиско постои верување според кое од ново исткаеното платно треба еден аршин да се отсече и да се фрли на **буни́штто**, т.е. да им се подари на самовилите (да ги одоброволи) [ТГ,363].

бу́ра f 'силно дотечена вода од дожд' [ПВ(К)].

бура́ве (ми сӑ)* impf 'ми се лоши' ~ *ут то́ ја́дӑне ми сӑ-збурӑви́ – ак те́-ј ло́шо* [ПД, 115].

буречкӑ f 'борба' [МЕ(Р),170].

бурда f **1.**'конопна вреќа, купечка'; **2.**'скутник направен од вреќа, го носат работниците при работа со тутун' [MS,s, 12].

бури́а (и: **бори́ја**) f **1.** 'труба војничка' [BV,30]; ~ *чу́ ли, бури́ита сви́ре зӑ-рӑчо́к*; **2.** 'цевка' ~ *сӑ-скӑрши́ла бури́ита, ва́адин ќи-не́мме во́да зӑ-пи́ј не*; **3.** 'ќунк за печка' ~ *са́ке да-ј-исчи́стиме бури́ј те тӑ-дӑ-кла́ј ме ќурси́ита, но́го-ј сту де́но* [ПК,II,25].

буриза́н m 'трубач, тој што известува' ~ *уф-каз а́рмата и́ма буриза́не шо́ а-сви́рат бури́ита, шо́-ј зби́рат вујни́ците* [BV,30]; [СК,320]; [ПК,II,25].

Бури́зуво (и: **Бури́суво**) n, top. 'име на село во кое живеат *бижа́нци ут* Кукушко' ~ *ни́ӑ ви́кме: "ќ-о́јме уф-Бури́зуво, и́мме чи́ко, и́мум бра́т, та́м ќ-о́јме"* [ПД,174]; ~ *про́литта би́ме прину́дни дӑ-до́јме тук у Бури́суво* [ПК,II,221].

Бури́иво n, top. 'име на село во Струмичко, таму живеат бегалци од Кукушко' ~ *"не́ виде́ не́кој вӑлк, ви́ке, ут-ту́к дӑ-зӑмина́?" "Кут дӑ-зӑмина́ нӑ-кӑт-Бури́иво", ре́кӑл ура́чо* [ПК,II,265].

бури́ло n **1.** 'дрвен сад, буре собира 100, 200 кгр.' [СК, 320]; – освен во *меуве* вино и ракија носат уште и во *бурила* [ТГ,422]; ~ *адно бури́ло уд-сто́ ки́ла*; **2.** fig. 'дебел' (човек) ~ *то́о де́те ка́ се́-ј чини́ло али́с бури́ло* [ПК,II,25]; сп. ~ *уф едно бурило ем ракија ем вино, и па не са бркат* – се среќава во Гевгелиско; (загатка, зн. 'јајце') [ТГ,290].

бурина f 'ситни деланки од бор, со многу смола, служат за потпал, односно за осветлување' ~ *запали финер бурина / да не ти флезам ф-тимнина* [ТГ,328].

бурина́р m 'човек што приготвува и продава борина' [ПК (Г)].

бу́ринце n, dem. од буре 'дрвен сад за ракија, вино' ~ *ти́ӑ не́-сӑ-зӑпре́ӑ, че́к дӑ-скри́м адно́ бу́ринце, бӑра́ дӑ-сӑ-на́* [ПК,II,223].

Бурис m 'м. л. име во Гевгелиско' [ТГ,114].

бури́чке* impf 'пребарува на брзина, растура' ~ *шо́ си-зӑбури́чка́л пу-куфче́го* [ПК,II,25].

Бурјана (возможно и **Бурјано** – во ном.) f 'ж. л. име во Гевгелиско' ~ *Бурјано, Бурјано, џан бела дивојко* [ТГ,338]; ~ *Бурјано, Бурјано, сал ти ли си мома* [ТГ,337].

Бурјанка f 'женско лично име во Гевгелиско' [ТГ,441].

бу́рка impf 'боде' (пр. волот) [ДК,104].

бурла́на f 'вид блуза' [ДС(Ч)].

бурли́ка f, bot. Pinus 'иглолисно растение, бор' [ДК,104].

бу́рма f **1.**'гвинт', **2.**'венчален прстен' [ПК(Г)].

бурси́ка f 'специјален камен за острење на коси' [ПВ(К)]; в. **брус.**

бурсу́к (и: **бӑрсу́к**) **1.** m, zool. Meles tahus [MS,s,12]; [ПГ (С)]; [КЕ,264]; ~ *тӑка́ му ви́куме ни́ӑ нӑ ја́зувӑцо* [ПД, 125]; ~ *то́о-ј жаво́тно ко́лко а́дна ма́чка, сӑ-кри́е пут-*

спи́л'те. Има си́ва буја́, шо ки-на́јде – ја́де. На́јно́го са́ке миси́рка, ама пути́ске и жавути́ни [ПК,II,25]; **2.** fig. 'погрден израз за некомуникативен човек' ~ *са́мо мо́лче кут-не́кој бурсу́к* [ПК(Г)].

бурсукле́ста adj, f ~ *сӑ-ви́ке нӑне́каа же́на шо́-ї сӗ нал'у́тна, и́-убиси́ла дуда́ште, и́ збра́ла ве́ї ште, дӑ-бе́гиш уд-н'а́а* (основното значење е: жена со истурени напред усни) [ПК,II,25].

буру́н m **1.**'високо место, рид' [MS,s,12]; **2.** ~ *не́што изда́дно (напре́т) сӑ-ви́ке буру́н. Нӑпре́т нӑ-пӑпу́ште, то́о но́со шо́-ї сӑ-ви́ке буру́н* [ПК,II, 26]; **3.** 'полуостров' ~ *и киниса крајта ѓол'от, и друзите станаха и кинисаха с неја, от-тӑд от-там ѓол', имаше само един борун (сухо место между ѓол'от)* [МС (В),81]; **4.** bot 'вид боровинка' (Vaccinium amyrtillus) ~ *то́о ра́сте уф-го́рта, ка́ зре́ет ја́гуї те зре́е и буру́но, но́го-ї сла́тук.*

буру́нка f, dem. од **бурун** 'рид' (= мало ритче) [MS,s,12].

бурунлук m 'парче ѓон (со клинчиња), што се врзува на челото на телето (над устата и носот)'. Клинчињата со шилците се на надвор, така што кога телето се обидува да цица ја бопцка кравата и таа се тргнува. Така млекото се чува за молзење, а телето се храни со трева [ТГ,373].

Буру́но n, top. 'место во Дојранското Езеро каде што брегот навлегува како полуостров ("како нос")', таму рибарите фрлаат мрежи (грип) за ловење.

бурунсу́с m **1.**'човек со мал, сплескан нос'; **2.** 'птица со кус клун' [СК,320]; **3.** fig. 'тој што не разговара, како да е секогаш налутен' [ПК,II,26] ~ *но́го-ї бурунсу́с, ла́ф не́ сӑ-удгувóруве ус-не́го* [ПК(Г)].

Буру́нцко Лови́шче n, top. 'место во Дојранското Езеро каде што рибарите имаат колиба направена на колови во Езерото (*лувиште*) – во близина на местото наречено *Буруно*' [ПД, 135].

бурунцук m 'лесна, провидна свилена материја' [V,PM,364].

бурчли́а adj 'тој што позајмил и има долг' [ПГ(Ф)]; и **бурш'-ли́ја** 'должник' (сп. **борч**) [MS,s,12].

бу́с m **1.** 'замрзната вода, мраз' [MS,s,12]; **2..** fig. ~ *рӑште ми-сӑ-бу́с* (= многу ми е студено на рацете) [ПК,II,26].

Буси́луво (и: **Буси́лво**) n, top. 'име на село во Струмичко' ~ *глида́ла уф-Буси́луво ума́ците ка́-ј чи́стӑт сус сла́ма и о́на д-о-нӑпӑлне ума́ко сла́ма, дӑ-ј-зго́рӑт са́јште* [ПК, II,261]; ~ *гле́дум ма́лчко сӑ-дӑрже но́хуто; гу-грӑбна́х но́хуто, адни же́ни уд Буси́луво: "чи́ч Ки́ро, шо нӑпрӑви́, шо нӑпрӑви́?"* [ПК,II,240].

Бусил'ка f 'ж. л. име во Гевгелиско' [ТГ,115].

буси́л'ук || **буси́л'ак** m, bot. Ocymum basilikum 'цвеќе со пријатен мирис на лисјето – босилек' [MS,s,12]; ~ *а на́ за́ткӑта го́ре, ки му вӑрѕат ма́лце ки́тки, на́јпо́вичко сув буси́л'ак* [УЕ,23]; ~ *ај, Лазаре, Лазаре]море младо војниче / чија са вија дворуве / с бел бусил'ук метени* [ТГ,47]; ~ *цвеќе си саде ран бел бусил'ук / о, леле, лелим ѓанум ду*

Бога [ТГ,198]; сп. уште: – во камарата се чува икона, свеќи, крст и сув *бусил'ук* [ТГ,299].

бусил'че n, bot. Ocimum basilicum, dem. од **бусил'ук** ~ *Лил'ана, ал' ми каранфил / Лил'ана дробно бусилче* [ТГ,214]; ~ *да наваде Трена цвеќе рано / рано цвеќе, џанум, ал' каранфил / и бусил'че Трена, и замбулче* [ТГ,172].

бустан 1. m 'нива на која има посадено лубеници и дињи' ~ *сеј един бустан пукрај некуј друм, а уф стреди забоди един изгорен врбов кол* [ТГ,147]; 2. 'лубеници' [ПК (Г)].

бустаннӑк m 'нива на која има посадено лубеници, дињи' ~ *му вили: "ти да пóш' на идúн распӑнт' да с'ӑш' бустаннӑк и тó за прумúна, за гу запúраш' да му дáваш' пу инá либӑнúца"* [MS,t,43].

бустанов adj 'она што се однесува на бостан, лубеници' ~ *бустаново семе* [ТГ,332].

бу́т m 'горниот, дебел дел на ногата' [ДС(Ч)]; ~ *сáдната нóга на крáвата, јáгн'ąту* (со исто значење: **кӑч**) [MS,s, 12].

бутéе impf 'не успева семето, се губи' ~ *ќи-фӑрлиш сéме уф-зéмта, глéјш нé нúкне, óно избутијáло ут-сýша-ли, ут-влáга-ли*. Сп. fig. 'за болен човек' ~ *тóо чувéк нéшто бутéе, гúне, сӑ-тóпе. Трéбе дé-ј бóлин* [ПК,II,26].

бутúло n 'дрвото (матката) со кое се чука млекото во бутимот' [ВС(Д),68].

бу́тим* m 1. 'тесен, висок дрвен сад за биење матеница, од кисело млеко' ~ *бу́тимо-ј нӑпрáвӑн уд-дӑски, изрáбóтӑн, пóсле сӑ-турýвӑ уф- нéго млéкуто и сӑ-чýке ус-чурúло, сӑ-вúкӑ тӑкá дӑрвуто шо сӑ-чýкӑ* [ПД,156]; во Солунско: **бутúн'** [MS,s,12]; 2. 'главина на тркало (средишен дел каде што се собираат спиците)' – ова значење го запишавме во с. Фурка (Гевгелиско).

Бу́тко̨фско̨ Езер'о̨ n, top. 'име на место во реонот на с. Кула (Серско), *на Џумајáта* (порано имало езеро, сега пресушено) [ЛС(К)].

бу́тне pf а) 'турне нешто со остро движење' ~ *имáл кӑрлúк тóо уфчáро; бу́тне кӑрлúко, гу-фатúл за нóгата* [ПК,II,233]; ~ *мӑгáрто нé óде, ко-дúгнат нӑ-рӑци и бу́тнӑт гу нӑ-мóсто тáм* [ПК,II,219]; б) 'стави' ~ *бáбӑта флéве, бу́тне сӑчки, запáле фýрӑнта, бáбата изгóре* [ПК,II,232]; ~ *ас му нӑправúх адна добринá, о-бутнáх у-врéјкӑта* [ПК,II,266]; – **(сӑ)*** а) 'влезе неочекувано, на брзина' ~ *видéме, прӑвидéме, сӑ-бутнáме уф-áдна виpáн кӑшта* [ПК,II,261]; б) 'пристапи, се ангажира во нешто' ~ *óде уф-грáдо, сӑ-бутнýве у-вóјнта мýзика* [ПК,II,270]; в) 'стави нешто некаде (на брзина)' ~ *зéме ги сéче ýште уд-лáмјӑта, си-ј-бýтне уф-ќéбо* [ПД,168].

бутнýве (сӑ) impf 1. 'се сокрива' ~ *лéгни уф-тáа кӑпúна, сӑ-бутнáме тáм, лéжа тýка* [ПД,172]; 2. 'се турка, зафаќа општествена позиција што не ја заслужил' ~ *сéгде сӑ-бутнýве кут мýшмула* [ПК (Г)]; сп. и: **бута (си)** 'се турка' ~ *она не приндӑши,*

туку си буташи се́ нетри на пипелот [V,PM,205].

бутура́к m **1.** 'вид кожна болест' ~ *бо́лис – ка́ мо-ј-испадна́л ади́н бутура́к пуд-ми́шкăта, а́нцак сте́нке, нă-мо́же дă-сă-мăрдне* [ПК,П,27]; **2. бутура́ќ** 'силни удари по телото' ~ *нă Го́це му удри́ли а́рин бутура́ќ* [СК,320].

бутуре́се* pf **1.** 'турне некого со остро движење' ~ *ка́ о-бутурисá, ду́р та́м сă-нацде́* [ПК(Г)]; ~ *стăна́л, нă-по́по о-бутурăсна́ле уф-мо́рто* [ПД, 163]; **2.** 'удри со тап предмет' ~ *адна буфтăни́ца ми-дде́, та́м не́где..., или ус-ла́кут или... Ако-ј бу́нин, гу-бутурисáл, ако гу-удри́л ус-јумру́ко, у́дрăн е то:* [ПК, II,238]; [СК,320].

бутуре́суве impf 'турка некого, удира со тап предмет' [СК, 320].

бутурник adv 'стои исправено' : ако *чукалото* (од барабанот) застане *бутурник* – детето што треба да се роди ќе биде машко [ТГ,189].

бути́ши pl 'длабоки чевли, ги носеле мажите' [ДС(Ч)].

бу́ф m **1.** zool. (Syrnium vulgaris) 'птица што гледа ноќно време' [ДС(Ч)]; [BV,31]; pl **бу́фуфци** [MS,s,12]; **2.** 'звукоподржување на горење', пр. **бу́ф** *нацрăви́ о́гинут* [ПК (Г)].

буфе́(т)* n (m) 'просторија во која доаѓаат луѓе (обично мажи), разговараат и пијат алкохол, кафе' ~ *гу з'е́ва кафе́ту ут буфе́ту, му гу зан'е́ва* [MS,t,82]. Лексичката единица е забележана во крајните јужни говори (повеќе на допир со грчкиот јазик, пр. во солунскиот), во др. говори не ја среќаваме.

бу́фне* pf 'удри' ~ *тă буфна́л тăка́; мă-буфна́ адна́* [ПК, П,238].

буфтани́ца (и: **бухтини́ца**) f 'удар со рака по грбот' [СК, 320]; ~ *ка́-ќ сј-а-збе́риш рăкта, дă-си-ј сти́сниш прăстто, то́-ј буфтани́ца: бу́н'о: адна́ буфтани́ца дă-рăзбе́ре а́рно* [ПК,П,27]; ~ *адна буфтăни́ца ми-дде́, та́м не́где..., или ус-ла́кут или... Ако-ј бу́нин, гу-бутурисáл, ако гу-удри́л ус-јумру́ко, у́дрăн е то:* [ПК,П, 238].

бу́фте impf 'работи напорно' ~ *зă-ко́ј бу́фте и он не́ зна́:* [ПД, 116]; ~ *це́л де́н бу́фте нă-кăштта* (= прават куќа и тој многу работи) [ПК,П, 243]; **2.** – **(сă)** 'се тепа' ~ *ра́скăчи-ј ти́и двју́ца да не́ сă-бу́фтат тăка́* [ПК(Г)]. Сп. **бăхт'а (са)**.

бу́хнува impf 'удира со тупаница, потурнува, турка' [MS,s,11].

бу́хо (**бу́хто** – чл.) n, zool. Strix bubo 'голема ноќна птица' ~ *бу́хото кога́ ношт'а́ бу́ха, сн'а́к ста залити́* [BC(Д),85]; ~ *то́-ј пи́ле, нă-ве́чăр сă- јăву́ве: бу́хто фати́ дă-бу́у. Он пра́ве: бу́-ху́, бу́-ху́, бу́-ху́* [ПК, П,27].

бухчалăк (и: **бухчăлăк**) m 'дарови (цел *тăкăм* = комплет облека), што ги носи невестата, собрани и врзани во бовча и ги дарува новите роднини (свекорот, свекрвата, кумот)'; **бухчăлăк-ут** за младоженецот содржи: кошула, гаќи, чорапи, *риза* (= крпа за бришење) и една *пачета* (= марамче за нос)'. Во оваа облека младоженецот ќе се венча, а невестата ја праќа

по свекорот и деверот коишто на 2-3 дена пред свадбата доаѓаат кај сватот [ТГ, 165]. Сп.: ~ *уф нидéл'та нишáн минúме. Нúа ќи дáдме цáло (сребăрна пара), алтăнче, зáманска пáра ... бухчăлăк: кушýл'а, гáшти, рúза, чиврé (пăчéта), чурáпе, вăзркузýн* [ИГ,114]; [СК, 320]; ~ *тóо шо сă-дарýве нă-рудни́нте нă-зéто, шó-ї спрéме нивéстта, ú-клáве уф-аднá купрúнна бóхча* [ПК, II,27].

буце* impf **1.** 'боцка, отвора дупчиња и во нив става нешто' ~ *утишал, (на)буцал трăјне, игли, гинѓаре и боцки на душекут, да на може да спие на него Алате, да да го фăрле* [V,PM,272]; **2.** 'боде' ~ *ка фатило да го буце го фăрлил душекут, го грабнал Предлозан, са спуштил пу него и Алате* [V,PM,272]; **3.** 'добиток удира со роговите' ~ *тóо вóл нóго бýце*; **4.** fig. 'те́ра, подбоцнува да се направи она што не е добро' ~ *Ристос да ја тука, не се пите за тија работи, који ѓавул та буце* [ТГ,2]; во Воденско: **бýца** [ПВ(К)].

буч'авúца f 'шум, бучава од ветар, силна вода' [MS,s,10].

бучáло n 'свирката на гајдата' [СК,320].

бучвáр m 'мајстор што прави бочви' [ПВ(К)].

бýче (и: **буч'ú**) impf 'се слуша шум (пр. од пчела, ветар, силна вода)' [MS,s,11]; ~ *и туку шó зăспáли нéгувите брáте, двýјцăта, лáмјăта пучнáла да бýче* [ПД,167]; ~ *у бăмининúкут бýче* (= се слуша шум во оџакот) [ПВ(К)]; ~ *"нáти-гу вó : ýчи, ýчи – тúкфа бýчи! У-врáгут д-óјш су сé нéго!"* [ДК,142]; постои верување во Гевгелиско: ако огинот *буче* (кога силно гори) се мисли дека домаќинот го оговараат [ТГ,313].

бучимúш m 'тревно растение, личи на жито, го пасат овците': *пýшти-ї уф-тóо бучимúшо нéк сă-нăпáсат* [ПК,II,27].

бýч'ка f, dem. од бука [MS,s,11].

бучка f 'издигнато место покрај огништето, послано, служи за одмарање' (називот се употребува јужно од Гевгелија, во Еницевардарско – Егејска Македонија) [ТГ,300].

буџáк m 'издигнато место покрај огништето' ~ *дóнеси а кутúјата су тутýн брé, já-а на буџáкут* [КЕ,291].

Бушнáк* m 'лично име во Кукушко' ~ *тăкá мáлко бúше уддéлина ут-сéлто, нéо му-викáа Бушнáкуву Бунáр. Нéкуј дéдо Бушнáк гу-прăвúл* [ПК, II,248].

Бушнáкуву Бунáр m, top. 'име на извор во регијата на с. Морарци (Кукушко)' ~ *úзвуре úмше нóго... аднá úмше пăк ду-сăм ду-сéлто. Тăкá мáлко бúше удéлина ут-сéлто, нéо му-викáа Бушнáкуво Бунáр* [ПК,II,248].

бушнúк m 'леб од пченкарно брашно' ~ *мисúркин лéп, сăпрáве уд-мисúркино брáшно;* fig. *тóо па кá сé-ї надýл алúс бушнúк* (се кажува за вообразен човек) [ПК,II,27].

бă interj 'бе, бре' ~ *"оти бă сúнко?"* (= зошто бе синко?) [ПД,146]; ~ *а-пă бáтă-му викáл: "а, ним бă брáто, дóбруто сé-ј дóбро, злóто се-ј злó"* [ПД,165].

бăбá adj 'голем, преголем' ~ *кýтрито стăнáло гулéмо кý-*

че, мачо́ро и о́н стана́л бабá [ПК,II,262].

бабалáр m 'со големи физички можности' ~ *си́лин, гуле́м чуве́к. Се́тне ка́ са-нанали́и се́ адни́ бабала́ре, вујни́ци* [ПК, II,27].

бабáч m, zool. 'гулаб' (Columba livia) ~ *гуле́м, ма́шук галап* [ПК,II, 27].

бабáчко n 'голем, силен човек' ~ *висо́к, вре́дин, здра́ф чуве́к. Ма́шала, да-не-мо́-ї удо́ко, а́рин бабáчко се́-ї чини́л* (в.**бабалáр**) [ПК,II,27].

бабáчук adj 'голем, силен, дебел' [СК,320].

бабанáн m, zool. 'врабец' (Passer) ~ *врапча́н е́дар: ка́ са-наака́ли на-ста́фте адни́ бабана́не, ки-изе́ет жа́тто* [ПК,II,27].

бабéк m 'мало дете, скоро родено, бебе' ~ *ма́јка распра́више, не́ко вре́ме, не́кој тарго́вац дујде́л на-тре́тта ве́чар, ка виде́л оти бабе́к и́ма, зама́л ма-надана́л во́нка нако́ло, бага́л* [ПД,152].

баблʼóк m, pej. 'погрден израз за баба, бабиште' ~ *баблʼо́к не́дин* [ПД,117]; [ИГ,123].

бабóте (и: **бубóте**) impf **1.** ' се слуша силен шум, татнеж во атмосферата' ~ *каква́ ке-ј та́а гарма́вица шо́ бубо́те така́* [ПК,II,25]; [ПГ(С)]; сп: **бубóти** = *гарми́*' [ДС (Ч)]; **2.** 'шум што се слуша кога огинот гори силно' ~ *пе́чката бабо́те-ли, бабо́те!*; **3.** 'силно зборување' ~ *гуво́ре си́лно, си́те до-чу́ут: шо́ бабо́те о́ште то́о ста́рјоо?* [ПК,II,27].

бабýве impf **1.** 'помага при раѓањето и потоа' (и на бебето и на родилката) ~ *ка́ ро́ждат же́нте ба́пта и́ бабу́ве: но́го-ї бабува́, са́ке да́-ї да́ї ме бакши́ш, па́ри не́ зиму́ве;* **2.** 'лекува (со домашни лекарства)' ~ *та-гле́дум и́ч не́ сиа́ран, са́к са-бабу́виш* [ПК(Г)].

бабалáк m 'невистински татко, очув' [ПК,II,243]; [ПГ(Ф)].

бабалáка f 'невистинска мајка, маќеа' [ПГ(Ф)].

бадарка f, zool. Meleagris gallopavo 'крупна домашна птица, мисирка' [КЕ,246].

бадáтка f, bot. 'вид диња' (Cucumis melo) ~ *ди́јничка, ка́ ки-зре́е жа́лта-ї и уф-на́тре и уд-во́нка. Та́-ї на́јбла́га. Бада́тка ви́кме и на-не́каа дибе́ла, ку́са же́ничка, бе́ла, кале́ша: ви́дј-аа кут-бада́тка се́-ї-чини́ла ниве́стта на-Барба́тци* [ПК,II,27].

Бадни вечар (или: **Бадник**) m 'денот спроти Божиќ, до пладне се вика *Кол'де*, а попладне се вика *Бадни вечар*. Тој ден дамаќинката приготвува повеќе јадења а меѓу другото ќе замеси и два леба: едниот е за *Бадни вечар* (за вечерта спроти Божиќ), а другиот леб е за третиот ден од Божиќ и се вика *гумно* или *урачув кулак*. Во лебот за *Бадник* се става *заманска сребрина пара*, а се замесува во лебот така што да не се знае каде е. Кога домаќинката ќе биде готова со лебовите, потоа прави вечера за *Бадни вечар: посна сарма, суке сарлија* (= вид баница што се полива со растопен шеќер), прави *кисела каша* (од брашно и оцет), прави *сусамница* (= вид баница), вари *фасул'*. Сите јадења се прават посни, *сарлијата* се прави без зејтин, а за да не загоре тепсијата се мачка со кромит. Во питата *сусамница*

се става мелен сусам. Во минатото, рано наутро оделе в планина за да отсечат дрво *бѐдник*. Се отсекувало родно дрво, најчесто *горничка* (= дива круша), зашто таа дава најмногу плодови. За празникот *Бѐдник* се купува: суви смокви, ореви, бадеми, лешници, костени, леблебија, јаболка, кикирики и др. Задолжително треба да има: сувo грозје, смокви и ореви, зашто ова овошје подоцна се употребува за лек. Откако, навечер, домаќинот ќе го стави *бѐдникот* (дрвото) на огништето, ќе поседнат сите наоколу, домаќинот ќе праша: "*Сите ли сме дома?*" – "*Сите сме*". "*Азѐр ли сте?*" (= дали сте готови ?) – "*Азѐр сме*". – "*Е, тогі, ајде да гу викме дедо Бужаќ на вичера*". Потоа домаќинката ќе ја постави *софрата (трпезата)* на *горни кѐт* (= дел од општата просторија); ќе стави: леб, овошјето што го споменавме, малку *маџун* (= редок џем од дудинки), малу *туршија* (= грозје што се чува во сланкаста вода), расол од зелка, малку *комбус* (= зелени патлиџани, млади дињи и пиперки, што се чуваат во оцет), лук и сл. Домаќинот особено внимава за оваа вечер да се зачува лубеница и калинки. Кога сето ова ќе се нареди на трпезата, то-гаш едно од децата ќе го земе оној леб со *заманската* пара, второто ќе ја земе питата *сарлија*, а третото ќе земе *паурче* со ракија и ќе одат до портата, тогаш најмладото, она што ја носи ракијата, ќе почне да вика: "*ел, дедо Бужаќ, да вичерме!*" Постарото дете, божем дедо Божиќ одговара: "*вичерајте, синко, нек ви је слатко!*" По ова домаќинот ќе го подели лебот со *заманската* пара и тоа: на Господ, на ралото, на воловите, на бавчите, на лозјата, на куќата, а потоа ќе им подели и на секој член од семејството по едно парче. Потоа секој ја бара парата во своето парче (леб) и кај кого ќе се најде, тој се смета за најсреќен од сите, а и домашната среќа зависи од него. Дури и постои изрека за оној што многу се фали, дека сé му оди од рака: "*ми как не, сé уф тебе а наоѓат уд бѐдникут парта, ного си кѐсметлиа*". Потоа домаќинот го зема паурчето со ракија и благословува: "*Ка е арно, Госпуд нека даде! Сус здраве Бужаќ да прачекме. Госпуд здраве и касмет да даде, уд лошо да на чуве. Добре са субраме, што субраме да кирдосме. Здра ми си!*" [ТГ,82-83].

бѐдник m **1.** 'дебело дрво, што се става на *Бѐдни вечар* во огништето и гори цела ноќ'. Обично се отсекува трупот на родно дрво и тоа што раѓа многу; пр. од *горничка* (= дива круша, оскоруша)' [ТГ, 82]; **2.** ~ *чувéк* (обично старец) *шó сéде пу-цéл дéн дóма: нѐ-мóі̯ш уд-нéго лáф да-си-кáі̯ш: кá-ј сиднáл кут нéкуј Бѐдник* [ПК,II,27].

бѐдѐрóк m, zool. 'крупна домашна птица, мисир – Meleagris gallopavo' [КЕ,246].

бѐз m, bot. (Sambucus nigra) 'растение бозел (има бели цутови, а стеблото внатре не е компактно)' [ДС(Ч)].

бăзлúв adj 'тој што се плаши и од ситници' [КЕ,272].

Бăúро m, top. 'нагорно место, *горни́на* (рид) во околината на с. Кула (Серско)' [ЛС(К)].

бăúрски* adj 'она што има особини на **бăúр** (= рид)' ~ *на́што се́ло та́м би́ше куту бăúрско* [ПК,II,223].

бăúрче n, dem. од 'баир' (= рид) ~ *и́мше адна́ кури́јчка савúкш До́лната Кури́а, дру́га са-ви́кше Чурли́но* (имиња на места од с. Морарци, Кукушко) – *бăúрче тăка́* [ПК, II,223].

бăјá adv 'многу, премногу' ~ *бăјá са-забăви́ чуве́ко мо́ј. Шо́-ј стана́ло ко́ј зна́а?* [ПК, II,27];

бăјалдúсе* pf 'се замелуши од многу работа' ~ *ама́н бре́ де́ца бајалдиса́те ва́адăн уд-рăбо́та* [ПК,II,27].

бăјáма f, bot. Prunus amygdalus 'овошно дрво што дава плодови со тврди лушпи, бадем' [ДК,105]; во Еницевардрско: **бăјáм** [КЕ,267].

бăјку́ш adj, indecl. 'некомуникативен, заостанат' ~ *зăуста́нин, кут-зăула́вин: де́к мо́јш са́-рăзбе́риш ус-то́о бăјку́ш?* [ПК,II, 27].

бăјле́за f 'мал сад за вино' [КЕ, 271].

бăка́лч'а n, dem. 'дрвен сад од 30 кгр.' [ВС(Д),69].

бăкти́син* adj 'презаситен' ~ *(ним но́си) уд-ја́дне бăкти́сни сме (га́аре)* [ПК,II,27].

бăкти́суве* impf 'досадува, домачнува' [СК,319]; сп. ~ *уд-н'о́: бăктиса́х виќе* (= премногу ми досади) [ПК(Г)].

бăктăм adv 'доста, премногу' ~ *ама́н га́аре ут-ти́а чуве́ци, бăктăм ричéх* (= премногу доаѓаат, ми досадуваат); или: *уд-рăбо́та бăктăм, ка́же ми зă-ше́тне, а не́ зă-рăбо́та* [ПК,II,27]. Сп. гл. **бактисе** 'досади' ~ *не ка́жуви от сум до́ма, па́ ки-до́јде, бактиса́х га́аре уд-н'а́. Се́кој де́н ет-тја ки-ти-кло́вне на ка́тут*; уште: ~ *нă бактиса́ то́а сту́до ва́а зи́ма* [ПК(Г)].

бăкăлăм interj 'најавува почеток на нешто, ајде де' ~ *ин дăде́ле пу-а́дно но́шче и ти́ă а бăкăлăм се́га, гуто́ви, к-игра́ат о́ро* [ПД,163]; ~ *де, бăкăлăм, и о́н пума́ге та́мка, пра́ве* [ПД,160].

бăкăре́се* pf 'се потроши горниот калаисан дел на бакарен сад' ~ *те́ниăрто бăкăриса́ло* (зн. се потрошил калајот и за да може да се користи треба да се калаиса) [ПК(Г)].

бăл 'бил' (л-фор. од 'сум') ~ *ти си бăл* [MS,s,9].

бăлбăча́р m 'мрежа за ловење риби (*белвици*), се поставува во вид на спирала' [ПД,128].

бăлва f, zool. (Pulex irritans) 'мал, црн инсект, каснува кога ќе допре до кожа на човек – болва' [ДС(Ч)]; и **бăла** [ПГ (С)].

бăлва impf 'неконтролирано, не сакајќи ја повраќа храната – блуе' [ЛС(К)]; и: **бăлви** ~ *припливајке го са извадили чобанот на една суха земја; таму пак го бăлви рибата чобанот, и трите риби си чиниха три јунаци* [V,PM, 169]; во Солунско и: **блăва** [MS, s,9].

бăлвани (и: **блăвани**) n 'неконтролирано повраќање на храна, блуење'; сп. **бăлвани́ца** [MS,s,9].

бăлвани́ца (и: **бăлвани́ца блăвани́ца**) f 1.'блуење', 2.'она

што човек го повратил' [MS, s,9].

бăлéза f 'глинена посатка' ~ *нăпрáвна-ј ус-прăс, уф-н'áа клáват вúно кá кáнат гóстто нă-свáдба.* Со исто значење: **кáрта** [ПК,II,27].

бăлдăм m 'дел од опремата на коњот' ~ *пудгăзник, сă-закáчуве нă-амýто, ут-тáм пудгăзут, дáјк-éј цéлта кóла кáј прéгнăна* [ПК,II,27].

бăли pl 'билје' (обично лековито) ; сп. **бúли** [MS,s,9].

бăлгáм m 'шлајм' ~ *булмацá – бóлис, мăлéчките, бибúнта гă-прáват. Имат нóго бăлгáме* (= шлајм), *нă-мóш дă-ј-испл'ýт и зă-тóо бáпте ус-прăс им-ги-вáдат, им-трúит нă-грăпчето, на плéшкичките им-излéзе куту цăрни бóцкички* [ПК,II,26].

бăлгýр m 'јадење од варено, крупно мелено жито' (обично го мелат на рачна воденица дома – **рăшници**) [ТГ,164]; ~ *бăлгýр – тó-и жáто, гутрéбиа, па гу мéлиа на рăшници и гу вáриа* [КЕ, 285]; сп.: стројникот кога оди кај родителите на девојката вика: *"Јас сум стројник... ми са јаде балгур"* [ТГ,150].

бăлóсуве impf 'ги залажува луѓето со убаво зборување' ~ *тó: кóј лăже сă-вúке бăлóсуве. Бăлóсуве áсăл тýрска дýма, пу-нáшо знáчи: ги-лăже л'ýјто, ги-бăлóсуве* [ПК, II,242]; ~ *зáстрам се, стúге ú балосувá чувéцте (л'ýјто)* [ПК,II,27].

бăлтúште (< блатиште) n 'место во кое лежи вода' ~ *мучурúште и сý: мéшăно* [ПД,129].

бăлтон бăлтóн n 'долго зимско палто, капут' [ПД,118].

бăлтăлăк m 'дел од воденицата, парче железо, напречно углавено во горниот воденичен камен, тоа го пренесува вртењето од вретеното и го врти каменот ~ *дéк сăфáште, то: сă-вúке бăлтăлăк* [ПД,171]; во др. говори: **прилица**.

бăлусéр (и: **бăлхусéр**) m 'ситни црни точки на алиштата, траги од присуство на болви' ~ *бăл'те шó сéрат. Цéлта кушýл'а мé-ј бăлусéр, кá ќ-áишчúстум кóј знáа* [ПК,II, 27].

бăлх m 'инсект што живее покрај човекот, смука крв од него, болва' ~ *една муха* (= пчела) *беши загинала: не дојде на кошот. Утрината фати татко ми един бăлх, му тури на гăрбот седлото, на устата му јузда* [V,PM, 202]; и: **бăлха** ~ *мо сá са стóрили камéнете катó бăлхи* [V,PM,263]; сп. **бăлва**.

бăлчýк m 'железно рамкиче со јазиче, се прицврстува на ременот за да ги стега панталоните' ~ *ус-нéго (н'óо) сăзăкóпчуве кулáно, пăпýцте. Нă-бăлчýко му-вúкат и* **тóка** [ПК,II,27].

бăлăшáт adj 'не сосем бел, белузнав' [ПГ(Ф)].

бăмбóна f 'парче од преработен шеќер со различни додавки за вкус' ~ *úмше тúшлире, úмше шу-прáвше бăмбóне адúн Милáн, Милáн сă-вúкше* [ПК,II, 216].

бăнsăр-кушýл'а f 'метална заштита на градите на оној што војува, панцер' ~ *гу прăчéкăве ацна бáба. Бáацта му кăжýве: тáа, рекла, Кацá Ци-*

нде́м е ѧдна мо́ма – дујна́-ѓузилијка. Но́се бăнsăр-кушу́л'а [ИГ,113].

бăнц m, bot. Sambucus nigra ~ 'бозел, дава бело-жолтенкави цветови се употребува како лекарство (но и како чај)' [MS,s,9]; сп. **бăз**.

бăнч'ва f 'голем дрвен сад за вино или ракија, бочва' ~ *и тăј ја фа́т'ѧха два́та ха́ркума́та и ја ту́рнаха уда́та у бăнч'вата ... ~ то́ј-и р'е́ч'и: "ху́бајѧ! со́празни гул'а́мата бăнчфа ви́нуту ... сид'ă да мо́жаш', да ха клад'е́ш' у бăнч'фата!"* [MS,t,68]; сп. **бочва**.

бăр-бăр interj 'шум што се создава кога лета инсект (бумбар и сл.)' ~ *ка́ му-флéзе (бумбаро): бăр, бăр, ја́рчто прăсду́пката изби́гал. И лиси́цта бу́мбăро гу-супи́ре зă-си́н* [ПК,II,234]; и: **бăр–бăр–бăр–бу:** ~ *качу́ват се нăдими и́ко и бăр–бăр–бăр–бу:* [ПК,II,227].

бăр adv 'барем' ~ *"до́јме нăца́ро дă-му-ди́гнуме; д-и́ма бăр шо́ ки-уткра́јш", ви́ке* [ПД,169]; ~ *ка́ тăрчат, ка офа́тат нă-вăлкут – бăр та́ма* [ПК,II,224]; со истово значење (од истава регија) ги имаме запишано и формите: **баре, барем, барим**.

бăрба́р adv 1. 'заедно' ~ *бе́гат Буга́рто, и о́ни бе́гат с-на́с бăрба́р* [ПК,II,218]; ~ *бăрба́р сă-вăрна́ме* (заедно се вративме); ~ *пучéки ма́лце, бăрба́р дă о́дме* [СК,320]; 2. 'исто, колку едниот толку и другиот' ~ *рабо́тше бăрба́р ус-ме́не, ак-би́ше то́лкуфка тăка́* [ПК,II,28].

бăрба́т adj 1. 'нечист' ~ *дă-сă-изми́ј ш, рăцто ти-сă-бăрба́т, скăрна те́че;* 2. fig. 'неморален' ~ *тăкви́ бăрба́т маабе́те не́ сум-чу́л ни́где ду-са́а* [ПК,II, 28].

бăрбо́ре impf 1.'зборува било што, напразно' ~ *са́мо бăрбо́риш кут ма́лу́мин;* 2. 'се создава шум од бучење на цревата' ~ *ури́ге, му-бăрбо́ре куре́мо* [ПК,II,240].

бăрбо̧рли́ф adj 'тој што многу зборува' [ЛС(К)].

бăрбул'а́нка f 'измет од овци, кози' [ПГ(Ф)]; во Кукушко ја запишавме множинската форма **бăрбул'а́шки** [ПК,II, 29].

бăрбушл'а́ва (о́вца) adj, f 'дебела овца со голема волна и голем мев' [КЕ,264].

бăрбăтлăк m 'нечистотија' ~ *ту́у шо́ бăрбăтлăк нăпрăви́ли то́о де́цта* [ПК,II,29].

бăрдѧкли́ѧ кру́ша f, bot. Pirus communis 'круша со убави големи плодови, личат на **барде**' [ПК,II, 29].

бăрда́р m 'човек, мајстор што прави и продава брда' (= дел од разбојот) [ПК,II,29].

бăрди́лѧ f 'дрвената рамка во која е сместено *бăрдуту* (= дел од разбојот) [ПВ(К)].

Бăрдо (и: **Висо́ко Бăрдо**) n 'име на рид во реонот на с. Стојаково, Гевгелиско' [ПГ (С)].

бăрдо n 'дел од разбојот, направа – рамка со забци низ кои поминува основата (конците) и на кои се набива јатокот' ~ *ра́збо́јут: бăрдо има, нăбăрди́ла, кро́сно – sадно и предно* [ИГ,120]; ~ *уф-не́го (н'о́о) сă-вдину́ват ни́шките. То́ј нăпра́вино уд-две́ дăрфцта кут-ле́твички мăле́чки, муѓи ни́х и́ма тăрскички нăре́дно, сă-ви́кат зăпци; уф-*

тиа зăпци сă-увдéнуве уснó-фта кá ткáјме [ПК,II,29]; кај Саќов: 'округло дебело дрво (?) – дел од разбојот' [СК,320] (всушност тоа се вика **кросно**); сп. уште: **бăрдо** 'дрвен носач во кој се става *грéбенот* и кога се ткае се влече напред - назад [ДС(Ч)].

бăрдăчун бăрдăчýн m 'мал глинен сад за вода, бардаче' [СК,320].

бăрз (и: **брăс**) adj 'кога некој (нешто) се движи со брзина, орр. на бавен' ~ *"јаз да направам два товара прикија, па да оружам две бели сансани – два бăрзи кон'а за вјахани"* [МС(В),95]; ~ *земáл сос нéгу и хизмиќарот му, вјáхнали на бăрзи кóни да пóдат на чýзда зéмја далéчна да продáват цифаирите му* [V,PM,26]; и: **брз** во пожелување ~ *куту вода брз брз да биде!* – зборови што се упатуваат кон мало дете кога почнува да оди [ТГ, 122]; со вокално р е и примерот ~ *да си купам, Каранфил'о / да си купам брза кон'а* [ТГ,173].

бăрзáк m 'место в река каде што брза водата'.

бăрзúца f, bot. Zea mays 'вид пченка' ~ *бăрзúцта скóро фтасýве. Тá-ј мисúрка* [ПК,II,27].

бăрзоходец m 'тој што брзо и лесно се движи' ~ *тојнака му отговори: "зашто сам бăрзоходец та, аку немам тиа камени вăрзани аф ногите ми..."* [V,PM,44]; ~ *бăрзоходец си разбуди и заедноч киниса, на две цангали гу пристигна ламинуут бăрзоходеца* [V,PM,46].

бăрзоходник m 'тој што многу бргу се движи' ~ *това са свăрши, ама сега имам друг един деф, којто е бăрзоходник. Ки гу извадам да си припуснити* [V,PM,45].

бăргу adv 'веднаш, наскоро' ~ *и му си рéкал: "Захáрие, бăргу слéзи си!"* [MV,K,280].

бăрка (и: **брка***, **бăрке**) impf **1.** 'бара' (нешто) ~ *штó бркаш* ? (= што бараш?) [MS, s,9]; ~ *отидоха сега двете зентовци да брăкат о пиле млеко* [V, PM,160]; ~ *тăкá бăркáјте-си кăсмéт, нă-мóже ум јáс да-вă-глéдум* [ПД, 144]; и: 'сака, очекува некој да се придружи' ~ *"Ќ-óјме нă-плăнúнта". "Дă-дóјдум и áс?" "Нúа другáре бăркме, áјде"* [ПК,II,275]; **2.** 'гони' ~ *бéгум уд-бáче, мă-бăрке*; **3.** 'става нешто некаде, меша' ~ *нúм ај бăрки рăцто уф-јáдинто* [ПК(Г)]; **4.** изр. fig.: *уз-глáмна си гă бăрке* (= "си го бара" – се закача, а веројатно ќе изгуби) [ИГ, 123]; [СК, 320].

бăрка (са)* impf 'се меша' ~ *јáзе óшти еднóч нé си бăркам нúту нá магазúи, нúту на пáри* [V,PM,153]; ~ *заедноч гу чини цар на неговоту месту, не са бăркаши веки на некоја работа* [V,PM, 37]; ~ *нă-тóо мéсто сă-збăркýват двéте рéки* [ПК,II, 27].

бăркáлка (и: **бркалка** според материјалите од Таневиќ) f **1.** 'голема лажица, "за бркање" кога се вари нешто во голем сад на силен оган'; сп. гл. **брка** 'меша' [ТГ,98] ~ *дăрвăна лăжáца, шó си-бăркме рăчóко*; **2.** fig. 'жена што оговара и прави сплет-

ки, т.е. ги *răзбăркуве* комшиите' [ПК(Г)]; сп. ~ *бăркáл'ка вúкме и нă-нéкаа жéна шó-ị răскáруве л'ýị то* [ПК, II,29].

бăркáн изúк m 'јазик (говор) во кој се чувствува силно влијан-ие од соседните јазици (говори)' [ПК,II,29].

бăркáн (и: **бăркан**) adj 'измешан' ~ *бăркăно брáшно* (= брашно од различни жита) [ПД,116]; – за време на *трéќата вечер* (= кога доаѓаат наречниците и ја одредуваат судбината на новороденчето) некои мешаат различни брашна, како пченкарно, јачменово и тн. за да биде *бркана* и детската среќа – т.е. од сите страни да му доаѓа среќа [ТГ,110]

бăркани деца pl 'деца во едно семејство но од различни родители' ~ *óни сă-бăркăни дéца – уд двé мáјки, нéко: дóнцано, нéко: зáвáрно, нéко: прăрóдно* [ПК(Г)].

бăркин adj 'баран' ~ *тó чувéк е бăркин ут Тýрцте* [СК,320].

бăркулéш m 'нешто неуредно, растурено' ~ *кá úма răстýрни нóго răбóти нă-адно мéсто. "Нивéсто, нăрéди мáлко, шó-ј тóо бăркулéш нис-удáта, ак флéзе нéкуј, зă-пéза-ј* [ПК,II, 29].

бăркăнúца f **1.**'неред, размешани работи' ~ *кóга о-дúплиме т'итýно дóма с-éј бăркăнúца;* **2.** 'расправија, конфликтна ситуација' ~ *дујдé, нăпрăвú бăркăнúца и си уддé* [ПК (Г)]; ~ *избигáх ут-тáмка óти стăнá адна бăркăнúца. Сă-стипáли нéкуј* [ПК,II,28]; **3.**'немир, бунт, војна' [МЕ(Р), 170]; **4.** 'детска игра' ~ *дéчката си-ị грáат бăркăнúца, нéкуј ú-вúкат* **гунúчка**.

бăрлóк m **1.** 'мал дел од нивата останат необработен' ~ *миустăнá óш áјн бăрлóк нé-искóпин;* **2.** 'дел од нивата каде што посеаното не успеало' [ПВ(К)]; **3.** 'нешто нечисто, неуредно, ѓубриште' ~ *цéл бăрлóк стăнáл* [ПГ(Ф)]; **4.** 'место со стара, застоена вода' (**бăрл'óк** и: **смиутúна**) [ДС(Ч)]; **5.** 'мала група овци' ~ *гу-видéх пáсе áјн бăрлóк óвци;* **6.** 'светли црвени кругови што се јавуваат пред очите на исцрпен човек (психички и физички) ~ *мисă-глéдат бăрлóци, брлóци прăд-мéне* [ПК,II, 28].

бăрмýт (и: **бăрнýт**) m 'средство за смирување, тутун во ситен прав, се шмрка – **емфие**' [СК,320]; ~ *áс пúх аднóч бăрмýт* [ПК,II,28].

бăрна f 'усна (горна и долна) [ИГ,124]; и: **бăрни** (pl) 'надворешниот дел од устата на човек, усни' [ВС(Д),67].

бăрска* impf 'удира' ~ *сúчки през мéн замúнахти / сúчки ма с нóги бăрскахти* [ВС(Д), 87].

бăрчка f 'длабока црта на лицето (или на друг дел од кожата на човек)' [ПВ(К)].

бăршáл'ка f 'крпче за нос' ~ *усн'áа нóсут си-о-бăршме* [ПК, II, 28].

бăрш'ку adv, dem. од 'брзо' [ВС (Д),67].

бăрштисе (сă) pf 'се помири, опрости (т.е. не држи до некоја навреда или клевета)' ~ *áк éј бил нéкуј скáрăн, ќи-сăбăрштúсе нă-прóчка* (= религиозен празник кога оние што се лутат, особено родни-

ни, се помируваат; иницијативата по правило потекнува од помладиот) [ПК,II,28]; [СК,320]; сп. ~ *ém сă-бăрштисáхме, ém óште сăл'ýте* (= иако се помиривме, тој уште се лути) [ПК(Г)]. Сп. уште ~ *бјá: скáрăни ама сă-бăрăштисá:* (= беа лути меѓу себе, но се помирија); во Дојран за празникот **Прóчка** го даваат следново објаснување: *тú: дéнуве áк нé сă, нă мóжăт дă сă-бăрăштúсăт л'ýјто* [ПД,116].

бăрăбáн (и: **бăрбáн**)* m 1. 'музички инструмент (од дрво и опната кожа по која се чука и се создаваат звуци) – во минатото како и денеска се користи заедно со други народни инструменти (гајди, зурли и сл.) кога се прават различни веселби (свадби, народни собори и сл.); 2. 'вид од споменатиот инструмент на кој (во заостанати средини) со специјално чукање се сигнализира дека народот треба да се собере за да му се соопшти нешто од страна на власта ~ *ва: вéчăр сум тýка, не излéвум нúкăде, ки чýкиш бăрăбáно, уфбáните дă не смéе нúкуј дăфлéзе усвéн цáро* [ПД,148]; ~ *ка чујáле бăрбáно óти чýке, óти ко-кáзнăт, то: дéтто уддéл дóма* [ПД,154].

бăс m 'млад изданок од коренот на овошно дрво, пр. од *зарзалија, дујна* и сл., а потоа се *присадуват* на др. место (така си ја обновуваат бавчата) [ТГ,350].

бăскúј pl 'дел од воденичарската опрема' ~ *(ус-нúх) уфвуднúцта о-пудúгат вăртéнто* [ПК,II,28].

бăснáрка f 'жена што враже, (божем) лекува со баење, односно ја "претскажува" иднината' [ПД,116]; ~ *глидáчка, тáа шó бáа, шо пузнáве, ѓóо. Лăже, áма нăрóдо вирýве, дýри и пáри ú давăт* [ПК,II,28].

бăстúсуве impf 'врши притисок, одненадеж доаѓа, напаѓа' ~ *мă-бăстисáа гóсте – шó нăјдéх тóо извадúх (искăрáх)* [ПК,II, 28].

бăсăмáк m 'едно скалило – напречно дрво на скала, степеник' [КЕ,244]; [СК,320] [ПВ(К)].

бăтáк m 'нечиста вода со кал' ~ *кá нéма дé-ј-тăкóф, цéл дéн éј уф-бăтáко* [ПК,II,28].

бăтáл adj 'неуреден' ~ *рăстýрин, нóго бăтáл чувéк тóо мóјо... бăтáл чувéк ... бăтáл кóјн* [ПК,II,28].

бăтáн m 'работилница за тупење клашни, користи водена енергија' [КЕ,271].

бăтăлúсе pf 'остави нешто, не го користи повеќе' ~ *имáјниту ми гу баталисá* [BV, 25]; ~ *сúчко бăтăлисáх усéлто, уддéх у-грáдо, пóáрăн-éј жавóто* [ПК,II,28] [ПВ(К)].

бăтăрдúсуве impf 1. 'зема, присвојува' ~ *шó úмше д-úмше уд-мáјка сé óна бăтăрдисá* [ПК,II,28]; 2. 'повлекува (тегне) силно' ~ *м'éн'а м'á батардúсува вудáта* (со исто значење: *м'ạ цáснува н'éтр'ạ у вудáтạ*) (= ме повлекува во длабочината) [MS,s,7].

бăхт'а (са) impf 'се тепа' ~ *са бăхт'ахме сос адúн друк змúј и ми надвú* [ВС(Д),79].

бăхчăлăк m 'градинарство' ~ *удбăхчăлăк жавéјахме: дýјни, јạбýлки, слúви вáдăхме тóги*

но́го, прудáвăхме, не́ би́ше но́го а́рно, а́ма не́ ни би́ше и ло́шо [ПК,II,29].

бăчвáр m 'мајстор што изработува дрвени садови, буриња, бочви' [ДС(Ч)].

бăцáк (и: **бацак**) m 'парче кожа од што туку одрано животно' – се става на удрено место, помодрено, или на место што е опфатено од болеста *мицина* [ТГ,236]; ~ *ко́жа удо́фца, а-туру́ват нă-у́дрăнто ме́сто шо́ те́-ј, о́на ќа-изврле́че крăфта, нă-у́дринто ме́сто ќи-уста́не чиви́т цăрно* [ПК,II,29].

бăцини́к m 'ѕидан отвор во форма на издолжен цилиндар низ кој излегува димот' ~ *у бăцини́кут бу́че* [ПВ(К)]; 'горниот дел од оџакот, над покривот' [ПК,II,29].

В

в (аф, уф) prаер **1.** 'упатува на внатрешноста на даден простор, каде нешто се наоѓа' ~ *и́мало една́ ходаја́ ху́бава, та л'у ко́ј да приспи́ в не́а, ни осăмнова́л* [V,PM,254]; **2.** 'укажува на место кон кое е усмерено дејството' ~ *т'а клала овчаро внетре в сăндăко, викнала един грăбоносник и го отнесла в кăштăтă на тăрговецо* [V,PM, ..]; ~ *и тăрговецо навăрвил си по пăто, пак овчаро утишел в градо* [V,PM, 280]; **3.** 'начин' ~ *на крајта си стојат / в црно јубличени / в црно забрадени* [ТГ,348]; **4.** 'означува положба врз горната површина на предметот' (го покрива основното значење на предлогот на - за ова в. поопширно во граматичкиот дел) ~ *приближи́ при не́а, тури́ ухо́то му аф мо́мин куре́м от го́ри* [V,PM,29]; ~ *и му писа́л... наврăс гла́вата уф крăстут* [MV,K,293]; ~ *ногите му кладе аф сенката, главата му аф слăнцету* [V,PM,17]; ~ *да стăпнити уф узго́ри уф змі́ити* [MV,K,292]; ~ *нивјастата га кладе аф филдишната удаја, седнала аф фил'увата кожа* [V,PM,46]; **5.** пресретнувањето на предлозите *во* со *на* се потврдува и во случаите кога *во* (впрочем како и *на*) го покрива просторното значење на 'меѓу' ~ *еднош как влезе в трите крал'уви и в аскерот* (= еднаш кога се најде меѓу трите кралеви и меѓу аскерот) [V,PM,160]; ~ *по́вели на на́с да си хо́диме на бил'у́кут уф пра́сити* [MV,K,265]; **6.** слично е и објаснувањето за употребата на *во* со значење на 'кај' ~ *царјут пусна хабер на зета му да дојди аф царјут* [V,PM,49]; ~ *момчето износил карпичите в царската мома на конакут нејн* [V,PM, 71]; ~ *та́мо во ца́рјут чини́ мло́гу вре́ме, и еди́н де́н изле́знал да си ше́та* [V,PM,9]; **7.** предлогот во, освен што го

покрива значењето на на, меѓу, кај, иако поретко се јавува и со значење на други предлози: **7.а.** со значење на 'за' ~ *аку немам тиа камени врзани аф ногите ми, можи да пристăпнам* [V,PM,44]; **7.б.** со значење на 'под' ~ *стáни да здúгниш онáја плóча... тáмука аф нéа уздóлу úма алтăни* [V,PM,30]; ~ *не сам врéдин да ми дóјдиш аф стрéата* [MV, K,265]; **7.в.** со значење на 'до' ~ *и си наближúа уф сéлото шо óдиа* [MV,K,263]; **7.г.** со значење на 'со' (предлогот *у* го третираме како разновидност на *во*) ~ *га кладé на еднá удајá, постелáна садé у злáту* [V,PM,67]; на истата стр., еден ред подолу (во иста ситуација) имаме нормална употреба на предлогот *со* (*сос*) ~ *аф дрýга удајá, постелáна сé сос драгоцéни кáмини;* сп. уште ~ *бéши уфстрéт уф мóриту, сă бúиши уф дáлгите уф фуртýната* [V,PM,260]; **7.д.** со значење на 'од' ~ *и на тáа чáс испаднá лошутúата уф нéгу* [MV,K,266]; ~ *и слизé уф кáикут Пéтрос, си газú уф вóдата* [MV,K,267]; ~ *фарлéјти на дéсната стрáна уф кáикут грúпот да ки нáјдите* [MV,K,337]; ~ *сă чýдиа на прикáзнити... шо си испаѓáле уф ýстата нéгува* [MV,K,337].

ва pron **1.** 'овој' ~ *идúн'ут бéши Фарисéј, па дрýѓут јумбрукчúа... Гóспот исполáјти, шо нé сам катý дрýзите л'ýди... ја кату ва јумбрукчúата* [MV,K, 280]; ~ *он ми риче: "Омер-пашовот внук е ва; ујдисах, ама сега не можам"* [MC(B), 87]; ~ *бегот ма фати и ма затвори. "Што сака ва човек от мен, што ми затвурува?"* [MC(B),87]; **2.** 'оваа' ~ *а-зăпăл'ýва вá кăпúнта бáгим дăсă-стóпле* [ДК,137]; ~ *ва царúцта имáл идно-углидáлце* [БМ,197]; ~ *вá вéчăр ки дóм уф вáс* [СК,320]; сп. уште **ваја** и **ваа** ~ *воја чувек пак знајал оти ваја застра са нал'ути и леб не зима* [ТГ,372]; ~ *имиш, чино, син за жинејне / жени си го, чино, ваја јесин* [ТГ,370]; ~ *мóре, рéкла, цáро áјн сóн шó сунúх вáа вéчар, бих фсрéт мóрто н-áдна тăрска кáчин* [ПК,II,233]; **3.** 'ова' ~ *ним плакасте, лăжа е, одејте на селото, ва не верувам да е истина* [MC(B), 80]; ~ *нúму са чýдити за вá; шо ки дóјди врéмито* [MV, K,330]. Еден од многуте случаи на неусогласена конгруенција во овие говори, односно на обезвреднување на категоријата род.

ва pron **1.** 'кратка форма за директен објект од *вие* наместо *ве'* ~ *ка ки ва пуштат за леб да дунесте, една гудина трабуве да пумине* [ТГ,342]; **2.** 'кратка форма за индиректен објект од *вие* наместо *ви'* ~ *они му рекоха: "как го продаваш?" И тој им рече: "по една дамга ва удривам на ганзот"*[V,PM, 160].

ва: pron 'оваа' ~ *та: мóма ва: вéчăр да: зéмум, нúшчо нé сáкум* [ПД,151].

вáадин (|| **вадан, вáадăн** < ваден) adv **1.** 'денес' ~ *вáадин бúше нóго умăрнúк* (= денеска беше голема горештина) [ПК, II,30]; ~ *вáдăн е нóго студéно* [СК,320]; и: **вадан** ~ *душа нека стоје, Бог ки да здраве, ако не вадан а оно утре* [ТГ,247]; ~ *вадан ки му*

даиш ти леб и вичера, утре другут, демек, сус ред [ТГ, 372]; **ва́дăн** ~ *ва́дăн цéл дéн пăршóле снек* (= преку цел ден врне по малку снег) [ПД, 131]; и: **ва́јн** ~ *já нă-прúмер, ва́јн кóлко сме, дéвăт, дéсăт, нă-та: дáта, нă то: дéн, нă-трéтта гудúна дă-сă-збéрăт сúте трýјца тýка* [ПД,146]; ~ *ва́:јн си-купúле нúвичка, ýтре кóјнче, рáло и тăкá пучнáле бугáти дă-сă-чинýвăт* [ПД, 152]; се случува заменката да биде од м. род: ~ *вóјден úма нишáни дéка сéлто бúло ý-пóле, тáка шу-úма нúшта шó сă-вúкăт Шúшива Чéшма* [ДК]; **2.** изр. **вадан утре** 'овие денови, сегашно време' ~ *нá, гледиш архимандрит! Вадан утре владика ки са чине, нема ни една книга што не је пијал, ама ето служба не држе* [ТГ,215]; (и: **ва́дéн ýтре**) ~ *вó, да прóстиш, са-мучáл, са стрáл у-тó ќýпут унăтре и вá дéн ýтре, вá дéн-ýтре гу-нăпăлнúл* [БМ,196]; изразот се јавува и редуциран, а значењето останува исто: ~ *што вичера са правише, ваден толко не прават ни за две-три свадби* [ТГ,207]; ~ *дека ваден чувек има толко да пу-троше за една служба* [ТГ, 207].

ва́адăнéшăн* (и: **ва́дăншен**) adj 'денешен' ~ *зă-дéтто трибýве дă-му-сă-дáве сáмо вáадăнéшно млéко* [ПК,II,30]; ~ *вáдăншен е лéбут?* (= дали е денешен лебот?) [СК,320].

ва́га f 'техничка направа за одредување тежина' ~ *му-клáвăт иднó, нé сă-сúте нă-вáгăта, клáвăт дрýго, нé сă-сúте, злáто му-клáвăт – нúшчо* [ПД, 146].

вагичка* f 'бразда по која тече вода' (dem. од **ваґа** 'вада') ~ *го фăрлил душекут, го грабнал Предлазан, сă-спуштил пу него и Алате ама ка префăрлил вике вагичката не гу тăрчкал* [V,PM,271]; ~ *Алате бил прекăлнан од Бога да на може да помине вагичката* [V,PM, 271].

вагла́рин (и: **вăнглинáрин**) m 'оној што прави и продава јаглен – јагленар (ќумурџија)' [MS,s,124].

ваглин правејне n (гл. именка) 'откако се наберат поголема количина дрва (не многу дебели), се прави стог што се покрива (добро) со земја и лисје и потоа се запалува. Согорувањето е само делумно (бидејќи стогот е покриен и нема доволно воздух) и поради тоа дрвата не стануваат пепел туку се добива **ваглин** [ТГ...] (би требало: *вăглин*).

ва́да f **1.** 'бразда по која тече вода и се наводнува бавчата' [ДС(Ч)]; и: **ваґа** ~ *ка префарлил ваґата, фатил да вике: "е! Алате, жал, жал"* [V,PM, 271]; кај Мисирков (Ениџевардарско): **вагја** ~ *има пчинички на "Малто Блато", шо сă наогја уф постолцку ут Пелцката вагја ду "Белта Вода"* [ME(P),76]; **2. ва́дą** 'патец на косата (кај луѓето)' [ВС(Д), 67].

ваде́* n 'рок, определен термин' ~ *когá приближúвре́мето за да брой парúте на кадúата... дojдé на домá му едúн ден понапрéт от вадéто му* [V, PM,19]; ~ *отиде, от един увреин на заим пари земал, от един до петстотини гроша, за една година ваде, да му плати парите с фајдáта* [V, PM.192].

ва́де* impf 'обвинува, измислува лоши работи (за некого)' ~ *му-ва́дăт о́ти живјáл сусна́ата* (= се зборува дека имал блиски односи со снаата) [ПК(Г)].

ва́де (и: **ваѓе**) impf **1.** 'залева со вода земја каде што има посадено растенија' ~ *дека ваде Трена рано цвеќе / нападнала си е тешка дремка* [ТГ,172]; ~ *и́ш'ти ... друк да пу́ш'та ко́р'ин'ạ, друк да бо́цка ко́рин'ạ, друк да ва́ди ко́рин'е́ту* [MS,t,5]; ~ *гу с'ăјми с'ăм'ạту у ма́лкију м'ăјạнц да и с'е́тн'ạ за гу ва́дими ка́та д'е́н'* [MS,t, 4]; [СК,320]; **2.** 'изнесува нешто од некаде' ~ *уд-ц́е́бо ва́дум па́ри* [ПК,II,30]; ~ *он нека носе сус кола, ако она ваѓе низ иглини уши па ки са сврше* [ТГ,269]; **3.** 'добива, печали' ~ *ни́ạ се́каа гуди́на сијáме тит'у́н уф-Ке́л'-гире́н. То́ј сăто ме́сто адно́ по́сно, а́ма а́рно тит'у́нче вадăхме, адно си́тничко, али́с ли́ри* [ПК,II, 34]; ~ *а́ку видă субăштă оти некуј ув грăдинте... вагјă крумид или лук зă прудăвајнă и негу ки му гу делјă* [МЕ(Р), 87]; **4.**.'испира, плави алишта (по перење)': *дă-ị-зва́дум ру́пте, ки-до́м у-ва́ска* [ПК,II, 30]; [ПС(Г)]; **5.** изр. **семе се вагје** (= почнува да се сее жито) ~ *семе се вагје уф пуниделник (и кукја се зафашке да праве уф пуниделник)* [ТГ,7].

вадица f (така запишал Таневиќ, би требало **ва̄дица**) 'специјално направена, извиткана игла за ловење риби' ~ се зема коноп долг 4-5 м., на едниот крај се врзува камен, а другиот се врзува за некое колче, што потоа се забива, се врзуваат 3-4 јадици на кои се ставаат црвчиња и така се оставаат цела ноќ. Утредента доаѓа сопственикот и проверува дали на **ва̄диците** има фатено риби [ТГ,394].

вазгешти́са pf 'престане да мисли на нешто, се откаже, напушти' [BV,171]; сп. **вазѓе́ч.**

вазда́ха* impf 'воздивнува'; сп. **изда́ха** [MS,t,124].

вазѓе́ч' adv 'никако (не е возможно), немој, остави' – резигнирано' ~ *му вили́: "ста́н'! да сă збáцками!" то́ј и вили́: "ни ста́нува, ц́'а́нам, вазѓе́ч' "* [MS, t,37]; [СК,320].

ваз praep (< стсл. възъ) 'низ, кај' ~ *засвири́л Ма́рку, засвири́л / сет те́нка б'а́ла пиш'та́лка / ваз го́рна-до́лна махала́ / ваз ка́урска́та механа́* [ВС(Д),63].

вазе pron 'долга форма за директен објект од *вие*' ~ *јазе сакам идно јунак да се јудбере / идно јунак да се јудбере јут вазе* [МЕ(В),258]

ва́зи adj 'цел, сиот' ~ *ва́зи д'е́н'* 'цел ден' [MS,t,124]; ~ *да сă наид'е́ш', да сă напи́ш', да в'е́ниш' кни́гата, на скумин'о́ ва́са но́ш' да с'ạди́ш'* [MS,t,31]; ~ *"по́ху́бав'ạ н'е́ка си би́х у хапсана́та, пара́ сă ту́к ш'ту л'е́гнах на то́с ухтика́сан крива́т, а́х, у́х!" – у ва́са но́ш' сăн гу ни фа́ти* [MS,t,42].

вазика pron 'долга форма за (ии)директен објект од *вие*' ~ *и га вел'ат на не́а: "нив'а́сту, ету тиа алтăни цар'ут ги пусна на вазика"* [V,PM,32].

ва́ити pl '...' (?) ~ *ка́ си научи́ле шо и́ди Исус... а зе́ле ва́ити ут урма́ити и испадна́ле да гу причекат* [MV,K,288].

ва́ј adv 'ваму' ~ *е то́ă, нă-тăка́ сă-ц́а́сни, нă-ва́ј сă-ц́а́сни, па́шкăта му-сă-скина́ла, во́да, зна́-*

чи, пăлăн ку́по, не́ излéве, едвáј избăгáл [ПД,157].

вáја f, bot, Laurus nobilis 'украсно, медитеранско дрво, лавор' (со исто значење: **дáфна**) [MS,s, 124].

вајагудишин* adj 'оформен (роден) последнава година' ~ *сите дујдеја да ја гледат / и вајагудишни нивести / и гушувати јудовички* [ТГ,213].

вáка adv **1.**'укажува на блиско место, ваму' ~ *вéли на Томá: дóниси вáка прăстот, éм ви́ди ми и рăцити* [MV,K,337]; ~ *и шо ки нáјдиш сиромáси, кри́ви, слéпи, лóши, áрни, зáиси а вáка* [MV,K,278]; **2.** 'покажува време' ~ *ут султан Мицитувуту царувајнă дă нă вака, ут ка сă дăде мулјумат* [ME(P)]; ~ *во ногу ачик ки сă видă аку сă стокмă живечкăтă ув Постул... ут 20 г. нă вакă* [ME(P),90].

вáки adv 'ваму' ~ *ел, викáл, елту́к, пó-нă-вáки* [ПК,II,266]; ~ *нă-вáки, нă-вáки прăти́сн'-ó: дăзăстáне* (= наваму, наваму притисни...); ~ *и си дујдéме на вáки, спурти Бугрóјца* [ПК,II, 30].

вакла* adj 'атрибут (со позитивна конотација) кон именката овца' ~ *Калино л'убе, Калино / стигнăхме л'убе добихме / вакли охци, руди овни* [ТБ,С,44].

ваклешат* adj 'атрибутска одредница кон имињата: овци, овни' ~ *изјали са девет јувна / девет јувна ваклешати / испили са девет бăчви / девет бăчви рујну ви́ну* [ТБ,С,52].

вáксăцúа m 'човек (обично циганин) што на улица (за пари) чисти кондури' ~ *óн и-чи́сте пăпу́цто: нă-пăто и́ма вáксăцúа, нéк-ти исчи́сте пăпу́цто, ни́м д-óјш тăкóф уф-цăркăфта* [ПК,II,30]; и: **ваксација** [МС(В),70].

вáкуф* adj 'имот што ѝ припаѓа на црквата, црквински' [MS,s, 124]; ~ *тó-ј вáкуво мéсто, нé дáват дă-сă прáват кăшти* [ПК,II,30]; ~ *имáл нéко: врéме, куту вáкуво бил, цăркóвно нéшто* [ПК,II, 216].

вáкăт m **1.**'време' ~ *хизмикáрот ... сă чини́ млóгу богáт... кату са чини тебди́л сос злáтни дрéхи, ама и тóлку вакăт промина́, дојдé на онова́ грат* [V,PM.27]; ~ *на ти́и дни́ти тá вáкăт устанáла тéшка Елисáвет Заари́цата* [MV,K,315]; **2.** 'погодност, услови' (време што одговара) ~ *óти јá-сам нóгу стáр, па жéна му пуминáла вáкăтут нин'о* [MV, K,327]; ~ *ама тинака как ми велиши на меника: "немам вакăт, немам вредност за да праштам дете на даскал"* [V, PM,38].

вáле* impf **1.** 'запалува' (оган) ~ *устáв-ја: мóмичката нéк-о:-нăвáле óгино;* ~ *а нăвăли́х нă сóобта* (= ја запалив печката) ... *вăл'ум ушáкут* (= палам оган на огништето) [СК,320]; [ИГ,124]; ~ *то: шó ки-стáне сăбáлин рáно, он ки-зăвáле óгинут* [ПК(Г)]; **2.** – **(сă)** 'се валка, станува нечист' [СК, 320]; ~ *мă-извăл'á, цéлјо бирбáт мă-нăпрăви́* [ПК(Г)]; ~ *нé о-нóсум, нóго сă-вáле тóо фустáн, нéк ме-ј зă-излéвне* (= фустанот многу се валка, ќе го чувам за свечености'; **3.** – **(сă)** 'се превртува, се препелка' ~ *éј-гу пи́јн сă-вáле пу пăтут* (= ете го пијан се тркала ...); [ПК,II,30]; ~ *му р'éч'и: "тузи́, ш'ту ми гу стóри ни на Бóга дýш'а да дад'éш' ни на з'éм'а кóкал да*

клад'éш'!" гу устáви Крáл'у Мáрку тáму да сă вáли и сă утúди [MS,t,39].

валјка (сă) impf **1.** 'безделничи, се мотка' ~ *пуминувă су 1 унлук кафе и сă валјка визден нă муабет* [ME(P),87]; **2.**'се препелка, на земјата (од пијанство, болест)' ~ *отидоха и на чешмата, на вода месту га испиха фрет ракиата, са упиха и легнаха еди-тамо да са валкат* [V,PM,42]; ~ *гу путрисé на нéгу и паднá на зéмн'ата, си вáлкаши су пéна уф ýстата* [MV,K,285].

валú* m 'турски великодостојник, валија' ~ *стáнува Настрáдинхóм'а, ги калéсува паш'áта и валúту за да ги густú* [MS, t.54].

валúца f 'торба за патување, кофер' [BV,170].

валла 'за бога' ~ *валла риче офчару, јас пари нејќум* [V,PM. 45].

валта f 'влажна долина' ~ *нúско мéсто нéко, гóр-дóл мучурúште, прăку цéла гудúна гă-зăдăржуве влáгăта* [ПД,129]; ~ *и на пăт'у го најдоха калеко, пасиши мулинту на една валта* [V,PM,160]; [MS,s,125]; сп. **Вáлта** top. 'име на место во Кукушко (с. Морарци)' ~ *вóдно мéсто, рéка, úмше и бунáрчета* [ПК,II,216]; во употреба е и разновидноста **вáлто** 'мочурливо, влажно, ниско место' [ДК,106].

валтáр m 'преграден дел од црквата, таму не влегуваат жени' ~ *не испáгиши уф валтáрут дéн'а нóќа* [MV,K,314]; ~ *си угудú да тимн'атиса, ка флéгął на Господúново валтáр* [MV,K,321].

вáл'авица f 'работилница каде што со помош на водена енергија се тупаат клашни' [ДС (Ч)].

вáл'ąк m 'дрво во средина на гумното, стожер' (?) [BC(Д),70].

вал'ýга f **1.** 'кусо парче дебело, округло дрво, се користи за симнување на воденичарскиот камен'; **2** fig. 'подбивно за кус, дебел човек' ~ *кá сéј чинúл алúс вал'ýга* [ПК(Г)].

вáл'ăн* adj 'штоф обработен на валавица' ~ *чéрга вúкуме ти уфчáрто шо-ј нóсăт áко нé-ј тýпăно... áко-ј вáл'ăно кéпе сăвúке* [ПД,118].

вáм pron 'долга форма за индиректен објект од заменката *вие*' **1.** употребена (заедно со предлогот **на**) во дативна конструкција ~ *"јас úмам трú кóни и два суварúји, ја-за ви ги дáм на вáм, за гу пúтам три пăнт'а: знáј да вр'ăј и ни знáј вр'ăј"* [MS,t,30]; **2.** 'употреба на **вам** во конструкции за директен објект' ~ *"н'ăсă јáс кăтý вáм будалá да фáтам н'éс, ш'у хóд'ăт пу зим'áта, јáс фáш'там да л'áтат на вит'ąрóт"* [MS,t,75]; ~ *тóј му р'éч'и : "јас дóјдух при вáм да стáними парéја"* [MS,t,74]; ~ *грáмнува цáр'у идúн камш'úк на гул'áмит'ą з'éнт'уфци: "дóл брé ќáрати у кукуш'кáрнику в'ă прил'áга вáм!"* [MS,t,37]. Сите примери се од Солунско, во повеќето долновардарски говори директниот објект се изразува: **(нă) вас** (*вă виде*).

вампир* m 'дух на умрен човек (според народното верување)' ~ *шо сă чинăт Турците пу умрешката то и ајупците: ристејнту пă сă чинеле вампирă* [ME(P),77].

вампирин m 'духот на умрен човек што ноќно време прави зла – суеверие' [ПК,II,234];

според народното верување може да стане *вампирин* оној што ќе умре *"уф пугани дни"* (деновите по Божиќ) [ТГ,259].

Вампи́рска Ре́ка f, top. 'име на река во с. Морарци – Кукушко' ~ *адна́ сӑ-ви́кше Вампи́рска Ре́ка, адна́ сӑ-ви́кше Кла́јнска Ре́ка, дру́га сӑ-ви́кше Бизи́мска Ре́ка* [ПК,II,223].

Ванга f 'женско лично име во Гевгелиско' [ТГ,115].

вангеле n 'библија, евангелие' ~ *не је забележин ни уф една црквина книга, нити пак уф Вангеле* [ТГ,215]; во материјалите од Будишевска: **ванге́ле** [BV,157]

Вангел' m 'машко лично име во Гевгелиско' [ТГ,114].

Вангилина* f 'женско лично име во Гевгелиско' ~ *Вангилино, моја прва л'убо / саноќ ми си на рӑка лижала / дури рӑка, рӑка јутрпнала* [ТГ,53]; ~ *стани ми, стани, тенка Ванѓелино / борна да нацепиш, огин да навалиш* [ТГ,177]; ~ *се излаѫжа Ванѓелина, удрила на него / си удрила, Ванѓелино, али не го секла* [ТГ,41]. Паралелната употреба на формите *Вангелина* и *Вангелино*, со иста синтаксичка (субјектна) вредност, претставува аргумент за нефункционирањето на категоријата род; за ова в. поопширно во граматичкиот дел; во споменатиот граматички дел в. и за необичната (и непозната) употреба на сврзникот *али* со адверсативно значење.

ванкили́ф (*о́р'ах, куста́н*) adj 'дрво (орев, костен) со многу глуждови, тврдо'; сп. **ва́нкил** 'јазол' [MS,s,124].

Вани m 'машко лично име во Воденско' ~ *дуфтасаја арамијте / го фатија личин Вани* [ТБ,В,64].

Вано m 'машко лично име во Гевгелиско' [ТГ,114]; во Еницевардарско: **Ва́ну** (со редукција) ~ *Ва́ну и́ма ку́ла пузлате́на / ду ку́лата три бла́ѓи јабӑлки* [МЕ(Р),96].

вапсанкӑ f 'девојка, жена којашто има црн тен' (**вапсана** = бојадисана) ~ *и на тебе кароконџјурето да дадат прикијӑ като на тӑзи вапсанкӑ!* [V, РМ.287].

вапцувајне n (гл. именка) 'бојадисување' – во минатото се *вапцувало* со билки; пр. црната боја се добивала од гранки на диви лешници и стипса ("зелена галица") и згура (= сосема ситни делови од изгорено железо, добиени при обработка на железото); на тој начин се бојадисувала волнена преѓа, додека пак свилата црно се бојадисувала со кора од калинка; *жӑлто сӑ вапцувало* со цветот на *жӑлта млечка* (= вид трева, кога ќе се скине стебленцето се појавува бела течност како млеко), или со тревата *бујанка* која што расте во полето, *каветузлија* (кафено) се *вапцуве* со лушпи (зелени) од орев или со жили од истото дрво; во растворот за бојадисување се додава *стипса*; портокалова нијанса се добива од тревата *броќ*, некои додаваат и корење од *тросковиц* (= трева пиреј). Свилата се бојадисувала *каветузлија* само со *броќ* [ТГ, 358].

ва́пцӑн adj 'бојадисан' ~ *пре́дӑнто-і ва́пцӑно цӑрве́но* [ПК,II,30]; ~ *Шамијка бела, вапцана / Ленка на Јосиф таксана* [ТГ, 142].

ва́р m 'специјален бел камен – калциум карбонат, печен на висока температура, се користи во градежништвото' (има и антисептичко дејство) ~ *гизатрупува́ли уф-не́коо ва́р* (на заболените од колера) [ПК,II, 275]; ~ *зид зидо́сано, ва́р варо́сану, ни́где ду́пка ни призо́рка* – поговорка (= јајце) [ИГ,122]; [MS,s,124].

ва́рај interj **1.** 'бре, море' (извик за "остро обраќање") ~ *вели на жена му: "варај жену, динеска кату немам кеф, нека дојди едната дивојка с мене на овците!"* [V,PM,169]; **2.** 'леле' (извик за изразување жалост, молба) ~ *фа́ти рӑци да крӑши и да ве́ли: "ва́рај, ке́рку, това е за ло́шу, ама була́ким на де́тето да не́ си чи́ни ни́шту!"* [V, PM,31]; ~ *и тој вели на момите: "варај моми, млого ви са мол'а, да ми кажите, ламјата дека седи"* [V, PM,220].

варакоса* pf 'обложи нешто со тенок слој злато' ~ *една кӑтка, за ја варакосат с фарак* (**варак = фарак** = златен лист) [V,PM.245].

вара́л'ка f 'голема длабока лажица за црпење' [ДС(Ч)].

Варвара f 'женско лично име во Гевгелиско' [ТГ,114]; ~ *ој Варва́ро, џан Варва́ро / шо си ути́де ту́ва до́лу* [ME(P),96]; сп. **Варва́ра** 'име на празник' (тогаш се вари пченка) [BC (Д),69]; ~ *свити Ристосе и Свита Бугуројцо и Свита Варваро... здраве и касмет на сите братја да дајте* [ТГ, 306].

вар'а́ни n **1.** 'готвење' (приготвување јадење) [MS,s,124]; **2.** 'вриење, ферментирање (на овошни плодови пред да се прави вино, ракија)' ~ *дру́гију мӑс гу ра́бути́хми, д'е́сит' дни́ завѝра па́тусу и дувѝр'а (па́псува вар'ӑниту)* [MS,t,4].

варгале (се)* impf 'лежејќи на земјата (пр. магарето, коњот) се обраќа, се препелка' ~ коњот болен од *срце-јадејне*, од болки се препелка по земјата (**се варгале**), а за да го излекува газдата му става во грлото црн пипер истолчен и помешан со ракија [ТГ,384].

Вардар-Каписи top. 'име на влез во градот Солун, од северната страна' (ексцерпираниот материјал се однесува на периодот кон крајот на минатиот век, кога градот Солун бил ограден со ѕид). Имало и други влезови: *Једикуле-Каписи* и *Ѓелемер-Каписи*, но првиот *(Вардар - Каписи)* бил главен. Во Солун пуштале (преку споменативе влезови) да се влезе откако ќе се раздени, градот можел да се напушти само до зајди сонце [ТГ,424]; се среќава и како **Вардарска капиа** ~ *ги зема детенто, кониса, излезе кату от Вардарската капиа, чја за пајди на панагир* [V,PM,173].

Вардариц m 'име на ветар, дува од север, студен е; односниов назив за ветар (освен во Гевгелиско) се среќава на повеќе места во Долновардарско' [ТГ, 376].

вардарка* f 'девојка (жена) што потекнува од селата покрај Вардар' ~ *Питкано бела Вардарке / рано ти цвеќе развило / от не гу бериш да носиш* [ТБ,М,41]..J

вардарски* adj 'она што има врска со името на реката Вардар' ~ *сакаше Шабан - Гега да иде на Солун, ама го*

чу, што има аскер на Вардарскио мост, са вăрна [МС (В),72].

вáрде* impf 'чува' ~ *нúку áскер вардéл тáму* [ДК,113]; – **(сă)*** 'се чува' ~ *"нăýчу уд-нéго пóјќе, ама вáрди-сă, тáтко!"* [ДК,141].

Вардино n, top. 'име на место на патот Стојаково – Солун. Таму се менувал *небетчијата* (= тој што го водел *кирванот* од *арабаџии*) [ТГ,423].

Вардăрија f, top. 'област по долниот тек на р. Вардар – јужно од Демир Капија' ~ *лафăт гăрцки, зăто везувиту и шарувиту и аку не кăту уф Вардăријта ошă ји дăржăт* [МЕ(Р)].

вáре impf **1.** 'приготвува јадење држејќи го на оган' ~ *ја-ј имáш'и мáнц'ата клáдину да сă варú бакăру на т'ап'ăту на тупóлата закáцин* [MS,t,55]; ~ *с'éтн'а за вáр'а трáхна (= мáнц'а ут брáш'ну' : прајат ч'áсту, гу сăхнуват, гу трăјат др'éбну)* [MS,t,65]; освен јадењето се варат и напивки чај, кафе и сл. ~ *áјде сúнко, вéле, ти вáри вáдăн кавé нă-цáро* [ПД,145]; ~ *нéкуј нăрăче кавé – му-нóсе, а стáрио вáре кавéто* [ПД,145]; **2.** во Долновардарско (за разлика од некои други говори) се **варе** (а не се пече) исто така **ракија:** грозје или др. овошје, што е ферментирано, се става на силен оган за да проврие и да испари а потоа пареата со кондензација се претвора во алкохол [ТГ,354]; сп. ~ *да вариш, да не са дуваре* – да се роди многу грозје та да не може да се довари ракијата (пожелување кога се копа лозје) [ТГ,333]. Самиот процес на **варејне** (ракија) тече на следниов начин: откако виното ќе се *праточе* во *куритуто* останува само *кумијна,* се дотура малку вода (за да не се исуши *кумијната)* и во специјални казани се **варе** ракија. Во казанот некои ставаат *аласон* – специјално семе што мириса на мастика - го купувале од Грција; ако во таквата ракија се стави капка-две вода ракијата станува бела како млеко. Ракијата со *алсон* ја викаат *аласонлија,* а ако нема *аласон* тогаш ја викаат *грапа.* Покрај аласонот некои ставаат кори од *калинка* – за да биде ракијата жолта; трети ставаат гранче од зелена *јабука* – за да добие црвенкасто-жолтеникава боја (оваа ракија ја викаат **кујнак-ракија**). Четврти ставаат *букувски пиперки* – за да биде ракијата лута. Некои ставаат *чам сакăс* – ракијата да добие убав мирис [ТГ,355].

вáре impf **1.** 'врие' (вода) ~ *тáмă едúн гулéм кăзáн вáре и-укул кăзáно читирúјсе дýши лéжăт, спúт* [ПД,169] ~ *му вилú : "хáјди, мăнц'у, удáта варú, да стóриш' бан'а!"* [MS,t,69]; ~ *"тóс вéч'ер за му тýрними варéна óда!" ... варúха идúн гул'áм казáн' óда* [MS,t,75]; **2.** fig. изр.: **варе** (облакот): кога небото е тмурно, непосредно пред да заврне се кажува ~ *облакут варе* [ПК(Г)]; **3. му вáре крăфта** – така се вели кога некој е немирен во младоста [ПК(Г)]; **4. вáр-го, пéч-го, сé тó-ј** 'кога нешто не може да се поправи' ~ *и ус-áрно му-сăкăжá, и ус-лóшо, нé бúве; вáрго, пéч-го, сé тó-ј* [ПК,II,155].

варе impf 'кога множество од инсекти и сл. се движи'; сп. клетва од Гевгелиско: ~ *црве да вариш* (= да имаш лоши рани со многу црви) [ТГ,319].

варе́ла* f 'дрвен сад, личи на бочва, но е потесна' ~ *и тугáс гу пýш'тами вúнуту, гу напулнувáми пу бăнч'фит'ạ и пу варéлиту* [MS,t,4]; ~ *удáта, ш'у им'ăха за пијéни у варéлит'ạ, му битúса* [MS,t,84]; [BS, 170].

варен* adj **1.** 'она што било на висока температура и станало меко (пр. погодно за јадење и сл.)' ~ *ако је крúф грабнáка на варéна кокóшка кăм л'аво, покáзва чи има д'áул фаф кăшти* [BC(Д),83]; ~ *пусакало нешто пунуда / нешто пунуда, шикéр црни сливи / шикéр црни сливи, варена папуда* [ТГ,158]; **2.** 'жешка, зовриена (вода)' ~ *"тóс вéч'ер за му тýрними варéна óда!"* [MS, t,75].

вареница f 'јадење (варено) што им се дава на кокошките на празникот св. Варвара' [ТГ, 403].

вар'éш'та adj (m,f) 'жешка'; сп. и **вр'éш'та** (вода) [MS,s,124].

варзáн* adj **1.** 'кога нешто скинато, пр. конец, повторно ќе биде прикрепено едно за друго, односно кога коњ или др. животно со помошта на јаже биде прикрепено кон некој предмет' ~ *га најдé брáтовата му бăрза кóн'а и кýченто тамо варзáни сóс верúги* [V,PM, 145]; **2.** 'потврден – орр. на опростен' (пр. грев) ~ *áку утвạрзáхти на нéкој грехóвити... утвạрзáни да бúдат; пак áку са вạрзáни, вạрзáни да му бúдат* [MV,K,337]; **3.** 'некомуникативен, неснаодлив' ~ *ќуптéн вăрзáн, за нúшто н'обúве* [ПК(Г)].

вạрзивáнито n 'сфатеност' (парализа) ~ *не трибýаши да си лекýва ут вá вạрзивáнито на дéнут уф сýбута* [MV,K,324].

варúја m 'голем чекан, го употребуваат за кршење камења' [BV,170].

варијне (си) (сă)* impf 'оди таму каде што бил порано, се враќа' ~ *трети пăт кинисал, рекăл: "вике, не си варијнум"* [V,PM,273]; ~ *на тоа место наистина имало безценни камајне, ама кој удил тамо, не са варијнал жив* [V,PM,526].

варúнце part 'дури' ~ *женáта му вéли: "áх, мăжу, ету Велúкден дојдé, нúа нéмами от нúшту: нúту л'áп úмами, варúнце"* [V,PM.147].

вáрка f 'чун, кајче' ~ *и трăгнува и тóј, јáхнува на инá вáрка и гу закáраха на цáрувата мóма на кăш'тата* [MS,t,22]; ~ *стáнаха хазăр', фл'áзуха у пујнá вáрка и трăгнаха* [MS,t,68].

вáрка (и: **варке**) (**сă**) impf 'брза' ~ *нóго сă-вáркише, ич ни нé сиднá* [ПК,II,30]; ~ *арамијата ка гу виде оти са варке, му скина една лубаница и испадна, да гу прачеке* [ТГ,147]; ~ *и да вáркиш ни мóјш дó стúгниш, ќуптéн ај дилéко óдăн* [ПК(Г)].

варкано adv 'брзо' ~ *варкано свире* (= брзо свири) [ТГ,323]; сп. *сă-вáрке* 'се брза'.

вạрнạвáн* adj 'вратен, во случајов: вратени зборови, одговор' ~ *си чýдаа... на ýмут и на вạрнạвáнити лáфови* [MV,K, 308].

варосувајне n (гл. именка) 'пред да се вари слатко од грозје и тикви (таквото слатко се вика *рачели*), парчињата од тиква

треба да се стават во вар – за да се стврднат; тоа се вика *варосувајне* [ТГ,352] – вистинското варосување, т.е. нанесување вар на ѕид или некоја друга површина во Долновардарско се вика **па́рскне**, бидејќи во овие краишта (станува збор за селата) за да се варосаат ѕидовите се прскаат со растворена вар со помош на метла [ПК(Г)].

Варош m 'симбол за градска населба; во повеќе градови во Македонија стариот дел се вика Варош' ~ *ај ки одме у града Вароша / там ки седме до три дена... си вјанаја којна пеливана / па појдоа во града Вароша* [ТБ,В,28].

вар-пичејне n 'вар се пече од *бел камен,* што го наоѓаат покрај Вардар, или пак го вадат од *мадем* (= ископ, рудник)' [ТГ,351]; *ва́рта сӑ-пе́че* во специјални фурни, сп. **варџ'и́ница**.

вартика́ш'ник m 'човек што си ја гледа куќата и фамилијата' [ВС(Д),67].

варуса́н* adj 'покриен со вар, обелен, односно малтерисан' ~ *буга́тите уд-диле́ку мужѐле дӑ-сӑ-пу́л'ӑт пу-ку́јќите шу бе́а и уд на́друф вӑруса́ни* [ДК, 154]; ~ *немаш лице като лице / лице имаш като книга / варосана, не писана* [ТБ,М,52].

варџ'и́ница (и: **ва́рница**) f 'голема дупка во која се пече камен варовник и се прави вар' [MS, s,125]; [MS,s,124].

варџиски adj 'она што се однесува на вар' (пр. дуќан и сл.) [ПК(Г)]; **варџијски** (пр. занает) [ТГ,351].

ва́с pron (долга форма за директен објект од 'вие') ~ *тука на вас ки останам хизмиќарин* [V,PM.110]; и за индиректен објект (заедно со предлогот *на*) ~ *ја́зе па́ри не прати́х на ва́с, ту́ку една́ ма́чка и една́ кали́нка* [V, PM.110].

васаје́т m 'порака, завештание што се искажува пред смрт' ~ *"јас пузна́х ч'ӑ за м'ӑ уклаве́ш'! и ж'ина́та јӑ уста́вих дити́н'а да ти уста́в'ам иди́н васаје́т, да гу крӑсти мо́јту д'ӑт'ӑ ... Дијуни́ш'!"* [MS,t,46]. ~ *ја затфо́ри фо́туграфи́јата у иди́н дула́п ... ја закл'у́ч'и и уста́ви васаје́т на жина́та-му, то́с дула́п да гу ни утфо́ри пуиди́н* [MS,t,9].

васани́ца f, zool. 'гасеница'; сп. **вус'ӑница** [MS,s,129].

ва́сано́ш' adv 'саноќ' ~ *и т'а́ сиути́ди до́л пукра́ј манџ'о́ и то́ј ва́сано́ш' сӑ ч'у́диш'и, ка́к ста́на та́с ра́бута, и́ч' сӑн гу ни фа́ти* [MS,t,37].

васа́ну n 'грижа' ~ *за тузи́ ми бире́ш' гајле́* (**ва́сану**), *ја́с за ти да́м иди́н ко́н'у* [MS,t,19]; сп. **гајле́** [MS,s,125].

Васи́ливди́н' m 'празник Нова година' (стар стил) [MS,s,125].

васта́јќ m 'врвца со која се стегнува скутникот' [MS,s,124].

вӑсу́л' (и: **фӑсу́л'**) m,bot. Faba 'грав' [ВС(Д),70].

ва́тан m 'роден крај, татковина' (само во изразот: **фа́тфам ва́тан** = останувам да живеам за секогаш – во родниот крај) [BV,171].

вати pf **1.** (в. **фати**) 'земе в рака нешто'; **2.**'почне' ~ *кату ги затвориха аф те́мна удајá, вати жената да пла́чи* [V, PM.11]; ~ *Го́спот позна́ не́говата кле́вета, и затова́ насред'а́ пӑт'у си заоблачи́ небе́-*

ту, вати те́шко да грами́ [V, PM,16].

Ватилăк m, top. 'име на село во Солунско' ~ *дедо Кустадин... беше от Ватилăк* [MC(B),69]; ~ *оттам напкун кинисах накаде Ватилăк. Една река има Каламита ја вел'ат; покрај та река* [MC,(B),87].

ва̣то́к m 'конци, преѓа што при ткаењето на разбој се преплетуваат со основата и така се прави платно' [ПГ(К)].

ваш* pron **1.** 'посвојна заменка, укажува на она што му припаѓа на 2 л. мн.' ~ *еди́н господа́р кату ва́ша ми́лост, от не́говата харнотиа ми даде́ на учи́лиштате* [V,PM, 152]; ~ *дујде́ стро́јникут: "ва́шта мо́ма са̣ арисá, до̣јде́ме да на̣ а да́јте да а арма́сме"* [ИГ,114]; ~ *му каза́ха: "т'е́-сă трит'а̣ ко́ни ва́ш'т'а̣"* [MS, t,81]; ~ *ва́ш'ују // ва́ш'ут* 'вашиот' [MS,s,124]; ; **2.** 'близок човек (другар, пријател, роднина) на 2 л. мн.' ~ *зăт-ме́н са-ва́ши* [БМ,197].

в'а́шка f 'ситни влакненца над очите во форма на лак (веѓа)' ~ [ВС(Д),67]; [ДС(Ч)]; сп: **в'а́ж'да**.

в'ä pron (кратка форма за директен објект од личната заменка 'вие') ~ *гра́мнува ца́р'у иди́н камш'и́к на гул'а́мит'а̣ з'е́нт'уфци: "до́л бре́ ќа́рати у кукуш'ка́рнику в'ä прил'а́га ва́м!"* [MS,t,37].

в'а́ї * impf 'чисти жито со веење (пр. на гумно)' [MS,s,124]; сп. *ја́ва ~ куту̀ лупа́та, це́ла нăпра́вăна уд-дăрво, зă-ве́јне нăвра́о* [ПД,123].

в'а́јка f 'гранка' (pl: **в'а́јки**) ~ *в'ӑјка = т'е́нки, длăги и су́хи да́луви и теп'ӑнта* [MS,s,124]; и **в'а́јкă** ~ *и ми ра́жбă руди́ла: / вс'а́кă в'а́јкă-ј ја́бăлка* [ВС(Д),86]; уште: **вејка** ~ *дали му сă лоза сăс грозде...] дали му сă вејка сăс дун'а* [ТБ,С,20].

в'а́ж'да* f 'ситни влакненца над очите распоредени како ивица – во форма на лак (веѓа)' ~ *и му вили́...: "е́зми н'е́с но́ж'ниц'а̣, скри́пни ми мăра в'ӑж'дит'а̣"* [MS,t,86]; || **зв'а́ж'да** [MS,s,124]; сп. и: **в'а́шка** [ВС(Д),67]; [ДС(Ч)]; и: **веѓа*** ~ *вегите ји биле, мале / морски пијавици / снагата ји била, мале / морска рамна трска* [ТГ,52]; ~ *нимо јоди рано вонка / не са гледе санр меѓа / санр меѓа црна веѓа* [ТГ,52]; сп. изр. **ве́јште му-па̄дна́а** (= многу се засрами) ~ *не́јќе дă-фле́зе, ве́јште ќи-му-па́днат* [ПК,II, 155].

в'а́к (и: **ве́к**) m **1.**'период на живеење на еден човек' ~ *пе́дăсăт сă пиша́х то́ѓи; ко́лко, ца́л ве́к сум извăрве́ла, и́ч не зна́м* [ИГ,121]; ~ *ве́кут о-пумина́х уз-н'а́а*; ~ *ти́нака да ре́чеш: ја́зе га зема́х же́на, за век да живо́вам сос не́а* [V, PM,11] (сп. **да̄лгувечин** ~ *со́јут ин е́ј тако́ф, да̄лгуве́чни сă о́ни*) [ПК(Г)]; **2.** 'период од сто години' [MS,s, 124]; **3.** 'многу време' ~ *чи́нум ади́н ве́к пумина́ ут-ка́ уддéа де́цта* [ПК(Г)]; **4.** изр.: ~ *прустено и уд мене и уд Госпуд* **и на воја век и на тоја век** (за време на животот, но и по смртта нека ви биде опростено од мене и од Господ) [ТГ, 294]; ~ **му дадејте век и кует** *куту камин да си биде здрав* (пожелување = да има долг живот и сила како што има каменот) [ТГ,285]; ~ **век**

да си викуват (= да бидат заедно цел живот) ~ *да ја носе јуф гора зилена / тамо они век да си викуват* [ТГ,51]; ~ **дур до век така да отиват** (= секогаш, вечно да бидат блиски како што се сега) [V, PM,85]; ~ **ду века да траје**, *да нема касавет* (пожелување кога се почнува градба на куќа) [ТГ,296]; ~ **ако има век има и лек** (= надминувањето на болеста често зависи и од судбината) [ТГ,249]; ~ **Госпуд да даде век и здраве,** *сус мирак груздубер да прачекме, пикмез да варме, вино да правме!* (пожелување кога се копа лозје) [ТГ,19]; ~ *да си жиф, да си здрав, гулем да пурасниш...* **Госпуд да ти даде век и касмет** (пожелување кон мало дете) [ТГ,19]

в'ӑра f **1.** 'припадност кон одредена религиозна асоцијација, идеологија поврзана со постоењето на виша сила' ~ *áко мóже дă-зéва и óн рисјáнцка вéра и дă-мóже дă-си-óде нăгóсти, а и дă-му грéдăт гóсти* [ДК,153]; **2.** 'верување, увереност во нешто' ~ *стáни си, и óди си, вéрата тфóа ти лекувá*; **3.** 'припадност кон одредена категорија луѓе, па и одредена националност' ~ *ут ш'ó в'ӑра* 'од каква вера (народност) е' [MS,s,124]; **4.** 'верба во нечија чесност (добронамерност)' ~ *дă-нéмиш вéра уф-н'ó ,ќи-т-излăже* [ПК(Г)]; **5.** изр. **не-м-сă фáјќе вéра** (= не можам да верувам дека е вистина) ~ *áма пá нé-м сăфáјќе нă-цáро вéра* (= сепак царот не може да поверува).

в'ӑрна adj (m, f) 'оној што се држи до зборот, до ветеното' [MS,s,124].

в'ӑрува* impf 'прифаќа нешто за вистина, со доверба' ~ *ни мóж'и да трăпú с'é у кукуш'кáрнику да с'ạдú, за кáж'и в'éјки: "е ц'áнам, тáти, тóс-и, ш'ту б'ӑш'и на мурабéту, já-гу и ш'увре́ту да ти гу кáж'а áку ни в'ӑруваш' "* [MSt,37]; ~ *д'ӑт'ạнту ... на хýрната п'ӑј; áку ни в'ӑруваш', јáла да вúдиш'!* [MS,t,81]; и **верува** ~ *ним плакасте, лăжа е, одејте на селото, ва не верувам да е истина* [MC(B),80]; **2.**'се надева' *вирýм óт еі тăкá, тă ќивúіме* [ПК(Г)].

в'ӑса (сă) impf 'се брза' ~ *т'á му р'éч'и: "ми сă в'ӑсаш', да ид'éми пиш'ún, да пијéми, ат с'éтн'ạ ц'ál в'éч'ар сă тóја!"* [MS,t,68]; ~ *и пóпут ут рáдус ја пригăрна и т'á му вилú : "ми сă в'ӑсаш', ц'ál вéч'ăр нáш'-и"* [MS,t,68].

вáтạр (]] **в'ӑтир)*** m **1.** 'движење на воздухот, ветер' ~ *сă убрна нasáт' да вúди и гу гл'éда кутý партáл тýш'каш'т'éм на в'ạтирó пáдна у мур'éту* [MSt, 58]; сп.: dem. *в'ӑтирч'а* (pl: *в'ӑт'ạр'ạ*) [MS,s,124]; и **ветир** ~ *кóј мóже, клáве ц̧ам нạ диминúкут, кој нé – гу фрáске ветăрут* [ИГ,118]; ~ *на две ц̧ангали гу пристигна ламиниот бăрзоходеца и кату тихни ветир му грабна капата* [V,PM,46]; **2.** 'воздух' ~ *"н'ӑсă јáс кăтý вáм будалá да фáтам н'éс, ш'у хóд'ăт пу зим'áта, јáс фáш'там да л'áтат на вит'ạрóт"* [MS,t,75]; **3.** 'настинка, студ' ~ *и напкун турвам гăрнето вăрху мехот; море, што ветăр или вода да има човек, кабил не е, ако не*

го искара [МС(В),84]; **4.** 'лош дух' ~ *тоги Алате са чинил ветăр, скăршил колта, напкум фатил утепал царут су сé аскер и са пикнал уф една дупка* [V,PM,273]; **5.** изр.: **вéтăр гу-нóсе** (= многу слаб, болен) ~ *кá-ј стăнáл, вéтăро гу-нóсе* [ПК,П,155]; **вéтăр гу-вéе** (= се кажува за несериозен, лекомислен човек) ~ *дéка-ј тóо зă-жинýвне, не-о-глéјш вéтăр гу-вéе, дéк мóже тóо дă-глéде кăшта* [ПК,П, 155]; **вéтăр рăбóта** (= нешто без основа, напразно) ~ *вéтăр рăбóта-ј тáа шо гă-прáфте, шó áрдите тóлко* [ПК,П,155].

вдене pf **1.** 'вовре конец во дупчето на игла'; **2.** изр. **низ иглини уши да гу вдениш** (= се кажува за човек кога е многу слаб) [ТГ,247].

вдинуве impf 'вовира нишка во дупче на игла (или нешто слично)'; пр. пред да почне со ткаењето, преѓата, откако ќе *се навије* **се вдинуве** *уф нишалки и брдо* [ТГ,363].

вдовец m 'маж што живеел во брак, но сопругата му починала' ~ *на една друга царчина един цар останал вдовец, ча жената му беше умрела* [V,PM,275].

вдовúца f 'жена на која ѝ починал сопругот' ~ *женáта му останá вдовúца, нéколку врéме сáма живувáла* [V,PM, 17].

вѓајајне (на гăс) n (гл. именка) 'кога детето седи зад самарот, на задникот од магарето (или коњот) и така го јава' [ТГ, 288].

вѓáне* pf 'јавне, се качи на превозно средство' ~ *јас бигáх нă сабáлинта. Утúăх а вѓанáх машúнта, си утúăх пáк на Сóлун* [ИГ,121]; сп. изр. **воа не е вѓани да бодни** (= ова не е качи се на коњот и потерај го; fig. зн. ова не се прави на брзина) [V,PM,267]; сп. **вјáе.**

ве < **ви** (зам. фор.) + **е** (пом. гл.) – со асимилација и контракција ~ *ручајте, нек ве слатко / на мен не-м са јаде* [ТГ,329].

вéдру n 'кобел (дрвен сад) за молзење млеко' [MS,s,126]; и: **вéдро** ~ *уф-нéго и-мóлsат óфците. Тó-ј дăрвăно, úма нăгóре тăкá издáдна дăскичка, нă-н'áа úма дýпчичка зă-зăкăчýвне* [ПК,П,30]; ~ *јуф трлото стадо небруено] мѓу стадо ведро пракувано* [ТГ,56]; уште: **в'áдро** 'дрвен сад, кобел' [ВС(Д),69].

вéга пýле 'човек што гледа настрана, кривоглед' [ДК,103].

веѓи тегл'ајне n 'фарбање (дотерување) на веѓи (кога се шминкаат девојки, жени)' [ТГ,365].

вéе impf 'качен на добиче, јава' ~ *офчарката кату веела на козата, ту одила пешак, сус козата меѓу hосето, ту подигала си hосето и веела на козата* [ШК,V,424]; ~ *зéто (кáчин) вéе нă-кóјно;* ~ *тú, Мúцо, áрно вéиш кóјн* [СК,320].

вéјне n 'чистење на жито со помош на ветар' ~ *куту лупáта, цéла нăпрáвăна уд дăрво, зăвéјне нă-врáо* [ПД,122].

вéзе* impf 'на платно со игла и конец прави различни фигури, слики' ~ *úмаши прет нéја јарибúца сос дéвет јарибúчки, нá тапсјá игрáиха, и т'áнака нá гиргéф вéзиши и сиúр чúниши* [V,PM.135]; ~ *уф таквá аднá сóба трú мóми вéзăт нăгергéф* [ПК.П,268].

вез* (pl: **везува**) 'везен, украсен дел на народната носија' ~ *лафăт гăрцки, зăто везувиту и шарувиту и аку не кăту уф Вардăријта ошă ја дăржăт* [ME(P)].

везми (и: **езме**)* pf **1.**'прибере нешто со раце, земе' ~ *за везми ибрикут и една стомна, с неколко моми, покриена нив'астата, с бела кошула, за подат от три чешми за вода* [V, PM,251]; ~ *на другајут д'ен' рануту враш'илуту зăј хазăр; за везми снопиту, за ха наринди на враш'илуту* [MS,t,66]; **2** 'однесе' ~ *Костата му р'еч'и : "ут т'еб'ą понапр'ăт дојди попут, ... за ти дам идна лира, тос поп да гу везмиш' на гработ"* [MS,t,70]; **3.** 'насилно одземе, присвои' ~ *збор чинили да го расипат Бăлгаринот, да му везмат парите* [V,PM,179]; **4.** 'покани' ~ *и она каил си чини и пак пусна да го везмат на гости* [V, PM,172]; **5.** 'зема за жена, се ожени' ~ *клал тел'ал да вика: "котри јунак за излези сос кон да ја прискокни дупката, он за везми царјувата мома!"* [V,PM.181]; **6.** 'избере нешто' ~ *тој за везми друга мајка и за акалеса гости да гоштава* [V,PM,205]; **7.** 'потера, поведе (животно)' ~ *ти вел'ам: да везмиш тес двете магарини, да поиш да работиш... тогас бăлгаринот и зема двете магаринта* [V,PM.180]; **8.** 'добие, спечали' ~ *колко за добиеш, кога за си вăрниш, мене пак тука за ми најдеш! Тогас јазе да вăзма две д'али, ти едно* [V,PM.180]; **9.** изр. **везми главата** (= убие, одземе живот) ~ *ако не е наистина за му везми главата* (= ако не е вистина ќе го убие) [V,PM, 199]; сп. **в'ени, з'ева** [MS,s, 126].

веје impf **1.**'кога воздухот се движи силно' ~ *как што си јаде, мила мале / ветар си веје* [ТГ,197]; ~ *ветар веје, достум Стано, гласуве ми носе* [ТГ,197]; **2.** 'чисти жито од сламки и сл. со помош на ветар' [ПК(М)].

в'ејки (и: **вејке** , **веки, виќе**) adv **1.** 'посочува момент од временската оска' ~ *да гу дигнат пирдето виќе – па не кажуве, туку миґу нојзте на чурбăмиąта испаґе прăт царут* [ИГ, 111]; се јавува и покрај прилог за време ~ *с'ă в'ејки дојди риндо и на болин Дујич'ин с'естра-му* [MS,t,51]; **2.** 'за засилување' ~ *афу утидуха на дламбоку вејки, то ја тăкна варката на ж'ината-му* [MS, t,68]; ~ *и си фати сос негу да си борички тăкму три дена и три ноќа, дур веки хајдутинот аман му рече* [V,PM, 21]; **3.** 'од овој момент натаму' ~ *б'ăгај, б'ăгај ут куч'ąнтата да м'ą ни изидат и м'ен'ą – и битиса вејки прикаста* [MS,t,18]; ~ *гу питаха н'егу: "н'емаш' ш'тогуди ти да рич'еш', ч'ă за т'ą уб'ăсами в'ејки?"* [MS,t,22]; **4.** 'нешто е сторено, завршено' ~ *едно дете от млогуту сипка, што имаши, дури веки кокалиту му са гледаха* [V,PM,40]; ~ *човеците са беха уплашили да не ги изјади, бегаха от мачката, дури веки га утепаха* [V,PM, 109].

векувечин* adj 'што трае долго, вечно' ~ *а лице е, лудо, за л'убејне / за л'убејне, лудо, векувечно* [ТГ,173].

вéл adj 'голем' (се среќава само во состави со имиња на празници; во случајов нема конгруенција меѓу атрибутот *вел* и именката *субота*) ~ *га земá кутúата и си отúде нá домá му áф вéл сýбота вечерóт* [V, PM,148].

Вели-питок m 'име на празник, петок пред Велигден' [ТГ,9].

Вели-читврток m 'име на празник, четврток пред Велигден' [ТГ,9].

велигдéнски adj 'она што се однесува на Велигден' ~ *велигдéнски адéти* [УЕ,30].

велúгдинска нид'áл'а f 'празнична недела пред Велигден' [MS,s, 126].

велик adj **1.**'силен' ~ *фатиха сос голем и велик глас да пејат* [V,PM.61]; **2. велúќ** 'голем' (ретка употреба на придавката *велик,* надвор од синтагмите: *Вели петок* и сл.) ~ *ричé на néа Исус: "já сам велúќ стáнат"* [MV,K,287]; сп. **вел**.

Велика* f **1.** 'женско лично име од Гевгелиско' ~ *пијан идам јод града / Велико мори* [ТГ,345]; **2.** 'име на крава (во Гевгелиско)' [ТГ,374].

Велúкин мăртфин m 'празник на мртвите пред Велигден?' (интересно преобразување на архаичната придавска форма **велик** со суфиксот *-ин*) ~ *и за Велúкин мăртфин... вóа са вéли* [MV,K,330].

великóа сăбута f 'сабота пред Велигден' [ДС(Ч)].

вéлу n 'превез, фереце' [MS,s, 126]; сп. **вало** 'тенок превез со што девојките (жените) си го покриваат лицето' ~ *пáша си при-Стójко óтиде / на нивéста вáло да дúгне / на нивéста лúце да вúде / лéлим аман да вúде* [ПК,II,236].

Вéлчува Пăрсéка f 'ниско место, премин во планината Кожув' [ПГ(К)] (сп. **пресека** – географски термин, тесно место в планина, погодно за поминување).

вел'ајки adv 'зборувајќи, кажувајќи' ~ *и вел'ајки тија лафа, сă грабнеха, сă бацаха, сă миловиха, сă гушнаха* [MC(B),94].

Вел'о m 'машко лично име во Гевгелиско' [ТГ,114].

вене (си)* impf 'се суши' ~ *на китка вел'ам гуворам: / "венај си, китка смилова / как што си вене млад Стојан"* [ТГ, 101].

в'éни pf **1.** 'прифати нешто со раце, земе' ~ *с'éтн'ạ за гу зам'áсат ч'áстуту ... за гу зм'áсат хýбавúч'ка, да с'éтн'ạ за в'éнат крăнгу* [MSt,8]; **2.** 'украде' ~ *два мáнги ('харамúји'), вил'áт "да гу в'éними на Настрадúн-хóц'а магáр'ạту!"* [MS,t,55]; ~ *тóј сă ч'ýдиш'и как да му ги в'éни ш'úч'кит'ạ парú* [MS,t,48]; **3.** 'допрати, пушти' ~ *утúди и т'á на пóртата, сă мóли да ја в'éнат гóр'ạ да гу вúди цáр'у* [MS, t,24]; **4.** 'ожени, земе за жена' ~ *ја кáзува фóтографúјата: "н'ă-си ти?" т'á вилú: "ја-сă" ... "тáтку ни муж'á да т'ạ в'éни и ут нáс булúка си умр'ă"* [MS,t,10]; ~ *утúди и у Атúна, там вúди иднá хýбава мóма на ш'иснáјси гудúни; р'éч'и за да ја в'éни* [MS,t,9]; **5.** 'купи' ~ *утúди на тас мáндра за да в'éни ж'úвини, стóриха пазарлăк* [MS,t,16]; **6.** 'зграпчи' ~ *"демéк ти такфóс ч'ув'ăк си бил; скóру вин'ăти гу тóс ч'ув'ăк ... да у будрýм'у да гу затфóрити!"* [MS,t,18]; ~ *јас тузú д'áт'ạ за гу в'éна за гу уклăва* [MS,t,16]; **7.** 'крене' ~

брăкаха дрăвé да му стóр'ạт крăс, тугáс сă наýм'ạха: "вин'ăти ги н'éс гр'éнди да крастóсајти гу на т'ăх!" [MS, t,45]; **8** 'дотера' ~ *дúлму тáка стáна, ýтр'ạ да пóј з'éнт'у ут кóзит'ạ да в'éни идúн ерḱéч' да закóлими* [MS,t,17]; **9**. изр.: **главáта за т'é-ја в'éна** (= ḱе те убијам) ~ *"аку н'é сă науч'-úш' да кáш' н'ăс ш'ту вил'áт, главáта за т'é-ја в'éна"* [MS, t,40].

вéниц m **1**. 'цвеḱиња сплетени во вид на круг; дечињата ги ставаат на глава, на рака' ~ *тамо ти најдех лико / на две порти стојише / зилен вениц држише* [ТГ,165]; ~ *друѕи плетат вениц и дипл'ат китки* [УЕ,10]; **2**. 'вид круна, им се става на главите на младоженците кога се венчаваат' ~ *вéниц клáват уф-цăркăфта кá сă вéнчат млáјте*; **3**. 'обрач, горен дел на сад' ~ *úспрáвјо-тóо вéницо нă-кóофта, сé сăсувијáл* [ПК,Ц,30]; **4**. изр. **им пумине вениц прако глава** (= се кажува за промените во статусот што го доживуваат младите откако стапат во брак, кога "си легнуват на брашно") [ТГ,193].

венчáјне* n (гл. именка) 'церемонија при склучување на брак, церемонијата ја водат кумот и свештеникот' ~ *пóпот ки стáни и ки си óди, áко има нéкуја дрýга рабóта – кăрстéјне, умирáчка или венчáјне* [УЕ,30] (во илустративниот пример имаме употреба на гл. именка од свршен глагол; за ова в. во граматичкиот дел).

вéнче* (и: **венча**) pf 'изврши обред на венчавка' ~ *фáшḱăт гу вéнчăт, гу устáăвăт дóма* [ИГ,112] (пр. на употреба на презент од свршен гл., за ова в. поопширно во граматичкиот дел); ~ *клајне и здраве имате уд татко и мајка, да знајте оти уф нидел'а ки треба да доите да венчите* [ТГ,160]; ~ *јас голичко гу држах, јас ки гу и венчам* [ТГ,276]; и: **вéнче (са)*** ~ *дошел у дјадова кăшта един гост, га ареса на мајка ми, за един вечир са винча сос неа* [V,PM,56].

венчúло n 'венчавање, склучување на брак' [ДС(Ч)]; ~ *подвикна Тодор на либе: / Ленче ле прво венчило / ја излези да ми наточиш / рујно ми вино од визба* [ТБ,С,50].

Вера f 'женско лично име во Гевгелиско' [ТГ,114].

верасúја (и: **вериси**)* f 'кога нешто треба дополнително да се плати' ~ *млóгу здрáви úмаш' ут бóлин Дујич'úн, да натóч'иш' тас калăч'ка за јунáч'ка верасúја ('бис парú')* [MS,t,51]; ~ *úма тáмука да зéва да дáва верисента, и затовá останá* [V,PM,19]; ~ *са главú таксилдáрин, да му берé верисјáнта по далéчните местá* [V,PM.20].

верверúца f, zool. Sciunus vulgaris 'мало животинче, со долга опашка (од родот на глодарите)' [ДС(Ч)].

вергиа f 'данок што се плаḱал на султанот во турско време' [V, PM,364].

верéк (и: **вирéк**) (*чувéк*) **1**.adj 'неморален' ~ *тóо óде пу-чýзди жéни* [ПК,Ц,30]; ~ *вирéк мạгáре* **2**. m 'женкар' ~ *зé зă мăш ạдúн вирéк тă кáк к-им испáдне рạбóтта ки-вúјме* [ПК (М)].

вéрен adj 'искрен и со добра намера' ~ *другáр нéмаш да*

зборýваш / – вéрен другáр мисичúна [МЕ(Р),94].

верéфин* (и: **вирéфно**) adj 'скроено дијагонално, на ќоше' ~ *верéфно пáрче, тéсно, зă-јакá, нă-вирéф (нă-ќоше)* [ПК,II,30].

верúга* f 'синџир' ~ *га најдé брáтовата му бăрза кóн'а и кýчento тамо варзáни сóс верúги* [V,PM,145].

вéрин* adj **1.** 'тој што држи до дадениот збор, со високи морални квалитети' ~ *се свăлúја тáм на нáјвéрен другáр, Тóде Чифтéкл'ут* [КЕ,281]; ~ *амá сéгăг нéма гóсти, мадáв сăмо уд еднá-двé нáјблúски рудни́ни и нáјвéрни жéни* [УЕ,23]; **2.** 'постојаност во односите меѓу машко и женско' ~ *ама и женáта му и бúла вéрна стопáница та не кáза на нéкој товá, штó знáиши* [V,PM,19].

верице n 'танок превез што жените муслиманки го ставаат на лицето' ~ *свали си Јана сајата / турила Јана верице / свали си Јана поишче / тури си Јано коланче* [ТБ,С,59].

верну (и: **верно**) adv 'вистински' ~ *а тојнака киниса и на Бога си верну моли: "Боже, да ми чуваш от ламините дефови!"* [V,PM,43]; ~ *она му риче: "Верно да веруваш, ни лăжам"* [К,ВС,98]; ~ *áку вéрно кажýве, ашкулсýн нă-нéго* (= за пофалба е, ако е вистина тоа што го кажува) [ПК,II,30].

верував adj 'тој што верува, верник' ~ *да ним си чúни низвéрнин, туку веруван* [MV,K, 337].

вес m 'вид капа што ја носат припадниците на турска националност – фес' [ДС(Ч)].

весел adj 'расположен, радостен' ~ *та јотиде дă рăзшета / зинините, л'атините / весел ојде, срден дојде* [ТБ,С,13].

весел'е n 'радосна расположба, веселба' ~ *ајде внуче дома да си ојме / да си ојме весел'е да прајме* [ТБ,К,52].

весели (сă)* impf 'чувствува и искажува радост' ~ *и напрáвиха селенéте хóру на-сéлуту да-са-вéсел'ат* [ВС(Д),80].

веселија m, adj 'веселник, расположен, радостен' ~ *ај, куме ле куме, кум веселија / кум се весели сус млада нивеста* [ТГ, 176].

веселúу n 'радост, среќа' ~ *и, хи - рéче: "л'ýбе, мáлка мóме, мóе веселúу"* [ВС(Д),81].

в'éтка || **в'éтук** adj (m) 'стар' (обично за предмети) [MS,s,126]; ~ *нáдини си ги в'éткит'ą рýби, úзвади м'ą пéталáта ут нугáта, ч'éпни ми инó кóсми ут ч'умбáзу* [MS,t,33]; ~ *ки фáти да фтúши нóву гн'áзду, без да зéми нúшту кóлку еднó влáкну óт вéткуту гн'áзду* [V, PM,30]; **2.** 'стар човек, другар, роднина' ~ *ела ми ела, пусестримо / дај, гиди, ветка пусестримо / да ми седниш ду меника* [ТГ,95]; сп. ~ *вéтко бóрч* (= стар долг) [V,PM, 118]; **3** 'минат' ~ *ветку време* (= минато време) [ТГ,31]; **4.** изр. **áрн'о: којн пуд-вéтко: чýл сă-пузнáве** (= вистинскиот квалитет и под лоши околности сепак се познава) [ПД, 137].

веткичко adj 'она .што не е ново' ~ *е, дедо Бужик е вушлив, и сус веткичко можиш да си пуминиш* (така родителите го смируваат детето ако за Божиќ не му купат нешто ново) [ТГ,85].

вéтку мéсто 'место што било користено порано' ~ *сă-пă-*

лни́ле, сӑ-пӑлни́ле се́ нӑ-ве́ткуто ме́сто. Уф но́во: ӑр удде́л са́мо еди́н во́л [ПД,161].

ветреница* f 'воденица што работи на ветар' ~ *после са земаха младата самовила сос јунакот и чинили стопанлӑк по ветрени́ци* [V,PM,280]; сп. top. **Витрини́цӑта**.

ве́тӑрче n, dem. 'лесно движење на воздухот' ~ *ти́ ка́к-си, ти́ шо́ си? – сӑ-мӑбити́ле дву́јцӑта и пудуна́ло не́ко: ве́тӑрче* [ПД, 147].

ве́ч adv 'веќе' ~ *ка́ ки гу-пудо́јш, о́н ки-сӑ-нӑу́че, ве́ч дру́гио де́н са́м ки-мо́же дӑ-ци́це* [ПД, 156]; ~ *ко́га сӑва́ко сӑ-путрӑ́гнуве нӑзӑ́ди, туга́ва ве́ч во́та чи́сто си уди́ре нӑ-ча́рго и вӑ́рте вудни́цӑта* [ПД,171].

ве́чарта (и: **ве́чӑрта, вечерта́**) adv 'ноќе' ~ *до́јде ајн вӑ́лк ве́чарта, гу-изе́де нӑ-шке́мбӑто* [ПК,II,234]; ~ *Ангели́на вечерта́ стана́, са чини́ едно́ пи́ле, ка́та ден кату б'улб'у́л ви́каши* [V,PM,134]; ~ *и зафа́шкӑт дӑ сӑ бо́рӑт. Уд рӑчо́к ка́ сӑ фа́шкӑт ду́рду ве́чӑрта* [ИГ,113].

в'е́ч'ер (и: **в'е́ч'ӑр, вечар**) m,f **1.** 'почеток на ноќта, времето кога се стемнува' ~ *и ја́духа, пи́ха но́с в'е́ч'ер, си ути́духа инса́ну* [MS,t,15]; ~ *но́с в'е́ч'ер и и́ди ина́ мо́ма на удаја́та и му вили́: "игра́јми ко́мар"* [MS, t,9]; **2.** 'втората половина од денонокието, кога е мрак – ноќ' ~ *и са́т'ут би́ш'и идина́јсти и пулуви́на стрид'ӑ́ ве́ч'ӑр* [MS,t,83]; ~ *п'ӑ́јаш'и и-на́ кни́гата; "ч'итири́јси д'е́н'а, ч'итири́јси в'е́ч'еро́ви да п'ӑ́ш', хич' да ни спи́ш' да така́ да ста́нам"* [MS,t, 53]; ~ *а́ку мо́ж'иш' иди́н в'е́ч'ер да приспи́ш' на врӑх ќерами́дит'ӑ го́л ц'имц'урла́к* [MS,t,54] (pl: **в'е́ч'еро́ви**) [MS,s,124]; **3.** изр. **ва: ве́чӑр ки-м-у́дре кӑла́јо** (= зимно време кога е многу студено – *ко: зӑле́де*) [ПД,137].

в'е́ч'ера f 'јадење навечер' [MS,s, 126].

вечера* impf 'јаде навечер' ~ *"дилмо ки дӑржите за мен, ајди да вечерами и ки одими на Солун"* [MC(B),90].

в'еч'е́рну пи́л'ӑ n, zool. Vesperugo noctula – 'лилјак' сп. **ѓеѓ'е́куш'у** [MS, s,126].

вечеро adv 'навечер' ~ *вечеро, кату си дошел и побӑркал вечера, не најдел ни вечера ниту камен, а на жената си га најдел заспана дӑлбоко* [Ш,V, 417]; сп. и: ~ *вечеро́т туриха жена́та аф една́ одаја́ без свети́ло ... у мрӑ́чова: еди́н дру́г да си не гле́дат* [V,PM, 11].

ве́чӑр adv 'навечер, ноќе' ~ *толко времја има, от как градиме тӑзи кула и ни можеме да јӑ свӑршиме: ден'а јӑ градиме, вечӑр сӑ бори* [V,PM, 282]; ~ *де́не гу-гра́думе, ве́чӑр сӑ-раст́уруве* [ПД,166].

ве́шн'ово adj 'вечен' ~ *мане́јтисте ут ме́н прикална́ти на ве́шн'ово о́гин* [MV,K,282]; ~ *да ки си о́дат ви́и на ве́шново пе́кол, па пра́винти на ра́ј жив дуве́шно* [MV,K,282]. Еден од многуте случаи на неусогласена конгруенција во овие говори.

ви pron (лична заменка за 2 л. мн. – 'вие') ~ *ути́духа на ца́р'у и ги пи́та: "заш'то́ сӑ ка́рати ви?"* [MS,t,19]; ~ *"афу́ и́ш'тити ви и јас и́ш'там"* [MS,t,15]; и **виа** ~ *слу́ши, ви́а, де́цта у́тре дӑ до́јте, д-у́чте* [ПК(М)].

ви pron (кратка форма за директен објект од 'вие', наместо *ве*) ~ *јáс а крăстúх на вáс су вóда, úлим óн ки ви крăсти на Сфéти Дýх Господúново* [MV,K,307].

ви pron (кратка заменска форма за индиректен објект од 'вие') ~ *ви сă мóл'а млóгу, дад'ăти гу на м'éн'а заш'тó јас ич' н'éмам мáлки, кóлку парú úш'тити за ви дáм!"* [MS,t,16]; ~ *му-вúке гóспо: "тú, вúке, слýши, јáс вúке ти најдéх другáр дă живéјте, но ќи-ви кáжум аднó: вúă уф-рáјо тóо дăрво шó-ј тáм, дă-нé јáјте уд-нéго"* [ПК,II,237].

вúа (и: **вија**) pron (л. зам. за 2 л. мн. – 'вие') ~ *богáтиот кату чý такá, си разл'утúл и му вéли: "áма вúа сиромáсите и знáите млóгу да врéвите, и не можи нéкој да ви дадé насаáт"* [V,PM,17]; ~ *а бре вúја кукушáни / што сте тóлко нажалéни / што сте тóлко нажалéни / и с-очúте насăлзéни* [ПК,II,234]; и: **вúă** ~ *а вúă ми сáкăте дéвăт лúри* [ПД,155].

вија pron (показна заменка – 'овие') ~ *да не гледум вија мăки / вија мăки Ристосуви* [ТГ,264].

вивирýкака || **фирикýка** f, bot. Prunus armeniaca – 'кајсија' (дрво и плод) [MS,s,127].

вивлúју n 'книга' [MS,s,127]; сп. **библија**.

вигла* f 'далекуглед, двоглед' ~ *кога гленда, златна гимиа на морету. Земала виглата. Кога харно гленда, един цар сади на триферич'ут* [V,PM,172]; сп. **видра**.

Вúда f 'ж. л. име' ~ *Вúкна Вúда од висóка рида, чу Трăпе сă зăгнá за чтúри зăрна* – поговорка (= крава и теле) [ИГ, 122].

вúда f **1.** "техничка направа, винт' [BS,172]; **2.** 'направа за вадење тапи' [MS,s,126].

виде (и: **види**) (im)pf **1.** 'гледа' ~ *ни вúде, ни чýу* (= ниту гледа, ниту слуша) [ПК(М)]; **2.**'забележи, здогледа' ~ *ќ-у-клáјме у-врéјќата, ќ-у-уднéсиме нă-рéкăта, дă-нă-вúде нúкуј, дă-нă-чýе* [ДК,152]; ~ *и манц'óти сéга сă ч'ýди, кáк да ха фăрлú вăнка да гу ни вúди н'ăфту* [MS,t,68]; **3.** – **(са)** 'се причини, се стори' ~ *излезé при éзера, на крáјут сéднал и чýиши жáбите, как кр'áкаа: му са виде хáрно тáмука* [V,PM,28]; ~ *да му са видéле вúа лáфови на нúх катý насмијáчка* [MV,K,334]; **4.** 'научи, разбере' ~ *нé можá да гу познáј, прати хизмиќáрот му да вúди, кóј човéк јé тóј* [V, PM.148]; ~ *кадúата му вéли пак: "хáрно, јáзе ки прáтам минsúл дур тáмо, да вúдам, да си наýчам хáрно за тéбика"* [V,PM.12]; **5.** 'заклучи' ~ *ка видéле от-éј жúва, арăзвијáле – сáмо нă-курéмо мáлце бúла судрáна* [ПД,151]; ~ *дјаволчато... сă дрăпновало и сă-мăчило да побăгнă, ал как видăло чи нăма кортолуш...* [V,PM.290]; **6.** 'побара, избере' ~ *"да си требиш зăбито" – ми рече. – "Е, как да ги требам?" – му речех. – "На, ѓупките требат, тија мангусарките – рече. Да видиш некои по чишти, зашто тија смăрдат"* [MC(B),75]; **7.** 'оцени' ~ *а та му рекла: "виде ли си пријателето ти"* [ШК, V,418]; ~ *и óни кату видóха, ча тáтку му не знáи да му са кáра, когá чúнаха кабаáт, фа-*

тиха са чини́ха безу́мни [V, PM,25]; **8.** 'најде, дознае' ~ *тинака, л'у да идиш таму да видиш, дека е мајката на водата, да га сечиш* [V,PM,42]; **9.** 'слушне' ~ *сто́ј дӑ-ви́дум ва: ве́чар шо́ ки-до́јдат, нӑ-та: мо́ма шо́ ки-ка́жӑт* [ПД,151]; ~ *пи́тајти да ви́дими стр'е́бруту и ма́ламо́ту ч'и́-ј?* [MS,t,20]; **10.** 'проба, мери' ~ *на́јгул'а́мата ла́м'а му р'е́ч'и на хи́тра Пе́три: "ја́ла, хи́тра Пе́три, да си ви́дими куве́т* [MS,t,75]; **11.** '(лекар) изврши медицински преглед' ~ *и как ути́дух, сӑ ка́зах на иди́н ким'и́ја и м'а̣ ви́д'а̣, ми р'е́ч'и: "тас тфо́јта тр'е́ска̣ и́ма фл'а́зину у ко́кале́ту"* [MS,t,3]; ~ *му ве́ли: "господи́не, дали́ мо́жиш да позна́ш, што мара́з и́мам ја́зе?" И то́јнака отгово́ри́ и ве́ли: "да ти ви́дам, диво́јку"* [V,PM,29]; **12.** 'провери' ~ *да ви́м ш'у ште пра́ви ме́чката* [V,PM,264]; **13.** 'направи посета' ~ *и́ч не́ са̣м удде́ла дӑ-ї ви́дум мо́ї̣те* (= оддамна не сум ги посетила родителите) [ПК(Г)]; **14.** изр.: **виде́л ґу́птино мӑтни́ца и гӑзо си-изми́л** (= се кажува за сиромав човек кој троши многу, кога ќе му се даде можност) [ПК,П,155]; **виде́јте-ме** (= се кажува за човек што се прави важен) ~ *сӑ-дутира́л, сӑ-лӑсна́л, сӑ-рӑшита́л, виде́јте-ме, а́с сум то́о* [ПК,П,155]; ~ **ви́д-мо: гла́фта, кро́ј-мо: кил'а́фо** (= колку е умен човекот се заклучува по неговото зборување) [ПК,П,155]; **ти си ви́ш** (= направи како што мислиш дека е добро) ~ *му-ка́за: "ја пари́те, та ако́ и́скаш зе́ми ги, и кога́ до́јде хара́пина ти си ви́ш"* [V,PM,255]; **и́ма да ви́де** (= ќе има тешкотии, ќе биде казнет) ~ *ја́зе ки и́дам да му ка́жа на ца́р'ут, та да ви́диш ти́нака* [V, PM,16].

ви́де (сӑ) impf 'светло е, може да се гледа' ~ *ќ-и-зӑтфо́риме су-ину виле́нце пинце́рте; не́ма да сӑ ви́де* [ДК,113].

ви́дел m 'светлина' ~ *ко́ј пуудил на де́нут, не́ си супну́а, о́ти му си гле́да ви́делот* [MV, K,286]; ~ *така́ и ва́шо ви́дел да си сфе́ти при л'у́дито, да ви пузна́ват ва́ши до́бри рабо́ти* [MV,K,310]; ~ *и ти́и шо седе́ле уф се́лото, и умре́нити ду́ши, угри́а ви́делот на ни́х* [MV,K,309].

видело n **1.**'светлина, виделина' ~ *л'у́ди шо си наоґат на темни́ца виде́ле гуле́м ви́дело* [MV,K,309]; ~ *и жи́вот му бе́ши ви́дело на л'у́дите; и ви́делот сфе́ти на темни́ца* [MV,K,251]; ~ *ви́дело да би́ди на инса́нут, и сла́ва уф л'у́ди Израи́лцки* [MV,K,313]; **2.** 'осветлување' (домашно) ~ *до́шло запуве́т ут ца́рут: "ки сӑ зӑга́снӑт це́ли виде́ла ве́чер"* [ДК,113]; **3** 'можност да забележува со очите, да гледа' ~ *ви́дӑлто ми-сӑ-зе́, не́ гле́дум ни́што* (= не можам да гледам, ослепев) [ПК,П,30]; и: **видоло** ~ *вичерта му била: ... су ного видоло и су ного јасте* [V,PM.266]; ~ *гу питале: "Господи! Ил'ада и един дујдеа на видолто; пувилиата што ти е?"* [V, PM.266].

ви́д'ува́шја adv 'гледајќи, забележувајќи' ~ *и ни ви́д'ува́шја мома́та фаф кона́ка дру́к будин от змиа башка́, ниту ви'дува́шја ко́ј кла́ва софра́* [V, PM,259].

ви́дра f 'двоглед' [СК,320]; сп. **вигла.**

видра f, zool., Lutra vulgaris 'диво животинче, живее покрај води, обично се храни со риби, има убава (скапа) кожа' ~ омилен лов на *ловачут: заиц, вăлк, срна* или *црнка, дива бишка, чакал, видра* и др. [ТГ,385].

ви́дрина f 'светло време, кога се раскрева маглата', (сп.: *го́ри сă гл'е́ндат мăнти*) [MS,s,126].

ви́д'ува* (и: **видуве**) impf **1.** 'забележува со очите, виѓава' ~ *и ни-ви́д'ува́ш'а мома́та фафкона́ка дру́ќ буди́н от-змиа ба́шка* [ВС(Д),80]; ~ *и така, отишли дома и, кату да окрија́т, видуве оти бил брав, и седнали, вечерали* [ШГ,V,418]; **2.** – **(сă)** 'се пристори' (му се пристори) ~ *и три́ста гуди́ни пруминаха, за пулуви́н са́т му сă ви́д'аха* [MS,s,127].

видувајне n 'разгледување' ~ *чинима нает да вијме, се шо има по-билижито за видувајне, елбетен то шо може да се вида уф три или четири дена* [ME(P),68].

видувајна adv 'видувајќи' ~ *за то селјајнту видувајна гу оша уд далеко... завăртуват прико право да се скрија́т* [ME(P),74].

виѓилце n 'козметичко средство – специјален молив, или изгорено дрвце со кое жените (девојките) си ги испишуваат веѓите' ~ *чунки си мала малечка / чум ти тоја белилце... / чум ти виѓилце на веѓи / чум ти герданче на гуша* [ТГ,37].

вие (и: **вије, ви́а, ви́**) impf 'испуштање на непријатен глас од волк (односно куче)' ~ *но́шка уста́нăл, ама вăлци ле́во-де́сно ви́јăт* [ДК,142]; ~ *ти́ја ку́три кучи́јна сăмо ви́јат, сăмо ла́јат, ама бре́ бра́те, кој ти слу́ша* [УЕ,32]; ~ *кога́то ви́е ку́че и гле́да на до́лу, зла́ ста ста́не на стопа́нина му* [ВС (Д),83].

ви́ж'да (и: **ви́ж'ита, визита**) f 'посета за празник, именден и сл.' [MS,s,127]; ~ *ви́жда о́дăт ут-ку́ка на-ку́ка* [KE,242]; ~ *и оти кажа така, маскара го направих, и оште еднăш не отидох на ку́ката да му права визита* [MC(B),84].

вижда || **ви́ж'да** (и: **вижде**)* impf 'прима впечатоци преку очите, забележува, гледа' ~ *му ве́ли: "е́ј, ца́ним мăжу, а́м снаха́та да га ви́ждаши от не́која стра́на"* [V,PM,148]; ~ *ја виж'дат фо́тографи́јата та́м и т'ă вил'а́т: "ми́лата сфита́ Бугурди́ца ... ја сă курди́сали и на врăх кла́јаѓу"* [MS,t,25]; ~ *аку не́ ти ви́ждах те́бика, ки ве́л'ах да е она на́ј-хубава на земја́та* (употреба на сврзникот **да** со интенсионално, декларативно значење, наместо **дека**; поопширно за ова в. во граматичкиот дел) [V,PM,9]. Сп. **ви́жца** ~ *си-о́де до́ма пак, то́ де́тто кă гу-ви́жца ма́јкă-му па́к* [ДК, 150]; и: **вижцу́ве*** ~ *ца́ро една шăка́ пăри́ му да́ве, бăкши́ш, оти и де́тто сăфте́ о-вижцу́ве он да-му-но́се кавé* [ПД,145]; **2.**. 'заклучи (нешто)' ~ *тă-виде́х шо чуве́к си и вике га́ре ни́шту не́-т виру́м* [ПК(Г)];

визан* adj 'материја на која има украси со конци, везено' ~ *цăрвена букăсиа и ленцки цăрвени ризи су кинијна визани* [УЕ,9].

визана риза f 'крпа за бришење, везена, убава, официјална' ~ *невестата го дарува свекорот со визана риза* [ТГ,182].

виза́рка f 'жена (девојка) што убаво везе' [КЕ,275].

ви́зде impf, onom. 'кога кобилата пушта глас (барајќи го ждребето)' [ПК,П,30]; [ПС(Г)].

виздéн adv **1.** 'постојано, непрекинато' ~ *тăквá éj чýзтта рабóта, виздéн ви́ке чурбăи́та; ~ дóма рабóтта виздéн ej тăквá* [ПК(Г)]; **2.**'преку цел ден' ~ *ќи дójдаа там – дéн-виздéн ќи сéдаа* [ИГ,111]; и: **вазден** ~ *аф гората, виде млогу авции, тераха едно фил'у да утепат; вазден са мăчеха, не можиши некој да гу отепи* [V,PM,41]. Сп. уште ~ *виздéн сă-урувúскиш, фáт-сă зă-нéкаа рăбóта* (= везден скиташ, почни нешто да работиш) [ПК (Г)].

виздидéн adv 'цел ден' ~ *jáскă виздидéн сăм типáл, пă сéгă да сéднăм дă ти мéсăм* [ДВ, 18]; сп. **визден.**

визини́ца f 'везена материја, везило' ~ *нóго визини́ци прáвăхме адно врéме* [ПК,П,30]; ~ *ни мăшкăтă ни женцкăтă нусцjă нема ич визăници ни шарува* [МЕ(Р),81].

визи́р m 'великодостојник во турската административна хиерархија' ~ *едно врéм'а имáло на еднá касабá един визи́р, та бил млóго богáт* [V,PM,256]; ~ *цáрут и визи́рут нимáле дéца. Едúн бил'áрин му глидáл дă рéкăл ...* [ИГ,109] и: **везир*** ~ *слуга му вили говори / - царјо ле, царјо, везирјо / немој ма царјо, немој ма* [ТБ, С,30].

визи́рин* m 'високо поставен чиновник во турската власт, близок на султанот – везир' ~ *пујнó вр'ăм'ă изл'áзи цáр'у сăс визи́рину да сă ш'éтат пу силáта* [MS,t,39]; ~ *прати́ от л'удéто му, едúн везúрин повéл'аши* [V,PM.147]; сп. **визи́р.**

визне n 'направа што ја користат ѕидарите за да биде ѕидот прав, вертикален – висак' [ТГ, 304].

вии pron (номинативна во служба на акцентирана форма за индиректен предмет, наместо 'ним') ~ *па ви́и му паднá стрáх шо флéгле уф óблакут* [MV,K, 327].

вија pron 'овие' ~ *тој беше вујко му. Емин чу крал Милош, застана, и тој му риче: "ти сега вија млади деца ки ги сечиш, ама ки ти кăлни сиот свет"* [МС(В),95].

виjе (и: **вие, ви́ă, ви́**) impf **1.** 'прави нешто да добие форма на лак, односно на круг' – пр. кога се прави *подница* (= сач), калта се прави како погача, а периферниот кружен дел се **виjе,** се исправа (тој, исправениот дел се вика *крашник),* и подницата добива форма на тепсија [ТГ,357]; ~ *росно цвеќе си Русимка бирала / вит ми венци вијала* [ТГ,206]; ~ *дă-(зă)ви́jум адúн чигáр* [ПК (Г)]; **2.** 'движејќи се (истовремено) прави кружни движења на телото' ~ *отат иде лудо, младо дури силин, дури вилин ка се виjе, ка се крше куту прчка царничкова* [ТГ,177]; **3.** 'витка, сука' ~ *сăм вијáла вăлничка дă-зăплéтум чурáпче нă-дéтто* [ПК,П,252]; **4. ви́ј (сă)** 'се превиткува' (од болки) ~ *дjáвулу и фл'áва на цáрицáта у кур'éму и прáви ин'é булúки да сă ви́ј кутý кýч'ă* [MS,t,31].

вијáвица (и:**вијăви́ца**) f 'лошо време кога ќе фати ветер со снег' ~ *тóги нă-зăфăти́ áдна*

вијáвица, идвáјм дујдéме [ПК, II,30].

вијáк (кóч) m 'овен на кој му се отстранети половите жлезди, што не е за приплод' ~ *тăкá сă-вúке нă-скóпин увéн* [ПК,II, 30].

вúјна бáјнца f 'јадење од сукани кори, вид пита' ~ *тáа сă-вúи нă-сукáло, кóрте прáват кут-армóника и сă-вúит, сă-зăфáште ут-стридúнта* [ПК,II,31].

вијен* adj 'нешто свиткано, полукружно' ~ *вијена лоза вијена / не ми је лоза вијена / тук ми је мала дивојка / су идно лудо зборува* [ТБ,В,19].

вúка (и: **вúке**) **(сă)*** impf **1.**'се именува' ~ *ак сáкиш пă-дăпрáвиш кúсăло млéко... тугáва тоă сă-зăтóпл'уве, пă-сă-турýве уд-нéго, мăјá сă-вúке та* [ПД,156]; ~ *баш на Араплија имаше едно тăрло от галичани, и там имаше братјата на владиката, што беше тога, што сă викаше Партеное* [МС(В),91]; **2.** 'бара' ~ *фати да вика хекимцие да белки да могат да гу излекуват* [V,PM, 35]; ~ *ету сега му докарах и нив'астата и сега пак не знам зашто ми вика* [V,PM,47]; ~ *вéли на дéтето: "а брé сúнку, úди ти вúка господáрот, не знáм штó тéра да ти кáжи!"* [V,PM,150]; **3.** 'кажува, зборува' ~ *кога ни велиха да одиме на мăхкимето, бегот викаше што е болин, сă криеше, некише да излезе* [МС (В),89]; ~ *вúди и м'éч'ката, сă курдúсува да јад'é кадăнфат-м'а. "Ох-ох-ом, блáгу Тартанóхч'а!" – вúка* [MS,t,51]; **4.**'поканува, повикува да дојде' ~ *"кóј, тă-вúка?" – "мă-вúкăт, вéле, дă-крăстăм". Оде óна, јáде мéт* [ДК,139]; ~ *вúă пăк ут вăртúчката и зăýшăвăт брáтјата от стóат вóнка, и вúкăт, не úăт* [ИГ,114]; ~ *млóгу богáт јé и чýл, ча сми нúа сиромáси, затовá ми вúка да ми дадé мăра парú* [V, PM,18]; **5.** 'се лути, се кара' ~ *ним вúки куту нéтăмáн, тă слýше свéто;* ~ *фатúла т'áнака да плáчи, да вúка, нéкáши да гу остáви мăжó ú* [V,PM,31]; **6.** 'избере, пронајде' ~ *да видиш некои почишти* (= го советува кога ќе ангажира циганки да ги избере оние што се почисти); **7.** 'испушта глас кобила' ~ *как викат, знаете, кубилите... кубилата фатила да вика... и сос това викани кажуваши на жр'апчиту* [V,PM,81]; **8.** 'ваби, мами домашни животни' ~ *сус што ки гу викум* [V,PM, 268]; **9. тил'ал вика** 'соопштува на јавноста' ~ *утрината станаа царските л'уди, фатиха тил'ал да вика по сичка околúа* [V,PM,33]; ~ *такá га извадúха кăштата на тел'áл да га продадáт. Тел'áлот вúкаши по чаршúата, светóт артирúсоваха* [V,PM.18]; **10.** 'пее (птица)' ~ *н'éтр'а имáш'и идúн клáјанц, ш'ту тич'áш'и ... и инó пúл'а вúкаш'и* [MS,t,60]; ~ *Ангелúна вечертá станá, са чинú еднó пúле, кáта ден кату б'улб'ýл вúкаши* [V,PM,134].

викани n 'кажување, зборување' ~ *и сос това викани кажуваши на жрјапчиту* [V,PM,81].

вике adv 'повторно' ~ *трети пăт кинисал, рекăл: "вике, не си варијнум"* [V,PM,273].

вúки adv 'следува уште нешто, откако другото е завршено – веќе' ~ *станáха сéтника мирахчúе, фатúха да си кáрат, кóј пóвики да зéми; делúха*

што делиха, вики кăштата не си делиши [V,PM,17].

викигáјре adv 'означува дека дејството е завршено – веќе, најпосле' ~ *Нáсо кăндисá викигáјре* (= Насо се согласи најпосле) [CK,320]; и: ~ *нéјкум дă-гу-вúдум вики-гáаре* (кажува некој кога е незадоволен или навреден од некого) [ПК,II,31].

вúкил m **1.** 'сведок' [BV,172]; **2.** 'застапник, полномошник' [BK, 172]; според Саќов **викúл'** 'застапник, довереник на некого' [CK,320]; ~ *бејсте за управијă уф селту имăт викилјă – субăши; вијă пă си имăт кăту пăдарă* [ME(P)].

викне (и: **викни**)* pf **1.** 'упати повик' ~ *цáрјут му вéле: "бре, вúкните гу тó Ѓýптинут шусфúре"* [ДК,141]; ~ *мáјки (< мáјкă-и < мáјка ú) и викнáла да а пúте нéшто* [ИГ,114]; ~ *Вúкна Вúда од висóка рида, чу Трăпе сă зăгнá зă чтúри зăрна* – поговорка (= крава и теле) [ИГ,122]; **2.** 'покани' ~ *т'а... викнала един грăбоносник и го отнесла в кăштăтă на тăрговецо* [V,PM,280]; ~ *кога ке да гу викниш на дома да гу гостиш* [V,PM,36]; **3.** fig. 'почне нешто засилено да прави': а) да се тепа ~ **му викнá тóгăј во бéгут нăрáпинут су клóци** (= бегот почна да го удира со клоци арапинот) [ДВ,17]; б) да плаче ~ **викна Бужана да плаке:** / *"ој леле, Боже, ду Бога! / дека се чуло – видело / стар дедо мома да земе* [ТГ,92]; в) да пее ~ **да му викниш една песна,** *Ванѓелино, море / малце речувита цанум, ного гласувита* [ТГ,40]

вúкнува impf **1.** 'повикува' ~ *гу вúкнува цáр'у у удајáта-му, му вилú: "сă ни ефхариш'тúса ут мóјту плáш'тани, да такá сă ч'ýдиш'?!"* [MS,t,19]; ~ *нéли сă вóзăт там ус-курáбуто, викнýве едúн рибáрин* [ПД,146]; **2.** 'зборува налутено, со висок глас' ~ *вúкнува на úм'анту* (= на ќерката): *"јáла тýка, мáри, ш'ó-ми кáзува мáјка-ти, ш'ó сă т'éс рáбута ут т'éб'ą?!"* [MS,t,84]; ~ *кá му викнýве то: сă-исплăшúл* [ПК(Г)]; **3.** 'поканува да дојде' ~ *е, сéга гу-викнýва брáт-му нăтре, óде брáт-му* [ДК,152].

викуве impf 'живее долго време – цел живот (сиот век)' ~ *тамо они век да си викуват / пустил'ачут – кујун детелина / изглавито – црквишно ми цвеќе / пукривачут два листа букуви* [ТГ,51]; ~ *мори, јоди Цофо / да се л'ул'ме, л'у-л'а-јее... / век да викувме; л'у-л'-јее* [ТГ,69]; ~ *как ки пуминум, век да викувум / на кого дерт ки си кажум* [ТГ,265].

вúла f **1.** *'(дăрвéна)* направа што служи за веење на житото кога се врши; има 3 рога, 2 долги, искривени на горе и на средината еден пократок и прав' [ДС(Ч)]; – со помошта на вилата се *убрнуве* посланото жито на гумното' [ТГ, 340]; ~ *за вéзми вúлата у рăнкáта, за распилáј снóпиту у враш'úлуту* [MS,t,66]; **2.** 'железна направа за собирање сено, но погодна и за напад и одбрана' ~ *ки и нăтéчăт (кучúјнта) нéкăде и су вúла úли лáчка ки му нáјдăт крáј* (= ќе ги убијат со вила или ќе ги задаваат со јаже' [УЕ,32].

вилаéт (и: **вилајат, вилăхт, вилеет**) m **1.** 'роден крај' ~

тој сиромах работиши ден'а и ношта, за вилеетут пари не можиши да артиса, ниту можиши на вилеет да иди [V, PM,86]; ~ *динеска сум тука, Злато / јутре ки си јодам, / на мој ми вилајет, Злато* [ТГ, 94]; ~ *оттамо и станал веки да си вирна на вил'ахтот* [V,PM,180]; **2.** 'татковина, област (административна) во турско време' ~ *што н'áшту му арéсаши за кăштата, и купúл: пóстел'а, перници и дрýги рабóти... тој и купúл катанд'á, штото ги нéмаши нúкој богáт на нéгов вилаéт* [V,PM, 19].

вилéница f 'мало килимче' [MS,s, 126].

вилéнце n 'ткаена покривка' ~ *ќ-и-зăтфóриме су-ину вилéнце пинцéрте; нéма да сă вúде* [ДК,113].

вилú (и: **вéле**) impf **1.** 'зборува искажува, нешто' ~ *нă пăнт'ó ... исл'áва Анг'елус Кирúју, му вилú: д'é утúваш' , ш'тó кáраш'?"* [MS, t,17]; ~ *пу пăтут ќа а мăчат нивéстта ... : "Речи: ѓăвѓилчáјне бăзриѓáјне, стујăчáјне мăгăрúјна!" Ама вéле нивéстта? – Нé вéле, мóлче* [ИГ,116]; ~ *и викáл и вел'áл: úди пу мéне, то шо и пóгулéм* [MV,K,307]; **2.** – **(сă)*** 'се именува' ~ *имаше един дедо, Крал Кол'у сă велише* [MC (B),75]; ~ *оттам напкун кинисах накаде Ватилăк. Една река има Каламита ја вел'ат;* ~ *пилету гу вел'ат пингор; това пиле на сухо вр'аме си моли на Бога за дăж* [V,PM, 96]; **3.** 'пишува' (= може да се прочита) ~ *пúсмото вéлиши такá: "господúне, мóј пéрвиј писáр! Товá дéте, што ви прáштам тýка, заеднóч..."* [V, PM,152]; **4.** 'мисли' ~ *си разбул'áх иднá бóлка сид'ă ут ш'тинахóр'а; си вил'áх н'éка пóја у с'éлуту да н'éка ýмр'ам* [MS,t,2]; ~ *си-вéл'ăх от ќидójдиш и ти!* (= си мислев, се надевав дека ќе дојдеш и ти?); **5.** 'означува' ~ *за ти кáж'ам јас, ш'тó сă вилú, амá за ми дад'éш' п'éт' хил'áди лúри* [MS,t,41]; **6.** 'предлага' (бара) ~ *му зл'áва идúн арасл́ан (леондáр) и му вилú да сă бóрат* [MS,t,77]; **7.** 'изјавува' ~ *му утфáра пóртата и гу пúта: "ш'тó бркаш'?" Ја кáзува фóтуграфúјата: "н'ă-си ти?" т'á вилú: "ја-сă"* [MSt,10]; **8.** 'сака' ~ *си ја з'é кóш'ницáта сăс смóкфит'ą, утúва на манастúру, вилú да фл'áј н'éтр'ą ут пóртата, пуртáрину гу ни устáв'а* [MSt,45]; **9.** 'настојува' ~ *трăч'ú за да гу фáти, пúл'ąту скóкнува, утúва пóнагóр'ą, вилú пак да гу фáти* [MS, t,45]; **10.** 'прашува' ~ *а-бе, вéле, дéдо шó тáа лисúца пу-тéбе óде* [ПК,II,320]; **11.** сп. изр. ~ **вилú сăс акăлут** 'си мисли' [MS,s,2]; **су-акăло сивéл'ум (: кáк ќи живéăм)** (= си мислам, се прашувам како ќе живеам) [ПК(Г)].

Вилúгд'éн' (и: **Велúгдин**) m **1.**'празник посветен на распнувањето и воскреснувањето на Исус Христос' ~ *нă-Вилúгдин гă-нăкăрáли нă-мáјк-ми и нă-дóтките, нă-дóд Лúка и нă-дóд Рáјна, чурáпе дă-јм плéтăт* [ПК,II,320]; ~ *и дójди Вилúгд'éн' , за пóат ш'úч'ки у ч'éркфа: цáру, цáрицáта!* [MS, t,33]; **2.** изр. ~ *Вилигдин да не дучекиш* (клетва: да ти се случи голема несреќа) [ТГ, 319].

вили́гдăнче n, bot. 'вид тревнасто растение, диво цвеќе, цути за Велигден, *цăрвăну́ш* цвет има' [ПД,123].

Вилиде́нц'ко m 'празник Велигден' ~ *и си уди́ле та́ткови му ка́та гуди́на на Јерусали́м на пра́зник Вилиде́нц'ко* [MV,K, 308].

вили́к* adj 'што се однесува на Велигден' ~ *мăртвин пра́вăт спурти Митро́вдин, спурти зăпусте́јне за Бужи́ќ, спурти зăпусте́јне (вили́ко) и спурти Питро́вдин* [ИГ,118]; сп. ~ *на гуле́мта (вели́ка) са́бута но́сăт са́јне, куту ка раздава́т на умре́л* [ИГ,118].

Вили́ка f (ж. л. име во Гевгелиско) ~ *да́ли ма́јка жа́лиш, бе́ла Вили́ко / да́ли жа́лиш, ил' ста́ри ба́шта?* [ИГ,107], [ТГ, 115]; од Мегленско: *мен ме лаже, мен ме маме / наној мори ти стара / сива Мина, ман Вилика* [ТБ,М,52]. .

Вилика са́бута (и: **Вели-са́бута**) f 'празник пред Велигден (на тој ден многу рано, околу полноќ одат в црква. Тогаш го "сохрануваат" Исус Христос. По тој повод со црквенско знаме вртат околу црквата и секој верник држи запалена свеќа' [ТГ,59].

ви́лин adj 'буен' (сп. *вилнее*) ~ *отат иде лудо младо / дури силин, дури вилин* [ТГ,177]; ~ *и та: же́на, си́лна, ви́лна: "зăшо́ тăка́ мо́јо măш дăнăпра́; ме́н дă-мă-пу́ште дăпро́сум, а он пă нă-про́сците дă-да́ве ли́ри"* [ПД,144].

ви́нен adj 'што се однесува на вино' ~ *не би́лă ло́за ви́ненă, но би́лă Ја́нка де́војкă* [ВС(Д), 84]; ~ *та ни е лоза винена / еми е Јанка Димова* [ТБ,С,20].

ви́но и ле́п m 'природна појава кога низ капките од дожд се прекршува сончевата светлост и на небото се прави спектар од различни бои – виножито' [ДК,104].

винопојка m 'тој што сака да пие многу вино, пијаница' ~ *казоват га винопојка / винопојка зла бикрија / на ден пии бăчва вино* [ТБ,С,54].

вино (и: **ви́ну**) n **1.** 'алкохолен напиток од превриен сок од грозје (со малку алкохол)' ~ *с'е́дна на суфра́та па́к каздисан и то́ј близно́јут-му аратли́к му да́ва ви́ну сăс фарма́јќ* (= во виното му ставил отров) [MS,t,60]; ~ *то́ј-и р'е́ч'и: "ху́баја! со́празни гул'а́мата бăнчфа ви́нуту ... сид'ă да мо́жиш', да ха клад'е́ш' у бăнч'фата!"* [MS,t,68]; ~ *арам да ти бида л'ута рак'ија, шо ја пијиш / и рујно вино* [ME (B),261]; **2.** изр. **ви́нто игра́а уф-не́го** (= се кажува за човек којшто се опијанил и прави неред) [ПК,П,155]; **кога воја вино само ки са збере уф ваја чаша, тоги един уд други да са раздел'те** (благослов – на свадбата, кога ја испраќаат невестата, татко ѝ, откако ќе се напие вино од една чаша, остатокот од виното заедно со чашата го фрла преку главите на младоженците, кажувајќи го споменатиот благослов) [ТГ,180].

винов* adj 'што се однесува на вино' ~ *сијала мома црвена лоза винова / ја уд лоза си црвено грозде јубаво* [ТГ,156]; сп. **винен.**

вино-правејне n 'набраното грозје се чува во *груздарско (груздуберско) курито.* Во коритото гроздовите прво ќе се исечат

со мотика, а потоа се *газе*. Кога добро се *изгазе* се *точе шира*, од која се вари *пекмес*, а останатата шира ја оставаат во коритото, заедно со *кумијната* да *преврие* и да стане вино. Кога ќе преврие виното се точи во бочви [ТГ,354].

винч'áва* impf 'го озаконува склучувањето на брак – .венчава' ~ *гу стóр'аха брáку и ги винч'áха* [MS,t,15]. Од истата регија има и примери со редуцирана форма добиена по губењето на интервокалното 'в' ~ *и трăгна да пóј да винч'áј* [MS,t,13]; ~ *с'ă утúва за да винч'áј кумбáрату самóс* [MS,t,13]; – **(сă)*** 'се вклучува во семеен живот (склопува брак)' ~ *му вилú ... : "јас úш'та да сă винч'áја, калитáта н'éмам"* [MS,t,12].

винчајне n 'чинот на склучување на брак, венчавка' ~ кумот и *благушове*: *"ка е арно Госпуд нека даде! Да ни са живи младенци: колко имат коса на клава толко век и касмет да имат. Ваја гудина винчајне, удгудина крштејне. Здра ми си!"* (пожелување до младоженците од свадбарите и свирачите) [ТГ,189]; [ТГ,184]; ~ *попуве, млади ѓакуве / си убрнајте друѓут лист / кути за винчајне младенци* [ТГ,214]. Во примериве имаме глаголска именка од свршен глагол (*крштејне*), а кратката заменка во однос на глаголот (императивна форма) е во препозиција (*си убрнајте*); поопширно за ова в. во граматички дел.

винч'алó (и: **винч'илó**) 'склучување брак, свадба' [MS,s,126].

винчинúа f **1.** 'склучување брак, свадба' ~ *армасут е пулвина винчинија* [ТГ,152]; **2.**. 'договор за заеднички (брачен) живот меѓу машко и женско, потврден низ чинот на **венчавка**' ~ *нé-си-пл'ýм нă-винчинúта* (се раководам од обврските на брачниот живот, држам до нив) [ПК,II,30]; **3.** изр.: **винчинúа ме-ј** (= во брак сме) ~ *мăш-ме-ј, жéна-ме-ј* [ПК,II,155]; Госпуд да му даде касмет и здраве! Да е живо, да е здраво, и Госпуд да даде винчинија да прачеке (= пожелување кон мало дете кога се честита крштевка) [ТГ,115].

вир* m 'место каде што извира вода' ~ *ув вирištтă на пустолцкуто "Малто Блато" нема сал сом и јăнгулја* [МЕ (Р),77].

вирáн adj **1.** 'нечист, извалкан' ~ *дéк сă-направú такóф вирáн?* (= каде, како се извалка толку многу); ~ *ми-ддé áдин вирáн урúс* (= ми даде нечист ориз) [ПК(Г)]; **2.** 'нешто со лош квалитет' ~ *остави да, и сат бустан виран гу правил* [ТГ,187]; **3.**'стар, разрушен' [СК,320]; ~ *им-дадé п-áдна пýшка вирáн, áдна тóрба лéп и óт нă-фрóнто* [ПК,II,219]; ~ *сă-бутнáме уф-áдна вирáн кăшта* (= влеговме во една стара, разрушена куќа) [ПК, II,261]; **4.** 'непристоен, безобразен' ~ *шó (лáфе) гувóре áдни вирáн маабéте дă-тé-ј стрáм дă-ј-слýшиш* [ПК,II,31]; ~ *и тáтку-му бúше тăкóф вирáн, ги-зăкáчуфше мóмичките* [ПК(Г)].

вирандóсуве impf 'упропастува, прави нешто да биде со лош квалитет' ~ *сé вирандусá, нúшто нé зăчувá зă-дéцта зăспóмин* [ПК,II,31]; и:

вирăнóсуве 'уништува, разнебитува, станува негодно за натамошна употреба' [СК,320].

виранлăк m 'нешто неквалитетно' ~ *áјн виранлăк најдéл дă-т сăсмée* (= тој што не е ценет (не е на ниво) се потсмева на другите) [ПК,II,31].

виргѝ(ј)а (и: **верѓија**) f 'данок' ~ *демéк да кáжеме като за верѓúја* [BV,172]; ~ *госпуди Боже и Свита Трујца, некој кăсмет да пувелиш... дечка да си ранум, виргија да плашкум* [ТГ,306].

виргиџиа* m 'човек задолжен да собира данок од граѓаните' ~ *дали си чула ем разбрала / оти са дошли виргиџии / конак барат да кондисат* [ТБ, К,58].

виреје impf **1.** 'напредува, успева (за растение, цвеќе)'; **2.** fig. – во Гевгелиско се среќава со преносно значење (обично со негација) за дете со нежно здравје: **не виреје** 'боледува, не напредува' (детето). За да се промени (на добро) детето се лекува со баење, или *гу-фрл'уват на зора* (= во сабота наутро рано, детето ќе го изнесе од дома *прајасина* жена (онаа што престанала да раѓа) и кога ќе забели зората ќе го дигне детето три пати и ќе викне: "на ти, зоро, болно шилеже – дај ми здраво!" [ТГ, 123].

вирем f 'болест туберкулоза' – ја лекуваат со добра исхрана и пиење на козјо млеко; се вика уште: **охтика** или **лоша болѓка** [ТГ,228].

виримжник m 'синџир над огништето, врзан горе за греда, а на долниот дел има кука на која се закачува котле за варење' ~ *синџúро шó-ј нăд-уџáко, дéк о-зăкáчувме гăрăнто кá сивáрăхме рăчóко* [ПК,II, 31]; во Гевгелиско се јавува во множинска форма **виришки** 'синџир што виси над огништето во овчарските колиби, на *виришките* обично се закачува котле во кое се загрева вода, односно се вари *качамак* [ТГ, 337,430].

вúрište n ~ *мéсто дéк извúре вóда, плúтка-ј вóота, вóдно мéсто* [ПК,II,31].

вирни (си)* pf 'отиде назад, се врати' ~ *оттамо и станал веки да си вирна на вил'ахтот* [V,PM,180]; сп. **сă-вăрне**.

вирсúџ f 'позајмување' ~ *дă-сáкиш нéшто дă-зéмиш нă-вирсúџ, нé дáвăт* [ПК,II,268].

вирувајнă n 'верување, очекување дека нешто ќе се случи' ~ *лани се дилијă и Сăли-бегувите синуве; Постул оше не чипнат, амă зă вирувајнă ј оти и негу ки гу рăздробăт* [ME (P),83].

вирýве* impf **1.** 'прифаќа нешто за вистина' ~ *јáс оти тăнтéли плéтăх, ич нă мă вирýваа л'ýјто от нé знáм дă чéтум* [ИГ,119]; ~ *óни сáкăт дă сă вăрниме, амá нé а вирýум* [ИГ,121]; **2.** 'се надева' ~ *вирýвум óти Гóце ки си дóе вá вéчăр* [СК,320]; ~ *вирувиш уф мене оти можум да та изликувум* [ТГ,246].

вúсе* impf **1.**'кога нешто стои закачено на горниот крај, а долу не допира до ништо' ~ *што воја чувек висе тука?* [V, PM,186] (прашуваат за некој што е обесен на гредите); ~ *куту-тéп јунáци зăт-врáтта вúсăт* [ПК,II,276]; ~ *уттáмка, ричéла: "е, е прáво гóре шó пáтки вúсăт"* [ПД,154];

2. изр. **ви́се пу вра́тте** (= не сака да работи и само бара соговорници) ~ *та́а сна́ти мăр Ши́л'о це́л де́н ви́се пу-вра́тте, ка́ не́ сă-стра́му́ве* [ПК, II,155]; 3. **вси́** 'достига' ~ *дрăнго́ сă вси́ ... кумуту́к вси́ и кумута́м вси́* (= стапот достига на двете страни) [MS, s,127].

висе́ле (сă)* impf 'се радува, се весели' ~ *идна ве́чер изле́гăт нă-ка́фито и су-ба́бăта, су де́дуто пи́јăт, диме́к сă-висе́л'ăт ... ~ кă-сă-висили́ле, сиде́ле дăлго вре́ме, удри́ла мисичи́ната* [ДК,140].

висико́чна гуди́на f 'година што има еден ден повеќе (366) – по секоја четврта година' [ДС (Ч)].

висне pf 'коњот испушти силен глас' ~ *кога којна, бела Стано / висне и пувисне, Стано / и кога ки чујиш, Стано / тогај да се сетиш, Стано* [ТГ, 94].

висо́к adj 1. opp. на 'низок' – се простира во висина ~ *лам'ăт'а сă ска́ц'аха на висо́кат'а да́луви, хи́тра Пе́три сă ска́ци на до́лнăт'а да́луви* [MS,t,75]; ~ *сетни не ти ча́ка друго, са́мо да и́диш ету на онова́ дарво високо, што је́ нетри́ аф бахча́та, да фăрлиш едно́ вăжи да си обе́сиш* [V,PM.7]; 2. 'ридски, угорничав' ~ *а и нă-висо́ките ме́ста ло́зјата но́гу ружма́ле* [ДК,154].

висо́ку (и: **висо́ко**) adv 'поставено погоре; opp. на ниско' ~ *ама висо́ко ти и́де мур ке́рко нă тебе* [ИГ,119]; ~ *е, е, му-ве́ле, та: висучина́та, тăка́ си-кла́ве рăкта, ја́с, ве́ле, сум ста́р, нă-мо́жум да: ви́дум, а́ма о-гле́јш то: нă висо́куто* [ПД, 147]; ~ *гу зе́ј тупу́зу, гу ме́тна на висо́ку о́ш'ти по́нависо́ку* [MS,t,52].

височи́нка f 'рамно место на високо (на рид, планина)' [ДС(Ч)].

висучина́* 1. 'зарамнет простор на високо место' ~ *е, е, му-ве́ле, та: висучина́та, тăка́ си-кла́ве рăкта, ја́с, ве́ле, сум ста́р, нă-мо́жум да: ви́дум, а́ма о-гле́јш то: нă висо́куто* [ПД,147]: 2. **висучи́на** 'раст на човек' [ДК,103].

вит adj 'извиткан, издолжен' ~ *росно цвеќе си Русимка бирала / вит ми венци вијала* [ТГ, 206].

вити́змо n 'стрмнина' [BV,72].

вити́л' m 'материја (од текстил, како лента) натопена со зејтин или петрол за да гори – фитил' [ДС(Ч)].

витирни́чуф adj 1. 'време кога дува многу ветар'; 2. fig. 'несериозен' ~ (*сја́ не́ј ба́ш тако́ф*), *но́го витирни́чуф би́ше ка́ би́ше мла́т* [ПК,II,30].

ви́тка f 'парче од крајот на леб, краешник' [ДК,103].

витлини́к m 'чеп, славина' ~ *зăиспу́штне нă-ви́но ил' рăки́а уд-бу́:рто* [ПК,II,31]; ~ *витлини́кут е широ́к зă та́а бо́чува* [СК,320].

витреје impf 'испушта дел од она што го содржи, во вид на пареа – испарува' ~ кацата со *кумијна* се става близу оган да се "запале" (да почне да ферментира), а одозгора добро се покрива за да не **витреје** [ТГ,354].

витрил'а́ф adj 'ветровит' ~ *витрил'а́во вре́ме* [ПК,II,31].

Витрини́цăта f, top. 'име на место изложено на ветар, во реонот на с. Мотулуво (Кукушко)' – таму ја паселе стоката, имало *ри́тки, ри́тки.*

витри́ца f 'ветрушка, ветар што се врти во круг и крева предмети'; сп. **вихири́ца** [MS,s, 126].

витрушка f 'ветар шо се врти во круг и подига предмети, се јавува во летните горештини' ~ трудната жена треба да се чува *и уд витрушки да не а завијат...* зашто ако ја *завијат* ќе роди нездраво дете (според народното верување) [ТГ,103]; исто така (според верувањето) пелените на новородено дете не треба да останат *вонка* (= надвор) по заоѓањето на сонцето, зашто може **витрушка** да ги *завие* (однесе) [ТГ,116]. Сп. го објаснувањето забележано во Кукушко: *~ ло́ш ве́тăр, влăде́е ут-Питро́вдин ду-Бугуро́ица. Он сѐ ди́ге. Мо́же и чуве́к дă-ди́гне* [ПК,II,31]; *~ ве́тăр ка́ зăви́ве, ка сă су́ке, ди́ге ше́уве* [ПД, 129]; [СК,320]; во Солунско: **вихири́ца** и **витри́ца**.

витрушки pl 'натприродни суштества (според народното верување) поврзани со лошиот ветар што се врти во круг'. Ако **витрушките** (т.е. лошиот ветар) ги зафатат детските пелени, тие треба повторно да се перат и да се накадат со темјан [ТГ,331].

виува́ица f 'лошо време, силен ветар со снег' [ДС(Ч)].

вихири́ца f 'ветрушка, ветар што се врти во круг и крева предмети'; сп. **витри́ца** [MS,s,126].

вич'аро́т adv 'навечер' *~ кугá за т'а стрăти пóпут, да му рич'éш', да дóјди вич'арóт на усимт'á сáтут* [MS,t,68]; *~ вич'ăрóт фл'áзухми на кăш'тамáму и л'éгнахми* [MS, t,73].

вич'е́ра (и: **вичéре**)* impf 'јаде навечер' *~ и си дóјди ман'ц'ó-ји, с'éднаха на мухабéт, пúха пу инá ракúја, пу инó кајвé и клáдуха суфрáта да вич'éрат* [MS,t,37]; *~ и уткáк сă субéрат сăте, а клáвăт синúјта, а нарид́увăт вичéрта и сéгăг су аднó чувéк пóвичко сиднúвăт да вичéрат* [УЕ,23]. заедно со *лузанка* (= гранка од лоза) и така закачени на некоја греда или на таванот, можат да се чуваат дури до Божиќ' [ТГ,347]; сп. уште: **вишáло** 'гранче на кое има наредено (закачено) црешни' *~ н-аднá чăпрáшка сă-рéдат сé двéчки чурéши, пу-двéчки, кá-ќ сă-нăпăлне – тó-ї вишáло* [ПК, II,31].

ви́ш'ина f, bot.Prunus cerasus 'вишна' [MS,s,127].

виш'т'е́рна || **ш'те́рна** f 'стерна, резервоар за вода' [MS,s,127].

вјани impf **1.** 'се суши (растение); **2.** fig. 'боледува, има нарушено здравје' *~ Стојан хи вили говорја: / - Тенинка Недо хубава, ни вјани кузум, ни сăхни* [ТБ,С,54].

вјани́к adv 'јавајќи' *~ éту тфóјот Цар úди, вјáник наврас мăскичка* [MV,K,288]; и: **вјааник** *~ ки наберат колку му трибуват дубици и вјааник ки одат* [ME(P)].

вјаса impf 'брза' *~ пак царјут как ги виде, ча са уплашиха, фати повике да ги вј'аса,за да идат да запрјат водите* [V, PM.59]. Во Зборникот на Верковиќ среќаваме толкување: 'принуди, натера' (стр. 532).

вјаси́на f 'брзаница' [BV,172].

вјáсна adj, m (f) 'забрзан' *~ да флизé éмен вјáсна на цáрот, му сакáл* [MV,K,330]; *~ и как испаднáле вјáсни, бигáле ут грóбут* [ТГ,333].

вјасника adv 'брзајќи' ~ *стана́ла М..., да си ути́шла вјасни́ка пу ри́дут го́ри* [MV,K,328]; сп. ~ *на вјаси́на направих нешто* [BV,172].

вјáсно adv 'брзо' [BV,172].

вјáсну adj, m (n) 'брз' ~ *вјáсну чувéк* [KE,273].

вјáтровит* adj 'време кога дува ветар' ~ *вјáтровито врјáми* [ДС(Ч)].

вјаха (и: **вјáе, вјаје**)* impf 'се движи качен на коњ, магаре – јава' ~ *синку, ако имаш харин кон, на чужди да гу не даваш да гу вјахат* [V,PM,93]; ~ *ја уд-дóлу лýдо млáдо си́ва кóјна вјáе* [ПК,II,328]; ~ *црна којна вјајише / мошна и́ тепаше на царувито* [ME(B),264]; сп. **вѓáне** (pf).

вјахани n 'јавање' ~ *аз да направам два товара прикија, па да оружим две бели сансани – два бăрзи кон'а за вјахани* [MC(B),95].

вјахне* pf 'се качи на коњ, магаре, јавне' ~ *цар'увата мома кату чула така вјахна пак белата кон'а и трагна да си оди на пăт'у* [V,PM,276]; и: **вајахни (кóн'у)** 'јавне' [MS,s, 124]; односно **вјане*** ~ *туку вјана млад спајија / брза којна јуружана* [ТГ,334]; ~ *па вјана којна пеливана / па вјана Турче-Босналијче* [ME(B),265]; сп. **вѓáне.**

вкара* pf 'внесе' ~ *вкарајте ма при Бојана / при Бојана в далбок зимник / имам дума да хи думам* [ТБ,С,56].

влáга f 'водени испарувања во воздухот, односно остатоци од вода, во мали количини нафатени врз некои предмети' [MS, s,127].

владéе || влăдéе impf **1.** 'употребува' ~ *н'о: влăдéјме тó: нéшто* (= ние не употребуваме такво нешто); **2.** 'користи, полага право на нешто' ~ *тáа ни́ва óни гă-влăдéăт тóлко гуди́ни* [ПК(Г)]; **3.** 'господари, има власт' ~ *фати да и са моле да му пузаиме три дни он да владеје* [ТГ,13]; **4.** 'постои, дејствува' ~ *лóш вéтăр, влăдéе ут-Питрóвдин ду-Бугурóјца. Он сé дúге. Мóже и чувéк дă-дúгне* [ПК,II,31].

владика* m 'духовник православен од висок ранг, управител на епархија' ~ *как идахме на Солун, баш на Араплија имаше едно тăрло от галичани, и там имаше братјата на владиката* [MC(B),91]; ~ *владиката излезе пак прет сиромáху и му вели така сос грозност: "господине, да ми кажиш прáво, колку карагроши зема!"* [V,PM.39]; и: **влăди́ка** ~ *и идну дéн дóшăл влăди́кăта, сă-субрáло сéлуто и сăти зáјно су Асăн ти́шле у цăркфа* [ДК,153]. Сп. уште **вăлди́ка*** f ~ *ќ-óјме нă-вăлди́кăта, пóáрно ги знáе óна зăкóнто* [ПД,165].

владикуф* adj 'она што му припаѓа на владиката' ~ *и л'у влезе нетри аф владикувата удаја, са поклони на владиката и седна при негу* [V,PM, 38].

владичкиј adj 'она што му припаѓа на владиката – владикин' ~ *óн оти́де нá владичкиј конáк, ми речé и ти́нака да и́дриш тáму* [V, PM,149].

Владово n, top. 'име на село во Воденско' ~ *ка ми дуфтасаја грчките јандари / јони утидоја ју село Владово* [ПБ, В,78].

Влајина* f 'припадничка на Аромуните' ~ *Маслино, моме,*

Маслино / де, гиди, каврак, Влајино! [ТГ,98].

вла́ж'на adj (m,f) 'што содржи влага' [MS,s,127].

влакна pl 'волна' (возможно од лош квалитет?) ~ *јаз три пăти паднах от овците, демек ми заборциха – два пăт'а од митил и едниш от влакна* [MC(B),82].

влакно n **1.** 'нишка од коса со која е покриен дел од телото' ~ *скини от мојата чанба три влакна да ги вăрзиш на големоју ти прăст* [V,PM,47]; ~ *ќи-по́чнăт вла́кна да-испа́јѓăт* [БМ,201]; **2.** изр. **вла́кăнто не́ о-ди́ге (фа́ште)** (= не сака да работи) ~ *шо и́мум адна сна́а вла́кăнто не о-фа́ште (ди́ге)*; **вла́кăнто гу-не́мум** (добиено подарок) ~ *ут-ста́рте, ут све́куро и свăкăрвăта ни́штичко не́мум, се́ са́ми сме пичали́ли* [ПК,II,155].

вла́пса (ви) pf 'ви наштети' ~ *да стăпнити наврас зми́ити... и ни́што на ва́с да не ви вла́пса* [MV,K,324]; ~ *се́кој турл'у́ зăи́р шо ки пи́јат, не ј каби́л да му вла́пса* [MV,K,333]

вла́с (чл.: **власта́**) f 'државна управа' [ДС(Ч)].

власта́р' m 'млада гранка' [MS,s, 127].

власти́нка f 'гранка од лубеница или тиква' (се лози по земјата) [MS, s,127].

вла́тно n 'нишка од коса – влакно' ~ *и вла́тно ут ва́ше гла́ви не ки си заги́ни* [MV,K, 317]; ~ *Јоа́ни бе́ши ублич́ен ут вла́тно ками́лцко* [MV, K,307].

Вла́у m 'припадник на ароманска националност' ~ *идно́ Вла́у се́диши там на идна́ ку́ка* [KE,290]; и: **Влах** ~ *зашто един Влах краде 270 кози* [MC (B),73].

Влахи́нка || **Вла́хка** f 'припадничка на ароманска националност' [MS, s,127].

вла́ч'и impf **1.**'расчешлува, влачи волна со гребенци' ~ *сăс дара́цит'а вла́ч'и* [MS,s,127]; **2.** 'ги ситни грутките по орањето со помошта на дрвена или железна направа (*брана*)' [ДС(Ч)].

Вла́шка Че́шма f, top. 'чешма в планина, ја правеле Власи' [ПГ (K)].

влашки adj 'нешто што стои во врска со името Влав' ~ *зетко л'о влашка ојода! / ти да бе знајал, зетко л'о... / Цари бе града обишăл* [ТБ,С,21].

влѐва || **вле́ве** impf **1.** 'поминува од еден простор во друг' ~ *и та вле́ва у-ѓа́вăлут* [БМ,196]; и: **вл'а́ва** ~ *така́ и се́лене́те ста́наха та оти́духа при пе́штере́та и на́јдуха ду́пката откаде́ са вл'а́ва, ама́ не мо́же боди́н да фле́зе* [BC(Д),64]; **2.**изр.: ~ **не ти вле́ва уф рабо́та** (= тоа не е важно за тебе, не треба да те интересира) [V,PM,170]; **то́о не́ фле́ве уф-еса́по** (= она што не е земено предвид, пр. не е ставено во сметката и треба одделно да се плати) [ПК(М)].

вле́зе pf **1.**'премине преку нешто, проникне внатре (од еден простор во друг)' ~ *скоро влезејте нетри аф пештја да си искрији* [V,PM,140]; ~ *кăрпа́чинот влезе́ на дома́ му, га даде́ ри́бата на зе́ната му и га вели ...* [V,PM,17]; **2.** 'собере' (нешто може да влезе некаде) ~ *гуле́ма бо́чфа би́ла, влига́л чо́ек* [ДК,150]; **3.** изр.:

флéзе у нóјмата 'сфати нешто' ~ *нé мóжум дă-флéзум уф-нóјмата, не-рăзбúрум шó прáват* [ПК(Г)]; **флéзе пúсар** 'се ангажира, добие статус на чиновник' ~ *товá сегá сáка на нéкоја магазúа да влéзи писáр нá чилибилăк, а нé да копáј и да óри* [V,PM,105]; **на око му влезе** (= му се допадна) ~ *са вăрна и га виде, мошни на око му-влезе* [V,PM,106]; **му влезе на носот** (= го измалтретира) [V,PM,170]; **влезе хапуз** (= го ставија в затвор) ~ *он кату влезé хапуз, ѵифаирѵúта сос другáро му најдóха врéме и побегнáха* [V, PM,8].

влече impf **1.** 'нешто тегне кон себе' ~ *направил си адин остăр кăрлик па га закачил на мајка му сос кăрлиго за носо и сос голем дим и прах га влечел на гробишчето* [ШГ,V, 419]; **2.** изр.: **он-о-влéче кą-úшо** (= тој се труди, работи за другите) [ПК(М)].

влéче (сă) impf **1.**'следи, оди по некого' ~ *и кубúлта трýдна; па ину-ждрéбе пу-нéа úма, сă-влéче* [ДК,138]; **2.** 'лази' ~ **вличé (сą) змúа** 'се движи (змија) лазејќи по земјата' [ДС(Ч)].

влечко n **1.** 'оној што се движи (или работи) бавно'; **2.** 'оној што остава впечасток на неуредност, односно што не е прибран' [ТГ,326].

влечопиниц* m 'погрден израз за неактивен човек, влечко' ~ *Катирина вино пурдавала... / на јураче вино не давала / оти биле они влечопинци* [ТГ,196].

вличарка f 'рибарска направа од врежови гранки исплетени со гранки од врба, личи на венец, го ставаат во вода кога е надојден Вардар и го влечат кон брегот. Се случува при влечењето да се зафати меѓу гранките и некоја риба' (сп. гл. **влече**) [ТГ,396].

вличáрка f 'чаталесто дрво на кое се мота преѓата (**прéдното**), кога се снове, притиснато е со камен за да се опне' [ИГ,120]; според Саќов: 'направа за сновење' (кога се приготвува за ткаење) [СК,320].

вличејне n (гл. именка) 'ловење риби со **сертме-то** (вид мрежа) по реката'. Летно време кога текот на Вардар се стеснува, се договараат 10-15 рибари заеднички да ловат со **вличејне**. Рибарите се соблекуваат (остануваат само на гаќи), влегуваат во Вардар и секој го раширува своето **сертме** (= рибарска мрежа во вид на конус); еден крај од **ќесето** (= широкиот дел од сертмето) го подава на оној што му е од лева страна, а самиот го држи другиот крај од *ќесето* и јажето со *кубето* (врвот на конусовидната мрежа). Другиот рибар, што му стои од десната страна го прави истото тоа, така и третиот и сите заедно со раширени мрежи (*сертмијна)* тргнуваат по реката (Вардар) и ги влечат *сертмијнта* по водата. Кога рибата ќе налета на мрежата рибарите тоа веднаш го сеќаваат и го пуштаат *сертмето* на дното со што ја поклопуваат рибата, а потоа го влечат *сертмето* на брегот, ја вадат рибата и низ устата и ушите ја наденуваат на **јултар**. Покрај рибарите што ги влечат мрежите, од едната и

од другата страна одат рибари што удираат по водата со стапови, ги плашат и ги гонат рибите кон средината на водата, кон отворите на *сертмијната*. Кога ќе завршат со ловот рибите ги делат на еднакви делови со *ждрепче*. По делењето нема лутење, секој вика: *"воја ми бил касмет!"* [ТГ,394].

влăгу́ве impf 'поставува мрежа во езерото (станува збор за Дојранското Езеро) за ловење риби' : кога одат на рибарење едниот весла, а другиот *влагу́ве* [ПД,128].

Влăда́ f, top. 'име на село меѓу Кукуш и Дојран' ~ *еди́н по́п, уд-Влăда́та, та́м купи́л не́ко: ко́личка, уд-Буга́рја* [ПК,II, 220].

влăкне́нце n, dem. од 'влакно' (= мала нишка од коса од човек или животно) ~ *а́ко не́кои мăле́чки влăкне́нца му испа́днăт на де́јто, то́гај ба́бăта ве́ли де́ка ти́ја гу ду́пăт, пă зăто́ пла́ка де́јто* [УЕ,29].

влăча́р m 'мајстор, работник што ја развлечува волната и ја приготвува за предење' ~ *чуве́к шо́ вла́че вăлна (буба́јќ) ус-гре́бинци или пак уф-влăча́рница* [ПК,II,31].

влăча́рница f 'голема работилница за влачење волна' ~ *вла́че вăлна (буба́јќ) ус-гре́бинци или пак уф-влăча́рница* [ПК,II,31].

Влăши́куво n, top. 'име на место во близина на Арџанскиот ѓол' (во атарот на с. Калиново – Кукушко).

внесе* pf 'стави, остави нешто внатре' ~ *внесла го в худајăта и си пошла* [V,PM,281].

внетре adv, opp. на 'надвор' ~ *ако и да та је мăжо ми пратил, ал јаз ни та пуштам внетре* [V,PM,280]; ~ *т'а клала овчаро внетре в сăндăко, викнала един грăбоносник и го отнесла в кăштăтă на тăрговецо* [V, PM,280]; и: **внăтре** ~ *гле́ет вăлк, лиси́цта фле́зе внăтре* [ПК,II,225]; ~ *нашла колиба, внăтре имало три лепчијна, три лăжички и сукордички* [V, PM,269].

вного adv 'многу – множество, повеќе работи' ~ *за вного гудини* (израз за наздравување) [ТГ,214].

внук m 'дете од брат или сестра, односно од ќерка или син' ~ *она тăрчи от-там, иди тука, нема хабер... и зема Георги, внук ми, и отива на бахчата* [MC(B),80].

внуче (и: **внучи**) n, dem. од **внук** 'дете од брат или сестра, односно од син, или ќерка' ~ *ка и види книгите, плесна рăци на неговото внуче Јанкула: "скоро да ми направиш кон'ат да одам да откинам града Солуна"* [MC(B),97]; ~ *тој ка тăрчиши с голема сила, тăнки гласови викнаха: "мило внучи, застани, имам лаф да ти кажам"* [MC(B), 95].

во (у) praep 'укажува дека нешто се наоѓа внатре' ~ *"ој ти Го́лаш, Го́лаш, пла́нино, проклéта во те́бека Го́лаш тре́ва / до-раме́на / тре́ва до-раме́на, крăфје до коле́на"* [ПК,II,235]; во следниот пример презентираме случај на отсуство на предлогот **во (у)**, т.е. имаме додаток за место без споменатиов предлог ~ *за уре́ш', за фăрли́ш' дру́га л'а́ха пак с'ăм'ạту* (место: **во (у)** *дру́га л'а́ха)* [MS,t,6]; в. **в (аф, уф)**.

во́ pron (показна заменка) 'овој' ~ *во́ о́ѝа́та ка́ко да́ не́ е то́кму* [ДК,154]; ~ *за́шчо е во́ ма́ле́чко ко́тле, бре уѝа́?* [ДК, 154]; ~ *на́ ти гу во́... у́чи, у́чи – ти́ква бу́чи! У-вра́гут д-о́јш су се́ не́го!* [ДК,141]; ~ *та́мо во царју́т чини млогу вре́ме, и еди́н де́н изле́знал да си ше́та по сока́ките* [V,PM, 9] (во долновардарските говори чести се синтагмите од показна заменка + членувана именка, што не се обични за нормативниот исказ); и: **во́а** (освен за с. и за м. род) ~ *нава́л'а́ве а̣дин о́ѓин на̣ кра́јта на ни́а́вта, а кла́ве гла́вта да̣ го́ре; – и па́ о́ре во́а* [ИГ,110]; односно **воја** ~ *и то сношти, пу воја ветар... пу воја сафраѓа́н...* [ТГ,187]; ~ *прустено и уд мене и уд Госпуд и на воја век и на тоја век* [ТГ, 294]. Сп. уште **воо**: ~ *на́ мо́стут, ма́ за̣стана́а тама́, па́ : "Кажи, шо́ те-ї во́о, шо та́ но́се; речи му: ти́ ку́че, ти ма́ѓа́ре"* [ИГ,118].

воин* (и: **во̣ін**) adj 'нешто што ѝ припаѓа на војската' ~ *о́де уфгра́до, са́-буну́ве у-во́јнта му́зика* [ПК,II,270].

во́јчка f, dem. (од вода) ~ *успа́нча́та зи́миш, или во́јчка са́на́пи́јш или шо би́ло* [ПК,II, 238].

вогин (**во́гни** || **о́гни**)* m 'нешто запалено, кога гори прави **вогин** (= оган)' ~ *гу тури нетри аф колибата... и га запалиха колибата сос вогин* [V, PM,94] ~ *пикме́с гу кла́вами у каза́ниту, гу фа́рл'ами и пе́п'а̣л н'е́тр'а̣ и гу сфа́рими, гу зва́ж'дами с'е́тн'а̣ ут во́гн'у* [MS, t,4]; ~ *гу пи́та паш'а́та "хи́ч' ни ви́д'а̣ д'а́гунд'а̣ пуиди́н во́гни?"... ~ и ка́рат, ка́рат, з'е́ха млогу па́нт', ала́ замра́знаха на па́нто́ и сл'а́зуха на ина́ го́ра удго́р'а̣ за да ста́кнат во́гни* [MS,t,23]; **2.** 'гром' ~ *и ошти речта не доречи, падна вогин от небету и са запали чиницата, фати да гори* (= удри гром) [V,PM,86]; изр.: *иди́н во́гни и да́ва на ка́ш'тата, ја згур'а́ва* (= ја запалува куќата) [MS,t,12]; **3.** 'температура (обично зголемена) кај болен' ~ *но́го о́гин и́ма де́тто, са̣-тре́се* [ПК(Г)].

во́да || **о́да** f **1.**'течност од соединети водород и кислород, без боја, неопходна за се́ што е живо на земјата' ~ *и́ш'ти ... друк да бо́цка ко́рин'а̣, друк да ва́ди ко́рин'е́ту, друк да ка́ра во́да са́с ко́н'у* [MS,t,5]; ~ *и ка́та саба́лин и на вич'еро́ и пуме́ваш'и ка́ш'тич'ка́та, дука́рува́ш'и и во́да* [MS, t,62]; ~ *гу пи́та визи́рину: "то́с кла́ј-а̣нц заш'то́ кра́ф тич'е́?" визи́рину му вили́: "во́да тич'е́"* [MS,t,39]; **2.** изр.: **со́л' и во́да ста̣на́** (= се возбуди, се загрижи многу) ~ *а́ко-ј ско́са́н* [ПД,137]; **ма́-пулија́ вре́ла во́да** (= *не́што ло́шо а́к ти на́пра́ве не́кој*) [ПД,137]; **куту вода да са водат** (= пожелување што кон младоженците го упатува поканетиот на свадба; тоа го кажува кога се кај него *калесарите* (тие што канат на свадба) и при тоа во *паурчето* (= специјален сад за ракија) става малку вода; **низ вода да пумине** (перење на брзина на алишта што не се многу валкани); **отиде да пушти вода** (= беше по мала нужда); **во́да до̣-уднéсе** (клетва = да доживее голема несреќа, смрт) [ПК,II,154]. Освен познатата синтагма:

студе́на во́да ~ *гу кла́вами пла́тнуту н'е́тр'а стујѝ два́јсич'е́тир са́та, гу зва́ж'дами с'е́тн'а, ути́вами на студ'е́ната во́да* [MS,t,8] забележивме уште една, што е ограничена: **б'а́ла во́да** ~ *и ми р'е́ч'и да сӑ уми́ја на б'а́ла во́да* [MS,t,15].

водáрка f 'девојка којашто на свадбата е задолжена да носи вода' ~ *до́д-Да́на би́ше водáрка (водари́а) на Ки́руфта сва́дба* [ПК(Г)].

во́де* impf **1.** 'носи (води) со себе некого кон некоја цел' ~ *то́ӑ ади́нјо ве́ле: слу́ши, ве́ле, ти́ кут-ка́ нӑ-во́диш ни ади́н чуве́к нӑ-мо́же дӑ-приме́не гра́ница* [ПД,174]; ~ *пусе́стримте пе́ат: Во́ди, бра́че, во́ди / Прет ку́м да а но́сиш / Кум ќа а дару́ве / Ду́јна ем нара́нsа* [ИГ,114]; сп. клетва од Гевгелиско: ~ *просјаци да водиш* (= семејството да ти се сторат бездомници, просјаци, а ти да ги водиш) [ТГ,319]; **2.**. 'оди напред и со огламник (или јаженце) води врзано добиче, коешто се движи по него' ~ *во́де си-ко́јно и нӑ-пӑто гле́де адна́ лиси́ца сӑ-нӑпрӑви́ла у́мрӑна* [ПК,II,225]; **3.** 'шумот од ѕвонец закачен за вратот на овенот – водач, го усмерува движењето на стадото' ~ *јӑнгӑра́к е то́ӑ шо́ дрӑ́нке, дӑмо́же дӑ-о́дӑт пу-не́ӑ о́фците, дӑ-ги-во́де* [ПД,156]; **4.** – **(се)*** 'кога сопружниците живеат со меѓусебна почит и слога'; сп. го обичајот: во *паурчето* (= мал дрвен сад за ракија) со кое младоженецот го кани кумот, треба да се стави малку вода, со желба младите *да се водат* (= да се сакаат) [ТГ,161]; **5.** – **(се)*** 'кога се оплодува крупен добиток, пр. крава и сл.' ~ *дуби́ците сӑ-во́дат* [ПД, 125]; **6.** изр.: **(ја) воде** 'ја има за жена' [ТГ,161]; **во́де еса́п** а). 'прави сметка' ~ *с-и́ма чуве́к шо му во́де иса́пут*; б) 'се грижи' ~ *во́ј-си ма́лко еса́п зӑздра́фто* (= грижи се повеќе за себе и своето здравје); ~ *но́го ми-во́диш еса́п ти нӑме́н, шо́-ј та́а рӑбо́та?*; в). среќаваме и комбинации во кои турцизмот **есап** е заменет со **сметка** ~ *она му-вуди́ла сме́тка нӑ-па́рте* [ПК,II,267].

болест f 'вид опака болест (туберкулоза ?), ја викаат и **саска** (во Гевгелиско). Се мисли дека се добива од недобро варена храна. Се лекува со коренот од тревата **зрнешник** (Solanacea) [ТГ,228].

Во́дин m, top. 'име на населено место во Егејска Македонија' ~ *у-Во́дин ќи-ј-пурда́дија* [БМ, 201].

во́дна змиӑ f, zool. Tropidonotus natrix ~ *у-во́ота-ї о́на, не́-ї утро́вна. Та́а гӑ-ви́кат и* **вудну́шка** [ПК,II,31].

во́дна же́л'ка f, zool. 'водено животинче со корупка – школка' (?) [КЕ,269].

Во́днијут азма́к m, top. 'име на место, неплодно, често под вода' (во регијата меѓу Кукуш и Солун, с. Градобор).

во́дник m 'ниска полица, место каде што стојат садовите' [ПС (Г)].

водосвјатение n 'религиозен обред, попот пее дома и прскајќи со "света водица" благословува' ~ *на понид'алн'ак рано викат попот, му пеї водосвјатение, за да си чисти каштата* [V,PM,247].

во́зе (сӑ) impf 'се префрла од едно место на друго качен на кола, брод и сл.' ~ *не́ли сӑ во́зӑт там ус-кура́буто, викну́ве еди́н риба́рин* [ПД,146]; ~ *ко́лко пӑри́ ти-чи́не шо сӑ-вуза́ме?* [ПД,147].

возмо́жну adv 'тоа што може да се направи' ~ *штото ни е-возмо́жну л'у́де да-си-фл'а́зат* [ВС(Д),81].

возрадување n 'чувство на радост' ~ *ја царјут кату не сакаши да го даде на таков акмак човек такво нешто, ја от много веке возрадување го извади да му го даде* [V, PM,170].

во́зрас(т) m 'период, број на години што личноста ги има поминато' ~ *и кога́ дојде́ де́тето на возраст пет или ше́с години, гу пусна́ та́тко му на учи́лиштето да са у́чи кни́га* [V,PM,7]; ~ *сос еднаква́ пре́мена, еднакӑф во́зрас, еднакво́ ли́це* [V,PM,258].

воја и тоја 'било што, се́ нешто' ~ *на може една кукошка да ране, та са фале оти може воја и тоја да праве!* [ТГ, 401].

војвода f 'тој што предводи група (чета) нерегуларна војска во турско време' ~ *си го жа́л'ат Го́це Де́лчов / Го́це Де́лчов, мла́д војво́да / мла́д војво́да македо́нски* [ПК,II,235]; ~ *и та напкун го качи на кон'ут на јунак Бошко, и та като млад војвода, си отидоха на градо Призрен* [МС(В),94].

во́јден adv **1.** 'денеска' ~ *нӑ-те́бе пле́тӑм – зе́ӑм во́јден ја́с* [ДК, 113]; **2.**'денешно (сегашно) време' ~ *во́јден и́ма ниша́ни де́ка се́лто би́ло у-по́ле, та́ка шу-и́ма ни́шта шо́ сӑ-ви́кӑт Ши́шива Че́шма, Чити́ри Пӑтишта, Мӑрни́ца, Тӑргуви́шче, бизбе́ли та́му сӑ-прави́ло ни́кој па́зӑр* [ДК,154].

војититико́с m 'помошник' ~ *и та́м сӑ катата́ксах ('зал'ąпи́х') на де́катоно́гдон ш'и́ндагма и там м'ą изва́ди епитрупи́ту војититико́с* (= ме одредија за помошник – на оружјето) [MS ,s,127];[MS,t,1].

во́јна (и: **вујна́**) f **1.** 'борба меѓу војски на две или повеќе држави' ~ *ту́ко си жа́л'ум пӑрвото ли́бе / на во́јна о́јде, о́јде не до́јде* [ИГ,107]; **2.** 'војска' ~ *вујна́ ца́ро пушчи́л, нӑмо́жӑт да зе́мӑт* [ПД,154]; ~ *е, ка́ пучна́а дӑ-сӑ-спре́мӑт вујни́те: Буга́рто и Сӑрбӑто, Гӑрците дӑ-сӑ-би́т сӑс Ту́рцте* [ПК,II,217]; **3.** изр. **вујна́ с-утвури́ла** (= започнал воен судир меѓу држави) ~ *чини́ме, дужна́ме и ричéа: вујна́ с-утвури́ла ут Ку́куш на до́л Сулу́нцкуто По́ле* [ПК,II,235].

војниче n, dem. од 'војник' ~ *ај, Лазаре, Лазаре / море младо војниче! / чији са вија дворуве* [ТГ,47].

војнички* adj 'нешто што припаѓа (односно се однесува) на војска, војници' ~ *купи ми руба војничка / и јас ки јодам на војска* [ТБ,М,31].

во́јнта му́зика f 'оркестар на војската' ~ *во́јнта му́зика авикна́ли там сви́ре, англи́скӑта* [ПК,II, 272].

војска f **1.**'организирана државна милитантна сила' ~ *на пуста војска су сила на́ зе́* [МЕ(В), 261]; и: **војсќе** ~ *кога бехма на пуста војсќе со тебе / тамо имаше иден јунак* [МЕ, В,263]; **2.** 'војници' (pl) ~ *не́ма фа́јда, ја́с, то́лко во́јска истӑпа́х з-е́дна шче́рка да́ј ки-*

ви́дăме пу-ба́би, пу-мăгú: [ПД, 154].

во́јте (< водите) pl ~ *нă-мо́мте прăстăнто ги-не́ма, ча́:ште во́јте испи́јни* [ПД,169].

во́јчка f (< водичка – dem. од вода) ~ *и́мше та́м и адна́ во́јчка, ја́ куту и́звурче... тăка́ пу-бре́го те́чше* [ПК,II,247]; ~ *чекме, чекме, мила ле додо / војчка ми са пије, додо* [ТГ, 141]; ~ *дă-о́де нă-та: во́јчкăта, та́мо, дă-с-измú: о́чте, ки-му-пугле́днăт* [ПД,166].

во́л || **о́л** **1.** m, zool. Bos taurus 'крупно домашно добиче (со рогови)' ~ *о́де во́а де́тто уд еди́н ура́ч му-і зе́ме вуло́:вто и ра́лто, о́де на ни́:вта, зафа́шке да о́ре* [ИГ,110]; ~ *уч'е́л иди́н ч'ифч'и́ја тамо́кул вудини́цата, му ја уткра́ва пампри́цата, си ја кла́ва у турба́та и си ги пасе́ во́лува́ту* [MS,t,43]; **2.** изр.: **во́ло ри́и, пра́ста нăврăс-гăрбо сја́а фăрке** ~ *не́кој шо пра́ве ло́шо нă-дру́к, ло́шо нă-не́го му-сă-вăри́не, сăврăште, нăсăј сă-врăште* [ПК, II,155]; **во́лцка ко́жа** (= се кажува за човек што не се срами, што не реагира) ~ *усне́го нă-мо́ж сă-răспра́ве се́кој, о́н и́ма во́лцка ко́жа, не́ сăсики́ре* [ПК,II,155]. Заб.: во претставувањето на ексцерпираниот материјал оригиналното бележење по правило се чува, но се испуштаат некои непотребни знаци коишто немаат реалии, пр. во *вуло́в'те* се испушта апострофот бидејќи реалниот изговор е *вуло́вте*, а запишувачот бележи апостров за да сигнализира дека има елизија; од истата причина пишува: *ра́л'то*.

в'оли́ n 'музички инструмент – виолина'; сп. **киман'е́** [MS,s, 127].

воловарче* n, dem. од **воловар** 'пастир што пасе крупна стока (волови)' ~ *на то место имаше неколко воловарчета; ги викна и ги е дал по един хирмилик* [MC(B),73].

во́лски* adj 'она што е во некаква врска со **вол'** ~ *пујно́ в'р'ăм'а на маќедо́нскију ца́р' на Фи́липа́та му пу́сна... иди́н ко́н' сăс во́лска гла́ва* [MS,t, 59]; ~ *от тридéсе годи́ни до педéсе – во́лски живо́т* [ШВ, IV,336]; **во́лцко** (пр. месо) [ДС(Ч)].

во́лта f 'прошетка' ~ *Икаро́ту си р'е́ч'и сăс умо́ "ч'а́ј да сто́р'а ина́ во́лта, па́к за гу фта́са та́тку"* [MS,t,58]; ~ *"а́јди – му вили́ ... – фл'а́с нăтр'а да по́јми во́лта"* [MS,t,83]; сп. **ш'е́дба, ш'е́тани** [MS,s,,127]; 'прошетка, обиколка' [СК,321]; ~ *удри́ а́дна во́лта ду ...* (= се прошета до ...) [ПК,II,31].

во́л'а f 'желба, настојување' ~ *"не́, ве́ле, јас не́го си-гу-са́кум; та:-ј мо: во́л'а"* [ПД,146] (пообично: *мира́к*).

во́н'а (|| **о́н'а**|| **вун'а́ј**|| **ун'а́ј**) f, m 'непријатна миризба, смрад' [MS,s,127].

во́н'ак || **о́н'ак** m 'нечист човек, смрдле' [MS,s,127].

вон'и* impf 'непријатно мириса' ~ *на магарите на гăрбовето му са чиниха едни рани от самарот, хем вон'ајаха* [V,PM, 180].

во́нка adv **1.** 'надвор' ~ *ви́ă пăк ут вăрти́чкăта и зăу́шăвăт бра́тјата от сто́ат во́нка, и ви́кăт, не и́ăт* [ИГ,114]; ~ *кога дошел денут да заколе момата каменут, царут сос сичките големци излезел вонка*

[ШГ,V,423]; во Солунско: **на́двор**, и **о́нка** [ПС(Г)]; **2.** изр.: **во́нка уд-ве́рта** (се кажува за човек што се однесува без норми, надвор од човечноста) ~ *о́н-е́ј во́нка уд-ве́рта, ним фа́шти ра́бо́та усне́го* [ПК,II,155]; уште: **излезе по ва́нка та си рашета** (= отишол по нужда) [V, PM.180]; сп. **вун.**

вонкашен adj 'opp. на внатрешен, т.е. она што се наоѓа на допир со надворешна средина' ~ кога доаѓаат сватовите младоженецот се закрива зад *вонкашната врата* [ТГ,182].

во́нкашна бо́лис f 'болест епилепсија' ~ *уд-во́нка па́ди́не* (= боледува од епилепсија) [ПК, II,31].

во́са f, zool. Vespa 'инсект што кога ќе боцне испушта отров, како пчела – (оса), но не собира мед' ~ *ма́-апна́ адна́ во́са.* Сп.: пчелата се третира за *благуслувена* зашто ни дава *ликувит мед и восук* [ТГ,400]. *Има адна́ гуле́ма:* **магаре́шка во́с**а, *н'а́а га́-ви́кат и* **ста́ршин** [ПК,II,31].

восок (и: **во́сук** || **о́сук**) m 'мека и леплива материја, спореден продукт од пчелите, од него прават пити во кои го собираат медот' ~ *му а даде́ле на не́гу ри́ба пиче́ну идно па́рча, и ут во́сук пче́ла ме́т* [MV,K,335]; ~ *направих на тиквата една дупка и турих един конец на ... на́три на восок* [MC(B),86]; ~ *ги напра́ви крила́та... ги сто́ри ут ко́куш'ко́ви пира́ са́с во́сук ги зал'а́пи́* [MS,t,58]; [MS,s,127].

восра́дува (са) pf 'кога човек е со пријатни чувства' ~ *и тога́ са восра́дова охче́ре, и зи́ма пари́те и ста́ва па́рф на се́лото* [V,PM,261]; ~ *тога́с си возрадува́ господа́рот сос не́говата вр'а́дност* [V, PM,15].

воф praep – 'предлогот, во примерот што следува упатува на временски сегмент' ~ *воф то време на господ го болело за́бо... та му поминал и му оздравел от кадешо на тимено* [ШК,V,420]. Сп. **аф, во.**

вошка* f, zool. Pediculus **1.**'инсект, паразит што живее по телото на човек, нема крилца' ~ *Јумер си јоде на аскер / кутал пари ки си носе / шиник вошки ки донесе* [ТГ,369]; **2.** изр. **во́шките гу-ја́даа** (= беше многу сиромав) ~ *ка́ би́ше уфсе́лто во́шките гу-ја́даа, удде́ уф-гра́до, за́гриза́ гуле́м ко́ка́л, сја́-ј гуле́м* [ПК,II,155].

вошкино биле m 'вид лекарство, маст, смеша од жива и олово и др. (има црвена боја), се става на краста (опака кожна болест) – рани' [ТГ,234].

вошла f 'навредлив збор за жена' (дека не е чиста и има вошки) [ТГ,319].

вр'ава f 'говор, зборување' ~ *пл'ункката га лижна, и си научил да вреви секаков јазик и да познава секаква вр'ава* [V,PM, 163].

вравешки* adj 'особина што се врзува со одење, поминување' ~ *немој тука оставај / нема та сна́хо очувам / от вравешките војнарја* [ТБ,С,44]; сп. **врави́.**

врави́ impf 'оди' (врви) ~ *са ва́рна наза́т' да ви́ди, ш'о́ да ви́ди: иди́н по́п са́с идно́ маг-а́р'а јахна́нт и врави́ па́нт'ут* [MS,t,70]; ~ *фл'а́зи д'а́т'анту у на́с ду́пката да врави́, зл'а́зи на идно́ ач'и́к м'а́сту* [MS,t, 86]; сп. **ва́рви.**

враг m **1.** 'натприродно суштество, нешто како ѓавол, сепак лошото што го прави е во поблага нијанса; *врагот* се замислува како мало немирно дете коешто сака да ги нервира луѓето; пр. кога некоја работа ќе се загуби и не може да се најде, се верува дека *врагот* ја крие. Народот верува дека ѓаволот го праќа *врагот* во недела наутро да ги успива луѓето (со убави соништа и др. уживања) за да не одат в црква. Се мисли дека ѓаволот и врагот имаат опашки, уши и на нозете копита. за немирното момче (или девојче) се вика дека е *враг*, а за лошиот човек дека е ѓавол [ТГ,311]; **2.** 'злочинец, убиец' ~ *да одиме по крăвта, што тичела, да го најдиме тоа враг!* [V,PM,271]; **3.** изр. ~ *скршејте му на воја враг ногата* 'престанете со меѓусебната омраза, смирете се' [ТГ, 292]; или:~ *"на́-ти-гу во́ : у́чи, у́чи – ти́кфа бу́чи! У-вра́гут д-о́јш су се́ не́го!" – ве́ле* [ДК, 141];

враговчина f 'нешто ѓаволско, ѓаволштина' ~ *и то пусто месу беши враговчина, знаиши да вреви и заедноч излезе пот ругозината* [V,PM,167].

вра́гуво пи́ле n 'птица скатија' (според авторот – СК,321) (?); возможно: 'лилјак'.

враз praep (предлогот во примеров укажува на местото каде што се врши дејството – горна површина) ~ *мајка ми леже, Ил'о, ду мене / фрлила рăка, Ил'о враз мене* [ТГ,200]; сп. **врăз.**

враза́ч'ин m 'жетвар што ги врзува снопјето кога се жние' [MS ,s,128]; ~ *т'е́с, ш'у ж'е́н'ат, уста́јат на зим'а́та друм'а́ и враза́ч'инут ха бир'е́ друм'а́т'а* [MS,t,66].

вра́к (обично во pl: **вра́ци**) 'украсни цветови везени по рабовите на шамијата' [ДС(Ч)].

вра́же (и: **вра́жи**) impf **1.** "ја претскажува иднината, или го открива минатото со помош на тајни сили" – суеверие (вражењето се врши гледајќи на дланка, карти, филџан кафе и сл.); **2.** fig. 'кога некој многу зборува' ~ *но́го гуво́ре: ка́-ќ-зăвра́же нă-мо́же чуве́к дăслу́ше* [ПК,II,31];[СК,321];[MS,s, 129].

вракозун'* m 'плетена врвка со која се стегаат гаќите (или панталоните)' ~ *и тој го зема дарот, го и врăзал на вракозун'ут и дал една јаспра дар* [V,PM.172]; и: **вăркузу́н** ~ *уф ниде́л'та ниша́н мини́ме. Ни́а ќи да́дме ца́ло (сребăрна пара), алтăнче, зама́нска па́ра ... бухчăлăк: кушу́л'а, га́шти, ри́за, чивре́ (пăче́та), чура́пе, вăркузу́н* [ИГ,114]; [ПД,117]; и: **вркузун** [ТГ,180].

вран* adj 'обично за коњ, ако има црни влакна по телото' ~ *да му фатиш врана којна за узда / да гу врзиш за благата јабулка* [ТГ,370].

врана f, zool. Corvus cornix – само во изразот: *"на ти, врано, коскин зăб, да ми дајиш сребрин"* (така се кажува кога детето ги менува запчињата, и оној зап што ќе падне се фрла на ќерамидите со спомнативе зборови) [ТГ,131].

врапчан (и: **врапча́н**) m, zool. (Passer) 'мала птица, врабец' ~ *лувачут* треба "да може куту *заиц* да трче, да се *крије* куту *лисица* и да биде *лек* и *ачик-ѓозлија* куту *врапчан"* [ТГ,

385]; во Ениџевардарско: **врăпчáн** [КЕ,264].

врапчанче dem. од 'врабец' (Passer) ~ *тогас отиде и скакалот да јади гонџету, врапчанчету гу изјади негу* [V,PM,105].

врáпче n, zool, Passer 'врабец' ~ *и идну дéн нáшăл идну сидéло уд-врáпче* [ДК,138]; ~ *дéтто аднó врáпче стăнýве, литнýве* [ПК,II,270]; сп. **врạпчáн.**

врапчинче* n, dem. од 'врабец' (Passer) ~ *дојде доанот, гу грабна врапчинчету и побегна. Пак тој отиде на цар'ут, му вели: "цар'у, и тојнака гу најде от доано"* [V, PM,209].

врат* m **1.**'дел од телото што ја поврзува главата со трупот' ~ *извади дробен синџир ут сидумдесит оки / му а курдиса алка на вратут* [ME(B),262]; ~ *ќи гу фáтум, си прăмúсл'ăве, ќи м-гу сќúнум врáтут куту нạ кукóшка* [ИГ,113]; **2.** изр.: **врáто мó-ј дибéл** а. (= многу е здрав, силен) ~ *о-бúве зă-сéка: рăбóта, дибéл ај уф-врáто* [ПК(М)]; ~ *врáто мо-ј дибéл кут на бúк, нéк мă-рáне, зăшó сум сă-жинúла* [ПК,II,238]; б. fig. (= има големи можности: материјални, протекциски и сл.) ~ *áс нé мóжум ус нéго, врáто мо-ј дибéл, úма вýјко вăлдúка*; изр.: *вăлкут сáм сјá: фáште рạбóтта, зăто-ј дибéл уф врáто* [ПК(Г)].

врата* f **1.**'направа (дрвена или железна) со која се отвора (или затвора) влезот во дворот (куќата или собата)' [MS, s,128]; ~ *"затур'ăти вратăтạ, да ни зл'áзи н'ăфту! јáс за р'éка гáч'ица!"* [MS,t,73]; ~ *утúдуха ч'убáниту, сă запр'ăха двáта на вратáта на рóпката* [MS,t,16]; ~ *на двóру кундúсува и сл'áва ут кóн'у ... утфáра вратáта* [MS,t,21]; **2.** 'долниот дел на вратата, праг' ~ *как станах от овците, отидох там и гледам дедо Продан седиши на вратата* [MC (B),87]; **3.** fig. 'излез, спас' ~ *já-сам врáтата; сус мéн кóј ки дóјди, ки уткúни* [MV, K,317]; **4.** изр.: **врáтта нé утвóруве** (= не доаѓа кај нас, не наминува) ~ *бóлна, здрáва, сúно врáтта нé ми утвóруве, тóо лé-ј сúн* [ПК,II,156]; **врата да ти се сус црна врба затворе** – клетва (= да умре некој од твоето семејство; смртта да ја посети твојата куќа – вратата е симбол на домот (куќата), а црната врба на смртта) [ТГ,320]; **пузат врата е** (= се кажува за празникот или *панаѓирут* што непосредно следува, што е наблизу) [ТГ, 218].

врáтẹн* adj 'она што се однесува на врат' ~ *врáтна кóска вúкăт тáа* [ПК,II,238].

врати́ (сă)* (< врăти, врạти) impf **1.**'се движи во круг, се врти' ~ *и такá бáбата т'éгл'ạ пр'éлуту, калáмиту сă врат'áт гăр, гăр, гăр* [MS,t,6]; **2.** 'опстојува, успева' ~ *ету тóлку пари ти остáвам, толку стока, ниви, лозјá, бахчи, кăшти, олóви и другу, што úмам фрéт ... да си отвóриш óчите, сос ум да си вратúш* [V,PM,7]; **3.** 'се задржува, се движи во одредена средина' ~ *га тури хизмет да чини и, кату са врат'аши толку време таму, мајка ú не можа да га познај* [V,PM,36].

врáтичка f **1.**dem. од **врата** ~ *уфнéго пéчме пуканúци, óн éј кут-тéнцăре, нăпрáвно тăркалéсто, úма врáтичка кут-ќурсú-*

јте, нис н'áа сă-клáве пуклúва мисúрка [ПК,II,34]; **2.** 'прозорец' ~ *отвори ми, бела Ленко вратичка / сус та твоја десна Ленко, ракичка* [ТГ,200].

враќа impf 'она што го има земено го остава од каде го зел или го дава назад' ~ *ја бре пушка ка ки пукне, Ѓорѓе / риза не се зева / ја бре риза не се зева, Ѓорѓе / прстин не се враќа* [ТБ,М,30].

врáтка* f, dem. 'мала врата за скришно напуштање на домот' ~ *имáло мăлéчка пóрта, врáта; и му-утвурýва уд-врáткăта* [ДК,134].

вратнúчка f 'мала споредна врата' ~ *ут нáзут врăтнúчки úмат кýќите сéлцки, ут нáзут прéку врăтнúчкăта испáјѓа* [КЕ,282]; сп. **вратка, врáтичка.**

врах m 'послано снопје жито, наредени на гумното пред да се врши' ~ *ка ќ-о: пустéл'ăт жúтто, то: сă-вúке врах* [ПД, 122]; односно: 'класје послано на *вашúлото* (= гумното) пред да се врши' [ДС (Ч)]; '80-100 снопа поставени за вршење' [ТГ,340].

врáхна || **рáхна** m (f) 'оној (или онаа) што задаткува кога зборува' [MS,s,128].

враш'é impf 'врши (жито)' [MS,s, 128].

враш'илáрију n 'време за вршење – месец јули' [MS,s,128].

врашки* adj 'што се однесува на **враг** – ѓаволски' ~ *мури, дај ми, дај ми мила ле додо / пикмешче и лепче! / мури не-т сум дода врашко ле чедо / тук сум ти нивеста* [ТГ,198].

врашко чедо m 'ѓавол, ѓаволско дете' ~ *што ти мислиш, што ти лагиш црна Арапино! / не сум пиле, не сум овца, сус лаф да ма плашиш / ако не си врашко чедо, држ сега сус рăци* [ТГ,41]; ~ *бег уд тука, море / море, врашко чедо! јазека си имам / и татко и мајка* [ТГ,102].

врáшта (се)* impf 'оди таму каде што веќе бил, се враќа' [ДС(Ч)]; ~ *Вида од кон сл'ава / та са назад врашта / и си рăки крши* [ТБ,С,27].

врба f, bot., Salix 'дрво што се среќава на влажни места, лесно се крши а лисјата му се тесни и издолжени'; и: **врăба** [MS,s,129]; сп. клетва ~ *врата да ти се сус црна врба затворе* (= смртта да ја посети твојата куќа) [ТГ,320].

врбило n 'златна жичка што ги држи обетките (направени од златници) и минува низ ушната школка' [ТГ,136].

врбов adj 'она што се однесува на врба, односно направено од врба' ~ *сеј един бустан пукрај некуј друм, а уф стреди забоди един изгорен врбов кол* [ТГ,147].

врвеш m 'неуредна столица, пролив' ~ кога човек седи на влажна земја *настинуве* и добива *врвеш*. За да се сопре проливот болниот треба да јаде плодови од дренка, односно да пие сок од нив [ТГ,239].

врвца f 'сплетени конци, јаженце, се добива од срцето (*ликото*) на рогузот, којшто се *цепе* на тенки делови, што се сукаат, а потоа од нив се прават **врвци** што всушност се основата на *ругузината* [ТГ,352]; **врвцăта** може да биде и од коноп.

вр'áва* (и: **врева**) f **1.** 'зборување' (pl: *вр'ăви, вр'ăвит'ą*) [MS,s, 128]; ~ *цáру и вилú: "áди ц'áнам! тук úма трúјси днú*

му ни ч'ухми вр'ава́та да с'ѓ ти вили́ш' ч'ạ зна́ї" [MS,t,30]; *~ ја стори теслим на даскалите армасницата му, да припорѓанче да ја науч'ат сичко – от готвиш, от шиини, от врева, – штото от солунчината да биде по-разумитна* [V,PM,164]; **2.** 'збор, изречена мисла' *~ му вели сиромахот на калугера; "зашто, татку, не вревиш с мене?"' Калугеро му отговори: "моја една врева една флурина е"* [V,PM,162]; **3.** 'јазик, говор' *~ и си научил да вреви секаков јазик и да познава секаква врјава* [V,PM, 81].

вр'ѓви || **вр'ѓї** impf **1.** 'искажува мисли, зборува' *~ "дирминц'ија́та – вили́ – т'ạ ибá!" "уд'е́ зна́ш'?"' – вили́; "пи́ч'ката – вили́ – вр'ѓви!"* [MS,t,78]; *~ гу ч'ýха скупи́т'ạ така́ ш'ту вр'ѓви, гу з'е́ват, гу кла́ват хапѓс* [MS,t,25]; *~ "ш'то бркаш', да си ни загуби́ умо́?" – "млѓч'! нимо́ј вр'ѓвиш'!"* [MS,t, 11]; **2. вр'ја́и** 'кога човек зборува сам со себе' [ДС(Ч)]; во северната регија (од Долновардарско) доминира фонетската разновидност **вреви** (и: **вре́ве**) *~ му вели сиромахот на калугера; "зашто, татку, не вревиш с мене?" Калугеро му отговари: "моја една врева една флурина е"* [V,PM.162]. Се среќаваат и примери со редуцирани форми – поради испуштањето на интервокалното 'в': *~ "јас каýл пра́в'ѓ, то́с киманиц'ија зна́ї да вр'ѓї"* [MS,t,30]; *~ бра́т-му и́ч' му ни вр'ѓї сид'ѓ са ч'ýди* [MS,t, 48]; во врска со категоријата преодност | непреодност сп. го случајот: *ни т'е́б'ạ т'е вр'ѓвихми* 'ние (за) тебе зборувавме' [MS,s,128].

вр'ѓм'ạ (и: **време** – во северната регија) n **1.** 'период, траење на она што се мери со часови, денови – воопшто' *~ им'ѓш'и идно́ вр'ѓм'ạ у идно́ с'е́лу иди́н ч'ув'ѓк сирума́х, у дв'ѓ нид'ѓла уж'е́нинт* [MS,t,67]; *~ "ко́лку вр'ѓм'ạ и́ма ут тугáс?", т'á му вили́: "бро́ї ги ро́гуве́ту! ко́лку ч'ата́л'ạ и́ма, то́лкус гуди́ни и́ма"* [MS,t,19]; *~ пујно́ вр'ѓм'ạ има́ш'и иди́н паш'á ина́ мо́ма хýбава* [MS,t,54]; **2.** 'упатува на определен период поврзан со животот на човекот' *~ на мојто време немаше цѓрква ни на Дѓрмица ни на Бугариево* [MC(B),72]; **3.** 'кратка временска отсечка' *~ нѓрѓчо́к вре́ме си́те сѓ-збирѓхме до́ма; ~ рипа́јте де́ца, вре́меї* (да се станува); **4.** 'час кога се оплодува домашно животно' *~ вре́мто и́-е́ј* (на кобила или друго домашно животно); **5.** 'час кога треба да се породи' *~ и му дујде́л вре́миту на Елиса́вет да си ро́ди* [MV, K,321]; **6.** 'ситуација, положба' *~ и му вили́... : "да́ј ми ја пе́тала́та и кусим'о́! ... ја́с дýр на тузи́ вр'ѓм'ạ ч'а́ках да т'ạ дука́рам и за си по́да на но́с сф'ѓт"* [MS,t,37]; **7.** 'период од годината кога нешто циклично се повторува' *~ кога́ дојде́ вр'а́мето на врѓшила́та ... кладе́ тајфа́та му да измета́т амба́рите* [V,PM, 119]; *~ до́шло вре́ме дѓтругисфѓт ло́зја и о́ни мурéкле на по́-мѓле́чкѓта итѓрва на таа нивéстѓта* [ДК,150]; **8.** 'погоден, односно определен час' *~ цар'ут беши стар: нив'астата гу неќаши и сакаши да гу утруи и не можиши*

да најди време [V,PM,46]; ~ *му дујдé врéмито да флéзи уф проскомидúата катý как имáл адéт нáкри Бóга* [MV,K,321]; **9.** (**време** или: **ред**) 'месечен циклус кај жена – менструација' ~ кога жената ќе го изгуби своето **време** (односно: **редот**) заклучува дека останала **тешка** (= бремена) [ТГ,103]; **10.** 'времето како метеоролошки поим' ~ *фати́ адно лóшу врéме, адин стýт, адна вијáвица* [ПК(Г)]; **11.** изр.: **на вр'áм'а** (= кога било потребно) [MS,s,128]; **врéмто-ј нă-дóш** 'небото е со облаци, кои како да се пониски, поблизу до земјата, што најавува дека треба да се очекува дожд' [ПК,II,30]; **врéмто сă-мăче** ~ *лéтно врéме, сáмо сă-зăублáчуве, сáмо гăрме, áма óш нé зăвăрнуве*; **врéмто сă-прáве нă-снéк** (= зимно време, студено е, небото како да обелува и се очекува да заврне снег); [ПК,II,30]; **ут млóгу вр'áм'а** (= по извесно време) ~ *ут млóгу вр'ăм'а с'éтн'а фáти мумáта да сă пузнáва ч'а-ј т'éш'ка* [MS,t,84]; **врéме мé-ј** (= млад сум, имам право за слобода) ~ *ќи-шéтум, óт дă нé, врéме мé-ј* [ПК,II,156].

вр'áт'ин (и: **вретин', вр'éтин'**)* (pl *вр'ăтин'а, вр'ăтин'éту*) m **1.**'мерка за површина (на земја: ниви, лозја и сл.) – поголема од декар)' ~ *седомдесе вр'атина нива да ха сјаиш, да ха жниш, да ха врăшиш и пшеницата на амбарот да ја износиш!* [V,PM,278]; ~ *идúн вр'éтин' т'ут'ýн' за да с'ăш' úш'ти нájмрăва ш'éс дýш'и* [MS,t,5]; ~ *за óра пулувúн вр'ăтин', за ха óстаја да пуч'úнат óлувéту* [MS,t,65]; **2.**. во Зборникот на Верковиќ формата е реконструирана во среден род: **вр'атино** со објаснување: 'мерка за должина' (стр.532): ~ *една дупка ... три минарета дăлбока и три вр'атина широка* [V,PM,61]; *Рапица река, којто беши три вр'атина широка* [V,PM,66].

вр'áтиш'ти n 'голема платнена "торба", собира до 50 кгр. – вреќа' (pl: *вр'ăтиш'та, вр'ăтиш'тáта*) ~ *и гу фáти за ранкáта и гу клáди н'éтр'а у бакал'éту и гу пукрú ас иднó вр'ăтиш'ти* [MS,t,68]; ~ *за óција с'ăм'анту дá-ј ч'úсту, за гу клáда у вр'ăтиш'тăт'а* [MSt,66]; ~ *утúди нóс в'éч'ер у н'éгу на гóсти, утúди сăс дв'ă вр'ăтиш'та кнúги пýлно* [MS,t,37]; и: **вр'ачиште** ~ *утрината тојнака зема тазиата аф едно вр'ачиште нетри* [V, PM,139]; ~ *"дéка са пúлц'ате?" – "éту нéтри нá вр'áчиштето ги úмам"* [V,PM,139]; сп. **врéјќа**.

вргале (са)* impf 'се тркала по земјата' [ТГ,384].

вре interj 'служи за повикување – бре, море' ~ *го викнува: "вре, ела тука!"* [V,PM,163].

вревлúф adj 'тој што многу зборува' [ДС(Ч)].

врéди* impf 'чини, односно има висока цена' ~ *кáк гу вúде чифýтино јáјцето, чá врéдиши ... му вéли на сиромáхо* [V, PM,129]; ~ *ќор човек не вреди пари* [MC(B),77].

врéдин (и: **вр'áдин, вредăн**) adj **1.** 'тој што има голема сила, силен' ~ *штó са-вр'áдни дадúгат ду-пéтстотúн окú* [BC (Д),82]; ~ *адúн врéдин чувéк бúше, а сáа шó станáл, нă-*

мо́јш до-пузна́јш [ПК,П,31]; [СК,321]; **2.** 'тој што има големи можности' ~ *куту нас ка на милува Госпут, и ни даде душа што ни сака, вредин е он, и ки даде на сите братја* [ТГ,306]; ~ *Го́спут мăнăучи́: о́н е вре́дин зă се́ не́шчу* [ДВ,19]?; **3.** 'способен' ~ *он и риче: "дали си вредна да го донесиш на темни дервени, него да загубам, теби да зал'убам?"* [МС(В),96]; ~ *без мăжи же́нте шо ки пра́ват? Не сă вре́дни ни дăрва да бе́рат, ни мо́жат да о́рạт* [КЕ, 288]; ~ *и кату виде, ча от негу по-вредин зет чинил, заедноч гу чини цар на неговоту месту* [V,PM,36]; **4.** 'успешен, со високи квалитети' ~ *детето сос гласот му храниши сичката тајфа, и најпосле са чини детето вреден човек* [V,PM,40]; ~ *три годи́ни оти́ваши на скол'у́ту фрет, ма́тимите ги научи́ и са чини́ вре́ден от фрет ученѝците* [V,PM,150]; **5.** 'достоен' ~ *не е по́вре́дна ду́шата уф јаде́нито, и сна́гата уф ублéклуту ?* [MV, K,264]; ~ *не сạм вре́дин ја́с да си наве́дам да му удвăрзам ре́минут ут ско́рните му* [MV,K, 307].

вредност f **1.** 'способност, можност' ~ *ама тинака как ми велиши на меника: "немам вакăт, немам вредност за да праштам дете на даскал"* [V, PM,38]; **2.** 'трудољубивост, успешност' ~ *тогáс си возрадувá господáрот` сос не́говата вр'áдност* [V,PM,15].

вре́јќа (и: **вреќа**) f 'голема платнена "торба" за жито, брашно, собира 50 кгр.' [СК,321]; ~ *паднах болин демек... Как са вари́ хубаво чуменот, го турих на вреки и го послах на земен. И така легнах вăрз него* [МС (В),76]; ~ *ќ-у-кла́јме у-вре́јќата, ќ-у-уднéсиме нă-ре́кăта, дă-нă-ви́де ни́кој, дă-нă-чу́е* [ДК,152]; сп. **вр'áтиш'ти**.

вреке* n (не е dem.) 'голема торба во која се става и се носи жито, брашно и сл. – вреќа' ~ *да земиш едно вреке ... да кладиш нозите ти нетри аф врекиту и да отвориш устата от врекиту ... адин зајак да флези нетри аф врекиту* [V,PM.83]; и: **вре́јќе*** ~ *има́л ни́ку ло́шо ку́че, ста́ро. Гу-муну́ва у-вре́јќито и гу но́се* [ДК,137]; сп. изр., пожелување: **госпуд повиќе да даде; нија на него сус торбичка, он на нас сус врејкичка** – така благословуваат селаните кога ќе завршат со жетвата и на крајот од нивата ќе остават еден метар квадратен неожнеан, посветен на Бога, тоа е: *на деду Госпуд брада* [ТГ,336]. Сп. **вр'áтиш'ти**.

вре́кнăно adv 'грубо обраќање, со висок тон' ~ *нăл'у́тно: ка́ гувóре аднó вре́кнăно дă-ви́ји, не́ ли́че нă-де́те* [ПК,П,31].

вре́т 1. adv 'потполно'; сп. ~ *сос едно вратено да соблечам фрет аскерут* [V,PM,141]; **2.** 'подредени (еден по друг)' [MS,s,129].

вретенарски adj 'она што се однесува на Циганите – вретенари (што скитаат и продаваат вретена)' ~ *си облечи сос вретенарски дрехи, зема и вретена ... отиде по сокаките да продава вретена* [V,PM. 83].

вре́ш m, bot. Tamarix gallica 'ниско растение, грмушка, го има по суводолици'; со него се лекува кожна болест – *брут* (многу

ситни брунчиња по кожата) [ТГ,125]; ~ *гу-и́мише но́го уф Трăка́јна. Ра́сте кут-бу́н, усси́тни бе́лички цăфчита, обе́рăхме зă-ме́тли* [ПК,II,30].

вр'е́ш'та (и: **вар'е́ш'та**) adj, m(f) 'вруќ, жежок' [MS,s,129].

ври́ impf **1.** 'силно загреана вода клокоти и испушта пареа' ~ *ври́ (в)уда́та* [MS,s,129]; **2.** изр.: **и́згăга ми ври́е** (= имам киселини во стомакот – непријатно чувство) [ПД,115].

ври́с m 'место од каде што извира вода, извор' (pl: *ври́зуви, ври́зуве́ту*); сп. **кајна́к** [MS,s, 129].

врјаднува impf 'има вредност, чини' ~ *алтăни и сребро ми давали, не сам земал, да си чинам кату татку ми чорбаџиа, но земах един тас, што не врјаднува двајсе гроши* [V,PM, 272].

врја́л* adj 'загреан на висока температура' ~ *врја́ла* (вода) 'кога водата е многу вруќа' (се употребува паралелно со **гуре́шта**) [ДС(Ч)].

врите́нце n, bot. Centraurea cyanus 'трева синчец' [ДК,104].

вритива́рин m 'циганин што прави и продава вретена' [MS,s,129]. Во кукушкиот говор зборов има развиено и фигуративно значење: 'нечесност, особено склоност кон лажење'; сп. **вăртинар**.

ври́ќ inetrj 'врескање на рането животинче' ~ *и-тăва́ сă-исци́куве: ќи-ври́ќ, ќи-ври́ќ* [ПК,II, 224].

ври́ш'ка f 'брунка на кожата кај младите, мозолче' [ВС(Д),67].

врнате n 'одење назад, каде што бил порано' ~ *јодејне јима, мила мамо, врнате нема... / пушка кад се пука, мајко, јоро не се игра* [ТБ,М,72]; во примеров имаме употреба на гл. именка од свршен глагол (*врнате*).

врнгач m 'вол што е скопен, но сепак трча по кравите кога се водат (оплодуваат)' [ТГ,374].

вртал'ка f 'направа за ловење риби; се земаат два полукружни стапа, на средина се прицврстуваат, а на четирите краишта од стаповите се закачува мрежа, којашто станува како дно, а целата направа личи на кофа (овде: *кова*) и затоа освен *вртал'ка* ја викаат и **кова**. Таму каде што се вкрстуваат стаповите се прицврстува еден подолг стап (2 - 3 аршина), којшто служи како рачка. Со **вртал'ка** или **кова** се ловат риби кога водата е матна и тоа на следниов начин: лека-полека **вртал'ката** ќе ја стават под тревата што расте на крајот од реката, кон брегот, ќе ги исплашат рибите што се скриени таму, тие ќе запливаат кон средината но таму ќе ги дочекаат со **вртал'ката** [ТГ,397].

вртика f 'вид цвеќе со силен мирис, се става во вода со која се мијат децата на празникот **Вилика сăбута** (пред Велигден) со цел да бидат сакани: ако е девојче "да се вртат" околу неа машки, а ако е момче "да се вртат" по него девојчиња' [ТГ,59].

Врăбница f ~ *то-і пра́зник прăт Вили́гдин, ка́ цăфтат вăрбите* [ПК,II,30].

врăвани́ца f 'плетенка од перјата на лук, кромид' ~ *врăвани́ца ут лу́к, ут крумит'*; сп. **врăзани́ца** [MS, s,128].

врăз (и: **вăрс**) praep **1.** 'упатува на положба згора на нешто' ~

напкун ја зави у рогозини и тури Илиевата глава врăз неја и тури един казан смола и га запали [MC(B),97]; ~ *му рекал: "воа ајмалиа сé на врăз теб да си а носиш, да да не бериш гајле, ер дек да одиш* [V,PM,268]; ~ *как са варú хубаво чуменот, го турих на вреки и го послах на зéмен. И така легнах вăрз него* [MC (B),76]; **2.** 'положба над' ~ *нúм стóј вăрс мéн* [CK,321]; **3.** 'усмереност, движење кон (на) нешто' ~ *удрúли бáш врăс Стóјче* [ПК,II, 274]; ~ *кога му се фăрли врăс бановата којна / да спрăсна да бега накăд Цара Сулимана* [ME(B),266].

врăзáлка* f 'конец, врвка што се користи за врзување при ткаење на разбој' ~ *з'éвам и идúн чумáк, гу прумúнам на крóснуто утпр'ăт', úмам мáксус врăзáлки на крусно́ту* [MS,t,7].

врăзан* (и: **вăрsан, вăрsин**) adj **1.** 'споени со помошта на врвка два (или повеќе) предмети еден за друг' ~ *лам'áта, ш'у б'ăш'и врăзана за пóпут, фáти да б'ăга* [MSt,75]; ~ *најдоха на пăт'у един човек, којто имаши на двете му ноги пу две мелници вăрзани* [V, PM,44]; **2.** 'кога повредено место (пр. на рака) се врзува (се стега) со крпа' ~ *кугá ја гл'éда óш'ти врăзана му стујú; гу з'éва нузú ч'увре́, гу клáва на дăнуту на синдýку* [MSt, 35]; **3** 'кога на некого рацете му се прицврстени со јаже една за друга за да не може по своја волја да работи' ~ *ги фатихме, ги вăрзахме и ги дадехме един арин кýтек и ги нусихме вăрзани на свадбата* [MC(B),92]; **4.** 'закачен' ~ *су аднó кăнáп, вăрsáно на мăтовúлто су јáјците, ки зăфáти да гу л'ýл'ка* [УЕ,31]; ~ *правих чингели, пуштах нăтри... му а фатих едната рăка, му а вăрsах,... му искарах дробут, ама вăрsана така, што не можеше да бега* [MC(B),87]; **5.** 'покриен отвор на нешто, стегнат со крпа' ~ *удде́ле дăкупýвăт, ама вăрзăни кóшуфто пáк, нé знáе рибáро óти рúбите ги искăрáле* [ПД,157]; **6.** 'сторен, потврден' ~ *и шо ки вăрзиш пу зéмн'ата, вăрзáно да бúди на нéбито* [MV, K,322]; ~ *áку утварзáхти на нéкуј грехóвити... утварзáни да бúдат; пак áку са вăрзáни, варзáни да му бúдат* [MV,K, 337]; **7.** fig. а) 'човек што не е од акција, премногу "благ" помирлив' ~ *нóго-ј вăрsин, зăнúшто н'оо-бúве;* сп. *чúниш вăрsин мó-ј изúкут, нú лáф нé кажá;* б) 'лишен од слобода' ~ *ка пáжíе дéтто, одма пувéл'а ут цáрут дă гу вăрзат дéтто* [ИГ,114]; ~ *а пă нéкуј шó-ј бúл пó-лóш, гу-вăрsат: "ки-тă-нóсме, ки-тă-зăтвóрме, Кýкуш ки-тă-нóсме"* [ПК,II, 217]; **8.** изр.: **вăрзани ми-сă рăцто** 'немоќен сум' ~ *чýвум бибéк, вăрзани ми-сă рăцто, нă-мóж дă-дóјдум* [ПК,II, 156]; **вăрsин пóп, мúрно сéло** (се случува свештеникот да биде неморален и затоа треба да биде оневозможен, отстранет; значењето може да биде и пошироко) [ПК,II,32]; **вăрsăн мо-ј зă-вăркузýно** (= секогаш го следи, многу му е приврзан) ~ *нéм дă-си-кăжáл лóшо зă-Тýше, зéр óчте ки-ти-ј извáде Кúро. Зă-вăркузýно мо-ј вăрзан, úмат нéкуј гулéми тáјни* [ПК,II,156]; **вăрsăна врéјка** (се кажува за човек што

умее да ги чува тајните) ~ *дóд Рáјна-ј вăрsăна врéјка, нé удгувóруве* [ПК,II,156].

врăзанúца f 'плетенка од перјата на лук, кромид'; сп. **врăванúца** ~ *врăванúца ут лýк, ут крумúт'* [MS,s,128].

врăзвáл'ка f 'јажица за врзување на снопје (обично од слама од 'рж) ' [ДК,104].

врăзи (и: **вăрзе, вăрsе, врзи**)* pf **1.** 'соедини, спои извесни работи со помош на јаже' ~ *тóј и з'éл иднá хóртума, и врзал п'ạтнájсти дамбé сăс хóртумáта ú ха и трăгал* [MS,t,75]; ~ *му вилú: "jáс да т'ạ врăза тýка да сă саалáм, óти за м'ạ ч'áкаш' "* [MS, t,77]; **2.** 'стегне, опаша нешто со помошта на крпа или врвка' ~ *р'éч'и на мáлкатá-му мóма: "идúн јунáк ... тóј бирикáт н'ă курталúса; дур рăнкáта му сă наклăч'и и јас му ја врăзах"* [MS,t,35]; ~ *за м'ăрат ж'ítуту и за гу тýр'ạт у вр'ăтиш'тăт'ạ и за ха врăзáт* [MS,t,67]; **3.** 'остави, прикрепи добиче со водилото кон некој предмет' ~ *станá едúн ден, са чини тебдúл, вјахнá на един кон, отúде на онáја касабá, гу врăзá кóн'ут на едúн хан* [V,PM,12]; ~ *е-е-е, глáдно сум, ми кáк нé сум глáдно, дéцта цéл дéн играјáа, мă-вăрзáа з-адна дрăмка тáм* [ПК,II,233]; **4.** 'стави огламник на добиток за да може да го води' ~ *и онáја мéчка га фáти и га вăрзá, га турú самáр на гăрбо и га товарú дăрвата* [V,PM,107]; **5.** 'врз нешто стави друго и го прикрепи' ~ *ут-тáа кăпúнта лúсто нăјдéх пýфка, гувăрsáх, петнájс дéна нúгде нé удúх, пóсле ајд Белáсца, дăрва нóсах* [ПК,II,240]; ~ *варзала писмото на гăлăбни крили и гу прати на татка и* [V,PM. 63]; **6.** – **(сă)** 'со помош на крпа си опаша, стегне дел од телото (рака, нога), односно со јаже се стегне околу половината' ~ *и му вúка дă-ха súгнат гóр'ạ, с'éтн'ạ сă врăза и тóј, утúди гóр'ạ* [MS,t,86]; ~ *афý ха súгнаха варéлит'ạ, с'éтн'ạ сă врăза и тóј* [MS,t, 86].

врăзува (и: **вăрзува**) impf **1.** 'составува работи едно со друго, спојува (пр. со јаже)' ~ *вразáч'инут ха бир'é друм'ăт'ạ, ха клáва на вăнц'иту и ха врăзува снóпи* [MS,t,66]; ~ *сă напулн'ува дрăнгó, гу врăзувáми канáп'у, гу дúгнувáми дрăнгó с'éтн'ạ, гу клáвами на чардáку на с'ăнка* [MS,t,5]; ~ *врзуве снопуве* [ТГ,336]; Таневиќ вокалното "р̥," го предава како такво иако нашите истражувања во Гевгелиско упатуваат на аргументот дека се работи за двофонемска вредност "ăр" – *вăрзуве;* **2.** "прикрепува" со јаже добиток за некој предмет' ~ *пут сóфта дóлу дубúцте си-ị вăрзýвăт* [ИГ, 119]; ~ *тúја му стóква кăто штáли, тáм си и вăрзýваја дубúцте, нăтрă* [КЕ,288]; **3.** 'прикрепува предмет за предмет' ~ *нă-бáбăта му-вăрзýват... двé кóјна нă-нóјсте* [ДК,115]; ~ *му вăрsýве нăрăкта, нă-рáнта адúн цăрăн мăјлéм и ду тáм биде* (= оздравел, му поминало) [ПК(Г)]; **4.** 'обува кондури' ~ *сл'áзи да си пóј д'ăт'ạту, ги извáж'да папýцит'ạ ут нугáта, ги врăзува наóпуку* [MS,t,22]; **5.** 'закачува, обесува' ~ *напкум а вăрзуве гулемата мома за ор-*

томата, дăрснуве, а изваѓат [V,PM,271]; ~ *пр'éлуту ... гу прусти́рами на иди́н дрăнк и удóл му прумúнами иди́н дру́к дрăнк, му врăзувами и два ка́мин'а* [MS,t,6]; **6.** изр.: ~ *дéк сă-ски́не, та́м о-вăрзу́вум* (зн. се трудам да интервенирам таму каде што е најнужно); **7.** fig. 'создава' (прави), сп. го изразот: *ж'и́ту врăзува зарна́* (класјето од житото почнува да се оформува со зрна) [MS,s,129]; **8.** – **(си)*** 'си става крпа' (на устата) ~ *си вăрsувам муцката, си засуквам рăците* [MC(B),87].

врăјшти́ни pl 'есенски, последни плодови, пр. пиперки' ~ *тó сă си́тни плóдуве, уд грóзде би́ло, ут шо би́ло* [ПД,124].

врăжа́лин m **1.** 'тој што има "тајна" моќ да ја "претскажува" иднината, односно да го "препознава" минатото'; **2.** 'скитник Циганин, чергар'; **3.** fig. 'човек што многу зборува, лаже' [ПК,II,31].

врăжа́л'ка f **1.** 'жена што има "скриена моќ" да ја "претскажува" иднината, односно го "препознава" минатото' ~ *утти́а ѓу́пките шó ѓóо пугóдуват шó-ќ ти-сă-слу́че: "да́ј ти-вра́жум!"* [ПК,II,31]; **2.** fig. 'жена што многу зборува, лаже' [ПК(Г)]; [MS,s,129]; [СК, 321]; **враж'а́лка** – во Солунско, според Малецки, освен со споменатово значење под **1.**: 'жена (најчесто циганка), што скита и "ја претскажува иднината" '; уште значи и : 'видовита жена, гледачка' – тоа би било значење **3.** [MS,s, 129].

врăжил'у́к m, bot. 'вртипоп' (Matricaria chamomilla) ~ *тăка́ мó-ј и́мто óти ус-нéго сă-вра́же* [ПК,II,31].

врăиз prаер 'удвоен предлог, укажува дека нешто се наоѓа на горната површина на некој предмет' ~ *пăдна́ врăис ка́минут* [ПС(Г)].

врăкула́к m 'зол дух, ѓавол, враг' ~ *и така́ си ути́ди мума́та уч'éрн'анта ута́м ... алúс врăкула́к* [MS, t,64].

врăни (и: **врни**) **(сă)*** pf **1.** 'отиде на истото место каде што бил пред тоа, се врати' ~ *Гóспут' дúлму т'ạ акш'иóсал дур ту́к си душ'éл, тр'ăбува ути́к nasáт' да сă врăниш'* [MS,t,60]; ~ *зă сă врăнат на враш'и́луту, за вéзмат сиμ'и́мит'ạ да напăлн'ат пл'ạва́та* [MS,t,67]; **2.** 'направи нешто како реванш, пр. за сторена добрина и сл. – врати' ~ *сус таква радуст Госпуд сите братја да и зарадуве, и дека треба да се врне* [ТГ,184]; **3** 'наврати некаде' ~ *мале, мила мале / гуведа ка тирах / јуф мајка се врнах* [ТГ,330].

врăнишче́ n, zool. 'вид птица од Дојранското Езеро' ~ има *пăпăлóва* боја со бели перца, има *кăса* шија и *кăса чóпка, кăси нóзе,* малку поголема од гулаб' [ПД,127].

врăнува (и: **врнува**)* impf **1.** 'дава нешто назад, онаму од каде што го има земено, враќа' ~ *"на́! т'éс парă ми ха врăнува заби́тинут!"* [MSt,82]; **2.** 'не му ја исполнува желбата, го одбива' ~ *за ка́раш' вóда и кутри́ т'ạ стр'ăва на пăнт'ó да ти бăрка вóда за му да́ваш', н'éма за гу врнуваш'!* [MS,t,44]; **3.** – **(сă)** 'оди на истото место каде што бил пред тоа' ~ *ути́к на н'éтр'ạ кутри́ пóј, nasáт' сă ни врăнува* [MS,t,60].

врăнче impf 'ствара шум, брмчи (при фрлање и брзо движење на некој предмет)'; сп. уште: *зáпрјоо тóо рудáно нóго врăнче* [ПК,II,31].

врăнчилѓáф кáмин m 'камен што при фрлањето создава шум' ~ *тéнкичко кáминче, кá ко-мáниш лéте чáк и свúре* [ПК,II, 31].

врăнцăс conj (изразува спротивност – 'а', 'но') ~ *имáне сáке, нé мóј стрáм, врăнцăс нă-смăртн'оо чáс нé му-дујдé* [ПК, II,32].

врăс' pl (од **врăх**) ~ *па на тéб ки замúни уф сăрцито тфóјо кăлăч со двé врăс'* [MV,K,314].

врăс f 'возраст' ~ *еднá врăс (сме)* (= на иста возраст сме) [ПД, 171]; сп.: *врсник, врăснáк, врăснáчка* [ПС(Г)].

врăска f 'контакт за соопштување и поврзување' ~ *óн фăтúл врăска сус тóă пýсто Тудóрво, сус Шýгуво* (имиња на села во кукушко-дојранската регија) [ПД,173].

врăскрăсница f 'место каде што се пресекуваат два пата, крстопат'; сп. **раскрăсница** [ПК,II, 32].

врăста adv 'точно' ~ *врăста плáднина* 'точно на пладне' [MS, s,129].

врăтúло n 'дел од разбојот, дрво со кое се опнува задното кросно' [ДС(Ч)].

врăтка* f 'направа за мотање на преѓата' ~ *усăхнува ут слăнциту прéлуту ... и з'éвами рудáн'у и врăтката и калáмиту... и каламúсами* [MS,t,6], [MS,s, 129].

врăтни* pf 'сврти, усмери назад' ~ *"ш'тó да прáв'ạ!? такфóс халáт ми дáхти, тузú гу пáт'ạх" ... и гу ц'áсна мýл'ạту ут калó, гу врăтна кумý думá* [MS,t,35].

врăтнúца f 'споредна, мала врата, се користела во случај на опасност' [ПД,119]; и: **врáтница** 'дел од портата' [ВС(Д),68].

врăтнува impf **1.** 'свртува, става во кружно движење' ~ *гу јáхнува кóн'у, врăтнува кл'ýч'у, прул'éтнува утáм, си утúва прáв'ạ на цáрувáта мóма* [MS, t,21]; **2.** 'обраќа' ~ *гу з'éва тóј кóн'у, гу врăтнува кумý слăнциту да гл'éда* [MS,t,59].

врăфт' f 'јаженце, усукани нишки (заедно), врвка' [MS,s,129].

врăвци pl 'тесни кожени ленти, со нив ги стегаат опинците' [ДС(Ч)].

врăх (и: **вăр**) m **1.** 'највисока точка, врв' ~ *си качú тој на кóшот, тури јулмéкот на гăрлото му... си разбú вăрхот от дăрвóто и тóј не си одави ... фăрли вăжито на врăх дăрвóто* [V,PM,7]; ~ *му вели на царјут: "... засоних, ча бех аф среду морету, и таму беши изл'алу един шуп* (= шип, трн) *кату губерна игла ... и јазе на врăх"* [V,PM.50]; сп. и: **врăф*** ~ *и гу носúле дýри на врăфут планúнцкијут* [MV,K, 325]; **2.** 'теме на главата' ~ *áјн кáмин мă-пугудú бáш нăвăро* [ПК,II,32]; **3.** 'почеток' (на оро, таму каде што игра танчаријата) ~ *отúдоха на хóрото двата, фатúха да úграт, тјáнака на врахóт, тóјнака по нéја* [V, PM,131].

врăх praep **1.**'упатува на површината од нешто, врз' ~ *двамина брăта на едно лозе дел'аха еднă лозă, седнаха вăрх нејă, и ни может никак си да јă разделет и шта сă истрепат от карание* [V,PM,281]; ~ *"ш'ó за и стóр'а?" – вилú; "ут врăх*

н'еја да е́змиш' идн'о́ н'ӑш'ту!" [MS,t,71]; **2.** примери со присуство (удвојување) на два истозначни предлози – **врӑх (врӑз)** заедно со **на** ~ *му прумѝнами на с'а́куј прӑнч'ка и ино́ кару́лч'а и на врӑх прӑнч'кит'а ги прумѝнами кала́миту* [MS,t,6]; ~ *таму изл'ази царјувата мома на врӑх мајчин гроб, са поткол'ани и фатила да плачи* [V, PM,275].

врӑху prаер 'упатува на положба згора врз нешто – над' ~ *на́пкум ќи прӑфӑрл'ӑт ви́нто прӑку нивéстта и прӑку мо́мчто, ќи сто́ат та́мка врӑху ни́хка* [ИГ,114]; сп. **врӑх**.

врӑхче n, dem. од 'врӑх' ~ *вс'а́кӑ в'а́јкӑ-ј ја́бӑлка / на врӑхчену мира́нза* [ВС(Д),86].

врӑшило (и: **враш'и́лу***, **врӑш'и́лу** pl. **враш'ила́** [MS,s,128]); n **1.**'рамна површина, каде што се врши жито (= гумно) – во средината има дрво, стожер за кое се врзува коњ, тој трча во круг и ги одделува зрната од класјето' ~ *за вéзми дуби́ци́ту, ко́ни, магáр'анта, за тува́ри сно́питу, за ха дунис'é на враш'и́лту* [MS,t,66]; ~ *клавали слама кату врашилу та запал'уваха га, паракамновали да им свети* [V,PM,205]; **2.** 'чинот на вршење (жито)' ~ *кога́ дојдé вр'а́мето на врӑшила́та ... кладé тајфа́та му да изметáт амба́рите* [V,PM, 119].

врӑши* impf 'ги одделува зрната од класјето на житните култури (пшеница, јачмен и сл.)' – обично на гумно со помош на коњ [V,PM,278]; и **враште*** ~ *да ха враштеш и пшеницата на амбарјут да ја износиш* [V,PM,278].

врӑштéц m 'многу силен (лут) сапун што се прави дома' [ПК, II,32].

врка (сӑ)* impf 'доаѓа на местото каде што бил порано, се враќа' ~ *как сӑ вркаш'и утѝди у С'а́р, има́ш'и иди́н аратли́к там* [MS,t,37].

вршка f, dem. од врв ~ *ми изникнало едно дрвиче / едно дрвиче нашта градина / на вршка има едно сидело* [ТБ, В,28].

всади́* pf 'стави дрво со корен в земја, со цел да вегетира – засади' ~ *а́м да всади́ш една́ топо́ла... вӑрховету на си́н'у нéбе сти́гат* [V,PM,142].

вс'а́к* pron 'секој' ~ *и ми ра́жбӑ руди́ла: / вс'а́кӑ в'а́јкӑ-ј ја́бӑлка* [ВС(Д),86].

всé adv 'секогаш' ~ - *ела, ела Јанку господарјо!...Ј все си Турци побратиме фаташ* [ТБ, С,38]; ~ *и ко́не всé си б'éше убру́жен кату кугá навӑрв'а* [ВС(Д),81]; ~ *му рекал: "л'у колчиш поминеш през тука, все си радостан и засм'ан?"* [V,PM, 280].

все pron 'означува целокупност – сите' ~ *три хил'ади все б'али овци* [V,PM,280].

всички* pron 'сите' – укажува на целокупноста на пооделни работи (односно лица) ~ *как чу, отиде дума и видел неговите жени да скокат голи, грабнал ножа и заклал всичките* [MC(B),72].

всрет adv 'среде' ~ *всрéт село́то има́лу цӑрква* [ВС(Д),63].

втаса* pf 'дојде некаде, пристигне' ~ *на едно место гу втаса гул'амото дете* [V,PM,231]; ~ *напкун втасаха; бегот фати да ги бие со стапот* [MC(B), 74].

втóр* num 'по редослед веднаш зад првиот' ~ *на втóрта нидéл'а млáдите óдăт пак кăј рудúнте на нивéстта* [УЕ,26]; ~ *нă-втóрјо: дéн ńá сă-нăјдéме сăс-тáтко, мáјка, тáм кăде Симитлúа* [ПК,II,219]; ~ *тогас детету зема карагришите... му плати и за да му пиши и друга книга, втора* [V, PM,38].

вториј num 'не првиот, туку оној што следува, што доаѓа' ~ *и пак вториј вечир гу зема стариот аф пештера му човекот* [V,PM,84].

втóрич m 'обичај кога зетот со невестата оди прв пат, по свадбата, на гости кај семејството на невестата' (вториот петок по свадбата) ~ *нивéстта óди на втóрич* [УЕ,26].

втурýва (се) 'влегува една вода во друга, се влива' [КЕ,276].

вудáрник m 'место каде што се мијат садовите, мијалник, личи на дрвено корито' [ПК,II, 32], [ИГ,114]; и: **вóдник** [СК, 321].

вудéн д'áду m 'вид пита' [ВС(Д), 69].

вуденичарски adj 'тоа што има врска со воденица' ~ *а баче му му речел: "а бре лудо, тоа не е мајкинио прешлин, ами е вуденичарски камен"* [Ш,V, 420]; ~ *малкио видел воденичарски камен па му речел на брат му: "баче! гледаш! тоа камен е мајкинио прешлин; езе ќи гу земум"* [ШК,V,419].

вудúлу (и: **вудúло**) n 'јаже, огламник (за водење на коњ, магаре и сл.)'; сп. **пóудник** [MS,s,129]; ~ *фáти да купáј ахýр'у, гу скýмнува вудúлуту и сă грáмнува, утúва и кóńу* [MS,t,61]; ~ *имáш'и инó магáр'ą Настрадúн-хóц'а, имáш'и млóгу длăгу вудúло* [MS,t,55].

вудинúца || **удинúца** f **1.** 'работилница за мелење на жито – користи водена енергија' ~ *сéки дéн удéла пáспăл лижáла óклу кáминут. Тáа вéтка вудинúца* [ДК,142]; ~ *идúн и бúл вудинч'áрин и уч'éл идúн ч'ифч'úја тамóкул вудинúцата, му ја уткрáва пампрúцата* [MS,t,43]; *сп.* **вудница** ~ *зăвудинúцăта вóта сă-нăвăрнуве уд-рéкта, óде пу-árго сé дубéнто* [ПД,171];

2. 'рачна направа (ја има во селските куќи) со која се мелат помали количини' сп. ~ *уданúч'ка ут кафé* (воденичка за кафе) [MS,s,129].

вудинчáр m **1.**'човек што работи на воденица' ~ *д-óш нă-вудинчáро пуд-думăзлăко, чáрко дéкă вăрте, рúби úма já тăквú, амă нă-мóжум áс дă-ј-искáрум* [ПД,157]; ~ *нă-вудинчáрут му ă зăпрéа вóтта на бýкăта* [ДК,114]; **2.** изр. **вудинчáро нă-нéгуфта вудúца сјáа нăврăште вóота** (= секој се грижи за себе) ~ *кумшúјте уддéли уф-грáдо, си-нăридúли рăбóтта, а нă-нáс нé никăжáа. Е, тăкá-ј тóо, вудинчáро нă-нéгуфта вудúца сјáанăврăште вóота* [ПК,II,156].

вудинч'áрин m 'човек што работи во воденица' воденичар'; сп. **дирминц'úја** [MS,s,129]; ~ *идúн и бúл вудинч'áрин и уч'éл идúн ч'ифч'úја тамóкул вудинúцата, му ја уткрáва пампрúцата* [MS,t,43].

Вудици pl 'голем христијански празник, зимата, по Божик – Богојавление' ~ до тој ден *русалиите* (= учесници на религиозно-битови групи, што играат по селата, облечени во народна носија, вооружени со дрвени сабји и секири –

обичај поврзан со областа Долновардарско, сп. под заглавната единица **русалиа**) треба да се вратат во своето село, бидејќи по **Водици** не се игра **русалии.**

вудна́к m 'влажно место каде што се задржува водата многу време' ~ *ако-ј вудна́к, бăлти́-ште* [ПД,129].

вудни́чка f, dem. од 'воденица' ~ *о́дăт уф-адна́ вудни́чка* [ПК,II, 276].

вудни́ште n 'влажно место каде што има изворчиња' ~ *а-пă и́мше и Кла́јнци – вудни́ште, буна́рче тăквó, кăјна́че, сă-цăрпе вóда уд-ни́х* [ПК,II,216].

Вудукра́с m 'христијански, православен празник' ~ *Водици. Кра́сто сă-фа́рле уф-ре́кта, по́здра́ви чуве́ци нă-га́шти сă-фа́рл'ат до:-фа́тат. Има нóго нарóт* [ПК,II,32].

вуи́ште n 'дел од ралото, дрвото што го поврзува плугот со јаремот' [ПГ(К)].

вујвода m 'одговорен. командир на нерегуларна воена единица во турско време, којашто се бори против поробувачот' ~ *ма́јка му дде́ла вóда, а пă вујвó:та (тре́м има́ли сме, тăка́ вра́та), óн сă-че́ше та́м, а Ту́рчино нă-вра́тта* [ПК,II, 320].

ву́јко (и: **вујку**) n 'роднинска врска: брат на мајка' ~ *он, оште ка па́жќе ут ма́јкă-му и ри́пке низ уда́ата, скóке – пи́те: ву́јко де́к-е ... гу нăóжќе ву́јку* [ИГ,110]; ~ *имаши един вујку димирџиа, отиде та му речи, да му стори един чифт чизме от железу* [V,PM,135] – во примеров што следува има интересна множинска форма – со наставката *-и*: **вујци** – поопширно за ова во уводниот дел; ~ *на сестра им и́ са добило дете, си играло на дворут сус ашици и викало: "чик, чик, ашиџжик, имам девит вујци"* [V,PM,270]; сп. vok. **вујчо** ~ *рече: "ајде, вујчо, да направам и за мен хазăр един кон, да дојдам да ти помогнам"* [M(B),97].

ву́јкоф* adj 'она што му припаѓа на вујко' ~ *јазе, а́ку не купу́вах тво́јта магази́а и ву́јковата кăшта, са́каши друг да ги зе́ми* [V,PM,16]; ~ *су бајовите дичијна / су вујковите внучијна* [ТБ,М,31].

вујни́к m 'припадник на државна воена формација' ~ *е-се́га, ме́н мă-зима́: Ту́рците вујни́к* [ПД, 171]; ~ *те́рум чаре́ дă-избе́гум, амă ру́бите не́-ми-сă испра́тни, куту сја: вујни́цте ка ги-испра́штăт* [ПД,171].

вујни́чки adj 'што се однесува на војска (војници)' ~ *н'а: би́ве та: рăбóта, а́с ки-испа́днум нă-мигда́но, к-им ка́жум, и́нче ак нă-ви́ăт ки-ре́чăт: вујни́чки бигу́нци* [ПД,172]; ~ *ф-на́с – Мóкрăна дујде́ ади́н, прăспа́ адна ве́чăр, вујни́чки ру́би* [ПК,II,222] – отсуство на предлогот **в (во, уф, аф)** во додатокот за место.

вујска́ f 'наоружена формација (обично од млади луѓе) во служба на државата' ~ *он тóлко вујска́ истипа́л за не́а, си́н му а зима́л* [ИГ,114]; ~ *има́ло ји́н цар и нóго јуна́ци и вујска́ пуштува́л, нă мужéле да а зе́мăт* [ИГ,112].

ву́јче m 'роднинска врска: брат од мајка' ~ *ќи óдăт кăј не́кој уд не́јнте на́јблиски руди́ни, да ре́чиме кăј чи́чко му, кăј де́вирут, кăј ву́јче му и кăј би́л* [УЕ,27].

вујчи́на f 'жена на вујко (брат од мајка)' – во други говори **вујна** [СК,321]; во синтагма со лично име се употребува кратката форма **ву́јчин** (пр. ~ *ву́јчин Ли́ка*) [ПК(Г)]; [ПК,П, 32]

вули pl 'од капакот на казанот во кој се вари ракија излегуваат две лули (во гевгелискиот говор: **вули**), низ нив поминува пареата пред да се кондензира и да стане ракија [ТГ,335].

вуловцки (и: **во́лски**) adj 'нешто што се однесува на вол' ~ *адна-две војнцки или вуловцки коли* [УЕ,6]; ~ *от тридéсе годи́ни до педéсе – во́лски живо́т* [ШВ,IV, 336].

вуло́сува* pf 'покрива, затвора' ~ *ути́вами на ракаџ'и́јскију казáн' да сфари́ми раки́ја; ги ту́рнувáми у казáн'у, ги вуло́сувáми сăс капáјку* [MS,t,4]. Кај Будишевска среќаваме примери од Воденско: ~ *Гелă вулоса бела риза... ~ ки та вуло́сам, оти си ко́ле на мене* [BV,172], но објаснувањата не се прецизни.

вун (и: **вунк**) adv (добиено со редукција, односно со лабијализација во соседство на лабијалното "в" од *вонка*) 'надвор' ~ *ја пл'уи вел'áјке: "фту! фту! маскарију, вунк от дома ми!" ... кату излела вун, ја најде нос ѓавол да ја пита* [V,PM, 165]; ~ *тогај змиата половината влези на моминото сăрце и половината падна вун* [V,PM,174].

ву́нка adv 'надвор' ~ *аман, брате, ти са мол'а, извади ми вунка та што сакаш да ти чина* [V,PM.151]; сп. **вунк** и **вонка**.

вун'áі̯ || **ун'áі̯** impf 'испушта смрѓава, смрди' [MS,s,127]; сп. **вон'и**.

вун'éш'на adj, m(f) 'тој, таа што испушта смрѓава' [MS,s,129].

вункашна работа f 'ѓаволска работа' ~ *тамо имало един дирвишин, што знаел вункашни работи* [V,PM,98].

вунту́р m 'вид орел' (голем) [KE, 264].

вурѓија f 'циганска кожена торба во која го ставаат брашното што го испросиле' ~ *ах, та палена ѓупка, вадан истури уд вургијата на то место брашно, та затоа падна* (кога мало дете ќе падне со овие зборови го смируваат) [ТГ,122].

вурки́на (и: **вруки́на**) f **1.** 'зголемена температура во воздухот, горештина' [СК,321]; сп. ~ *ка́ бе́гăхме уд-до́лце би́ше свити–Питро́фцка вурки́на* [ПК (Г)]; [ИГ,120]; **2.** изр.: **те́гли вруки́ната** (= се измачува од голема жештина) ~ *и на них су на́с то́ку а чини́л си, шо тегла́хми вруки́ната* [MV,K, 315].

вурцу́ки n **1.** 'ситна монета, стопаре'; **2.** bot. 'цвеќе паричка' (Bellis perennis) [BV,172].

вус'ани́ца || **васани́ца** f 'црв од пеперуга, има влакненца по телото со кои ја надразнува кожата на тој што ќе ја допре (фати) – гасеница' [MS,s,129].

Вуке́фалус m 'сопствена именка, име на животно' ~ *Ко́н'у гу ви́каха "Вуке́фалус"; му гу пу́сна бакш'и́ш'* [MS,t,59].

вушлив adj **1.** 'тој што има вошки'; **2.** fig. 'сиромав' ~ *е дедо Бужик е вушлив, и сус веткичко можиш да си пуминиш* [ТГ,85] (така го смиру-

ваат детето ако за Божиќ не му купат нешто ново) [ТГ,85].

вуш'ти́на || **уш'ти́на** f 'она што останува откако ќе се извади медот од саќето (питите) каде што пчелите го собрале медот' [MS,s,129].

вчера adv 'претходниот ден' ~ *а бре синку, тинака вчера си дошел на меника, от дека знаеш таква работа да чиниш?* [V,PM,13,7].

вче́раве́чер adv 'предсиноќа' ~ *как да не сме нажале́ни, нажале́ни, расплака́ни / вче́раве́чер чу́до ста́на, Го́це Де́лчов уби́т па́дна* [ПК,П,235].

вăв prаep 'упатува на внатрешноста од нешто – **в, аф, уф**' ~ *вăв кăштата кăде што преноштува́ло момче́то, би́ла им се ро́дила мо́мичка* [ШВ,IV,337].

Вăгиту́рци top. 'име на населено место во Кукушко' ~ *рăбо́тше и нă-дру́ги се́ла, нă-Аԉину́с и Армутчи́а, и о́ш адно́ – Вăгиту́рци, и на́што, нă-чити́ри се́ла* [ПК,П,319].

вăглинче* n, dem. од **вăгл'ан** 'запалено, но недогорено дрво, што се́ уште содржи топлотна енергија која што може дополнително да се активира – јаглен' ~ *се́ вăглинчи́јна си пра́више, на Гуме́ԉа си но́сише со мăгăре́нца* [КЕ,291].

вăго́н m 'помошен пловен објект' ~ *слу́ши, му ве́ле, ка́ ки-т-да́де он нă-те́бе зла́тнио пăрăхо́д, пăмпо́ро и вăго́нто, ти, рăче́ нă та́ да́та дă-до́јдиш па́ прă-ме́не...* [ПД,148].

вăдну́шка f 'вид змија, *пу-во́јте гă-и́ма*, не е опасна' [ПД,124].

вăзгичти́сан adj 'резигниран' (се откажал од нешто планирано) [СК,321].

вăздух* m 'обвивката со гасови (водород, кислород и др.) околу земјата' ~ *турила го баба на огниште / одде дојде пусто орле / дигнали го дедо вăв вăздуха* [ТБ,С,31].

вăздăха || **и́здăха** f 'воздишка' ~ *ма́јч'ина́та вăздăха на зим'а́та ни па́ж'да* (поговорка: мајчината љубов е нешто многу важно, неповторливо) [MS,s,128].

вăзрас f 'поминати години од животот, одреден период' [ДС(Ч)].

вăзрԉцки pl 'прва посета на младоженците по свадбата кај родителите на невестата' [ВС(Д), 57].

вăзрăсăн* adj, opp. на 'млад' (возрасен, оформен) ~ *до́бро, ама вăзрăсно де́тто, не́-ј не́коԉăми:* [ПД,145]; ~ *би́ло вăзрăсно, усумна́јсе, дăвăтна́јсе гуди́шно* [ПД,145].

вăи (и: **вăј**) pron 'вие' ~ *им речи на них: "јазе не идам, под'аити вăи"* [V,PM,205]; ~ *"даш'о́ пра́зин и́даш'?!" – "ш'о́ ка́зува́ти вăј, будалăсти!"* [MS,t, 75]; ~ *д'ăду́ту му вили́: "д'е́ за по́јти вăј и ја́с за до́јда азва́м!"* [MS,t,80].

вăже n **1.**'повеќе нишки од коноп усукани заедно' (служи за врзување, влечење и сл.); **2.**. изр. **вăјшто нă-гу́шта** (= си го одзел животот со гушење со јаже) ~ *виде́л не́ма нԉ-де́к, вăјшто нă-гу́шта, а́јт суздра́ве* [ПК,П,56].

вăжни́ца f **1.** 'парче коноп на кој има нанижано пиперки, тутун и сл., така оставени да се сушат – низа'; **2.** fig. 'еднородни предмети наредени еден зад друг', пр. *вăжни́ца во́шки* (= многу вошки една зад друга) или *вăжни́ца л'у́де* (= луѓе во колона) [ПК,П,32].

Вăла́ндуво n, top. 'име на населено место во југоисточна Македонија' ~ *се́лто пăрво би́ло нă-*

ѡадéто зă-Вăлáндăво, сă-викáло Аништа [ПД,174]; ~ *óна бúла ут-кăдă Вăлáндуво* [ПД, 152].

вăлáндуфски дрéнăк m, bot. 'вид грозје, крупно' ~ *тó: дрéнско грóзде шо-ј, вăлáндуфски дрéнăк шо вúкăт* [ПД,152].

вăлк m, zool. Canis lupus **1.** 'грабливо шумско животно' ~ *немóј хóждаш на врăх вăлкóт јáгне* [V,PM,21]; *глéда вăлкут шо си óди на óфцити, и а устáва óфцити, да бéга* [MV, K,311]; ~ *са пракина придеќи, исприде кулко на влăкут дуп да му затниш* (погрешно запишано: *влăк* наместо *вăлк*) [ТГ,362]; [MS,s,127](pl.: **влацé**); **2.** изр.: **вăлкут сам сигă-фáште рабóтта, затó:-ј дибéл уф-врáтут** (= за да успее некоја работа, основно е да се ангажираме самите а не да чекаме помош) [ПК(М)].

вăлна f **1.** 'влакна со кои е покриена кожата на овца' ~ ... *чувéк шó влáче вăлна (бубáјќ) ус-грéбиѡци или пак уф-влăчáрница* [ПК,II,31]; **2.** 'влакна по кожата на животни (воопшто)' ~ *пá дáј, вúди тýка нă-рáнта, шу-мă-ýдри су-бáлтăкут, дáли фáти вăлна úли нé?* [ДК,150]; **3.** 'густи влакна на одредени делови на телото на човек' ~ *му дáдуха прóск'éфал да сéдни; му р'éч'и д'ăт'ѡнту: "úмам вăлна на ганsóт!"* [MS, t,78].

вăлн'ан || **вăлнин** adj 'нешто направено од волна, волнест' [MS,s,128]; ~ *на крај цăрни пăпуци су вăлнени бувки* [УЕ, 12].

вăлничка f, dem. од **вăлна** ~ *пубунúшта сум-брáла вăлничка ут-кăдăјнте шó шуткáли...* ~ *сум вијáла вăлничка дă-зăплéтум чурáпче нă-дéтто* [ПК, II,252].

вăлнутúи (и: **вăлнутúі**) pl 'волнени алишта' ~ *сúте вăлнутúи ги-испрáх, ги-скрúх, тóпло-і гáаре, нéк стóот зăзúма* [ПК,II,32].

вăлóк m 'камен, служи за рамнење, како валјак' ~ *гулéм кáмин, ус-нéго áдно врéме нáште гуминѡáне* (жители на Гуменца) *вăл'аа, рáмнаа. Нăстрéде-і прувáлин* [ПК,II,32].

вăлтáр m 'издигнат и преграден дел од црквата, таму не влегуваат жени – олтар' [ДС(Ч)].

вăлчáрник m **1.** 'место, карпи со дупки в планина каде што се множат волци'; **2.**'непристапно, "затăнтено" место' [ПС(Г)].

вăлче n, vok, dem. ~ *кýмо вăлче нúм глéди пу-зúдо нă-гóре, úма тăрăне и глóзи* [ПД,157]; ~ *дáј и ти аднó вăлче, ќи-т дáм аднó јáгне* [ПК,II,252].

вăлчи* adj 'волчешки' ~ *вăлча кóжа* [ДС(Ч)].

вăлцáн m 'мал, длабок сад за пиење кафе, чај' [ДС(Ч)].

вăл'ýга f **1.** во работата од Саќов го среќаваме следново објаснување: 'голема снежна топка што се добива кога ќе се стркала парче снег' [СК,321]; **2.** според нашите истражувања: 'парче дрво, округло, служи за симнување на воденичниот камен'; **3.** 'направа за рамнење, како валјак' ~ *зéх аднá вăл'ýга зă-рáмнине* [ПК,II,32]; **4.** fig. зн. дебел човек ~ *кá сé-і чинúл алúс вăл'ýга дотăркáл'увиш;* сп. (**вăлóк**).

вăм'ѧ n 'орган на женско добиче каде што се собира млеко – виме' [MS,s,128]. сп. **илúн** (pl *вăм'анта)* [MS,s,128].

вăмпи́рка f **1.** 'мртва жена којашто ноќно време излегува од гробот и прави лоши работи, пр. им пие крв на луѓето' (народно верување) ~ *та́а же́н-та сӑ-чини́ла вампи́рка* [ПК (М)]; **2.** 'обраќање кон жена' (со навредлива конотација): ~ *г-утка́ре та́м, зе́ме до̆-испе́ре ба́бата. "и-и, вăмпи́рко, ќ-им иска́риш о́чте, шо́ му́шкиш?"* [ПК,II,234]; сп. и: ~ *мале, стара мале / ти стара вампирке* [ТГ,331].

вăн (и: **вăнк**) adv 'опр. на внатре' ~ *и Кулу́ф, ду́р угреа́ слӑнцето, не излезе́ вăн* [V,PM.11]; ~ *сӑс нуs'ӑт'а̣ гу раздри́ва грубо́, гу зва́жда̣ ц̣ар' Але́ксандрус ут вăнк* [MS,t,61]; сп. **вун, вунк.**

вăнка adv **1.** 'опр. на внатре' ~ *ба́бата р'е́ч'и: "ба́!ба́!ба́! јас м'е́н'а̣ м'а̣ и стра́х вăнка да спа́м!"* [MS,t,71]; сп. уште ~ *тој постоја́ вăнка портата малку вре́ми* [V,PM.9]; (пр. за безпредлошка употреба на додаток за место; за оваа балканистичка специфичност в. во граматички дел); **2.** – во синтагма со предлогот *по* зн. 'одење по нужда' ~ *едно вр'аме един човек излезе по ванка да си рашета* [V,PM,138]; в. **вунка.**

вăнгил || **вăглин** m 'парче од изгорено, недогорено дрво, при повторно палење се користи за загревање, пр. за скара и сл. – јаглен' (pl : *вăнгили, вăгли, вăглин'е́ту*) [MS,s,127]; уште: **вăгăл'** [ДС(Ч)]; и: **вăгл'ан** ~ *ќ-о̆-па́сат, ко̆- дука́рăт до́ма, вăгл'ăне ја́де* [ПК,II,233].

Вăндо m 'м. лично име во Еницевардарско' ~ *испăдна́ Вăндо, диситáр на че́тта шо бе́ше* [KE,281].

вăнду́за f 'специјална чаша од дебело стакло, се става на грбот на измрзнат човек (откако се издува воздухот од чашата со запалено парче памук)' [MS,s,128].

вăнsил (и: **вăза̣л**) m **1.** 'место каде што се врзани две врвки (конци, јажиња) – јазол'; **2.** 'глужд на дрво, местото каде што излегува гранката од стеблото' (pl.: *вăнsил'а̣, вăнsиле́ту*); сп. *сăнк* [MS,s, 128]; **3.** fig. 'мал, низок човек (обично лош)' ~ *вăзăл и на̣ вăзăло, се́ ти́ зна́јш!* [ПК(Г)]; **4.** изр.: **сви́ти вăзăл** (= врзано крпче како јазол, во кој жените ги кријат парите) [ПК(Г)].

вăнката adv 'опр. на внатре' ~ *ма́јка му заедно́ч фати́ хизмиќа́р за чи́фтут и о́шти едно́ч не пу́сна ни́ту пари, ниту де́те по вăнката* [V,PM,26]; (членување на прилог во ситуации што не се возможни во стандардниот исказ); сп. **вун, вунка, вăн, вăнка.**

вăнкаш'ин* adj 'опр. на внатрешен' ~ *три дни на с'ăнка, пуж'лăт'а́ват хубав'а̣ дрăнц'е́ту, туга́с ги зва́ж'дами на вăнкаш'ни́ју чарда́к* [MS,t,5].

вăнкушли́ва adj, f, според Саќов: 'лоша жена којашто мисли само на зло' [СК,321]. Истражувањата што ги имаме вршено упатуваат и на друго значење: **1.**'тој што несвесно се движи ноќно време, месечар' [СК,321]; **2.** и: **вункашли́ф** 'човек болен од епилепсија' ~ *та́-і̣ ло́ша бо́лис, бо́лнјоо па́ѓе (пади́не) нă-во́нка, нă-пăт, де́к ќи-сӑ-на́јде;* исто **во́нкăшна бо́лис** [ПК,II,32]

вăнтур m 'засек на дното на бурето за да влезат страничните даски' (= јатор) [MS,s,128].

вăнц'и* (и: **вăнж'и**) (pl *вăнц'инта* || *вăнц'ăта)* [MS,s,28]; (и: **вăже, вăжи**) n **1.**'стебленца од 'рж, сплетени како врвка, се користат за врзување на снопје' ~ *враза́ч'инут ха бир'е́ друм'ăт'ạ, ха кла́ва на вăнц'иту и ха врăзува сно́пи ... ~ на дру́гајут д'е́н' ра́нуту враш'и́луту зăј хазăр; за ве́зми страпо́т, за усич'е́ ут сно́питу вăнц'е́т'ạ* [MS,t,66]; **2.** 'дебела врвка, сплетена од повеќе нишки од коноп' ~ *бегот, гу налегна, гу тупа, тупа! Напкун му вăрsa рăците с мокро вăже* [MC(B),74]; ~ *та сетни не ти ча́ка друго, са́мо да и́дииш ету на онова́ дарво високо, што је нетри́ аф бахча́та, да фăрлиш едно́ вăжи да си обе́сиш* [V,PM,7]; **3.** fig. 'бесилка' ~ *така малкото д'ате гу куртулиса от вăжето* (= така детето го спаси од бесилка) [V,PM,95].

вăпо́р m 'поголем пловен објект со мотор (на пареа) – параход' [CK,321].

вăпци́ло n 'боја за преѓа, алишта и сл.' [ПК,II,32]; ~ *трибу́ве но́го вăпци́ло за ира́мто шо ќи-ј-тка́м за-Лимо́на* [ПК(Г)].

вăпцу́ве impf 'прави нешто да добие боја, да биде бојадисано (потопува нешто во растворена боја, или пак премачкува со боја за да се бојадиса) [ТГ, 59]; пр. преѓа, велигденски јајца и сл. [MS,s,125]; ~ *и́мише цăрно гро́зде, ја́ка шл'у́пка, дибе́ла, не са́-ја́јше, за́-ви́но би́ше, а́дно цăрно ви́но – вăпцу́више се́ де́к ќи-па́дне* [ПК,II, 215]; во Гевгелиско постои верување дека работата се врши поуспешно доколку жената е сама кога *вапцуве* [ТГ,365]; сп. *ва́псана ица́* 'велигденски (бојадисани) јајца' [MS,s, 124].

вăр m 'највисокиот дел од главата на човек, теме' [ДК,103].

вăра́к m **1.**'тенки златни ливчиња' ~ *та́а зе́мна не́ са́-рăбо́те, цăрве́на-ị, све́тке кут вăрак*; **2.** 'хартија за украс, како позлатена' ~ *и́ма не́што гуви́кат вăра́к, ус-не́го пра́ват кут-пузла́тна јабу́лка, а-но́сат нă-ниве́стта и́л' нă-ку́мо, не́ зна́м ка́-би́ше;... ~ уф нидел'та нишан мини́ме. Ни́ạ ќи да́дме ца́ло (сребăрна пара), алтăнче, зạма́нска па́ра, и цвеке́ и ќи́тќичка (кăрăмфл'че), вăрза́ни ус цăрве́н ко́ниц, сус вара́к* [ИГ,114]; **3.** fig. 'нешто со висока цена, или многу што се чува' ~ *чи́ниш вăрăклиа-ị, си́те му-са́-тре́сат нăд-н'о́:* [ПК,II,32]; **4.** изр.: **вạра́ко му-пăдна́** (= му се навреди достоинството – иронично) ~ *ак путăрче вăра́ко ќи-ј па́дне, чи́ниш* [ПК,II,155].

вăрбл'а́к m 'место со многу врби' [ДС(Ч)].

Вăрбница f 'име на празник' ~ *нă то: де́н са́ба́јле ко́ј ки ти до:, то: тă пулизи́л... ти́ă де́нуве са́: Сви́ти Ра́нгел и Вăрбница* [ПД,131].

вăрбăна́к m 'место каде што има многу врби, врбјак' ~ *гуве́ата се́лцки плăдну́ват уф-вăрбăна́ко* [ПК,II,32]; сп. **вăрбл'а́к.**

вăрва f **1.** 'парче коноп долго околу 2,5 м. на кое се ниже тутун' ~ *ва́дин нăпăлни́х де́сит вăрви тит'у́н* [ПК,II,32]; **2.** 'низа од пиперки и сл.' (нанижани на парче коноп) [ПК(Г)].

вăрве́ш f 'потреба од често одење по надвор, пролив' ~ *е, и вăрве́ш ви́киме* [ПК,II,240];

[СК,320]; ~ *ка го-ї фатил аїн вăрвéш, нéма кувéт дă-стáне дéтто* [ПК,II,32].

вăрви (и: **вăрве**) impf **1.** 'се движи, оди' ~ *ґóнди нé вăрве, сáатут си вăрве* [ИГ,121]; ~ *и такá Бóг дáде тихно врéме, и фатиха гимúите да вăрвјат* [V,PM,14]; и: **врăвú** 'оди (некаде)' [MS,s,129]; **2.** 'тргнува, заминува' ~ *е мáјко, áјде вăрви сјáа, рéкăл* [ПК,II,263]; **3.** 'поминува време, напредува' ~ *вăрвéле гудúни, мóмăта пурăснáла* [ПД,151]; ~ *ут кá бигáме, рéчи тó пóсто г-ујзвăрвéме, бугурóјчкó пóс* [ПК,II, 252]; **4.** 'се продава' ~ *да úдими на дрýго мéсто, дéка вăрви стóката по-скăпа* [V,PM.14]; **5.** 'откинува, грабнува' ~ *узрелја-ї јабăлката ... да ја вăрве* (возможно од "урве"?) [V,PM.219]; **6.** изр.: **úвăрве лáфо** (= ја почитуваат, úго ценат зборувањето) ~ *уддéла та жéна, дéка úвăрве лáфо, ут-тéбе едúн кумáт, уд нéкуј сúрне, уд нéкуј ýрда...* [ПД,144]; фразата ја запишавме во Дојранско, во Гевгелиско, со исто значење Таневиќ запишал **врве му лакрдијата** (= авторитетен е, неговиот збор е важен) [ТГ,165].

вăрвулéш m 'движење на луѓето' ~ *óди-ми, дóјди-ми; шó-ј тóо нис нáшоо двóр вáдин вăрвулéш нăпрăвúа, кóј нé пуминá?!* [ПК,II,32].

вăрга f 'издуено место на главата, може од удар, но и од болест' [СК,321]; ~ *излéве ак сă ýдриш* [ПД,130].

вăргáле impf **1.** 'тркала' ~ *шó гувăргáлиш тóо бýре, нéл' глéїш кóлко трóпе, рăзбудú мáалта; ~ тáмă, кá о-вăргăл'áли уф-кáлта нă-вăлко, кá о-вăргăл'áли* [ПК,II, 225]; ~ *кóга сă-тăркáле пу-зéмата сă-убăрнуве* [ПД, 130]; **2.** – **(сă)** 'се препелка' ~ *сă-вăргáле кут-зăкóл'на кукóшка* (пр. кога човек се превиткува, се препелка од големи болки) [ПК,II,32]; ~ *зé да-сăвăргáле нă-пăтут* [ПК(Г)]; сп. – коњот болен од *срце-јадејне* од болки се препелка по земјата (*се варгале),* а за да го излекува газдата му става во гушата црн пипер истолчен и помешан со ракија [ТГ, 384].

вăргąлéк (и: **тăркąлéк**) m 'нешто во вид на круг' ~ *тó-ј тăркáло* [ПК,II,32].

вăргăл вăргăл m 'џумка' ~ *паднáло дéтто, а-а кąкóф вăргăл му-испąднáл (излéгăл) нă-чéлто* [ПК,II,32]; возможно со преносно значење од **вăргăлиц** (= инсект загнезден под кожата на добиче, на тоа место кожата е издуена како џумка).

вăргąлéс adj 'предмет што има форма на топка, топчест' ~ *вăргăлéс кáмин тимéл' не фáште* [СК,321]; ~ *дóнци áїн вăргąлéс кáмин, доо-тăркáл'ум уд-гурнúцта* [ПК,II,32].

вăргăлéшка f 'израсток под кожата, обично на главата, џумка' ~ *сé вăргăлéшки, вăргăлéшки му-сă-чинú глáфта* [ПК,II,32]. Сп. **вăрга, вăргал**.

вăргăлиц m 'вид црв, живее под кожата на добитокот, ги напаѓа слабите животни' [ПК,II, 32]; кај Саќов: 'здебелување што се среќава на конопен конец' [СК,321]. Веројатно ова е вторично значење; добиено според погоре споменатото: 'издуено место на кожата на добиток, бидејќи таму се има загнездено некој вид црв'. Сп. **вăгăрци** pl 'паразити, црви,

што се вгнездуваат под кожата на добитокот' [ТГ,34].

вăрдаро m 'име на ветар што дува во Дојран, доаѓа од Гевгелиско' (таму проаѓа р. Вардар) [ПД,129].

вăре́ла f 'голем дрвен сад, вид буре' [КЕ,271].

вăре́н* adj 'она што извесно време било на оган и станало меко (пр. погодно за јадење)' ~ *ки изл'у́пи некóуку вăре́ни јáјца* [УЕ,31].

вăре́но n 'јадење со месо' ~ *кóј сáкше, зaкóл'ăвше курбáн, кóј сáкше вăре́но гу дáваа пу кумшúј, пу рудни́ни* [ИГ,118].

вăрзул' m 'нешто врзано во снопче, врзоп' [ВС(Д),70].

вăрúа f 'многу голем чекан, кога се употребува се држи со двете раце, служи за кршење камења и сл.' [ПК,П,32]; [СК, 320]. ' Кај Саќов среќаваме: **вăрúа** 'големо стаклено топче со кое играат децата'; сп. **вăрúја** 'голем чекан, пр. од 5 кгр.' [КЕ,270].

вăрка (сă)* impf 'оди на истото место каде што бил порано, се враќа' ~ *и му вил'áт: "хáјди бé Ќел'éш'! ни сă вăрками, ти óш'ти утúваш' "* [MS,t,35]; ~ *кăк сă вăркаха ут дрăвáта, úди дур на пулувúн'у пăнт', му вилú: пăр! на магáр'ату* [MS,t,48].

вăркузун m 'јаженце со кое се стегаат гаќите, панталоните – врвца' [ПД,118].

вăркулáч'ка трăн m, bot. 'вид зимзелено дрво, смрека' [MS, s,129].

вăркăни́(к) adv 'брзајќи' ~ *дујдéх нă-вăркăни́к, дă-вă-ви́дум кулку* [ПК,П,32]; ~ *сé нă-вăркăни́к те-ј рăбóтта* (= секогаш брзаш) [ПД,131]; и: **нă-вăркăни́ă** [ИГ,124].

вăркăни́ца adv 'брзајќи' – в. **вăркăни́(к)** [ПК,П,33].

Вăрлев Брéк m, top. 'стрмно (*вăрло*) место в планина' [ПГ(К)].

вăрли* impf 'со остро движење на раката направи предметот што го држи да почне брзо да се движи - фрли' ~ *тија беха овчари. Напкун ха по ни бре! Они ка видеха, што ки фатиме, а вăрлија кабаницата* [МС(В),92].

вăрло* adj **1.** 'стрмно, лошо место' ~ *тит'ýн сáдăхме на адни́ кăр ни́ви, вăрло мéсто* [ПК(Г)]; **2.** 'нешто лошо, изразено во голема мера' ~ *кога трагнала старата самовила кату вăрла чума и за един приближи да ха прифтаса* [V,PM,279]; ~ *тија не са, Стујан, младити другаре / туку ми са Стујан, врли сумувили* [ТГ,178]; **3.** 'пожелување' ~ *дă нé му-дáа гóспо нă-вăрл'оо душмáн* (= толку лоша случка, што не посакувам да ја доживее дури и непријателот) [ПК,П,33]; сп. и: едно време имало **вăрла ч'ума** и **панукла** (= лоша болест) [V,PM,182].

вăрл'áк m 'нерамно место, стрмно'; в. **вăрло** [ПК,П,33].

вăрне* (и: **вăрни**) **(са)** pf **1.** 'отиде на местото каде што бил порано, се врати' ~ *ако ни јă излăга, кога си вăрнеш от тăрговијăта си, шта ти дам фрет овците* [V, PM,272]; ~ *шо тă пушти́ тóа, нă Стáмбул д-ојш – вăрни сă, ки гу нáјш прă жéнта, ти úмиш árна жéна* [ИГ,110]; **2.**. 'сврати некаде' ~ *мале, мила мале / гуведа ка тирах /] јуф мајка се врнах* [ТГ,330]; **3.** 'усмери нешто во обратен

правец' ~ *на́прави адно́ ши́ло та копа́јеше, за да ва̏рне ода́та да хо́ди на коли́бата* [V,PM,262]; **4.** 'го усмерува погледот назад (односно настрана)' ~ *ка ре́кла така́ са̏рте́ на на́зут* **5.** 'го дава назад она што пред тоа го има земено' ~ *и шчо́м сфа̏рше ра̏бо́та ки-му-а̏-ва̏рне* [ДК, 154]; ~ *и за́јно су-ко́тлито му-а̏-ва̏рна́л а̏ра̏ни́ата* [ДК, 154]; **6.** 'дава пари или др. нешто за она што го нема платено' ~ *и а́ку излажа́х не́куа пу а́кут, ки ми си ва̏рнам чити́ри ката* (= ако некому не сум му платил, ќе му вратам четири пати) [MV,K,280]; **7.** 'ја доживее истата непријатност што пред тоа ја организирал за некој друг' ~ *и така ви се ва̏рна на вас* [MC(B), 75]; **8.** 'врати некого без да му ја исполни желбата' ~ *то́, за̏-да̏-не гу-ва̏рне: "стру́пки, ре́ка̏л, аку са́киш удра́ните да̏-ти-да́м"* [ПД,144]; **9.** 'откаже, отстапи' ~ *и т'анака от клетвата си не ва̏рна* [V,PM,139].

ва̏рне impf **1.** 'паѓа снег или дожд' ~ *ча̏рга́ре, ус-кили́мча̏та, да̏-не́ на̏-ва̏рне до́ш, ве́та̏р да̏ не́ на̏-ду́:* [ПК,II,220]; **2.** изр.: **ва̏рнат пари́** (= кога некој многу и лесно заработува); **утпре́т сне́к ва̏рне, утза́ди гра́т ва̏рне** – поговорка (= кога се стивасува памук, т.е. се одделува од семето, напред доаѓа памукот, назад семките, зрната) [ИГ,122]; **ва̏рнат ка́мине** (иронично обраќање кон човек што се облекува премногу топло, иако нема потреба од тоа) ~ *ка се́-ј на̏убличе́л чи́ниш ка́мине ва̏рнат во́нка* [ПК,II,156].

ва̏рну́вајне n 'доаѓање таму каде што бил порано' ~ *а пу не́јнто ва̏рну́вајне на̏ме́сто ну́нкото, ки о́да̏т ка̏ј не́кој уд не́јнте рудни́ни* [УЕ,27]; и: **ва̏рноване** ~ *"оти́дох ха́рно и собра́х, што пи́шиши тефте́рот, ама́ сега́ на ва̏рновани без ма̏ра са куртули́сах от умира́чката"* [V,PM,24].

ва̏рну́ве* impf **1.**'доаѓа таму каде што бил порано' ~ *ка́ са̏-ва̏рну́вше о-фати́ли и о-за̏кла́ли* [CK,321]; **2.** 'го враќа она што го позајмил' ~ *шо́ ки-зе́миш да̏-ва̏рну́виш, д-и́миш ли́це па́к да̏-пуса́киш* [ПК,II,33]. Сп. **ва̏ри́не, ва̏ри́јне,**

ва̏рпче́н m, zool. Passer 'мала птица со сива, кафена боја – врабец' [CK,321]; сп. **врапчан.**

ва̏рска̏ни́ци pl 'пискотници' ~ *слу́шум но́го ва̏рска̏ни́ци ка̏д ва́с, за̏то́о пра̏та̏рча́х да̏-ви́дум шо́ј та́а ра̏бо́та* (сп. **вреска)** [ПК,II,33].

ва̏рсна́к m 'на иста возраст' [ЛС(К)]; [ДС(Ч)]; Таневиќ го предава со вокално **р**: **врсник** 'врсници се оние што се родени во иста година' ~ *ка ки гледум твојте врсници / твојте врсници, твојте другаре* [ТГ,263]; и: **вра̏сна́к** (се случува истава форма да се употреби и за женски род) [MS,s,128].

ва̏рсна́чка (и: **ва̏рсни́чка, ва̏рсни́ца**) 'жена (девојка) на иста возраст' [ДС(Ч)], [ЛС(К)].

ва̏рсца f 'тесна платнена лента за стегање на пелените' [ДС(Ч)]; во др. говори: **повој.**

ва̏рсци pl 'врвки за врзување на опинците' [ДС(Ч)].

ва̏рте (и: **вра̏те, врати́**)* impf **1.** 'го менува правецот на движење' ~ *гле́де ва̏рта̏т гуве́та*

[ПК,II,262]; **2.** 'оди околу, заобиколува' ~ *вратејке, вратејке, пак излезе на друмот, идејке каде д'атенто* [V,PM, 155]; **3.** '(се) движи кружно, прикрепено во одредена точка' ~ *дóлн'о: крáј нă-вăртéнто дéкă вăрте нă-бáбăта, сă-вúке бóт* [ПД,171]; ~ *дурдé бéх млáт и врăтјáх кáминут да мéли водинúцата, бéх хáрин* [ШГ,V,138]; ~ *д-óш нă-вудинчáро пуд-думăзлăко, чáрко дéкă вăрте, рúби úма јá тăквú* [ПД,157]; **4.** 'прави да се движи нешто кружно на даден простор, околу нешто' ~ *ќи запáлиа идúн óгин...; а вăртиа нивéстата укóлу óгинут* [KE, 286]; ~ *ке а даваше две свешти и ке га вăртиха... около огенот* [MC(B),71]; **5.** 'сече вртејќи со ножот, прави кружна форма' ~ *вăртéл, вăртéл, нăпрăвúл нéкуј гăрлúк, тăкá нéкуј чингéл', да: закáче, дăмéк да: искáре нă-лисúцта* [ПД,152]; **6.** 'работи правејќи кружни движења, во овој случај меле' ~ *пýште, и-гутóво, пучнáла дă-вăрте вудúцăта* [ПД,166]; **7.** 'свртува, избегнува да се сретне со некого' ~ *уд-аднóш о-глéдум от мăвăрте, óде нă-дрý:кта стрáна* [ПК(Г)]; **8.** 'организира, средува работа (земање, давање, плаќање), прави да функционира)' ~ *тогáс тóј извади, му плати и му вéли: "нá ти трúста хил'áди да плáтиш бóрут, нá ти и дрýга сто хил'áди да си врăтúш рáботата"* [V, PM,15]; **9.** 'средува, домашни работи' ~ *оште сум мала малечка... / на можам куќа да гледам / на можам думен да вртам* [ТГ,37]; **10.** 'очекува, не презема ништо' ~ *брáтјата пăк душлé ут сăбáалинта, му е страх да флéзăт, сă вăртéле дур ду плáднина* [ИГ, 113]; **11.** 'чувствува болка што доаѓа од коските' ~ *мăвăрте нóгăта* (= ме боли ногата, од реума, обично пред да заврне дожд) [ПК,II,33]; односно чувствува тапа болка ~ *пóпуко кá гу-вăрте, бăшкá е он, а курéмо кá гу бóле – он цéл'о:* [ПК,II,238]; **12.** 'премолчува, избегнува да ја каже вистината, лаже' ~ *нúм вăрти, кáш-си кáк бúше* [ПК(Г)]; – **(се)*** **13.** 'се обраќа' (со погледот сака да види нешто) ~ *Исус пак пикасáл шо му испаднá кувéтут ут нéгу, си вăртé кăд л'ýдите* [MV,K, 324]; ~ *мáн-се ут-тýка, ќитă-вúде Тýрчино, јá, кá сăвăрте нăвáки, глéде, мóж дăдóјде, нéшто да-тéре* [ПК,II, 320]; **14.** 'се движи неорганизирано' ~ *фатија си да се вртат, да се сукат* [ME(B), 261]; односно: 'присутен некаде, во движење' ~ *пак царјувата мома... га тури хизмет да чини на царицата и, кату са вратјаши толку време таму, мајка ú не можа да га познај* [V,PM,16]; **15.** 'се задржува' ~ *шо не испаѓиш дунадвур да видиш / шо вија л'уда на наште порти, шо се вртат* [ME(B),261]; **16.** изр.: **вăрте вудúцăта** (функционира, работи, воденица или нешто друго) ~ *пýште и гутóво, пучнáла дă-вăрте вудúнцăта* [ПД,166]; **сос ум сă-вăрте*** (размислува, се труди да најде решение) ~ *и пак млогу сос ум са вратјаши как да најди колај, да ја погуби царјувата мома* [V,PM,276]; **вăрти кáпа** (се кажува за

непостојан, превртлив човек) ~ *Та́шка-ј но́го вăрти ка́па, ич не́ си сто́о на ла́фо, адно́ч тăка ве́ле, адно́ч тăка́* [ПК, II,156].

вăрте́н adj 'тој што поминал во круг околу нешто' (пр. околу "свето место") ~ *а́ко сӑте кучи́јна би́дăт вăрте́ни на чи́сти пунде́лник, ти́ја по́вичко не́ма да-ј фа́јќа бо́л'кăта бе́с* [УЕ,33].

Вăрте́шăво n, top. 'место каде што ја пасат стоката' (*ја вăртат* = да не се растура) [ПГ(К)].

вăрте́но* (со редукција и метатеза од **вретено)** n **1.** 'дрвена направа со која се преде волна и сл. – заоблено дрвце на кое се мота приготвената преѓа' ~ *вăрте́на купу́вăхме ут ти́ă вăртина́рките, ѓу́пките*; и **вратено** ~ *кату гу виде́ барли́војут рече́: "брате, е́ту на ма́јка ми и врате́ното, што и принд'а́ла!"* [V,PM,241]; ~ *и тја́нака биз врате́ното не можа́ да чи́ни ни́шту, и не́ја га изгони́ ца́р'ут* [V,PM,141]; и **врит'е́ну*** ~ *на мӑш'тиха́та и и вили́: "ми па́дна врит'е́нуту н'е́тр'а у буна́р'у"* [MS,t,61]; (pl: *вритина́, вритина́та*) [MS, s,129]; **2.** 'количина преѓа колку што собира едно вретено' ~ *ме́не да ми зе́ми ца́рјут, сос едно́ врате́но да собле́чам фре́т аске́рут* [V,PM,141]; **3.** 'дел од воденицата – дрвото што ги поврзува **чаркот** (колото) со воденичниот **камен'**, т.е. го пренесува вртењето предизвикано од ударот на водата ~ *вăрте́но и́ма и нăруда́но, и́ма и уф-вудни́цта*; ~ *нă-ча́рго у-срăду́лнико поми́нуве вăрте́но* [ПД,171]; ~ *по́сле го́ре де́к свăршу́ве вăрте́нто, ка́мăно дек сă-фа́ште, то́ сă-ви́ке бăлтăлӑк* [ПД,171]; **4.** 'инсект што брзо лета над водите, има различни бои, вилино коњче' [ПС(Г)]; **5.** fig. ~ *на-не́каа висо́ка, сла́ба же́на и́ ви́кат вăрте́но* [ПК,II,33].

вăрте́шка f **1.** 'направа на која (со помош на **руда́јнут**) се намотува преѓата на **пасма,** откако ќе се симне од мотовилката' [ИГ,120]; ~ *пре́дăнто уд-мутви́лкăта сă-кла́ве нă-вăрте́шкăта и прăко руда́нут сăпрăмо́туве нă-кăла́мто* [ПК,II, 33]; [СК,321]; и: **вртешка 2.** 'направа за сушење алишта, во вид на кубе, се става врз мангалот' [СК,321]; **3.** 'вид лотарија, примитивен рулет' [ТГ, 220].

вăрти́а f 'мала, споредна порта, обично кон соседите (за евентуално бегање)' [СК,320].

вăртика f, bot. 'вид цвеќе, личи на *вртипоп,* само шо е повисоко и го садат дома, во бавчите' [КЕ,247].

вăртини́ца f 'место на крајот од нивата каде што врти орачот со ралото' [ПС(Г)]; [ПК,II,33].

вăртико́пăн m, zool. 'сосема мало жапче, полноглавец' [СК,321].

вăртикӑшник (и: **вăртукӑшник**) m 'домаќин човек, врзан за семејството' [СК,321]; ~ *то́о шо сă-вăрте до́ма* (= што си ја гледа домашната работа); *дă-ре́чме: о́н-е́ј вăртикӑшник, а́ма же́нта не́ мо́-ј кăшто́вница* [ПК,II,33].

вăртина́р m **1.** 'циганин што продава вретена и сл., чергар'; **2.** fig. 'оној што многу зборува и лаже, измамник [ПК,II,33]; сп. **вритинарин**..

вăртина́рка f **1.**'циганка, продава вретена, чергарка (скитничка)' ~ *о́на али́с вăртина́рка, ама*

за-ни́х но́го у́бува [ПК,II,325]; **2.** fig. 'жена што лаже'.

вăрти́ца f **1.**'прозорец' [СК,321]; сп. ~ *испăдна́л низ-вăрти́цта* [ПК(Г)]; **2.**'споредна мала врата, подзакриена, во минатото се користела за бегање' [ПК, II,33]; сп. **вăрти́а.**

вăрти́чка* f, dem. **1.** 'прозорче' ~ *ви́ă пăк ут вăрти́чкта и зăу́шăвăт бра́тјата от сто́ат во́нка, и ви́кăт, не и́ăт* [ИГ, 114]; **2.** 'мало, тајно вратиче, за евентуално бегање' [СК, 321]; сп. **вăрти́а, вăрти́ца.**

вăртло́к m 'место каде што водата брзо се врти и повлекува со себе предмети што ќе се најдат во близина' [ДС(Ч)]; сп. и: **вăрто́к** 'место (дупка на дното на река) каде што водата се движи брзо и се врти' [ПК,II,33].

вăртни́ца f 'удар по вратот, шлаканица' ~ *пу-вра́то тă-удри́л, то́-ј, вăртни́ца и́ ви́кăт ...* ~ *адна́ вăртни́ца мă-удри́ уд-săт* [ПК,II,238].

вăртогла́вица f 'болест од која човек губи свест' [ЛС(К)]; сп. **вăртугла́ва.**

вăртуве́риц m 'човек што уговорува склучување на брак – стројник' [КЕ,275].

вăртугла́ва f 'болест од која му се врти свест на човек и може да падне, вртоглавица' [ПК,II,33].

вăртуга́зник m 'тој што неприродно се држи кога оди – за да изгледа важно' [СК,321].

вăртăле́шка f 'детска играчка, направена од дрво, се врти со удар од камшик' [СК,321].

вăртăло́к m **1.**'затворена површина со кружна линија, круг (не мора да е правилно нацртан)' ~ *напиша́х а́јн вăртăло́к* [ПК,II,33]; ~ *и́ма ра́чка до фа́штăт, да́рвăна ра́чка, па́ уд не́го, се́-ј уд една́ шти́ца то, вăртăло́к ај* [ПД,130]; **2.** 'место в река каде што врти водата' [КЕ,248]. Сп. **вăртло́к.**

вăртăло́чин adj 'во форма на круг, кружен' ~ *и́сечи адно́ вăртăло́чно па́рче* (и: *парче́*) *ут то́о кăрто́но* [ПК,II,32].

вăру́ве impf 'го зема за вистина она што ќе го слушне' ~ *и а́ко не́ вăру́вăте е́то ги-у́ште нă-ла́мјăта шо гă-утăпа́х а́ска* [ПД,169].

вăруса́н adj 'испрскан со вар' ~ *буга́тите уд-дiléку мужéле дă-сă-пу́л'ăт пу-ку́јќите шу бе́а и удна́друф вăруса́ни* [ДК,154].

вăрчува f 'глинен сад за млеко, матеница, маст и сл., врчва' ~ *ут-пра́с е́ј, гă-пра́ват гăрнча́рто, адни́ сă-глико́сни, адни́ не́сă* [ПК,II,33]; ~ *она имала си адна вăрчува, та догде да испреде една чунка, фного време вăрвело* [ШК,V,422]; и **вăрчва** ~ *о́н зи́ме адна вăрчва, о́на адна ле́јкичка, адна ти́квичка* [ПК,II,33]. Според Саќов: **вăрчува** 'голема каца или буре' [СК,321]. Веројатно погрешно, **вăрчувата** голема или мала не е буре, туку сад направен од глина.

вăрша́чут m 'времето кога се врши жито (јули, август)' [КЕ, 248].

вăрше* (и: **вăрши**) impf **1.** 'работи, прави нешто' ~ *малкио останал ф кăшчи и зел да вăрше кăшните работи, зоврел и вода, за да измие на мајка си главата* [ШК,V,419]: **2.** 'ги одделува зрната од класјето на житни растенија' [ДС(Ч)].

вăрши́дба **1.** f 'земјоделски термин – именување на дејство при

кое се одделуваат зрната од класјето – со помошта на коњи'; **2.** 'летен период околу празникот Петровден (средината на јули) кога се вршат житата' [ДС(Ч)].

вăршник m 'голем метален сад, сверичен, се става врз лебот што се пече на дворот во **подница** (**сач**), а потоа се покрива со жар и пепел' [ИГ, 124]; и: **врăшни́ќ** (**врăш'н'ак,** в. **са́ч'** – со исто значење) [MS,s,129]; [СК,321]; [ТГ, 300].

вăрăклѝ adj **1.** 'позлатен'; **2.** fig. 'кога некој си придава превисоки качества' ~ *вăрăклѝ сăпра́ве* (= се однесува како да е позлатен) [ПД,131].

вăс pron 'сиот' ~ *вăс нăш диван да стои / вăс нăш борна да клава / вăс нăш вино да служи* [ТБ,С,26].

вăска́ш'та (сă) impf 'се движи угоре, се искачува' ~ *си утйват аратлйциту, то́ј пак сă вăска́щ'та на врăх гринда́та* [MS,t,50].

вăстăга́рка* f 'парче дрво, долго околу 1 м., погодно за товарење (и за удирање)' ~ *и нйă кут-де́ца сă-прăдвйкме, а пу́шките тăка куту вăстăга́рки* [ПК,II,217].

вăток m 'преѓа, заедно со *усно́вăта* се вткајува во платно (кога се ткае на разбој)' [ДС(Ч)].

вăтре (и: **вăтри**) adv 'кога не е на површина, туку во средината на нешто. орр. на надвор' ~ *са сабраха толко души, што колибата не ги береше – едни вăтри биха, едни вăнка* [МС (В),75]; ~ *ка́ йде, гле́де не́што вăтре, с-уплашйла* [ПК,II,233].

Вăчкове Ґу́бришта pl, top. 'име на место в планина (Гевгелиско), според лично име *Вăчко* – таму имал трла' [ПГ(К)].

вăш'ка f, zool., Pediculus 'паразит, инсект што живее по телото на човек' [MS,s.,128]; [ДС(Ч)]; изр.: **фăтйл вăш'ки** (= има вошки). Во северната регија (од Д **фрљувајне фрл'увајне** n 'начин на ловење риби со фрлање на **сертме** (= рибарска мрежа во вид на конус)'. Летно време кога ќе надојде Вардар (по некој силен, пороен дожд) и кога ќе се замати по **брзјаците** (= таму каде што водата брза) и по **дунимечите** (таму каде што водата врти), онака на среќа (на треф) се *фрл'уве сертме* [ТГ,393].

Г

г (< гу, го) pron (во служба на кратка форма за директен објект од 'тој, он') ~ *г-у́че, у́че, у́че де́тто* [ДК,140]; ~ *и ко́га г-утипа́ле по́пу и не́ кăндиса́л, а и о́н ре́кăл* [ДК,137].

га pron (во служба на кратка форма за индиректен објект од 'јас', наместо **ми**) ~ *ве́ли на цар'ут: "аман, цар'у, ја́зе да и́да на кăштата ми, ми е страх, заштó жената ми сега тил'а́л тури на селоту, ча толку алтăни га даде́ меника"* [V,PM,32].

га pron (во служба на кратка форма за директен објект од 'тој, он' – наместо **го**) ~ *га ути́ди нив'ăстата на ху́рната, га гл'е́нда, д'ăт'анту* [MS,t,81].

га pron (во служба на кратка форма за индиректен објект од 'тој, он' наместо **му**) ~ *он му хвăрли кл'учовете и га вели: "отвори хазната, повади колко пари сакаш"* [M(B),94].

га pron (во служба на кратка форма за индиректен објект од 'таа, она' – наместо **ѝ**) : ~ *и га вел'ат на не́а: "нив'а́сту, ету тиа алтăни цар'ут ги пусна на вазика"* [V,PM,32]; ~ *еди́н ден чу́ једи́н тел'а́л да прода́ва една́ кăшта, да га те́ра три́ста хил'а́да гро́ша* [V,PM,15]; ~ *как ги виде сестра ми от селото и ка грабна един ужег, дојде тăрчаки до там; и га вел'ам: "ним викај , само опули се тука"* [MC(B),76].

га pron (во служба на кратка форма за директен објек од 'тие, они' – наместо **ги**) ~ *па́к изл'а́зи ца́р'увата мо́ма, му вели: "ко́лку га да́ваш смо́квите?"* [V,PM,29]; ~ *дојде́ вр'а́ме, узрел'а́а ја́болките, ки до́јдиши ла́мјата, га ја́диши јабалките* [V,PM,133]. Наведовме повеќе примери со различна употреба на кратката заменска форма **га** бидејќи се работи

за конструкции што се прилично необични за нормативниот исказ; сепак за ова (т.е. за рушењето на падежните остатоци кај заменските форми во југоисточните говори) в. во граматичкиот дел.

га conj 'да' ~ *еди́н човéк излезé по вăнка га си рашéта, најдé éдна змúа* [V,PM,138].

га adv 'редуцирана форма од **кога**' ~ *такóв нéшту нé бéха вид'áли и, гá седнáха да рýчат, от мúшките сос прăт са брáн'аха* [V,PM,109]; ~ *и га сл'азуха прис скалéте, на вратáта клáден адúн кáмин пéндесéт хил'ади окú* [V,PM,260]; ~ *скопóту га гу вúд'ạ цáр'ут изл'éва гóл ут мур'éту и гу хиритúсува* [MS,t,78].

га interj 'звук што го имитира гракањето на орел' ~ *кога ќе викнум "га" да ми дадиш месо, кога "njу" – вода* [V,PM, 271].

Гáбęро m, top. 'име на место во реонот на с. Морарци, Кукушко' ~ *úмше адúн рúт о-вúкме Бójчуф Рúт и уд нéго, ут-тáм на-дóлу сă-глéјше Сулýнско Пóле... Гáбęро бúше дрýго мéсто* [ПК,II,223].

гáбир' m, bot. Carpinus betulus (pl: *гáбир'ạ, гáбир'éту*) 'шумско дрво со бела кора – габер' [MS,t,81]; ~ *сáке дạ-вúе кужýрци и ќи-óјме у-планúнта ќисéчме брéс, гáбир, дăп, ќи-сéчме лúсник* [БМ,201]: и: **гáбăр** ~ *чим пурáсне, ќи-тýрăт грáнки, гáбăр ќи-ј-тýрăт и óн сăкáче нă-гáбăро и нăпрáве финáци гáре* [ПК,II,215].

Гавалґанци m, top. 'име на село во Кукушко' (на патот Стојаково – Солун) [ТГ,423].

гáврạн m, zool. 'црна птица' (Corvus corax) ~ *гáврани ако грáчат, смăрт ста úма фаф селóто* [ВС(Д),83]; и: **гáврин'** [СК,321]; и: **гаврăн** ~ *нạ-пладнúнта си-заплăднувáл путидна дăрвúче, си лигнáл. Двé гáврăјне зéле дạ-му-пéјăт* [БМ, 199].

Гаврúл m 'м. л. име' ~ *си пуштúл Ангил Гаврúл... на Чистá Дјéву армасáна су мăж* [MV, K,315].

гажетичка f 'напишан лист хартија со кој се соопштува нешто – писменце' ~ *и тогас Марин писал една гажетичка, хем ја даде на един негов чувек* [V, PM,166].

гадúшка* impf 'со допир на некои делови од телото, пр. на стапалата предизвикува немир – скокотка' ~ *утúдуха пукрáј áгалмáта, гу гл'éндат ... фáт'ạха да гу гадúш'кат* [MS,t, 81].

газа f 'непријателство, војна' ~ *и кога ки ти дојди некоја газа на главата ти, да го туриш перото на вогинот, и ниа на тебека можими да ти помогними ништу* [V,PM,96]; ... *л'у да му дофаждаши на царјут некои газа, отиваша на негу, са упитуваши "как да чини"* [V,PM,61]. Основно значење: "света војна" [V,PM,364].

газајне n ~ 'кога некој ќе настине, освен што се лекува со триење (особено на вратот и грбот), исто така се помага и со тоа што некое дете ќе го гази по грбот, горните делови на рацете и нозете' [ТГ,245].

гáзе impf **1.** 'со нозете стапнува врз нешто' ~ *сиќавај се, Цвето, сиќавај.../ зашто ти газум прилизе / зашто ти берум цвеќинце* [ТГ,37]; **2.** (fig.) 'доаѓа често (како гост)' ~ *и ти óдиш кăко мéне, бизбéли и ти*

уд-но́гу го́сти шу-тă-га́зăт [ДК,153]. Сп. *пугăзе́ј* (= првото одење на младоженците, по свадбата, кај родителите на девојката) [ПК(Г)].

газе (и: **газија, газ**) n (f, m) 'лесно запалива материја, петролеј' ~ *гу излажаха, гу нусиха там и го отипаха и напкун гу изгориха с газе да не се нај-(де)* [МС(В),86]; ~ *уф-Мура́рци и́мше две мли́на нă-га́с, нă-га́зија, две мли́нуве и́мше* [ПК,II, 216]; ~ *му вили́ на инса́нут : дунис'ăти га́с дă-ха згури́ми т'е́с л'у́ди!* [MS,t,74].

ґазєни́ч'ą n 'сад за газија' [ВС (Д),69]; во Кукушко **гăсени́к** 'мало ламбиче од ламарина, служи како фенер' ~ *тини-ки́јно-ј, уф-нăтре и́ма га́с, ус не́го си-све́тме ка́ о́дме уф-шта́лто, прă-дуби́цте* [ПК,II, 37].

газеп adj 'лут, гневен' ~ *он беши половин гăзју, ама млогу газеп јунак беши* [V,PM,103].

га́зда* m 'богат домаќин' ~ *га́зда, е́дно зло́, ве́ле, нă-нăјде́ ва́јн и не́ма как дă-т-сă-ја́вум се́га прăт-те́бе* [ПД,143]; ~ *а пă то́ се́ та́м, де́ка гуво́рăт, слу́ше и нă-же́нă-му нă-га́здăта кăжа́л...* ; ~ *дру́гăта ве́чăр па́к уди́ле дă-кра́дăт, га́зта уди́л нăпре́т* [ПД,170].

Гази́ґąлą f (име на место ?) ~ *нą-ѻкто́мври сą кирикса́ ка́вгăта у-Алба́нја. Гази́ґąлą, гази́ґąлą у-Алба́нја. Ути́днę та́м сąби́ме су-Италја́нут* [БМ, 197].

газина adj 'жена со лесно поведение, неморална' [ТГ,443].

газо́за f 'безалкохолен пијалок' [BV,61].

газăр (и: **гăзăр**) m **1.** 'долниот дел на стомна' [ТГ,60]; **2.** 'долниот широк крај на јајцето' ~ на Велигден кога *сă капăт* црвени јајца се удира *газăр* со *газăр* или обратно [ТГ,60].

га́га f **1.** 'овчарски стап со кука за фаќање на овците' – во др. говори *крлик* [ДК,104]; ~ *апу́шти га́гăта, шу-фăшта́ше о́фци, га́гăта, а пу́шти у кăпи́ната д-ă-изва́е змі́јта* [ДК, 137]; **2.** 'долниот дел на косата, како алка, каде што се вглавува рачката, косилото'; **3.** 'она што не е наплатено, пр. пијачка без пари' ~ *о́н са́ке се́ му́фте, га́га пи́е* (и: *пи́и*) [ПК,II,34].

га́јда f 'дувачки музички инструмент направен од кожата на овца' ~ *туга́ј, е́дно вре́ме се́ нă-пăто сă-бра́ле, игрăја́ле н-е́јн тăпăн, н-е́дна га́јда, гла́вно игрăја́ле* [ПД,151]; ~ *зевăт дури и банди или тогај повичко зеваа гајди и правија убав ґумбуш* [УЕ,5]; сп. – во вторникот, по свадбата, веселбата полека стивнува и музиката се намалува, наместо *зурли* и *тапани* веселбата продолжува со *гајда:* ~ *не сус свирка и тапајне негу сус гајда* [ТГ,189] – во примеров имаме потврда за присуството на адверсативниот сврзник **него** во југоисточните македонски говори, што некои автори го оспорува, поопширно за ова в. во граматичкиот дел.

гајдąција m 'свирач на инструментот *гајда* (= направен од кожата на овца)' [ТГ,221].

гајгана́ f 'јадење од пржени јајца, кајгана' [MS,s,30].

гајле́ (и: **гајл'а**) n 'неспокојство, грижа' ~ *"Тој јунак, ке да ти погуби". Кату чу така, тој им вели: "ади виа гледајти си работата, онаја е моја гајл'а!"* [V,PM,73]... *и така жена́та му влезе́ на мло́гу гајл'а́*

и останáла чýдна [V,PM,30]; почесто се јавува во синтагмата: *бирé гајлé* 'се грижи' ~ "*да дад'éш' т'éс двáта пуртукáл'а на ж'инáта-ми ... и да ни бирé гајлé за м'éн'ă!*" [MS,t,86]; ~ *и такá пó ми сă утфóри душ'áта заш'тó л'áбу си гу звáж'дах, тóлкус гајлé ни бирáх* [MSt,3]; поговорка: *Мáлка тáјфа, мáлку гајлé, гул'áма тајфá, гул'áму гајлé* 'мало семејство (мали деца) – малку грижи, големи деца – многу грижи' [MS, s,30].

гајлелúă (и: **гајлилија**) adj 'загрижен, тажен' ~ *гајлелúă вéк* (секогаш се случува нешто што не прави неспокојни) [ПК (Г)]; [ЛС(К)]; ~ *и она пушти скути и рăкави и повина лицето, сă чини гајлилија и отиде дома* [MC(B),96].

гáјре (и: **гáаре**) adv 'веќе' ~ *нáпкумта ќи зéме тáткото шó да бúде ут рýăбта, ќи блăгушóве, ќи фăрл'е уф куфчéгут. Ми-ї дáве гáјре, алáл ми-ú чúне* [ИГ,114]; и **гајри** ~ *аман! ного приде, стиге гајри, са пракина* [ТГ,362]; сп. ~ *вúќи*
гáјре кăздисáх (= веќе се налутив) [СК,321].

гајрéт m **1.** 'поткрепа' ~ *сиромахут, кату чу това гајрет от онај човек* [V,PM,65]; **2.** изр.: **гајрéт чини** 'дава поттик да се издржи во напорите и совладување на непријатностите' ~ *зет'у пак гајрет чиниши на неа да притăрпи ошти неколко дена, белким ки ги познајат* [V,PM,91]; ~ *ох, гајрет чини, достум Стано мори / баре да се земме* [ТГ, 339]; сп. уште: *гајрéт, гајрéт (дóд Лúко)* (= држи се, биди храбра) [ПК(Г)].

гајтан m 'конци (свилени) сплетени во врвка' ~ *фати да тегле на пусти бели раци / куприненен гајтан да скине* [ME(B),262]; ~ *и тогај, братко, извади куприненин гајтан / и му врsa за мрамуровцкуту дирек* [ME (B),262].

гáјќи pl.tt. ~ *нивéстта му ја убличýваа су бéли гáјќи уд тéнко думáшно плáтно* [УЕ,12].

гáл m, zool. 'птица гавран' (Corvus korax) [MS,s,31].

гáла f, zool., Bos bubalos 'домашно рогато животно, биволица' [ДС(Ч)].

Гáли pl 'Французи' ~ *си дóјдух туќá; и тук нáјдух Англи, Гáли, Италúји, Срăби на сулýнската перифéр'а* [MS,t,2].

гáлиба adv 'веројатно, изгледа' ~ *ут-тáму, гáлиба óна úмăше нéшто сус то архимăндрúтут* [KE,281];
~ *кога устаре, отиде на Бугарстанут* (= име на место во Солунско) *и там, галиба, е ошти* [MC(B),69].

галибáлдо n 'вид боја за преѓа' [СК,322].

Галúја f 'име на државата Франција'; националното име на граѓаните на Франција во Солунско гласи: *Гáли* [MS,s,31].

Гáлик m, top. 'име на река, извира во Круша планина, минува низ Кукушко и се влива во Вардар' ~ *Гáлик рéкăта низ-нáшто сéло вăрвише* (информаторот е од с. Штемница – Кукушко) [ПК,II,247]; ~ *Гáлико крăј-нáс вăрвише, нúă пáсăхме дубúци тáм* (материјалот е од с, Морарци) [ПК,II,216]. Во случајов имаме членување на лично (географско) име: *Гáлик-о.*

Галилéа f 'име на место од библијата' ~ *сă-варнáле на Га-*

лилéа, на нúнито грáт Назарéт [MV,K, 314].

Галилéјцка зéмн'а f, top. 'име на земја од Библијата' ~ *и му си сóни на сóнут, си-бегáл на Галилéјцката зéмн'а* [MV,K, 306].

гáлица f, zool. 'црна птица, врана (чавка)' (Corvus monedula) [MS, s,31]; ~ *нáва на пăнт'ут, д'е хóж'даха, инăја гáлица млóгу* [MS,t,78]; сп. **гал.**

галичанин (или: **галичан**)* m 'жител на Галичник' ~ *как идахме на Солун, баш на Араплија имаше едно тăрло от галичани, и там имаше братјата на владиката* [MC(B), 85].

гáлуш'ка f 'ситен модар плод од глог (глогинка)' [BC(Д),72].

гамбóк* (и: **гамлóк** || **гламбóк** || **дламбóк**) adj **1.** 'opp. на плиток, пр. длабока (вода)' [MS,s,,31]; ~ *утúва дур на инó м'ăсту у гурáта, идúн глăмбóк дóл нахóж'да* [MS,t,16]; **2.** adv. fig. 'обмислено' ~ *паш'áта сă пуч'ýди мрăва пó ут гламбóку и му вилú: "тáс рáбута н'éма зă-ј такá, áла ти сă мóл'ам да ми кáж'иш' прáвинáта"* [MS,t.,48].

ганóсува* impf 'става танок слој калај (калаисува) бакарни садови'; сп. *ганóсана т'éн'ц'ера* (= бакарен сад обложен со калај) [MS,s,30].

ганцулка ганц'ýлка f 'вид мала ситна круша' [MS,s,30].

гарагáшка f, zool. 'птица страчка' (Pica rustica) ~ *гарагáшка áко грáчи, скóро гóсти ста дóјдăт* [BC(Д),85].

гарбнáк m 'заден дел од телото, грб' [BC(Д),67].

гáрван m 'црна птица (голема) со злокобен глас' ~ *ч'áрна кăтý гáвран* [MS,s,31].

гарезú impf 'мрази' ~ *привáрúх та тá обзéх, и сегá тóј ма млóгу гарезú и тéра колáј да мá отрéпе, когá зáспем* [V, PM.260].

гарезлук (и: **гарез**) m 'злобна намера, омраза' ~ *царицата, от што имаши млогу гарезлук на гнусниот, и јала баклавата, што биши останала, и му речи на царјут, ча гнусниот човек га јади* [V,PM.60].

гáрга* f, zool. Corvus monedula 'црна птица, грабливка, често се среќава во населени места, чавка' ~ *на кăштата ми на врăх уцакут беха чинили гаргите гн'азду* [V,PM,40]; ~ *гаргите гу јадиха* [V,PM,82]; сп. **гáлица** [MS,s,30].

гаргáш'ка f, zool. Corvus monedula 'црна птица, грабливка, живее во населени места' (најчесто) [BC(Д),72]; сп. **гáрга.**

Гаргово Мохче n, top. 'име на место на патот Стојаково – Солун'. Овде се менувал *небетчијата* – тој што го води *кирванот* од арабаџии' [ТГ, 423].

гарматиче (< граматиче) n ,dem. од *граматик* 'писар, писмен човек' ~ *ај јуначе, младо гарматиче / што ти јуста, јуста пугурела* [ТГ,178].

гарнóк m 'вид земјен сад, грне' [MS,s,30]; ~ *и гу звáж'дами ут вóгн'у, гу устáв'ами мрăва да устúни и с'éтн'а гу субúрами у гарнóк ... ~ и с'éтн'а ја бир'éми ракúјата у идúн гарнóк дур дăј сéрт'* [MS,t,4].

гарсóн* m 'работник во кафеана, келнер' ~ *"úдиш' у м'éн'а да рáбутиш'? јáс úмам кафинé и за пумáгаш' на гул'ăмăт'ă гарсóни!"* [MS,t,81].

гáс вудинúца f 'воденица што како енергија користи петролеј;

уште пред Балканските војни имало во с. Морарци (Кукушко)' ~ *гáс вудинúца му-вúкăхме* [ПК,II,216].

гáч'ица (и: **гáтица**) f 'приказна' ~ *и му вилú стрáтигóту на инсáнут: "кóгу знáј гáч'ица да кáж'и?"*; сп. **прúкас** [MSt,73].

гáчка f 'игра со коска од грбот на кокошка, со неа се обложуваат децата и викаат *јадец* – кога некој ќе биде излажен' [ДК,104].

гáш'т'ą (и: **гáш'ти, гáшки**) pl.tt. 'долна облека (машка и женска)' [ИГ,110] ~ *и тóј кајм'éн'ју ш'úч'ки ги извáж'да ут грăбó и си устáна сид'ă у куш'ýл'а и гáш'т'ą* [MS,t,41]; ~ *сигá и визúрину у гáш'ти и у куш'ýл'а си утúди јајáн (бис кóн') на с'éлутóму* [MS,t,41]; сп. изр.: *напăлни гáш'ти* (= се посра; fig. = многу се исплаши) ~ *а хúтра Пéтри ут стрáх напăлни гáш'тит'ą (сă пусирá)* [MS,t,75]; (dem. **гаш'тýрки**) [MS,s,30].

гвéчер adv 'навечер, времето кога се стемнува' ~ *вăлкут му-вéле: "скáчите сă гóре дăвúте шó стóка úăм кăди гвéчер, кóга óфците уфчáрте и-пýштăт"* [ДК,139].

ґовéшки* adj 'она што се однесува на говедо' ~ *ґовéшко* (месо) [ДС(Ч)].

гвос m 'голем клинец, шајка' [ВС (Д),75].

гебре n 'сунѓер за капење' ~ *да не ми настăпниш, лудо / меснати ми пети /... на бајна мијани, лудо / сус гебре тријани* [ТГ,158]; кај Саќов: **гéбре** 'волнена крпа за триење на телото' [СК,321].

Гега m 'албанско презиме' ~ *испаднал Шабан Гега от Битолско с бајрак шетаха с билуци; ~ сакаше Шабан Гега да иде на Солун, ама го чу, што има аскер на Вардарскио мост, са вăрна* [МС(В),72].

Гéги pl 'групација од албанската народност' ~ *му-кăжá на бéзите да истéрăт Гéгите* [КЕ, 279].

гел (imperat. од gelmek 'дојде') ~ *гел, прилетнăле, две гăлăби* [BV,61].

гем f 'узда' ~ *вăрзаха кон'ут на гемут* [V,PM,532].

гене-гене изр. (= се поднесува некако, се живее) [ТГ,280].

Георги m 'м. л. име, специфичност за северната регија од Долновардарско (каде што вокалите во крајни, финални слогови не се редуцираат) е формата **Георге** или **Ѓорге**' ~ *името на синот (татко ми) беше Георги... на керката Гроздо* [МС(В),72]; ~ *сердарот разбра, оти жената а зе дедо Георги* [МС(В),71]; сп. и **Георгие** ~ *мојут татку си викаше Георгие Кехај, а татку му – Кустадин Кехај* [К,ВС, 69].

Геракăрци top. 'име на населено место во Солунско' ~ *ама Шабан Гега избегна на едно село Геракăрци* [МС(В),72].

герданче n, dem. од **гердан** 'огрлица' ~ *чум ти вигилце на веѓи / чум ти герданче на гуша* [ТГ,37].

Гермáниц* m ~ *Гермáнцте нé пăрдéшо, таа пóвиќе гă-мрáзăт, таа урúгинто* [ПК,II,240]; **Гирмáн** 'се употребува со множинско значење – Германци'.

гéти pl 'кратки волнени чорапи, се носат зимно време' ~ *чурáпе ду-дибéлто мéсо, ду-úкрата* [ПК,II,34].

гéч adv 'доцна' [BV,61]; ~ *нóго гéч сă вăрúнте* (= многу доцна се враќате) [ПК(Г)]; и **гéч'** 'доцна' [ВС(Д),62].

ги (покрај **и**) pron **1.** (кратка форма за директен објект од "они, тија") ~ *и-óн сă-кáче нăгáберо и-нăпрáве финáци. Тúă финáци, бýбăта, ги-нóса уф-Гивгилúă* [ПК,П,215]; ~ *и т'áнака ги залéпи трúте алтăни на кúлото* [V,PM,140]; ~ *на то место имаше неколко воловарчета; ги викна и ги е дал по един хирмилик* [MC(B), 73]; **2.** (во функција на кратка форма за индиректен објект од "они, тија", наместо **им**) ~ *напкун пашата ги рече: "кабаатот е на вас, вие оставихте харамијата да бега"* [MC(B),75]; ~ *и тој му риче: "што да ги чинам?" – "што да ги чиниш? ... земај ги назат и праи ги свадба"* [MC(B),96]; **3.** (во функција на кратка форма за индиректен објект од "он, тој" наместо **му**) ~ *утúј иднá мéч'ка да ги брăка смóкфи и му р'éч'и "дáј ми иднá смóкфа"* [MS,t,50] – паралелната употреба на **ги** и **им** (**му**) ни укажува дека проширената употреба на акузативната форма и во дативни конструкции не е завршен процес; **4.** изр.: **ги-зăмăрсú кóнцте** (= направи сериозна грешка) ~ *тúа вáште ги-зăмăрсúли кóнце, нă-сýдо ги-видéли* [ПК,П,157]; **ги-утигнá нóјсто** (со значење: некој починал, умрел) [ПК,П, 157].

гиá adv 'божем' ~ *стрáх му паднá нóго, си расчýдаа гиá глéдат ф...* [MV,K,262]; ~ *и му паднá стрáх, си умúа гиá ки а глéдат нúкој сéнка* [MV,K, 335].

гибé (и: **гибé(ј)а, гибéе**) adj 'така се вика за трудна овца и коза' ~ *óфцăта гибéа сă-вúке, кóзăта исто сă-вúке и óна гибéа (кубúлăта-ј пáсăна)* [ПД, 125]; во с. Амбар Ќој и за жена (бремена) се вика **гибéа** [ПК,П,34] ; сп. уште **гęбé** 'трудна' [ВС(Д),67] и **дитúн'а** [MS,s,31].

гибéк m 'средишниот дел од лубеница, нема семки и повкусен е за јадење' ~ *сăрцто шо ќ-о-искáриш удлубунúцта. Сичéх аднá лубунúца, о-јáдум гибéко* [ПК,П,34].

гибирéсе* pf 'умре' (погрдно) ~ *гибирисá нéгдин, сáм куту скóт* [ПК(Г)]; ~ *нéк гибирéсе кá нé слýше* (= нека умре кога не прима совети, кога не е послушен) [ПК,П,34]; непослушните деца мајките ги колнат ~ *пукни, гибер* [ТГ,129], односно само: *гибер* (= да даде Господ да умреш) [ТГ,129].

гиби conj 'ама, но, сепак' ~ *сáке, гúби нé-м-сă-дáве* (= сака, ама не му се дава) ... *не мóже, не мóже, гúби га изорá нúфта* [ПК(Г)]; part ~ *грéх мé-ј, гúби ќи-вúјш тú дéк сă-нáјше* (= жал ми е, та ќе ти покажев јас тебе) [ПК,П,34].

гúбим conj 'сепак' ~ *árно áма éз гúбим не бúх тáм* [СК,321].

гибирмé n 'непослушник, неранимајко' ~ *гибирмé и на гибирмéто, óди прăд мéн кá ти вúкум* [ПК,П,34].

гибни pf 'закачи, допре, земе' ~ *му вели: "ади, братку, јазе ке да пусна човек сос тебика... да не ти гибни некој ниту кокошта ти, а нé тéбика"* [V, PM,32].

ги́бнин' adj 'фатен со рака, пипнат' ~ *ручо́кут о́ште не би́ше ги́бнин'* [СК,321].

гибну́ве* impf 'допира со рака, пипнува' [СК,321].

гиби* impf 'закача' ~ *викат на мајката си: "сакăн мајко, тос човек да го не гибијти ништо"* [V,PM,222]. За овој глагол во Зборникот на Верковиќ е дадено објаснувањето: 'убие'. Превидот е направен зашто авторот не ја познавал дијалектната ситуација и се потпрел на основното значење на зборот (формата) **гибел** 'уништување, смрт' (зарегистрирано во речници).

гивинди́ї̯чка f, dem. од **гивинди́ї̯а** 'девојка што се однесува неморално' ~ *шо́ гивинди́ї̯чка-ј та́а, пу-о́чте сӑ-гле́де. Та́-ј не́каа же́на шо́-ј ша́рат о́чте пу-дру́зи мӑже, не́каштóвница* [ПК,II,34].

Гивгили́ӑ top. 'име на населено место во Долновардарско' ~ *мори, што ме даде, мила ле мале.../ мори уф град Гивгилија, ле мале* [ТГ,141]; ~ *чи́м пура́сне... и о́н сӑ-ка́че нӑ-га́беро и нӑпра́ве фина́ци. Ти́ӑ фина́ци, бу́бӑта, ги но́са уф Гивгили́ӑ. Нӑ-дру́го ме́сто не́ сӑ-пруда́ва* [ПК,II,215]. Информаторот е од с. Морарци (Кукушко – егејскиот дел од Македонија) раскажува за периодот пред Балканските војни (1912-1913 г.) тогаш не постоела граница меѓу вардарскиот и егејскиот дел.

гивги́р m **1.** 'камен (погоден) за ѕидање' [СК,321]; **2.** 'метален сад за печење пуканки' ~ *уфне́го пе́чме пукани́ци, о́н е́ј кут-те́нцăре, нӑпра́вно тӑрка-ле́сто, и́ма вра́тичка кут-ку́рсу́ї̯те, нис н'а́а сӑ-кла́ве пукли́ва миси́рка. Он и́ма дӑлга рӑчка, да не́-т пе́чат рӑцто, пукани́цте сӑ-пе́чат нӑ-но́го пла́мин* [ПК,II,34].

гивгирли́а adj 'убава куќа, направена од камен' ~ *на́шта кӑшта е гивгирли́а* [СК,321]; ~ *о́на-ї̯ су́дна ус-ка́мине, висо́ка-ї̯* [ПК,II,34].

гиди interj 'море, бре – при обраќање, заедно со друго име' ~ *и заедно́ч Кулу́ф гу позна́ и гу закачи за шиа́та и му вели́: "гиди харамцие!"* [V, PM,8]; ~ *тогас мајка му му вели: "ај гиди, синку, јазика сос татко ти сал една вачер си зарадувах"* [V,PM.222].

гидиа adj 'дрзок неранимајко' ~ *си разл'ути млого и му вели на гостот: "а бре јабанциа гидиа, зашто не стануваш прав и ниту се поклони на мене, кога си дошол"* [V,PM,222].

ги́здав* adj 'убав, личен' (најчесто за човечко суштество) ~ *и та́м, на-нози́ се́ло, и́маш'а адна́ мо́ма мло́го ги́здава. И б'е́ше го́това мома́та да-са го́ди за-едно́ мо́мче* [ВС(Д),80]; ~ *поне́же са причу́ло това́ до кра́ј земја, ча та́ја же́на е нај-ги́здава, еди́н цар са́каши да га ви́ди* [V,PM,12]; ~ *и тога́, като́ ви́де ги́зда́ва дево́јка, ода́ри хи рӑка от главӑта* [ВС(Д),65]; многу ретко атрибутот *гиздав* се однесува на предмет: ~ *то насрет полето станало едно бахче много гиздаво* [V,PM,265].

гиздави́на f 'убавина, лицба' ~ *ху́бави би́ли мо́ми, ни́хната гиздави́на не можи да си иска́жи* [V,PM,9]; ~ *ја гледали и се чудили за гиздавината хи* [V,PM,265].

гикте́р муктéр (игра на зборови) ~ *и гу пи́та: "уд'е́-ти то́с*

л'ак, как гу дука́ра?" Тој и́ш'-ти да скри́ј; гиктéр муктéр ниш'т'é да ка́ж'и [MS,t,37].

гилеб m 'преѓа, дел од пасмото, има 60 жици (ставени на *мутувилу*) а секоја жица има 2 должини од *мутувилуто.* Осум *гилеба* прават едно пасмо' [ТГ,366].

гил'анлӑк m 'облеката (дарот) што и́ ја купуваат родителите на ќерката (= идната невеста) пред да ја мажат' [ТГ,270]; односно 'невестинска руба'. Оваа облека таа ја носи и за време на големи празници: Божиќ, Велигден [ТГ,268].

ги́м conj 'сепак' ~ *ти́ сӑка́ дӑ бе́гиш, е́с ги́м тӑ фӑти́х* [СК,321].

гимиа* f **1.**'направа за движење по вода, лаѓа' ~ *и на морету, што има гимиа, риби и друго нешто, да ги извад'а на едно кадро и да ги изберам аф мигдало нетри!* [V,PM,89]; ~ *с'ӑканд'а̣ има́ш'и дијадо́сану ('му има́ш'и пурӑнч'ину') ... о́ти на кутра́ ска́ла да по́јат, да ги ни уста́в'ат да ја́хнат на гими́јата* [MS,t,58]; и: геми́а ~ *то́ј гу земá и оти́де аф море́ту, најде́ гемúа, си пазари сос гимициата* [V, PM,23]; **2.** изр.: **гими́јте не́-т прӑпӑдна́а** (= непотребно се однесуваш како да си во многу тешка ситуација) ~ *шо́ сӑ-зӑдуми́л-си то́лко, гими́јте не́-т-прӑпӑдна́а* [ПК,II,137].

гимиции́а m 'тој што врши превоз со *гимиа'* (може, но не мора да биде сопственик) ~ *оти́де покра́ј море́ту, најде́ еди́н гимициа, гу пазари за да гу зака́ра на една́ касаба́ кату на Шам* [V,PM,8]; ~ *му направи́ де́сет кора́би, ги напӑлни́ сто́ка, му даде́ и еди́н прӑв гимициа* [V,PM,13].

гимицилӑк* m 'парична награда за превоз со ѓемија' ~ *му ве́ли на гимициата: "ама́н, бра́те, ја́зе не́мам пари́чки да ти пла́т'а гимицилӑко"* [V,PM. 151].

Гина f 'ж.л. име во Гевгелиско' [ТГ,114].

гин'а́ f 'род' (раса) ~ *"та́с, ш'ту спи́, ш'то́ ти?" "Измиќа́рка!" "Ш'то́ д'улбе́р'! та́с ва́ш'а гин'а́ ни умѓа́са"* (= таа не личи на вашиот род) [MS,t,53].

ги́не impf **1.**'исчезнува' ~ *тук миизлизе́, фӑти́х ас гӑ-стигна́х у́буво и ка стуја́, стуја́, и сӑ-ба́јлинта зе́ нӑ-тӑка́, нӑ-тӑка́ да-ги́не... виде́х ас оти гупрӑчика́х дӑ-сӑ-ши́ре* [ПК,II, 239]. **2.** 'губи, пр. пари' ~ *ним -сӑ-ра̣спра́фте ви́а̣, Ки́рто изагина́л (па́рте);* **3.** 'уништува, убива' ~ *дурде дӑржи нејната земја, има дефови, што чуват земјата, и они тебика ки ти гинат* [V,PM,43]; **4.** fig. 'ослабнува брзо, овенува' – од некоја болест' ~ *и гле́ј гу-чуве́ко: не́-ј а́рин, триме́же, се́ ги́не, се́ сӑӑне – то́ триме́же*

гине́ш m 'последна четвртина, погибел на месечината' ~ *ка́-ќ-фа́те сӑ-гу́бе, сӑ-ја́де, ги́не пуле́нка михчи́нта* [ПК,II,34]; [КЕ,248].

гинира́л m 'висок чин во војската, генерал' ~ *ину гинира́л ину-вре́ме има́л ину-мо́мӑк* [ДК,139]; ~ *стр'аднојут са чина гинирал пӑрв* [V,PM.231].

гини́ш adj **1** 'спокоен, неамбициозен' ~ *широ́к чуве́к, не́ сӑ-л'у́те, не́ сӑ-ка́ре, си-гле́де се́бито* [ПК,II,34]; ~ *ш'аро́к ч'у-в'ӑк;* **2.** 'погибел на месечината' [MS,s,31]. Сп. **гине́ш.**

ги́нгăр (и: **ги́нгер, гинґар**)* m, bot. 'трн, едногодишно диво растение со големи, жолти трње – *магарешки,* го има по меґите и буништата; семето – зрнца пред да созреат се сместени во едно зелено топче, како мало јаболко, има трње' ~ *набуцал трăјне, игли, гинґаре и боцки* [V,PM.272]; [MS,s,31]; [CK,321]. Семето од *гингер* измешано со мед го даваат на слабуњави деца, што не напредуваат [ТГ,125]; оваа трева, во минатото ја јаделе многу камилите' [KE,280] (тогаш – пред Балканските војни превозот се вршел со камили); сп. **пăлăми́да** / ~ *бо́цкăт ли́стăта... цве́то нă-мо́жум дă-в-гу убја́снум, оли го́ре мо́ж дă да́де пло́т куту ги́нгăр, куту то́пче* [ПД,123].

гинлґукчи́ја m 'тој што работи на надница, надничар' [KE,275].

гиое́ adv 'божем' ~ *кини́са гиое́ да си иди, па́к д'а́волáт гу викна́ и му га даде́ кути́ата* [V, PM,147].

Гира́н m, top. 'име на место во реонот на с. Морарци (Кукушко)' ~ *пăпуча́ре и́мше, на́што се́ло прăку петна́јсе ду́ши пăпуча́ре; се́ дика́не и́мше то́ă ме́сто, Гиран шо сă-ви́кше* [ПК,II,215].

гире́н m 'влажно место, не е погодно за обработка, обично се користи како пасиште' [CK, 321].

гирдан (и: **гердан**) m **1.**'украсна низа што се носи околу врат' (герданите ги носат девојките или жените)' ~ *уд-ма́јка би́ше устăна́л ади́н ко́вăн гирда́н* (направен од сребрени пари) [ПК(Г)]; ~ *свалила си гердано от гăрлото и го закачила, та че си легнала* [V,PM,281]; **2.** 'дел од внатрешните органи на јагне, *уф-гира́днут сă-зăмо́тни цре́фта'* [ПК(Г)].

гирди́сува impf 'оптегнува' ~ *ја зака́ш'тат о́снувата, кла́ват и иди́н т'е́ш'ук (|| т'е́ш'ка) ка́мин' на врăх ко́тката за да сă гирди́сува о́снува́та* [MS,t,7].

гири́с m **1.** 'јама на нужник' (според Саќов)[CK,321]; **2.** од истава регија (Кукушко) според нашите истражувања: 'бразда по која доаѓа нечиста вода' ~ *ва́да-ј, нис та́а те́че во́ота ут-а́ін дво́р уф-дру́к;* **3.** fig. 'непристојно зборување' ~ *не́чиста, гнăсна у́ста: и́миш адна у́ста али́с гири́с, шо́ ки-тдо́о, испа́ѓе нис-н'а́а* [ПК,II,34].

гиритли́цки* adj 'критски' – ? (според името на островот Крит) ~ *гу кале́са гиритли́цкију ца́р', за да му сто́ри иди́н куна́јќ* [MS,t,58].

гирге́ф m 'дрвена, кружна направа на која се опнува платното кога се везе' ~ *едната и́маши прет не́ја јариби́ца сос де́вет јариби́чки, на́ тапсја́ игра́иха, и т'а́нака на́ гирге́ф ве́зиши и сиі́р чи́ниши* [V,PM.135]; ~ *шо́ ин-пăја́л пи́л'то, шо́ ин-кăжува́л нă-гергéфо, то́ă ки-би́де* [ПД,164].

гирултиа̣ f 'силни шумови од гласно зборување, веселба или расправија' ~ *сно́шти уф-ва́ска и́мше не́каа гирултиа̣, чу́х не́кој сă-ка́рше, се́тне сă-чу́ пла́к; ~ де́ка-ј то́о, сă-слу́ше но́го сви́рки, пе́јне, гуле́ма гирултиа̣, зе́р а̣рмаса́а мо́мта Кундо́хци* [ПК,II,34]; и: **гирулти́ја** ~ *фа́т'а̣ха да ци́кат, трăч'а́ха ут о́кул исна́ф'у, за да ви́д'а̣т, ш'то́ј та́с гирулти́ја?* [MS,t,56]; и: **гирулти́** ~ *пи́таши: "шо и ва́ гирулти́?"* [MV,K,281].

гити interj (за обраќање, повикување) 'море, бре, гиди' – заедно со друг извик ~ *бахчеванџи́ата му ве́ли: "ај гити господа́р мој, ги пу́штам така́ на про́сти учи́тели... зашто́ ја́зе не́мам кове́т за да ги пу́штам мло́гу вре́ме на школи́те"* [V, PM,149].

гиту (< гдето) conj 'кога, додека' ~ *седна д'адото да ги чува, зема и сабјата на ранката; гиту ч'уваши д'адото, га гленда една, страшна змиа излези* [V,PM,134].

гитуру́м m 'тој што не комуницира добро со луѓето' ~ *то́о шо сӑ-л'у́те се́, се́ не-мо́-ї пугодно, се́ не-мо́-ї тама́н. Сӑ-л'у́те, не гуво́ре, са́мо сӑ-ду́у кут-гитуру́м* [ПК,II,34].

гичинди́суве* impf 'поминува некако, опстојува' [СК,321].

гичи́т m 'премин, брод на река' ~ *гичи́тут е о́ште но́го диле́ко* [СК,321].

бериќети (= ноќен бериќет – фигуративен израз за создавање на деца) [ТГ,272].

глава* f **1.** 'дел од телото на човек или животно каде што се сместени мозокот, очите и др.' ~ *му вели: "ами дека ти е твојта капа от главата ти?"* [V,PM,46]; ~ *гл'е́да на глава́та-ји иди́н ш'анда́н' сф'ӑти; и на нуѕ'ӑт'ą друк ш'анда́н' сф'ӑти* [MS,t,21]; **2.** fig., изр. *кӑшта на гла́ва* 'грижи' (за семејството) ~ *ај мо́ре бра́тче Стуја́не | как да сӑм ја́зе ју́бава | бага́та кӑшта на гла́ва* [ИГ,107]; **3.** fig. со значење на 'разум' ~ *ај, ги́ди глава, алтӑни и сребро ми давали, не сам земал, да си чинам кату татко ми чорбаџиа, но земах един тас, што не врјаднува двајси гроша* [V,PM. 277]; ~ *друг му ве́лиши: "таква́ гла́ва и́маш, таква́ ка́па ти перл'а́га"*[V,PM.7]; **4.** 'единица за броење на добиток' ~ *и́мӑхме две́ста гла́ви о́фци* [ПК,II, 251]; ~ *и ни́ӑ пу-чи́ко, и́мӑхме пе́-че́с гла́ви гуве́да и две́-три́ ко́зи, зӑбра́ме и ка́рӑме* [ПК, II,218]; **5.** 'предниот дел на *корӑбут*, со кој се префрла стока (и луѓе) преку реката Вардар' [ТГ,428]; **6.** 'здебелен дел од коренот на зеленчук (кромид, лук)' ~ *нӑме́сто а́лва ки му кла́дӑт у то́рбӑта нӑтре адна́ гла́ва пра́с* [УЕ,24]; ~ *ми-дде́ ади́н кума́т ле́п и две́ гла́ви лу́к, дӑ дӑ му-ко́пум це́л де́н* [ПК(Г)]; **7.** изр.: **гла́фта ме́-ј (али́с) та́пӑн** (= чувствувам психички замор, ме боли главата) ~ *ич ама́н, мо́лчи, о́т дӑ-зна́јш гла́фта ме-ј али́с тӑпӑн* [ПК,II,157]; **гла́фта ми-сӑ-зӑпӑли́ла** (= имам сериозни проблеми, пр. недоразбирања во семејството) ~ *нӑ-ме́н гла́фта ми-сӑ-зӑпӑли́ла, о́ни сӑи́р си-гле́дат* [ПК,II,157]; **гла́фта уф-то́рба мо́-ј** (= кога некој презема големи ризици и не мисли на последиците) ~ *о́н гла́фта уф-то́рба сј-аа кӑлде́л, не́ сӑжа́ле* [ПК,II,157]; **гла́фта мо-скина́л** (кога детето многу личи на некој од своите родители, односно роднини) ~ *ну́ко гла́фта ма скина́л нӑде́д-мо* [ПК,II,157]; **гла́ва ду-гла́ва** (се кажува за оние што се постојано заедно) ~ *Ту́шо и Ва́но се́ сӑ-гла́ва ду-гла́ва, па́ му кро́от ка́пта нӑ-не́кој* [ПК, II,157]; **гла́ва кӑрше, ата́р не́ кӑрше** (кога некој е многу внимателен и се труди по секоја цена да ги исполни

желбите на другите) [ПК,II, 157].

глава булејне n – за да не ги боли главата во летните горештини, луѓето од Гевгелиско уште во мај месец си ставаат пијавици на вратните жили, на тилот. Некои наместо пијавици ставаат *рукчијна:* откако се пробуши кожата на тилот на тоа место се става рокче со пробушен врв; низ дупчето, откако се исмука воздухот, а пробушениот врв брзо се затвори со прст, рокчето брзо се полни со крв и откако се наполни самото се одделува од кожата. Во една сеанса се ставаат 5 до 8 *рукчијна* [ТГ, 230].

глава мијајне n, fig. 'секундарен назив за сабота' ~ *сăбута – глава мијајне* [ТГ,9].

главатар* m 'тој што е главен, што командува' ~ *то: и-кумáнде, куту глăвăтáр ин-éј* [ПК (Г)].

главатарка f 'таа што се наложила, што ги води другите' ~ *да прачеке лазаренки / која мома ки-ј аресе / арисал је, биндисал је Руса Дојка главатарка* [ТГ,54].

главенúцă f 'свршеница' ~ *хабéр ми ј душăл / ут главенúцă: за дрýк сă-ј главúлă* [ВС(Д),86].

глави (си)* (и: **глáве сă**)* pf **1.** 'се договори да работи (во наемен однос) кај некого (обично од Петровден до Митровден)' ~ *туга лудото се главило на един поп и то от "кук" до "кук"* [ШГ,V,420]; ~ *вúа сегá са чинúхти коцáмити јунáци: не úдити да си главúти на нéкои чорбацúи, да си насăтити л'ап* [V,PM,272]; **2.** 'станува свршеник, или свршеница' (= договори свршувачка, предстадиум на склучување брак) ~ *хабéр ми ј душăл / ут главенúцă: за дрýк сă-ј главúлă* [ВС(Д),86].

глáвн'а (и: **глáмја, глáмна**) f **1.** 'парче дрво запалено, недогорено, гламна' ~ *ји вилú: "стóјти туќá, јас за пóја тáм на стр'ăш'та úма идúн вóгни да в'éна инá глáвн'а"* [MS,t,23]; ~ *му вилú: "ти да пóш' на идúн распăнт' да с'ăш' бустаннăк ... за с'ăш' и три глáвн'а на-пóпуку, кугá за вúдиш' да пýснат дáлуви, тугáс да знáш' ч'а ти сă плат'éни гр'ăхувéту!"* [MS,t,43]; **2.** bot. Ustilago, Tilletia levis 'паразит кај житните растенија' ~ *бóлис уфжúтто. Она-ї цăрна, úма кут пéпăл пу-жúтто* [ПК,II,34]; ~ *пулвúн'ó: клáс стăнýве цăрно, и óна пак гу вăпцýве цăрно жúтто* [ПД,123]; **3.** fig. 'многу слаб, црн, жолт' ~ *óн кăту арслáн, димéк бéл, цăрвéн и лúчен, шо вéли лáфут кăту кáпка, а та кýтра нивéста ... глáмја цăрна и слáба кăту кăрлúк* [УЕ,4].

глáвин adj **1.** 'одговорен, важен' ~ *нáј-пу-глáвин бише тéјко, óн сă-пúтше зă-сé* ; **2.** 'нешто поголемо, поважно од другите' ~ *нé óјме пу-тó: глáвин пăт от úма кóли, нарóт, дубúци óăт, нúă бис-пăт нéгде, прăснúфте* [ПК,II,218]; и: **3. глáвăн*** 'централен' ~ *нáј-уф-глáвăнто каавинé сéдăт гуспудáта* [ПК,II,267].

главúнка dem. од глава [ДС(Ч)].

главúчка dem. од глава [ДС(Ч)]; и: **глáвичка** ~ *úде, дунéсе, á на змúăта црéва фăрке, á нăкýчто глáвичка, а на мáчто нóга, јáдăт* [ПК,II,262].

гла́виш' m 'чин на договарање за склучување на брак, свршувачка' [ВС(Д),67].

главја́ка aug., pej. од глава [ДС (Ч)].

главни́к (и: **главени́к**) 'свршеник' [ВС(Д),67].

гла́вно adv 'важно' ~ *тугáј, éдно врéме сé нă-пăто сă-брáле, игрăјáле н-éјн тăпăн, н-éдна гáјда, глáвно игрăјáле* [ПД,151].

главуве (се) impf 'зема обврска, се договара дека ќе слугува за извесна надокнада (*хак*)'. Измеќарите се *"главуват за дубици чувајне, за дрва брајне, за урајне"* [ТГ,286].

главу́на f, augm., pej. од глава [ДС(Ч)].

глад* m(f) 'состојба кога човекот не може да ја подмири основната потреба за храна, гладост' ~ *децата ми си и уставих, от гладн ки ми умрат* [V, PM,273].

гладúа f 'ситуација кога поединци (или одредена група луѓе) не можат да ја подмират основната потреба за храна' ~ *дурдé бéх млáт и вртјáх кáминот да мéли водинúцата бéх хáрин... сегá остарá'х, éту ме извадúха тýка на снегó..., ки ýмрам от гладúа* [V,PM.138]; ~ *он јé млóгу богáт, но неки да ми знаé, заштó јáзе сам мóшни сиромáх, и тајфáта ми умúра от гладúа* [V, PM,13].

гла́дин adj 'тој што чувствува потреба за храна, ненахранет' ~ *му вилú на манц'ó-ји: "тóс тфóју аратлúк млóгу страмлúф, úч' ни јáди, глáдин за си л'éгни"* [MS,t,37]; ~ *идúну икимц'úја му вилú: "болúкит'ą ни кáцат, амá на нáм ни-н-дáва рăнка да рич'éми, ч'ą ни кáцат ... и такá ни глáдни за устáними!"* [MS,t,42]; и: **глáдăн** ~ *дáј, вéле, нéкуј динáр кóлко пу-пăто дă-нă-устáнум глáдăн, дă, дéкă ки-мăнóсе гóспо, јáс тáм ки-живéм* [ПД,146]; – освен во обичната говорна комуникација споменатава придавка ја среќаваме и во загатки, поговорки и фраземи **гладна кучка низ гора шете, па гладна си дома иде** (зн. 'секира') [ТГ,290]; исто: **сúт глáдин нé вирýве** (= тој што си трга тој знае како му е) [ПК(Г)]; **сус гладин и непуткуван којн и сус праварзана кола не са праве арабацилăк и кирацилăк** (= поважните работи бараат и посолидни подготовки) [ТГ,419]; **глáдна кукóшка прóсо сóне** (се кажува за нечии неостварени желби и амбиции) ~ *кá сáке нéкуј чувéк нéшто, ама гу-нéма и нé мóж до:-кýпе* [ПК,II, 157].

Глáдно Пóле n, top. 'име на место во реонот на с. Морарци (Кукушко)' ~ *пулúнта сăвúкаа: úмше аднó Глáдно Пóле сă-вúкше, дрýго сă-вúкше Чифлúко, дóл крăј рéкта Вáлта сă-вúкше, нă-Кирлúјте úмше нúви – жúто, тит'ýн сéјаа* [ПК,II,216].

глáдус f 'силна потреба за храна, орр. на ситост' ~ *и жéнта тó врéме кóга бúла у-бóчвăта удглáдус, три дéна бúла нăтре, си-идéла сéмки уд-дрýгăта гудúна шу-имáло у-бóчфăта* [ДК,150].

гламнóсе* pf 'добие лоша боја, стане црн, жолт'~ *глąмнусáл тóо Вąнгéл', нéшто нé-ј áрин* [ПК(Г)].

глас* m 1. 'звуци, шумови од зборување, шепотење' ~ *им вéли сос зáтресна глáс и сóс*

расипано óбраз: "господáри, динéска ви приказýвам и казýвам прет вáс, ча тóс сиромáх нéма н'áкој кабаáт!" [V,PM, 28]; ~ *тој ка тăрчиши с голема сила, тăнки гласови викнаха: "мило внучи, застани, имам лаф да ти кажам"* [MC (B),95]; **2.** 'начин на пеење' ~ *понеже сиромахувото дете си научи харно царковниј рет и кату му беши харин гласот...* [V,PM,40]; ~ *детету имаши глас, толку му беши благ, којто не беши да се искажи* [V, PM,37]; **3.** 'препознатлива специфичност, боја на артикулацијата' ~ *Кулýф кату чу тúа лакардúе, от гласóт га познá, ча е нéговата л'ýба* [V,PM,11]; ~ *тóјнака фати да удр'áви жáбин јазúк и вéли на жáбата: "ох сéстру, т'а чýх гласó ти и ти познáх"*[V,PM,29]; **4.** 'известување, вест' ~ *ут н'ó: нéмме ни глáс ни абéр;* ~ *глáс се-чýје от-Солýна, от Солýна до Кукýша / от Кукýша до-Битóлско* [ПК,II,235]; ~ *глáс са чý на П...грáт, плакáни, жáлба, удирáни нóгу* [MV,K, 306]; **5.** 'општествено мислење' ~ *ветар веје, достум Стано мори / гласуве ми носе !* [ТГ, 338]; ~ *сă-слýшат глáсуве ка: уставúл жéн-му, н'а: ка: зимáл* [ПК(Г)]; **6.** 'мисла' ~ *ка видé шо си лекувá, си варнá и му слáвиши на Бóга су голéм глáс* [MV,K,279]; ~ *éм ричé на нéгу: Дýхо биз глáс и глýх, јáс ти пувéлам* [MV,K,285]; **7.** 'порака' ~ *и глáс му дујдé ут небúн'ата* [MV,K,308]; ~ *éту и глáс ут óблак испаднá, шó вел'áл...* [MV,K,327]; ~ *л'ý ш'ту фл'áзи нăтр'а, ч'ýј идúн глáс да гу вúка* [MS,t,,86]; **8.** изр.: **глáсо нé úм-сă**-слýше (се кажува за семејство во кое се живее сложно и мирно) ~ *бăлдуфчáне нúкуј нé ги-ј чýл дă-сă-кáрат, глáсо нé-им-сă-слýше, јá тóлко гудúни сме кумшúј, áс нé чýх лóш лáф мýѓи нúхка* [ПК,II,216].

гласовит гласовит adj **1.**'(зборување, пеење, насмевка) со силен глас' ~ *кога е чујала Димка, калеш Димка / се је насмијала малце гласовито* [ТГ,204]; **2.** '(пеење песна) со содржина и мисла. односно со пријатен и убав глас' ~ *Сраулица фати да пеи една песна, малци речовита, ама много гласовита* [MC(B),96]; ~ *да ми викниш една песна, Ванѓелино, мори / малце речувита ванум ного гласувита* [ТГ,40].

гледа (и: **гл'éнда, глéе**) impf **1.** 'со сетилата на видот прима впечатоци' ~ *пăсéл, глéе аднó мăгáре, вирáн мăгáре, ќéл'аво* [ПК,II,224]; ~ *ја разгóл'ува, гл'éнда на прáвата бúска три кóсим'а злáт'ана* [MS,t,71]; ~ *гл'éнда ч'итирúјси удајá, гл'éнда инá гр'éнда ... гл'éнда инó умр'ăнту д'ăт'а* (пример со назализам) [MS,t,53]; **2.** 'чува (одгледува) цвеќе, односно животно' ~ *хранú гу, мáју, глéдај гу! / дáвај му сахáнче прóсу / дáвај му кавранче вóда* [BC(Д),67]; ~ ако зимата *арно са гледат* (= добро се хранат) овците, тие порано се јагнат, јаганцата се поголеми, волната е *динч* (подобра и посветла) и даваат повеќе млеко [ТГ,376]; ~ *гу кладе на бахчата му да чува таму един триндафил, да гу гледа, само по едно гонце да му докарува на царју ката заран* [V,PM,105]; **3.** 'се грижи за болен, стар, односно за мало дете', ~ *ти си имиш една стара мајка / треба да-с*

јодиш, неја да ја гледиш [ТГ, 199]; ~ *у Сулу́н им'ӑш'и иди́н скопо́ на крајо́т на мур'е́ту. То́с скопо́ ни им'ӑш'и н'ӑфту да гу гл'е́нда* [MS,t,78]; ~ *уду́тре нӑ-тӑка́ бӑрка́јте си кӑсме́т, нӑ-мо́жум јас дӑ вӑ гле́дум, е́ту гле́те кути ри́бӑта нӑ-пӑсо́кта устӑна́х* [ПД,144]; потврда за ова наоѓаме во обичајот од Гевгелиско каде што машките деца се третираат како некој капитал зашто "ќе ги *гледат* старите" [ТГ, 272]; **4.** 'се труди, настојува' ~ *"да зна́ш', ч'а̣ ти сӑ пруста́ха гр'ӑхуве́ту, да гл'е́даш' да ни сто́риш' дру́ги гр'ӑхуви!"* [MS,t,44]; ~ *пушти една книга и вели: "или да земиш една нивеста или да најдиш една твоја прилика, твоја ишкија, да гледаш да најдиш, и азна да не жалиш"* [MC(B),93]; **5.** 'извршува' ~ *му вели: "ади, братку, сега иди си на кӑштӑта ти, да си гледаш ра́бота ти сос рахат!"* [V,PM,32]; **6.** 'избира' ~ *ско́ру да ми даде́ти да ја́м, ча мо́шни сам гла́дин! И немо́ј гле́даш кеба́рски ма́нци: што да е јаз ја́м* [V,PM,24]; ~ *какара́ска је пи́ле, која́то ка́та годи́на са мин'у́ва гн'а́здуту-и́ и гн'а́зду гле́да да чини на на́ј-висо́ко дарву* [V,PM,30]; сп. ~ *нӑ-сви́т То́дӑр мла́јте сӑ-гле́да̣т* (= на празникот св. Тодор младите од селата доаѓаат в град за да си изберат животен партнер, односно да бидат избрани); **7.** 'разгледува сметки' ~ *дејна ноќа книга гледе / на пладнина азна броје* [ТГ, 171]; **8.** 'забележува, заклучува' ~ *и р'е́ч'и то́ј: "ут стра́ха и јас сӑ разбуди́х, гл'е́дам сӑнји б'а́л то́с"* [MS,t,12]; ~ *викна́ детето покра́ј не́гу и му ве́ли: "а бре́ си́нку, гле́даш ли, ја́зе веки ки у́мрам и ошти е́дноч не ке да ми видиш"* [V,PM,7]; **9.** 'свртен е со лицето кон нешто' ~ *ни́ј'о: ца́м гле́ј̣ше нӑкӑде на́шјо дво́р* [ПК(Г)]; **10.** 'имитира некого' ~ *ним гӑ-гле́ди н'а:, о́т ки-т-иска́ре нӑсел'ме́т* (= немој да го правиш тоа што таа го прави, бидејќи ќе настрадаш' [ПК(Г)]; **11.** 'вража, бае' – "ја претсткажува иднината" ~ *ца́рут и визи́рут нима́ле де́ца. Еди́н бил'а́рин му глида́л да̣ ре́кӑл ...* [ИГ,109]; ~ *нӑ-кааве́ гле́де и пузна́ве ѓо́ом-ти, лӑ́же;* ~ *гле́да на̣-рӑ́ка ...* [ПК(Г)]; **12.** 'бара' ~ *на иди́ну ж'ина́та-му пурӑ́нч'ува: "да ни гл'е́даш', мӑ́нц'и, мло́гу скӑ́мпа ѓулн'у́к, у́тр'а̣ за сӑ на́јди по́скӑ́мпа"* [MS,t,47]; ~ *и кату ти́ваха два́та, хизмика́рот се́ гле́даши да на́јди н'а́кој скри́шно м'а́сто да гу уте́пи* [V,PM,26]; **13.** 'очекува, се надева на помош' ~ *устӑна́хме сира́ци, са́мо уфне́го гле́дӑхме (спа́с)* [ПК(Г)]; **14.** 'разгледува' ~ *ути́ди д'ӑ́т'а̣ту, ш'е́та ут сука́к на сука́к, гл'е́да ут балко́н на балко́н* [MS,t,10]; **15.** 'слуша' ~ *и гл'е́да вудинч'а́рину, и́ч' му ни вр'ӑ́ви, ути́ва близ'а̣, па́к му нави́кува* [MS,t, 43]; **16.** 'прегледува' (лекар) ~ *жина́та-му бо́лна, икимц'и́јата ја гл'е́да, ама́ и то́ј ку́пини ут д'ӑ́т'а̣ту* [MS,t,12]; **17.** 'се усмерува' ~ *и вили́: "ми трукули́ ко́н'ут, ми разби́ ку́рут, гл'е́нда канди́ т'е́б'а̣!"* [MS,t,78]; **18.** 'сака' ~ *една мајка имала си два сина: поголемио кроток и милувал домашната работа, а помалкио бил луд и гледал да отива на нивата да оре* [ШГ,V,419]; **19.** – (сӑ) 'се ог-

ледува' ~ *ка́ нима́ло углида́ла уф-во́та сӑ-глида́ле* [ПК(Г)]; **20.** – **(сӑ)** 'се познава, евидентно е' ~ *шо́ гивинди́ј̣чка-ј та́а, пу-о́чте сӑ-гле́де. Та́-ј не́каа же́на шо́-ј ша́рат о́чте пу-дру́зи мӑже, не́кӑшто́вница* [ПК,II,34]; **21.** – **(сӑ)** 'се чини' ~ *с'е́ л'е́ку му сӑ гл'е́нда иди́н тупу́с гул'а́м ко́лку на́ш'та кӑшта* [MS,t,53]; ~ *"ч'е́нду, ка́к та́с то́јта ра́бута да си то́лку диб'е́ла? на м'е́н'ạ ми сӑ гл'е́нда ло́ш'а ра́бута!"* [MS,t,84]; сп. уште: ~ *ка́к ми сӑ-гле́да ти́ạ дву́ј̣ạ не сӑ мири́сат* (= како што ми се чини тие двајца се мразат) [ПК (Г)]; ~ *на кади́ата хи́ч му са не гле́даши ха́рно, ӑма што да чи́ни?* [V,PM,26]; 22. изр.: **гле́ј си-ра́ато** (= не се вознемирувај, немој да реагираш) ~ *не́-ј-слу́ши шо гуво́рат, гле́ј сира́ато* [ПК,II,157].

гледан* adj 'згрижен, чуван' ~ *авциолиа стана, отиде на ахӑр'ут; кога виде, жр'апчету беши кату хрӑт, не гледану от толку време* [V,PM,47].

гледа́ч* (и: чуве́че) m 'црнка во окото' ~ *уф о́кто и́ма адно чуве́че, то: нӑ-сре́ди шо́-ј, гледа́чо* [ПК,II,237].

гле́здино̣ n 'големиот глужд долу на ногата' [ЛС(К)].

гле́то n 'алатка за отворање дупки на дрво со чукање, предната страна е остра' [ДС(Ч)].

глидајне n **1.** 'кога девојката и ергенот ќе се сретнат, пр. на некој празник, тоа се вика *глидајне* (= избирање)' [ТГ, 135]; ~ *ак си дошал за глидајне / мома за арисувајне / гледи, гледи, Кустадине / гледи, гледи па удбери* [ТГ, 177]; **2.** 'посматрање' ~ *дека јодиш се са фалиш / једна имум за л'убејне / друга имум за глидајне* [ТГ,196]; **3.** 'негување, грижа за болен' ~ *ах море от Маргарит, – алах бин берикат версин – ама што глидане ми даде!* [МС(В),77].

Глигор m 'м. л. име во Гевгелиско' [ТГ,114]; го регистриравме и во Кукушко с. Гӑрбашел: *де́уто Глиго́р кува́чут.*

гли́гур m 'место со многу кал, тиња' [КЕ,276].

глигурли́во место adj 'калливо, поплавено место од кое се повлекла водата' [КЕ,276].

глисти pl 'болест пантличари' – болниот што има *глисти* е многу слаб и изгледа *куту ка не јаде леб.* Се лекува на тој начин што се вари 'рж и болниот пие од водата во која се варела 'ршта. Против *глисти* се употребува и специјален *мацун:* мешавина од *мед, благ камен* (сумпор), *гинѓарово семе* (Lapa minora) и малку *каранфил* (суви парченца (мали од неколку милиметри) од пупки на тропско растение (Caryophyllus aromaticus). Од оваа смеса болниот секое утро на "гладно срце" зема по една лажичка [ТГ,230].

глитини́ца f 'засечениот дел (кружен) на дното на бурето, во него влегуваат страничните даски (даги)'. Сп. **гле́то** [ПК,II, 34].

глицуна́р m 'замрзната вода (во форма на морков) што виси на стреата зимно време – мразулец' [ДК,105].

глоба f 'казна, земање пари како надокнада за некоја грешка' ~ *царјут го затори попот на заданју и му зема тешка глоба* [V,PM.225]; ~ *му пиша книга молена: "или кабаатот*

да ми простиш или глоба ки ни глобиш, или глава ки ни сечиш" [МС(В),93].

глоби* pf 'одредува, зема казна' ~ *му пиша книга молена: "или кабаатот да ми простиш или глоба ки ни глобиш, или глава ки ни сечиш"* [МС(В),93].

гло́жде 'pl од глог' ~ *та́а дӑ-сӑ-пуфа́ле: "ку́му вӑлче, не́ пугле́дни нӑ-го́ре, зе́р тӑрне, гло́жде и́ма, ки-т сӑ-нӑпра́шӑт о́чте"* [ПК,II,225].

гло́жде (и: **гло́чке**) impf 'чувство на ситно боцкање во окото' ~ *но́го мӑ-гло́жде о́кто, ми-сӑ-нӑпрӑши́, сја́а мӑ-бо́цке, мӑ-гло́чке* [ПК,II,34]; [СК,321].

гло́к* m, bot. 'трн со големи боцки' ~ *ку́ме вӑлче ни́м гле́ди пу-зи́до нӑ-го́ре и́ма тӑрӑне и гло́зи* [ПД,157]; ~ *тӑрӑн устри́ чӑта́лчита* [ПК,II,34].

глотки pl 'ситни нечистотии во вода или храна, пр. ситни сламчиња, раски и сл.' [КЕ,247].

глувон'а́м adj 'тој што не може ниту да слуша, ниту да зборува' [ЛС(К)].

глуз(д) (на дрво) m 'кружен остаток на стебло, каде што имало гранка, глужд' [ДС(Ч)].

глуги́нки pl 'ситни плодови од трње, гложје' ~ *о́ни сӑ-си́нички, си́тнички, али́с муни́стра* [ПК,II,34].

глугов adj 'нешто од глог' ~ *глугов кол* 'колец исечен од дрво глог' [ТГ,261].

глу́пув* adj 'неразумен' ~ *шо́ сте глу́пуви коко́шки, пра́зни уф-гла́вӑта, ич-не́мӑте акӑл* [ПД,153]; ~ *е, са: же́н-ти гӑ-тури́х дӑ-сӑ-ва́ре, о́ти глу́пуф си-ти* [ПД,159]; и: **глупав*** ~ *мури, што ме даде, мила ле мале / на момче малечко / глупаво – улаво* [ТГ,197].

глух adj **1.** 'тој што не може да восприема звучни сигнали, што не слуша' ~ *уде́ј́ки нӑ-стрӑте́ адин чуве́к уд-на́што се́ло, глу́х би́ше, Сарби́не му-ви́каа, ба́ш Сарби́не, пу-ту́рцко сарби́не зна́чи глу́х* [ПД,172]; ~ *е́м ричé на не́гу: "Ду́хо биз гла́с и глу́х, ја́с ти пуве́лам: и́спадни уф не́гу и о́шти-идни́ш да не фле́зиш на не́гу"* [MV,K,285]. Во контекстот (во последната реченица) многу илустративно е одразено меѓусебното мешање на значењата на предлозите *уф* и *на*; односно проширената употреба на предлогот *уф* (освен со значење на **на** и на **од**: *и́спадни уф не́гу* наместо "од него" – в. за ова во граматичкиот дел); **2.** 'негоден, неупотреблив', пр. за човек (маж) што не може да има деца се вика: ~ *се́миту му глу́о* [ПК(Г)].

глуха́р m, zool. 'вид глушец' [ВС(Д), 71].

глуха́рч'е n, bot. 'вид (полско) цвеќе' [ВС(Д),72].

глу́шиц* m, zool., Mus 'животно од типот на гризачите, го има домашен и полски' ~ *ма́что фле́ве уф-нӑтре, флива́ј́ки... гле́де та́м а́дни глу́хци, а́дни ми́ше, сва́дба пра́вӑт* [ПК,II,264].

глӑви́на f **1.**'средишен дел од тркалото на запрежна кола, во него влегуваат спиците' ~ *глӑви́на сӑ-ви́ке нӑ-ко́лта не́што, нӑ-тӑрка́лто*; **2.** 'дел од ралото, тука се спојуваат другите делови' [ПК,II,34]; ~ *то: шо́-ј спују́ве си́те де́лӑве* (на ралото): *у́шо, па́личник, пла́с и киме́р* [ПД,121]. **3.** 'корен на лозница' [ТГ,29].

глӑжни́к m 'место каде што се спојуваат коските, зглоб' [ДС (Ч)].

глѫ́тни* pf 'внесе храна во стомакот' (преку хранопроводот) *~ еднóту мáлку гу изјáди и, дур да го глѫ́тни, тóј сос сáбјата га распóрна змиáта* [V, PM,23]; *~ туку ти са мóл'а, сéчи му на éлино рогóвите, да гу глѫ́тнам, та сéтни, што сáкаш да ти чúнам* [V,PM, 111].

гмéче* impf 'притиска нешто силно, да се собере на помал простор, евентуално да пушти сок' *~ гмичúх грóјсто, ќи-прáвум вúно* [ПК,П,34].

гнéс adv 'денес' [ВС(Д),74].

гнéска adv 'во текот на овој ден, денес' [ВС(Д),62]; в. **гнес.**

гнéте impf **1.** 'полни, притиска нешто да се смести на помал простор, да влезе' *~ áрно а нагнитé врéјката, áк мóјш дúгн'аа сјáа*; **2.** fig. 'многу јаде' *~ знáјте (вúа) сáмо дă-гнéтте, а зă-рăбóта сă-дрýјсте; ~ гнéте кути прéвол.* Сп. уште (fig.) *нăгнéтно-ј* 'се кажува за дете што е полно со итрини': *~ нагнéтно-ј тóо сирупýче, пăлно-ј ус-мăрфитлѫ́к, алúс стáр* [ПК,П, 34].

гнúди pl 'ларви од вошки' [ДС (Ч)].

гнил* adj 'дрво што се распаднало од влага, црви' *~ ваја веле: "вија дрва са гнили!"* [ТГ,120]; *~ утшу стујáли на вóда изгнијáли, а мóш пă цăрф ге-ј фăтúл;* fig. *~ ојáде нéкаа бóл'ка, куту гнúл ај-тóо чувéк* [ПК(Г)].

гнојча* n, dem. од гној *~ как сăскáпе таа гнóјчта и тосúнкăвúцта пулéка, пулéка сăзéме, сă-зăгýбе* [ПК,П,240].

гнујнúца* f 'бронка со гној, мозолче' *~ цéлто лúце мо-ј гнујнúци* [ПК,П, 34]; (сп. dem. **гнујнúчка**).

гнус (и: **гнѫ́с**) m, f 'нешто нечисто, гнаса, гроза' *~ да си дóе чувéкут на рăчóк, на вичéра. Нé те-ј гнѫ́с* [ИГ,119]; *~ царицата как гу видела, са угносила и му вели на цар'у: "дека гу најде то човек ...? Скоро да ми гу липсаш от тука, ча ми е гнус от негу!"* [V,PM.58].

гнýс'ан adj **1.** 'нечист, гнасен' [ЛС (К)]; во Кукушко: *гнѫ́син ~ ус-гнѫ́сни рѫ́ци нé сă-јáде;* **2.** 'грозен, тој што не е личен' *~ беши купил едно јагне, гу заколи, му зема сал коремот ... кату фес гу кладе на главата му, са чини един гнусин човек* [V,PM.222]; *~ имаши един сиромáх човек и бил млогу акăлиа, ама колку и бил акăлиа, толку и повики беши гнусин* [V,PM,58]; **3.** fig. 'кога зборува непристојни зборови' *~ му са поклонú на мѫ́жо ú, да га прóсти зардú гнýсните лакардúи* [V,PM,16]; *~ пó-гнѫ́сни лáфуве нé сум-чýла.*

гн'áзду n 'живеалиште на птица, направено од тревки и мали гранчиња (има форма на сад)' *~ нáјнас'éтнина вúд'ѫ́ иднó гн'áзду ... и утúди при гн'áздуту* [MS,t,75]; *~ нá едúн бр'áст отгóри úмаши гн'áздо от картáл, úмаши áф гн'áздото мáлка картáлчита* [V,PM,136].

го adv 'кога' *~ сакаше Шабан Гега да иде на Солун, ама го чу, што има аскер на Вардарскио мост, са вăрна* [МС(В), 72].

го pron **1.** 'кратка заменска форма за директен (и за индиректен) објект од тој, тоа, он' односно за изразување посвојност *~ го хвати и го вăрза нозете и рăцете, го извлече от одајата, го тăркал'а от скалите на долу на авлијата*

[MC(B),94]; ~ *напкун му даде бог една голема сила на Сраула, га дигна на Илија-дилија и го зема главата* [MC(B),97]; **2.** 'кратка зам. форма во служба за директен објект од таа, она, наместо **ја**' ~ *и го кладеха главата на дисазите и отидоха на Милоша* [MC (B),97]; ~ *ама как чул, што продават жени на Негуш, кладел субашијата да га купи за него и напкун да го земи* [MC (B),70]; паралелната употреба на *го* и *га* за ист предмет (во последнава реченица) укажува дека во говорот на с, Ватилак среќаваме мешање на формите за род, додека во претходниот пример: *га дигна на Илија-дилија и го зема главата* освен тоа имаме нерегуларност во изразувањето на падежните односи; за ова в. пошироко во граматичкиот дел.

говори (и: **говоре**) impf 'искажува нешто, зборува' ~ *на мајка му вели и говори: "мале, мила мале, от менка сака цар'ут от филдиш кокали"* [V,PM,42]; ~ *Стójко му-вéле, гóворе: / пáшо ле, пáшо éфенди / лéсно се вéло не дúга / на нивéста лúце да вúдиш* [ПК,II,236]; сп. ја стилската специфичност: присуство на истозначни глаголи (**вели** и **говори**); ~ *кога на мракот кинисахме, на пăтот адúн вéле. вéле ем гувóре* [ПК(М)].

гóе (и: **гóе**) **сă** impf 'се поправа, добива во тежина' ~ *брýнки, нă-млájте ка излéвăт вúкăме оти сă-гóе, сă-гóе* [ПК,II,240].

годú (са) pf 'се сврши, даде збор дека ќе се венча' ~ *и тáм, на-нозú сéло, úмаш'а аднá мóма млóго гúздава. И б'éше гóтова момáта да-са годú заеднó мóмче* [BC(Д), 80].

гóзба f 'славење со богато јадење, пиење' (свечен ручек или вечера) ~ *му прáви идúн брáк американскију цáр' и н'éк тăмпан'ạ, киман'áнта, гóзби* [MS,t,30]; ~ *таму му носеха сичку за гостени, и млозина имаши, хизмет што чинаха на гозбата* [V,PM,36]; и **гозбă** ~ *пунéкогаш áрмăсот си прáј, шо си вéли, мáл áрмăс и нé му нóси сăте рабóти, туку тóгај си дáвăт сáмо лáф, малéчка гóзбă* [УЕ,5].

гóл adj **1.** 'човечко суштество без облека' ~ *идúн д'éн' зл'áзи цáр'ут на ш'éдба, скопóту бúш'и н'éтр'ạ у мур'éту гóл ('бис руби')* [MS,t,78]; ~ *ти ги з'éвам кóн'у и рýбит'ạ и т'ạ пýш'там гóл, да си пóш'* ; *пóц-си сă здрáви* [MS,t,41]; **2.** 'кога добитокот што се јава (коњ или магаре) е без самар' ~ *тăрчаха на помуш кое с дăрво, кое как са најде... бегот гол хатот го вјана* [MC (B),74]; ~ *кýп'ạх идúн ч'éрна кóн' за усимнáјси ж'лăти фрáнги и тóј гóл бис самáр'* [MS,t,2]; **3.** 'сам (без придружба)' ~ *бéа устанáли гóли жéни, шо ќи рабóтат жéните?... не сă врéдни ни дăрва да бéрат, ни мóжат да óрат* [KE,288]. Сп. *гóло вúно* (= вино што веднаш се одделува од остатоците од грозјето); **4.** 'чист, без примеси' ~ *имало ăдни много убави сарајă, от голо злато изградăни* [V,PM, 290]; **5.** 'непошумен простор' ~ *гол баúр* 'непошумен рид' [ДС(Ч)]; сп. *гóла глáва* 'оној што нема коса' [ДС(Ч)]; (*ќел'аф* е оној што има рани); **6.** изр.: **гóл пиштóл** (= многу беден, без ништо) ~ *мóјта нýка тăкá сă-мăжú сă-адúн*

гóл пиштóл, сúн ми цéл живóт ги рáне, ги-тăгăрéсуве [ПК,II,157]; со исто значење: **гóла голишáнка** ~ *бéши млóгу сиромáх; ама тóлку сиромáх, којто нéмаши л'ап да јади: тајфáта му бéши гóла голишáнка* [V,PM,13].

гóлабóс adj (indecl.) 'тој што останал без ништо – гол и бос' [MS,s,32].

голáк m 'вид јадење со спанаќ' [BC(Д),69].

големец m 'прв човек, високо поставен' ~ *царот се почудил на тоа отгувор и рекол: "ти си најумниот уф моето царство, и тебе ќи ти чинум прв големец"; ~ кога дошел денут да заколе момата каминут, царут сос сичките големци излезел вонка от градут* [ШК, V,423].

големúн m 'месец јануари' ~ *такá му-вúкме нă-јануáри, зăтóо мéсиц трибýве кóла дăрва, кóла брáшно, он éј нáј-длăк мéсиц, и нáј-зúма-ј тóги. Нéкоо врéме л'ýјто си-ј-гурéли кóл'те, за-тóо о-вúкат и* **гурúкóла**. Сп. уште: **гулéмут мéсиц** 'јануари' [CK,322].

големцú(ј)а m 'тој што се прави важен' (со исто значење: *кабадалúа*) [ДС(Ч)].

гóлемцúјка f 'жена што ги игнорира другите, што се прави важна' [ДС(Ч)].

гóлин adj 'без облека, гол' ~ *ка слушá шо и Дáскалот си убличé (óти бúло гóлин)* [MV,K, 335].

голичко adj, dem. n од **гол** 'кога се крштева мало дете тоа е голо – *голичко*' ~ *јас голичко гу држах, јас ки гу и венчум* (= јас ќе го венчам, бидејќи јас и го крстив – кога беше гол) [ТГ,276].

голишáн* adj 'сиромав, гол' (во илустративниот пример што следува има повторување на придавката *гол* – со подруг зборообразувачки формант – *голишан*, за засилувачки ефект) ~ *ама бéши млóгу сиромáх, ама тóлку сиромáх... тајфáта му бéши гóла голишáнка* [V,PM,13].

голоташ* m, рej. 'оној што нема ништо, голтар' ~ *манајте се ут тука голоташе* [V,PM,270].

голотија f 'голема сиромаштија, кога луѓето нема што да облечат' – се верува дека не треба да се прескокнува кросното зашто тоа "ќе донесе сиромаштија и *голотија*" [ТГ,364].

Голăк m, top. 'име на планина во југоисточната регија' ~ *ут-Пăтăрóс ду Гóлăк óдум, и тúă, кá ки-му зăслăбéе на-чувéк свéсто, тúă, гăрчките уфицéре, шо мă-кáра нă-ýчăне, сé сă-прăд мéне, сé сă прăд мéне* [ПД,173]; за истиов топоним ја среќаваме и зборформата **Гóлаш** ~ *дójранските мóми крéхто се смéјат /... крéхто се смéјат и на Гóлаш дýмат; ~ ој ти Гóлаш, Гóлаш, плáнино проклéта / во тéбека Гóлаш трéва до рамéна... / трéва до рамéна, крăфје до колéна* [ПК,II,235].

гол'áм (и: **гул'áм, гулéм**) adj **1.** орр. на 'мал' ~ *"тóс вéч'ер за му тýрними варéна óда!" ... варúха идúн гул'áм казáн' óда* [MS,t,75]; ~ *с'é л'éку му сă гл'éнда идúн тупýс гул'áм кóлку нáш'та кăш'та* [MS,t,52]; **2.** 'пораснат' ~ *бајá момчéто гол'áмо са чинú* [V,PM,145]; **3.** 'силен' ~ *тогáс и тóјнака сос голéм глáс фати да вéли: "море чорбаџúе, да ви кáжа еднá нóва рáбота, што си научúх*

динéска" [V,PM,31]; ~ *ка видé шо си лекувá, си варнá и му слáвиши на Бóга су гулéм глáс* [MV,K,279]; ~ *óјди на инó с'éлу, фтáса на крајó, зúма гу фáти гул'áма на пăнт'ó* [MS, t,15]; **4.** 'одговорен, високо поставен, важен' (fig.) ~ *тó па шо и дóлно, ки ди сă чини гулéм* [MV,K,280]; ~ *нéговата л'ýба от тáму га земá татко ú, га закарá аф дрýга зéмја аф едúн грат, га ужéниа с едúн гол'áм човéк* [V,PM,10]; **5.** 'богат, моќен' ~ *и éту едúн господáр голéм áс еднá карóца сóс чéтри кóни опрéгнанти... дохóждаши* [V,PM,152]; ~ *тој беше голем уфчар – кехај* [MC (B),69]; **6.** 'возрасен, постар' ~ *идúнајут брáт гул'áмајут нáва на пăнт'ут, д'е хóж'даха, инăја гáлица млóгу* [MS,t,78]; ~ *грáмнува цáр'у идúн камш'úк на гул'áмит'ą з'éнт'уфци: "дóл брé ќáрати у кукуш'кáрнику в'ă прил'áга вáм!"* [MS,t,37]; ~ *гул'áмата мóма си удбирá идúн јунáк, фăрлú инá јáблăкă, гу удрú и си гу з'é думá* [MS,t,34]; **7.** 'долг' ~ *нé сăфáшќе ус то:, зúми пó-гулéм стáп* (= не досега овој, земи подолг стап) [ПК(Г)]; *голéм прăс* 'среден (најдолг) прст од раката' ~ *скини от мојата чанба три влакна да ги вăрзиш на големоју ти прăст* [V,PM, 47]; **8.** 'длабок, просторен' ~ *тáм рéкăл ќ-óдум, ама вóда гулéма имáло сјáа тук прăд них* [ПК,II,264]; **9.** 'густа прашина, многу ситни честички една до друга' ~ *направил си адин остăр кăрлиг па га закачил на мајка му сос кăрлиго за носо и сос голем дим и прах га влечел на гробишчето* [ШГ,V,419].

гóни (и: **гóне**) impf **1.** 'брка, пади некого од некаде' ~ *дóл кавáзину ја гóни ут пóртата: "б'áгај уттýк скăрн'у!"* [MS, t,24]; ~ *тóј ја гóни: "мáн' ми сă утýк! т'éс м'ą настúсаха да с'ă тóј за м'ą прóкóпса!"* [MS,t,37]; **2.** 'прогонува' ~ *сă убăрнува на дрýгију: "ти ш'тó úш'тиш' ут тóс ч'ув'ăк да гу гóниш'?!"* [MS,t,57]; **3.** 'извршува' ~ *дéтето фатú вéки рáботата да га гóни мóшни саалáм, јáко... пéрвиат писáр сáкаши да нáјди врéме да гу утрýи* [V,PM,153].

гóниш'т'éм adv 'бркајќи' ~ *исл'áзухми барабáр ут вăнк у перивóл'у, гóнúш'т'éм за да гу фáт'ą фл'áзухни н'éтр'ą у гурáта* [MS,t,45].

Гонца f 'женско лично име во гевгелиско-кукушко-дојранската регија' [ТГ,115].

гóн'ц'а f 'детелина'; сп. **ґунц'é** [MS,s,32].

гонце n 'пупка од трендафил, само малку расцветана' ~ *гу кладе на бахчата му да чува таму един триндафил, да гу гледа, само по едно гонце да му докарува на царју ката заран* [V,PM,105].

гóр adv 'на повисоко место', opp. на 'долу' ~ *óде пá бáпта, викнýве нą-бунáро: "ох". Арáпино гу-искáре дéтто гóр* [ПК,II, 268]; ~ *вúą ќи-с-кáчте гóр, ќи-тéрте, уф-нéą úма адúн злáтин пăрстин, ќо:-зúмте* [ПК, II,264].

гора f **1.** 'високо место, планина' ~ *рáно сланáта пóпадна / прет сáми дéн Илиндéн / па ми пóпари, пóпари / сé пополéто трéвата / и по-горáта шýмата* [ПК,II,236]; **2.** 'место обраснато со дрвја, шума' ~ *му дóјди риндóт на хúтра Пé-*

три да пój зă дрăвá у гурáта [MS,t,75]; ~ *сил'áне сăто киристе́* (= дрвена граѓа) *удгóрта гу-извличéа* [ПК,II,34]: ~ *да ја носе јуф гора зилена / тамо они век да си викуват* [ТГ,51]; **3.** изр.: **гóрта а-фати́** (се кажува за човек што ја напуштил средината, се изгубил без трага, најчесто поради конфликти) [ПК,II, 157].

гóр'ạ (и: **гóре, гóри**) adv **1.**'на повисоко место, орр. на долу' ~ *с'éтн'ạ сă врăза и тój, гу сúгнаха гóр'ạ* [MS,t,86]; ~ *гóре, нăврăс бинáта – два диминúка. Дóлу – гувéата* [ИГ, 118]; ~ *прогледнá на гори кадé дăрвоту и, когá видé хáрно, дăрвоту е бúло ... пăлно сос драгоцени и млогу скăпи кáмини* [V,PM.7]; **2.** 'високо поставена, горна просторија, на вториот спрат од куќа' ~ *"д'éј мумáта?" – пúта, "гóр'ạ спú сăс з'éнт'у"* [MS,t,17]; ~ *утúди гóр'ạ ж'инáта, му пустилá идúн јатáк за да си л'éгни. Исл'áзи дóл: "áку ви сă спú гóтуву ји гóр'ạ пустилáну!"* [MS,t,37]; **3.** 'во правец кон повисоко место, кон планина' ~ *гóре Штéмница, Рáмна бúă кумшúи, Алéксуво, ус-тúă грăнúчăхме* [ПК,II,222]; **4.** 'згора' ~ *нáпкум ки дáдăт áдно шúше пăлно су блáга ракúја, а на зáткăта гóре ки му вăрsат мáлце кúтки* [УЕ,24]; ~ *нé гу клáват пут сфетúлуту, туку гу закачýат гóри на сфетúлуту, да си сфéти* [MV,K, 312].

гóре adv 'повеќе' ~ *та: цéна, ни динáр здóлу, ни динáр гóре* [ПД,144]; сп. **от гори** 'потоа' ~ *дојдоха млогу чели и фатиха, на три саата от гори гу удбераха башка пикмезу* [V, PM,97].

гóре-дóлу adv 'приближно' ~ *чукáјнто на бáндите или тăрпáјнта трáј гóре-дóлу ду-сабáјлинто* [УЕ,8]; и **гóр-дóлу** 'речиси' ~ *и сидéме тáм двăнáјс гудúни гóр-дóлу* [ПК,II,222].

горешт(т)* adj 'загреан, врук' ~ *и кога отиде ламјата, ги виде нетри на горештата фурна са замрăзнали и тераха вогин* [V, PM,46]; ~ *а кату подкачил ошче да налива главата на мајка му сос горештата вода, сирачката издăхнала и се озăбила* [ШК,V,419].

гори (и: **гóре, гурú**)* impf **1.** 'нешто е опфатено со реакција на горење, со пламен, топлина и сл.' ~ *пу-нáс нéмше да-пýкат, ама пóл'то гóрише гáре* [ПК,II,251]; ~ *и ошти речта не доречи, падна вогин от небету и са запали чиницата, фати да гори* [V,PM,86]; **2.** 'осветлува' ~ *кога гледе млади Стујан / јуф кулиби огин горе / огин горе слăнце греје* [ТГ, 203]; **3.** 'загрева нешто ставајќи го на оган' ~ *на ти товá пéро, да гу гóриш на вóгино, да ти дóјди едúн хáрин кон* [V,PM,142]; ~ *нạвáл'ăве ạдин óѓин нạ крáјта нạ нúăвта, а клáве глáвта дạ гóре; – и пá óре вóа* [ИГ,110]; **4.** 'загрева фурна и сл.' ~ *ету една фурна (ги) га гор'а три дни, та ки влезити нетри и, аку можити да тарпити, ке да ви га дам момата* [V,PM,46]; сп. ~ *сóбата гурú* [MS,s,34]; (*соба* зн. 'печка', па според тоа горната синтагма = печката гори, односно оганот во печката гори); **5.** 'слабо светкање со мал пламен (од кандило, свеќа, ламба) за да се гл-

еда' ~ *удо́л на курин'о́ има́ш'и кла́дину ина́ сф'а̄ш' да гури́* [MS,t,55]; ~ *то́ги ла́мбѧта не́ го́рше;* **6.** 'благо воспаление на кожата' ~ *убра́ѩсто ми го́рѧт* (пр. од ветар) [ПК(Г)]; **7.** 'чувство на голема возбуда' ~ *гори, лудо, гори, тупарва ки гориш / кога ки ме видиш бела ем црвена* [ТГ,199]; **8.** 'прави некој да страда' ~ *ве́ли на хајду́тинот: "е бра́тку, се́га да ти пи́там, ду́р кога́ са́кахти да го́рити сирома́шки ду́ша"* [V,PM,21].

горика adv 'на повисоко место, горе' ~ *хич некој не можа да гу види; праве отиде горика, флезе таму, дека се́д'аши цар'увата керка* [V,PM,34].

го́рин* adj **1.** орр. на 'долен' (= поставен на високо, горе) ~ *ни́ā му-ви́кāме кāјма́к нā-ки́слуто мле́ко ко́га ки-ски́сне, го́рнио де́л, то́:-ј не́гуфто ма́сло* [ПД.156]; ~ *да гу на́јда уж'е́н'ѧнту сāс мума́та и да гу клад'е́ти на го́рнију ка́т, та́м да с'ѧду́* [MS,t,17]; **2.** 'висок' ~ *хо́диш'и, хо́диш'и, ч'итири́јси ска́ли ути́ва е́н на го́рнију пала́т'* [MS,t,53]; **3.** 'богат, високо поставен во општествената хиерархија' ~ *шо ки-до́: го́рин чуве́к, се́ уф-на́с би́ше* [ПК,II,319]; **4.** 'лош' ~ *и му каза́ си́чко, ка́к што́ трāгна́л аф гими́ата сос го́рнии душма́нин* [V,PM,25]. Сп. изр. ~ *си-кѧжа́а и го́рно и до́лно* (= се изнавредија) [ПК(Г)].

го́ричка f, dem. од 'гора' (= планинка) ~ *удде́ли на е́дна го́ричка и гу-зāпāли́ли то: тиме́но* [ПД,162].

Горгово Мохче n, top. 'место близу Арѧнскиот Ѓол, на патот по кој се движеле карваните меѓу Солун и Гевгелија (Стојаково)' [ТГ,423].

Горгоп m, top. 'име на село јужно од Гевгелија накај Гуменца' (во егејскиот дел) [ТГ,405].

Горна мала f, top., орр. на *долна* – многу чест назив за регија (*маало,* овде во ж. род – **мала**) во населените места во Долновардарско (веројатно и пошироко) ~ *арисах си мома, мале / јуд та Горна мала* [ТГ, 198].

горна земја f 'просторот на кој живеат луѓето и сите живи суштества'; орр. на *долна земја* (= пекол) ~ *сакам да ми извадиш на бела горна земја* [V, PM,136].

горни кāт m **1.** 'подигнат дел од заедничката просторија за живеење каде што се поставува *трпезата* за јадење, кога е празник; пр. на *бāдни вечер* откако ќе го "повикаат дедо Божиќ" на вечера, домаќинката ќе ја постави *софрата (трпезата)* на *горни кāт*, ќе стави: леб, овошје, *маѩун* (= редок ѩем од дудинки), *туршија* (= грозје што се чува во солена вода), малку *камбус* (= зелени патлиџани и сл.) [ТГ, 82]; **2.** 'место со подигнат патос, близу до огништето, таму спие домаќинот со семејството' [ТГ,83,286].

го́рнио m 'семоќниот, бог' ~ *го́рнио да му пла́те* (клетва = бог да му врати за лошото што го направи) [V,PM,25]; ~ *уд-го́рнио дā-на́јде* (со исто значење) [ПК(Г)].

го́рница f, bot. 'дива круша, дава ситни плодови што зреат во длабока есен – оскоруша' [СК,321]; ~ *те́рāт нā-та́м, те́рāт нā-ва́м, не́ма-гу сāјби́та. Гле́ѧт едни́ кāкāра́ски кре́-*

чăт тáм нă-нéко: гóрница. "Нáшо: сăјбúа ќ-éј-тáм?", сивéл'ат [ПК,II,229]; [ПК,II,4].

горничка f, bot., dem. од **гóрница** 'дива крушка' – дава многу ситни плодови и затоа (како симбол на родност), во Гевгелиско, денот пред Божиќ, рано наутро одат в планина да отсечат дрво *горничка* за *бăдник*, зашто таа дава најмногу плодови (со називот *бăдник* се означува не само празничната ноќ пред Божиќ, туку и дебелото дрво што се запалува ноќта пред Божиќ и се остава да гори цела ноќ) [ТГ, 82]; сп. и: **гóрнички** ~ *дúви крýши, ти: шо зăлéгăт, éсăнта шо здрăјýвăт* [ПД,124].

грло n (или: **лошо грло**) 'сериозна болест на грлото (не се крајници), се вика и *дифтерија'* [ТГ,230].

горопал* adj 'сосем гол' ~ *порăчала хи, кога уторат сăндăците, да с'а сăблекат голи горопали сă мајкă си* [V,PM,286].

гороцвéтка f, bot. Adonis vernalis 'планинско цвеќе, гороцвет' [ПК,II,34].

гóрска јáрбица f, zool. 'вид птица, еребица' (Perdix perdix) ; има два вида: *гóрскăта е шăрéна, а пóлскăта сúва* [ПД,126]; сп. Саќов: **гóрцка éрбица** 'планинска птица, слична на еребица' [СК,321].

гóрце adv opp. на 'долу' (поставено на високо) ~ *кáч-сă пó-нă гóрце, д-úма мéсто и зă-мéн* [ПК,II,34].

гóс || **гост** m **1.** 'човек што дошол кај познати (или непознати – поретко) луѓе, на извесно време' ~ *на новјут гост Госпуд нова нафака да му даде!* (благослов, пожелување)[ТГ,184]; ~ *е, рăчéл, тó: чувéк кинисáл гóсте дăбăрке, а дă óде, гóре пут-тó: дăрвуто дă-вúде кóлко пăрú úма* [ПД,153]; ~ *риче на сестра му; "е, сестро, ти гости доидеха много, дали слуга ки ни служиш или свеќа ки ни светиш"* [MC(B),97]; и: **гóстин** ~ *и утúди гóстину да си л'éгни; ж'инáта-му вилú на маци'ó-ји: "тóс тфóју аратлúк млóгу страмлúф, úч' ни јáди"* [MS,t,37]; **2.**. изр.: **гóсте сме нă-вéко (нă дујнáта)** (= животот е многу краток и бргу поминува) ~ *дă-глéјме дă-сипумúнме áрно, шó ќ-ни-устáне дрýго, гóсте сме нă-вéко* [ПК, II,157]; **гóсте бăрке** (зн. 'често оди на гости').

госка f 'жена (девојка) што дошла во посета кај познати' ~ *на Костадинова мајка вели: "варај мајко, миличка бабо, дали ми сакаш тоа вечер на тебе госка да бида?"* [V,PM, 286].

господар* m **1.** 'богат човек, тој е господар на луѓето што работат на неговиот имот, односно што му се потчинети' ~ *му рекоа: "господар наш! Тој јунак, што са чини на тебика хизмиќар, да знаеш, ча теби ке да ти погуби"* [V,PM,73]; ~ *господáрот вúде от далéку нéговите гимúи, ги познá ... му вéли на граматúко му: "ој граматúк мој, úзл'аз да вúдиш, мóите гимúи дохóждат!"* [V,PM.172]; **2.** 'при обраќање кон човек што има можности (материјални)' ~ *видé тáму онúа, што бéха пúсани, човéциту, ги викнá, им вели: "господáри мой, вúа, што длагóвати на мóј госпондáр ету тóлку грóша"* [V,PM,20]; ~ *сиромáхот му вéли на трагóвец-*

ат: "ај гиди трагóвец, господáр мој" – му казýва брáтувата му кăшта [V,PM,13];

3. 'обраќање со почит кон непознат човек (наместо господин)' ~ *чорбаџи́ата ... конáк чини́ на чобáнските кăшти, гу ви́де момчéто да е млóгу прокопсáну, ги пита на чобáните...: "господáри, вáшо и товá д'áте?"* [V,PM,146].

господáр'ув* adj 'она што му припаѓа на господарот' ~ *земá дисáкот сос парите му, и сос тефтéрот отúди на господáр'увата му кăшта* [V,PM, 24]; ~ *излезú сиромáхот от злáтената гимúа и отúде прáве на господáровата кăшата* [V,PM,14].

господарка f 'жена на богат домаќин, односно жена што има богатство – во однос на оние што работат дома кај неа или на нејзиниот имот' ~ *им рече на падариту: "закăлнети са за вашата господарка, аку ништу не ке да му чини на наш'ут господар, така ки ви оставам!"* [V,PM,45]; ~ *жифарџи́овата жéна, нéговáта господáрка, стáна отúде ду нéгу* [V,PM,27].

господин* m 'непознат (или малку познат) човек' – често се користи како форма за учтиво обраќање ~ *отúде едúн човéк до нéгу и му велú ...: "от дéка си господúне, и по штó рáбота си дошéл тýка?"'* [V, PM,8]; ~ *му вели на сиромахут: "ти са мол'а, господине, питај на брата ти, да не чини он некој ахмаклăк, та зема нешту?"'* [V,PM,39].

господúнуф* adj 'божји, господов' ~ *пóкулáјно да помúни фóртомата уф-úглата, нúбиле зингúн'от на Господúнова царштúна* [MV,K,269]; ~ *éту господúнова измикáрка азăр сам, нéка ми са чинú катý тфóјто лáф* [MV,K,316].

господински adj 'божји' ~ *и тој така послуша на жена му Еву и пристапна господинската порака* [V,PM.66]; ~ *имáши едúн млóго богат човéк; сáмо едúн син имáл, и нéгу гу и дáл на скол'ýто, да са учи книга и господински пăт* [V,PM. 108]. За последниов пример во Зборникот на Верковиќ (с. 533) среќаваме погрешно толкување (дадено од Ст. Романски): *господински* = господарски, што во односнава синтагма нема смисла. Потврда за ова е и следниов пример ~ *и така пепел'арув син сос мајчините му молитви и сос господинска помош киниса, отиде на чуздина да работи* [V,PM,48]; да објасниме дека изразот *пристапна господинската порака* зн.: "ја погазил божјата заповед".

господ'уф* adj 'божји' ~ *му вели: "виде, господине, господ'увата помош!"* [V,PM,38].

Гóспут' m 'според религиозното верување: натприродна сила којашто управува со сè на земјата и светот' ~ *тóј му кáзува: "хúч' ниш'тáм ш'тóгуди дрýгу, да м'а устáјити да сă пукáцам гóр'а ... и да сă пумóл'а на Гóспут' "* [MS,t,23]; ~ *ја тăкна вáрката на ж'инáта-му и вилú : áку úмаш' прáу, на прáу да т'а звáди Гóспут'* [MS,t,68]; ~ *б'éт му сă вúд'а на ч'урбаџ'úјата, ш'ту за ја в'éни арáпч'ату мумáта и си вилú сăс умó: "за гу пýсна арáпч'ату да гу брка Гóспут"* [MS,t,14]. Во употреба е и скратената форма **госпо**: *мувúке гóспо: тú, вúке, слýши, јáс вúке ти најдéх другáр дă-*

живе́јте, но ви́ке ќи-ви-ка́жум адно: ви́ă уф-ра́јо то́о дăрво шо-ј та́м, дă-не́ ја́јте уд-него [ПК,II,237]; сп. пожелувања: **Госпуд да даде воја гудина бириќетут куту вода да тече** (= 'да биде годината родна) [ТГ,24]; **Госпут здраве и кăсмет да даде, уд лошо да на чуве** (= пожелување за добро здравје и среќа како дар од Бога) [ТГ,82]; **гуле́м ај го́спо** 'фраземата ја изразува семоќноста на Бога' ~ *ми-пра́виш ло́шо, ама гуле́м ај го́спо, диме́к ќи-тă-ка́зне, длăга мо-ј-рăкта* [ПК,II,158]; vok. ~ *госпуди Боже и Свита Трујца, никој кăсмет да пувелиш... дечка да си ранум, виргија да плашќум* [ТГ,306].

го́сте (и: **гости**)* (im)pf 'чести, слави со богато јадење (и пиење)' ~ *на св. Атана́с ... уф Стујáкăво го́стаа, пра́ваа курба́н два́јсăт-три́јсăт ку́ќи* [ИГ,118]; ~ *и така ги вăрна и ги прави тешка свадба и ги гости цел месец и напкун ги пушти на града Будима* [МС (В),96].

гостени n (< гостење = гоштавка = прием со богато јадење и пиење) ~ *остана таму, не флезе аф селоту; таму му носеха сичку за гостени, и млозина имаши, хизмет што чинаха на гозбата* [V,PM,36]; и: **госте́јне** ~ *и така́ свăршу́вăт и госте́јнăто кăј ну́нкото.* Има и др. примери со присуство на гл. именки од перфективни глаголи, за ова в. во граматичкиот дел.

готви (и: **го́тве**)* **1.** 'прави јадење (со варење, печење на прехранбени продукти)' ~ *кăрпа́чинот излезе́ от та́мука и оти́де на дома́ му, закара́ ширлага́нот да го́тви жена́та му ри́бата* [V,PM,17]; ~ *ја најде на слăнцето мајка му, дека готвјаши, ја речи* [V,PM,199]; ~ *и га вели: "мари́ же́ну, таја́ ри́ба га зема́х дине́ска за еди́н гро́ш. Го́тви дине́ска от не́а мăра да ида́т ма́лкате"* [V, PM,17]; **2.** 'планира' ~ *големата мома а готвил за гулемјут брат, стредната за стредн'ут, а малечката за него* [V, PM,271]; **3.** 'прави (да биде готова, ѕида)' ~ *таа кăштта ка: гуто́вахме, удде́ме ус-Ми́о, ус-си́н-ми зă-кирми́ди* [ПК,II, 239]; **4.** – **(сă)** 'се спрема, се приготвува' ~ *сă-го́твăхме зăсва́дба* [ПК(Г)].

готвиш m 'готвење (правење јадење)' ~ *ја стори теслим на даскалите армасницата му, да припорăнче да ја науч'ат сичко – от готвиш, от шиини, от врева, – штото от солунчината да биде по-разумитна* [V,PM,36].

го́тоф (и: **гуто́в*** adj **1.** 'направен' ~ *дошле брат'ата му, нашле вичерата готова* [V,PM, 271]; ~ *смăрчо́к-челеби́, ка́ се наја́л от гото́вата го́зба* [ШГ,IV,338]; **2.** 'спремен' ~ *ги з'е́вам хумо́титу, ја з'е́вам кр'ăпката, гу з'е́вам и крусно́ту, суби́рам и масу́р'ą да-сă (дасă* - во текстот*) го́туф* [MS,t,7]; сп. уште: ~ *и при магла́та и́маш'и гро́муве наготве́ни* [ВС(Д),81]; **3.** 'приготвен за тргнување' ~ *нă-вра́тта чу́к, чу́к, ко́лко шо́ фăти́х зăкл'уча́ркăта, то́ă гуто́ф би́л* [ПД,173]; ~ *не́ сум гуто́ва, а́к са́киш че́к ме* [ПК(Г)]; **4.** 'договорен' ~ *и та́м, на-нози́ се́ло, и́маш'а адна́ мо́ма мло́го ги́здава. И б'е́ше го́това мома́-*

та да-са го́ди (за-едно́ мо́мче) [ВС(Д),80]; **5.** 'создаден, оформен' ~ *фл'а́зи ...за да са скри́ј; ж'ина́та-ми би́ш'и дити́н'а и ут стра́ха са удби́; гу загуби́х го́туву ма́лку* [MS,t, 57]; **6.** fig. 'со завршен животен пат' ~ *гуто́ф-еј* (= нема уште многу време да живее) [ПК(Г)].

го̣то̣ја́дник m 'машка пчела што не работи, трут' [ВС(Д),72].

Го́це m 'м. л. име од Кукушко, Гевгелиско' ~ *как да не сме нажале́ни, нажале́ни, расплака́ни /... вче́ра ве́чер чу́до ста́на, Го́це Де́лчов уби́т па́дна* [ПК,II,235]; ~ *на госте да јоде јуф негуф крштеник / јуф негуф крштеник да̣ј̣лан Гоце* [ТГ,176].

гоштава impf 'дочекува гости со многу јадење и пиење' ~ *тој за везми друга мајка и за акалеса гости да гоштава* [V,PM,205].

Гошувчуве pl 'фамилијарно име во Богданци' [ТГ,62].

гра́би (и: **гра́бе**)* impf **1.** 'зема на брзина, грабнува' ~ *гле́диш (са́киш) са́мо дӑ-гра́биш;* **2.** 'зема насилно, краде' ~ *доано идиши ката ден ги грабиши пилц'ата* [V, PM,105]; **3.** 'црпи вода, пр. од извор' ~ *гра́б'ам во́да ут виро́.* Сп. **гра́мнува** [MS,s,32].

грабна́к* m 'долгата коска од грбот на кокошка' ~ *ако је кри́ф грабна́ка на варе́на коко́шка кӑм л'а́во, пока́зва чи и́ма д'аул фаф кӑшти* [ВС(Д),85].

грабне (и: **грабни**)* pf **1.** 'земе нешто одеднаш, со брзи движења на рацете' ~ *фатиха да ми ги требат, и как ги виде сестра ми от селото и ка грабна един ужег, дојде тӑрчаки до там* [МС(В), 76]; ~ *на две*
ца̣нгали гу пристигна ламини-от бӑрзоходеца и кату тихни ветир му грабна капата [V, PM,46]; **2.** 'земе насилно, против волјата на присутните' ~ *ка́ ки-испа́дне ца̣рскӑта мо́ма о́рӑл'то ки сто́т нӑ-кӑшта, ка̣ гра́бнӑт, ка̣ до́нца̣т* [ПД, 154]; ~ *дојде доанот, гу грабна врапчинчету и побегна. Пак тој отиде на ца̣р'ут, му вели: "ца̣р'у, и тојнака гу најде от доано"* [V,PM,209]; **3.** 'со брзи движења се доближи до друга личност (за да се гушнат или за да се тепаат)' ~ *и вел'ајки тија лафа, сӑ грабнеха, сӑ бацаха, сӑ миловиха, сӑ гушнаха* [МС(В),94]; ~ *ка́ са̣-гра̣бна́а це́л де́н, ни то́о па́ди́не, ни то́о* [ПК(Г)]; **4.** изр.: **гӑрбна́ ко́кӑло** (се кажува за некој што се здобил со можности или средства, односно фатил убава работа) [ПК,II,158].

грава́та f 'врска, се носи околу вратот, под јаката на кошулата' [BS,63]; [MS,t,43].

град (и: **грат**) m 'замрзнати дождовни капки кои што паѓаат (од небото) како зрна (само летно време)' ~ *пади́на* (= врне) *гра́т* [ДС(Ч)]; ~ *Утпре́т сне́к вӑрне, утза́ди гра́т вӑрне* – загатка (одговор: кога се стивасува памукот доаѓа напред, а семето паѓа назад ' [ИГ, 122]; ~ *град да те скӑлке* (=... удри, столчи) – клетва [ТГ,320].

граде (и: **граде́**) impf **1.**'прави ограда, заградува' ~ *на друм си седе, градинка граде / ој леле, лелим ца̣нум дивојче* [ТГ, 198]; [MS,s,32];

2. 'зида, прави градба (кула, куќа и сл.)' ~ *хил'ада мастора градет једнă царскă кулă, и днеска колко наградет, јаз вечарта ход'а и јă убăрем* [V,PM,281].

градéн* adj 'со ограда одделен' ~ *бéше грăдéно грăцко сус бугáрцко* [KE,282].

градéш m 'ограда на двор, трло и сл.' ~ *заградино ус-тăрне* [ПК, II,34]; и: **грáдеш'** **1.** 'вид ограда'; **2.** 'воопшто градба' [BC (Д),68]; **3.** **грáдиш** 'материјал (обично дрвен) за градење' [ДК,270].

градúна f 'место засадено со зеленчук, цвеќе и (или) овошни дрвја' [MS,s,32]; ~ *мóма стóје јов градúна / в рăци дăрже јогледáло седефлúа* [ИГ,107]; сп. ~ *уф-градини ал-шибој / Илија и Шинка един бој* (од народна песна) [ТГ,142].

градинка dem. од 'градина' ~ *крај Морава градинка / крај Морава јуф градинка Русимка* [ТГ, 206]; ~ *ка си дујде, Трено, ду градинка / си застана, Трено, са замисли* [ТГ,172]; ~ *на друм си седе, градинка граде / ој леле, лелим ѧнум дивојче* [ТГ,198].

градјáн (и: **граждан**, **граѓанин**) m 'жител на град, граѓанин' ~ *ка слушá Х... цáрот си путрисé, и сúти градјáни су нéгу* [MV,K,305]; ~ *царјут, кату чул оти иде, излезел вонка од градут, да га пречеке сус сичките гулемци и безброј граждане* [ШГ,V,424]; ~ *напкун ка ги пуштиха писмата солунските граѓани сă качиха на солунската тумба* [KC(B),97]; ~ *напкун испаднали солунските граѓани на Бехчинар и се чудат што да го чинат* [MC(B), 97].

грáдо n 'направа за покажување на телесната температура (кај болните) – термометар' [CK, 321].

Градушка f, top. 'име на место во Гевгелиско' [ТГ,444]. Сп. *градушка* // *град* 'капки дожд, замрзнати (во облаците) и како зрна паѓаат на земјата'.

грáјница f **1.** 'тесен долг простор, појас што одделува две држави' ~ *нúă óјме зă-Гăрција, мúслиме óти пáк е тýрцко, ќи-нéма грáјница* [ПК,II,220]; **2.** 'замислена линија што го дели реонот меѓу две села' ~ *Гáлик минáвише прăз-нáшто пóле, óјше Алéксуво, óн бúше грáница* [ПК,II,216]. Случај на безпредлошка употреба на додатокот за место *(óјше Алéксуво);* **3.** fig. 'критична точка од каде не може да се оди натаму' ~ *биз мéра пúјше, нéмше грáница, зăтó и с-јумрé* [ПК (Г)].

грáмат* m 'буква' ~ *м'ą науч'ú п'éт', ш'éс грáмати да знáм кóлку за да ж'ивóвам* [MS, t,87].

граматúк m 'писар, секретар' ~ *отúде на магазúите, му вéли на граматúко му: "óј граматúк мóј, úзл'аз да вúдиш, мóите гимúи"* [V,PM,14]; ~ *утúди ж'инáта у иднó с'éлу да брăка рáбута; ја з'é идúн кихајá (ч'éлингáта) за графéа, за граматúк* [MS,t,68]; ~ *му рекóха на граматúкот: "ба, господúне, не требýваши тúнака да дойдиш на нáс, нúа сáкахми да дóјдими"* [V,PM,20].

грáмнува (и: **грабнýа**) impf **1.** 'зема (фаќа) нешто на брзина' ~ *грáмнува цáр'у идúн камш'úк на гул'áмит'ą з'éнт'уфци: "дóл брé ќáрати у кукуш'кáрнику в'ă прил'áга вáм!"* [MS,t,37]; **2.**

'насилно зема, краде' ~ *и вă-лкут грабну́а о́фцити, и раздилу́ва сăти о́фцити* [MV,K, 311]; **3.** 'се налутува, почнува да тепа' ~ *напо́сл'ат има́ш'и ина́ ж'е́на дити́н'а, ут стра́ха сă удби́ва и т'а́; каздисува ман'-ц'о́-и, гу гра́мнува и то́ј* [MS,t,56]; **4.** 'започнува' ~ *гра́мнувам да б'ăгам* (= почнувам да бегам, трчам); ~ *гу гра́мнува да гу го́ни* (= почнува да го гони) [MS,s,12]; **5.** – **(сă)** 'се упатува' (fig.) ~ *фа́ти да купа́ј аху́р'у, гу ску́мнува вуди́луту и сă гра́мнува, ути́ва и ко́н'у* [MS,t,61]; в. **грабне**.

гра́н m 'вејка, гранка' [ВС(Д),72]; ~ *нă-бу́упта и́-туру́ваа ут-цăрни́чка гра́нуве дă-зави́е* [ПК, II,34]; в. **гра́нка**.

граци́че* impf 'допира регионално' ~ *го́ре Ште́мница, Ра́мна, би́ă кумши́и, Але́ксуво, ус-ти́ă грăни́чахме* [ПК,II,216].

гра́нка f, bot. 'страничен израсток, вејка од дрво' [СК,321]; [ИГ, 124]; ~ *дујду́ве ду тăра́к – ти́ă сă нăре́дăни пра́чки кој-шо зăдăржувăт дă-не́ фле́зе уф-бу́кăта ѓу́бре, гра́нки* [ПД, 171]; ~ *ка се вије, ка се крше / куту гранка миндалова* [ТГ, 177]; ~ *чим пура́сне гуле́ма гă-нăре́дăт нă-гуле́ми о́дăре и гă-ра́нăт гуле́ми гра́нки* (станува збор за свилена буба) [ПК, II,215]; в. **гра́н**.

гра́нкичка* f, dem. од гранка ~ *по́чнăт дă-пура́снăт, ќи-м-да́виш ли́ста, гра́нкички, ли́ста мăле́нки, лăста́ре ут цăрни́чки* (станува збор за одгледување на свилената буба) [ПК,II,216].

гра́ор m, bot. Lathurus 'зрнесто растение, го има во житата, дава ситни зрнца' [ДС(Ч)].

грапа f 'гроздова ракија' – за разлика од *аласонлијата* (во која се додава *аласон* за да добие ракијата вкус на *мастика*), ракијата *грапа* е чиста, без додавки [ТГ,355].

грасни́ца f 'грст, шепа' [ВС(Д), 67].

гра́т (и: **гра́д**) m **1.**'урбана населба со развиено занаетчиство, трговија, администрација и индустрија (во поново време)' ~ *не́ мо́жи да си скри́и гра́дут шо и узго́ри уф пла́нина* [MV, K,310]; ~ *фле́ве уф ади́н гра́т, уста́ăве ко́јнут ... уф а́нут, испа́жќе уф гра́дут, фле́ве уф ади́н дуќа́н (бирбе́рин) да сă бри́че* [ИГ,113]; **2.** 'граѓанство, жители на одреден град' ~ *са причу́ на си́чкиот гра́т ве́ки, ча е дошéл тако́с еди́н трагóвец* [V,PM,15]; **3.** изр. **гра́т гра́де зă-не́го** (= многу високо го цени, се жртвува за него) [ПК,II,157].

гратн'а́лник m 'горниот дел на дишните органи, грклан'; сп. **гра́цман** [MS,t,43].

гра́тче n, dem. **град** ~ *ас о-гле́дум Ку́куш, де́ка-ј, ама па́ пи́тум, уш не́ знам, де. "А, то́ă гра́тче-ј Ку́куш. Изго́рăно, са́мо пипили́ште-ј, не́ма гра́т, не́ма ни́што* [ПД,172].

графе́а m 'писар' ~ *ути́ди ж'ина́та у идно́ с'е́лу да брăка ра́бута; ја з'е́ иди́н кихаја́ (ч'е́лингáта) за графе́а, за грамати́к* [MS,t,68].

грацма́н m **1.** 'грклан'; **2.** 'адамово јаболко'; сп. **гратн'а́лник** [MS,s,32].

гра́чи impf 'кога страчка односно гавран пушта глас' ~ *гарага́шка а́ко гра́чи, ско́ро го́сти ста до́јдăт* [ВС(Д),85]; ~ *га́врани ако гра́чат, смăрт ста и́ма фаф село́то* [ВС (Д),83] – примери за народни верувања.

гр'ăj* (и: **грée**) impf **1.** 'испушта светлост, свети небесно тело (сонце, месечина) ' ~ *у вáши дóри двé слăнцá грéјăт* [ВС(Д), 84]; ~ *свéтеш'а конáка катуслăнце, когá грée от-н'áкаде фаф-нéгу* [ВС(Д),80]; ~ *кога гледе млади Стујан / јуф кулиби огин горе / огин горе слăнце греје* [ТГ,203]; ~ *гр'ăj слăнциту* [MS,s,32]; **2.** – **(сă)** 'се затоплува од температурата на оган, сонце и сл.' ~ *јас за пóја тáм на стр'ăш'та úма идúн вóгни да в'éна инá глáвн'а да за дóјда да стăкними вóгни да сă гр'ăјми* [MS,t,23].

гр'ăх (и: **грех**) m 'направен чин неприфатлив за религијата, но и јавниот морал' ~ *Гóспот' бúш'и тóс, гр'ăх стóрихми, ш'ту дóхми тýк* [MS,t,23]; ~ *и пнивмáтику сă ч'ýди, ш'тó канóн да му дад'é, н'éгувúт'ą гр'ăхуви бис кандáр' бúха* [MS, t,43]; ~ *кóј ут вáс нéма грéх, тóа нéка фăрли кáмин нáпри нąврăс нéа* [MV,K,316]; **2.** 'жал' ~ *грéх мé-ј, гúби ќи-вúјш тú дéк сă-нáјше* (= жал ми е, инаку ќе ти покажев јас тебе) [ПК,II,34]; **3.**изр.: **грéо нé си дáве** (зн. 'многу е скржав, *бéги ут-тąквú'* [ПК, II,157]; **ти да ми úмаш гр'ąхó** (= ти си виновен за мојата мака) [MS,s,32]; со слично значење **грéо ти на дýша** ~ *мéн нéм дă мă-бăрќте уф-тáа răспрăвúа, áс нé бих ус-вáска, грéо ви нă-дýша áк сáкте ус мéн дă-с-испéрте* (= вие ќе имате грев ако вината ми ја префрлате мене) [ПК,II,157].

гр'ąхóва (сă) impf 'прави греови, станува грешен' ~ *и такá утúди Ифтúму у гурáта с'éтн'ą да ни гл'éда хúч' л'ýди за да сă ни гр'ąхóва* [MS,t,44].

гр'ąхувúт adj 'тој што сторил греови, грешен' ~ *сфитú Ифтúм'ус б'ăш'и млóгу гр'ąхувúт, утúди на пнивматúку, да сă кш'имулугúса* [MS,t, 43].

гр'éбин'* (|| **грéбęн'** || **грéбен**) m **1.** 'направа што се користи при ткаењето со разбој' ~ *с'ă úш'тими да гу уд'ăними плáтнуту, з'éвами нúтиту и грúбин'ó* [MS,t,7]; **2.** 'израсток на главата на петел, во форма на гребен (= кикиришка)' [ВС (Д),72]; ~ *гр'éбин' на пинт'éлут* || **калпáк** [MS,s,33]; (и: **креска**) [ДС(Ч)]; **3.** 'направа за лична хигиена, за чешлање на косата' ~ *ми сăскăршú грéбинут* [ПК(М)].

грéбине pl.tt. 'домашна направа (со многу заби) за влачење волна' ~ *зимáли адúн брúч, еднó јáјце и грéбине* [ПК,II,227]; сп. **гр'éбинци**.

гр'éбинци pl.tt. 'примитивна направа со запци за влачење волна' ~ *чувéк шó влáче вăлна (бубáјќ) ус-грéбинци или пак уфвлăчáрница* [ПК,II,31]; и: **дарáк** [MS,t,43] [СК,321]; сп. **грéбине**.

грéде (си) impf 'доаѓа, се враќа' ~ *ину дăулцúа су-тó дáулут дýмбăл шу-дýмбăл тáму, кăсфăршăл, си-грéде* [ДК,142[; ~ *áко мóже дă-зéва и ón рисјáнцка вéра и дă-мóже дă-си-óде нă-гóсти, и дă-му грéдăт гóсти;...* ~ *уд-нóгу вóда шу-гридéла... зăфăтúле дă-прáвăт кýјќи нăкăј плăнúнăта* [ДК,153].

грéздąф* **1.** adj 'тој што има болно грло и зборува со тешкотии, засипнат' ~ *з-éјн Вилúдăн пóпо сă-пугришúл, правú тáм слýжбăта, ама грéздăф* [ПК,

II,242]; ~ *чувéк мóш дă-зăгрăздавéе ут-пéјне и ут-стýт... гăрлуто мó-ј грéздăво* [ПК,II, 35]; **2.** adv ~ *то: уд-нóго пéјне, уд-настúнка грéздăво гувóре* [ПК,II,242].

грејн adj 'беден, жален, слаб' ~ *ох, а ми нија, достум Стано мори / куту грејни пилци* [ТГ, 338]; ~ *твојте деца грејни пилци / грејни пилци бис сидело* [ТГ,264]; ~ *Ванѓелина атрпијка, атр не скршуве / си извика она, грејна, една лепа песна* [ТГ,40]; сп. **грéхин'** 'несреќен' ~ *грéхин' Вáно – му умрéла жéнта* [СК,321]; ~ *грéхн'оо, си-уддé уд-вéкут* (= сиромавиот, си умре) [ПК,II,35].

грéјно adv 'жалосно, тажно (гледа)' [ТГ,33]; [ИГ,124]; ~ *тиă шó сă вăрнáа уд вујнáта грéјно бише дă-ј глéдиш* [ПК(Г)].

гр'éнд'ă (и: **греда**) f **1.** 'големо, дебело дрво, долго повеќе метри, се употребува (вградува) во дрвената конструкција на куќите' ~ *т'éс Ифтúм'увúт'ă глáвн'ă стáнаха млóгу рáвни дрăвé, стáнаха диб'éли, с'é за гр'éнди* [MS,t,44]; ~ *"јáз за сă уб'ăса! дукар'ăти инá хóртума гóр'ă!"... ја фăрл'а на гриндáта, ја врăзува* [MS,t,30]; **2.** 'округло дрво, дел од разбојот' [MS,s,33].

грендú pl.tt. 'предниот дел на телото, меѓу главата и стомакот – гради' ~ *момáта úмаши месичúна на чéлото и звјáздите на грендú* [V, PM,141]; и: **гр'éнд'ă, грăнди** (чл. *грăндúт'ă*); **грди** ~ *да са чинат сусамито | дур ду грди, дур ду грди* (во гевгелискиот говор вокалното *р̥* има двофонемска вредност: *ă+р*, односно *р+ă*, но бидејќи се работи за ексцерпција од етнографски труд, во кој записите не се фонетски, се јавува формата **грди**; сп. **ѓус** [MS,s,33].

грéф m 'истовремено (договорено) прекинување работа на група работници со цел за промени на нивниот статус – штрајк' (?) [СК,321].

греховúтин* adj 'грешен, со греови' ~ *мóјти прикáзни тýка на вá рóда бирбатлúа и греховúтна* [MV,K,280]; сп. **грéшин**.

грéши (и: **грéше**) impf **1.**'прави нешто погрешно, како што не треба да биде' ~ *и уд мене нек ти е прустено... ако си ми гришил* [ТГ,285]; ~ *на сиромаут му тикнало, рекăл: "е Господи! Грешиме! Ваа нива е на малечкото дете"* [V,PM, 267]; **2.** 'погрешно оценува нешто'~ *јаз го гриших тој, што трăгна ножот; бегот, гу налегна, гу тупа, тупа* (= погрешно упатил на несоодветно лице) [MC(B),74]; ~ *ú гришúх кл'ýчуфто* (= го зел несоодветниот клуч) [ПК(Г)]; **3.** 'прави постапка што не е прифатлива за религијата, односно за јавниот морал – прави грев' ~ *óди си, и ут сéга нáка да не си грéшиш* [MV, K,317]; ~ *и уд мене нек ти е прустено... ако си ми гришил* [ТГ,285]; ~ *áку ти грéши брáт ти на тéб, óди си, и кáрај гу мигу вас* [MV,K,262];

3. – **(се)** 'се случува нешто недобро (пр. болеста се развива во несакан правец)' ~ *они му ричеа; "ништо ки се греше, така дубиток или друго ништо сé на Трајко клавами"* (= ако се разболи добиток, или човек ги носеле кај Трајко да помогне) [MC(B), 87]; споменатиов глагол (*гре-*

ше) во Долновардарско се среќава и во примери кога дејството се однесува на предмет (лице): *ѓа́вуло му-ве́ле нă-де́уто го́спо: "то: чуве́к ја́с ки-гу-гре́шум"* (= ќе направам да згреши) – *"до́бро, дă-ви́дăме дал' ки-мо́јш дă-гу-гре́шиш"* [ПД, 143]; во Гевгелиско се забележани интересни примери: *~ си гу пла́чум живо́то; ~ гу умре́ле нă-де́фут.*

гре́шин adj **1.**'тој што има сторено греови' *~ и ве́лиши: Го́споди, про́сти ми на гре́шин чове́к* [MV,K,280]; *~ си́ти си л'у́тиа, и ве́леа: о́ти на гре́шин чове́к му ути́шăл да ја́ди* [MV,K,280]; **2.** 'не тој што треба, туку некој друг (погрешен)' *~ и́ма да си прида́ди на гре́шни л'у́ди уф рắцити* [MV,K,334]; сп. **грехови́тин.**

гре́шка f 'нешто направено недобро, непромислено, неморално' *~ е, е, рắче́л, она-ј мла́да и ти си-мла́т, пă а́ку тă-виде́ла, тă-виде́ла, не́ма гре́шка нă-то:* [ПД,146] ; *~ ро́дăн 1906 гуди́на, ама пи́шин сум, мă-пиша́ли пу-гре́шка, мă-пиша́ли Го́гув Мила́н* [ПК,II,261].

гриба́чка f 'земјоделска алатка за собирање сено, гребло' [ДК, 104].

грибе́ impf **1.** 'изваѓа, црпи' (течност, брашно и сл. обично од дното); **2.** 'длаби, продлабочува' (отвор во снег, мека земја и сл.) [MS,s,33]; во серско-драмската регија: **грębе́** 'зема вода со сад, црпе' [ВС (Д),74].

грива f 'долги влакна на темето и по вратот на коњ' *~ ка је задримала та млада нивеста / ду којна ду грива, ду девир ду рамо* [ТГ,171].

гри́вна f 'големиот зглоб над длаката' *~ ша́кта де́к сă-вăрте, то́о ме́сто сă-ви́ке гри́вна (?) Но́го мă-бо́л'ат гри́вните ут-ко́пăнто.* Со исто значење во друг пункт: **ко́лба** *~ на ко́лбата сј-а́а нăвина́х рắкта* [ПК,II, 35].

гри́жа f 'неспокојство, мисла за нешто мачно, непријатно' *~ ти кладеја, моме, мрежа на јочите / мрежа на јочите, грижа на срцето* [ТГ,179]; *~ то́јнака му вели́: "ви́а и́дити, ви са мо́л'а, да ми дока́рати пари́те, што́ длăго́вати, и за онова́ гри́жа немо́ј и́мати!"* [V, PM,20].

гри́же (се)* impf 'се беспокојува' *~ им ве́л'ум ним сă-гриже́јте, не́ сă-мăле́чки, ќи-с-до́јдăт* [ПК(Г)].

гри́ж'ници pl.tt. 'вид гаќи' [ВС(Д),68]; (веројатно 'панталони' – сп. **гри́с** 'волнен дебел штоф; горна овчарска облека против дожд') [MS,s,33].

гри́зе impf 'откинува со заби, јаде со ситни каснувања' *~ пасе́л, пасе́л, о-дуне́суве до́ма, па́ грăц, грăц, вăгл'ане гри́зе* [ПК, II,232]. Според М. Малецки овој глагол има во Солунско потесно, специјализирано значење: 'кине, гризе но само од силна болка' (?) [MS,s,33].

гри́мна* f 'украс (златен или сребрен) што го носат жените на рацете' *~ ко́гăг си ла́фе зă-ниѓа́в са́кăм да ре́чăм на ви́ја рабо́ти: на ду́бли, мамуди́и, флури́ни, пиндо́лиро, зла́тни кăрфи́ци, зла́тни гри́мни* [УЕ, 12].

грип m 'мрежа за ловење риби, долга околу 200-300 аршини, а широка 4-5 метри. И на едниот и на другиот крај на грипот се вплетува по една

подебела мотка, долга колку што изнесува ширината на грипот. На ќошињата има врзано јажиња за влечење. На грипот се разликува горна и долна страна, т.е. онаа што е свртена кон дното и на која се придодадени *куршуми (олово),* а на горната страна, онаа што плива на површината има врзано *лејки,* што го држат *грипот* за да не пропадне поради тежината на долната страна. И така мрежата стои распната и со јажињата врзани за ќошињата се влече кон брегот. При влечењето рибите се фаќаат и остануваат во *грипот,* којшто го влечат кон обалата. Со еден грип можат да се фатат по 50-100 ока риби. Со *грипот* ловат во езерата (*Дојранско, Арјанско*), во *Солунскиот Залив* и во *Кара-Азмакут* (оттаму истекува *Еница-Вардарското Езеро* во Солунскиот Залив [ТГ,395]; [BS,63]; ~ *фӑрлéјти на дéсната стрáна уф каѝкут грѝпот да ки нáјдите* [MV,K,337].

грипч'ѝја m 'рибар што лови риби со мрежата **грѝп'** [MS,s, 33].

грѝс m 'волнен дебел штоф; горна овчарска облека против дожд направена од *грис'* [MS, s,33] ~ *абаџѝји прудáваха грѝзуви* (=... продаваа платно) [MS,s,1]; во Серско: **грис** 'густо ткаено платно' [ДС(Ч)] и **гриш'** 'дебел штоф, дома ткаен, клашни' [ВС(Д),68].

грѝфка impf 'кога свињата пушта глас, гровта' [KE,264].

гришуван* adj 'со многу греови, грешен' ~ *ваја душа неје толко гришувана* [ТГ,284]; сп. **греховѝтин** односно **грéшин**.

гргуте impf 'дејството и шумот при испирање на уста, грло' [ТГ,126].

грóб* m 'длабока јама во која има погребан човек' ~ *дујдé Марѝа Магдалéна и дрýгата Марѝа, а глéдаа грóбут* [MV, K,289]; ~ *и как испаднáле вјáсни, бигáле ут грóбут* [V, PM,127]; ~ *кӑрпáчинот отговорѝ: "... Хем тѝнака áку ѝмаш парѝ, когá ки ýмриш, далѝ ки ги зéмиш аф грóбо ти?"* [V,PM,17].

гробишче* n 'место каде што ги закопуваат мртвите' ~ *направил си адин остăр кăрлиг па га закачил на мајка му сос крлиго за носо и сос голем дим и прах га влечел на гробишчето* [ШК,V,419].

гроздак (и: **груздáк**) m **1.** 'кичер од грозје' ~ *сос един гроздак да најадиш фрет аскерјут* [V,PM,79]; ~ *лóјсто шо рудѝ вáа гудѝна адни груздáци кулкáдно мáче* [ПК,II,34]; [CK, 322]; сп. пожелување: *колко листе – толко груздаци* [ТГ, 333]; **2.** 'клас од пченка' [ТГ, 347].

грóзде n 'плод од лоза, грозје' ~ *áк те лѝче за младѝна, лѝце / ќи те рáнам, лѝце / цăрвéн шикéр, сýхо грóзде* [ИГ,107]; ~ *цăрно мéче на чикóрче клéче* – загатка (= корен од лоза со грозд, грозје) [ИГ,121]; ~ *грозде да дават сус туваре / да си варме слатук пикмес / да си варме блага каша* [ТГ, 435]; и: **грóзди** 'грозд, кичер' ~ *и тјáнака земá еднó грóзди да јáди* [V,PM,133].

грóздици n (dem.) 'грозјенце' ~ *и нáз гудѝна сăфт'é сăфт'é за дад'é пóмрăва грóздици и такá на дрýгата гудѝна за дад'é млóгу грóзди* [MS,t,4].

Гроздо f 'женско лично име во Солунско' ~ *името на синот беше Георги, на пасинук – Мел'у, на керката Гроздо, ама как са жени, жената га викаха Крал-Кол'увица* [К,ВС, 72]; ~ *напкун как сиднахми там с попот, мухабет, лаф, – ја ти Гроздо с децата* [МС (В),80]. Финалното *-о* кај лично име од ж. род (*Гроздо)* претставува уште една потврда за тоа дека категоријата род во долновардарските говори не функционира доследно.

гро́зна adj (m, f) 'грд, неубав' [MS,t,4]; 'побудува ужас' (во Солунско формата за женскиот го покрива и машкиот род – уште една потврда дека граматичката категорија род во долновардарските говори не функционира) [MS,s,33], но во др. регии: **гро́зан** (и: **гро́зен**) 'неубав' (најчесто во лицето) [ЛС(К)]; ~ *се́тника мома́та гу не зе́ма за мӑж, ч'а бе́ши мло́гу гро́зен* [V,PM,29].

грозност f 'грубост' (= непријатен глас) ~ *владиката излезе пак прет сиромаху и му вели така сос грозност: "господине, да ми кажиш право, колку карагроша зема!"* [V,PM,39].

гром* m 'празнење на елекрицитет од атмосферата' ~ *и при магла́та и́маш'а гро́муве наго́твени, и кугá изле́зеше от пеште́ре́та и погѝрмјаваш'а сас магла́та* [V,PM,259].

гро́н m 'скап свилен дебел материјал за женски сукни' [СК, 322].

гро́фла f 'мрзлива, трома нечиста жена' ~ *гро́фла-ј таа шо гӑ-мӑрзе дӑ-ста́не; гро́фла, ка ќи-гро́фне и не́ стану́ве* [ПК, II,241]; ~ *не́каа шо́ а-мӑрзе до́де а не́-нӑ дӑ-рӑбо́те; сӑ-рӑстӑрти́ла кут не́каа гро́фла* [ПК(Г)].

гро́фне pf 'заседне некаде' ~ *гро́фла-ј таа шо гӑ-мӑрзе дӑ-ста́не; гро́фла, ка ќи-гро́фне и не́ стану́ве* [ПК,II,241].

гро́фта impf 'кога свињата пушта глас, грти' [ВС(Д),74].

гро́ш m 1.'ситна турска монета' ~ *риба́ринот му отговори́ на сирома́хот и му ве́ли: "са́каш ли да га зе́миш, да́ј еди́н гро́ш, зе́мај га!"* [V,PM,17]; ~ *и тојнака, как га зема грошовету, га тури аф пазвата му и трӑгнал да иди по пубратимиту му* [V,PM,33]; 2. 'симбол за мала вредност' ~ *ни гро́ш не му да́вум, ак са́ке нек сӑ-рӑзде́ре* [ПК(Г)]. Во реченицата: ~ *и си пазарисá су арга́тити на де́нут пу две гро́ши* [MV,K,315] имаме множинската форма *гроши* со зачуван архаизам – употреба на мн. наставка *-и* кај едносложни именки [MV,K,315]. За ова в. поопширно во граматички дел.

груб* adj 'неубав, грозен' ~ *и друзи ми дават с ного руба моми / а имале руби, кога ми се груби* [ТГ,200].

грубе impf 'станува неубав, груб' ~ *фати се, Бојо, на оро / орото грубе биз тебе* [ТГ,369].

груби́шта f 'простор во кој ги закопуваат мртовците' ~ *си утиде ду то стадо /... да гу пасе пукрај село / пукрај цркви и грубишта* [ТГ,202]; и: **гурбишта** ~ *ако ви́дӑт де́ка де́јто ки у́мре, то́гај ки гу кӑрстат за да мо́жӑт да гу зӑко́пӑт на гурби́шта* [УЕ,29]; и: **гробишче** n ~ *направил си адин остӑр кӑрлиг па га закачил на мајка му сос крлиго за носо и сос голем дим и прах га вле-*

чел на гробишчето [ШК,V, 419].

грубиште pl од **гроб** ~ *уднадруф имало две-трујсет грубиште... жента анди да-пумогне на-мене, пумогна на-то приател'ут* [ДК,127].

грубутија f 'збор за навредување – грубост, грдост, овде употребен не со вистинското значење, т.е. против урок' ~ *бре, бре, бре, ки се каже дека е! И оти бил јунак, па знајал да плаке. Ох, ох! Грубутија нијадна!* – се кажува на мало дете кога го крштеваат и кога плаче [ТГ,116].

грубутиште n 'збор за навредување, грдотија' ~ *зел адна жена, алис грубутиште* [ПК(Г)]; сп. **грубутија**.

груда f 'парче компактна тврда земја' ~ *нивта ти е груда дугруда* [СК,322]; ~ *рало си стоје / него гу нема / кога да видам, мале / гу путиснала, мале / гулема груда* [ТГ,142]; ~ *гулеми парчина земна: ка ки-копме ваадан, нифта-ј пална груди* [ПК,II,34].

груздарско (груздуберско) курито n 'голем дрвен сад (корито) во кое се истура грозјето, потоа се гази за да се прави вино' (коритото се чува во посебна просторија што се вика *куритница*) [ТГ,302].

груздубер (или: **бугуројчин месец**) m 'деветтиот месец од годината – септември' [ТГ,7]; односно 'времето кога се бере грозјето' [ТГ,349].

грузутиа f 'нешто недобро: предмет, постапка' [ДС(Ч)].

грутиа f 'гревота' (со нијанса на 'непожелно, жалосно') ~ *грутиа-ј да-правиш така* . Сп.: *за-грутичка-ј* (= за жалење е) [ПК,II,34].

грутка f 'округло парче од земја, од снег и сл.' ~ *се качих јоште погоре / там најдех грутка снигова* [ТГ,101]; сп. **груда**.

груха impf 'свињата кога пушта глас' ~ *мер не си-чул как груха матурца ?!* (= зарем немаш слушнато како гровка свињата) [ПК,II,34].

грухне (и: **грууне**) pf **1.** 'се растури, падне' ~ *ка грууна судо, са-уплаших дури.* Сп. уште: *толкуф чувек ка грууна наврас мен ки-ма-утепше*; **2.** fig. 'кога на човек ќе му попушти здравјето' *грухнал ного кумшиита* (= се изменил, остарел) [ПК, II,34].

грцкало (и: **груска́ло**) n 'млада, неокостенета коска' ~ *раскавица* [ПК,II, 34].

грцке impf 'при јадење се создава шум од кршење' ~ *аска ного о-сакум крашникут ут-лебо оти ка о-јадум ми-грцке* [ПК,II,35].

Грчиште n, top. 'име на село на патот Солун – Стојаково (Гевгелија) – Штип'. Овде одмарале карваните и се менувал *калаузот* (= тој што го води *кирванот* од кирации)' [ТГ, 423].

граба f 'грпка, рахитис на грбната коска'; сп. **камбура** [MS,s,33].

грабаф adj 'тој што има грпка, грбав'; сп. **камбур** [MS,s,33].

грабоносник m 'човек што на грбот пренесува ствари – за соодветна парична награда' ~ *т'а клала овчаро внетре в сандако, викнала един грабоносник и го отнесла в каштата на тарговецо* [V,PM, 280].

грабул'а (и: **гарбул'а, гарбуле**) f, n 'земјоделски алат за собирање слама на гумно' [СК,

322]; ова објаснување е од Саќов, фактички употребата на **грăбу́л'ата** е поширока, освен за работа на гумното, се користи и за собирање сено на ливадите, за домашни потреби во дворот и сл. [ПК,П, 37].

грăдина́р* m 'тој што одгледува зеленчук' ~ *о́ни кути грăдина́ре шо ќи-нăпра́вăт, тира́ли уф-Стру́мица не́ка: грăди́на* [ПК,П,275].

грăдубурли́а m 'селанец од село Градобор (Солунско)' [ПК,П, 35].

грăзде́ло n 'гнездо од птица' [СК, 322]; ~ *нă на́шта баца́ и́ма грăзде́ло ут пилика́н* [СК,319]; и: **грăзне́ло**[ДК,104].

грăкл'а́н ба́ница f 'вид баница, се прави така што кората се мотка на сукалото, а потоа се витка во кругови, почнувајќи од средина на тепсијата се оди кон периферијата. Кога ќе се извади сукалото кората е набрана како 'рскавицата од гркланот' [ПК,П,35]; сп. **гăркл'а́н.**

грăмиш m 'шумови што доаѓаат од небото кога има празнење на електрицитет, грмотевица' ~ *и по́сле две́-три́ саа́ти грăмиш са чини́ на небо́то, и падна́ те́шка мăнгла* [V,PM, 24].

грăмна ко́кал f 'грбна коска' ('рбет) [MS,s,33].

грăмни pf 'удри гром' ~ *фарли́ Го́спот ка́мин от небе́ту, гу грăмна сос кон'ут му наедно́, ги загуби́ от земјата* [V,PM, 16].

грăмнува impf 'грми, удира гром' [MS,s,33].

грăмо́тин adj 'писмен човек, образован' ~ *сти́ге сă-фали́ де́, зна́јме о́т си-но́го грăмо́тин* [ПК,П,35].

грăму́да* f 'грутка земја' ~ *кату проминали отдол ор'ахот кирации, метнували, кој грăмуди, кој камини да трокал'ат орјахите* [V,PM,202]. Сп. **груда.**

грăна́та* f 'експлозивно зрно од топови' ~ *се кăчи́ да гле́да де́ка па́ѓăт грăна́јте* (т.е. гранатите) [KE,280].

грăни́че* impf 'кога две регии се непосредно една до друга тие *грăничат'* ~ *го́ре Ште́мница, Ра́мна би́ă кумшии, Але́ксуво, ус-ти́ă грăни́чăхме* [ПК,П,216].

грăнча́рин* m **1.**'мајстор што прави посатки (за домаќинството) од глина' ~ *о-та́мо грăнча́ринот и ширланции́ăта оти́доха на кади́ата, давации са чини́ха, са́каха има́ниту от барли́војут* [V,PM,127]; [MS,s, 32]; **2..** изр.: **гăрнча́ро уддéк са́ке, ут-та́м гă-кла́ве рăчката** (= тој што има можности работите ги уредува според своите желби) [ПК, П,158].

грăо́та (и: **греота**) f 'она што не е добро да се прави, што претставува грев' ~ *а мо́ри ба́бо, ве́ле, не́ли-ј срăмо́та и грăо́та уд-чуве́цте тăко́ф дăмă-гле́дăт* [ПД,144]; сп. – ако е празникот *лек, не је греота да се работе* [ТГ,272]. Има празници важни (тешки) кога е забрането да се работи.

грăп m **1.**'заден дел на телото, од главата до половината' ~ *на магарите на гăрбовето му са чиниха едни рани от самарот, хем вон'ајаха* [V,PM,180]; ~ *му р'е́куха : "ми т'е́глиш'!" и ути́ди идна́ ла́м'а, си изва́д'ала иди́н дăмп, си гу з'е́ла на грабо́т* [MS,t,75]; ~ *му р'е́ч'и: за ти да́м идна́ ли́ра, то́с по́п да*

гу вéзмиш' на грабóт, да гу занис'éш' [MS,t,70]; **2.** fig. 'она што го носи ангажменот' ~ *азрисајнто на свадбăта повичко паѓа на гăрбут на страната на зетот* [УЕ,7]; сп. изр. **и́ма грăп** (= некој го заштитува, односно протежира).

грăс (и: **гăрс, грăста**) f 'она што се зема со двете раце заедно (свиткани како лажица)' ~ (pl *грăст'ạ*) [MS,s,33]; ~ *кá ки-ị напăлниш двéте шáки ус-урúс, бóп ил' бúло шó, вúкме; зéх áјн грăс* [ПК,II,35]; ~ *"ним са бии пеза сус мене: дај ми колко чинат!" (Читајал, зашто на шака му веле). – "На ти една грăст"* [V,PM,274].

грăц interj 'имитира звук што се создава при грицкање' ~ *пасéл, пасéл, о-дунéсуве дóма, пá грăц, грăц, вăгл'ане грúзе* [ПК, II,232].

грăчмáк m **1.** 'грклан' ~ *до:-фáтиш, тă грăчмáкут дă-мо:-измáкниш, дă-н-мóш дă-гувóре гáаре, кá нé знáа да-мóлче*; **2.** fig. 'глас' ~ *шó úма áịн грăчмáк, нé мóже нúшто пулéчка да-кáже, кó: -чýут дур нă-Билáхца* [ПК,II,35].

грăш'éн adj 'непромислен, безумен' [MS,s,32].

грăшúна f, bot. Lathurus 'има зрнести плодови' ~ *сă-пувúве пужúтто и гу-сăбóруве, дáве зăрна тăквú и гу рăсúпуве жúтто* [ПД,123]; сп. **грáшиа** 'паразит во житото' [ДК,104].

грăшмáлник m 'испупчениот дел на грлото кај мажите (адамово јаболко)' [ПК,II,35]; сп. **грăчмáк**.

гу pron **1.** (кратка заменска форма за директен објект од 'тој | тос | он' – **го**) ~ *от млогу мýндр што бéши, цáрјут гу земá сос нéгу аф еднá трапéза, јад'áха кату брáтка* [V, PM,9]; ~ *мăнụ'ó вилú: "да гу дад'éми!", ж'инáта ји сă ни дáва; на-с'éтнина кандúсаха и двáта и гу дáдуха мáлкуту* [MS,t,16]; **2.** истава форма (**гу**) се јавува, освен во директни и во индиректни (дативни) конструкции, односно за изразување на посвојност (наместо *му*) ~ *и порýкали ч'орбажúата на хáна и го попúтали кóлку гу тéра* [V,PM,255]; ~ *нóс, ш'ту гу звáд'ạхми за пикмéс гу клáвами у казáниту, гу фăрл'ами и пéп'ạл н'éтр'ạ* [MS,t, 4]; ~ *нóс гу р'éч'и: "дрăш' рăнкáта да гу фăрл'а!"* [MS,t, 39]; **3.** наместо кратка заменска форма за директен објект од 'таа| тас | она' ~ *а купúх нúва, и úмам сăклéт, сáкам да си óдам да гу вúдам* [MV, K, 278].

губéрка f 'голема, дебела игла за шиење килими, вреќи' [BC (Д),69].

губерна игла f 'голема игла за шиење черги, килими, вреќи' ~ *му вели на царјут: "ах царју, сношти засоних, ча бех аф среду морету, и таму беши изл'алу един шуп кату губерна игла ... и јазе на врăх"* [V,PM,50]; ~ *оттýка-оттáмо га земá, га боднá сóс еднá губéрна úглá, га утепá, га зарú* [V,PM,134].

губéрница f 'голема подебела игла' [ЛС(К)]; в. **губéрка**.

гувала pl 'долги украсни конци со кои се украсува косата' ~ *зăкачена су бел вениц и су гувала* [УЕ,12].

гувéе impf 'се однесува многу внимателно, понизно' ~ *кá сăкláне нивéстта прăт-кýмо, му-прáве чéс; адéто-ị тăкóф* [ПК,II,35].

гувéдо* n 'крупен добиток' ~ *и нúă пу-чúко, úмăхме пé-чéс глáви гувéда и двé-трú кóзи, зăбрáме и кáрăме* [ПК,II,218]; ~ *гувéăта ги-збúрăме нă-едно мéсто, нă Збирáлто, и ут-тýка пóсле ги-нóсăме нă Сýјте Чéшми* [ПД,156]; ~ *си фáти да пасé сéлските* **гувéди** [V, PM,20] – во случајов имаме пример за проширена употреба на множинската наставка *-и* и кај именките од ср. род (*гув-ед-и*). Освен тоа се забележува и кај едносложни именки од м. род: *гроши* (поопширно за ова в. во граматичкиот дел).

гувидáр* m **1.**'човек што пасе говеда' ~ *ас ги-зăкăрáх, и дунцéх нă-гувидáро* [ПК,II,248]; ~ *амáн брé сúнко, нúа ду-чéра бúхме гувидáре, сјáа да-атéрум цáрувата мóма?!* [ПК, II,263]; и: **гувăдáр** ~ *ти тăргóвăц, та: сéлцка мóма, нáјалчáк, нă-гувăдáр éј, кáк ка:зéмиш?* [ПД,151]; **2.** fig. 'невоспитан човек, со прости и груби постапки' ~ *гувидáр и нă гувидáрино, нé знá: дýбрýтро дă кáже* [ПК(Г)].

гувидарник m 'место каде што се собираат селските говеда, пред да ги преземе селскиот *гувидар* и да ги истера на пасење' [ТГ,372].

гувидáрин m 'оној што ги пасе селските говеда' [MS,s,34]; (сп: **гувидáр**).

гувóре* impf 'соопштува нешто, зборува' ~ *Лил'ана за рăка ја фашке / и што си веле ем гуворе* [ТГ,214]; ~ *и гуворú Ангил, и ричé на нéа: Сфéти Дýх ки флéзи на тéб* [MV, K,316]; ~ *гуворú Исус: "нé-ј дванáдесет сáата дéнут?"* [MV,K,286].

гýжва (и: **гýжба**) f **1.**'дрвено тркалце, сплетено од гранчиња што се виткаат, ги прицврстува лесите на оградата на трло и сл.' [ПК,II,35]; **2.** 'кожа завиткана во круг, го прицврстува гределот (од ралото) за **биндрýкут'** (= јаремот); **3.** 'кожна врвка на лакот што ја исфрла стрелата' [KE,248].

гуд'ан'é n 'договор меѓу родителите на момче и девојче за склучување брак, свршувачка'; сп. **такмóвани** [MS,s,33].

гуд'анúк m 'момче што званично дало збор дека ќе стапи во брак со одредена девојка, свршеник'; и: **гудинúк** [MS,s,33] **гуденúк** [BC(Д),67].

гуд'анúца f 'девојка што званично дала збор дека ќе стапи во брак со некој младич, свршеница'; и: **гудинúца** ~ *тóс мáстур б'ăш'и такмéн и лу трăгна за да пóј на гурбéт и вилú на гудинúцатáму* ... [MS, t,19]; [MS,s,33]; **гуденúца** [B C(Д),67].

гудéш m 'чин на договарање за склучување на брак, свршувачка' [BC(Д),67]; сп. **гуд'ан'é.**

гýди-гýди interj 'извик за вабење прасиња' [ДС(Ч)].

гудúна f 'период од 12 месеци' ~ *нас гудúна с'ăх мрăва т'ут'ун', гу субирáх, гу исуш'úх, гу закáц'ах на бинáта* [MS,t,3]; ~ *им'ăш'и иднó д'ăтл'а ут д'éсит', идинáјсти гудúна и сă ч'ýд'аш'и на ш'ó рáбута да гу дад'é* [MS,t,81]; сп. ~ *ут-гудúна* 'идната година'; ~ *пó-ут гудúна* 'по две години'; ~ *за гудúни млóгу* 'фраза при наздравување' [MS,s,33].

гудинáк* (и: **гудишнáк**) m 'дете од една година' ~ *Трăјáн бúше гудинáче кá бигáме* (освен за

дете може да се употреби и за ждребе, теле и сл. од една година) [ПК,II,36].

гудинка f, dem. од година ~ *јас кога бах, јас кога бах / на твоји гудинки / четворица заједно си л'убах* [ТГ,205]; ~ *јоште сум јас, лудо, мала и малечка / мала ем малечка, на дванаст гудинки* [ТГ,199].

гуди́шин* adj 'нешто што се однесува на година' ~ *и куту на́с ста́ри осăмдăсе́ гуди́шни чуве́ци, не́ублéчни, тăка́-ј ка́рăт нă-фро́нто* [ПК,II,219]; ~ *а пă де́тто му би́ло вăзрăсно, усумна́јсе, дăвăтна́јсе гуди́шно* [ПД,144].

гуди́шно adv 'означува колку пати во годината' ~ *идну де́н Јо́ван ути́шăл у-цăркфа дă-с-упи́та по́пу, дă-му-ка́же ко́ј е то́ сити Јо́ван шу то́лку пăти гуди́шно му-слу́жăт и шу и́ма гуле́ма че́с* [ДК,153].

гуд'о́ва (сă)* impf 'дава збор дека ќе се венча, се свршува'; сп. **сă згуд'о́ва** [MS,s,33].

гу́ге* impf 'кога мало дете испушта глас, **гука**' [ИГ,124].

гугуру́ска f, zool. 'гугувка' (Turtur risorius) [ВС(Д),72].

гугу́фка f, zool., Turtur risorius 'гугутка' [ИГ,124]; fig. за симпатична и мирна девојка; сп. **гугуру́ска**.

гу́јка f 'мал гуштер' [ПД,124].

гу́ла f (обично во мн. – **гу́ли**) bot. Brassica gongylodes 'плодови, фактички корења од едногодишно растение, што личат на компири но се јадат живи' ~ *сă-са́дат пу-двори́штта, кут-пăта́ти, сă-ја́дат жи́ви. Висо́ко ра́стат, и́мат цве́тчита* [ПК,II,36].

гула́к adj (m, f) 'многу беден' ~ *ч'ув'ăк и ж'е́на гула́к* [MS,s, 33].

гула́стра f 'првото млеко откако ќе се отели кравата (не е за употреба)' ~ *гула́стра ви́кăме, та: о́ште ка́ ки-гă-зăто́плиш о́дма сă-здăрву́ве* [ПД,156].

гула́че n 'млада птичка, што туку опилена' ~ *пи́лците ка́ не́мат о́ште пе́ра* [ПК,II,36].

нишан m 'настан кога се уговара свршувачка, при тоа на *армасницата* (= вереницата) ја даруваат со: *дупл'ана*, две *мамудии, два алтăна* и две *рубии* (= различни видови златни монети) [ТГ,126].

гулема adj 'така ја викаат *нидéл'та*, според календарот – бидејќи е празник' [ТГ,7]; изр.: **гуле́ма кле́чка-ј** (= се кажува за некој што има власт) ~ *Ра́јнин Ки́ро гуле́ма кле́чка-ј, каква́ са́киш рăбо́та мо́ш-ти свăрше, са́мо ак те́-ј прија́тăл* [ПК,II,158]; **гуле́ма ко́ска гри́зе** (= се кажува за оној што има големи можности – политички, материјални)... **гуле́ма те́-ј у́стта** (кога некој многу и несообразено зборува) ~ *гуле́ма те́-ј у́стта, ки-зăга́јш, дă-зна́јш...* **гуле́мта ри́ба гă-гắлте мăле́чкăта** (силниот и богатиот често го злоупотребува послабиот) ~ *буга́тјо чуве́к нă-сирума́јо шо са́ке му-пра́ве* [ПК,II,158].

гулема баба шарка f 'болест на кожата, сипаница'; децата обично боледуваат од *малечка*, а возрасните од *гулема* или *кужухна*. *Кужухната* е поопасна зашто тешко се "искаруве" [ТГ,233]; в. **баба шарка**..

гуле́ми (пари) pl 'пари со голема вредност' ~ *мо́јта ма́јка кути цар ај нă-змі́јте, ки-ти да́: гуле́ми пăри́* [ПД,152].

гуле́миц m 'тој што е високо поставен во општествената хиерархија' ~ *јаде́ќи там, ạдин пăјто́н пу пăтут, ни́кој гуле́миц, ни́кој па́ша уф нăтре* [ИГ,110]; ~ *пăтува́јќи та́м гуле́ми мини́стăре, тăкви гуле́мци, чуве́ци пучна́ли та́м дạјгра́ат ка́рти* [ПК,II,271].

гулемјут месиц (или: **бу́жиќов**) m 'месец декември – по стар стил' [ТГ,7], односно јануари; уште и: *кулуже́к* [КЕ,248]; сп. **гọлеми́н**.

Гуле́мта Че́шма f, top. 'извор, чешма во реонот на с. Патарос, Дојранско (во егејскиот дел)' (од собран необјавен материјал).

Гуле́мто Дăрво n, top. 'име на место во околината на с. Градобор, Солунско' – таму имало големо дрво (над некоја вода) преку кое се поминувало како преку мост (од собран необјавен материјал).

гулими́на f ~ *сă-ви́ке нă-по́-гуле́мта мо́мичка: "гулими́на и нă-гулими́нта, не́ а-зе́ да-а-прăше́те се́стра-ị"* (со извесна доза на пејоративност) [ПК,II, 36].

гулимничава adj, f 'жена или девојка која се однесува премногу гордо, па дури не ги почитува и постарите' (од односнава придавка форма за м. род не сретнавме) [ТГ, 266].

гулиму́ве impf 'зголемува' ~ *се́ква нидел'а о́на са сличу́ве, са гулиму́ве, бу́бичкăта ќиста́не по́-гуле́ма, се́ква нидел'а ќи-ма-а-ме́ни сте́л'кăта* [БМ, 201].

гулимџи́а m 'тој што се прави важен' ~ *но́го гулимџи́а-ị, нă-мо́јш ус-не́го дă-си прија́тăл, не да́ве дă-му-сă-прăгуво́ре* [ПК,II,36].

гулишта́рче n **1.** в. **гула́че** (= мало птиче, уште без перја); **2.** fig. 'мало дете, нежно' ~ *гулишта́рчитта нă-ба́ба! Шо́ не́-ị ублéчувте мăр-си́нко, али́с гулишта́рчита сте́-ị уставили* [ПК,II,36].

гулубрат* adj 'младо момче, на кое уште не му никнала брада' ~ *са насмија мома јубавица: "ман се уд тува, гулубрадо дете / гулубрадо дете, јоште биз мустаки"* [ТГ, 199].

гулча́ниц m 'жител на селото Гола' ~ *уф-гула́чкăта кури́ă, скри́шно, ни на ади́н гулча́ниц дă не́ ка́же, два́јсе и-шес де́на нă-глида́ та́мă* [ПД,173].

гул'а́ј m 'веселба, провод' ~ *изваді́ ади́н гул'а́ј ус-не́го о́на* [ПК,II, 36].

Гул'а́мта Ни́ва f, top. 'име на место, ниви' (големи) [ДС(Ч)].

гул'ạми́л m 'месец јануари' (голем месец) [ВС(Д),73]; сп. **гулемјут месиц** (или: **бу́жиќов**) уште и: **кулуже́к** [КЕ, 248].

гул'а́мку adj, dem. од *гул'а́мо* [ВС (Д),67].

гул'а́ч'ạ n 'вид влекач, смок' [ВС (Д),72].

Гуменца f, top. 'име на населено место јужно од Гевгелија (во егејскиот дел)' ~ *вăглинчи́јна си пра́више, на Гуме́нца си но́сише со мăгăре́нца* [КЕ,291]; ~ *ама го чу, што има аскер на Вардарскио Мост, са вăрна, за да оди на Гуменца* [МС(В),72].

гу́мно n **1.** 'рамно место каде што се врши жито (= се одделуваат зрната од класјето), среде има стожер за кој

се врзува коњот' [СК,322]; [ИГ,110]; ~ *арманции = л'ўґă-то шо ги фáтиш дă ти пумáгăт нă-гўмнуто, óни ки ти рăбóтăт, ти ки му плáтиш* [ПД,122]; **2.** fig. 'нешто во изобилство (обично плодови на овошно дрво)' ~ *дујдéјте, нąбрáјте-си, сá-ј гўмно, сéтне ќи-нéма зéр* [ПК, II,36]; **3.** 'период од годината кога се жние (јули, август)' пр. кога се позајмуваат пари тоа се прави на две половини од годината (така е во Гевгелиско): од празникот Митровден до *кужурци* (= почеток на лето кога се ранат (одгледуваат) *кужурци* (= свилена буба) и од *гумно* (средина на лето) до Митровден [ТГ,317]; **4.** 'дел од селски двор, обично служи како буниште, а за време на вршидба се користи како гумно' ~ *тăкá кужўрци ќи-синąстáвиш... и óдрăта ќи-ї-исфáќиш, ќи-ї-исфăрлиш дóло у гўмнуту* [БМ,201]; **5. гумно** (или: **урачув кулак**) 'леб, погача што се пече на празникот *кол'де*, на средината се удира еден поголем *проскур*, а околу него четири помали; на еден крај од погачата се става глава лук и така се пече. На третиот ден од *Бужиќ*, домаќинот ја крши погачата и она парче каде што е лукот го поделува на стоката за да биде здрава *куту лук* [ТГ,92]; [ТГ,81].

гумнó (и: **гóмно**) n 'измет од човек или од животно' ~ *тúă кă сă јáшле, јáшле, дўри ину врéме рéкле: "трéба дă вúдиме. Ќи-сéдиме: кóј úма жăлто гóмно – тó е"* [ДК,139]; сп. **гумнушка** dem. 'измет од дете'; со исто значење: **кака́ч'ка** [MS,s,33].

Гуна f 'женско лично име во Гевгелиско' [ТГ,114].

гўна f 'машка долга облека, облложена со кожа, се носи зимно време, има голема кожена јака' [СК,322].

гуниа f 'дел од нива' (нивата се разделува на *гунии* за полесна обработка) [ПД,121].

гунúчка f 'детска игра, еден брка, другите бегаат' (сп. **гóне** = брка) ~ *сă-нąиграјáме вáадин нă-гунúчка ус-дéцта* [ПК, II, 36].

гунúчке impf 'брка' ~ *кóј éї тóо шó тă-гунúчке, дă-вúдум áска!* [ПК,II, 36].

гурá* (и: **гóра**) f **1.** 'планина' ~ *и такá утúди Ифтúму у гурáта с'éтн'ą да ни гл'éда хúч' л'ўди за да сă ни гр'ąхóва* [MS,t,44]; ~ *отиде на лов и, кату отиде аф гората, виде млогу авции, тераха едно фил'у да утепат* [V,PM,41]; ~ *си прул'éтнува утáм и кáрат, кáрат, з'éха млóгу пăнт', алá замрăзнаха на пăнтó и сл'áзуха на инá гóра* [MS,t,23]; **2.** 'површина со многу дрвја, шума' ~ *фăрли, веле, сéстро, чéшил'ут, дą сă чúне гăста гóра* [ИГ,109].

гур'áн* adj 'запален, нагорен' ~ *хúтра Пéтри súгнува ут óгн'ут иднá гул'áма гур'ăна дравá и сă пўш'та да гу т'éра пóпут* [MS,t,75]; ~ *хóж'дат лам'ăта сăс гур'ăна ш'úш'уви и гу будáт* [MS,t,75].

гурбéт m 'работа на туѓо место, печалба' ~ *вéле: "јáс, жéно, нă-мóжăм дă-жúвăм тўка. Ќ-óдăм нă-гурбéт"* [ДК,127]; ~ *тúа брáќа утúшле нă гурбéт и си устăвúле жéјнте сáми* [ДК,150]; ~ *пујнó вр'ăм'ą утú-*

духми сăс та́тку-му на гурбе́т' [MS,t,47]; сп. **кш'инитја́** [MS,s,34].

гуре́ш adj 'предмет (односно течност) што има висока температура, вруќ'; во некои говори (пр. во Серско) се употребува паралелно со **вр'а́л** [ДС(Ч)].

гурешти́на f 'кога е многу топло, жештина' ~ *но́го пиче́* [ДС(Ч)].

гури́ impf 1.'опфатен е од процес на горење' ~ *со́бата гури́* (= гори печката) [MS,s,34]; 2.'кога човек е болен и има висока температура' ~ *изгуре́ де́то уд-о́гин* [ПК(Г)].

гури́да f 'грозје несозреано, зелено, кисело' [BV,K,6]; ~ *но́го а ја́дат тру́дните же́ни. И за ле́к е̯і, ка́ и́ма не́кој вăрве́ш* (= кога има пролив) [ПК,II,36]; [CK,321]; [KE,251]; сп. **јагорида.**

гургу́ле n 'меур со семе од риба пред да го исфрли, има форма на мало перниче' [CK, 322].

гу́ргур m, zool. Meleagris gallopavo 'крупна домашна птица, мисир' (в. *мисирок*) [MS,s,34].

гургури́ца f, zool. Meleagris gallopavo 'крупна домашна птица, мисирка' [MS,s,34].

гурна́* f 'крајниот дел од цевката низ кој тече вода (вид славина, но не може да се затвори)' ~ *пу-во́та, пу-во́та, пу-гурни́те, гă-искăра́ле нă-една́ пăла́та* [ПД,164]; ~ *це́фка, уд-н'а́а те́че во́ота, на́пој се уд-гу́рната ка́ не́ма ча́ша* [ПК, II, 36].

гурни́ци pl 'вид чорапи, од глуждови до колена, без стапала' [ПК,II, 36].

гуру́ш'ка f ,dem. од *гора* 'рид покриен со шума' [MS,s,34].

гурчил'а́ф* adj 'кога нешто нагорнува, орр. на благ' ~ *каве́то е ма́лце гурчил'а́во* [CK,322]; ~ *нăпра́в-ми гурчил'а́во каве́, бис и́ч шике́р* [ПК,II,36].

гурч'и́ф adj 'со горчлив вкус, орр. на благ' [MS,s,34].

гу́сар m, zool. Anser 'крупна домашна (или дива) птица, машка гуска' [ДС(Ч)].

гуспу́дар m 'личност којашто има власт, односно економска моќ' ~ *госпу́дар белим госпу́дар / дека се чуло, видело / небо биз звезди да биде* [ТГ,346]; ~ *тогај му веле Ту́рче-Босналијче: / варај ца́ру, веле, нашу гуспу́даро* [ME(B), 259].

гуспуди́н* m 'богат човек, со авторитет, познат' ~ *на́ј-уф-гла́вăнто каавине́ се́дăт гуспуда́та* [ПК,II,267].

густи́ pf 'почести со јадење, пиење' ~ *на у́трина́та ста́нува Настра́дин-хо́џ'а, ги кале́сува паш'а́та и вали́ту за да ги густи́* [MS,t,54]; ~ *сига́ ги суби́ра́ ш'и́ч'кит'а н'е́гуви аратли́ци, му сто́ри ина́ суфра́ да ги густи́* [MS,t,60]; сп. **густ'о́ва.**

густи́нка f 1.'жена (девојка) дојдена на гости'; 2. fig. ~ општо за женско дете, бидејќи тоа ќе ја напушти куќата откако ќе се омажи [ТГ,272]; сп. уште: ~ *го́сте смă нă-дујна́та, не́ трибу́ве да...* (= не треба да заборавиме дека сепак сме само обични смртници) [ПК (Г)].

густи́нска у́даја f 'најголемата просторија во куќата во која се примаат гости – приемна соба' [ТГ, 220].

гу́сто n 'весела расположба' ~ *о́ни сă-ка́рăт, ти пă си-гле́ш гу́сто, сăи́р* [ПК,II, 36].

густ'ова* impf 'пречекува гости (со јадење, пиење), гоштава' [MS,s,34]; сп. **густи́**.

гутва́ч* m 'мајстор што приготвува јадење за повеќе луѓе' ~ *о́т та́м де́ка гутва́чăто, имда́вăт та́м нă-кутри́нта и нăтăквóто* [ПК,II,229].

гутви́ (и: **гóтве**) impf **1.** 'прави јадење' ~ *ма́јка-ми гóтвише пу-на́шо, пу-бижа́нцко; ~ ги кале́са на у́трина́та ... и му стóри гóзба; ја з'е́ ж'ина́та-му да гутфи́* [MS,t,12];

2. – **(сă)** 'се спрема' ~ *сăгутфи́м* (=се приготвувам); ~ *сă гутф'а́ха, ча за си л'е́гнат* (= се спремаа да си легнат) [MS,s,34]; сп. **гутóве**.

гутóв* adj **1.**'спремен (приготвен)' ~ *нă-вра́тта: чу́к, чу́к, кóлко шó фăти́х зă-кл'уча́ркăта, тóă гутóф бил* [ПД,173]; ~ *гă-ул'уди́х би́шкăта* – значи: *гă-ишчисти́х, гутóва-ј зă-ја́дне* [ПК, II,244]; **2.**'пред самиот крај е (= пред умирачка)' ~ *ако нămóјш до:-прăва́риш. сăто те́ло ќи-т-јо: фа́те и гутóф си* [ПК,II,239]; **3.** 'се наоѓа во безизлезна ситуација' ~ *ричéл: "ки-зе́миш, ки-фа́тиш е́дин ѓа́вул..." – "ми, ричéл, а́с шó ки-фа́штум ѓа́вуле, ти́ гутóф си, фа́тăн"* [ПД,166].

гутóве* impf 'приготвува, спрема' ~ *уф сăбута гутóвăт за гóсте на вичéра. Уф нидéл'та сăба́линта ќи дóат сфа́тăве* [ИГ,117]; сп. **гутви́**.

гутува́нин m 'безработник, тој што чека на готово' ~ *мóлчи, гутува́нин и нă-гутува́нино, не́ сă-стра́му́виш, óш а́ска тă-ра́нум* [ПК,II,36].

гуут interj 'за искажување револт' ~ *"кóлку па́ри са́кăш?" – "на́, тóлку!" Не́, не́јќе де́уто дă-гуда́де. – "Гуут!", му-сă-рăзвика́ле л'у́ѓăта* [ДК,141].

гууу interj 'изразува зачуденост' ~ *а бе, ину вре́ме му те́кна. Одăт ќу́пут пу́л'ăт – не́ма – гууу. Аии, сă-фати́ле вăлкут и ме́чкăта* [ДК,139] – пр. за беспредлошка употреба на додатокот за место.

Гуца f 'женско лично име во Гевгелиско' [ТГ,115].

гуцу́к m 'животинче (или птица) на која и е скината опашката' [СК,322].

гуша (и: **грло**) f **1.** 'предниот дел на вратот; долниот дел на брадата' ~ *врăс кăврăкот аднó мале́чко ка́пче и на вăрвот аднó цăрве́но кăлпа́че, напрăве́но уд-цăрве́на дуксија, вăрса́но су ба́јрици пуд-гу́шта* [УЕ,11]; ~ *чум ти вигилце на веги / чум ти герданче на гуша* [ТГ,37]; ~ *шо ќи те госте ? / – бела пугача / Миленина гуша* [ТГ,118]; **2.** 'здебелен дел под брадата' сп. ~ *пушти́л гу́ша* [СК,322]; ~ *тóо пă пушти́л а́дна гу́ша, али́с би́ше* [ПК,II,36]; **3.** 'болест заушки' ~ *гу́шта-ј зăра́зна, сăпрăфа́ште ут де́те на-де́те. Ак не́-сјаа пралижа́л кут де́те мóш са рăзбóлиш и ста́р, вăзрăсин ка́ си* [ПК(Г)]; **4.**'освен болеста заушки со овој назив се именуваат и сите болести што се јавуваат во грлото кај човекот. Ако се обични крајници ги викаат *грло* (или: *гуша*); ако пак е дифтерија ја викаат *горно грло, гулемо грло* или *лошо грло* [ТГ,230]; **5.** 'кога на добичето ќе му порасне во гушата нешто како јајце, па од тоа не може да голта, се вика дека добило *гуша*. Од *гуша* најмногу страдаат коњите и магарињата. Во

такви случаи добичето го засекуваат и на болното место му ставаат *спреж*. Тоа место загнојува, а со чистењето на гнојта се мисли дека ќе се исчисти и болеста [ТГ,383]. Сп. поговорка: *Ако има ув гуша, има и за душа* [ТГ,247].

гушáло n 'специјално шалче за завиткување вратот и ушите, го носат мажите' [СК,322].

гýши pl 'отечени или (и) загноени лимфни жлезди на вратот' [СК,322]; сп. **гýша**.

гушичка f, dem. од гуша ~ *мамо, мори, мамо / гушичка ме боле* [ТГ,96].

гýш'ка f 'dem. од *гуша'* [MS,s,34].

гýшке impf 'прегрнува' сп. ~ *сáмо о-гýшке кут-дé-ị нéгуф син* [СК,322].

гýшки* f 'кратки чорапи, калци' [ДК,103].

гушнáт* adj 'прегрнат' ~ *ка бúле гушнáти тúја, рăка врăс рăка си-спúјат* [БМ,197].

гушне (и: **гушни**)* pf 'прегрне' ~ *и вел'ајки тија лафа, сă грабнеха, сă бацаха, сă миловиха, сă гушнаха* [МС(В),94].

гýшнин (и: **гушнинка, гушнинко**) adj 'прегрнат' [СК,322]; сп. ~ *двéчките гýшнинки и нăјдéли* (= ги нашле прегрнати) [ПК(Г)]; сп. **гушнáт**.

гуштáве (и: **гуштéве**) impf 'чести, дава јадење, пиење' ~ *стрáм мé-ị гáаре, сé он нă-гуштáве. До:-вúкниме и ниа аднóч уф-нáска, нă-вичéра* [ПК, II,36]; сп. **густ'óва**.

гýш'т'ер m, zool. Lacerta (pl: *гýш'т'ер'а, гýш'т'ер'éту*) 'од редот на влекачните, не е отровен' [MS,s,34]; и: **гуштар** ~ на празникот св. Еремија децата одат по дворовите тропаат (за да ги исплашат змиите) и викаат: *бигајте змији, гуштаре, жаби, жел'ки, оти Ирмији идат, сус климии, ки ва набодат и ки ва истепат* [ТГ, 70].

гуш'т'ерица f ; в. **гýш'т'ер** m, zool. Lacerta [MS,s,34].

гушувáт adj 'тој што има голема гуша, со други зборови: дебел' ~ *викáх си сé млáди нивéсти / и гушувáти јудувúчки* [ТГ,212].

гýшувúца f 'голема барска птица, личи на штрк, има долги нозе и долг клун' ~ *пúле, óна жáби јáде, óна-ị сúва úма и цăрни пéричка... пóсле гýшувúцта а вúкме и* **жабáр**, *от сă-рáне ус-жáби* [ПК,II,36].

гăјрéт m 'давање дополнителни напори, но исто така и давање подршка' ~ *гăјрéт Мúтре, скóро ќи уздрăвéјш* [СК,322]; ~ *ка фáшќăт д-сă бóрăт, Јарăм Минарéто сă умори́л ... гу игрáе куту пăртáл уф рăцте. Гăјрéт, гăјрéт, дéтто сă усúл'ăве* [ИГ,113].

гă pron **1.** 'кратка зам. форма за директен објект од **тој, тоа**' ~ *óни дујдé:, дупијá: гу-тáм шу-úмше, прăбрá: -гă* [ПК, II,223]; **2.** 'кратка зам. форма за директен објект од **таа**' ~ *дéвăт лúри ми-сáкăт шчéрко Пéтро /... и нé гă-знáм кăквá-ј лúрăта* [ПД,155]... ~ *гулáстра вúкăме, та: óште кá ки-гă-зăтóплиш óдма сă-здăрвýве* [ПД, 156].

гăбáјница f 'вид зелник' [КЕ,244]; **гăбанúца** f 'јадење од печени кори, баница' [ПК,II,36].

гăбéза f 'освежителен, безалкохолен пијалок' [ПК,II,36].

гăбúсăн (и: **гăбúсин**)* adj 'многу нечист' ~ *кá-ị гăбисáл, нú испéрин, нú измúјн, дă-тé-ị жáл д-о:-глéдиш* [ПК,II,36]; сп. **гăба**.

гăдúшке impf 'предизвикува возбуда, нервоза со лесен допир на кожата на некои осетливи места, пр. на нозете одоздола' [ПК(Г)].

гăзечки adv ~ *óди гăзечки* (= оди назад - газум) [ДС(Ч)]; и: **гăзúчки** (оди) [ЛС(К)].

гăздăрúца* (и: **гáздăрица**) f 'домаќинка, жена на газда' (= богат домаќин)' ~ *кубúлата музăрăжна, му-вéле: "јáска гăздăрúцата ă-нóсăм, и у мéут úмам и јáс, трú-читúри дýши снă, а тú дýша иднá, и чéкăјмă", вúкăш* [ДК,138]; ~ *вăчăртá сă-збрáле пá сите живóтни и рăчéле: "дéка-ј гáздăрúцăта?"* [ПД,155].

гăзăр m 'дно на сад (пр. на стомна)', исто: 'на јајцето поширокиот дел' [ТГ,443].

гăга f 'музички инструмент (кавал?)' ~ *тó дјáулут шó прáве?... идни пéсни, идну ќимăнé, инă-гăга – сфúре* [ДК, 141].

гăглăк m, zool. Stylopiga orientalis 'инсект со темнокафена или црна боја, лебарка' [СК,322].

гăјдицúја m 'свирач на *гајда*' (= музички инструмент направен од кожата на овца) [КЕ,275].

гăјлé n 'грижа, неспокојство, мака' [СК,322].

гăјритлúа adj 'тој што издржува напори (физички или психички) без да се жали' ~ *и двýјцта сă-гăјритлиј, ќи-издăржат да:-нăпрáвăт кăштта* [ПК,II, 37].

гăјгáн 1.'украсна лента што се пришива на дел од облеката' ~ *сăгúјта бéше бéла и уд нáпред визáна су бендинé... су цăрвéни пóли, а на óкулу цăрвéн ширúт-гăјтáн* [УЕ,11]; 2. 'јаженце од свилен конец' ~ *фати да тегле на пусти бели раци / куприненен гајтан да скине* [МЕ(В),262].

гăк interj; сп. изр.: **гăк нă-мóш дă-кáже** (= се кажува за послабиот во вербален конфликт) ~ *снáата прет свéкуро гăк нé мóж дă-кáже* [ПК,II, 158].

гăка (покрај: **грака**) interj 'глас што го испушта гавранот' [ДС (Ч)].

гăлáте* impf 1.'валка' ~ *сúте рăци му-сă-изгăлáтни* (= извалкани); 2. 'зборува безобразни работи, неконтролирано' ~ *ним гăлáти шо-дé-ј* (не зборувај било што) [ПК,II,37].

гăлéзи pl 'стари кондури, се носат дома, низ дворот' ~ *сéчни вéтки пăпýци, ус-нúхка си-óдме пу-двóрут, нăмéсто нăлăнe* [ПК,II,37]. Според Саќов: pl 'налани' [СК, 322].

гăлинúк m 'дете што ужива статус на привилегирана личност' [СК,322]; сп. **галиник** 'каприциозно дете, непослушно' (: *се гали*) ; децата му се потсмеваат: ~ *галиник – тиквиник* [ТГ,130].

гăлте* impf 1. 'внесува храна (или течност) преку устата и хранопроводот' ~ *то: гу-гăлтáл, ду-тýк кá дујдéл до: пл'у: нăмужéл, и тýк устăнáл* [ПК,II, 237]; сп. **гăлтнýве**; 2.. изр.: **гăлтум áска** (= собирам јадови, молчам) ~ *цéл живóт гăлтум áска, дă нéма кáвги, нăмóжум гáаре, ќи-прăгувóрум, ќи-бúде гулéма* [ПК,II, 158].

гăлтне* pf 1.'внесе храна или течност преку хранопроводот (со движење на одредени мускули) ~ *как жéнта гу-излăжáла, змúата а гăлтнáл мăжо и тук тăкá рăцкувúцта шо: нăпрáвна* [ПК,II, 237]; 2. fig. 'поднесе некоја навреда без

реакција ' ~ *и нájлóшто дăмо: кájш, он пá ḱо: гăлтне, тạкóф мó-ј арáктеро* [ПК(Г)].

гăлтчýве impf 'внесува храна (или течност) преку устата и хранопроводот' ~ *прăкăжувáḱи гу гăлтнýве кáмăнчто* [ИГ, 110].

гăлцка f 'напред издадена коска на грлото (ја има само кај мажите) – адамово јаболко' ~ *ич нă-мóж дă-ти-кáжум то: кá дă-му-вúкум* (информаторот покажува на адамовото јаболко, а потоа како да се досетува)... *нă-гăлцката вúкиме* [ПК,II,237]... ~ *кóскичкăта шó-ị нă-гăрлуто нă-мăјшто, жéнте нéмăт*; в. **грăшмáлник** [ПК,II,37].

гăлăбáрник m 'вид сандаче, направа од даски, како мала куḱичка – за чување на гулаби' [ДС(Ч)].

гăлăбин* adj 'нешто што се однесува до гулаб, гулабски' ~ *варзала писмото на гăлăбни крили и гу прати на татка и* [V,PM.63]; сп. **гăлăбско**.

гăлăбско adj 'она што се однесува до гулаб, гулапски' ~ *му ị изкáрăвăт óчте. Гу фăрл'ăт нă бунúштто ... Пуминáле адни гăлăбе. Воа знајáл гăлăбско дạ гувóре – што гувóрăт гăлăбто знајáл* [ИГ, 114].

гăлăп m zool., Columba livia 'птица, гулаб' ~ *гутвéјḱи јáдинто мáчкăта грăбнáла адúнјо гăлăп* [ПК,II,227]; ~ *зăвăртéла нăкăд нéă цúцкăта, кăд мăжо гăлăбо; то: ричéл: "нă-тéп пóдибéл'о"* [ПК,II,227]; ~ *гăлăбот, кату отиде на царските конаки, кăсна аф пенцерету аф она удаја, што седиши царјут* [V,PM,63].

гăлăпче* n, dem. од **гăлăп** ~ *земала сос себе двете гăлăпчета, венала на една коза и кинисала да оде при цару* [ШК,V,424].

гăмба f, bot. 'печурка' (Fungus) 'растение од понизок степен на развиток (нема лисје, нема гранки, туку само стебленце и одозгора како капа)'; сп. **бýкува гăмба** (= печурка што расте на бука) [MS,s,32]; сп. **гăбạ** 1.'печурка' [ВС(Д),72]; 'вид печурка' ~ *уд-дóлу-ј цăрвéна, уд-гóре-ј бéла, рáстăт пу-цéлинте* (= ...необработена земја) [ПД,123]; 2. fig. 'тој што претерано штеди и поради тоа е затворен во контакти со луѓето' [ПК(Г)].

гăмбáф adj 'тој што има грпка, грбав' [ДК,103].

гăнáте* impf 'се лути, руга, возразува' [СК,322].

гăнs (и: **гăнс, гăс**) m 'задниот долен дел на човекот (или на животно)' – газ' ~ *урвáва идúн трăн и клáва у ганsóт на мýхата* [MS,t,77]; ~ *му дáдуха прóск'éфал да сéдни; му р'éч'и д'ăт'ạнту: "úмам вăлна на ганsóт!"* [MS,t,78]; ~ *имáш'и идúн Иринзјóт (сăс пулувúн гăс), имáш'и инá мáјка* [MS,t.,48]; ~ *да намáж'ат ч'етирт'ăх ḱуш'áнта на ḱупрúјата, ти с'éтн'ạ кóлку да пăхкаш', ни мóш' да ја тýрниш' , газó да си расч'éкниш'* [MS,t,24]. Сп. изр.: **гăс зă óчи гу фатúло** (= се занел од восхит, или од злоба, завист) [СК,322]; **кáзва са: "жáр му фаф устáта, глáвн'а му фаф гăзă"** [ВС(Д),81]; **газó да си расч'éкниш'** (= колку и да се напрегаш нема да успееш); од Кукушко: **сéј-си нă-гăзут** (=

биди разумен, гледај си ја работата).

гănsáло m 'влечко, несмасен човек' [ДС(Ч)].

гăниш (и: **гúниш**) m 'кога месечината се губи и останува како срп – погибел' [MS,s,32].

гăнкáло n 'тој што не изговара течно, јасно, туку датка, тепкало'; и: **гăнгáло** [КЕ,273]; со исто значење: *пел'тéк* [ПД, 115].

гăнке impf 'зборува со тешкотии, тепка' [ПК,II,37]; ~ *дудéк удгувóре гăнке нóго: ă, ă, ă* [ПК,II,244].

гăн'ч'и́ impf 'полно е (со течност), дури создава шум, бучи' ~ *дулó вóда гăн'ч'и́ (дулó-ј пýлин вóда); гăн'ч'и́ бăнч'вата ви́ну* (= бочвата е полна вино) [MS,s,31].

гăр-гăр interj 'шушкање што се создава при движење, звукоподржување' ~ *как тегли концот, тиквата фаќаше да прај гăр-гăр-гăр – много на далеко се слушаше* [MC(B),86]; ~ *и такá бáбата т'éгл'а пр'éлуту, калáмиту сă врат'áт гăр, гăр, гăр* [MS,t,6].

гăрбáч m 'јаженце од плетени кожени ленти, со рачка (служи за удирање) – камшик' [MS,s, 32]; [СК,322]; сп. ~ *áк зúм адúн гăрбáч ќи-вúјш áрнуто* [ПК(Г)].

Гăрбашăво n, top. 'име на село во Кукушко' ~ *кóј кá ки-нăстрéтне: "Уд-дéк сте бре?" – "Уд -Гăрбáшăво"* [ПД,172].

гăрбна коска f = 'рбет ~ *гăрбна кóска-ј таа, врáтна, гăрбна кóска* [ПК,II,35].

гăрéс m 'омраза, завист' [СК, 322].

гăрда f 'цицка, града' (во честа употреба pl: *гăрди*) ~ *и óде фáште, си-ă-сéче гăрдăта. Му-ă-згутвýве* [дојранско-кукушка регија].

гăрдéе impf 'боледува, не се развива успешно' (не напредува) ~ *бустáно гăрдéе нéшто, н'óо бúве* [ПК,II, 37].

гăргáл'ка f 'јаболкото на грлото (кај мажите)' [ДК,104]; [ДС (Ч)]; сп. *гăлцка*.

гăргăлéнки pl 'измет од овци, кози, зајаци' [СК,322]; сп. **гăргăлéшки** pl [ПК,II, 37]; (со исто значење во односнава регија – Дојранско и: **бăрбул'áнки**) [ПД,125].

Гăрк m 'припадник на грчката нација' ~ *ут-Кукýш бúше, нé-ј Гăрк, нáшо си-гувóрше, мăкидóнцко. Он нă-ýчше нáс. Кутнúă шó гувóрме и óн* [ПК, II,320]; ~ *ти мúслиш от-éј гăрцко, ама уф-нáшто сéло нéмше ни едúн Гăрк* [ПК,II, 319]. Информаторот е од с. Гăрбашел, оддалечено само неколку километри од Кукуш; податоците се однесуваат на периодот пред Балканските војни.

гăрклан* m 'предниот дел на вратот, горниот дел од душникот, веднаш зад усната празнина' ~ *ма путиснаха на мен, ми вăрsuха рăците и нозите и извадиха ножот, ми го туриа на гăркланот* [MC (B),74]; сп. **грăкл'áн бáница**.

гăркл'анúк m (сп. **гăрклан**) ~ *ќи-т-јо измăкнум гăркл'анúкут* (така му се заканува посилниот на послабиот кога се караат, пр. постариот брат на помладиот) [ПК,II,37].

гăркумáн m 'тој што е определен за грчката кауза во однос на Македонија' ~ *аднá кăшта нéма, сé изгурéли гăркумáнто, сáмо цăрквăта билéе* [ПК,II, 221].

гӑрла́шник m 'дел од грклaнот, "адамово јаболко" (го има само кај мажите)' [ПК(Г)]; сп. **гӑ́лцка**.

гӑрле́се* pf 'засипне, тешко зборува (со зарипнат глас)' ~ *му сӑ-фати́ гла́со, гӑрлото, гӑрле́син-е́ї,* [ПК,II, 37].

гӑрле́син adj 'оној што има болно грло и тешко зборува' [ПК (Г)]; исто и: **угрӑ́здӑве́ї̑н** [ПК, II,37].

гӑрли́к m **1.**'овчарски стап' (долг, со кука на едниот крај за фаќање на овците) [ПК,II, 37]; ~ *вӑрте́л, вӑрте́л, нӑпрӑви́л не́куј гӑрли́к, тӑка́ не́куј чинге́л да зӑка́че, дӑме́к да иска́ре нӑлиси́цта* [ПД,157]; **2.** 'куката на овчарскиот стап со која ги фаќаат овците' ~ *уфча́ро но́се ста́п уф-рӑ́ците, нӑ-ста́по гӑрли́к... а́ку и́ма, а́ку не́ма – не́ма* [ПД,154]; [ПД,156].

гӑ́рлица f **1.** 'жолтосива птица, помала од гулаб' [ПК,II,37]; **2.** 'болка (болест) на грлото' [MS,s,32].

гӑрлича́во adv 'засипнато' ~ *гӑ́рлуту мо-ј уд-нӑсти́нка, нӑсти́нин и гуво́ре гӑрлича́во* [ПК, II,242]; сп. **гӑрле́син**.

гӑрли́чке impf 'црцори (птицата)' ~ *врӑпча́нто* (= врапците) *гӑрли́чкат* [ПК,II,37].

гӑ́рло (и: **гӑ́рӑлу**)* n **1.** 'орган што се наоѓа зад усната празнина, каде што почнува душникот и хранопроводникот' ~ *мома вода пије, мале / грло ји билеје / грлото ји било, мале / куту остра сабја* [ТГ,52]; ~ *ич' о́стави сӑ, то́с го́стину му дука́рах мрӑ́ва ма́н'ц'а за да јид'е́, как р'е́ч'и да сму́кни ид-и́н ко́кал, му ути́ва на гӑ́рӑлуту и и́ш'тиш'и да си уда́ви* [MS,t,37]; **2.** 'болест на грлото' ~ *има грло* (= има болни крајници) [ТГ,126]; исто: *чина́ гӑ́рло* [ПК(Г)]; сп. **грло дигаје** 'кога крајниците ќе пораснат прилично, некоја вешта жена ќе го вовлече средниот прст во грлото, ќе притисне на едната и на другата страна, за да се *скапат* крајниците и да истече гнојта и крфта. Некои грицкаат *нишадор*, а други варат трева *лопух* и му ја обложуваат гушата на болниот [ТГ,231]; **3.** 'врат' ~ *свалила си гердано от гӑрлото и го закачила, та че си легнала* [V,PM,281]; ~ *тури́ от до́л еди́н ко́ш, си качи́ на ко́шут, тури јулме́кот на гӑ́рлото му, го пе́рна ко́шот да са обе́си* [V,PM,7].

гӑрма́да (< грамада) f **1.** 'голем куп камења' ~ *и гу-скри́ме ф-адни ка́мине, ф-адна гӑрма́да, зӑри́ме гу та́м* [ПК,II,223]; **2.**'нешто собрано на куп, заедно' пр. ~ *гӑрма́да л'у́де* [ПК (Г)].

гӑрми́* impf 'се слуша тресок од празнење на електрицитет во атмосферата' ~ *и са еви́ха два́ оган'е́ и гӑрм'а́ха сра́шно* [ВС (Д),79]; ~ *гӑрми́ гӑрмот'а́вица* [ДС(Ч)]; и: **грами́** ~ *Го́спот позна́ не́говата кле́вета, и затова́ на-сред'а́ пӑ́т'у си заоблачи́ небе́ту, вати те́шко да грами́* [V,PM,16]

гӑрмити́на f 'тресок заедно со светкавица кога се празни електрицитет од атмосферата, грмеж' ~ *гу-фӑти́ло ни́ку до́ш, ни́ку гӑрмити́на у ни́ку пустили́а ме́сто – не́ма де́ка дӑ-сӑ-скло́не* [ДК,127]; в. **гӑрмот'а́вица**.

гӑрмот'а́вица f 'силен шум што се создава при празнење на електрицитет во атмосферата'

~ *гӑрмú гӑрмот'áвица* [ДС(Ч)]; **гӑрмитúна.**

гӑрне n **1.** 'глинен сад со широка уста – *прӑснӑно, зӑ-кúсло млéко, зӑ-мáсло'* ~ *уфчáрте гупричикáле, му-дáшле кóлку сáка дӑ-сӑ-нӑпúе бинúца и нӑ-крáју му-дáшле идну гулéмо гӑрне зӑ-дóма* [ДК,152]; ~ *не знајах, как да га искриам: на тиникиа да га тур'а, ке да га најдат, на гӑрне да га кладам, ке да га најдат* [V,PM, 39]; ~ *кога ми боли мехот што правам? Зимам едно гӑрне, напкун зимам една пачавра... и га запал'увам* [MC(B), 84]; **2.** 'јадење со месо, печено во грне (убаво затворено, скоро херметички), се приготвува на тивок оган' [ПК,П, 37].

гӑрнéта f 'дувачки инструмент, кларинет' [СК,322].

гӑрте impf 'кога кучето пушта глас, 'ржи ' (?)[ДК,104].

Гӑрција f, top. 'име на јужната соседна земја' ~ *сéтне... сӑ-утвурúла вујнáта; Гӑрција, Бугáрија, Сӑрбија, тúа бúли* [ПК, II,251].

гӑрчки* adj 'она што е во однос со Грција' ~ *ка уддéх уф–Сóлун мӑ-убличéӑ гӑрчки вујнúк* [ПД,171]; ~ *сé пу-крáјо кӑшти, гӑрчки кӑшти* [ПК,П, 251]; ~ *а сја излизéӑ Гӑрците, гӑрчкӑта пулúција вӑ-тéрӑт, тóӑ нé кӑде мéне, зимáл нӑгóре, бӑúро* [ПД,172] – уште еден пример за употребата на додатокот за место без предлог; **грӑцки** ~ *и бегот запре там, фӑна да се кара сӑ него и кажа на сејмените по грӑцки, да го забикол'ат* [MC (B),74].

гӑс - **гӑс** interj 'извик за повикување гуски' [ДС(Ч)].

гӑс* adj 'opp. на редок, многу предмети или честички близу една до друга' ~ *фӑрли, веле, сéстро, чéшил'ут, да сӑ чúне гӑста гóра* [ИГ,109]; ~ *нóго-ј гӑс фӑсýл'о вáадӑн* [ПК,П, 37]; ~ *гӑста шума* [ДС(Ч)].

гӑсенúца f, zool. 'црв од пеперутка, има влакненца со кои ја надразнува кожата [ДС(Ч)].

гӑска f, zool. Anser 'крупна домашна (или дива) птица, може да плива' ~ *и т'á му дáва инá гӑска пýлна лúри н'éтр'а и му вилú: "самóс да си ја изид'éш'* "[MS,t,33]; ~ *имáш'и инá пéч'ина гӑска ут вӑнк на пиш'кýн'у* [MS,t,56]; ~ *а- пӑк на нивéстта му дáвӑт сӑмо орúз су кукóшка или гӑска пичéна* [УЕ,11].

гӑскин* adj 'нешто од *гӑска*, пр. *мӑсо'* [ДС(Ч)]; ~ *гӑскино јајце* [ДС(Ч)].

гӑсни impf 'прави да престане да гори огинот, пр. го полива со вода' [MS,s,32]; сп. изр.: **гӑсе вáр** (се кажува за оној што бил пијан и сега пие многу вода и ја гаси жедта) [ПК,П, 158].

гӑсӑрóк m 'машка гуска'; сп. **гӑска** [ПК,П, 37].

гӑ-ц гӑ-ц interj 'извик за терање свињи' [ПК,П, 37].

гӑчке impf 'избегнува конфронтација, одговара двосмислено' [СК,322].

гӑштӑрлúа (питéл) m 'петел со пердуви по нозете' ~ *питéл шо úма пу-нóјсто пéра* [ПК,П, 37]..

Д

да́ (< даде) pf **1.**'отстапи нешто, го стави на располагање' ~ *а́п две́ ли́ри му-да́ зме́ут* [ДК, 142]; во северната регија (од Долновардарско) во употреба е и формата **да:** ~ *ја́ тăка́ нă-мо́ж до́: но́се же́на, не́кој вујни́к гу-зе́ме... не́кăде ак сă-на́:, па́ ќи-н-гу да́:* [ПК,II,219]; и: **да́ј** ~ *и уткáк и на ни́х му да́ј да́р нивéстта, кăто кра́јни свăто́ви и руди́ни шо́ си-о́дăт ќи и испрово́дăт* [УЕ,23]; **2.** 'дозволува' (нешто да се направи) ~ *гу-рăсту́рувум и не́ им да́:м дă-гу нăпра́вăт* [ПД,166]; сп. уште ~ *аку бо́к да:, ве́ле, си́нко нă-де́к о́диш ти?* [ПД,147]; **3.** – **(сă)*** 'го толерира насилството, допушта да биде повреден и сл.' ~ *ама то бил не́што рăзвра́тин чуве́к, пучна́л пу-же́:нте д-ај-го́не ... Дур не́ка: не́ се́-ј да́ла и се́кăл ци́цкăта и же́нта умре́ла* [ПК,II,221]; сп. **даде.**

д (< *да* – во позиција пред збор што почнува со вокал) conj (служи за дополнување на глаголот од главната реченица) ~ *ама то бил не́што рăзвра́тин чуве́к, пучна́л пу-же́:нте д-ај-го́не, та́м, д-ај-зака́чуве* [ПК,II,221]; – се среќаваат аналогни примери со **да,** односно **да:** (< од сврзникот **да** + кратката заменска форма **ја**) ~ *вујни́ ца́ро пушчи́л, нă-мо́жăт да: зе́мăт* [ПД,154]; ~ *дај да: зе́м, да: но́сум во́нка* [ПД,151].

да̣ conj (во приредени реченици): **1.** копулативни (кога се набројуваат последователни дејства, наместо **и, та**) ~ *измиќа́рут па́, и то́ шо́ не́-ј али́з офча́р... а уста́ва о́фцити, да бе́га* [MV,K,311]; ~ *и туга́с то́ј са нау́ми за гудини́цата да сă трукали́ глава́та*; ... *и за ми дад'е́ш' иди́н диса́јќ пари́ да да ја́хна ко́н'ч'а̣ту да да*

си прим'ăн'а пујнóш пу рýбата [MS,s,18]; **2.** во адверсативни реченици, наместо **ама, но** ~ *распалájти ми, да видéјти ми; шо и́ма дýша и снáга, да* (= но) *кóски нимáл* [MV,K,335]; ~ *па шо фájда и́ма човéк, áку да пувéли сăти л'ýди, да* (= но) *ки загýби нéгувáта дýша* [MV,K,284]; **3.** во дисјунктивни реченици (наместо **или** – **или**) ~ *да и́дам, да ни и́дам* [MS,s,18] (со два напоредни смисла = да одам или да не одам).

да conj (во подредени реченици): **1.** со последично (консекутивно) значење, наместо **што, така што**: ~ *и́ сă н'емладúсат крилáта, за ти утинц'áјат да за пáниш' у мур'éту* [MS,t,58]; **2.** со кондиционално (условно) значење – (**да** = ако): ~ *вилú* (всушност прашува): *"да ја вúдиш', да ја пузнáш' пáк?" – "да ја вúдим, ја пузнáвам!"* [MS,t,26]; ~ *јаз да не се скрија пуд идно камилцко самар / да ме фатише ти, шо ки ми чинише?* [ME(B),264]; ~ *амá т'ạ ни пýш'там в'éјки и да т'ạ прустú тáтку-ти ... ни знáјат, иксú да знáјат да дóат* [MS,s,18]; **3.** со финално (целно) значење ~ *прати и минsúл сос писмá на óниј џифаирџúа да си научú дáли е úстина товá, што кáза Кулуф* [V,PM,12]; ~ *вúд'ạ инá пóрта утвóрина, фл'áзи тáм н'éтр'ạ, дúј да сă скрúј* [MS,t,56]; ~ *тојнака живот нема да живува, ча јазика гу имам утруван, туку сечи му роговиту да гу изјадам* [V,PM,80]. Заб.: глаголската конструкција **има (нема) + гл. придавка** во примеров ја презентира постарата состојба: постои конгруенција меѓу придавката (*утруван*) и предметот (од м. род); се јавува и како сложен сврзник (**за да**) ~ *и трăгнува суфéринут пр'áв'ạ за да пóј на палáт'ут* [MSt,83]; **4.** 'со декларативна употреба' ~ *му вилú да пóј дóл* [MS,s,18]; **5.** 'во декларативно-интенсионални (комплетивни) реченици, наместо сврзникот **дека**' ~ *аку нé ти вúждах тéбика, ки вéл'ах да е óна нáј-хубава на земјáта* [V,PM.9]; ~ *видé на чешмáта да пúши еднó пúсмо такá: "кóј нé ки пúј от тáја вóда едúн тáс, мăж не си брóи, от жéна по-олчáк ја!"* [V,PM,122]; ~ *кату сед'áши на хáнот, едúн ден чý једúн тел'áл да продáва еднá кăшта, да га тéра трúста хил'áда грóша* [V,PM,15]; ~ *тогáс чýл брáт му за нéгу, áма не знáиши и нúту клáваши на умóт да е нéгов брáт трагóвец* [V,PM,15]; ~ *малкио, кату видел брат му да бега, оставил бабите, та фатил и тó по брат му да тăрче* [ШК,V,420]; во примерот што следува има двојна употреба на сврзнички сигнали: **дека + да** – со исто значење ~ *утринáта, кату са научиха граждáните нéгови и комшúите, са почýдиха, дéка да и добúл тóј на пет-шéс годúни толку стóка и да си чúни тóлку богáт човéк* [V, PM, 16] (дадовме богата егземплификација, бидејќи се работи за необични конструкции, непознати во македонскиот стандард; за споменатава

архаична употреба на сврзникот **да** в. поопширно во уводниот, граматички дел); **6** со темпорално значење ('кога'): ~ *нахо́ж'да ца́рува́та мо́ма да спи́* [MS,t,36]; **7.** во релативни реченци (наместо сврзниците **што, кој, којшто**) ~ *"н'а́сă ја́с кăту́ ва́м будала́ да фа́там н'е́с, ш'у хо́д'ăт пу зим'а́та, ја́с фа́ш'там да л'а́тат на вит'ро́т"* [MS,t,75]. ~ *и ја пăта: "ми ни ка́зуваш', ч'е́нду, ка́к та́с то́јта ра́бута да си то́лку диб'е́ла?"'* [MS,t,84].

да num 'два' ~ *јути́де на едно́ м'а́сту и најде́ да челове́ка* [V, PM,262].

да-така adv 'потоа' (дури тогаш) ~ *после и колакот големојут двамата ки го разбијат на два комати, да така за седнат, да стор'ат здраво-живо* [V,PM,251].

да part **1.** за образување на кондиционал, наместо 'би' ~ *и така на 105-годишен човек – ала(х)-билир може да и повиче – кăсмет биде да пул'ам на стари години* [MC(B),77]; ~ *му ве́ли гимициата: "господи́не, о́шти не́ма да и́дими на господа́ру? Тој сега́ мо́же да* (сп. 'можеби') *ни ча́ка"* ... [V, PM,14]; ~ *аку немам тиа камени вăрзани аф ногите ми, можи-да* (=можеби) *да пристăпнам"* [V,PM,44]; **2.** 'изразува блага заповед – нека' ~ *му ве́ли: "така́ не зна́м ја́зика да сăдјам; да́ изл'а́зи и змија́та на зе́мјата и двата́ да́ ви гле́дам, тога́с да ви сăдјам!"* [V,PM,111]; **3.** за изразување на желба ~ *му ве́ли на граматикот му: "а бре́ си́нку, зарди́ ме́ника то́лку што си теглил, ти́а пари́, што́ бера́ от та́му, си́чките да са́ тво́ја"* [V,PM,25]; **4.** за изразување на идност, наместо партикулата **ќе** ~ *и отиде да улови, дека да најди, от чешмата мајката, и терајке-терајке га најде и га затăкна* [V,PM,42]; ~ *по́пут ... саха́тут гу им'а́ш'и у ранка́та и гу гл'е́ндаш'и, кога́ да до́јди о́сим* [MS,t,68]; ~ *му отговори: "зашто сам бăрзоходец та, аку немам тиа камени вăрзани аф ногите ми, можи-да да* (ќе) *пристăпнам"* [V,PM,44]; **5.** за засилување, во комбинација со парт. **ќе** ~ *и стана да си бега, и змиата по негу киниса. Татку и́ га вели: "дека ке да идиш тинака, керку?"* [V,PM, 80]; ~ *ке да ти дават момите му, да ти оженат сос млогу стока* [V,PM,85]; **6.** за засилување на условноста, во комбинација со **ако** (укажува на резултатот што е последица од одредени услови) ~ *да му тераш четиријси мулита и четиријси чифта хорали празни, ча, аку да га земиш момата, сака да товариш и прикиата* [V,PM,43]; ~ *па шо фа́јда и́ма чове́к, а́ку да пуве́ли са́ти л'у́ди, да ки загу́би не́гува́та ду́ша* [MV,K,284]; **7.** 'изразува согласност, одобрување – нека' ~ *"а, а, за ѓунлуци не плаќам, кој сака, да седи, а кој сака, нека са вăрни"* [MC(B),90].

да не part 'прашално, изразува несигурност, дали' ~ *викаха: "ај Трајко! Ај Трајко! Да не виде една кобила с две ждребин'а?"* [MC(B),86].

даап interj 'укажува на извршување на некое дејство (отворање)' ~ *о́де пра́о нă-пинцéрта. Даап пинцéрта, ă-утвуру́ва*

[ДК,134].

дава́ f 'конфликт, кавга, тужба' ~ *фа́тиха да сӑ ка́рат: "јо́к ја́с за ја в'е́нам, јо́к ти́ за ја в'е́ниш'!" Ути́ди дава́та дур на ца́р'у* [MS,t,19]; ~ *кади́ја би́ш'и Настради́н–хо́ц'а. Му вили́ "јас утр'ӑ за ја ви́д'а тфо́јта дава́"* [MS,t,55].

дава́аштем adv 'давајќи' ~ *дур зе́вӑт ца́рут дӑ-му-ӑ-да́де та ша́пкӑта нӑ-не́го дӑва́аштем сӑ-сто́ри про́со* [ДК,141].

дава impf **1.** 'врачува (подава), остава нешто на располагање' ~ *с'е́дна на суфра́та па́к каздѝсан и то́ј близно́јут-му аратли́к му да́ва ви́но сӑс фарма́јќ* [MS,t,60]; ~ *ја з'е́ва нас кни́га Анг'елус Кири́ју, му ракч'е́хнува, му пи́ш'и, ина́ дру́га кни́га му да́ва* [MSt,17]; ~ *отговори му: "бра́т ми са́каши да до́јди сега́ со́с ме́ника, а́ма и́ма та́мука да зе́ва да да́ва верисента"* [V,PM,19]; **2.** 'враќа' ~ *те му вел'ат: "го биими, зашто тос христианин борчлиа ни б'аши, имаши да на дава триста и педесет гроша"* [V, PM,173]; **3.** 'отстапува нешто според извесна надокнада, продава' ~ *Катарина вино пурдавала... / на терзији вино не давала* [ТГ,196]; ~ *па́к изл'а́зи ца́р'увата мо́ма, му вели: "ко́лку га да́ваш смо́квите?"'* [V,PM,29]; ~ *ни́фте-ї да́вӑхме ус-ке́сим, јӑрја́* [ПК,П,319]; **4.** 'храни, остава храна на човек (или животно)' ~ *по́чнӑт дӑпура́снӑт, ќи-м-да́виш ли́ста, гра́нкички, ли́ста мӑле́нки, лӑста́ре ут-цӑрни́чки* [ПК,П,215]; **5.** 'родителите даваат согласност ќерка им да се омажи ' ~ *гуле́ма би́х... Ка́к не, туга́ј ас са́кӑх ерге́н, туга́ј. Ми́це Го́шовјо: ерге́н би́ше, мӑ-са́кше ме́н, а́ма не́ мӑ-да́вӑха уд-до́ма* [ПК,II,343]; ~ *му вели: "брате, ету фалан богат ти дава момата му сос толку стока, еди-друг ти дава толку хил'ади гроша и момата му"* [V, PM,85]; ~ *мори, што ме даде, мила ле мале /... на куќа бугата, мале / мори на момче малечко, ле мале* [ТГ,141]; **6.** 'прави некој да биде болен, го казнува' ~ *и́дӑ ѓа́вуло нӑ-ста́рио му-да́ве е́дна ќе́л', една кра́ста, сӑт ра́ни стӑна́л и л'у́то дӑ-бе́гӑт уд-не́го* [ПД, 144] (сп. клетва ~ *дӑ да Го́спо аи́р дӑ не́ ви́де* = да му се случи несреќа) ; **7.** 'дозволува' ~ *и не давум преко нихка пиле да пралета* [ТГ,40]; ~ *гу-рӑсту́рувум и не́ им да́м дӑ гу-нӑпра́вӑт* [ПД,166]; ~ *ма́лкоту си нара́сти, се́ мӑ́жки дре́хи му кла́ваши цари́цата и на дру́г не́ да́ваши да гу ба́ра* [V,PM,111]; **8.** 'го отстапува, односно дозволува да биде фатен и да му се направи зло' ~ *са мачиа они да не го дават човекот* [MC(B),71]; **9.** 'овошно дрво раѓа плодови' ~ *грозде да дават сус туваре / да си варме слатук пикмез* [ТГ,435]; ~ *ди́ву не́што, пло́дно не́ко: дрӑ́фце, али ло́ши пло́дуве да́ве. Диву́рката тре́ба дӑ сӑ кӑле́ме* [ПД,124]; **10.** 'остава противвредност (пари) при купување, или размена – плаќа' ~ *на те́бика ти каза́х за да зна́еш, ка́к си да́ва един гро́ш за ри́ба!* [V,PM,17]; **11.** 'набира млеко' (крава или овца) ~ *уд-о́фца мле́кто но́го-ј дибе́ло, ама ма́лце да́ве*; **12.** изр.: **да́ве цуа́п** (= ги надзборува другите, не допушта

да му биде припишано нешто лошо) ~ *е, е, е таквá-ј Лúна, бăрбаѓúкта, óна нă-стó дýши ѓуáп дáве* [ПК,П,159]; **му дá-ва мјухлéт** (= му одредува рок – за некоја важна работа); **ни-н дáва рăнка** (= не се решаваме, не ни е драго) ~ *"бóлкит'а ни кáцат, амá на нáм ни-н-дáва рăнка да рич'éми, ч'а ни кáцат, заш'тó л'уд'éту н'éма и-сă разбул'áват и такá ни глáдни за устáними!"* [MS,t,42]; **дáве гóзба** (= прави веселба) ~ *óдма дрýгăта дéн дáве гóзба, ги-збéре сúте кој уд-дéка* [ПД,169]; **дава одговор** (= одговара) ~ *кујумѓúте са чýдет, кáк да си чúни тáја рáбота, на цáрјут му вéл'ат: "ефéндим, да си чýдими мáлко, типăра ти дáвами óтговор"* [V,PM,137]; ~ **дáвам нóјма** (= со таен, но договорен, знак соопштува нешто)' [MS,s,20].

дáве impf 'убива со давење, со задушување, пр. кога потопениот во вода останува без воздух и умира' ~ *уд-нóгу вóда шу-гридéла ут-плăнúнта и му гу дáвăл дубúтукут, туга сил'áјнте зăфăтúле дă-прáвăт кýјки нăкăј плăнúнăта* [ДК,153]; *нивистýл'кта-ј дáве пúлчките* (= невестулката ги дави пилињата) [ПК(Г)].

дáвани n 'прави нешто достапно, да може да се земе' (чл. *дáван'éту*) [MS,s,20].

даванúна f 'давачка што се дава на власта, данок' ~ *кáк видéха такá, поклонúха глáва на Половúнмицáн и му дáдоха двáјсигодúшна даванúна* [V,PM. 108]; ~ *имáло ... човéци, што-то бéха млóго асúи: даванúна на цáрју не му дáваха двáјси годúни* [V,PM,107] ; ~ *нá цáрчината ... сúчки плáштат еднá даванúна* [V,PM,115].

давацúа* m 'тој што тужи' ~ *јаз имах на Стамбул давации и не можех да одам, и го пуштах него с други л'уди* [MC (B),82]; ~ *о-тáмо грăнчáринот и ширланѓúйата отúдоха на кадúата, давацúи са чинúха, сáкаха имáниту от барлúвојут* [V,PM,127].

давацилук m 'тужење, спор' ~ *тогас те фатиха јако давацилук сос него, га алтуниту от него ги сакат* [V,PM,181].

давиа* f 'тужба, судење, процес' ~ *ама јуруците имаха ил'ам от пашата; затуј ни сардарот не можеше да направи ништо и а пушти давиата на Солун... напкун чиниа давиа јуруците на пашата, си собличаха голи, сини от ќутек* [MC (B),74]; [V,PM,365]; и **дăвúй** ~ *нéма гáре дéкă дóт ут-пóпăфта дăвúй* [ПД,162]; уште и **давá**.

давлúф* adj **1.** 'земја (нива) што раѓа богато'; **2.** 'овошно дрво што дава многу плодови' [MS, s,20]. Ова значење што Малецки го посочува од Солунско, од другите долновардарски говори не ми е познато, но имам забележано подруго значење: **(за)давлúф** 'плод од овошје (пр. дуња и сл.) што има малку сок и при јадење задавува' [ПК(Г)].

д'áвол (и: **дјáвул**) m 'натприродно суштество, симбол на злото' [MS, s,23].

д'авóлцки adj 'она што му припаѓа или прилега на лошиот дух' ~ *му дáл на них пувéла наврас д'авóлцките рăги* [MV,

K,323].

д'аволча* n, dem. од 'дјавол' ~ *д'аволчато са-дрăпновало и са-мăчило да побăгнă, ал как видăло чи нăма кортолуш...* [V, PM,290].

давран маин изр. 'застанете, не мрдајте' ~ *а он как фати да бега, нија гледáки на него, што се залуде туј, а зад нас јуруцките с пушките, кринати викаха: "давран маин"* [MC(B), 73].

даврандиса (си) pf **1.** 'се противстави, почне да дејствува' ~ *царцките л'уди извадили сабите, да гу заколат. Детенто по-напрет си даврандиса, сос един бардак и уклавал петнајси души* [V,PM,225]; **2.** **дăврăндúсе (сă)** 'се поврати (поправи) по прележана болест' [BV,41]; ~ *нóго-ị слáп, гл-идáјте мáлччко дă-сă-дăврăндúсе* [ПК,П,41].

дада f 'девојче што се грижи за мало дете – бебе, додека мајка му работи в поле'. За помошта околу детето во летните 3-4 месеци, кога мајката работи в поле, како награда на *дада ú* се купуваат кондурчиња и фустанче [ТГ,117].

дад'é (и: **даде, дади**) pf **1.** 'на некого му стави нешто в рака, му подаде, односно го остави покрај него' ~ *гу фарлú н'éтр'ạ у мур'éту и сă вăрна да му дад'é лúрата* [MS,t,70]; ~ *за вéзми кóниту, за ха напýј, за му дад'é да идáт ч'умéн'* [MS,t,67]; ~ *вил'áт паш'áта и валúту "óш'ти н'éма за ни дад'éш' да-јăд'éми?" – "Н'ăј варéна мáнụ'ата óш'ти!"* [MS,t,55]; **2.** 'подари' ~ *ọ-тáмука пáк кинúса, отúде на друг грáд, и там Госпот му дадé едúн кăсмéт* [V,PM, 8]; ~ *на нáјблúзнију аратлúк му ни кáза, кутрá ипархúја за му а дад'é* [MS,t,60); **3.** 'роди нивата (дрвото) – донесе (даде) плодови' ~ *нă Кạрá Тупрáк нúạфта нúшто нé дạдé вáа гудúна* [ПК(Г)]; ~ *и нáз гудúна сăфт'é сăфт'é за дад'é пóмрăва грóздици* [MS,t, 4]; **4.** 'одреди казна' ~ *и пнивмáтику сă ч'ýди, ш'тó канóн да му дад'é, н'éгувúт'ạ гр'ăхуви бис кандáр' бúха* [MS,t,43]; **5.** 'награди, плати' ~ *за пијéш' иднó кафé, за му дад'éш' на д'ăт'ạнту за иднó кафé иднá лúра* [MS,t,82]: **6.** 'вработи' ~ *сă ч'ýд'ạш'и на ш'ó рáбута да гу дад'é* [MS,t,81]; ~ *нáва капитáнинут и гу пăта: "јáс брăкам рáбута, áку úмаш' да ми дадéш"* [MS,t,84]; **7.** 'вклучи во некаков аранжман, ангажира' ~ *и јáс кутý сирумáх ч'ув'ăк битúсах скул'óту, м'ạ дáди мáјка да сă наýч'ạ занајáт'* [MS,t,87]; **8.** 'родителот изрази согласност ќерка му да се омажи (за некого)' ~ *тука имаш поклон от цар'ут, сака вашата керка да му га дадеш* [V,PM,45]; ~ *мори, што ме даде, мила ле мале /... на куќа бугата, мале / мори, на момче малечко, ле мале* [ТГ,141]; **9.** 'продаде' ~ *да му ги дам на Георговден јагăнца, и 12000 оки трева, ... му ги удавил, и 40 лири пари от кăшлата долу а дадел* [MC(B),87]; ~ *áрна ej jóнụата, áма за кóлко ќа-дáде* (детелината е квалитетна, но колку пари ú бара); **9.** 'дозволи' ~ *нé дạдé чувéк дă-стăпне уф-двóрут* (= не дозволи човек да влезе во дворот); **10.** 'во вимето набере

млеко' ~ *и́мăхме адна кра́ва, а́ко: ра́ниш но́го млéко ќи-даде, ама устана́ до́лце*; **11.** – **(си)** 'се случи' ~ *си прикажу́ваа су нéгу... вел'а́ле за у́мир нéгуво, шо ки си да́диши на Јерусали́м* [MV,K,327]; **12.** изр.: **дадé насаáт** (= докаже) ~ *си разл'ути́л и му вéли: "а́ма ви́а сирома́сите и зна́ите мло́гу да врéвите, и не можи нéкој да ви дадé насаáт"* [V,PM,17]; **да́де пра́вина** (= прогласи некого за невиновен), односно **да́де кри́вина** (= прогласи за виновен) ~ *по кра́ј морéту и гу најдо́х товá човéк та́мо, и ми казá си́чко, што истрада́л... но не чини ха́рно, што му дадé пра́вината на тиа, а на товá човéк сирома́х кри́вината* [V,PM.8]; ~ *на трéтиа рекăл:* **"на тéб'а Го́спот нека дадé!"** (пожелување) [V,PM, 254]; **даде по плешчите** (= изнатепа некого) ~ *тога то, ка га видел на такăф хал разбрал оти била пиена и га фанал сос едно дăрво, и и́ дадел по плешчите* [ШГ,V, 417]; **даде заповед** (= нареди нешто да се изврши) ~ *адно време адин цар дадел една заповед* [ШГ,V,417]; **даде молитва** (= благослови) ~ *дéтето... оти́де на та́тко му, му вéли: "та́те, да ми дадéш твójата моли́тва! ја́зе ќе да́ и́дам да си тéрам кăсмéт* [V, PM,207]; **да́ј-си по́пе жéнта, а ти́ (о́ди) уф-дăрмите** (се кажува кога од некого се бара она што и нему му е потребно) [ПК,П,159]; ; **да́ј-мо: ста́по** (откажи ја соработката, набркај го) ~ *а́к нé рабо́те ка́ трéбе, да́ј-мо: ста́по, а́јт сузда́ве* [ПК,П,159]; **да́ј-ми, на́ти** (се кажува за некоја нерационална, формална размена – земање, давање) ~ *шо́ па́ мј-о:-но́сиш, нé ќи-пра́вме да́ј-ми, на́-ти* [ПК,П,159]; **да́ј-си са́бур** (зборови на поткрепа кон човек што доживеал несреќа = смири се) ~ *го́спуди да́ј-му са́бур, дă-мо́же си-ј чу́ве дéцта* [ПК,П,159]; **да́л-Ко́л'о, зéл Ко́л'о** (се кажува кога нешто се прави формално, пр. кога ќе даде нешто, но потоа ќе го поврати даденото) ~ *то́о-ј: ќи-ми-до́нциш, ќи-ти-до́нцум, то:-ј да́л Ко́л'о, зéл Ко́л'о* [ПК,П,159].

да́дина adj (само во ж. род) 'свршена, односно мажена' ~ *"ба́бо, вéле, да́дина-ј мо́мта". И гă-да́ве мо́мта. Нăпра́ват адна сва́дба, адна чу́дба* [ПК, П,263].

д'а́ду n 'вид јадење – исецкан џиѓер од младо јагне ставен и печен во желудец, ширден' [ВС(Д),69].

даи́ m 'брат на татко или воопшто постар човек' ~ *тогас ќусе даи́ му вели на него; "ја́зе ти изваждам, ама си закăлнаваш, за да не кажиш на д'адо ти"* [V,PM, 207].

дај Будобро 'отпоздрав на *дубрувечар* (односно на *добăр ден*) ~ *ја и ричех, мале, дубрувечар / малој моме! / она не ми риче, мале / дај Будобро* [ТГ,51].

дајак m 'тепање, удирање, ќотек' ~ *ка ручах хубаво, чиних хазăр кон'от, оште един дајак му дадех и го накарах да оди пред мен* [МС(В),91].

дајлан adj , fig. **1.**'висок, виток (пр. младич)' ~ *на госте да*

јоде јуф негув крштеник / јуф негув крштеник дајлан ми Гоце [ТГ,276]; во долновардарската регија присутно е фамилијарното име *Дајл'áнци*; **2. дајл'áн** 'заграден простор со мрежи во езерото каде што ловат риби'.

дáјма (: **дајамá**) adv 'непрестајно, секогаш' ~ *и на визúрја мислатá му билá дајмá на дéтето, а пак дéтето, катó са пришлé, ни казовало* [V,PM, 257]; ~ *и она му рече: "добр'а да дојдиш! И јаз имам мăж на курбет, дајма гу чекам да дојди: има сега петнајси години ни го чух, ни ме чу и он, не знам, жив је или омрен* [V, PM,163]; сосема исто објаснување за споменатиот турц. дава и Ст. Романски во речникот кон Зборникот на Верковиќ [V,PM,533]; меѓутоа М. Малецки во контекстот ~ *раж'анúната ... ја з'éват кúхајúту, ја зан'éват на мáдрата, ја прáјат за зимáта дајамá да мýј тóплу на уфц'ăт'ạ* [MS,t,67], поради немање можности да ги запознае деталите на говорот во Солунско зборот го објаснува погрешно: **дајамá** 'покриено, зимско трло' [MS,s,19]; еве уште една потврда од друг извор (од Кулакиското евангелие) за точноста на првоспоменатото значење ~ *óти нéговúти Ангели дáјма* (= непрестајно) *а глéдат лúцито на Тáтко ми* [MV,K,262].

дајрé n 'музички инструмент направен од кожа растегната на дрвен обрач по која се удира со рака' [ПК(М)].

дáк m 'рнд' ~ *пý-дáго* (по ридот) [ПК,П,38]; сп. *Карáдак* – планина во Кукушко

дакúка f 'минута, малку време' ~ *и си з'éват рăнка ... ут пéт' дакúка с'éтн'ạ трăгна пампóр'ут* [MS,t,84].

дакле part 'значи' ~ *дакле Кулýф ф морéту а тýка да си одáви, а тáмо, далгúте гу извадúха по-напрет тáмо, дéка сáкаши да излéзи* [V,PM.8]. Во Зборникот на Верковиќ примери со **дакле** има повеќе, но бидејќи при анкетирањето на бегалци од Долновардарско не го сретнавме, исто така не го забележивме и во други текстови од оваа регија, тогаш може да се заклучи дека запишувачот на приказните бил повлијан од комуникацијата со Верковиќ.

дáл* f 'гранка' ~ *лам'ăт'ạ сă скáц'ạха на висóкат'ạ дáлуви, хúтра Пéтри сă скáци на дóлнăт'ạ дáлуви* [MS,t,75]; ~ *му вилú: "ти да пóш' на идúн распăнт' да с'ăш' бустаннăк ... за с'ăш' и три глáвн'ạ на-пóпуку, кугá за вúдиш' да пýснат дáлуви, тугáс да знáш' , ч'ạ ти сă плат'éни гр'ăхувéту!"* [MS,t,43]; сп. **далка**.

дáл' conj (при индиректно прашање) **1.** изразува сомневање ~ *си-úде на-сéлуту и са-ч'ýдеше, дáл зéме н'áшту*]ВС(Д),81]; **2.** 'можност, условност – ако' ~ *бугáрска вóјска нéмше, слáбо нă-Сóлун, дáл' úмше адна дивúза, нéмше ајн-две пóлка* [ПК,П,218].

дạлвéра f 'нечесна трговија што најчесто се прави во време на безаконие, пр. за време на војна' [ПК(Г)].

дạлвéрашúа m 'човек што се има збогатено на нечесен начин, без норми и закон (особено во време на војна)' [ПК(Г)].

да́л-фа̄су́л' m, bot. Faba 'вид грав, расте високо, најчесто се сади со пченката за да се витка по неа' [ПК,П,38].

дала́к m **1.** 'внатрешен орган кај човек или животно – слезина' ~ *сплúна вúкиме нúа̄, а Ту́рцте вúка̄т дала́к* [ПК,П,239]; **2.** 'болест, станува оток на кожата'. Се лекува така што се зема кора од орев и се става на отеченото место. Потоа кората се става во оцакот да се суши. Народот верува дека *далакот* ќе се исуши и ќе исчезне, исто така како што се суши кората во оцакот [ТГ, 242].

далдúсе (си) * pf **1.** 'се нурне некаде'; **2.** 'се занесе по нешто' (пр. по нечија убавина, по некоја идеја и сл.) [BV,40]; ~ *си искарах шарен кафал / си засвирех спурти нихка / далдисах си в кафал* [ТГ,338].

дале́к* adj, 'далечен', орр. на близок ~ *си утúди на дале́ко ме́сто* [MV,K,281].

далеко (и: **дале́ку**) adv **1.** 'на извесно растојание, орр. на близу' ~ *как тегли концот, тиквата фаќаше да прај гăр-гăргăр – много на далеко се слушаше* [MC(B),86]; ~ *утúдуха млóгу дале́ку на ина́ пул'а́на, ги замрач'а́ та́м на на́с пул'а́на* [MS,t,46]; во примерот: ~ *напкун они пуштија един човек колко един сахат далеко от селото* [MC(B),87], оддалеченоста се мери со времето потребно да се стигне накаде; **2.** 'долг период од време' ~ *о́ште ќ-úма зúма, дале́ко-і ле́тто* [ПК(Г)].

дале́ч' adv, орр. на близу (далеку) [BC(Д),62].

далеч adj 'далечен, орр. на близок' ~ *му рекох: "дојдох от толко далеч пăт, ки влезам да га видам"* [KC(B),87]. Сп. **далечин.**

дале́ч'а (и: **дал'е́че**) adv, орр. на близу ~ *а пак хала́јтката, ка гу видела от дале́ч'а, позна́ла го и ка́зала на маж'а́ си* [V, PM,255]; ~ *и като́ вăрв'е́ше, вúде от дал'е́че адно н'ашту като́ два бúола* [V,PM,261].

дале́чин* adj 'тој што не е близу' ~ *отúде на едúн гол'а́м базирґа́нин, са главú таксилдарин, да му бере́ верис'а́нта по дале́чните места́* [V,PM, 20]; ~ *вјáхнали на бăрзи ко́ни да по́дат на чу́зда зе́мја дале́чна да прода́ват цифаúрите му* [V,PM,26]; ~ *ти са мо́л'а да ми зе́миш, да ми отне́сиш на не́кој дале́чно ме́сто, да си цја́нем на́ не́кој човéк* [V,PM, 108]; (формата **дале́чно** – освен за ср. се употребува и во комбинации со м. род).

дали́ part 'прашално: може ли, зарем' ~ *и ве́ли на ста́рата: "ај ба́бо, дали́ ми да́ваш една́ дивójка о-те́зи?"* [V,PM,9].

далга́ f **1.**'извесна количина вода покрената од ветар, бран' ~ *ету гле́дат едúн човéк на море́ту, една́ дăска úмаши под не́гу и си бо́риши сос стра́шните далгú* [V,PM,24]; ~ *а ту́ка да си ода́ви, а та́мо, далгúте гу извадúха понапрет ... гу фăрли море́ту на сухо* [V,PM,8]; ~ *кундúса ('с'е́дна') и то́ј на идна́ ада́... и та́м ч'а́каш'и, бе́лки гу фарлú далга́та икаро́ту на су́ху* [MS, t,58]; [BS,41]; **2.** fig. 'состојба на голема презафатеност' ~ *уф-гуле́ма далга́ сме*; **3.** fig. 'кога организмот е опфатен од

голема температура' ~ *уфдалга́ е́ј* [ПК(Г)].

далгӑч m 'пливач' (тој што е меѓу далгите = брановите ?) (*далгӑч'ка* 'пливачка', *далгӑч'а* – pl) [MS,s,19].

да́лка f 'дебела гранка од дрво' [СК,322]; сп. **дал.**

да́лч'а* n (dem. од **да́л** 'гранка') ~ *си удри́ва Ифти́м'у т'уфе́ј́ку на ра́муту, прумі́на прис главн'а́та, ги гле́да главн'а́та сӑ пу́снали филі́з'а (да́лч'анта)* [MS,t,44].

дама f **1.**'одбележани квадрати на нивата (со помошта на јаже) според кои се садат дрвца, пр. *црнички*' [ТГ,408]; **2.**'игра слична на шах' (најчесто ја играат мажи), [ПК(М)].

дама́р m 'потекло, род, раса' ~ *от до́бӑр дама́р* (за човек, коњ и сл. = од добар род) [BS,41].

Дамбуво n, top. 'име насело во Гевгелиско – со зачуван назализам, што во живиот говор, се изгубил' (се однесува на период од почетокот на нашиов век) [ТГ,428].

да́мга f **1.**'точка на, sид, на облека (од боја, мрснотија и сл.) – петно' ~ *адна́ да́мка удри́л нӑвра́тта, дӑ-сӑ-зна́: уф-ко: кӑшта дӑ-сӑ-вӑрнӑт* [ПД,170]; ~ *ко́ј не́ ки-до́јде, ко: кӑшта не́ ки-до́јде дӑ-зе́ме па́ри да: биле́јште, дӑ-ј у́дрите да́мка, дӑне́-зӑбӑрките, уф-то́: сӑ-па́:рте* [ПД,170]; во Серско **да́мка** 'петно на алишта, на лице' [ДС(Ч)]; **2.** 'печат, знак' ~ *они му рекоха: "как го продаваш?" И тој им рече: "по една дамга ва удривам на ганзот"... му удри по една дамга и на двамината и мо даде за пиле млеко от бивол млеко* [V,PM,160];[BV,41]; **3.** **да́мгӑ** 'пега на лице' [BC (Д),67]; обично во мн. **да́мги** 'жолти точки по лицето' ~ *и́ма пу-ли́цто бра́дуфци, да́мги, да́мги им ви́киме, пре́хни нӑдру́ги ме́ста, ама ни́ӑ инви́киме да́мги* [ПК,II,240]; во Сол: **дӑмга́** [BS,41].

дамкалија f 'болест кај свилената буба, се јавува во последниот, односно претпоследниот период од развитокот'. Свилената буба добива по грбот сивкасти и црни пеги и за еден ден се разболуваат сите буби и умираат. Евентуалната помош се состои во тоа (ако се забележат благовремено) да се отстранат болните пред да ги заразат другите [ТГ, 412].

дамла f 'болест, излив на крв во мозокот, апоплектичен удар'; се јавува во синтагмите: ~ *оудри́ дамла́ (на то́с ч'увӑк)* или ~ *му па́дна дамла́* [MS,s,19]; ~ *шо да́ ви́ди! Он кӑту арсла́н, диме́к бе́л, цӑрве́н... а та ку́тра нивеста кӑту гла́мја... а нӑвидна́ гла́вта... а на́пкун пӑдна́ у дӑмла́* [УЕ,4]. Во својата немоќ роднините на болиот, кога го фаќа болеста, му ги тријат вратните жили, го удираат со шамари, на главата му истураат вода [ТГ,244]. Кај Будишевска: **да́мла** 'парализа кај човекот, обично како последица од излив на крв во мозокот' [BV,41]. Во Гевгелиско се вика уште и **ка́пка.**

дамлосан дамло́сан adj 'парализиран, обично како последица од излив на крв во мозокот' [BV,41].

Дана* f (возможно и **Дано** – во својство на субјект) 'ж. л. име во Долновардарско' ~ *та ја поклела и рекла: "Дано, керко, да сă хич не навревиш"* [V,PM,292].

Данајков Рид m 'име на рид во реонот на село Ватилак – Солунско' ~ *една вечар, каде сахатот три ноќа – му вел'ат на то место на Данајков Рид, там овци пасах – дојдеха двамина Арнаути право на мен* [MC(B),74].

данáк m 'млад јунец, теле' ~ *и а звадéјте данáкут ранéтито, заклáјти гу* [MV,K,281]; ~ *малéч'ку т'éла ут дв'ă гудúни* [MS,s,19].

данáчка f 'женско теле од 2 г.' [ТГ,373]; [ИГ,124].

дан'é adv 'дење' ~ *и такá ед'éше испишúн по еднá окá, по-сéтне двé, и сéтне по трú, дýр и девéндесéт окú го направи, на данé из'áваш'а* [V,PM,261].

дăнгăлáк m 'груб назив за крупен човек, недоволно интелигентен' ~ *н'о: бúве зăýчне, дáј му сáмо дă-шкúте кут-дăнгăлáк* [ПК(Г)].

дано (< дăнó*) n 'долната страна на сад' ~ *хеј мори, моме јубава... / што ти е бело то грло / куту на филџан то дано / филџан је палин ракија* [ТГ, 159].

данó 'дај боже' ~ *сúну л'у бре, Стујéни / пúтај, распúтвај / данó сă пýсти лáжје* [BC (Д),86]; ~ *и тó е-остá и мúслеще данó дă-омрјé* [BC(Д),78].

д'áолски adj 'она што е во врска со ѓаволот' [ДС(Ч)].

дáп interj 'имитира шум при брзо движење, бап, бап' ~ *нăинăш са-стóри идну триндáфел' дéтто. Он сă-стóри идну јáстреп, дáп пу нéго* [ДК,141].

дар* m **1.**'нешто дадено без надокнада, подарено – од почит, благодарност (за извршена услуга, за важен настан – свадба и сл.)' ~ *"не мога, синку, сос што да ти благодар'ам, туку нá ти о това кесе и това кепе дар от меника"* [V,PM,33]; ~ *јоште сум јас, лудо, мала и малечка / мала ем малечка, на дванаст гудинки / јоште немум азăр дари начинени.../ колко пари чинат твоји тенки дари* [ТГ, 199]. Заб.: во примеров ја среќаваме старата множинска наставка *-и* кај еднасложни именки *(дари)*; уште: запазена конгруенција во глаголските конструкции од *има (нема)* + *гл. придавка* меѓу придавката и предметот *(немум дари начинени)*, што презентира една постара состојба. Во пр. ~ *и утвурúле стóката, му дунсéле на нéгу дáр (бахчúш)* [MV, K,306] за словенскиот збор *дар* препишувачот на Кулакиското евангелие не бил уверен дека ќе биде разбран и затоа го дообјаснува со турц. *бахчúш* што несомнено укажува на многу силното турско влијание; **2.** 'прошка' ~ *ним да си чúнити катý óпаки жалóви... истúна вéл'ам на вáс, óти нéма да си нáјди дáр на нúх* [MV,K, 282].

д'áр'а f 'болест, неуредна столица, пролив' (дијарија) ~ *úмам д'áр'а;* сп. **дрúскам** [MS,s,19].

дáра f 'тежина на садот во кој се мери нешто' ~ *кúло и чéтвăрт бúше, ама о-рăчýнме кúло óти дрýгто-ј дáра*; сп. фраз.: *пóвиќе дáра, нéго мáсло* (= нешто многу неекономично)

[ПК(М)].

дара́к m 'направа за ситнење на грутките по орањето, брана' [ДС(Ч)].

дара́ци pl 'гребенци, направа (четка со железни заби) за влачење волна', ги има 2, долниот **дара́к** е неподвижен, а горниот има дршка со чија помош се движи – **пра́ф дара́к** – веројатно во врска со овде присутната употреба на **пра́в** 'десен' (доколку односниов **дара́к** се држи во десната рака). Сп. **гр'е́бинци** (– мн. форма, со исто значење) [MS, s,19]; [ДС(Ч)].

дар'е́н* adj 'подарен' ~ *фа́ти да ко́ли на л'а́ву на пра́ву да му сӑ наби́ рӑнка́та и изва́ди ца́р'у ино́ ч'увре́, ш'ту гу има́ш'и дар'е́ну ма́лката́-му мо́ма* [MS,t,35].

дари pf 'даде подарок' ~ *то́ј бирика́т н'ӑ курталиса; дур рӑнка́та му сӑ наклӑч'и и јас му ја врӑзах сӑс тфо́јту ч'увре́, ш'ту м'а дари́* [MS,t,35].

дар'о́ва (и: **дару́ва, дару́ве**)* impf 'дава подарок' ~ *гу и́маши мло́гу на севда́, и то́ј са благодари́ мо́шни сос ца́рјут и сла́виши Бо́га, што му дарува́ тако́в кӑсме́т* [V,PM,9]; ~ *пусе́стримте пе́ат: во́ди, бра́че, во́ди | прет ку́м да а но́сиш | кум ка а дару́ве | ду́јна ем нӑра́нsa* [ИГ,114]; сп. **дури́сува*** 'дава многу подароци' [MS,s, 24].

дарпа́н' m 'вид сечиво слично на сор, служи за сечење трње и сл.' [ВС(Д),69].

да́рпирупа́н adj 'нешто разнебитено, разрушено' [СК,322].

даскал* m 'тој што ги учи децата, учител' ~ *ја стори тесли́м на даскалите армасницата му, да припорӑнче да ја науч'ат сичко – от готвиш, от шиини, от врева, – штото от солунчинате да биде поразумитна* [V,PM,36]; ~ *му вили́: "на т'е́с пари́ да по́ш' да на́јдиш' иди́н ху́баф да́скал да са науч'и́ш' да п'ӑш'!"* [MS, t,26]; ~ *ти за ји вили́ш': "да́скалу м'а кла́ди мло́гу ма́тима за да п'ӑја"* [MS,t,31]; и **даскӑл** ~ *идну да́скӑл сӑнӑфа́шта су-не́го, диме́к, ки́уче* [ДК,130].

даскали́ца f 'жена што ги учи децата, учителка' [BV,41]; во Сол: **даска́ла** 'учителка' [B, 41].

да́та f 'означен, нумериран ден, месец, година' ~ *јӑ нӑ-при́мер ва́јн ко́лко сме, де́вӑт, де́сӑт, нӑ та: да́та, нӑ-то: де́н, нӑтре́тта гуди́на дӑ-сӑ-збе́рӑт си́те тро́јца ту́ка* [ПД,146]; ~ *ак са́ке не́ка-ј не́кој рӑбутни́к, ама ни́: рӑша́вӑме зӑ-ти́: тру́јцӑта и зӑ-три гуди́ни нӑ-та́: да́та тука, кој ки печа́ле по́вике пӑри́, мо́мӑта ки-би́де нӑне́го* [ПД,146].

д'а́ул m 'лош дух, сатана, ѓавол' (според народното суеверие) ~ *ако је кри́ф грабна́ка на варе́на коко́шка кӑм л'а́во, пока́зва чи и́ма д'а́ул фаф кӑшти* [ВС (Д),80].

дау́л (и: **да́ул**) m **1.** 'главина (= дел од тркалото, од запрежна кола, каде што се спојуваат спиците)' [ПК,П,38]; **2.** 'тапан' ~ *ину дӑул́ија су-то́ да́улут ду́мбӑл шу ду́мбӑл та́му, кӑ сфӑршӑл си-гре́де* [ДК,142].

Дафина f 'женско лично име забележано во Гевгелиско' [ТГ, 115].

да́фна f, bot. Laurus nobilis 'лавор' (зимзелено медитеранско дрво) [MS,s,20]; уште и кај Будишевска [BV,40].

даш'о́ **1.** conj 'бидејќи' ~ *и р'е́ч'и ... : "да́ј ми туфе́јќут, даш'о́ до́јх на ќе́ф, да́ј фиш'е́ци̑ту да гу на́пăлн'а!"* [MS,t,68]; ~ *"ско́ру, нив'ăсту, до́нисими да пи́јам мăра раки́ја даш'о́ сă умуре́нт!"* [MS,t,68]; ~ *"ди́рму н'е́мами о́да, да зл'а́зими на ниш'и́ту да е́змими о́да, даш'о́ и́ма е́ш'ти пе́т' дни пăнт' "* [MS,t,84]; **2.** adv 'прашално – зошто' ~ *туга́с лам'а́та сă упла́ш'и и му р'е́ч'и : "даш'о́ тăј уч'и́т'ạ ха и́маш' на вăнка?"* [MS,t,74].

д'ăду (и: **де́до, де́у**) m 'стар човек, дедо' ~ *хо́ж'да, гл'е́нда иди́н ста́р д'ăду; и му вили́...: "е́зми н'е́с но́ж'ниц'ạ, скри́пни ми мăра в'ăж'дит'ạ"*[MS,t,86]; ~ *им'ăш'и удбира́ну иди́н зимби́л смо́кфа за д'ăдуту и гу з'е́ва сăс н'е́гу* [MS,t,86]; ~ *дур дạ и́ сти́гне них, гле́дạт нăзăди и стриту́ве адин ста́р де́до ... и де́то и пи́те: "де́к тăка́ бре де́ца?"* [ИГ,109]; сп. **ста́рију д'ăду** 'на таткото татко, прадедо' [MS,t,54]; [MS, s,19].

д'ăгунд'ạ adv 'некаде, било каде' ~ *гу пи́та паш'а́та "хи́ч' ни ви́д'ạ д'ăгунд'ạ пуиди́н во́гни?"* [MS,t,54]; ~ *ни хо́ждам д'ăгунд'ạ* (= не одам било каде) [MS,s,19].

д'ăл m 'дел' (pl: *д'ăлуви*) [MS,s,19].

д'ăл'и* impf **1.** 'обработува, делка дрво'; **2.** 'дели' (разделува) ~ *"на́ на т'е́б'ạ ина́ каш'ќе́та и на м'е́н'ạ ина́ каш'ке́та" – сă д'ăлиха пу п'е́т' каш'ќе́ти* [MS, t,46]; ~ *на та́тку-му му сă усани́ха пари́; то́ј ги д'ăл'иш'и, ја́с ни канди́сувах* [MS,t,47], [MS,s,19].

д'ăлани n 'поделба, делење' (пр. на имот) (чл. *д'ăлан'е́ту*) [MS, s,19].

д'ăлка* impf 'делка, обработува дрво' [MS,s,19].

д'ăт'ạ (и: **д'а́те, де́те**) n **1.** 'човечко суштество во првите години од животот' ~ *гу ви́де момче́то да е мло́гу проко́псану, ги пита на чоба́ните...: "господа́ри, ва́шо и това́ д'а́те?"* [V,PM,146]; ~ *то: де́те рăсте́л, пурăсна́л, стăна́л нăо́сум гуди́ни* [ПД,154]; **2.**'син' ~ *сто́ри иди́н ч'и́ф крила́ на н'е́гу, му сто́ри и дру́к ч'и́ф на д'ăт'ạто́-му* [MS,t,58]; ~ *ч'урбаџ'и́јата има́ш'и ина́ мо́ма и ино́ д'ăт'ạ* (= имал ќерка и син) [MS,t,17]; ~ *искула́са Але́ксандро́ту ут скул'о́ту – и то́ј би́ш'и на ца́р'у д'ăт'ă* [MS,t,59]; **3.** 'момче, младич' ~ *"афу́ и́ш'тиш' ти́ да м'ạ е́змиш' м'е́н'а за мăнч' идно́ сирума́ш'ку д'ăт'ạ и ја́с т'е́б'ạ т'ạ з'е́вам"* [MS,t,83]; ~ *нара́сти на ч'урбаџ'и́јата мума́та, и́ш'ти да ја та́кми, гу ш'е́та ш'и́чкуту с'е́лу, ут тузи́ по́ху́баво д'ăт'ạ ни мо́ж'и да сă на́ј* [MSt,14]; **4.** 'машко бебе' ~ *за и ка́ж'иш' на н'е́ја за да м'ạ ни ч'а́ка и ш'ту за руди́ и́ти мо́ма и́ти д'ăт'ạ да гу крăстити Инса́ф* [MS,t,48]; **5.**'војник' ~ *такăм д'ăца* (военo одделение)' [MS,s,20]; изр.: **де́те уд-ма́јка ќ-уткра́де** (се кажува за многу вешт крадец, потврден во споменатава негативна активност). Во Солунско е забележан и сложен назив: **мо́ма д'ăт'ạ** 'вртипоп' [MS,s,20].

д'ăтинци n (dem. од **д'ăт'ạ**) **1.** 'дете' ~ *на-стр'ăш'та имáш'и инá мáндра; ч'убáниту ут-стр'ăш'та ги гл'éдаха пукрáј мéш'л'ăнтáта ч'ạ úма и инó д'ăтинци* [MS,t,16]; ~ *р'éч'и да фл'áзи и д'ăтинцéту, гу фáтиха ч'убáниту* [MSt,16]; **2.** 'син' ~ *ми дáди Гóспут' инá мумýш'ка, ја крăст'ạх Рисáнта, нá дрýгит'ạ дв'ăт'ạ гудúни ми сă рудú инó д'ăтинци* [MS,t,3].

д'ăтл'ạ n (dem. од **д'ăт'ạ**) 'дете, детенце' ~ *иднó вр'ăм'ạ иднá авдувúца им'ăш'и иднó д'ăтл'ạ* [MS,t,81].

двата num 'две лица, двајца' ~ *станаха двата от тамука, отидоха во стар'увата пештера* [V,PM,84]; ~ *тójнака са примени́ един такăм ú вéли на нив'áстата: "кú úдими сегá нá хóрото, двáта да си фáтими"* [V,PM,131]; ~ *и тăј ја фáт'ạха двáта хáркумáта и ја тýрнаха удáта у бăнч'вата* [MS, t,68]; и: **двата́** ~ *му вéли: "такá не знáм јáзика да сăдјам; дá изл'áзи и змијáта на зéмјата и двата́ дá ви глéдам, тогáс да ви сăдјам!"* [V, PM,111]; од примерите се потврдува дека формата **двата** одговара на бројната именка 'двајца', но специфичноста на споменатава форма: дека "се однесува само на живи суштества од м. род", во овие говори (поради мешањето на категоријата род) не важи; имено во примерот што следува формата **двата** се однесува на живи суштества од ж. род (= двете) ~ *ама кој́á жéна мóжи да чува скрúшна лакардúа аф сăрцето ú?...каде шестиј чáс дојдé мáјка ú на пóвиш да га повиди и, кату зборýваха двáта сос мáјка ú...* [V,PM, 30].

два-тринајсăт num 'приближен број од 12–13' ~ *оште сум мала малечка / на два-тринајсат гудинки* [ТГ,37].

два-троица мина num '2 – 3 лица од кои едниот мора да е од машки род' ~ *напкун ú рабрах ја, дето крадат овци, пуштих два-троица мина от вечерта: "А да оти да ги најдите, они сега варат месо"* [MC(B),91].

дваица num 'две единки заедно од кои едниот мора да е од машки род' ~ *ка си отидох тамо, ка запалех оген, кога фатиха дваица ела, троица ела, как си најдеха* [MC(B), 75].

двáј-штúри num 'број 24' ~ *двáј-штúри сáата ус-адúн кăнáп и тăкá, тăкá зăгинá* [ПК,II,239].

двáјс-óсми adj 'број 28' ~ *твá биде нă-Бугóрјца бáш, нă-двáјс óсми áвгуст* [ПК,II,227].

двáјсе (и: **двáјси**) num 'број 20' ~ *óт гу-сăрдúсăт тýрцкуто сéло, кó-збéрăт нă-мăмúта: "дáј-ти пéт лúри, дáј ти дéсăт, дáј ти двáјсе лúри"* [ПК, II,217]; ~ *"алтăни и сребро ми давали, не сам земал, да си чинам кату татко ми чорбаџиа, но земах един тас, што не вр'аднува двајси гроша"* [V,PM,277]; ~ *напýлнувáми двáјси, трúјси калáм'а аналóгус на мутувúлата, ш'ту за снувéми* [MS,t,6]; и: **двáјсăт** ~ *нạ св. Атанáс ... уф Стујáкăво гóстаа, прáваа курбáн двáјсăт-трúјсăт кýки* [ИГ, 118].

двáјсдéвит num 'број 29' ~ *арáм дạ-му бúде, двáјсдéвит гудúни јáлува бúј и сéга са-чинú тú па сéа дă-та зạкóл'ат* [БМ,

199].

два́јси и́-пит num 'број 25' ~ *му вили́: "а́финдико́, на кири́јата и ги дука́раха т'е́с н'ạш'та́ за два́јси и́-пит ли́ри"* [MS,t,12].

два́јсич'е́тир num 'број 24' ~ *гу кла́вами пла́тнуту н'е́тр'ạ сту-ји́ два́јсич'е́тир са́тạ* [MS,t,8]; ~ *си разбол'а́ те́шка бо́лка, гу зафтăкна гăрло; на два́јси четир саа́та отго́ри умр'а́, и гу зарăха* [V,PM,17].

два́јсигоди́шин* adj 'нешто што постои 20 години' ~ *ка́к виде́ха така́, повни́ха гла́ва на Полови́нмица́н и му да́доха два́јсигоди́шна давани́на* [V,PM, 108]; ~ *да ми, напра́виш, ца́рју, 700 оки́, една́ топу́зка, ја́зе да и́да да ти избе́рам два́јсигоди́шна давани́на* [V, PM,107].

двајси́на num 'приближен број, околу 20' [MS,s,26].

два́јспе́т num (adj) 'број 25' (овде со значење: дваесет и петта)' ~ *и сиде́ме та́м двăна́јс гуди́ни го́р-до́лу. Ут-трина́јсă ду два́јспе́т* [ПК,II,222].

два́јсти num 'приближен број, дваесетина' ~ *ца́р'ут им'ăш'и идна́ мо́ма два́јсти гуди́на* [MS, t,82]; ~ *"на́-ти два́јсти ли́рă, за по́ш' па́к на кафине́ту, утве́ч'ăра, кугá затáра"* [MS,t, 83].

двајца num 'за живи суштества, барем едниот мора да биде од м. род, двамина' ~ *а бе как обикул'ухте там, да теглих с пушката и двајца собурух от вас и тројца* [MC(B),86].

двама num 'за живи суштества, едниот мора да биде од м. род, двајца' ~ *"Имаше друг човек с него?'" – "Имаше двама измеќари, и ка не му ујдисе на исапот, ги сиктирисал"* [MC(B),83]; ~ *после и колакот големојут двамата ки го разбијат на два комати, да така за седнат, да стор'ат здраво-живо* [MV,K,251].

двана́десет num ~ *гуворі́ Исус: не́-ј двана́десет са́ата де́нут* [MV,K,286]. Во примеров имаме употреба на прашална реченица без партикулата *ли*, што се третира како балканизам.

двана́јси (и: **двăна́јсăт, двана́јсит**) num 'број 12' ~ *тузи́ за си рич'е́ деме́к двана́јси м'а́јнц'ạ да ра́бут'а за три́јси и́-два́та зăмб'ạ ни́ ни фта́сува* [MS,t,41]; ~ *двăна́јсăт бухчăлăка нạ мо́мчто* [ИГ,116]; и: **дванаст** ~ *јоште сум јас, лудо, мала и малечка / мала ем малечка, на дванаст гудинки* [ТГ,199].

два́пăт adv ~ *то́о пăрстăно дуну́ве, адно́ш, два́пăт, три́пăт ка́ дуна́л една згра́да две́-спра́тна стăна́ла* [ПК,II,263].

Два́та Гро́ба top. 'место во околината на с. Конско (Гевгелиско); има остатоци' [ПГ(К)].

два́ш' adv 'двапати']BC(Д),62]; ~ *по́стам два́ш на нидел'ата, сăто сто́ка шо и́мам да́вам на де́сет идно́* [MV,K,280]; ~ *са причу на неговата земја авциолиа јунак, и дваш са причу неговата удаја от филдиш кокалиту* [V,PM,42].

дв'а́ (|| **две** покрај **два**) num **1.** 'бројна форма за ж. и с. род од 2' ~ *ги ра́бут'а́ш'и ... дв'ă гуди́ни, дур на три́т'ạ гуди́ни кутри́ прими́наш'и, му да́ваш'и с'е́ либăни́ци* [MS,t,44]; ~ *тр'ăбува да ти гу зва́ј то́ј и дру́гуту о́ку... заш'то́ – зна́ш' – дв'ă увре́јски о́ч'и, идно́ ту́рску* [MS,t,57]; ~ *му вели́: "да*

ми платити парите, што длагóвати на мóј господáрот, ча ѝма тóлку врéме, блѝзу двé годѝни, как сти земáли имáниту" [V,PM,21]; изр.: **двé лубунѝци пуд-аднá мѝшка нé сă-нóсат** (= работите треба да се вршат постапно, една по друга) [ПК,II,159]; **2.** 'бројна форма за м. род од '2' ~ *и тугáс фáш'тами да гу бир'éми пу дв'ă, пу три листá* [MS,t, 5]; ~ *тáмо седнá около двé мéсици; сéтни господáрот излезé на магазѝата* [V,PM,13]; ~ *и пóсле двé-трѝ саáти грăмиш са чинѝ на небóто, и паднá тéшка мăнгла* [V,PM, 280]; сп.: **две дни пăт** 'простор што може да се помине за два дена' ~ *как отиде две дни пăт, и на пăт'у најде един јунак, на гората букити га свиши* [V,PM,43]; покрај **два** ~ *една мајка имала си два сина: поголемио кроток и милувал домашната работа, а помалкио бил и луд и гледал да отива на нивата и да оре* [ШК,V,419]; изр. **двá л'ýти кáмина брáшно нé мéл'ат** (= за успешна соработка потребна е толеранција и конструктивност' ~ *двýјца лóши нé сă-пугóждат, или мăш и жéна нé сă-служýват, нă-мóж дă-живéет* [ПК,Ц,159].

дв'áста num 'број 200' [MS,s,26]; **двéста** ~ *дрýзите ученѝци дујдéле су најѝкот, нé бѝле далéко ут сýхуту, тукý дýри двéста аршѝни* [MV,K,338]; и: **двесто** ~ *вéли...: "ај граматѝк нá тóј нáш бахчеванѝа сéкој мéсец да му дáваш пó двéсто грóша"* [V,PM,150].

две adj 'втор' ~ *нă две дéна стигнáме уф-Цумáта* [ПК,II,248] (= на вториот). Во примеров имаме членување на географско име (Цумаја – *Цумáта* < Цумајата).

Две Уши top. 'име на место ~ вис на Маријанските Планини' (називот е добиен според формата) [ТГ,13]; истиов назив **Двéте ýши** 'планинско место' (само во членувана форма) го запишавме при анкетирањето во с. Конско (Гевгелиско)' [ПГ(К)].

двéмѝна num 'за живи суштества, едниот мора да биде од м. род, двајца' ~ *ричé Гóспот на вáа прикáзна: двéмѝна си закачѝа уф... да си мóл'ат* [MV, K,280]; ~ *éту и двé-мѝна л'ýди си прикажýваа су нéгу* [MV,K,327]; и: **двамѝна** ~ ~ *ѝнак ја ут'éгнуват хóртумáта за да дóјдат ч'изѝјиту крăстума ... и з'éват двамѝна дýш'а пуинá фитифтѝра* [MS, t,3]; ~ *каде сахатот три ноќа – му вел'ат на то место на Данајков Рид, там овци пасах – дојдеха двамина Арнаути право на мен* [MC(B),74].

две-трѝ num **1.** (укажува на приближна бројност 2-3 од ж. род) ~ *останá вдовѝца, нéколку врéме сáма живувáла, от две-трѝ годѝна врéме пóсле умр'á* [V,PM,17]; **2.** 'бројна форма за м. род од 2-3' ~ *кинѝса, отѝде нá Цариград и тáму шетáл две-трѝ мéсица, тéраши кăсмéт* [V,PM,151]. Сп. комбинација на 'две' со 'една' од Солунско: **ва-дв'á** 'една–две' ~ *му удрѝ у ну-s'ăт'ạ пу-на дв'ă брáдва, му разбѝ нуs'ăт'ạ* [MS,t,46].

двéте num **1.** (за живи суштества од ж. род) ~ *"и твójте дветé сéстри не можеха да дотрáјат от грăмеш и от лăскане"* [V,PM,131]; **2.** 'за живи суштества од м. род, двојца(та)' ~ *брáтите му ги заклá и двéте, та тој земá нéговата л'ýба и дрýгите ги дадé на дрýги двé побрáтими* [V, PM,138].

двéспрáтин* adj 'објект, зграда на два спрата' ~ *тóо пăрстăно дунýве, аднóш, двáпăт, трúпăт кá дунáл една згрáда двéспрáтна стăнáла* [ПК,II,263].

двéчки num, dem. форма од **две** ~ *вéл'ат на нéго: нéмами тýка, сáл пéт лéбови и двéчки рúбички* [MV,K,266].

двójка f 'кола со две тркала; во др. села *литáрка'* [ПГ(С)].

двојца num 'две лица од м. род – двојца' ~ *напкун питами: "Кој излезе сега наскоро от свадбата?" – "Ште, излезе Кекаро и Бојко, двојца"* [MC(B),92].

двор m **1.** 'палата каде што живее монархот, царот' ~ *испáге едúн цáрцки кавиции, нéли сéкуј двóр има кавиции, он стар чувéк бúл, ја кýти мéне нéкуј, а нăмáл дéте* [ПД,144]; ~ *цар'ут му вели: "скóру от двóрут ми и от мójта цáрчина да побéгниш, учúте ми да ти не вúдат тýка óшти едноч!"* [V,PM,10]; **2.** 'убава, голема зграда, дворец' ~ *дéтто кá о-дујнýве пăрстăно трúпăт, ут-нéгăвјоо двóр дуцáрувјоо пáрк злáтна кăлдăрмá биде́ла* [ПК,II,263]; ~ *ај, Лазаре, Лазаре / море младо војниче! / чији са вија дворуве* [ТГ,47].

двóр* m 'место околу куќата, обично заградено' ~ *кá ќи флéзе дома, уф нéгувот двор úма óдрина (асма), ќá: субléче кушýл'та, ќá: зăкáче там на óдринта, нă дирéкут* [ИГ,113]; ~ *бúло дóцкăна и то: тăргóвăцо видéл дéка свăтé: уфнéко: кăшча свитúло... фл'ăзéл уф-двóро и чукнáл нă-врáтта* [ПД,151]; ~ *глéда на мур'éту н'éтр'а инá кăш'та гул'áма сăс двóр н'éтр'а* [MS,t,21]; и: **дóр** ~ *у вáши дóри двé слăнцá грéјăт / двé слăнцá грéјăт и мéсечúнă* [BC(Д),84]; ~ *на дора хми имало кладнец и ду нег едно даро, на дарото сă покачила да слуша* [V,PM,281]; **2.** 'место, нива покрај куќата што се обработува' ~ *дă-си зéмиш ѕигвáр валóве / дă-си óриш рáмни двóруве / дă-си сéјш бéла пчинúца* [ПК,II,253].

двóриште* n 'место околу куќата, обично заградено, двор' ~ *дóма нé флéвăт жéнте гáјре. Нé-н' трéбăт кăшти. Нă-двóриштта устăнáме, вúкăт нăтре тăхтăбúти úма, адни пă бăли* [ПК,II,220] – ја реконструиравме еднинската форма **двориште,** аналогно на регистрираната зборообразувачка разновидност **пазариште** (: пазар).

двýјца num 'двојца' (за живи суштества од кои барем едниот е од м. род) ~ *ка плакáле и двýјцта, тóа дéтто ка плакáл, сăлзите ут óчте прăку пéрницта ду душéгут прăтунúле* [ИГ,112]; ~ *јас кога бах, јас кога бах / на твоји гудинки / четворица заједно си л'убах / двојца баха си жинени* [ТГ,205]; ~ *двојца на еднăш вода да пијат не чине, оти заедно ки умрат* (народно верување) [ТГ,248].

де (и: **д'е**) adv 'каде' ~ *гу пи́та: "и ти си до́јди, мо́ј мăн'ч' д'е́-ј?"* [MS,t,46]; ~ *д'е́ утиваш?* 'каде одиш?' [MS,t,20]; ~ *утйди за да гу утфо́ри, гл'е́да сă ни утфа́ра, ја ви́кнува ма́јка-му: "д'е́-ј кл'у́ч'у ут то́с ду-ла́п"* [MS,t,9]; ~ *пуштија един човек... ми кажа: "ти сака татко да одиш на селото". И јаз му вел'ам: "Де ки оставам овците?"'* [MC(B)87]; **2.** conj 'временски: кога, додека; релативни: што' ~ *и но́с калу́јар, д'е́ си стуја́ш'и,... сă пусфинти́ и му сă ту́рнаха ко́кале́ту* [MS,t,46]; ~ *на́ва на пăнт'ут, д'е хо́ж'даха, инăја га́лица мло́гу* [MS,t,78]; ~ *утйди напр'ăт, ја на́јди гура́та, д'е́ сă утфа́раш'и и сă затфа́раш'и* [MS,t,36]; **3.** conj (концесивно) 'иако' ~ *и то́ј, д'е́ б'ăш'и сирума́х, ста́на sингйн'у, то́ри но́ва кăш'та* [MS,t,48]; **4.** conj (во комплетивни реченици) 'дека' ~ *сă-скăчу́văт по ину ри́т го́ре и слу́шăт де́ sво́нци по́пăт* [ДК,139]; **5.** conj **де...де** ~ *ко́га фăти́ле дăсă-ре́дăт: де́ "Зи́мцки си́ти Јо́văн", де́ "Ле́тен си́ти Јо́văн", де́ "Цăрн си́ти Јо́văн", де́ "Бе́л сити Јо́văн" – кра́ј не́ма* [ДК,153] ~ *две́ де́на бега́а и ни́ă пу-них... и удде́ме де́-ту́к, де́-та́м, дă-та́ уф-Буга́рја, чак уф-Ду́пница* [ПК,II, 218]; **6.** praep 'кај, накај' ~ *мло́гу си разл'ути ама́ кола́и не́маши де́ вечерот му ве́ли на не́гу: "е Кулу́ф, това́ ве́чир са́кам и ја́зе да до́јдам"* [V, PM.10].

де-бре part, interj (извик за чудење) ~ *и така секој ден идише – ... де бре – ми ги расипа по-вичи очите* [MC(B),77].

де́ part **1.** (за потсилување) ~ *но́вина – де́к и́ма пра́зно ме́сто пă но́вина утво́руваа, по́ да сă-ра́нăт сјурма́си де́* [ПК, II,248]; **2.** (за спротиставување, изразува незадоволство) ~ *и ме́чкăта о́де: "Уфча́ро, да́ј адно́ ја́гне!" – "Е, да́ј адно́ ме́че де́"* [ПК,II,228]; ~ *пре́ста́ни ади́н пăт виќе га́ре де́* 'прекини со тоа веќе' [ПК(Г)]; **3.** (за поттикнување) ~ *са покаја и сакаши да кажи на владиката... де, един вечер веки не можа да тарпи боликата* [V,PM,40]; **4.** (за насрчување, заповед) ~ *е бре, дивојче јубаво / седни де да пуседиме / гледи да се пугледиме / јоти ки се разделиме* [ТГ,100]; **5.** (за чудење, изненада) ~ *сиромáхот са почу́ди са́мо на скалата што и ви́дел, де́ мр'а́мори, што има́ло израбо́тени; па́к кога́ оти́де го́ри на одаи́те, си загуби умот* [V, PM,13] – споменатава употреба на 'де' како партикула со која се изразува чудење, восхит (*што и ви́дел, де́ мр'а́мори*), уредникот на Зборникот на Верковиќ, поради непознавање на нашиот јазик погрешно ја објаснува (во фусната) како "**две**" [V,PM,13].

дебе* impf 'внимателно се движи со цел да не биде забележан' ~ *утишал Предлозан, го нашал дека спие, са дебил, утишал близко ду него, си пуштил ра́ката да му искаре ајмалиата* [V,PM,271]; ~ *шо сă-де́биш тăка́, не́ма дă-ј-ра́збу́диш биби́нта* [ПК,II,38].

де́бне* pf 'скришно настојува да открие нешто, да проследи некого' ~ *до-де́бниш дă-с пуја́ве, до-фа́тиш, ама сă-кри́* [ПК

(М)].

Дéбрец n, top.'име на населено место во Кајларско' ~ *и сé иднó пóгóре прáвăл кýјќа, дé дрýк прáвăл пóгóре и тáка – дé брé иднó, дé бре дрýк и стигнáле нă-рúду дéка шу е сéга сéлто. И зă-тó сéга сăвúка Дéбрец* [ДК,153].

девé бој n, bot.,Narcissus poeticus 'цвеќе нарцис' [BV,43].

девéндесéт num 'број 90' ~ *и такá ед'éше испишúн по еднá окá, по-сéтне двé, и сéтне по трú, дýр и девéндесéт окú го напрáви, на данé из'áваш'а* [V, PM,261].

девентја num 'број 9' ~ *и на девентја саату дошла бабата да ја вели: "е сполај ти, кукона, това добро, што ми си чинила на мене сирачката!"* [V,PM,165].

деверче n, dem. од девер 'брат на сопругот' ~ *за везмат едно деверче сос них, за подат на татко ú на отбратките* [V, PM,251].

дęвęтúна f 'наредени снопје, крстица од 9 снопа' [ВС(Д),70].

деветмúна num '9 лица од кои барем едно треба да биде од м. род' ~ *кату чýха хајдýциту, излéзоха на пăт'у прет нéгу деветмúна* [V,PM,21].

девир (и: **д'éвер'**)* m 'роднина, брат на сопругот' (pl *д'éвир'ą* || *д'éвирóфци*) ~ *гу пита: "óх мăжу, добро дóјди от Стáмбол! Ам што прáви дивир'ут ми, гу нáјде?"'* [V,PM,19]; ~ *имáш'и идúн пиривóл' и н'éгу си гу прудáди на дивирó-ји за л'áп да ги хрáни тајфáта* [MS,t.,48]; ~ *зą гулéмјут нишáн дујдéа пáк тóґиска óсум дýши; свéкурут, вýјкото нą мóмчто, тéтинут дујдé, дéвирут* [ИГ,116].

девит д'éвит' (**дéвет**) num 'број 9' ~ *и гу пúта пнивматúку: "ш'тó úмаш' стóрину тú?" и тóј сă убрнýва му кáзува: "сид'ă дивидисéт и д'éвит' л'ýди úмам уклавáну"* [MS,t,43]; ~ *ут д'éвит' мăсинца за дóјди за ж'éн'енти, за вéзма аргáтиту и стрăпувéту* [MS,t, 66]; ~ *от дéвет мјáсици сéтни родúла мéчката еднó мăжко* [V,PM,106]; и: **дéвăт** ~ *дéвăт лúри ми сáкăт шчéрко Пéтро... и нé-гă-знáм кăквá-ј лúрăта* [ПД,155]; изр.: **дивéтта билґá нă-гóспо** (= многу немирен, човек што прави конфликти) [ПК,II,159]; **дивéтта дýпка-ј нă-свирóло** (= личност без авторитет, последен во општествената хиерархија) ~ *кóј гу-лáге Митóш зă-чувéк,* **он-éј дивéтта дýпка нă-свирóло** [ПК,II,159].

деврие́ n 'стража (дневна или ноќна) [СК,322].

дéвă (и: **удéва, удéвичка**) adv 'пред малку' [ПК,II,38]; сп. *удéвичка бúше тýк* (= преґеска беше овде) [ПК(Г)].

Дéдала m (л. име) ~ *Дéдала бúш'и идúн хýбаф мáстур* [MS, t,58].

дéк (и: **дéка**) conj **1.** 'кога' ~ *тоа дéтто дéк стујáло, пукнáло (ґáвулут бúше тóа)* [ИГ,112]; ~ *и таму, дéка вичéреха, цáр'ут слýжиши* [V,PM,10]; ~ *ја најде на слăнцето мајка му, дека готвјаши, ја речи* [V, PM,199]; **2.** 'каде' ~ *оде тáтку му дéка бил на стóлнинта цáрут, сиднýве спурти тáткувут му кунáк* [ИГ,114]; ~ *тóј, кату отúде на оновá сéло, дéка úмаши да зéва пар-*

и́те, заедно́ч пита за човéциту [V,PM,23]; **3.** 'додека' ~ *таму, дека вревиха сос мајка му, ету падна ошти един карагрош* [V,PM,38]; ~ *дека ваде Трена рано цвеќе / нападнала си е тешка дремка* [ТГ, 172]; ~ *кинисаха на пăтот; там, дека сă смеише, там плачеше* [MC(B),94]; **4.** (интенсионално, исказно) 'оти' ~ *би́ло до́цкăна и то: тăргóвăцо видéл дéка свăтé: уф-нéко: кăшча свити́ло* [ПД,151]; ~ *се заними се пучуди / кога гледе бела Јана / дека седе крај огинут* [ТГ,203]; ~ *един ден – ка са шетал, видел еден орал, дека писке* [V,PM,271]; **5.** 'концесивно, иако' ~ *та, дека беши чобанин, стана един голјам базиргјанин* [V,PM,170]; изр.: **дéк пăднáл óгино, тáм си гóре** (= несреќата, во основа, сепак го погодува најмногу оној што ја доживеал и неговото семејство) [ПК,II, 159]; **дéк скукáла кóста, тáм ќи-скóке и јáрто** (= генот и воспитувањето се основни фактори што го одредуваат однесувањето и карактерот) ~ *каквá-ј мáјката, таквá ќе-ј и-штéрката* [ПК,II, 159]; **дéк н'о: сéјш, тáм ни́кне** (се кажува за многу подвижен човек, за оној што се појавува таму каде што не го очекуваш) [ПК,II,159]; **дéк и́ма слóга, тáм-ај и-бóга** (= за просперитетно семејство неопходно е потребно меѓусебно разбирање и почит) [ПК,II, 159]; **дéк дýм, óн кýм** (се кажува за човек којшто секогаш е спремен да оди на гости и посети) [ПК,II,159]; со значење слично на претходниот израз сп. **дéк сă-двýјца, óн-ај трéт** [ПК,II,159]; **дéка-ј Ки́ро, нă-кирѝа (шó рăбóте – ангарѝа)** (се кажува за оној што работи нерационално) [ПК,II,159]; **дéк си́те, тáм и гóл Асáн** (= важно е човек да се држи до групата на која ѝ припаѓа) ~ *ќ-óм и áска, нé-ќ сă-дéл'ум ут-кумши́јте, дéк óни тáм и áска* [ПК,II,248].

дéк pron 'што (релативно)' ~ *а то дéк ти кăжýм Дирвéнто, нă-гóре и́мше Ди́мува Чéшма и́ ви́каа* [ПК,II,248].

дéка praep 'кај, до' ~ *ти́, кýме, арнисá дă и́диш дéка нáс* [CK, 318].

дéка пéнде num 'петнаесет' ~ *ут дóдека дур на дéка пéнде н'ă устáви елéфтери* [MS,t,1].

декáкш'и num '(19)16 - *пак н'ă субирá на аскéру то декáкш'и* [MS,t,2].

дéкатонóгдон num 'осумнаесет' (овде: 'осумнаесетти') ~ *ути́дух на Дими́р-Исáр... и тáм сă кататáксах ('зал'ąпи́х') на дéкатонóгдон ш'и́ндагма* (= ме приклучија кон осумнаести "регимент") [MS,t,1]. Според Малецки во Солунско грчките имиња на броевите се употребуваат само кога се споменуваат датуми или термини поврзани со војската [MS,s,20].

декéмбри m 'последниот месец од годината, декември' [BV,42].

Декемек Таши top. 'име на место, под Аматовска станица (на железницата), исто така тоа е на патот Стојаково - Солун'; овде се менувал *небетчијата* (= оној што го води *кирванут* од арабации) [ТГ, 423].

декика́ f 'минута' [СК,322]; сп. ~ *з-адна́ дики́ка ми избига́* [ПК(Г)].

де́кса pf 'вети, даде, прифати' [BV,42]; ~ *нă-мо́ш дă-де́ксум. Де́ксј-оо то́о, дру́јсте не́к сă-жи́ви* [ПК,II,38]; ~ *ко́ј ки де́кса идно́ такфо́ј де́ти за мо́јто и́ми, на ме́ни ки де́кса* [MV,K,303].

декша́ве* impf 'ветува, дава' ~ *ко́га декша́виш трибу́ве и дă-да́ш* [ПК(М)]

Декăво Тăрло n, top. 'планинско место, трло во околината на с. Конско (Гевгелиско)' [ПГ (К)].

дел m **1.** 'парче од нешто (помало или поголемо) – она што е помалку од целоста' ~ *или Мари́а и прибра́ а́рнуто дел, шо не́ма да си разде́ли ут не́гу* [MV,K,328]; ~ *ни́ă му-ви́кăме кăјма́к нă-ки́слуто мле́ко ко́га ки-ски́сне, го́рнио де́л, то́:-ј не́гуфто ма́сло, и́сто сусмле́ко изле́ве то́:-ј кăјма́к* [ПД, 156]; **2.** 'она што му припаѓа на еден од наследниците, односно кооперантите' ~ *та́тко, да́ј ми мо́јото де́л шо ми па́ги ут има́н'ото* [MV,K,281]; ~ *напкун имах един ортак, Ќор Есин. Тој ми беше като јасакчија, ама му давах по един дел од стоката* [MC(B),82].

де́л-ти m 'дедо-ти' ~ *де́л-ти умре́ нă-сто́-пет гуди́ни. Де́л-ти Дини́ш си-устăна́ бис-другáр* [ПК,II,38].

дела* impf 'сече' ~ *как ки идими на халваџината, да имаш пила по тебика та да фатиш дингилите да ги делаш, да си разбие кучиата* [V,PM,56].

дела́нка f 'парче дрвце што се одделува при цепење' [ПГ(К)].

де́лва* f 'сад од глина, со широка уста и две рачки; во **де́лвата** се чува млеко, матеница и сл.' ~ *му вели́ : "а бре гле́даш ли ти́а дванајсите де́лви, штото са пăлни сос алтăни, и па́к не кăјди́сах да да́м еди́н грош за она́ја ри́ба"* [V, PM,17]; ~ *влезе́ не́три, си најде́ си́чките де́лви пăлни алтăни, кату ка́к му ги каза́ напре́т бога́тиот* [V,PM,18]. Според Малецки: **д'е́лва** f 'глинен сад' (за оцет, вино) [MS, s,20].

д'е́лвич'ка f (dem. од **д'е́лва**) 'мал глинен сад' [MS,s,20].

де́ле impf **1.** 'нешто заедничко спечалено го прават на делови (евентуално секој да го добие својот дел)' ~ *са чини́ха трои́ца орта́ци: колку ке да добу́ат да гу дел'а́т кату бра́тја* [V,PM,8]; ~ *на гими́ата на́јдох едни́ побра́тими двамина, са чини́хми орта́ци ... ќарот да гу де́лими бра́тску* [V, PM,8]; **2.** 'одделува едно од друго, служи како граница' ~ *са́мо ади́н Ва́рдар шо ги де́л'ше* [ПК(М)]; **3.** 'поднесува со некого некоја тешкотија' ~ *ус-ба́ч Дини́ш и ус те́јк-ти де́л'ахме и до́бро и зло́;* **4.** 'кога наследниците го делат имотот' ~ *стана́ха се́тника мирахчи́е, фати́ха да си ка́рат, ко́ј по́вики да зе́ми; дели́ха што дели́ха, ви́ки кăштата не́ си де́лиши* [V,PM,17]; ~ *то́: гуле́мјо не́јќише дă-сă-де́л'ме о́ти о́н би́ше куту га́зда* (= постариот не сакаше да го разделиме имотот бидејќи тој господареше со се́); ~ *они двата братќа си гу делиха иманиту братску* [V,PM,260]; **5.** 'се ра-

зликува' ~ *анăсóнкąта дéле уд мąстúкта* (= едната се разликува од другата – станува збор за видови ракија); ~ *дéле уд-дрýјсте, сă-знáа грáцки чувéк* (= се разликува од другите, се познава дека е со градски манири) [ПК(Г)]; **6.** 'се отстранува од одредена група' ~ *Кúрто нé игрáа ус-нáс, сăпрáве гулéм, фатú дă сă дéле* [ПК(Г)].

делен'е* n 'чин на делење на нешто на делови' ~ *и кату са чини делен'ету меѓу них, сетника фати секој да си работи на себи си* [V,PM,82].

делијче n, dem. од **делија** 'јунак' ~ *испаднало Шамлијско делијче от синото море у шарена гемија* [MC(B),97].

делúканлúа adj 'млад човек, неискусен' [BV,42]; примерот е од Воденско, со исто значење го има забележано во Кукушко Саќов: **делúканлúа** 'млад без искуство' [CK,322].

дęлúм m 'парче лубеница (или диња) сечено танко, погодно за јадење' ~ *нă н'а: рęзéн* (големо парче), *нă-мéн дęлúм, тăкá прáјше* [ПК(Г)].

делинúци (и: **дел'нúци**) pl 'оние што го поделиле имотот, пр. во иста куќа живеат а сепак секој си има свој дел' [ПК (Г)].

дęлúнче n 'парче тенка, шарена материја (басма) за лесен, летен фустан' ~ *зéх аднó дęлúнче ут-Кустурáнуфјо дикáн, ама и то: скăпо* [ПК(М)].

делче n, dem. од 'дел'; сп. *делче ми е , делче ти е* (кога се настојува на рамноправност при делбата) [ТГ,291].

Дéлчув m 'презиме на најпознатиот револуционер од периодот пред Илиденското востание (роден во Кукуш)' ~ *брáт-му нă-Гóце Дéлчув - Милáн* [ПК, II,274]; ~ *кáк да нé сме нажалéни, нажалéни, расплакáни / вчéра вéчер чýдо стáна, /... Гóце Дéлчов убúт пáдна; ~ сиго-жáл'ат Гóце Дéлчов / Гóце Дéлчов, млáд војвóда / млáд војвóда македóнски* [ПК, II,235]

Дел'о m 'м. лично име во Гевгелиско' [ТГ,114].

дема f 'дел од домашна направа (разбој) со кој се ткајат *ругузúни*'. *Демите* се всушност 2 странични дрва од рамката (на разбојот) со кој се ткае [ТГ, 353]; од истава регија кај Иванов **дéми** pl (или: **стрăнúци** [ИГ,120].

Дема f, top. 'име на место кај Кара Суле, на патот Стојаково (Гевгелија) – Солун': овде се менувал *небетчијата* (= тој што го води *кирванут* од арабации, се работи за времето од почетокот на нашиот век кога превозот се вршел со карвани) [ТГ,423].

дęмбéл' m 'мрзливец, малку подвижен човек (обично дебел)' [ПК,II,38]; и кај Саќов: **дембéл'** 'мрзливец, тром човек' [CK,322].

демéк (и: **димéк**) 'значи, то ест' ~ *"ш'тó úш'тиш' дрýгу, афý т'ą мартирúсаха иримбúцит'ą, демéк ти такфóс ч'ув'ăк си бил"* [MS,t,18]; ~ *тузú за си рич'é демéк дванáјси м'áјнц'ą да рáбут'а за трúјси ú-двáта зăмб'ą нú ни фтáсува* [MS, t,41]; и: **димéк** ~ *он кăту арслáн, димéк бéл цăрвéн и лúчен, шо вéли лáфут кăту кáпка, а та кýтра нивéста кăту глáмја* [УЕ,4].

дéмон* m 'натприродна, сатанска

сила' ~ *и му давáл на нúх кувéт и пувéла наврạс сите дéмони и бóлни да и лекýват* [MV,K,324].

д'éн' m **1.**'времето од утро до вечер (од изгрев до зајди сонце), но исто така и од "утро до утро" (денонокие)' ~ *идúн д'éн' му бúха дукарáли на цáр'у ин'é иримбúци и му ги стиганúсаха* [MS,t,18]; ~ *и с'éстра-му идúн д'éн' с'éдн'а на врăх главáта-му, плáч'иш'и* [MS,t,51]; **2.** изр.: **дéн дă-мúне, дрýк дă-дóјде** (се кажува кога човек не се ангажира, а денот поминува во безделништво) ~ *такá сă-мáат мáјстурто шó сă нă-дéн плáтни, дéн дă-мúне дрýк дă-дóјде, шóк нăпрáват нé им-éј гајлé úч* [ПК,П,159]; **д'éн' за д'éн'** *пуминувум* (= од ден до ден, т.е. заработувам само колку да преживеам); изразов значи и: 'секој ден' (континуирано) ~ *д'éн' за д'éн' раст'áш'и мáлкуту* [MS,t,16]; со исто значење: **кáта д'éн'** ~ *гу с'ăјми с'ăм'ạту у мáлкију м'ăјạнц да и с'éтн'ạ за гу вáдими кáта д'éн'* [MS,t,4]; ~ *мумáта д'ă-т'ạнту кăк гу гл'éндаш'и кáта д'éн' ... гу арéса* [MS,t,82]; **дéн-виздéн** 'преку цел ден' ~ *ќи дóјдаа там – дéн-виздéн ќи сéдаа* [ИГ,111]; и: **вáзи д'éн'** (= цел ден) ~ *вáзи д'éн' прикáзувáха дур умрăкна* [MS,t, 11]; ~ *исл'áзи ... и с'ạд'ăха вáзи д'éн' сăс ж'инáта-му* [MS, t,10]; сп. уште: ~ **рáбут'ат ут дин'ó** (= работат преку ден); **дрýгајут д'éн** (= идниот ден) ~ *и трăгнаха зă да си дóјат; дрýгајут д'éн' зл'áзуха у касабáта* [MS,t,86]; ~ *дрýгајут д'éн' хóж'да д'ăдуту на мáлкајут брáт на пóртата* [MS,t, 80]; **на ден** 'дневно' ~ *чéтир драхмú на дин'ó* (= по четири драхми на ден); ~ *и го испúта, как нав'аксова, на ден по тóлку л'уде заминóват* [V,PM, 255]. Лексемата **д'éн'** се среќава и во синтагми, имиња на празници: ~ *с'éтн'ạ пу Димúтруф д'éн' фáш'тат мăнгли, ум'éкнува т'ут'ýн'у и гу клáвами да гу пасталáсими* [MS,t,5].

дéне (сă) pf 'се изгуби, замине некаде' ~ *дéк сă-денá, дéк сăступú, цéл дéн о-нéма дă-с-пăрбéре дóма* [ПК(Г)].

дéне adv 'преку ден' ~ *дéне гу-грáдуме, вéчăр сă-растýруве* [ПД,166]; и: **ден'á** ~ *и ви казýвам динéска: "блазé му на онúа, што рабóтат ден'á и ношт'á, и сос мăките му што добúват"* [V,PM,28].

Денемек Таш m, top. 'име на место во гевгелиската регија' [ТГ,423].

денеска adv 'во текот на денот' ~ *ај море, мајстори, виде денеска как не можахми да искарами двамината една работа малка на мегдан* [V,PM,87].

дéн-динéска adv 'во текот на денот' ~ *ќутéк дéтто нé-јн-удрú нă-нивéстта. И ду-дéн-динéска тáм си живéет* [ПК,П,265].

д'éнга f 'тутун специјално спакуван во бале' ~ *д'éнга т'ут'ýн* [MS,s,20].

денк m **1.**'врзоп работи, спакувани' (= бале) ~ *"ако умреха овците, кожите не ми ги донсехте, как сакаш хак ти?" Напкун. как имаше денгувите хазăр за да си отиде, от секој денк по 10–15 кожи ми*

искари – 90 кожи [MC(B),84]; **2. д'éнќ*** 'одредена количина тутун, спакуван, стегнат од страните со платно, бале' ~ *и стујй пý на пạтнájси дни и ѝди с'éтн'ạ динкш'ѝјата да гу стóри д'éнѓуви* [MS,t,5]; ~ *кóлко гулéми дéнкуве нóсе, ќисă-смăкне дéтто* [ПК,II, 38]; сп.: **д'éнга** (форма во женски род).

дéнọ adv 'каде што']BC(Д),62].

дента adv 'дење' ~ *дента не спијам, ноќта не пијам вода* (поговорка, препорака за добро здравје, забележана во Гевгелиско) [ТГ,247].

дéнцки adv 'преку ден' ~ *цивѝлни трăгнáме, ки-пăтýвме дéнцки* [ПД,172].

дешен 'од далеку дошол, поминувајќи низ клисури' ~ *среде ноќ дошли караконц'урето, зели да хлопат на враттă (на воденицата) и да рукат: "дервен дешен, девојко! Ела мене отори"* [V,PM,287].

дервиш* m 'муслиманско свештено лице' ~ *дервишино сакаши бабата да ја баци* [V,PM,98].

дервишин m 'мухамеданско црковно лице (соодветно на христијански калугер)' ~ *кривоју фати да прикажува на дервишинат: "динеска, ц̣анăм дервишо, кату седнахми..."* [V,PM, 91]; ~ *тáмо ѝмаши едѝн дервѝшин, и бил тóј млóгу ц̣инц̣ѝа* [MV,K,141]; сп. **дервиш**.

дерé n (и: **дирé**) **1.**'дол низ кој повремено тече вода, суводолица' ~ *кумѝтто тáм уф аднó дерé о дучикáли, о суридѝли* [ПК(Г)]; **2. дéре** 'одронета земја, брег' [KE,276]. Можеби се работи за превид, бидејќи турц, *дере* од повеќе говори ми е познат само со значење 'река', односно 'суводолица'.

дéре* (и: impf **дир'é** [MS,s,21]) 'симнува кожа (обично од животно) со помошта на остар нож' ~ *"такá-л' бé пýсто, дáј тạ-удéрум жѝво". Нé о-заклáл, гу-дрáл жѝво, гу-пýштат* [ПК, II,233]; ~ *гу-дéрăт, гу-бéсăт и гу пéчăт дă-гу јáдăт*[ДК,152]; **2.** fig. 'многу скапо наплатува нешто' ~ *о-удрáа* 'му зедоа многу пари, многу скапо му наплатија' [ПК(Г)].

дерéк adv 'направо' (директно) ~ *таа вójскăта пу-рéкта, аднѝ зăминáа зă-Кýкуш дерéк, нé зăпрéе ду-рéкта* [ПК,II,217].

дерен-перен adj **1.** 'тој што е облечен во раскинати алишта'; **2.** 'кога некој е многу напаѓан, девалвиран' [ТГ,364].

дерец'ѝја m 'трговец што купува и препродава кожи' [MS,s,20].

дéрт m **1.** 'неспокојство, грижа' ~ *как ки пуминум, век да викувум / на кого дерт ки с кажум* [ТГ,265]; ~ *сѝнут нă Гóце му прăвѝл нóго дéртуве*; ~ *ним ми раздигај јадови / јадови који дертови / чунки са малце мојите* [ТГ,100]; **2.** 'мака' ~ *отвóри пéнц̣ирјата, фатѝ горе да извáжда јурнéк схéдио, но на негу не му бéши за схéдио дердут и болѝката* [V,PM,18]; **3.** 'хронично заболување' ~ *нă мéн пá мă фăтѝ дéртут* [CK,322]; [BK,42]; ~ *тéт-ти ... тóлко гудѝни нé најдé лéк и нé најдé, ут-тóо ќ-ýмре* [ПК,II,38].

дęртлѝа adj, indecl. 'тој (или таа) што има хронично заболување' ~ *óна сé-ị дęртлѝа, дéк мóже д-óде пу-чуздѝна* [ПК,II,38];

дертлија 'болен, измачен човек' [BV,K,42].

десетина num 'приближно околу 10' ~ *еди́н де́н прати от един побра́тим да тера десетина гро́ша на за́им* [V,PM,7]; **десетја́** ~ *у́три зара́но о́шти да ми че́каш ту́ка, ки ти дока́рам ква́чка сос десетја́ пи́лца!* [V,PM,139].

де́сетми́на num '10 луѓе, мажи' ~ *е́мин да флѐзи на идно́ се́ло, гу причикува́ле де́сетми́на ќе́л'ови* [MV,K,278]; ~ *тија десетмина сӑ вӑрнаха* [MC(B),90].

де́син adj, opp. на 'лев' ~ *со́фа, уф ле́ва стра́на. Уф де́сната стра́на – уда́та* [ИГ, 118]; ~ *и ки и наре́ди о́фците уф де́сната стра́на, па ко́зити уф ле́вата* [MV,K,282]; ~ *фӑрле́јти на де́сната стра́на уф ка́икут гри́пот да ки на́јдите* [MV,K,337].

д'е́сит' (и: **де́сит**) num 'број 10' ~ *идна́ авдуви́ца им'ӑш'и идно́ д'ӑтл'а ут д'е́сит', идина́јсти гуди́на* [MS,t,81] ~ *"на́ ти д'е́сит' ли́рӑ, за по́ш' па́к на кафине́ту"* [MS,t,82] ~ *враза́ч'инут ха... врӑзува сно́пи; пу д'е́сит' сно́пи ха пра́и ста́ва* [MS,t,66]; и: **десјат, де́сӑт** ~ *о́т гу-сӑрди́сӑт ту́рцкуто се́ло, ко-збе́рӑт нӑ-мӑми́та: "да́јти пе́т ли́ри, да́ј ти де́сӑт, да́ј ти два́јсе ли́ри"* [ПК,II, 217]; ~ *бахчеванцата имал една квачка сос десјат пилија* [V,PM,105].

де́сно adv, opp. на лево ~ *му си фана́ на не́гу Ангел Господи́ноф, шо сто́иши на де́сно уф валта́рут* [MV,K,321]; ~ *но́шка уста́нӑл, ама вӑлци ле́во – де́сно ви́јӑт* [ДК,142]; ~ *ка си флѐгле уф гро́бут, а виде́ле дете́нци шо се́диши на де́сно* [MV,K,321].

л'деспот Деспот m 'име на вол' (има "надуено", "господско" однесување) [ТГ,374].

детиша́р m **1.** 'човек што сака да биде во близина со деца, да се игра со нив' ~ *то́о шо́-ї са́ке и милу́ве де́цта, не́ са́мо не́гӑвте* [ПК,II,38]; **2.** 'машко дете од 10-15 год.' [ПК,II, 243]; в. **дечка́р.**

дети́ште n 'младо момче со неодговорно однесување' [ДС(Ч)].

де́тле n, zool. Picus varius 'шарена птица со остар клун, се храни со црви што ги вади од под кората на дрвјата – клукајдрвче' [ПГ(К)].

дето adv 'каде што' ~ *до една река... дето има капини* [MC (B),70]; ~ *фаф-сара́е и́маш'а ади́н ехӑр, де́ту седе́ш'а ко́не му*]BC(Д),81].

де́то conj. 'исказно – дека, оти' ~ *напкун и́ разбрах ја, дето крадат овци, пу́шти́х два-троица мина от вечерта: "А да оти да ги на́јдите, они сега варат месо"* [MC(B),91]; ~ *напкун сакаха пари и за мӑката дето са јали, демек диш-параси* [MC(B),72].

де́уцѐ adv 'некаде']BC(Д),62].

деф m **1.**'натприродно суштество, демон, ѓавол' ~ *е, мо́ре де́фо, ричѐл, ти о́ште што и́ма дӑви́јш уд-ме́не* [ПД,159]; ~ *и на Бога се да си молиш, синку, ча на ламината земја, дурде дӑржи нејната земја, има дефови* [V,PM,43]; **2.** 'невидливо' ~ *фати́ха ве́ки на Бо́га да си мо́л'ат, за да гу чи́ни де́ф от та́м* [V,PM,24]; изр.: **деф сӑ чини́** 'замина без трага' [V, PM,365]; ~ *така́ ади́н уд-на́што се́ло нӑпрӑви гуле́ми пе́зи*

и дéф фатú нă-нéгде. нúкуј нé знáа дéка-ј áј-го двáјс гудúни [ПК,II,159].

Дефа 'машко лично име' ~ *та името на момчето било Дефа, което значи чисто, от мајка не родено. На момата името не се знае* [V, PM,266].

дечичка pl, hip. (од дете) 'дечиња' ~ *тоа им рекал: "врзете на попо за косата рăшницито... а дечичката турејте ги вăф ад-ин куфчег и, кату им дадете по адно ноже, да ги закачите на гредата"* [ШК, V,421]; в. **дéчка**.

дéчка pl hip. (од 'дете') ~ *е, кá зăпрéл, удде́ле ти: дéчкăта дă-ј-искáрăт, ут-куфчéго* [ПД, 163]; в. **дечичка**.

дечкáр m 'возрасен (човек) што ги милува децата и што сака да си игра со нив' [ПД,117]; в. **дѐтишáр**.

дечкáрка f 'девојка (жена) која што ги сака децата, односно сака да се игра со нив' [ПК (Г)].

дечкурлáна pl 'детишта' ~ *знáјш, дечкурлáна, сé нă-пăто игрáјăхме* [ПК(Г)].

дú-ú interj 'извик за терање коњи' [ПК,II,38]; (покрај **тăч**) [ПГ (К)].

дибéк m 'издлабен камен или дрво (или празна граната изостаната од војната) во кои се чука кафе или се дроби нешто друго' ~ *дибéк вúкиме то: адно дăрво, ѓилéзо нăпрáвино, чýкме уф-нéго шо бúло, то:-ј дибéк* [ПК,II,239]; ~ *издăлбино дăрво, шо чýкме уф-нéго урúс, пипéр, шо сáкиш. Мóш дă-бúде дибéко и ут-ѓилéзо* [ПК,II,38]; во Воденско 'отсечена, издлабена пенушка' [B,43].

диб'éл* (и: **дибéл**) adj **1.** орр. на 'тенок' ~ *т'éс ифтúм'увúт'ă глáвн'ă стáнаха млóгу рáвни дрăвé, стáнаха диб'éли, с'é за гр'éнди* [MS,t,44]; ~ *му вели: "старчу, да ти питам, дур кога можиш да га сечиш таја бука?" Ча буката беши за чудо дибела един кăјамет* [V, PM,83]; **2.** орр. на 'слаб' ~ *ја гл'éнда мáјка-и и сă ч'ýди кăк стáна тóлку диб'éла* [MS,t,84]; ~ *и когá отúде на домá му, господáрот не можá да гу познáј јунáкот, ча са чинú мóшни дибéл на снáгата* [V,PM, 23]; **3.** орр. на 'редок' ~ *бúвул'ѓте дáват дибéло млéко* [ПК (Г)]; **4.** 'мрсен' ~ *зăвăртéла нă-кăд нéă ѓúѓкăта, кăд-мăжо гăлăбо. То: ричéл: "нă-тéп пóдибéл'о:"* [ПК,II,227]; сп. **дибéло мéсо** 'месо со повеќе мрсни состојки' ~ *фата детто, отдели дибелто месо башка, ѓăрвенто башка, коските башка* [V,PM,294]; **5.**fig. изр.: ~ *му-дујдé дибéло, избигá-си* (зн. тешко му дошло, побегнал) [ПК,II,38]. Сп. **диб'éл глáс** 'грездав (груб) глас' [MS,s,20].

дибéлто м'éсо n 'задниот дел на ногата под клечката, во други говори: **прасе, икра**' [ДС(Ч)].

дúбид'уз adv 'сосема' ~ *úмаши тéшка бóлка гудúни осомнáдесет, да бéши навидéна, брáна, нé мóжиши да си испрáви дúбид'уз* [MV,K,278]; ~ *тóо пă дибидýс н'óо* (< не го) *бúве* (= тој сосема не чини)[ПК,II,38]; ~ *тú си бúл дúбидус пиéн* [СК,322].

дúв adj, орр. на питом **1.** 'диво животно' ~ *в честа гора лов да лове / лов да лове диви пи-*

лци / не са биле диви пилци [ТГ,51]; ~ *уф-то́: е́зерто пӑима́ло се́ па́тки ди́ви* [ПД. 154]; **2.** 'диво растение, некалемено': **горничка** ~ '*ди́ви кру́ши, ти: шо́ зӑле́гӑт, е́сӑнта шо́ здрӑју́вӑт*' [ПД,124]; ~ *ди́фта кру́ша трибу́ве дӑ-с кӑле́ме* [ПК (Г)].

див m 'дивјак' ~ *си оплаши́ха от не́гу, зашто не бе́ши чове́к кӑту ни́х, ами́ то́ј бе́ши еди́н ди́в кӑту жи́ва чу́ма* [V,PM, 24].

див војн m, zool. 'вид голема мрава' [KE,264].

див питалак m, zool. 'вид птица, поголема, шарена, вид фазан' (= див петел, живее в планина) [ТГ,385].

дива бишка f, zool. 'диво животно, живее в планина – дива свиња' ~ омилен лов на *лувачут: заиц, вӑлк, срна* или *црнка, дива бишка...* од птиците: *дива гӑска, дива папија, јарбица, дропл'а* [ТГ,385].

ди́ва кам́ила f, zool. 'голем зелен скакулец' [KE,247].

ди́ва ре́па f, bot. ~ *о́на-і кут-сина́по, уф-мӑле́чки шиша́рки, кут-фасу́л'о, цӑфте жӑлто, и́ма гуле́ми ли́ста* [ПК,П,38].

дива гӑска f, zool. 'дива птица, со светли шарени перја, помала од кокошка' (спаѓа во група на птици преселници, доаѓаат зимно време, летаат во јато, во вид на клин) ~ омилен лов на *лувачут: заиц, вӑлк, срна* или *црнка, дива бишка...* од птиците: *дива гӑска, дива папија, јарбица, дропл'а* [ТГ, 385].

дива кукошка f, zool. 'вид планинска птица, поголема, личи на кокошка' [ТГ,385].

дива папија f, zool. 'дива шатка' ~ омилен лов на *лувачут: заиц, вӑлк, срна* или *црнка, дива бишка...* од птиците: *дива гӑска, дива папија, јарбица, дропл'а* [ТГ,385].

диван m **1.**'тапацирана направа за седење (за дневен престој), миндер'; **2.** 'приемна просторија со каучи, миндерлаци (дивани)'; **3.** 'подигнато место, чардак' ~ *симни се ле доло, млада чорбаџијке / уд вишни дивани, акут да ми платиш* [ТГ,157]; ~ *на вишни дивајне се качила / шедба да се шета* [ME(B),261].

диван долама f 'официјална, парадна облека' (за **диван** = царски, државен совет) [V,PM, 366].

диван му стои изр. (= понизен, се претставува во "својата маленкост") [V,PM,366].

диванхана f 'просторија за престој (на царскиот совет), сала' ~ *и кралицата изл'ала горе на диванханата. Кога гленда, златна гимиа на морету* [V,PM, 172]; ~ *изл'ази Ил'у применент в царскии дрехи горе на гимиата на тиферич'ут. И кралицата изл'ала на диванханата* [V,PM,172].

див'ạтнајсти (и: **дивитна́јси**) num 'број 19' [MS,s,22].

ди́в'ạк (и: **дивик**) m **1.**'диво суштество (митско)' ~ *најде един дивик, отвори устата му, та сички фӑрл'аха на устата му ґубриште, пак си не наситеши* [V,PM,102]; ~ *глендаше рибите, как јад'аха трохи, сиир му са праиши и повики тури леп на рибите. Ја рибите си нарастоха големи кату дивици си чиниха* [V,PM,169]; **2.** 'диво животно, дивотија' ~ *и на толку време не излезе прет*

негу никаков дивик [V,PM,82]; *~ ки ида сега аф гората, нека ми јадат мечките и други дивици, ча фарик си чиних от животат ми...* [V,PM,82]; **3.** 'чудак, човек со настран карактер (нецивилизиран)'.

диве́дишли́а adj, indecl. 'човек (или жена) што има големи заби' [ПК,II,38].

диве́јсе num (и: **дивидисе́т**) 'број 90' *~ јас са-ви́кум Дини́ш Го́це Ми́труф, ро́дин ил'а́да о́сумсто диве́јсе диве́тта гуди́на уф-се́ло Ште́мница* [ПК,II,246]; *~ и гу пи́та пнивмати́ку: "ш'то́ и́маш' сто́рину ти́?"' и то́ј са убрну́ва му ка́зува: "си-д'а́ дивидисе́т и д'е́вит' л'у́ди и́мам уклава́ну"* [MS,t,43].

диве́тти* adj 'тој што доаѓа по осмиот' *~ јас са-ви́кум Дини́ш Го́це Ми́труф, ро́дин ил'а́да о́сумсто диве́јсе диве́тта гуди́на уф-се́ло Ште́мница* [ПК,II, 246].

диви́за f 'голема воена формација, дивизија' *~ буга́рска во́јска не́мше, сла́бо нӑ-Со́лун, да́л' и́мше адна диви́за, не́мше ајн-две по́лка* [ПК, II,218].

ди́вина f **1.**'дивеч, дивотија' *~ и са упла́ш'и хи́тра Пе́три, са ска́ци на еди́н дӑмп на типе́ту и удо́л дӑмбо́т врав'ӑха ш'и́ч'ката ди́вина* [MS,t,75]; **2.** 'месо од дивеч' [MS,s,22].

дивич m 'диви животни, дивина' *~ па́тки, за́јцто, ја́рбицте, се́ то́-ї ди́вич* [ПК,II,38].

ди́во би́ше n, zool. Meles tahus 'јазовец' [ДС(Ч)].

диво́јка f 'женско дете од 15-18 г., немажена' *~ аку са́каш, се́ди ту́ка сос ме́ника да ти и́мам ка́ту че́ду, да ти уже́нам сос една́ на́јчорбаџијска диво́јка* [V,PM,25]; *~ му вели́: "што прода́ваш, господи́не?" И то́јнака удреви́: "ја́зе, диво́јку, хе́м смо́кви прода́вам, хе́м сам хикимџи́а – ста́р мара́з излеку́вам"* [V,PM,29]; *~ га ве́ли: "ку́ни си, диво́јко, немо́ј пла́чиш, немо́ј ти е стра́х, ди́лма ја́зе ту́ка си на́јдох!"* [V, PM,135].

дивојче n, dem. од **дивојка** 'женско дете' *~ на шарена чешма / тамо си најдех, мила мале / једно дивојче* [ТГ,197]; *~ бре дивојче, бре дивојче / л'убаш ли ме мене?* [ТГ,205]; *~ Тено ле, тенко ластарче / дај гиди дилбер дивојче* [ТГ,346]; *~ е бре, дивојче јубаво / седни де да пуседиме / гледи да се пугледиме* [ТГ,100].

дивојчице n, dem., vok. *~ хајде, Јанке, за вода, да та пуведам / дивојчице малечка, да та зал'убам* [ТГ,290].

диву́р m **1.**'некалемено дрво'; **2.** 'багрем' (покрај: **синсе́л', тӑр-ӑн**); **3.**fig. 'недруштвен, некомуникативен човек' *~ то́о диву́р де́к мо́же дӑ-сӑ-но́се ус-л'у́ї̆то* [ПК,II,39].

диву́рка f *~ пло́дно не́ко: дрӑфце, али ло́ши пло́дуве да́ве. Диву́рката тре́ба дӑ сӑ кӑле́ме* [ПД,124].

дивути́јне pl 'диви животни' *~ му ре́кӑл: "зе́јни дӑ-та плу́јнӑм на̣му́цкӑта и ки-ра̣збе́риш шо́ ла́фе дивути́јне, ајва́јне... шо збо́рӑт о́ни и́ма да̣ ти ка́жӑт"* [БМ,199]; и: **дивути́ни** *~ дӑ не́ тӑ-изе́ӑт не́кој вӑлци, не́кој дивути́ни* [ПД,167].

ди́га impf* **1.** 'крева нешто од пониско на повисоко место' *~ са-вр'а́дни да-ди́гат ду-пе́тстоти́н оки́*]ВС(Д),82]; *~ Сто́јко му-ве́ле, го́воре: "па́шо ле,*

нáшо éфенди, / лéсно-се вáло нé дúга / на нивéста лúце да вúдиш / лéлим áман да вúдиш" [ПК,II,236]; **2.** 'пренесува (превезува) нешто од едно на друго место' ~ *ка видéме óт кинă-дúгăт зă-Гăрција, áс вéл'ум: "ки бéгум оти смăрт ej зăнáска"* [ПД,171]; **3. дига ендек** 'копа, чисти ров со кој се наводнуваат градини, ниви' ~ *ду-кулéна уф-вóда сум-дигáла индéци, ама кóј ти признáве* [ПК(Г)]; [ПД,121]; **4.** 'тера некого да стане, го разбудува' ~ *дигал га да стане, да зготфи вечера, а та ни мрднувала ни се разбудувала* [ШК, V,417] **5.** 'ја распрема масата (софрата) по јадењето' [ТГ, 267]; **6. диге (грло)** 'лекува крајници' ~ тоа го прави некоја похрабра баба, со искуство – со средниот прст ги притиска и ги *скапува* крајниците, од нив истекува насобрана гној и детето ќе *нажабурке* малу ракија (ќе го испере грлото) и обично се чувствува подобро [ТГ,126]; **7.** 'дава можности за заработувачка (ја крева цената)' ~ *ни гл'éдаш' нáш'та рáбута не дúга; кóлку за извáдиш' ут пуртукáлиту ... за т'éб'ą ги дáвам!* [MS, t,26]; **8. диге панагија** 'религиозна манифестација со учество на свештеник' [ТГ,307]; ~ *нą зáстрăта ќи дóе пóпут дą дúге пăнăгúа* [ИГ,118]; **8. – (са)** fg. 'се прави важен' ~ *Јано, мила снајо / што са дигиш толко* [ТГ,329].

дигне* pf **1.** 'крене, измести нешто од пониско на повисоко место' ~ *дą гу дúгнąт пирдéто виќе – пá не кăжýве, туку миґу нóјзте на чурбăцúą-та испáґе прăт цáрут* [ИГ, 111]; ~ *пáша си при-Спójко отúде, / на нивéста вáло дадúгне, / на нивéста лúце давúде* [ПК,II,236]; **2.** 'измести нешто (од едно на друго место)' ~ *ут Димúр-Исáр н'ă дúгнаха за у Кавáла, јáхнахми на трéнуту* [MS,t,2]; ~ *и от мáлко врéм'а го дúгнал цáр'а от нáзикáна касабá та го пýснал на една дрýга, на пó-гол'áму м'áсто* [V,PM,256]; **3.** 'замине' ~ *"Што направи?" – "Ки правам, ама ако сă дăржите и вија, ако не ки сă дигнам, ки одам на Ватилак"* [MC(B),90]; **4.** 'земе нешто (присилно) украде' ~ *кадé сам сед'ала фаф змииви пéштери и какви са негуви сарáе, и да зéмем негувáта úмут, сúчку да му дúгнем* [V,PM,260]; ~ *ај д-óјме зáдно, нă-цáро пáрте ки-му-ј дúгниме* [ПД,170]; **5.** 'сокрие нешто, го стави на недостапно место' ~ *дúгн'о: тошéј дą н'о: нáјдăт дéцта* [ПК (Г)]; **6.** 'земе од дома (некого), стави в затвор' ~ *на тија дни го дигнаха на Нула и дојде то, што отипа консулите* [MC(B),83]; **7.** 'се стопи' (снегот) ~ *ќи-сă дúгне виќе гааре, стúга му бúше* [ПК(Г)]; **8.** фиг. 'ја зголеми цената' ~ *имáх з'éнту парú ут бáнката и ґýч'-белá да сă плáт'а; гу дúгнаха т'ут'ýн'у и ш'ýкур сă платúхми на трáпизáта* [MS, t,5]; **9.** изр.: **дигнá глáва** (= се вообрази, застана на свои нозе); ~ *шó ќе-ј тáа рăбóта, тóо твójо нóго дигнá глáва, ут-кá флизé нă-рăбóта сúно, нóго влáс мер-ej дубијáл* [ПК, II,159]; **сă-дигнáх гáаре** 'се збудалив' (: *ут-кăсăвéте сă-*

дигна́х га́аре, не́ сум та̄ма́н) [ПК(Г)]; **дигнах ра̄ци** (= се откажав од она што требаше да биде) ~ *сӑ-мӑчи́х, сӑ-мӑчи́х де-ј-а́рно, дӑ-сӑ-живе́е не́как, а́ма ка́ не́ би́ве дигна́х рӑци уд се́. И ут-си́но и ут-има́нто* [ПК,II,159].

ди́гнин adj **1.** 'изместен, кренат' ~ *ка о́дум та́м, нӑ-то̆ ме́сто, шо́ ќи-ви́диш – се́ пул'а́ни, ка́мӑнто ди́гнини* [ПК,II,217]; ~ *то̆ ше́ј ут-ка́ зна́м ту́ка сто́о, не-ј ди́гнин*; **2.** 'поставен, направен на високо' ~ *и́мше дисти́на кӑшти ту́рски, ди́гнинки така́ на-висо́ко* [ПК,II, 247] (овде е употребена зборообразувачка разновидност со деминутивно значење *ди́гнинки*, освен во множина се среќава во ж.р. *ди́гнинка*, и во среден *ди́гнинко*, но формата за м.р. не се добива); **3.** 'распремен, наместен – како резултат на тоа што работите се кренати' ~ *ди́гнино (ли) би́ше до́ма?* (= дали беше раскренато, наместено) [ПК(Г)]; **4.** 'нешто ставено на високо за да не биде на дофат, сокриено, недостапно' ~ *ди́гнино-ј, ама не́ мо́жум дӑ-гу-на́јдум, ѓа́вуло гукри́е* (= наместено е некаде, ама не можам да го најдам, ѓаволот го крие) [ПК(Г)]; **5.** 'изгубен, празен' (во синтагма: **ди́гнина ра̄бо́та** = изгубена, празна работа) ~ *ти́ На́со, се́ тӑквѝ ди́гнини рӑбо́ти пра́виш* [СК,322]; **6.** 'вообразен, надуен' ~ *но́го-ї ди́гнӑна* (= се прави важна) [ПК,II,39].

ди́гнува impf 'става на повисоко место, крева' ~ *и ди́гнува бра́т-му ка́мин'у, гу удри́ва у глава́та, гу уклава́ва, гу зари́ва на на́с ро́пка* [MS,t,48]; ~ *сӑ напулн'ува дрӑнго́, гу врӑзува́ми кана́п'у, гу ди́гнува́ми дрӑнго́ с'е́тн'а, гу кла́вами на чарда́ку на с'ӑнка* [MS,t,5]; и: **дигну́ве** ~ *зиму́ве кути ка би́ла уфпӑле́нте а-дигну́ве, ма́јкӑта и та́ткуто си зӑспа́ле, а-нӑде́нуве нӑ-ко́л во́нка* [ПД,151].

дигнугла́ф adj 'вообразен, непокорен, недруштвен човек' ~ *чуве́к шо не́ сӑ-пуве́л'уве, не́ сӑ-пуко́руве. Ас сум-то́о* [ПК, II,39].

дида́скал m 'тој што ги учи децата, учител' ~ *а на́шле уф J... шо се́диши уфстре́т на дида́скалити* [MV,K,327]; ~ *е́м ве́ли: Дида́скале до́ба̄р, шо да чи́нам да кирдо́сам ду́шата* [MV,K,279].

дидл'о́к m, pej. 'лошо дедиште' [ИГ,124].

дизги́н'* (и: **дизги́не** – како pl.tt.) m **1.** 'узда' (односно: јаже или долго парче кожа со кое се управува движењето на колата, коњот) ~ *ути́ди на гура́та, сӑс фо́рца пруми́на́, з'е́ мрӑва мл'а́кци и гу прифта́са гура́та на затфа́ран'ету, му гу ску́мна дизги́н'у* [MS,t,36]; [СК, 322]; ~ *простр'а рӑка́та му, искина́ еди́н дал со́с де́сет ја́бӑлки и еди́н дизги́н удри́ на ко́н'ут, побегна́* [V,PM,113]; **2.** fig. изр. ~ *ги-зе́л дизги́ните* 'се осамостоил, ја зел власта' [ПК,II,39]; ~ *му-зе́ла дизги́нте* (= му ја зела сета власт, таа командува) [ПК(Г)].

диигити́с (и: **диикити́**)* m 'началник, највисоко поставен во одредена средина' ~ *гу запи́ра про́с'ӑку, му да́ва ру́би, гу прим'ӑн'а и гу пра́ви иди́н диигити́с на с'е́луту* [MS,t,25]; ~ *"ут н'е́гу сӑбе́п – вили́ – да кале́сам про́типурги́ту, диики-*

т'ёту" [MS,t,12].

диикиса* impf 'управува' ~ *на ш'ич'ки му дади пуина ипархија за да диикисат* [MS, t,60].

дај adv 'божем' ~ *вид'ą ина порта утворина, фл'ази там н'ётр'ą, дај да сă скрај* [MS,t, 56]; ~ *дај ки-дојше, ош гу-нема* [ПК,II,39]; и: **дии** ~ *та излева пак и учела дии да брăка кăшт'а с кирију* [V,PM,165].

дај interj 'извик при терање коњи' [ПК,II,39].

дијадосан* adj 'објавен, нарачан' (во вид на наредба) ~ *с'ăканд'ą имаш'и дијадосану ('му имаш'и пурăнч'ину')* ... *оти на кутра скала да појат, да ги ни устав'ат да јахнат на гимијата* [MS,t,58].

дијалима f 'пауза меѓу часовите на училиште' [MS,s,21].

дијамандопетра f 'украсен камен, дијамант' ~ *ч'опнуват идна калинка, сă напăлни удајата дијамандопетра* [MS,t,86].

дијатакса pf 'издаде наредба' ~ *проедроту дијатакса да стор'ąт идна трапезарија* [MS,t, 87]; ~ *иди́н д'ён' цар'ут дијатакса ш'ич'ка да појат на аскёр!* [MS,t,73].

дијатаксува impf 'заповеда' ~ *и дојди вр'ăм'ąту цар'у да ги токми момит'ą. Дијатаксува да пруминат ш'ич'кит'ą јунаци прис портата да вид'ăт момит'ą, да си удбират, кутри гу иш'тат* [MS,t,34]; ~ *и дијатаксува паш'ата на аскёр'у, гу зваж'дат ч'урбаџ'ијата ут кăш'тата пл'ушт'ём* [MS,t, 48].

дијафура (и: **дијафора**) f 1.'разлика' ~ *идно ут другу н'ема дијафора* (= нема разлика меѓу нив); 2. ~ *на дијафура* (= на оддалеченост) [MS,s,21] ~ *и д'ăт'ąту купова ино икопиду на дијафура иди́н сукак утпр'ăт н'ёгувоту икопиду* [MS, t,12]; 3. 'остаток' ~ *ми́ти дијафура кајиш'у д'ё б'ăш'и на крăсту там сид'ă устана ч'ёрну* [MS,t,14].

дијаш'кидаса* pf 'се провесели' ~ *и цар'у му прави ина крăч'ма за јидат да пијат, да дијаш'кидасат* [MS,t,19].

дијашкидасува impf 'се предава на забава' ~ *да дијашкидасат* (= малку да се развеселат); ~ *д'е дијашкидасуваха* (= каде што играа) [MS,s,21].

Дијуниш' m (лично име) ~ *"јас пузнах ч'ă за м'ą уклавеш'! и ж'ината јă устави́х дити́н'а да ти устав'ам иди́н васајёт, да гу крăсти мојту д'ăт'ą ... Дијуни́ш'!"* [MS,t,46]; ~ *играјаш'и нузи́ малку там, Дијуни́ш' ш'ту гу ви́каха* [MS,t,46].

дик (**стоо**) adv 'исправено, вертикално (стои)' [BK,43]; пр. цвеќе или било која земјоделска култура, ако не е увенато стои **дик**. [ПК,II,39].

дикајна f 'направа за вршење жито, нешто како санка, ја влечат волови. Од долната страна (на дрвата) има углавено ножеви и кремење (за да ја дробат сламата, односно да ги одделуваат зрната) [ТГ,340]; [KE,245]; (и: **дикана**) ~ *ниą вăршихме ус-дикана. Она-ј двё талпи дибёли, уд-долу ус-канци цилёзни, муѓи тиą канците има ковăно крёмине, камине, дă-дробăт класо, житто* [ПК, II,38].

дикан' m 'направа за вршење жито' – во Кукушко (според лични истражувања) (= вид срп

?) [ВС(Д),70]; во др. пунктови (според лични истражувања) **дикана** 'дебела штица на која одоздола има шилци за да ја кршат сламата и да ги одвојуваат зрната од класовите'. **Дикањата** ја влечат коњи по гумното. Сп. **дикајна**.

дикáр m 'десетката од картите за хазардни игри' [СК,322].

дикáса* pf 'осуди' ~ *кугá гу фáтиха Исус Христóс и гу дикасáха за да гу ставрóсат и брăкаха дрăвé да му стóр'ат крăс* [MS,t,45].

дикáсува* impf 'осудува' [MS,s, 21].

дикáт m **1.**'внимание' ~ *óна шéс нидéли требýва да прáј дикáт да нé-ј устáва пилéнта нáдвор пу зăјдéјне на слăнцито* [УЕ, 28] (пр. за една од специфичностите на долновардарскиот говор – присуство на гл. именки од свршени глаголи); ~ *дикáт стóр'ам* 'погледам нешто со внимание' [MS,s,21]; **2.** 'проверка' ~ *и кога ги докара царјут на толку радоста, рече сос умот му: "оди сега да ги чинам един дикат, да ги докимашам умовето му!"* [V, PM,64]; во Воденско 'направено добро' [BV,44]; сп. ~ *зăсéкаа рăбóта сáке дикáт* [ПК (Г)].

дикатлíја adj, indecl. 'човек (жена) што работи внимателно' [BV,43].

дикел' m 'копачка со 2 заба, обично се користи за копање лозје' ~ *глéде адúн вăлк дрéме, тăкá áјн дикéл пу-глáвăта, г-утéпе, а...* [ПК,II,224]; ~ *тó-ј ус двé рóшки, зă кóпăне* [ПД, 121]; ~ *да купáјми лузé сăс дикéл* [MS,s,21]; [СК,322]; сп. загатка **пăлна црква дикеле** (= заби во устата) [ТГ,290].

дикéмбри m 'последниот месец (12) од годината' [ДС(Ч)].

дикúш m **1.**'раб' (при шиење) *ýдр-о: тóо дикúшо нă-мáкинта*; **2.** изр.: **лáфо дикúш нé муфáште** (= се однесува несериозно, зборува невистини) [ПК,II,39]; ~ *тáа рабóта шó мј-а-кажýвиш дикúш не фáште* (= она што го зборуваш не е реално) [ПК,II,39].

диктиса* pf 'постави, забоде в земја' ~ *и баш на сред-село / бајрак диктисаме / бајрак забудеме* [ТГ,348].

дил conj (причински) 'бидејќи' ~ *дил ни питаш, млад Стујане / дил ни питаш ки ти кажме ако знајме* [ТГ,201].

дилму conj 'штом' (покажува причина) ~ *и, аз му ричех: "Тескере не искам, јаз с уста ки му речам и тија ки дојдат" – "Е, хубаво, дилму толко ихтибар имаш, хубаво"* [ВС,89].изр. 'да даде бог' [Vod,B,10].

дилади – 'тоа значи, т.е. добро што е така' ~ *му вилú: "ти хич' ш'тóгуди ни прáвиш', амá ни знáјат бериќáт (дилади), áку знáјат да дóат ..."* [MS,t, 24].

дилáфт' m **1.** 'шипка на која се става месо кога се пече, ражен'; **2.** 'железна направа со два крака, се користи за подредување на дрвата, да се разгори оганот – маша' [ВС (Д),69]; (pl *дилáвд'а*) [MS,s,21].

дилбер adj **1.**'сакан, убав' ~ *Тено ле, тенко ластарче / дај гиди дилбер дивојче* [ТГ,346]; ~ *мори, што и веле / дилбер Мито: л'у-л'а-јее! / мори, јоди Цофо / да се л'ул'ме, л'у-л'а-јее*

[ТГ,69]; **2.** 'модерно облечен, вообразен' [BV,44].

дилберина f 'сакана, љубов' [V, PM,366].

дилéјне n 'поделба на имот' ~ *бáш сéгăг л'ýјто, димéк инсáнот, нéмăт нéјно гăрб, нéмăт нéјни нúви, нéмăт фáврики пу сéлта, пă и у кăсăбáјте, нéмат вúки зéмја зă дилéјне* [УЕ, 12].

дилéко adv opp. на 'близу' ~ *пу икиндúа уше един сáат или двá ки рăбóтăт ... Шó е дилéко нúва, и пó-рано си óдăт* [ИГ,119]; ~ *Нимáнци дилéко бúше уд-нáшто сéло. Трú сáата бише дилéко* [ПК,II,252] (оддалеченоста во случајов се мери со времето потребно да стигне до местото); ~ *пăт ки пăтиш за млада нивеста / за нивеста мошне уд дилеко / прес три гори и прес три планини* [V,PM,164].

дилиа (и: **дилија, дили**) m 'храбар, млад човек, јунак' ~ *и тој отиде, стојал у хурната, и кон'ут са чини човек, отиде тамо кату лут дилиа, тој влезе на хурната нетри* [V,PM, 212]; ~ *то, шó мошна ú тепаше на бимбишијите / тоја беше Марко-дилија ут Прилипа града* [MB(E),263].

Дили Димо m 'м. л. име' ~ *имаши един јунак, името му беши Дили Димо, којту беши един трончу шишку, дибел кату бăчва* [V,PM,65]; сп. **дилиа**.

дилилúк m 'немирно (бујно) однесување во младоста' ~ *"за кáж'иш' заш'тó, ш'тó ти т'éкна?!" – "на мóју дилилúк (палав'áта) удгóр'ạ идúн ч'ув'ăк закóлих"* [MS,t,18].

дилúм m 'отсечено парче од овошје, од лубеница, диња, но и од поголема круша, јаболко' [ПК,II,39].

дилкутúна f 'парче дрво одделено при цепењето' [ПГ(С)].

дилму (и: **дилмо, дúл'ми, дилма**) conj **1.** покажува причина 'бидејќи, штом' ~ *дúлму тáка стáна, ýтр'ạ да пóј з'éнт'у ут кóзит'ạ да в'éни идúн ерќéч' да закóлими* [MS,t,17]; ~ *т'é му вил'áт: "ти сă мóлими, дúлму такá-ј тóлкос киндúну ни ни дáваш' ут тфóју л'áк мрăва и на нáм"* [MSt,6]; ~ *га вéли: "кýни си, дивóјко, немóј плáчиш, немóј ти е стрáх, дúлма јáзе тýка си нáјдох!"* [V,PM,135]; ~ *едúн бил'áрин му глидáл дạ рéкăл: "Дúл'ми сáкте чéдо, ки ви дáам ..."* [ИГ,109]; **2.** за време, укажува на дејство, по кое веднаш се извршува дејството на главната реченица 'штом' ~ *дилми ки-сă-зạмрáчше и пóртта а-зạпúнăхме* [ПК(Г)]; **3.** part 'нели' ~ *дилми и ти бúше тáм, пá сјáинкáриш* (= нели и ти беше таму, а сега порекнуваш) [ПК(Г)].

дúл'ка f 'парче веленце (черга), тесно исткаено – 70-80 см'. Потоа **дúл'ките** се шијат една со друга и се прави големо (и широко) платно [ПК,II,39].

дим m 'гасови со ситни честички што се одделуваат при согорување' ~ *фрéт ги изгор'á, и кату гор'аха, от нúх излéваши сúн дúм, чéрни кáдови, царвéн плáмин* [V,PM,140]; ~ *направил си един остăр крлиг па га закачил на мајка му сос крлиго за носо и сос голем дим и прах га влечел на гробишчето* [ШК,V,419]; сп. го

изразот: **ди́м сӑ-чини́** (избега без трага) [СК,322]; во односнава регија, со исто значење запишавме и: *дри́м сӑ-чини́* [ПК(Г)].

ди́м (и: **ди́ми**) conj 'штом' ~ *ди́м је са́мо та: кӑшта биле́жина и́ма да́дно* [ПД,170]; ~ *сја:, ди́ми тӑква́-ј рӑбо́тта тувӑре́-јте една камі́ла па́ри* [ПД, 170]; сп. **дилму**.

Димана 'ж. л. име во Дојранско' [ПД].

димари́ја f 'многубројна војска' [BV,44].

Ди́ме Та́пувут m 'име и презиме од Пазарско' ~ *го фӑти́ја Ди́ме Та́пувут, ву́јко му на во Го́це Кусипра́ивут* [КЕ].

димија f 'дебел шајак (штоф), дома ткаен – *сус чтири пудношки'* (= начин на ткаење со разбој – четворно) [ТГ,274, 362]; и **дими́а** (= *ша́ик, до́ма тка́ин*) [ПК,II,39].

диминѝк (и: **диминѝќ**) m 'отвор на покривот, служи наместо оџак за излегување на **кӑде́пут'** [ПК,II,39]; ~ *го́ре, нӑврӑс бина́та – два диминѝка. До́лу – гуве́ата* [ИГ,118]; ~ *ки-сӑ-ка́чме го́ре, ко:-утӑкниме ко́ло в-о́ѓно, ка ки-збу́кне, то́ги ни́ӑ ки-фле́зме... Качу́ват се нӑ-диминѝко и бӑр-бӑр, бу:* [ПК,II, 227]; ~ *ко́ј мо́же, кла́ве џам нӑ диминѝкут, ко́ј не́ – гу фра́ске етӑрут* [ИГ,118]; **диминѝќ** [СК,322].

Димѝр Иса́р m, top. 'име на населено место по долниот тек на реката Струма, во југоисточна Македонија' ~ *кӑра́ме, кӑра́ме ду-Димѝр Иса́р, нӑ-мо́сто, та́м не́ пумѝнувӑт дубѝцте* [ПК,II,219]; ~ *и́мше не́каа ко́ла, сӑ-нӑкӑчи́ме нӑ-ни́х, а́ма шо фӑја́, не́ли нӑ-Димѝр Иса́р ни устӑна́ бӑга́шо* [ПК,II,248]; ~ *утѝдух у С'ӑр, ут С'ӑр утѝдух на Димѝр-Иса́р* [MS,t, 1].

димир капиа f (adj) 'железна врата – надворешна' [V,PM,366].

димирџ'и́ја* m 'мајстор што изработува железни предмети: секири, рала и сл. – ковач' ~ *отѝде ца́рјут, му направѝ на́ едѝн димирџи́а де́вет окѝ чакма́к и двана́јси окѝ балтѝа* [V, PM,107]; ~ *но́з бо́лин Дујич'и́н и р'е́ч'и на с'е́стра-му да по́ј на димирџ'и́јата, да му нато́ч'и калӑч'ката* [MS,t,51]; ~ *имаши един вујку димирџиа, отиде та му речи, да му стори един чифт чизме от железу* [V,PM,135].

димѝтно пла́тно n 'густо ткаено платно, клашни' [ПК,II,39].

Димитра́ку m 'машко, лично име' ~ *ино́ ма́лку сӑ руди́ д'ӑтинци и гу крӑст'ӑх Димитра́ку* [MS, t,3].

Димитрија m 'м. лично име во Гевгелиско' ~ *на три дни прад св. Димитрија ки фатише мојут думаки́н да коле овци* [ТГ,207]; и: **Димитре** (од Гевгелиско) ~ *свити Андоне и свити Димитре куту на сите братја, и на мене удилејте здраве и касмет* [ТГ,306]; и: **Димитрѝӑ** (од Дојранско) ~ *вѝкум: ву́јко, ду на́-ште дӑ-пу́штиш а́јн чуве́к уд-ва́-ште. Димитрѝӑ д-о́де ду-та́мо, дӑ-мизе́ме ру́би нӑ-ме́не и се́стрӑ-ми и-же́нта дӑ-до́ӑт ду-ту́ка* [ПД,173].

димѝтрусхју m 'име на месец октомври' (според празникот Митровден) [MS,s,21].

Димѝтруф д'е́н' m 'име на празник' ~ *и до́јди Димѝтруф*

д'ен', гу стор'ах браку, са ужен'ах [MS,t,3]; ~ *с'етн'а пу Димитруф д'ен' фаш'тат мăнгли, ум'екнува т'ут'ун'у и гу клавами да гу пасталасими* [MS,t,5].

Димка f 'ж. л. име од Гевгелиско' ~ *кога е чујала Димка, калеш Димка / се је насмијала малце гласовито* [ТГ,204]; ~ *ај Димке, Димке, јубава ти Димке! / Димка си јотишла на града Солуна* [ТГ,204].

димл'ус m, bot, Mentha 'лековита билка, со убав мирис на лисјата – нане' ~ *уд-него са-праве чај, а мош гу-турис и уф јадне, уф-фасул'* [СК,322]; [КЕ,247]; ~ *мирдца викăт тук* (мисли во Струмичко): *тури малко димл'ус уф-фасул'о* [ПК, II,38].

Димо m 'м. л. име, забележано во Долновардарско' ~ *имаши един јунак, името му беши ДилиДимо, којту беши дибел кату бăчва* [V,PM,65]; ~ *некој дедо Димо там утипале Турцте* [ПК,II,248]; [ТГ,114].

Димов До́л m, top. 'планинско место, дол во околината на с. Конско (Гевгелиско)' [ПГ(К)].

Ди́мува Че́шма f , top. 'име на место (чешма) во регијата на с. Штемница, Кукушко' ~ *а то дек ти кăжум Дирвенто, нă-горе имше Димува Чешма и викаа. Некој дедо Димо там утипале Турцте, и тугај и искăрали, и зăвикали Димува Чешма* [ПК,II,248].

Димчев Пужа́р m, top. 'планинско место, дол во околината на с. Конско, Гевгелиско' (според настан) [ПГ(К)].

дин'а́ adv 'дење' (во текот на денот) [MS,s,21].

дина́р m 1. 'парична единица' ~ *шо имше некој динар, гу-јстрисеа тамă; ги-јздеме, си-дујдеме* [ПК,II,252]; ~ *"дај, веле, некој динар, колко пу пăто, дă-н-устанум гладăн, дă, декă ки-мă-носе госпо, јас там ки-живем"* [ПД,146]; 2. изр.: **дина́р уф-чикмице́** (= се прави многу важен, неосновано) ~ *ка се-ј напăрчил, алис динар уф-чикмице* [ПК,II,160].

дингасува impf 'го реди тутунот, го става во денкови' ~ *са напулн'ува д'енгу и гу врăзува сăс сиц'ими и така гу дингасува ш'ич'кију т'ут'ун'* [MS,t,5].

дингасува́ни* n 'работење на тутунот кога се приготвува (реди) во денкови' ~ *и иди с'етн'а динкш'ијата да гу стори д'енгуви, з'ева ч'улуви и сиц'им'а и синдуку ут дингасуваниту* [MS,t,5].

Ди́не m 'скратено име од Костадин' – многу раширено во Долновардарско; сп. ~ *му го зе саатут да го дунесе да го прават на саатчијата, да го донесат на Дине Кулиливут* (име и презиме на жител од Пазар) [КЕ,283].

динеска (и: **ден динеска**) adv 'во текот на денот, времето од утро до мрак' ~ *порăнчова на жената му, вел'ајке: "динеска, жену, да сториш манци харни, ч'а ки излеземи на тифирич дур на Караборун!"* [V, PM,166]; ~ *га даде рибата на жената му и га вели: "мари жену, тајá риба га земах динеска за един гро́ш"* [V,PM, 17].

диндисуве impf 'забележува' ~ *диндис-ј-о дек оде дă-видум* [ПК,II,39].

Дини́ш m 'м. л. име во Кукушко'

~ *јáс сӑ-ви́кум Дини́ш Го́це Ми́труф, ро́дин ил'а́да о́сумсто диве́јсе диве́тта гуди́на уф-се́ло Ште́мница* (име на информатор од споменатово село) [ПК,II,246].

дингѝл' (и: **дингил**)* m **1.**'оска на запрежна кола, ги спојува тркалата' ~ *му вели на кучициата; "ади, кучицца, направи кучиата, да идими пак на бан'ата и, как ки идими на халвацината, да имаш пила по тебика та да фатиш диднгилите да ги делаш, да си разбие кучиата"* [V,PM,56]; [CK, 322]; [KE,269]; **2.** fig. 'тром човек' ~ *димбе́л, ка́шуф* [ПК, II,39].

дингѝл' бујлѝа adj 'многу висок, крупен' ~ *но́го гуле́м, дӗбе́л, прӑки ре́шкӑта, ду́ри гро́зин* [ПК,II,39]; [CK,322].

динкш'ѝја* m 'мајстор што прави денгуви' (спакуван, подврзан тутун) ~ *и стујѝ пу́ на пӑтна́јси дни и и́ди с'е́тн'а̣ динкш'ѝјата да гу сто́ри д'е́нѓуви* [MS,t,5].

Дино (< Костадин) m 'м. лично име во Гевгелиско' [ТГ,114]; сп. **Ди́не**.

динч adj 'ако нешто добро напредува тоа е **динч'** – ако зимата *арно са гледат* (добро се хранат и сл.) овците, тие порано се јагнат, јаганцата се поголеми, волната е *динч* (посветла) и даваат повеќе млеко [ТГ,376]. *Динч* се вика и кога некое растение е зелено, со светли исправени лисје и сл.

ди́нче n 'мала, зелена диња' [ПК, II,39].

динчлѝа̣ adj, indecl. 'растение што добро напредува односно силна (плодна) нива, земја' ~ *та́а ни́ва-ї динчлѝа̣, ќ-иска́ре ѝ́буф бирке́т* [ПК,II,39].

ди́п m 'долниот дел на некаков сад, дно на кофа, буре, кош и сл.' ~ *му-излизе́ ди́бо нӑ-ко́шо* [ПК,II,39]; ~ *сто́мната то́не удде́к ди́бо* (= бардакот пушта по малку вода од дното) [ПК (Г)]; ~ *прӑтиче́ уд ди́бо* [ПД, 120]; сп. фраз.: **е́с си испи́х че́шта ду ди́бут** (= мојот животен пат привршува) [CK, 322].

дип adv **1.**'многу – многу, сосем' ~ *и пак онај стар на то вели: "как сти?" То му вели: "дип харно сми ниа"* [V, PM,56]; ~ *ди́п, ди́п ни́м мо́о ла́ги, гле́ј-си здра́фто* [ПК,II, 38]; ~ *ти́ ди́п ни́м му виру́ви нӑ Го́це о́ти о́н си пудлӑжуве* [CK,322]; **2.** 'толку (многу)' ~ *о́ти не́ма не́кој ше́ј скри́шно, шо да не́ си чи́ни били́, нито дип по́скри́шно, шо да не си пика́са* [MV,K,325]; **3.** 'наполно, сосем' ~ *ох сину, си фатил да ме питаш дип за страмни работи* [V,PM,182]; **4.** 'добро дека е така' ~ *дип шо си дујде́хте по́ра́нко, инак ни́што не ќи на́јдехте* [ПК (Г)]; ~ *ди́п ми си рудни́на, и́нак ки тӑ кӑлвӑх* [CK,322]; **5.** part 'честичка за потсилување' ~ *ди́п ми-би́ше стра́м, тӑ ќи-му-ка́жах а́с нӑ-не́го* [ПК,II, 39]; ~ *ди́п са бо́о, тӑ дӑ ви́јш шо ќи-нӑпра́вше, ќи-па́днише те́пне; како́в ѝимби́ш ќи-би́ше* [ПК(Г)].

дип ќор ќутук adj 'премногу пијан' ~ *калугириту земаха ракиата, пијаха сос детенто, дури веки гу опиха, гу сториха дип ќор ќутук* [V,PM,56].

ди́пла f 'парче ткаено, како лента (широко околу 60 cm.), соши-

ени **диплите** една со друга го прават килимот' [MS,t,5]. Сп. **дилка**.

дипле* impf **1.** *дúпле т'итýн* 'го става во калапи тутунот, пред да го продадат'; **2.**. 'реди (цвеќиња)' ~ *адни́ ќи гу мéтăт двóрут, дрýsи мúјат мисýри, лăжúцте, бунéјл'те, дрýsи плéтăт вéниц и дúпл'ат ќúтки* [УЕ,10].

шејве (= подредува алишта) ~ во Гевгелиско (според народниот обичај) неколку дена по *армасут* (свршувачката) свекрвата ја вика *армасницата* да дојде и заедно да ги *дипл'ат шејвето* (подароците), што стоеле во дворот закачени на јаже за да ги гледаат комшиите [ТГ,153]; сп. ~ *здúпли тá дулáма; здúпли-ị рýупте. И нăдиплúх, сáк сă-пéгл'ăт* [ПК, II,38]; [СК,322];

диплúк m 'дел од плугот, стои од страната (кога се ора), го одржува правецот' [ПК,II,38].

дипломáтика f 'итрина' ~ *от сиромáх, што бúши, кáк да си покáжи заеднóч богáт, чини таквá еднá дипломáтика: казá, ча úма брáт на Стáмбол* [V, PM,18].

диплóсува* impf 'става во ред, здиплува' ~ *усăхнува хýбав'ạ, гу субúрат, гу диплóсуват, гу зéват думá* (платното) [MS,t, 8].

дипóжо n 'депозит за кредит' [СК,322]; ~ *за му устáвиш дипóжиту парú* [MS,s,21].

дипчúк m **1.**'долниот, дрвен дел на пушката – кундак' [СК, 322]; **2.** 'казнување, тепање' ~ *нă-нéго дипчúко мо-ị лéко* [ПК,II,38].

дúра f **1.**'траги од стапки во снег, кал, песок и сл.' ~ *тăзúита мо:-фăтú дúрта нă-зáјцут*; ~ *да ти ш'ту стăпна дóл на двóру дúрата за устáни да пу дúрата за т'ạ фáт'ат* [MS,t, 22]; ~ *да му м'ăрат дúра* 'да му мерат трагата од стапката'; сп. **дăра** [MS,s,21]; **2.** 'лош мирис, нијанса на смрѓава' ~ *тóо сúринто úма дúра, úч нămóжум до-јáдум* [ПК,II,38].

дирбýр m 'направа за гледање на далеку, двоглед (дурбин)' [BV, 46]; во Кук: **д'ул'бúа** [BK,46].

Дирвéнто n, top. 'име на место во реонот на с. Штемница, Кукушко' ~ *úзвуре úмше нóго. А тóо дéк ти-кажýм Дирвéнто; нă-гóре úмше Дúмува Чéшма ú вúкаа. Нéкуј дéдо Дúмо тáм утипáли* [ПК,II, 248]; ~ *мéжду Асáро и Кéчире úмше аднá рéка, та сă-вúкше Дирвéнто, дăлбóка рéка* [ПК,II,247]; сп. и: *Дервéнто* 'премин меѓу ридови на патот Дојран – Валандово (во близина на Фурка)' ~ *удúле шо удúле, тăкá дукăдă Фýрка – Дервéнто шо му вúкăме нú:* [ПД,152]; ~ *он и риче: "дали си вредна да го донесиш на темни дервени, него да загубам, тебе да зал'убам?"* [MC(B),96]. Во Гевгелиско Таневиќ запишал паралелна употреба (во микротопонимијата) на **Дервент** и: **Цигански Кланац** 'планински премин' [ТГ,445]; основното значење му е: 'тесен простор меѓу високи брегови, клисура'.

дир'éјќ (и: **дирек**) m **1.**'дрвена, греда, служи за потпирање' [BS,44]; ~ *имало тамо един конак голем, на един дирек стоиши, и високо много от конаку отгоре вода теч'аши* [V,PM,167]; ~ *кá ќи флéзе до-*

ма, уф не́гувот двор и́ма о́дрина (асма), ќа́ сублéче кушу́л'та, ќа́ зăка́че там на о́дринита, нă дире́кут [ИГ,113]; (pl **дир'е́јќа**) [MS,s,21]; ~ *пишим и на́јдăт адна́ подăлбо́ка ба́ра, ќи зăбо́дăт три дире́ци кăто пирусти́ја* [УЕ,32]; **2.** 'столб' (од мермер) ~ *и тогај, братко, извади купринин гајтан] и му врsа за мрамуровцкуту дирек* [MB(E),262]; **3.** fig. 'поткрепа, заштита' ~ *дире́к нăкăштта ми-би́ше гуле́мјо си́н, то́о не́ о-би́ве* [ПК,II,38].

дириці́ n 'тешка, мачна положба' ~ *ви́ј нă-шо́ дириці́ мă-дунці́* [ПК,II,38]; ~ *уд-гуле́ми ăрчо́ј, чи́нки ут-стра́ сă-бе́га ут-стра́м не́ сă-бе́га, до́шăл ду-то́а дириці́ – че́јли нă-мужéл дăси-ку́пе* [ДК,153].

дирминц'и́ја (и: **дирменциа**)* m 'воденичар' ~ *иди́н по́п ути́ди на удини́цата ... сид'ăха сăс дирминц'и́јата, си м'ăр'ạха пи́лкат'ạ* [MS,t,78]; ~ *кату ходиши вазиден, умракна; село не можала да најди, туку тамо беши нала една водиница и, ... сос дирменциата си скараха за една пита* [V,PM,209].

дирми́а **1.** adv 'движење напреку, по дијагонала ~ *трăгна́х нă дирми́а* [СК,322]; **2.** adj 'отсечено или здиплено по дијагонала парче, пр. штоф' ~ *муфе́зут* (= шамијата) *ми е дирми́а* [ПК(Г)].

ди́рму conj 'бидејќи, штом' (за услов) ~ *"ди́рму ми сă мо́лиш' то́лку, н'е́ка до́ди кăк за скул'а́сами!"* [MS,t,83]; ~ *"ди́рму н'е́мами о́да, да зл'а́зими на ниш'и́ту да е́змими о́да"* [MS, t,84]; ~ *"ш'о́ ка́зуваш', ма́ри, ди́рму-ј тăј ра́бута́та, сига́ за ста́на хазăр'!"* [MS,t,84]. Сп. **дилму**.

диса́јк* m 'две торбиња поврзани меѓу себе, направени од јака волна (козина) или од кожа' [ТГ,415]; се носат на рамо – едната напред, другата назад, исто така се погодни за ставање на самар ~ *му да́ди ч'урба-ц'и́јата пидис'е́т ли́ри, гу кла́ва у диса́јќу и трăгнува да си по́ј* [MS,t,16]; ~ *и та́тку-му мираклија сă на́ји, му напу́лн'ува иди́н диса́јќ ли́ри, му да́ва на д'ăт'ạту, му вили́: "по́т', ш'е́тај сă!"* [MS,t,20]; ~ *визи́рину з'е́ва ко́ну, з'е́ва и иди́н диса́јќ ли́ри, трăгнува да по́ј да пи́та да сă науч'и́* [MS,t, 40]. Заглавната зборо форма **диса́јк** често се јавува во множина – **дисази, дисаги,** бидејќи се состои од два дела ~ *и го кладеха главата на дисазите и отидоха на Милоша* [MC(B),97]; ~ *зи́ме ца́рскио син еди́н којн и едни диса́ги, нăпăлнуве зла́то, и́мăт но́го* [ПД,146].

диситáр m 'главен на мала вооружена единица (од 10 души)' ~ *испăдна́ Вăндо, диситáр на че́тта шо бе́ше* [KE,281].

диск m **1.** 'голем, плиток сад во кој се принесува честење, јадење, пр. кога се честат гости, послужавник' (V,PM,355); [KE, 246]; во материјалите пообична е формата **диску (диско)** ~ *та ми извади́ха да ми слу́жат сос едно́ зла́тено ди́ску* [V,PM,140]; ~ *са́кам да ми да́диш наврạс ди́ското гла́вата Ива́нува* [MV,K,330]; **2** 'самиот чин на послужување, честење' ~ *нă-го́стто да́ј-им пу-а́дно ди́ско и а́рăн маѓбе́т, то́-і*

прăчéкувне [ПК,II,38]; **3.** 'стварите внатре во дискот кога се чести' ~ *ки тă прăчéкăт; ки флéјш ф-удáата, ки испáдне óна, ки-т дáде слáтко (дúско), кавé к-ти дáде* [ИГ, 112]; ~ *нивéјсти су рáзни дúскути кáниа уф сéлту рудни́ни úли приáтели* [КЕ,285].

дискос m 'црковен сад со кој русалиите собираат прилози како надокнада за нивните игри' [ТГ,225].

диспóт'* m **1.**'црквено лице, игумен, епископ' ~ *утúди да вéзми литурјá ут диспóт'ут и диспóт'ут ја арéса и тóј и кл'éпна ас укóту* [MS,t,67]; **2..** 'управител на некоја област' [MS,s,22].

дисти́н num (приближен број – околу 10) ~ *е тóо знáм, Гóце Дéлчув сé уф-нáс бúше... Дистúн дýши другáре бúа, ја кáк* [ПК,II,342]; и: **дисти́на** ~ *упштинáта ú збéре, им дáде п-адна пýшка вирáн, áдна тóрба лéп и óт нă-фрóнто. Биáсе тáм дистúна дéна, бидé примúрие* [ПК,II,219]; ~ *ум'éкнува т'ут'ýн'у и гу клáвами да гу пасталáсими, з'éвами п'éт', ш'éс, дистúна аргáти за да прáв'ат пастáл* [MS,t,5].

дисти́на-двáјс num 'приближен број меѓу 10 и 20' ~ *и зăтвурúја дистúна двáјс дýши ут сéлто* [КЕ,279]; ~ *дистúна-двáјсăт кýки пá има уф Мăчýкăво* [ИГ,121].

дитилина (и: **детелина**) f, bot. Trifolium 'вид ливадска трева со 3 листа' ~ *шо и зела ду два златни српа / да нажније росна дитилина* [ТГ,164]; ~ *тамо они век да си викуват / пустил'ачут – кујун детелина / изглавито – црквишно ми цвеќе / пукривачут – два листа букуви* [ТГ,51].

дити́н'а adj 'бремена' ~ *каталахý на нóс сирумáх жинáта -му бúши дитúн'а, ја фáтиха булúки за да сă рудú мáлкуту* [MS,t,15]; ~ *си стáнуват ем кубúлата, ем цáрицáта дитúни; и си рáж'да цáрицáта* [MS,t,31] ~ *идúн'у ни мóж'иш'и, бóлин бúш'и. На нóс бóлнију имáш'и инá ж'éна, дитúн'а бúши* [MS,t,46]. Во функција на субјект среќаваме дативна конструкција (со предлогот **на**).

дúту conj (временски) 'кога, додека' ~ *на пăнт'ó, дúту úдиш'и, фл'áј н'éтр'а у с'éлуту* [MS,t, 46]; сп. **дету**.

дúќ adj 'исправен, стрмен како стена' [СК,322]. Сп. **дик**.

дикáнче* n, dem. од **дикáн** ~ *тáа малá и Гирáно, Гирáн сăвúкше дéк бúă дикáнчăта, он бúше срет сéло* [ПК,II,216].

диф* adj **1.** 'животно, птица што живее во стихијата, далеку од човекот, односно растение, овошка што не е калемена – неоплеменет, орр. на питом' ~ *уф-то: éзерто пă-имáло сé пáтки дúви* [ПД,154]; ~ *в честа гора лов да лове / лов да лове диви пилци / не са биле диви пилци* [ТГ,51]; ~ *хúтра Пéтри кугá вúд'а мéч'ка, дива прафц'á, éлини и сă уплáш'и* [MS t,75]; ~ *гóрничка* зн. *'дúви крýши, ти: шо зăлéгăт, éсăнта шо здрăјýвăт'* [ПД,124]; ~ *Јоáн бéши убличéн ут влáкно камúлцко, и пóјас уф кóжа на пулувúнта, и скрáпли јадéл и ут дúви пчéли мéт* [MV,K, 307]; сп. го објаснувањето за **дивýр** ~ *дúву нéшто, плóдно нéко: дрăфце, али лóши плóдуве*

да́ве [ПД,124]; **2.** 'неприродно суштество' *(ди́ф ч'ув'ӑк) ~ сӑ ту́рнува магар'а̣ту; с'е́тн'а̣ истр'ӑтуха ина́ ба́ба, ид́ин ди́фу (ди́ф ч'ув'ӑк)* [MS,t,50]; **3.** fig. 'човек со сурово однесување' *~ кути ди́ф, са́мо зна́а дӑ-сӑ-те́пе* [ПК(Г)]; сп. **ди́ф би́к.**

ди́ф би́к m 'упорен и лош човек' [СК,322].

ди́ф по́п m 'тој што реагира остро и мисли дека само тој има право' (секогаш) [ПК,II, 40].

ди́ф ру́жин m, bot. 'едногодишно диво цвеќе, ружа (не е трендафил), може да порасне повисоко од човек. Цветовите му се во различни бои, а стојат на сосем мали дршки' [ПК,II,38].

ди́ф тра̄нда́фул m. bot. Rosa canina 'диво грмушесто бодливо растение од родот на розите' [СК,322].

ди́(х)* m 'здив' *~ че́к си-зе́м ди́о; ~ Не́што ми-мири́се ди́о, зе́р гӑрло и́мум* [ПК,II,40].

ди́ха* impf 'зема, вдишува воздух со градите' *~ та като ди́ха-ш'а змие́та, та от си́ла от дош'ата на змие́ деца́та са подм'аткаха го́ре фаф тава́не на кӑштата* [V,PM.263]; и: **ди́ше*** *~ ти́ӑ шу ди́шме, ни́ӑ – рӑнки* (им викаме), *прӑку ни́х мина́ва, та́м о́де, бе́л'о: дро́п-ли, цӑрн'о: дро́п ли, дро́п, дро́п* [ПК,II,238]; сп. **дӑха.**

диш-параси "пари за (трошење) на забите" *~ напкун сакаха пари и за мӑката дето са ја-ли, демек диш-параси* [MC(B), 72].

дишл'а́н (и: **чӑка́н дишли́а**) 'човек со големи, криви заби' (начивот го запишавме во Дојранско; во градот: **зӑбл'о**) [ПД, 115].

диш'ти́хима f 'несреќа' *~ сӑс ш'то́ тро́пу да гу фа́ти, ш'ту ста́на тујі́ диш'ти́хина, ш'ту ја згур'ӑ кӑштата* [MS,t,12]; *~ т'а̣ нахо́ж'да диш'ти́хима* (= ќе ти се случи несреќа) [MS,t,9].

диш'тихо́с adv 'несреќно, незгодно' *~ ама́ диш'тихо́с главн'а́та ја има́ш'и кла́дина на врӑх крило́ту на ко́н'у и така́ му згур'а́ва крило́ту на ко́н'у* [MSt,23]. Во изразот *главн'а́та ја има́ш'и кла́дина* имаме остатоци од постара состојба кога постоело сложување меѓу предметот и придавката од глаголската конструкцијата.

дјавол (и: **д'авол**) m 'митолошко суштество, симбол на злото' *~ кини́са гиое́ да си иди, па́к дј-а́вола́т гу викна́ и му га даде́ кути́ата* [V,PM,147]; *~ ја́зи му бех хизмика́р, а́ми д'а́волот така́ ми дупна́, ми расипа́ душа́та ми, ми чалди́са умот ми и ме пӑхна, гу утепа́х* [V, PM,28]; во Солунско: **дјáвул*** *~ та́м на на́с тупо́ла сӑ сӑбира́ли дјáвуле́ту и сӑ пи́таха ш'ту ра́бута пра́в'ат на дин'о́* [MS,t,24]; *~ дјáвулу иди́н д'е́н' уткра́ва ина́ ја́блӑка ут пара́диса и исл'а́ва на зим'а́та* [MS,t,30]; во западниот дел (Кајларско): **дјáул*** *~ то́ дј-а́улут шо́ пра́ве?... идни-пе́сни, идну кимане́, инӑ-гӑга – сфи́ре* [ДК,141].

дјаво́лц'ки* adj 'упатува на ѓавол' *~ дида́скале, ти дунсо́х де́ти-то ми на те́б, а и́ма дјаво́лц'ка рӑѓа* [MV,K,284].

дјаволц'ка рӑѓа f 'болест што се манифестира со безсвесна со-

стојба, епилепсија' ~ *дидáскале, ти дунсóх дéтито ми на тéб, а úма дјавóлц'ка рăѓа; ... гу трéси, и си упинýа и си трéси зáбити* [MV,K,284]; ~ *гу путрисé на нéгу рăѓата; и паднá на зéмн'ата, си вáлкаши су пéна уф ýстата* [MV,K, 281].

дјадо (и: **д'адо**) m 'татко на некој од родителите, или воопшто постар човек' ~ *тогас ќусе даú му вели на него; "јазе ти изваждам, ама си закăлнаваш, за да не кажиш на д'адо ти"* [V,PM;207].

дјадов (и: **д'адов**) adj 'она што припаѓа на дедо' ~ *спроти мајчини ми повелениа – мајка ми е дип харна – преде петнајси или осомнајси години да и дошел у д'адова кăшта един гост, га ареса на мајка ми, за един вечир са винча сос неа* [V,PM,56].

дјагодúшен кóч m 'млад овен (од 2 год.)' [ДС(Ч)].

дјак(ут) m 'тој што чита и пее в црква и воопшто човек што знае да чита' [BS,45]; ~ *скулáса ч'éркфата, утúди на дјáкут и дјáкут кл'éпна* [MS,t, 67].

д'акон'а pl 'десерт, слатки работи' ~ *и кату беха просили, берали д'акон'а, хлеб, пари много, и отидоха на една михана да јадáт* [V,PM,188].

дјева* f 'младо женско суштество, немажено – девојка' ~ *вóа сăто сă-чинú, да сă стóкми шо рéкал Пруфúтинут ут Гóспот, шо вéл'а: éту Дјéву мóма ки сă нájди тéшка, да ки сă рóди дéти* [MV,K,305]; ~ *си пуштúл Ангил Гаврúил.... на Чистá Дјéву армасáна су мăж* [MV,K,315]; и: **дева** ~ *таја, што ки мјаси, да е дева сос мајка, сос татку, а не сирачка* [V,PM,247].

дјувлетлиа (и:**д'уветлиа**) adj **1.**'срекен' и **2.**'додавка кон називите **везир, паша**' [V,PM, 367].

дјуздиса (и: **д'уздиса**)* pf **1.** 'се дотера, се облече убаво' ~ *кáс сă-дуздисáла, чúниш нă-свáдба ќ-óјш* [ПК(Г)]; **2.** 'приготви, организира' ~ *кату трăгнаха да подат на понаирот, Петку са запр'а на един орман, да си направи лирата, да ја д'уздиса* [V,PM,196]... *сетни, кату са д'уздиса хоруту, и т'а си приминила сос златните дрехи, вјахна и кон'ут и пак отиде на хоруту кату д'ун'а ѓузели* [V,PM,206].

дјулгерин (и: **д'улгерин**) m 'мајстор ѕидар' ~ *едно време имаши един мајстор от тиа д'улгериту. Беши млогу харин мајстор, ама кăсмет немаши за една дуката* [V,PM, 86].

дјумбел' (и: **д'умбéл'**) m 'мрзливец' [MS,s,22].

дјумбилик (и: **д'умбилúк**) m 'мрзливост' ~ *дјумбилúк м'ạ фáти* 'не ми се работи'; сп. **темберá** [MS,s,22].

дјумен (и: **д'умéн'**) m 'направа за управување, кормило (на брод)' ~ *кату устана, нé можа да гу заврати д'уменут;* ~ *капитáнину на пампóру с'ạдú на дјумéн'у* 'капетанот на бродот седи покрај кормилото'. fig. 'управување со држава' ~ *устана санот му на неговата столнина... не можа да гу заврати д'уменут... пуста останала царчината му, и тогај му ја земаха столнината други царови* [V,PM,195]. Сп. *хýбаф*

дјуме́н' и́ма 'добар домаќин' (= *ч'урбаџ'и́ја*) [MS,s,22].

дјуѓа (и:**д'уѓа**) **ѓузели** f 'убавица на светот' ~ *сетни, кату са д'уздиса хоруту, и т'а си приминила сос златните дрехи, вјахна и кон'ут и пак отиде на хоруту кату д'уѓа ѓузели* [V,PM,206].

дјуѓаѓузелинин (и: **д'уѓаѓузелинин**) adj 'она што и́ припаѓа на **д'уѓаѓузели**' [V,PM,367].

дјушѓамé n 'под' (воопшто) (pl. *дјуш'ам'анта*). Сп. **па́тума** [MS, s,22].

д'ушег* m 'дебела постилка врз која се спие, постела' ~ *стана ламјата, постилала д'ушега, перници, за да легнат да спат, та тогас чинили хесап да ги изјади* [V,PM,103]; и: **дјушѓе́јќ** (pl: **дјушѓе́јќа**) [MS,s, 22].

д'ушун да јап изр. 'молчи и работи' [V,PM,367].

длаго́ва* impf 'има пари за враќање, должи' ~ *ги викна́, им вели: "господа́ри мои́, ви́а, што длаго́вати на мо́ј господа́р ету то́лку гро́ша"* [V,PM, 20]; ~ *му вели́: "да ми плати́ти пари́те, што длаго́вати на мо́ј господа́рот, ча и́ма то́лку вре́ме, бли́зу две́ годи́ни, как сти зема́ли има́ниту"* [V, PM,21]; ~ *умрентујут длаговал на три арнаути по сто гроша, и арнаутиту не оставиха да гу зарајат* [V,PM,33].

дламбо́к adj, opp. на 'плиток' ~ *отбирането беши, што и направил на полето една дупка 40 адими шарока и толко дламбока* [V, PM,181]; ~ *палај си извор студна вода / копај си бразда длабока* [ТГ,212]; fig. ~ *дламбо́к ч'ув'ак* 'сериозен човек'; сп. **гламбо́к** [MS,s,22].

дламбо́ку adv, opp. на 'плитко' ~ *афу́ ути́духа дламбо́ку ве́јки, ја та́кна ва́рката на ж'ина́таму* [MS,t,68].

длажина́ f 'растојание меѓу две најоддалечени точки' ~ *му-ви́ка, ут ка́ гу издалка́ле: "де́фо, вика́л, се́га ка́к да-гу чи́нуме на-длажина́"* [ПД,160].

длаг амбар m 'назив на детска игра во Гевгелиско' [ТГ,445].

длаго adv 'многу' ~ *ај спајија, млад спајија / ки те чакам длаго време* [ТГ,334]; ~ *длаго време, мили мажо / дудек коса ки-м пубеле* [ТГ,334].

длаго магаре n 'вид детска (машка) игра' (се редат деца едно до друго, а третото дете се труди да ги прескокне) [ТГ, 445].

длак* adj **1.**opp. на 'краток' ~ *гу ту́рнуват т'ем'е́л'у, гу пра́в'ат по́нан'е́тр'а, ги кла́ват гриндѝ́т'а удго́р'а – мло́гу длаги и́дат!* [MS,t,44]; ~ *з'е́ва ино́ ж'е́л'азу ино́ индизе́ длагу и така́ са́с н'е́гу ш'тив'а́сува* [MS,t,5]; ~ *има́ш'и ино́ мага́р'а Настрадѝ́н-хо́џ'а, има́ш'и мло́гу длагу вуди́ло* [MS,t,55]; **2.** изр. **длаги му-са-ра́цто** (се кажува за оној што има големи можности) ~ *и́ма па́ри, и́ма вла́с, се́где сти́ге, се́кој му-пра́ве е́вала* [ПК,II,160]; сп. **дланук** [MS,s,22].

длинта́ f 'долниот дел на рака – дланка' [ДС(Ч)].

днеска adv 'во текот на овој ден' ~ *видех три овци чужди; му вел'ам на овчарите: "с кој са најдехте вија днеска?"' Они ми вел'ат: "Не са најдехме ни с никој"* [MC(B),80]; ~ *хил'ада мастора градет једна царска*

кулă, и днеска колко наградет, јаз вечарта ходјă и јă убăрем [V,PM,281].

днешен adj 'она што стои во корелација со поимот **ден'** ~ *фрет тие били нишанлии, златни крие имали на ногите... и до днешен ден тие си са на небото, нема веке по земета да фодет* [V,PM,265].

дни pl 'период од животот, возраст' ~ *éту такá сакá Гóспот да ми чúни на мéн на мóити дни... да ми си бúјат пéза л'ýдите* (=... да ми се смеат луѓето) [MV,K,337].

дно* n 'долен дел од сад' ~ *тојнака, нетрика аф удајата кату беши, зема ухтар'ут, залепи на дноту му удол единуф алтăн* [V,PM,48]; сп. **дип.**

до praep **1**. 'доведување до одредена граница во просторот' ~ *понéже са причýло товá до крáј земја, ча тáја жéна е нај-гúздава, едúн цáр сáкаши да га вúди* [V,PM.12]; ~ *имаши бела брада до ноктите ми дăлга* [V,PM,83]; ~ *и ка отидоха до сред пăтот, кладе мирак јунак Бошко, му рече:...* [MC(B),94]; **2.**'покажува крајна точка на временски раздел' ~ *тóјнака не отúде до три гудúни* [V,PM,29]; **3.** изр.: **дó-сăрце мă-дужúжé: а.** (= почувствував силна болка – физичка) ~ *си-прăкăлвáх прăсто* (си го удрив прстот) *дó-сăрце мă-дужижé;* **б.** (= кога некоја навреда се прима сериозно, дури се чувствува како болка) ~ *кá мă-кăлнише дó-сăрце мă-дужижé, тă и áска ú кажáх лóшо, сјáа па ме-ј-мăка* [ПК, II,160].

до: (< да го) ~ *јá тăкá нă-мóж дó: нóсе жéна, нéкуј вујнúк гузéме, гу-тýр нă-кóјно, гу-кáре он, нéкăде ак сă-нá:, пá ќи-н-гу-дá:* [ПК,II,219]; ~ *óде: "цáре, дујдéх зă-твójта мóма стрójник". – "Нéк дój до:-вúдум, ќи-бúде рăбóта", рéкăл* [ПК, II,232]; ~ *áјде óде пóпо óн до: пáсе. Пасéл, пасéл, о-дунéсуве дóма, пá грăц, грăц, вăгл'ане грúзе* [ПК,II,233]; изр.: **до: нăсáде** (= да му организира некоја непријатност) ~ *такóф-ај. сé глéде до:-нăсáде нă-чувéк, сéтне ќи-му-глéде саúро, нóго-ј проклéт* [ПК,II,160].

дó: (< дојде) pf ~ *а учúтăло уфнáс устăнáл дудéк дă-дó: тéјко ут-пăзáр, дă-ги-смúре* [ПК,II, 320]; ~ *ки-ј пýшчăме трýјцăта пу три гудýни, кój ки дó: нăйста дáта тýка, кој ки печáле пóвике пăрú* [ПД,146]; ~ *уткă-пуминáле двáјсе гудúни, сăдукăрáло рéт тó: тăргóвăцо дă дó: пá уф то:-сéло* [ПД,151].

доан* (< доган) m, zool. Falco 'граблива птица, сокол' ~ *доанот идиши ката ден ги грабиши пилцјата* [V,PM,105]; ~ *ету и бахчеванциата гу утепа доанот и си отиде* [V,PM,105].

доб m 'печалба' ~ *кога си нарасна, посака пари от татка му да иди на доб* [V,PM,67]. Заб.: Ст. Романски зборов го поврзува со 'добивка, печалба' но додава дека зборформата **доб** од други извори не му е позната [V,PM,534].

доба f (n) (?) 'време' – но само во изразот: *никује доба* 'времето по полноќ' (тогаш се *прават магии*) [ТГ,66].

дóбар adj **1.** 'ако има хумано однесување (ако прави добро на другите)' ~ *éм вéли: Дидáскале*

дóбар, шо да чи́нам да кирдóсам дýшата [MV,K,279]; **2.** 'ако има квалитетни особини' (повеќе во употреба: **áрин**); ~ *твој брат аф такоф вечир ке да умри, та и на животат му добар ке да е, и по умиран'ето му пак добар* [V,PM, 85].

добара f 'лага, итрина' [V,PM, 366].

доби́ва* impf **1.** 'печали, стекнува' ~ *и ви казýвам динéска: "блазé му на они́а, што рабóтат ден'á и ношт'á, и сос мáките му што доби́ват"*; ~ *кату му порáнчала младата самовила, тáј праел: л'у да омиваши тасот един алтин добиваши* [V, PM,278]; **2.** 'пристигнува, прима нешто' ~ *дуби́виш пари́ ут си́н-ти, испрáшта ли?* [ПК (M)].

добие (и: **добии**)* pf **1.**'заработи, спечали' ~ *иди на цар'ут да му чиниш от меника кланети, да ти даде ухтар'ут да мерим алтáните, што сам добил аф чуздина* [V,PM,48]; ~ *Госпот ми помóгна, доби́х не сáмо тáја стóка, што и́мам тука но и двáјси гими́а дадóх на еди́н такá, бакши́ш* [V,PM. 16]; **2.** 'роди (дете)' ~ *на сестра им и́ се добило дете, си играло на дворут сус ашици и викало: "чик, чик, ашицик, имам девит вујци"* [V,PM,270].

доби́так m 'крупно домашно животно' ~ *когá узр'áха, от единóјут земá еднá смóква и, л'у накýси, от човéк штó бéши, са чини́ доби́так* [V,PM,28]; ~ *или балтиата ки загубиши, или хортомата от добитакут, или добитакут ке да загубиши* [V,PM,82]; (и: **доби́тук**) ~ *бли́зу три́ годи́на га и́маши кату доби́тук* [V,PM, 29]. Сп. **добици** (pl) ~ *после две-три дни фатиха да му услекнуват добиците* [V,PM, 40].

доближи* pf 'дојде во близина' ~ *ка доближих, са пуснаха кучета, ма сардисаха и Арнаутите викаха: "ха бре!"* [MC (B),87]; ~ *царут си доближил до куќата да слуше, што зборуват* [V,PM,267].

добра р'ача (= добар збор) 'објавување на Воскресение Христово (црковен обред спроти Велигден)' ~ *татко и́ и маштеха и́ кинисаха за Велигден да подат на добрата р'ача, ја викнаха и неа: "ади, кутро пипелашку, ела и ти да појми на добрата р'ача"* [V,PM,205].

дóбр'ạ adv 'добро' – во изразите за поздрав на гости кога доаѓаат: *дóбр'ạ дóјди! дóбр'ạ дóјхти!* (= мило ми е што дојде, што дојдовте). Гостинот одговара: *дóбр'ạ в'á нáхми* [MS,s,22]; ~ *и кáк гу видéха мóмите Кулýфа, си́чки на нога станáха от рáдост и којá понапрет да му речé: "добр'а дóјди!"*[V,PM,10].

добрина f **1.**'нешто корисно, добро дело, услуга' ~ *оралут му рекал: "што добрина сакиш да ти чинум јаз?"* [V,PM,271]; **2.** 'богатство, производи (пр. земјоделски)' ~ *ки и расúпам амбáрут, да ки а прáвам пóгулéм; да тáму ки и прибéрам сáта рáна и добри́нити; да ки а рéчам на дýша ми: дýшо, и́маш нóгу добри́ни, шо да си нáјдат за нóгу гуди́ни; чи́ни си раáт, јáди, пи́и, и рáдуј-с* [MV,K, 277].

дóбро adv, opp. на 'лошо' ~ *дóбро*

áма, вăлко гулéм, нă-мóже дă-флéзе уф-нúјнта дýпка, знáчи дýпкăта мăлéчка [ПД,157]; ~ *дóбро ама, то ká дујдéл дунéгăвăта кăшта, мéсто пáри дă-сáке, удделл и нă-кăмúлта тáп углáмнико гу-сéче* [ПД, 170].

добрó n 'корисна постапка, добрина' ~ *и така ангелето гу зели на човеко на небото и Господ за да му плате за доброто шчо му чинил* [ШГ, V,420]; ~ *éту тóјнака ти чинú добрó, ти куртулúса от смéрт, та тúнака заштó сáкаш да му чúниш злó* [V,PM, 139]; ~ *сукóлче, нéрну пúленци / шту тú сам дóбро стóрила / та и тú на мéн да прáвиш?*]BC(Д),87].

добро (= добар) adj 'пријатен, спокоен' ~ *му вели: "добро пăт да ти даде Господ, синку! Това добро. што ми си чинил на меника, јазе не мога да ти гу плат'а"* [V,PM,33].

добро утро 'израз за поздрав во претпладневните часови' ~ *и оште добро утро не рекла, заеднош чукна три пăта прачката на земја* [V,PM,276].

дóбромúслин adj 'добронамерен, со добра мисла' ~ *и вóа човéк бéши прáвин и дóбромúслин, мóлиши на Бога за сфéтут* [MV,K,313].

добрýва impf 'живее добро' ~ *ако вúдиш понапрéд б'áло јáгне, ста добрýваш*]BC(Д),83].

добрувечар 'израз за поздрав кога ќе се сретнат луѓе навечер' ~ *јас и речех, мале, добрувечар! / она не ми риче дај Бу–добро* [ТГ,367];

дóбăр adj 1.'особина односно постапка што е на цена' ~ *инáм уз-дóбăр нáчин пушчúл абéр дă-дóјде дăмéк зă-дă-бúде уф-нéго зéт* [ПД,155]; 2. 'драг' ~ *и óни вúкăт нéјни рудúни и дóбри за них л'ýди шó цéл дéн, пă дýри и нóјка не тијнýвăт уд гулéмта рáдус* [УЕ, 24]; 3. 'вкусен' ~ *го гостиха, го напојали, му дадеха ројно вино от три години, го гостиха с добри манџи* [K, BC,98].

дóбăр adj (во изрази за поздрав) ~ *Дóбăр дéн, дéдо* (поздрав) [ПД,147]; во Солунско: **дóбруд'éн' || дóбруфд'éн'** 'добар ден' (така се поздравуваат во текот на денот, покрај грчкото: **кáли мéра**); за наутро: **дóбруýтру**, односно **добро утро** [V,PM,276] за навечер: **дóбрув'éч'ер** [MS,s,22]; и **добрувечар** [ТГ,367];

дóва impf 'се движи накај мене, доаѓа' [ЛС(K)].

довáда impf 'се движи накај мене, доаѓа' [ДС(Ч)]; и: **дóва** [ЛС (K)].

довак m 'провидна покривка со која се покрива лицето на невестата' [V,PM,366].

довечера* pf 'заврши со вечерата (= јадење навечер)' ~ *довечереха, здигнаха софрата* [V, PM,34].

довечера adv 'довечер' ~ *ти млогу л'ап за јадеш у мени, л'у довечера седомдесе вр'атина ниви да ха с'аиш, да ха жниш, да ха врашеш* [V, PM,278].

доврандúса pf 'направи нешто' (со мака) [BV,45].

доврше* pf 'заврши со вршење жито' ~ *кога ќе довршат прават џамала* [ТГ,343].

доврăшен adj 'уништен, скратен' ~ *ох, ами кога виде така она мома, каква душа имала аџе-*

ба, да гледа сестра ѝ обесена и нејн живот доврăшен [V, PM,62].

догде conj 'додека' ~ *тоа ѝ купуве, а она, догде да го попаре, догде да го исчисте, трите четфртини отишле* [ШК,V,422].

догледе* pf 'забележи, здогледа' ~ *догледá си Прójчо пи́ле позлатéно* [ШГ,I,62].

догоѫлемио пăрс m 'име на прстот што се наоѓа до средниот (на страната кон малиот прст)' [ДС(Ч)].

доѫрамацилăк m **1.**'занимање со изработка на дрводелски предмети, т.е. дрводелски занает' ~ *уд-доѫрамацилăк живéѫхме* [ПК(М)]; **2.** дрводелски производи' [BV,45].

дóд < дода f 'постара сестра' (скратената форма обично се употребува заедно со лично женско име, како атрибут) ~ *нă-Вили́гдин гă-нăкăрáли нă-мáјкă-ми и нă-дóтките, нă-дóд Ли́ка и нă-дóд Рáјна, чурáпе дă-јм плéтăт* [ПК, II,320]; ~ *дóд Рáјна (пáк бúла бóлна)* [ПК,II,40]. Сп. **дóд** (и: **дóде, додо**) 'обраќање кон постара сестра, односно братучеда' ~ *и оно пу мене: "мури, дај ми, дај ми, мила ле додо / пикмешче и лепче!" / мури, не-т сум дода, врашко ле чедо / тук сум ти нивеста* [ТГ,198]. Освен тоа се употребува и во обраќање воопшто (ако е со почит) кон повозрасна девојка или жена.

додеј* pf 'досади' ~ *риче на неговата л'уба: "пăрва л'убо, от дека сакаш да помогаш, зашто ми се додеја"* [МС(В),97]; ~ *áк ти-с дудée él-си* (= ако ти се здосади дојди си) [ПК (Г)].

дóдека num 'дванаесет' ~ *ут дóдека* 'од (19)12 г.' [MS,s,23].

додéка adv 'докај' ~ *додéка отúде и си добúл толку стóка и си дошéл тýка да кýпиш вýјковата кăшта?* [V,PM,16].

дóдин* **1.** adj 'нешто што припаѓа на **дода** (постара сестра)' ~ *дóдинјо кăсмéт о-нéма нúгдин* (со иронија, т.е. многу е несреќна) [ПК(М)]; ~ *тогáс (сестрите) вéл'ат на нáј-мáлката: Ангелúну, óх, дóдини ... вăрни си нasáт да земиш сăдовето* [V,PM,132]; **2.** споменатава придавка може да биде и поименчена: ~ *"за уф дóдине (Вéркине) бих трăгнáла"* ; ~ *óх, дóдини, нúа ти докарáхми мăра грóзди* [V,PM,133]. Со ваквите множински форми од имиња што означуваат сродство или лични имиња не се означува множество од еднородни предмети, туку со нив се упатува на извесна заедница во која покрај именуваниот има и други членови (на семејството) [ПК(Г)].

дож m 'капки вода (од кондензирана водена пареа) што паѓаат од облаците, од небото' ~ *на Бога се моле / дож да заврне / берикет да даде* [ТГ, 435].

дóжде impf 'кога паѓаат од облаците, од небото водени капки, врне дожд' [СК,322]; сп. ~ *áк дóжде дă нé ѝте* (= ако врне да не доаѓате) [ПК(Г)]; [ПК, II,40]; ~ *вáа éсин нóго мучлúва, сéкуј ден дóжде* [ПК (М)].

дойлива óвца f 'овца што дои, доилница' [ДС(Ч)].

дойлна f 'млада жена која што има мало дете и го дои' [ДС(Ч)].

дои impf 'храни мало дете (бебе) со млеко од градите' ~ *адна стара баба, ка го видела, посакала да го поруге на лудото и му рекла: "ним сино, не чинувај така сос мајка ти, којата тја те е дошла"* [ШК, V,419]; ~ *блазе́ му то́а сӑрци шо ти дражи́ла на те́б, и бо́скити шо ти дуи́ле* [MV, K,328]; ~ *ќи ви́кӑт не́кија дру́га ма́јка шо до́и и о́на пиши́м ду три́ пӑта ќи гу зӑдо́и* [УЕ,29].

до̣ї* (и: **до́јди, до́е**) pf **1.** 'пристигне на местото каде што е лицето што зборува' ~ *и гу нар'е́вами у удаја́та* (тутунот) *и ч'а́ками с'е́тн'а̣ ту̣м'а́рин (е́мборус) за да до̣ї да гу ук-у́пи* [MS,t,5]; ~ *но́с д'е́н' му пурӑнч'ува на ч'уба́ниту: "у́тр'а̣ саба́лин, кутри́ за до́ј да нави́ка на ко́зит'а̣, тут ед'е́нсӑнӑс на ку́ча̣нта́та н'е́ка гу изида́т!"* [MS,t,17]; ~ *и р'е́ч'и: "бре́ уд'е́ ми до́јди то́с ху́баф ла̣ка́рин", ги згон'у́ва ш'и́ш'ки-т'а̣ ики̣м'и́ји до́л и си ути́ду-ха* [MS,t,25]; **2.** 'се врати' ~ *ку́п'а̣ха смо́кфа ... трӑгнаха за да си до́јат наза́т'* [MS,t,86]; ~ *дур да до́јди ахтаринот, детету и продал за неколку гроша н'ашту* [V,PM,34]; **3.** 'помине' ~ *трӑгнах, до́јдух мрӑва пӑнт', ми сӑ ус'ӑкуха ну-s'ӑт'а̣ ... и мрӑва пӑнт' до́јдух пак пуч'ива́х* [MS,t,2]; **4.** 'отиде, замине' ~ *и о́н стана́л, си а зе́л де́тито и ма́јка му, и си дујде́ на зе́мн'а Израи́лцка* [MV,K,306]; **5.** 'уреди, направи' ~ *гу брујих, брујих двана́ки и три р'ӑч'а и грибин'о́ј трина́к ху́бав'а̣ за до́ј* [MS,t,7]; **6.** изр.: **дујде́е ду-ку́че** (= сите, до еден дојдоа) ~ *сва̣ти́-нуфците дујде́е ду-ку́че нӑ-ви́за, ка́ сӑ-збра́ли ут ста́ро ду-мла́до, ду-ади́н, си́те* [ПК,II, 160]; **дујде́ нӑ-мо́јто** (= се случи како што ти кажував) [ПК,II,160]; ~ *чу́в-сӑ, о́ти ќи-до́јде нӑ-мо́јто* [ПК(М)]; **дујде́ уф-мӑле́чките са́ате** (= се врати по полноќ) [ПК,II,160]; ~ *ми ка́к не́ ќи-гу-ру́ге ко́га сӑ-вӑри́не уф-мӑле́чките са́ате* [ПК(М)]].

до́јдӑн adj 'пристигнат' ~ *тӑма́м сӑ чини́ло пулу́нуш дујде́ле нӑре́чниците... дру́гӑта рӑче́-ла: "ка ки пура́сне, то́ шо-ј до́јдӑн нӑ-го́сте, мӑш дӑ-ј-би́-де"* [ПД,151].

Дојка 'ж. л. име (презиме) во Гевгелиско' ~ *која мома ки-ј аресе / арисал је, биндисал је / Руса Дојка главатарка* [ТГ, 54].

до́јна (< дојдена) adj, f ~ *ба́пта па́ о́де. "Ца́ре, ас пак стро́-јник сум до́јна"* [ПК,II,263]; сп. **до́јдӑн.**

до́јница f 'овца на која што и́ пцовисало јагнето и дои друго јагне' [ПД,125].

До́јран m, top. 'гратче во југоисточна Македонија' ~ *ак-с-јо́ј-те, ре́кӑл, ќ-о́јте нӑ-До́јрӑн,* [ПК,II,220].

до́јрански* adj 'она што е во врска со Дојран' ~ *дојранските моми ми са / бели ем црвени* [ТГ,39]; ~ *до́јранските мо́ми кре́хто се сме́јат /... кре́хто се сме́јат и на Го́лаш ду́мат* [ПК,II,235].

дојрна m, f 'светло црвенишкав коњ со црна грива и опашка' [V,PM, 366].

до́јце* pf 'нешто донесе до местото каде што е лицето што зборува' ~ *"Ви́кни: пӑти́ло, пӑ-*

ти́ло уф-сре́т о́фци сӑ-скри́ло и ја́с ќи-то:-дука́рум"... И вӑлко: "пӑти́ло, пӑти́ло, до́јци ја́гнито" [ПК,II,224].

до́к m 'вид штоф' [MS,s,23].

докаже* pf 'дорече, испее' ~ *Сраула га риче: "тука е лошо место, ним пеј". И она риче: "остави да га докажа песната"* [MC(B),96].

докара (и: **дукара**) pf **1.**'донесе' ~ *му вели на цар'ут: "харну ти докара авциолиа таја кожа, ама сега да имаш и от филдишите кокалиту"* [V,PM, 41]; ~ *у́три зара́но о́шти да ми че́каш ту́ка, ки ти дока́рам ква́чка сос дестја́ пи́лца!* [V,PM,139]; **2.**'доведе' (луѓе или животни) ~ *бабата ве́ли на една́ нај-ху́бавата мо́ма: "мори ке́рку, ја́зе това́ чове́к гу докара́х заради те́би"* [V,PM,9]; ~ *други баби докарали, царицата да куртулисат, дури веки на онаја земја баба не остана* [V,PM,275]; **3.** 'врати' ~ *гу даде ухтар'ут на пепеларката и га вели: "мајку, пак скору да ми гу докараш!"* [V,PM,48]; ~ *да ми дока́рати пари́те, што длаѓовати* [V, PM,29]; **4.** 'дотера некого до одредена ситуација – fig.' ~ *и му вили́ ... : "да́ј ми ја пе́тала́та и кусим'о́! ... ја́с ду́р на тузи́ вр'ӑм'а̣ ч'а́ках да т'а̣ дука́рам и за си по́да на но́с сф'ӑт"* [MS,t,37];' **5.** – **(сӑ)*** 'дојде ред, се случи' ~ *ут-кӑпумина́ле два́јсе гуди́ни, сӑ-дукӑра́ло ре́т то: тӑрго́вӑцо дӑ до: па́ уф то:-се́ло* [ПД, 151].

докарува (и: **дука́рува**) impf **1.** 'донесува' (некакви предмети) ~ *гу кладе на бахчата му да чува таму един триндафил, да гу гледа, само по едно гонце да му докарува на царју ката зара́н* [V, PM,105]; ~ *и ка́та саба́лин и на вич'еро́ и пуме́ваш'и кӑш'тич'ка́та, дука́рува́ш'и и во́да* [MS,t,62]; ~ *пр'е́лу дука́рват ут фа́брика́та, гу купо́вами ни́* [MS,t,6]; **2.** 'доведува' (луѓе) ~ *ги з'е́ват два́та хапӑза, ги дука́рват у удаја́та и му вил'а́т: "то́ за л'е́гни на бо́лнију крива́т, то́ за л'е́гни на ч'и́стију?"* [MS,t, 42]; **3.** 'прави, завршува нешто до одредена степен' ~ *и там з'е́ват м'а́ра ут гринди́т'а̣, фа́ш'тат т'ем'е́л'а, ги дука́рват дур на д'уш'ам'е́ту* [MSt,44].

дока́ра̣н adj 'дете доведено во новиот брак (кај мӑќеа или кај о̆ќув)' ~ *дока́ра̣на̣ ке́рка... дока́рӑн си́н* [ДС(Ч)].

дока́че pf **1.** 'дофати' ~ *висо́ко-ј, не́ мо́жум до: дука́чум;* **2.** – **(сӑ)** 'се лути' ~ *ним да сӑ-дока́чиш, а́ма не́ а́рно направи́хте* [ПК(Г)].

доким m 'знак, белешка' ~ *па о́н су но́им и су до́ким му а чини́л на них и устана́ глу́х* [MV,K,321].

докимаса (и: **докимаша**)* pf 'провери, забележи' ~ *то́јнака се́ са и чу́дел, ка́к да га докима́са на же́на му* [V,PM,30]; ~ *кога ги докара царјут на толку радоста, рече сос умот му: "оди сега да ги чинам един дикат, да ги докимашим умовето му!"* [V,PM,113]; ~ *отиде на дома му ... да га докимаса капата, дали е наистина, и фатил да вели: "напални си, капа, сопразни си"* [V,PM,83].

докими́а f 'проба' ~ *докими́а чи́нам* (= пробам нешто) [BV,45].

дукипе (му)* impers. 'се нервира, не може да трпи' ~ *ми-дукипе́ до: че́кум се́ка: ве́чăр ду-стре́т но́ќ* [ПК(Г)].

докра́ј adv 'до одредена, последна точка' ~ *та ре́ч'а на но́зинака, штото́ ни́маш'а ни́што, да е приведе́ докра́ј* (жената), *и са вăрна́л дру́гија парта́л да зе́м'а* [V,PM,254].

доксан – дукуз num 'деветстотини и девет' (обично се употребува преносно за нешто што е претерано многу) ~ *свити Јувановци има доксан – дукуз* (909), *ако устане сите да их држиме јапти алах ишимизи!* (ќе настрадаме) [ТГ,26]. Во материјалите што ги цитираме (од Таневиќ) погрешно е запишано: *доскан*, а и преводот е погрешен: наместо 909 пишува 99.

до́ктур m 'тој што е квалификуван да лекува болни луѓе, лекар' [ДС(Ч)]; ~ *дал' ки-си спусо́бăн до́ктур ти мо́јто де́те да-гу изле́чиш* [ПД,148]; ~ *јас не́ сум са́мо зă-тво́јо гра́т до́ктур, не́гу сум за це́л све́т* [ПД,148].

доктурски adj 'нешто што стои во врска со доктор' ~ *и китă-но́се го́ре уф-една́ со́ба, пре́ку пе́тстути́ни гла́ви има уфта: со́ба, се́ до́ктурски гла́ви би́ле ти:* [ПД,147].

до́л 1. adv 'opp. на горе, долу' ~ *си качи́ на ко́шут, тури ју-лме́кот на гăрлото му, го пе́рна ко́шот да са обе́си* [V, PM.7]; ~ *сă ту́рна удго́р'ạ ут по́ртата смо́ла на врăх мума́та и ја смули́ удго́р'ạ дур до́л* [MS,t,64]; ~ *"кугá за до́ј го́р'ạ мума́та да игра́јти, хи́ч' да ја ни уста́виш' да по́ј до́л!"* [MS,t,10]; **2.** praep 'под' ~ *ста́нува ж'ина́та-му, кла́ва ид-и́н прускéфал до́л јурга́н'у, гу пукри́ва дур го́р'ạ* 'става една перница под јорганот' [MS,t, 13].

до́л m 'ниско место меѓу брегови, често со вода, но не мора' ~ *и ка́за на лам'а́та : "гл'е́ндам на кутро́ типе́ да т'ạ фăрл'ạ и на кутрăј до́л!"* [MS,t,74]; ~ *уста́нува сăс ино́ кри́лу ко́н'у и фа́ш'та да си па́ж'да на зим'а́та и така́ си па́дна у иди́н глăмбо́к до́л гул'а́м* [MS,t,23]; ~ *ути́ва дур на ино́ м'ăсту у гура́та, иди́н глăмбо́к до́л нахо́ж'да ... гу фăрл'а ма́лку у дуло́ н'е́тр'ạ, гу уста́в'а* [MS, t,16].

долап* m **1.** 'вид орман, вграден во ѕидот' ~ *сакам на един вечер да чиниш од една страна на фтисот осамдесет долап'а* [V,PM,271]; ~ *и флезе таму аф онаја удаја, дека и била цар'увата керка; са искрил нетри аф долап'у* [V,PM, 102]; **2.** 'помошна просторија, шпајз' ~ *и т'а́нака га закла́, га готви́, га кладе́ не́три аф доло́п'у... ни́а, от ско́л'уто ка́к дојдхо́ми за ручо́к, пра́ве оти-дохми а́ф доло́п'у* [V,PM,130].

до́ле adv, opp. на 'горе' ~ *ги-нуси́л са: де́ка-ј на́шита гра́ница, до́ле, туга́ј не́мше гра́ница* [ПД, 146].

долија* f 'сад за вино' ~ *напкун и́ риче: "да направиш едно поклони – погача, да напăлниш две долиј вино и да заколиш нај-големиот брав, и утри застра ки одими"* [MC (B),96].

доли́нка f 'страна на рид, удолница' [ДС(Ч)].

д'олге́р* m 'мајстор што прави куќи, ѕидар' ~ *и синове́те са: пăрвие е на 50 годи́н, и фт-*

óрие на 45 и третúе на 40 годúни и занајат úмат, д'олгéре са]ВС(Д),82].

дóлин* adj **1.** opp. на 'горен' (што се наоѓа долу) ~ *куту сéчин бúше уд-дóлната стрáна* [ПК, II,247]; ~ *лам'ăт'ạ сă скáц'ạха на висóкат'ạ дáлуви, хúтра Пéтри сă скáци на дóлнăт'ạ дáлуви* [MS,t,75]; ~ *ут дóлнију сукáк* (= од уличката што се наоѓа долу) [MS,s,23]; и: **дóл'ăн** ~ *дóл'ăн крáј нă-вăртéнто, дéкă вăрте нă-бáбăта сă-вúке бóт* [ПД,171]; **2.** 'човек со ниски морални качества' (општо) ~ *Мијáл' бúше нájдóлин чувéк уф Гăрбашéл'. Сјáа бидé чувéк, нóго му-сă-пугýдúа сúнуфто* [ПК,II,160]; ~ *сáмо дóлни л'ýде ги рабóтат ти таквú рăбóти* [Дој]; ~ *дóлин ч'увéк* 'неморален'; *дóлна рабóта-ј тáа* [ПК(Г)].

дóлна зéмја f 'имагинарен свет, надвор од животот на земјата' ~ *му речé нá картáло: "да úдиш на дóлна зéмја, тáмо úма стáра самовúла, дá кáжиш на нéја пóклон от мéника"* [V, PM,137]; ~ *вúд'ạ паравúд'ạ мумáта утúди, фл'áзи н'éтр'ạ у бунáр'у и исл'áзи на дóлната з'éм'а* [MS,t,61].

долин кăт m 'дел од куќата, во минатото таму (зимно време) го чувале добитокот, во близина спиеле постарите членови од семејството' – (така било некогаш) [ТГ,281,286,445].

дóлниште n 'долниот дел од нешто' ~ *лýпкăта-ј издăлбăна уд-дăрво, úма кăпáк и дóлниште* [ПД,156].

дóлно adv, adj (m ,n) 'opp. на 'горно'; ниско поставен во општествената хиерархија' ~ *óти сéкоа кóј тéра фудулýк ки пáдни дóло, тó па шó и дóлно, ки си чúни гулéм*]MV,K, 280]; сп. изр. **и гóрно и дóлно си-кăжáа** (= се навредија, си кажаа тешки зборови) [ПК (М)].

Дóлнта Курúа f, top. 'име на место во реонот на с. Морарци, Кукушко' ~ *úмше аднá курújчка, са вúкше Дóлнта Курúа; дрýга сă-вúкше Чýрлúно – бăúрче тăкá* [ПК,II,223].

Дóлну Пóле n, top. 'име на регија во Кукушко, на јужната страна, накај Солунско' ~ *утúде Сéслуво, Стрéзуво, на-дóл утúде, уф-Дóлну Пóле* [ПК,II,251]. Во случајов имаме беспредлошка употреба на додатокот за место (: *утúде Сéслуво*); сосема истиот топоним го запишавме и при истражувањата во Гевгелиско (с. Конско): **Дóлно Пóле** 'ниско место, ниви во околината на селото' [ПГ(К)].

дóло adv **1.** 'opp. на горе, долу' ~ *óти сéкоа кóј тéра фудулýк, ки пáдни дóло,* [MV,K,280]; ~ *а глидáх на Сатанá шо паднá ут нéбито дóло кату здрáк* [MV,K,324]; ~ *слези се доло јов јудајче / земај си алтăн јотвурче* [ТГ,211]; **дóлу** ~ *гóре, нăврăс бинáта – два димиúка. Дóлу – гувéата* [ИГ, 118]; ~ *и си пóјди дóлу пукрáј манц'ó-ји и манц'ó-ји си дóјди, гу калосурúса* [MSt,35]; **2.**. 'помалку' ~ *и заклá сúти дéца шо бúле уф-Битлеéм, и на сúти сéла уф синóрут, пу двé гудúни дóло* [MV,K,306]; **3.** 'поевтино' ~ *ќи-ị дáм пóдóло сáмо и сáмо дă-ị прудáдум* (= ќе ги давам со пониска цена); ~ *о-дадé з-инáт нóго парú до* [ПК(Г)]; ~ *да му ги дам на*

Георѓовден јагăнца, и 12000 оки трева, зашто излизел Вардар и му ги удавил, и 40 лири пари от кăшлата долу а дадел [МС(В),87]; **4.** 'на југ' ~ *мислиме дă-сă-вăрниме пак дóлу* [ПК,II,261]; в. **дол.**.

дóлце adv, dem. од 'долу' ~ *сăпрăшитáме нă-дóлце* [ПК,II, 40].

долчинкă f (dem. од 'дол') ~ *носила за ручок једнă питинкă ... паднала хи и с'а тарколила, та утишла в еднă долчинкă* [V,PM,286].

дóм m 'живеалиште, куќа' ~ *сидујдéме у-дóмувте, а пá андáрито нарипáја. А, пá андáрито ма-зéја чтир-мéјсци си теглúх...* [БМ,197]; ~ *он пак сос сиромаха си отидоха на домите си* [V,PM,38]. Интересна множинска форма кај едносложната именка дом: *домите*. Види за ова во граматичкиот дел.

дóма adv 'кај своите, во куќата' ~ *нáпкум ка сă сублéчăве дóма да гу пéре сéстра му ...* [ИГ, 110]; ~ *ој лел', Боже ду Бога! / как ки-с јодам ду дома* [ТГ,368].

домазéт m 'зет што живее кај невестата, дома кај нејзините' ~ *да гу зéмиме домазéт* [V, PM,153].

домазлук m 'избран примерок од домашно животно, се чува за приплод', пр. биволицата се чува за *домазлук'* [ТГ,371].

домата adv 'кај своите, во куќата' ~ *кату чу тојнака така, га вели: "е, ади вăрни си, да идими домата му"* [V,PM,82]. Во случајов имаме интересен пример за членување на прилогот *дома*.

домаќинка f **1.** 'жена што има семејство'; **2.** fig. 'жена што уредно и успешно ги води домаќинските работи, што се грижи за куќата и децата' [ДС (Ч)]; и: **думакинка** ~ *сé пу лозја јас се шетах /... ими сега, лудо младо / думакинка ти се чиних* [ТГ,350].

домашин* adj **1.** 'она што се однесува на дома (домот), односно што припаѓа на семејството' ~ *хéм прáве отúде кату домáшин човéк на пóпови двóри, застојá при бунáру* [V, PM,106]; ~ *тогá викнá едúн хизмикáр домáшин, му дадé пúсмото и дéтето гу закарá на магазúите* [V,PM,152]; ~ *една мајка имала си два сина: поголемио кроток и милувал домашната работа, а помалкио бил и луд и гледал да отива на нивата и да оре* [ШК, V,419]; **2.** 'она што е изработено дома' ~ *нéкуј нăмéсто домáшна купýваа азăрцка* (алва) *уд алваџúите* [УЕ,31].

домашни* pl 'луѓе од едно семејство кога живеат заедно' ~ *кату свăрши татко му порăката, са прости сос сичките приатели и сóс домашните си, придадé си душата на Бога* [V,PM,7]; ~ *зетот му бăкнува рăка на сăте домашни* [УЕ,10].

д'óн m 'подметка на кондура, ѓон' [BV,45].

донанмá f 'свечено осветлување, илуминација' ~ *и такá родúла царúцата пăк мóма ... мăжко úмја турú кумóт, и сúчки на цáрју честинјáсоват дјáте, и цáрјут от рáдос млóгу донанмá чинú* [V,PM,111].

донéва* impf 'донесува' ~ *го донева (сандăко) у дома ú*

[V,PM,153]; ~ *и ти са мо́лем да ми доне́ваш ката́ у́трина мл'а́куту* [BC(Д),79].

донесе* pf **1.** 'даде, подари' ~ *дојдох тука право на митрополијата, сега што е патрикот Кимо. Тој ми рече, колај е та работа; му дунсех 2-3 мисирока* [MC(B),87]; **2.** 'дотера' ~ *нија тăрчи по неја, лăжи га, она пустата дека! ... напкун си најдехме бел'ата дур да га донесиме на овците* [MC(B),81]; **3** 'доведе (во придружба)' ~ *пуснаха хизмикаро, отиде бабата да га донеси* [V,PM,98]; ~ *да ме донесиш ету онаја кралица* [V,PM,172]; **4.** 'префрли од едно место на друго' ~ *и на́бăрж'а пу́снал да го зако́л'ат и да му донеса́т глава́та* [V,PM,254]; ~ *и как не можаха да ми најдат, бегот са разболел и го донесоха на Солун* [MC(B),89]; **5.** 'подаде' ~ *ве́ли на Тома́: до́ниси ва́ка прăстот, ем ви́ди ми и рăцити; ~ да до́ниси рăката, да кла́ди си на ре́брити* [MV,K,337].

донéсин сúн (и: **дунсини́к**) m 'син од стариот брак, доведен во новиот' [ДС(Ч)].

дондурмá f 'сладолед' [CK,322].

Донка f 'ж. л. име во Гевгелиско' [ТГ,114].

до́нце* pf ~ *ка ки-испа́дне цáрскăта мо́ма о́рăл'то ки-сто́т нă-кăштта, ка: гра́бнăт, ка: до́нцăт* [ПД,154]; ~ *ја́с рăче́л, а са́кум цáрскăта мо́ма, аку мо́жте дă ма: до́нцăте* [ПД, 154];~ *"ој, рăче́л, а-до́нци та: туја́гăта шо-ј-до́ло". А дунце́ла туја́гăта...* [ПД,153]. Во примерот: *а-до́нци та: туја́гăта* имаме случај на интересна линеаризација кога во императив кратката заменска форма доаѓа пред глаголот – за ова в. во граматички дел.

До́нчо m 'м. л. име во Кукушко' ~ *и до́от До́нчо че́тта шо би́ла, и та́ замина́ла* [ПК,П, 251].

До́нăва Ре́ка f, top. 'хидроним во реонот на с. *Стуја́кăво* (Гевгелиско)' [ПГ(С)].

до́от (< дедото – со асимилација и елизија) m ~ *и до́от До́нчо че́тта шо би́ла, и та́ замина́ла* [ПК,П,251].

допее* pf 'заврши со пеењето' – религиозен чин, кога на тешко болен верник свештеникот му чита молитва' ~ *отиде сос жената... и фати да гу пее детету; и ошти не гу допеа, детету умр'а* [V, PM,40].

допрашта* impf 'допраќа (гостин)' ~ *му вели: "синку, јазе на тебика остав'ам товару: јазе не знам как да дочакам и как да допраштам цар"* [V,PM, 36].

допушта impf 'дозволува' ~ *му вели: "цар пушта допушта, ти не даваш цухап ич?"* [MC (B),94].

дор conj 'додека' ~ *он му риче: "Ни кабаатот ти простам, ни глоба ти глобам, ни глава ти сечам дор не донсеш Танка Арнаутка, твојта пăрва л'уба да ми ја поклониш"* [MC (B),93].

дор part 'дури' ~ *чиках, дор на сред ноќ сă вăрнаха л'удите* [MC(B),91]; ~ *та са ч'уло дорú до цáр'а, е́то на но́зика́на хан парú не зи́мат* [V,PM, 255].

доре́чи pf 'заврши со зборувањето' ~ *и ошти речта не доречи, падна вогин от небету и*

са запали чиницата, фати да гори [V,PM,86]; ~ *порача на жената му,... и дури речта не доречи, душа му излези* [V,PM,41]; ~ *речи дур да доречат, Илија испадна пред них и плесна рăци за да се бијат* [MC(B),97].

до́рдак m 'последното дете во семејството, во бракот' [BC (Д),67].

до́ртл'уме́ n ~ *чăтво́рна ко́ла* (= запрежна кола со четири тркала) [ПК,II,40].

до́с m 'пријател' [CK,322]; ~ *идно́ вр'ăм'а б'ăха два́ до́стуви* [MS,t,70]; ~ *имала чина, дос, син питимија / син кајмитлија* [ТГ,49].

дос-нивеста f 'жена на другар' ~ *тогај, братко, веле шо станала / бановица дос-нивеста* [ME(B),261].

дослија adj 'човек дружељубив, со повеќе пријатели' [V,PM, 366].

дослук m 'дружба, договор' ~ *от калугера кату си научила, дека си нахожда неин л'убовник ... полека-лека отишла на онова грат, сос цар'ут дослук фатили* [V,PM,192].. ~ *кога дојдоха трите дни, отиде на кумциовот дуган, ги зема ушниците, и млогу дослук фатили сос негу* [V,PM,69].

доср'а́ти (и: **достр'а́ти**) pf 'пречека' ~ *и га́ излезе́ Ки́ра Ма́ргу ги доср'а́ти со́с млóгу ихтиба́р нив'а́стата и зе́т'ут, га кладе́ на́ една́ удаја́ посте́лана саде́ у зла́ту* [V,PM,140]; ~ *зе́т'ут изл'азе́, сос млóгу благодаре́ние ги достр'а́ти и му тури́ на ца́р'ут сто́л да се́дни* [V,PM. 115]; и: **досрети** (**дострети**)* ~ *даскалут... си зарадува и стана прав на ногите си, гу досрети и му чини млогу цирими́ни* [V,PM,37]; ~ *и кату ги виде детету, зема татка му... отидоха вăнк от селоту да гу достретат на царјут* [V,PM,36].

дост adv 'многу' ~ *малој моме дост јубава / пре ког легниш, пре ког станиш* [ТГ,370] – употреба на презент од перфективни глаголи.

доста adv 'многу, во доволна мера' ~ *доста јуди ерген мома / доста лажа ти ергејне* [ТГ, 173]; ~ *му-ве́ле: "ај на́зăт, до́ста тидо́ме диле́ку, ај дă сă вăрниме на́зăт"* [ДК,139]; ~ *му вели на цар'ут: "цар'у, ти сега как имаш това златно пиле, да имаш и една удаја, правена од филдиш коски, доста ти е сетне!"* [V,PM,171].

Доста f 'ж. л. име во Гевгелиско' [ТГ,114].

достигни* pf 'дојде до одредено место' ~ *достигнаха ду ламината земја при ливадите, пуснаха таму мулитата да попасат* [V,PM,44]; ~ *и кини́са от та́мо на две-три́ дена доста́гна ду господа́ро му* [V, PM,23].

досто́ин adj **1.** 'способен, со можности' ~ *ца́р'ут му ве́ли; "о́х си́нку, голе́ма хубави́на ми́ си чини́л... са́мо за това́, што ве́лиш да ти иска́рам а́ф бе́ла зе́мја не́сам досто́ин"* [V,PM, 136]; **2. досто́ін** 'има квалитети, заслужува почит' ~ *и то́ па шо си милу́ва де́тито или ке́рка му по́вики ут ме́не, не́ ми ј досто́ін* [MV,K,263]; ~ *што сакаш белким јазе сам достоин и врјадин да ти гу дам* [V,PM,136].

достр'ава* impf 'наидува на некој човек, среќава' ~ *и киниса-*

ла да иди да гу тера и, дек достр'аваши човек, му даваши един алтăн [V,PM,91].

достум adj 'мил, драг' ~ *ох, гајрет чини, достум Стано мори / баре да се земме* [ТГ,339]; ~ *ветар веје, достум Стано мори / гласуве ми носе* [ТГ, 338].

дотанчарка f 'онаа што во орото игра веднаш до *танчарката'* (= на второ место) [ТГ,48].

дотеже pf 'стане претешко' ~ *тога лудото рекал на баче му: "баче, мајкинио прешлин ми дотеже!"* [ШК,V,420].

до́тка f 'постара сестра' ~ *нă-Вили́гдин гă-нăкăра́ли нă-ма́јкăми и нă-до́тките, нă-до́д Ли́ка и нă-до́д Ра́јна, чура́пе дă-јм пле́тăт* [ПК,II,320]; во серско-драмската регија: **до́тка̣** 'дебела жена' (?)]ВС(Д),67].

дотрае* pf 'издржи' ~ *"и тво́јте дveте́ се́стри не можеха да дотра́јат от грӑмеш и от лӑскане, да ви́дими дали ти́нака ки мо́жиш да дотра́иш и да́ не си опла́шиш"* [V,PM,131]; и: **дотрај** 'издржи' ~ *му вели на цар'ут: "цар'у, таја џанабет мојта жена не можа да дотрај та га отворила паницата, побегнало оно шеј от нетрика"* [V,PM,65].

дофа́да impf 'пристигнува, доаѓа' ~ *му́ ве́ли: "ско́ро влезе́јте не́три а́ф пешта́ да́ си искри́јти, ча́ аске́р мло́гу дафа́да да не́ ви́ исте́пат"* [V,PM, 140]; ~ *и кога́ узрел'а́ха ло́зите, дофа́дишти една самови́ла, на́ј-одберӑното гро́зди т'а́нака гу ја́диши* [V,PM,136]; и: **дофи́ди***(?) ~ *и о́шти ре́чта не́ доре́чи, е́ту и ла́мјата дофи́диши, кату арсла́н ривја́ши* [V,PM,135].

дофаждa* impf 'пристига, се враќа' ~ *л'у да му дофаждаши на царјут некои газа, отиваша на негу, са упитуваши "как да чина"* [V,PM.61].

дохо́де impf **1.** 'доаѓа' ~ *шта напра́вем сама́ ода́та на коли́бата да си дохо́де*]ВС(Д),64]; **2.** 'тежи (изнесува во тежина)' ~ *фа́тали ката де́н по една́ ри́ба. До две, до три уки́ дохо́д'ала* [V,PM,255].

дохо́жда impf 'приближува, пристигнува' ~ *пак оти́де на ха́но, вјахна́ на кон'ут му, оти́де на сто́лнина не́гова; е́ту и минѕи́л'ут тога́с дохо́ждаши* [V,PM,12]; ~ *и е́ту еди́н господа́р голе́м а́с една каро́ца со́с че́три ко́ни опре́гнанти со́с куши́а дохо́ждаши* [V,PM, 152]; ~ *му ве́ли на грамати́ко му: "ој грамати́к мој, и́зл'аз да ви́диш, мо́ите гими́и дохо́ждат!"* [V,PM.172].

до́цкăна adv, opp. на 'рано' – доцна [ИГ,124]; ~ *ај дă о́дме о́ти сă чини́ до́цкăна* [СК, 322]; ~ *сно́шти но́го до́цкăна дујде́те, ни-рăзби́те со́нут* [ПК,II,40]; ~ *испăдна́л уф-не́ко: се́ло; би́ло до́цкăна и то́: тăргово̆ѿо виде́л де́ка свăте́: уф-не́ко: кăшча свити́ло* [ПД, 151].

до́цне* pf 'буцне, бодне' ~ *кра́вата м'а̣ до́цна* [MS,s,23].

до́ч interj 'извик за запирање (застанување) на коњ'; освен тоа, во одредена ситуација може да се употреби и за застанување на човек [КЕ,264].

дочака* pf 'пречека, нагости' ~ *му вели: "синку, јазе на тебика остав'ам товару: јазе не знам как да дочакам и как да допраштам цар".. иди да му кажиш, ча ошти не е кадăр*

тојнака цар да дочака аф кăштата му [V,PM, 36].

дочу́е* pf **1.** 'слушне' ~ *заминóваше о(т) тáм цáр'а катó тивдúл, и ги дочýл, што врéвили за нéк* [V,PM,254]; **2.** 'прифати, позитивно одговори на нечија молба' ~ *и от млóготу му мóлени Господ дочу нéговата мóлба и му дадé: 'жената му останáла тéшка* [V, PM,7].

дош'а* f 'дишење' ~ *та като дúхаш'а змиéта, та от сúла от дош'ата на змиé децата са подм'аткаха гóре фаф тавáне* [V,PM,263].

дóш m 'водени капки што паѓаат на земјата од атмосферата' ~ *чăргáре, ус-ќилúмчăта, дă нé-н вăрне дóш, вéтăр дă нé-н дý:* [ПК,П,220]; ~ *гу-фăтúло нúку дóш, нúку гăрмитúна у-нúку пустилúа мéсто - нéма дека дă-сă-склóне* [ДК,127].

дошмáн(ин)* m 'непријател' ~ *кáк гу вúде јунáкот, фатú да гу вúка: "скóру тăрчи, брáтку, да ми отéмниш от тáс дошмáнка змúа..."* [V,PM,23].

дóшче n, dem. од 'дош' ~ *усăмнá, пá тáм, нă-аднó мéсто, Жéнцко му вúкат, Жéнцкуто Пóле. И-дóшче, јá кути чéра кá рóсише, тăкá* [ПД,172]; и: **дóхче** ~ *адна рóса кýти дóхче* [ПК(Г)].

дóă pf 'пристигне (некаде), дојде' ~ *нéк стóăт тýка, кá ки дóă нéкуј нáш ки-ј-пýштăме* [ПД, 171].

дравá гур'áна f 'запалено дрво, гламја' ~ *хúтра Пéтри súгнува ут óгн'ут иднá гул'áма гур'ăна дравá и сă пýш'та да гу т'éра пóпут* [MS,t,75].

дражú* impf 'носи плод во утроба' ~ *блазé му тóа сăрци шо ти дражúла на тéб, и бóскити шо ти дуúле* [MV,K,328].

дрáгатин m 'тој што го чува полето, плодовите – полјак' [BC (Д),70].

дрáгомáн m 'тој што ја води постата (група жетвари) кога се жние' [BC(Д),70].

Драгомирци top. 'име на село во Кукушко, се наоѓа на патот Стојаково - Солун' [ТГ,423].

драгоцéн* adj 'нешто со голема вредност (скапо)' ~ *когá видé хáрно, дăрвоту е бúло хрáлопо, хем е било пăлно сос драгоцени и млогу скăпи кáмини* [V,PM,7]; ~ *цáр'ут и царúцата аф дрýга удајá, постéлана сóс драгоцéни кáмини* [V, PM,140].

Дрáгăта top. 'планинско место, камењар во околината на с. Конско (Гевгелиско)' [ПГ(К)].

дрáгу adv 'мило, пријатно' ~ *млóгу ми дрáгу да слýш'ам да п'ăјат* [MS,s,23].

драгумúрцки свáтуве pl, fig. 'вид ситна риба во Дојранското Езеро' [ПК(Г)].

дрáк adj 'пријатен' ~ *уцéту(т) ми-ј дрáк* 'сакам да употребувам оцет' [MS,s,23].

дрáка f 'вид трње, имаат големи боцки' ~ *кá бéгăхме áдна жéна ут Алéксуво гу-уставú мăлéчкуто ду-дрáките, ду-кăрá чăлúјте* (сп. **кăрá чăлúă**) [ПК, П,40].

дракмúја f 'грчка монета, драхма' [BV,45].

драм m 'мала (стара) мерка за тежина (400 драма = 1 ока)' ~ *и тá: , лéка жéна уф-акăло, тóлко дрáма имáла дă и чинúца вăрúла и пýпи прăвúла* [ПД,153]; ~ *за инá тапс'á баклавá ... иднá укá мéт, укá и*

пулувúна брáш'ну и стó дрáма ниш'иш'тé [MS,t,8]; ~ *нашиот базирґанин (сака) ... тенко кату камуха, штото мăра драмови да има, млого пари да сече* [V,PM.188]. На стр. 355 (V,PM) погрешно: **драм** 'драхма'.

Дрáмувица f, top. 'име на место (ниви) во реонот на с. Калиново, Кукушко' [ПК(Г)].

драмунисуве impf 'чисти жито (од сламки, каменчиња и др. остатоци) на тој начин што го поминува низ *драмојн'* (= направа како решето, само дупките се поголеми) [ТГ,340].

дрáске impf 'гребе' ~ *тóо бéпто куту-мáче дрáске, гléди кóлкува дрăскăнúца ми-нăпрăвú нăубрáзут* [ПК,II,40].

драхмá* f 'грчка монета' ~ *гу прáв'ат пазарлăку трúста драхмú* [MS,t,55]; ~ *и фáт'ах рáбута у Англиту, ч'éтир драхмú на дин'ó* [MS,t,3]; ~ *му вилú: "кóлку-ти плáш'та нóс ч'урбац'úја?" "трúста драхмú на м'ăсницу"* [MS.t,26].

др'ắ(в)у n, bot. **1.** 'многугодишно растение со тврда кора, дрво' ~ *турбáта ут л'áбут ч'уфч'úјата ја им'ăш'и закáцину на иднó др'ắ(в)у* [MS,t,77]; **2. дрјáво** 'стап за мавање' ~ *земá еднó дрјáво, му дадé еднó бúини* [V,PM,192]. Сп. pl **дрăвýш'ки**.

дрáми* impf 'се наоѓа во полубудна состојба' (пред да заспие) [MS,s,24]; и: **дрéме** ~ *глéде адúн вăлк дрéме, тăкá áјн дикéл пу-глáвăта, г-утéпе, а...* [ПК,II,224].

дрáмка f 'состојба на полусон, прв, лесен сон'; ' [MS,s,24]; и: **дремка** ~ *дека ваде Трена рано цвеќе / нападнала си е тешка дремка* [ТГ,172|; ~ *на трита дена и трита нојќи / шо гу нападнала тешка дремка на Бано – Крал'ут* [ME(B), 262]; изр.: **з'éх инá дрáмка** 'поспав малку' [MS,s,24];.

др'áнка f , bot. Cornus mascula (pl *др'ăнки* || *др'ан'é*) [MS,s,24]; ~ *нúа му-вúкме и нă-дăрвуто и нă-плóдо дрéнка* [ПК,II,40]; сп. **дрен**.

масло n 'растително масло, зејтин' [ТГ,446].

дрéбан (и: **дребин**) adj 'ситен' ~ *кугá летú дрéбан дăш и стáват бýлки (брýмбилчета) мнóго ста литú* (многу време ќе врне – веруање) [BC(Д), 82]; ~ *трáхна ('мáнц'а ут брáш'ну' : прајат ч'áсту, гу сăхнуват, гу трăјат др'éбну)* [MS,t,65]; ~ *тој е бúл папучúа, карпáч... ама и тајфá úмаши млóгу дрéбна: са чýдиши вéки, кáк да га хрáни* [V,PM,16]. Во примеров: *др'éбна фасýл* 'ситен грав' [MS,s, 24] категоријата род е засегната на тој начин што именка од м.р. *фасýл* стои во корелација со атрибут во ж.р. *др'éбна* (за ова поопширно во граматички дел).

дрен (и: **др'áн**) m, bot. Cornus mascula **1.** 'шумско дрво, има жолти цветови и ситни црвени плодови'; во Гевгелиско е забележана (од Иванов) загатката: **Цăрно мéче дрéн трéсе** (= лозница качена на одрина) [ИГ,122]; Таневиќ бележи вокално р̥: *Црно...*, а и значењето е модифицирано (= 'грозје на коренот') [ТГ,29)]; **2.** 'стап' ~ *áк грáбнум áјн дрéн дă-т-ишáрум гăзут ќи-вúјш áрно* [ПК,II,40].

дре́нско грозде n 'грозје со крупни зрна коишто на долниот крај имаат врв' ~ *то: дре́нско гро́зде шо-ј, вăла́ндуфски дре́нăк шо ви́кăт* [ПД,124].

дре́нăк n 'грозје со крупни зрна коишто на долниот крај имаат врв' ~ *то: дре́нско гро́зде шо-ј, вăла́ндуфски дре́нăк шо ви́кăт* [ПД,124].

др'е́п* (и: **дреп**) m **1.** 'внатрешен орган кај човек (или животно), го има црн и бел – дроб' ~ *да с'е́тн'ạ да му гу изва́дими дрибо́ да гу изид'е́ш', ти да уздрав'е́ш'!* [MS,t,31]; сп. *ч'е́рна др'е́п* 'црн дроб'; *б'ăл др'е́п* (|| *ц'ујéр*) [MS,s,24]; ~ *от касапот беши земал един дреп, да отиде тамо ... фатил да вика: "на ва тос дреп"* [V,PM,192]; и **дро́п** ~ *ти́ă шу ди́шме, ни́ă – рăнки* (им викаме), *прăку ни́х мина́ва, та́м о́де, бе́л'о: дро́п-ли, цăрн'о: дро́п ли, дро́п, дро́п* [ПК,II,238]; ~ *правих чингели, пуштах нăтри, полека, полека му а фатих едната рăка, му а вăрsах, напкун му раздробих коските, му искарах дробут* [MC(B),87]; **2.** fig. 'голема модрица од удрено' ~ *сј-удри́х но́кта, ви́ị дро́п ме-ị* [ПК,II, 40] (веројатно според бојата на црниот дроп). Сп. **др'е́п.**

др'е́пч'ă* n, dem. од **др'е́б** ~ *и вили́: "на те́б'ạ л'ạко́-ј, да гу зако́лиш' д'ăт'ạту, да му изид'е́ш' др'е́пч'ăту!"*[MS,t,31].

дре́хи pl 'алишта' ~ *от млогу му́ндр што бе́ши, ца́рјут гу земá сос не́гу аф една́ трапе́за, јад'а́ха кату бра́тка, му чини дре́хи ха́рни* [V,PM.8]; ~ *тогáс то́ј изва́ди от диса́кот му еди́н такăм по-ве́тки дре́хи, му даде́* [V,PM,21]; ~ *и си-чката му кăшта си облечи́ха на че́рни дре́хи, фати сино́т му, сос мло́гу слава и че́ст гу зарă татко му* [V,PM.7]; и: **дре́ки** 'алишта' [ДС(Ч)].

дре́хичка f, dem. од *дреха* 'облека' ~ *га ве́ли: "а́ма́н се́стру Ки́ра Ма́ргу, што и товá стра́м, што́ ки ми чи́ниш? Ја́зе една́ пари́чка не́мам, ја́зе дре́хичка не́мам"* [V,PM,140].

дрим m 'прашина' [KE,269]; ~ *ка́ му-литну́ве дă-бе́ге ме́чкăта, дри́м фăти́ла* [ПК,II,276].

дримли́вче n, bot. 'вид цвеќе, личи на качунка, има син цвет' [ПД,123].

дринуви́на f **1.** 'дренак' ~ *му-ви́кме нă-ме́стто де́ка и́ма но́го дре́нки, дре́нуве* [ПК,II, 40]; **2.** 'вид грозје, зрее касно, има крупни зрна' [ПК (Г)]; сп. **дре́нско грозде.**

дри́пкạ f 'крпа за бришење лице' [BC(Д),69].

дри́ска* impf 'многу често оди по голема нужда, има пролив' [MS,s,24].

дри́спусе́р m 'потреба од одење по голема нужда (во случајов од паничен страв)' ~ *Ва́но ка́ о виде́л нă Ту́ше, дри́спусе́р гу фати́ло* [CK,322].

дроба́к m 'место со ситна шума' (сп. *дро́бин)* [ПГ(К)].

дро́бе* impf **1.**'крши, сече, прави нешто на парчиња' ~ *удде́ле нă-пулу́нуш, ка зе́ле живо́тните, ка ура́ле, ка друби́ле, ка ура́ле, ама ни́кој не испăдна́л...* [ПД,154]; ~ *ли́с ќи-му-дро́бăт нă-бу́бăта, си́тно кут тит'у́н* [ПК,II,215]; ~ *пиши́м утпăрвин ќи-си-бе́риш ли́шче ма́лце ама то́ но́гу си́тну ќи-гу-дро́биш* [БМ,200]; **2.** 'кога јорган (или полнета облека) се приш-

ива така што се прават квадратчиња или ромбови' [ТГ,418].

дадробни pl.tt. 'болки во мешето на мали деца, се лекуваат со масажа (тоа го прават баби - надрилекарки) [ТГ.128].

дробен (и: **дробин**) adj **1.**'неголем, ситен, орр. на крупен' ~ *Лил'ана дујна ѓузелијка / Лил'ана, ал' ми каранфил / Лил'ана дробно бусилче* [ТГ, 214]; ~ *в црно јубличени / в црно забрадени / дробни слѫзи ронат* [ТГ,368]; ~ *пуд грло ји мале, дробин бисер / на чело ји мале, жѫлти алтѫн* [ТГ, 368]; **2.** 'нешто составено од мали единки' ~ *си пувиде млади Стујан / си пувиде дробно стадо / да си јоде да си спије* [ТГ,203]; сп. изр.: **дробни камејне број немат** – како илустрација дека повеќе работи не се под контрола, или дека убавината не признава огради ~ *хеј, мори, моме јубава / дробни камејне број немат / широко поле крај нема* [ТГ,99].

дро́бен л'а́п m 'вид јадење – попара (млеко и леб)' [ДС(Ч)].

дроби (и: **дро́бе**)* impf 'прави нешто да биде ситно' ~ *т'анака дроб'аши хупки да јади, тој невидин га земуваши от прет неа, га јад'аши хупките* [V, PM,34]; ~ *о-фрли́ ши́што, се́ здруби́;* сп. уште: *дро́бе ле́п* [ПК,П,40].

дробна баба шарка f 'болест на кожата, сипаница' ~ се јавува како *дробна (малечка)* и *гулема (кужухна).* Децата обично боледуваат од *дробна,* а возрасните од *кужухна.* При лекувањето особено се внимава на чистотата, но исто така се внимава "да не се налути баба шарка", на пр. треба да ѝ се остави вечера и сл. [ТГ,233].

дро́бни pl 'болест кај децата, ги боли стомачето, се лекува со триење' – детето добива некои грчеви во стомакот и само се преметка и превиткува; кога се фаќа по стомачето на детето како да се чувствуваат зрна од грашок. Тоа се *дробни,* се верува дека детето ги добива ако јаде многу варена пченица или солени јадења, а мајка му заборава да му даде вода. Се лекува така што од *ноќвите* од три соседни куќи ќе се иструга по малку суво тесто и брашно, тоа се замесува со оцет, ракија и зејтин, се загрева и се става на стомачето на детето [ТГ,29]; ~ *бо́лис, гѫ-пра́вѫт де́цта, мѫле́чките. Ги-бо́ле куре́мо от и́мѫт гли́сте. Бѫ́пте ги-ма́чкѫт ус-кѫтра́н* [ПК,П,40].

дробно adv 'ситно, орр. на крупно ' ~ *бела праминена, ситно наридена / китки наридена, дробно јуплитена* [ТГ,199]; ~ *мома стоје јуф Дунава / тенка бела преминена / ситно, дробно наридена* [ТГ,173]; **2.** 'начин на одење или играње оро' – со ситни забрзани чекори [ТГ,87].

дрогар m 'близок, соработник, пријател' ~ *третиа си ре́че: "сам што ште да прав'а бис дрога́рето?"* [V,PM,254]; и: **другар** ~ *а бре синку, другарите докараха толкус заинци, та тинака ми си докарал дарва...* [V,PM,105]; ~ *другаре ми врват пу бели друмове / тенки пушки фрл'ат, абер ми чинат* [ТГ,178].

дро́ж'дę n 'остаток од грозје од кое се прави ракија – комиње'

[ВС(Д),68].

дро́п са́рма f 'јадење, се прави од белодробната кошулка во која се става ситно исецкан црн дроп, ориз, зачини и зејтин'. Се пече во фурна [ПК,П, 40].

дропл'а f, zool. Onis torda 'крупна барска птица со големи крилја и дебел врат' ~ *пи́ле-ї, кулк а́ін штăркăл, и́ма ку́си но́зи, дăлга чо́пка, ус-си́ва бо́ја-ї* [ПК,П,40]; ~ омилен лов на *лувачут: заиц, вăлк, срна* или *црнка, дива бишка...* од птиците: *дива гăска, дива папија, јарбица, дропл'а* [ТГ,385].

друба́рник m 'вид пита, в среде *нăдро́бувăт тăквѝва кори и ја́јца и си́рне и дру́го не́што* [ПК,П,244].

друбе̑ни́к m 'јадење, парчиња од иситнет (дробен) леб, попарен со вруќо масло и вода' [ВС (Д),69]; сп. **дробини́к** 'вид јадење, се прави од: млеко, јајца, шеќер и кори; измешани се печат во фурна' [ПК,П,40]; сп. **друба́рник**.

друг (и: **другиј**)* adj **1**. 'иден, следен' ~ *дру́гајут д'е́н' хо́ж'да д'ăдуту на ма́лкајут бра́т на по́ртата* [MS,t,80]; ~ *за мита́т враш'и́луту, за му ту́рнат о́да ... за дру́гајут д'е́н' хазăр* [MS,t,67]; ~ *сăфт'е́ сăфт'е́ за дад'е́ по́мрăва гро́здици и така́ на дру́гата гуди́на за дад'е́ мло́гу гро́зди* [MS, t,4]; **2**. 'минат' ~ *и же́нта то: вре́ме ко́га би́ла у-бо́чфăта уд-гла́дус, три́ де́на би́ла нăтре, си-иде́ла се̑мки уд-дру́гăта гуди́на шу има́ло бо́чфăта* [ДК, 150] – пр. за беспредлошка употреба на додатокот за место; **3**.'различен, поинаков' ~ *она сед'а́ши на дру́га кăшта, мажо и на дру́га* [V,PM,10]; ~ *дру́ги пари́ би́ха ти́а, мо́ш срăпски* [ПК(Г)]; **4**. 'не овој, туку оној' ~ *сиути́ди но́с пукра́ј дру́гију харами́ја, д'е гу има́ш'и мага́р'ату* [MS,t,55]; ~ *тел'а́лот фати́ да ви́ка шејсе́т хил'а́ди за кăштата, друг га артири́са седамдесе́т хил'а́ди* [V,PM.18]; ~ *сто́ри иди́н ч'и́ф крила́ на н'е́гу, му сто́ри и дру́к ч'и́ф на д'ăт'ато́му* [MS,t,58]; **5**. 'туѓ' ~ *напкун станах една вечер от мојта кăшла и на една друга отидох* [MC(B),93]; **6**. 'соседен' ~ *и т'а́, ш'ту би́ш'и диигити́с, ути́ва у дру́гата удаја́, са̑ прим'ăн'ă у н'е́јнит'а ру́би* [MS, t,26]; **7**. 'втор, трет' ~ *најде́ та́мо четири́јси куби́ли; една́ бе́ла, дру́га черве́на, дру́га жăлта, дру́га цăрна – се́која сос дру́га боја́ бе́ха* [V,PM,123]; ~ *идно град ќи бида града Софја / а друѓут грат ќи бида града Сулуна! / ја друѓут грат ќи бида града Стамбола* [ME(B),258]; ~ *тоја веле: "на тебе са л'уте Киро", друѓут веле: "на тебе"; друѓут веле: "јок, на тебе са л'уте"* [ТГ, 373]; сп. изр. јазе ки најдам от тебика, ама и тинака ки најдиш от друг [V, PM,106]; *ќи-на́јде* зн. 'ќе биде казнет'.

дружија f 'група другари, соработници' ~ *ај, болин леже грејин Ил'о / нă мека пустел'а / ај, на табла си ране Ил'о / два чифта биволе / ај дружија гу чекат* [ТГ,38]; и: **дружина** ~ *напкун тија на мојата дружина а вел'ат: "оделејте се вие от то дете, ниа ки го отепим"* [MC(B),74]; ~ *Јоси́ф и Ма́јка му не знаја́ле. Тра́чиа шо бил су дружи́ната*

на́при [MV,K,308].

дру́г живо́т m 'задгробен живот' ~ *ви́а да сти здра́ви и жи́ви, та́тко ми ве́ки на́с на чака на дру́г живо́т* [V,PM,26]; сп. уште: *ак и́ма друг живо́т ки-сӑ-ви́дме* [ПК(Г)].

друга винчанија f 'втор брак' [ТГ,192].

друга́рсво n 'дружење, пријателство' [ДС(Ч)].

дру́го adj (во именска служба, скратено од: друго нешто, било што) ~ *он напра́ве е́дна сме́тка ко́лко му о́де зӑ ме́сӑц бра́шно, зијти́н, дру́го, по́ дру́го* [ПД,143]; ~ *ца́р'ут му ве́ли; "о́х си́нку, голе́ма хубави́на ми́ си чини́л., и ја́зе сам борчли́а да ти чи́нам дру́го, што са́каш, са́мо за това́, што ве́лиш да ти иска́рам а́ф бе́ла зе́мја не́сам досто́ин"* [V,PM,136]; ~ *слу́ште ва́ка! Ја́с нӑ-мо́јто га́зда два́јсет гуди́ни му-о́ра, му-рӑбо́та, му пура́сти и де́ца и ину-дру́го* [ДК,137].

другуж'и́на f (земјоделски термин) 'висока копа од многу снопје наредени' [ВС(Д),70].

дру́гуч' adv 'другпат' (не сега) [ВС(Д),62].

дру́тӑнд'а̣ adv 'на друго место' ~ *си р'е́ч'и сӑс умо́: "другӑнд'а̣ за́ји то́с ки́рата́"* [MS,s,10].

дру́м* m 'широк пат, царски' ~ *и́спадни ско́ро пу дру́мишти и уф паза́рут уф гра́т* [MV,K, 278]; ~ *да-т искарат, Стујан, на бели друмове / да те носат, Стујан, они дека сакат* [ТГ,178]; ~ *другаре ми врват пу бели друмове / тенки пушки фрл'ат, абер ми чинат* [ТГ,178].

друм'а́ pl 'класје' (ожнеано жито, полози) ~ *т'е́с, ш'у ж'е́н'ат, уста́јат на зим'а́та друм'ӑ и враза́ч'инут ха бир'е́ друм'ӑт'а̣ ... и ха врӑзува сно́пи* [MS,t, 66].

дру́мке* impf 'ниша, лула дете во скутот' [СК,322]; ~ *це́л де́н, ва́дӑн, о-дру́мкум бе́пто, но́го пла́че* [ПК,II,40].

Дру́мската Че́шма f, top. 'име на место – чешма во реонот на с. Кула (Серско), се наоѓала покрај патот (друмот)' [ЛС (К)].

дру́сла f 'трома, неспастрена жена' [СК,322].

друшка* f 'девојка (жена) со која некоја друга има блиски, срдечни односи, другарка' ~ *ако јазе не носам / мојите друшки ме носат / моја ми душа мирисе* [ТГ,98]; ~ *и момата си научила, сама хождаши на паракав сос друшките и да принде* [V,PM,290]; – секоја *мома* си има своја верна *друшка* на која и се доверува. Тие заемно се помагаат, па дури и да се состанат со своите *пусакници* (= љубовници) [ТГ,138].

дрӑву́ш'ки pl. 'дрвца (dem.), дрва за горење' ~ *си ку́п'а̣х ино́ магарч'а̣, си ка́рахми дрӑву́ш'ки* [MS,t,1].

дрӑгуми́рцки сва́туве pl, zool. 'мали рипчиња од типот на костреж' [ПК,II,40].

дрӑж'а́ли n 'дршка на некое орудие – секира, мотика и сл.) [MS,s,24]; сп. **тупури́ш'ти**.

дра́мка f 'грмушка, ниска растителност' (= *ни́ски гра́нки ут се́ е́дно не́што, дек сӑ-зӑка́чуве* [ПД,124]) ~ *е-е-е гла́дно сум ми ка́к не́ сум гла́дно, де́цта це́л де́н игрӑја́а, мӑ-вӑрза́е з-адна дра́мка та́м ...*; ~ *и та́ка, гла́дин сӑ-сви́л пуд-ад-*

на́ дрӑмка, пуд-не́куј бре́с, ста́р бре́с [ПК,II,233]; ~ *удде́л уд-дрӑмка, нӑ-дрӑмка, ќ-о: пурда́ве* [ПД,161]; сп. **бу́н** [ПК, II,40]; Саќов зборо́формата **дрӑмка** ја објаснува со 'раст' (= даб) [СК,323].

дрӑмо́н' m 'земјоделска направа, вид решето со покрупни дупки, се користи за пресејување, кога се чисти житото од каменчиња и др. нечистотии' (pl **дрӑмо́н'ӑ**) [MS,s,24]; и: **дӑрмо́јн** [ДС(Ч)]; [KE,251]; во одделни регии **дӑрмо́н** ~ *сӑ ви́ке жи́тто шо ки сӑ кла́уф-не́го дӑ-сӑ-прӑсе́:* [ПД,122]; [СК,323].

дрӑн interj, onom. **1.** 'подражавање на звукот од звонецот или од друг метален предмет'; **2.** изр.: **дрӑн, дрӑн ја́рина** (= зборување без основа, напразно) ~ *шо́ не́ зӑмо́лчиш, це́л де́н ка́ си зӑгувури́л, дрӑн, дрӑн ја́рина* [ПК,II,160].

дрӑнк m **1.** 'долг стап' ~ *гу блу́кнувами и пр'е́луту н'е́тр'ӑ, с'е́тн'ӑ гу зави́рами и гу зва́ж'дами ут ха́ркума́та, гу пруст́рами на иди́н дрӑнк* [MS,t, 6]; сп. *па́лими ху́рната сӑс дрӑнго́т* [MS,s,24]; **2.** 'скеле за тутун' ~ *и́мами ма́ксус т'ут'у́н'уви и́гли; ја напулн'ува́ми игла́та,... гу ди́гнува́ми дрӑнго́ с'е́тн'ӑ, гу кла́вами на чарда́ку* [MS, t,5].

дрӑнка́ло n 'оној што зборува многу' ~ *то́о шо́ гуво́ре шо́-ќ му-до́о. Арно дрнка́ло си и ти* [ПК,II,40].

дрӑнке (и: **цинго́ре**) impf **1.**'кога звонецот (со движење) прави специфичен шум' [ПД,125]; 'звони' ~ *цӑнгӑра́к е то́ӑ шо дрӑнке, дӑ-мо́же дӑ-о́дӑт пуне́ӑ о́фците, дӑ-ги-во́де* [ПД, 156]; **2.** fig. 'зборува' (пејоративно) ~ *не́ дрӑнки и шо́-ї и шо́ не́-ї* ; **3.** 'дрнда памук' ~ *дрӑнке буба́јк* [ПК,II,40].

дрӑнуви́на f 'грозје со крупни зрна коишто на долниот крај имаат врв'; сп. **дре́нско гро́зде ... вӑла́ндуфски дре́нӑк** [ПД,124].

дрӑпи (сӑ) impf 'се чеша по телото со прсти, бидејќи го апе' [ДС(Ч)]; [MS,s,24].

дрӑпнова (сӑ)* impf 'се тегне, се тргнува' ~ *д'аволчато сӑ-дрӑпновало и сӑ-мӑчило да побӑгнӑ, ал как видӑло чи нӑма кортолуш...* [V,PM,290].

дрӑскусе́р m 'пролив' [ПК,II,38]; сп. ~ *де́тто ка́ го-ї- фати́л ади́н дрӑскусе́р, истичé* [ПК (Г)]; сп. **дри́спусе́р**.

дрӑскӑни́ца f 'гребнатина' ~ *то́о бе́нто куту-ма́че дра́ске, гле́ди ко́лкува дрӑскӑни́ца ми-нӑпрӑви́ нӑ-убра́зут* [ПК,II,40].

дрӑсне* pf 'повлече, затегне' ~ *големјут брат рекал: "вӑрзајте ме сус една ортома, пуштејте ме уф дупката и, кога ки а дрӑснум, да ма искӑрите!"* [V,PM,271].

дрӑсну́ве* impf 'повлекува остро' [СК,323]; сп. **цасну́ве**.

дрӑфце n, dem. од 'дӑрво' ~ *ди́ву не́што, пло́дно не́ко: дрӑфце, али ло́ши пло́дуве да́ве. Диву́рката тре́ба дӑ сӑ кӑле́ме* [ПД,124].

дрӑш'та f 'направа со која се тупаат клашни, валавица' [MS, s,24].

ду praep **1.** 'укажува на краен момент во времето кога се извршува одредено дејство – до' ~ *бра́тјата пӑк душле́ ут сӑба́алинта, му е страх да*

флéзăт, сă вăртéле дур ду пла́днина [ИГ,113]; **2.** 'упатеност до одредена точка во просторот, како цел на движењето' ~ *кату чу́ла ѵифарѵи́овата жéна... ста́на, оти́де ду нéгу и стои́ права; ~ отиде ду портата, виде, на сокаѓут немаши никој* [V,PM, 38]; ~ *шо си грабна тешук тупус ут сидумдесит оки] да испадна ду портите* [ME(B), 261]; **3.** 'доведување до одредена граница временска' ~ *ду кóга ки ви нóсам ва́шо тува́р?* [MV,K,285]; **4.** 'за означување одреден термин во иднина (недела, година и сл.)' ~ *јади, јади, јунакова којна / ду нидел'а пăт ки да пăтувиш* [ТГ,164]; ~ *ду годи́нтă дéду Гóспут па трăгна́л пу зéмјăтă* [ДВ,19]; **5.** 'непосредна близина, покрај' ~ *ка је задримала та млада нивеста / ду којна ду грива, ду девир ду рамо* [ТГ,171]; ~ *ду н'а́ и́мше убóр, тăка́ му ви́кăхме гувéта дéка лéжаа* [ПК,П,319]; ~ *сăба́јлин ка́ стăну́ве то: мăжо глéде и ăднă жéна ду-нéго* [ПК,П,237]; **6.** 'доведување до крај, до граница' ~ *и нусејти гу на рамни чајире / закупајти гу ду мишки* [MB(E),264]; ~ *дру́го адно сéло сă-ви́кше Кулку́тино, сé гу истриби́а ду-у́ше, ду-чувéк* [ПК,П,218]; изр.: **ду-гу́шта ми-дујдé** (= многу ми здосади, ме измалтретира) ~ *мóлчи зéр ду-ту́к ми-си (ду-гу́шта ми-дујдé), ки-т-фа́тум, ки-т-у́друм ку́тéко* [ПК,П,160]; **ду-кри́фта кру́ша** (стигнал) (= се кажува за неуспешен човек, којшто "стасал до никаде") ~ *ус-кóпăнто сме ду-кри́фта кру́ша* **(куту ра́ко уф-бата́ко),** *шó ки-пра́виш, цéл дéн са́ма кóпум-ки, кóј нă-та́м, кóј нă-ва́м, ка́ пуглéдни а́ска са́ма, па́ са́ма* [ПК,П, 160]; **ду-ста́п гу-дунцé** (зн.: му-зел многу работи, го осиромашил, т.е. го натерал да проси) [ПК,П,160]; **7.** 'означува поврзување, наместо предлогот **со**' ~ *а па ва́ ма́јка му и́мăше вéза ду Митропóлијата* [KE,281]; **8.** 'стои покрај број и укажува на приближност' ~ *са-вр'а́дни да-ди́гат ду-пéтстоти́н оки́*]BC(Д),82]; **10.** 'укажува на точка во период од минатото' ~ *ду-ла́ни нé би́хме са̣ди́ли т'итýн* [ПК(Г)]; **11.** 'укажува на зависност' ~ *ду-тéбе би́ла ра̣бóтта* (= од тебе зависи како ќе се реши проблемот, работата) [ПК(М)].

ду (со прилошко значење) **1.** 'само, единствено' ~ *ду три дена, бре нивесто / ду три дена се и́махме* [ТГ,333]; **2.** изр.: **ду-и́гла** (зн. сеопфатност, сé) ~ *штéрките ми-збра́а ду-и́гла, шо и́мах мóо, уд-ма́јка, ни́што нé ми устана́, нéмум шó дă-си-пустéл'ум* [ПК, П,160].

ду conj (< дури) 'додека' ~ *ке играиха хоро с бајрак ду да замрăкни* [MC(B)],71]; ~ *ду да речат речта, Ѓурга му вели: "ајде, мило да товарими, зашто това е брат ми"* [MC(B), 95].

ду̀ (и: **ду́е, дуј**) impf 'брзо движење на воздухот' ~ *чăргáре, ус-ки́лимчăта, дă нé-н вăрне дóш, вéтăр дă нé-н ду̀:* [ПК, П,220]; ~ *вéтăрут ду́е, сéвăрут, сă-за̣па́л'ăт ти́а̣ дăрвăта, а уд дăрва̣та јóнцăта; си́чко изгурé* [ПК,П,261]; ~ *ду́ј*

в'ăтир [MS,s,24]; **2.** 'отекува, се зголемува' ~ *бйă зéли пăрстте дă-сă-дýут* [ПК,II, 239]; **3.** – **сă** fig. 'се лути' ~ *сáмо сă-дý:, нé гувóре, тó: сăвйке дýјко* [ПК(Г)].

ду part ~ *така му викала ду три пăти, за да чујат другите жени и да се научат оти му направила рăкав на мăжо и* [ШК,V,422].

дубе impf 'чекори, згазнува' (нагалено за мало дете кога почнува да оди) ~ *дуби, дуби за чиста погача* (= почни да чекориш – ќе прославиме со *чиста погача* 'леб од пченично брашно) и "*шати кути, шати кути!*" [ТГ,129]; [ИГ,120].

дубй: (и: **дубије**) pf **1.** 'спечали' ~ *мáни то:, ни: сме сјурмáси, уд-кавăцилăк кóлко пăрй кидубйјш?* [ПД,146]; ~ *кату виде така јунакот, млогу си зарадува: година време така чинешти и добил млогу алтини* [V,PM,278]; ~ *на, намириса оти тамо има ќар... ки дубије... Госпуд му пумаге* [ТГ, 316]; **2.** 'стекне нешто како подарок' ~ *нé-сум, вéле, јас ги дубијáл, нéкуј дă-ми-ги éј дăдéл, и јáс сум ги-печăлйл* [ПД, 143]; ~ *и да гу дунесе прид мене / јон ки дубије гулем бакшиш, три града* [ME(B), 258]; **3.** 'прими писмо, односно писмен акт' ~ *"а, бе мăжо, ас аднó пйсмо дубйх: еттăкá и тăкá пйше"* [ПК,II, 272].

дубијве impf 'стекнува право на нешто' ~ *дунесуве една овца и дубијве име Јуван* [ТГ,26].

дубйра (сă) impf 'завршува со берењето' ~ *гу звáж'дами ут стр'ąхáта, гу закáш'тами на бинáта и т'ут'ýн'у на п'éт', на ш'éс рăнц'ą сă дубйра* [MS,t,5].

дубитук* m 'домашно животно (коњ, вол и сл.)' ~ *йди мýхата, гл'éнда арасла́нут и лиш'йцата (тáс мýхата, ш'у фл'áва у нусóт на дубйциту)* [MS,t, 77]; ~ *напкун крадеха два кон'а от Ѓувезна; тија кон'ата беха харни дубици* [MC(B),85]; ~ *áку постáни нéкој добйтук, товáрјут ... да гу товáрјат на дрýгите добйци* [V,PM.114].

дýбла* f 'златна монета' ~ *кóгăг си-лáфе зă-ниѓáв сáкăм дă рéчăм на вйја рабóти: на дýбли, мамудйи, пиндолйро, злáтни кăрфйци, злáтни грймни* [УЕ, 12].

дублйже pf 'дојде, се приближи' ~ *видéл ăдну урáч – си óрă, гóспут гу дуближйл и му вéле* [ДВ,18].

дубр'á дóјди изр. 'добре дојде' (отпоздрав на *"калимéра!"*) ~ *дóјди на гóр'ą, гу нáјди стáрију и му р'éч'и: "калимéра!" "дубр'á дóјди" и си утйдуха думá* [MS,t,40]; ~ *и му р'éкуха: "дубр'á дóјди сфáту!"* [MS, t,78].

д'убрйште (и: **ѓубрйште**) n 'место каде што се фрла и собира ѓубре, гнојарник' [BV,45].

Дубрувéн m 'име на ветар што дува од Дојранското Езеро' [ПД,114].

дубрувечар 'поздрав – добра ноќ' ~ *ја и ричех, мале, дубрувечар / малој моме! / она не ми риче, мале / дај Будобро* [ТГ,51].

дубрутро 'поздрав, пожелување за добар почеток на денот, добро утро' ~ *сиќавај се Цвето, сиќавај / зашто ти врвум низ двори / зашто ти вел'ум дубрутро* [ТГ,37]; ~ *вăлко сé*

тăка́, си-и́де, се́дне. "Ду́б-ру́тро ку́мо ле́со, ду́бру́тро, па́ си фле́зе [ПК,II,226].

дува́* f 'благослов' ~ *и та́тку-му туга́с му да́ди дува́та и му р'е́ч'и "бра́кај ш'аро́ка з'е́м'а, Маке́дуни́ја т'ạ ни з'е́ва т'е́б'ạ!"* [MS,t,59].

дува́н' m 'орел' (pl **дува́н'ạ**) [MS,s, 26]; сп. **дуган** 'сокол' (?).

дува́р* m 'ѕид' ~ *и та́м заси́паха земе́та сас ка́мене, кату́ куга́ има хил'ада дува́ре* [V,PM, 263]; [ДС(Ч)].

дуве́к adv 'вечно, (за)секогаш' ~ *и тăка́ си-устăна́ле и-буга́ти и сло́жни, дуве́к уз-де́цăта* [ПД,153]; сп. ~ *дуве́к мо́ма* 'таа што никогаш не стапила во контакт со маж' [BV,47].

дуве́ц m 'маж на кој му умрела жената, вдовец' ~ *има́ло ејн чуве́к дуве́ц, зима́л пуфто́рна же́на* [ПК,II,227]; ~ *који не је устанал дувец тоја не знае што е мăка* [ТГ,273]; ~ *фрли ергенот – на мужел / фрли млад дувец – ду среди / фрлил стар дедо – натфрлил* [ТГ, 92].

ду-в'е́ч'ера adv 'довечер' ~ *ж'ина́та си вили́ сăс умо́: "ду в'е́ч'ера т'ạ напра́в'ạм ја́с!"* [MS, t,37].

дувечера* pf 'заврши со вечерата (јадењето)' ~ *дувечереха, здигнаха софрата; она останала гладна* [V,PM,34].

дуве́шно adv 'довека, вечно' ~ *да ки си о́дат ви́и на ве́ново пе́кол, па пра́винти на ра́ј жив дуве́шно* [MV,K,282].

дуви́р'а pf 'завршува со вриењето (ферментирањето)' ~ *дуви́р'а = па́псува, запи́ра вар'ăниту* [MS,s,26]; ~ *дру́гију мăс гу ра́бути́хми, д'е́сит' дни́ зави́ра па́тусу и дуви́р'а* [MS,t,4]. Овде имаме испуштање на предлогот 'за'; сп.: *д'е́сит' дни́ зави́ра*, наместо: за *д'е́сит' ...* .

дувирли́ф adj 'човек на кој можете да му ги кажете своите скриени мисли, тајни, без ризик дека ќе ве прекажува' [СК,323].

дувица f 'жена на која ѝ умрел мажот' ~ *уф книга ми пише мома да не земам / јазе да си палам млада ми дувица* [ТГ, 157].

дуга́н m, zool. Falco 'граблива птица' ~ *дуга́нут-еі кут сико́л, кут ја́стрăбо-; о́де пу-за́јцто. Он еі и кукушка́р, и́ма зăви́іна чо́пка* [ПК,II,40]; 'јастреб' [СК, 323].

дуга́н' m **1.** 'просторија во која работи мајстор (занаетчија), односно во која се продаваат различни работи' ~ *зл'а́зи вăнка, ... фа́ти да пăта ут дуга́н' на дуга́н'* [MS,t,84]; ~ *гу з'е́ стрéбруту и ма́ламо́ту, ути́ди на дуга́н'у* [MS,t,19]; ~ *кога дојдоха трите дни, отиде на куумциовот дуган, ги зема ушниците, и млогу дослук фатили сос негу* [V,PM,69]; и: **ди́кан** ~ *пиле пеје пу турски ди́кајне / с уста пеје, с грло збор чинуве* [ТГ,199]; ~ *се́ ди́ка́не и́мше то́ă ме́сто, Ґира́н шо сă-ви́кше* [ПК, II,216]; **2.** и: **ду́кан** – за селската средина, освен "место каде нешто се продава, значи и место каде што се собираат и договараат селаните" ~ *то́ испадна́ идно́-две́ пăта на ду́ка́нут, му кажа́; па́ не́ му веру́ват* [KE,289].

Дуганшиво n 'име на село во Солунско' ~ *една жена не можа да роди, вика баби от*

четири села – Дуганциво, Тупчиво, Ватилак и от Дăрмица [МС(В),87].

дуга́чка f (поименчена придавка) 'дрвена направа (на едниот крај проширена), за ставање леб во фурна – лопата' ~ *лупа́та сăс дуга́чка рăчка* [ДС (Ч)].

дугле́де pf 'забележи, здогледа' ~ *дугледа́ га цăрн калу́гер, цăрн калу́гер, млад егу́мен* [КШ,I, 108].

дугуво́ре* pf 'направи спогодба (за заедничка работа, настап' ~ *а́рно а́ма Ара́пино гу-пузна́л, сă-дугувури́л с-адна ба́ба. Она ре́кла: "ка́ ки-ле́гне да-му-да́јте та́а пе́рница..."* [ПК,II,229].

дуда́ве impf **1.** 'повторно, дополнително става нешто на располагање' ~ *са́кише дă-му-дуда́бме о́ште па́ри тă дă ника́же* [ПК(М)]; ~ **2.** 'кажува нешто дополнително' ~ *не́што ки дуда́јме за ниве́стта ко́гăг си наоѓа на че́шмăта* [УЕ, 25].

дуда́к m 'усна' (: *го́рин* и *до́лин дуда́к*) [ПК(Г)]; [MS,s,24]; ~ *уф-у́стта ти́ă дек сă наре́дăни зăбито сă-жлиби́ни, а ти́ă нăпре́ј шо́-сă, ги-ви́кме дуда́ци* (информаторот покажува на усните); *то́о-ј дуда́к и то́о-ј дуда́к* [ПК,II,237].

дудакле́ста (и: **дудакли́а**) adj 'жена со големи (дебели) усни' ~ *и́ч не́ м-оі а́рна, ли́чна, же́нта, а́дна дудакле́ста, ка́-і-висна́ли дуда́цто* [ПК,II, 40].

дудакли́а adj 'тој што има дебели усни' (сп. **дуда́к** 'усна') [ИГ, 124]; **дудаклиа** [MS,s,24].

дудее (са)* pf 'станува досадно' ~ *му са дудеало от напилесии, станал па кинисал да оде на чуждина* [V,PM,273].

дуде́к conj 'додека' ~ *смичо́к сăви́ке, кăту бру́мкичка нă-о́кто, чи́рче, кăту бра́дувичка, дуде́к сă-прува́ле ки-тă-бо́ле, по́сле...* [ПК,II,240]; ~ *учи́тăло уф на́с устăна́л дуде́к дă-до́ те́јко ут пăза́р, дă-ги-сми́ре куми́тто* [ПК,II,320]; ~ *длăго време, мили мăжо / дудек коса ки-м пубеле* [ТГ,334]; и **дуде́ка** ~ *прăпа́жде и дуде́ка му-зăги́не гла́вăта, ма-зе́л измика́рчăто* [ПД,170].

Ду́диф До́л m, top. 'име на место во Пазарско' ~ *и извади́а во́нка на адно до́л, Ду́диф До́л сă ви́каше* [КЕ,281].

ду́ук m fig. 'човек со просто, невоспитано однесување' ~ *и́ч не́ зна́ ма́бе́т дă-напра́ве, ку́пте́н ду́ук* [ПК(Г)].

Дудулар m, top. 'име на село на патот Стојаково - Солун; овде се менувал *калаузот*' (= тој што го води *кирванот* од кирации) [ТГ, 423].

дудуларски* adj 'нешто што припаѓа на семејства од с. Дудуларци' ~ *адна година а зимах Дудуларската кăшла; та от два братија кăшла беше* [МС (В),84].

дудуле n 'ритуал што го организираат девојките во летен (сушен) период со молба кон Бога да заврне дожд' ~ се собираат повозрасните девојчиња, оние што се за мажење. ќе се договорат меѓу себе, односно ќе изберат некоја што ќе биде *дудуле*. Кога ќе ја изберат одат во бавчите и со див бозел ќе ја накитат девојката околу половината, грбот и главата, така што да не може да се познае која е *дудуле*. Потоа земаат 2-3

торби во кои ги собираат подароците (брашно, леб, жито, риби и др.). Одат среде село, на селската чешма и откако ќе се испрскаат со вода пеат *дудулејска* песна. Потоа одат по куќите, кога ќе влезат во дворот, додека *дудулејката* пее и игра, домаќинката со сито ќе пресее малку брашно врз главата на *дудулето* и веднаш потоа зема бардак и ја полева со вода, потоа од истиот бардак истура вода врз покривот и од стреите почнува да капе како кога врне дожд. Додека ова се случува, девојките и момчињата се *плискат сус вода* – обично оние што се сакаат. Потоа домаќинката ги дарува: *малце брашно, малце леб, една рибичка. Дудулејката* и девојките што ја пратат, откако ќе го поминат сето село се собираат во некоја куќа и тука од рибите прават вечера. Парите ѝ ги оставаат на девојката што играла *дудуле*, што била накитена со див бозел. Бозелот го фрлаат во вода. *Дудуле* почнуваат да играат околу св. Илија па сé до *Бугуројца* [ТГ,436].

дудулејка f 'девојка што учествува во ритуалот (молба) за да заврне дожд' (в. **дудуле**) ~ *дудулејка мајка / сред море стоје / на Бога се моле / дожд да заврне* [ТГ, 435].

дудулинка f **1.**'девојка што учествува во ритуалот (молба) за да заврне дожд'; **2.** fig. 'тој што е многу накиснат' ~ *ту́кă, ричé, ва вéчăр ки-ми́ните, ама ни́ă куту дудули́нка – о́ти дош вăрна́ нă-измукри́* [ПД, 173].

ду́дăл m **1.** 'тој што учествува во обичајот "молба за дожд": голо дете покриено со гранчиња и друго зеленило, коешто ги обиколува куќите и пее: ~ *о́ј ду́дуле, пéперудо лé* ... и сите што ќе ги посети му истураат вода на главата' [СК, 323]; сп. уште **дудăл** ~ *нéкоо дéте ќи-сă-ублéче (смéшно), то́о ќ-о-нăрéдăт ус-зилéно и ќи-о́де пу-дво́руфто, ќи-пéе, ќи-гу-пули́ват во́да и ќи-мо́ле бо́га дă-зăвăрне до́ш. Ду́дăл шéте лéтно врéме, ка́-ї но́го жéшко, ка́ нé-ї вăрна́ло но́го врéме до́ш*; **2.**fig. 'несакана фигура, плашило' ~ *зăстăна́ла чи́ниш ду́дăл, сéдни нă-стра́на* [ПК,II,40].

дуждáрник m, zool. Salamndra maclosa 'шарен земјоводен влекач, дождалец' [ПК,II,40]; сп. **дуждóвник**.

дуждвóник m, zool. Salamandra maculosa 'шарен земјоводен влекач' (личи на гуштер) [ПГ (К)]; сп. **дуждáрник**.

дуждул'áф adj 'дождовен' ~ *дуждул'áва гуди́на (сă пугуди́)* [ПК,II, 40].

дужни́и (и: **дужни́**) pf 'заврши со жниење' ~ *и жна́ме, дужна́ме, Пăтро́вдино дуји́е. Чини́ме, дужна́ме и ричéă: вујна́ с-утвури́ла ут–Ку́куш нă-до́л, Сулу́нцкуто По́ле* [ПК,II,251]; сп. **дужнијне** 'завршува *сус жнијајне'* [ТГ,335].

дужцáрка f, zool., Salamandra maculosa 'влекач со зелена боја, личи на гуштер – дождалец' [ДК,104]; сп. **дуждáрник**.

дуздисе (си)* pf 'се дотера, се приготви' ~ *што си беше, Ванѓелино, Попово Јуванче / јуридил си, дуздисал си ду два*

сива којна [ТГ,40].

дуздисуве (сă)* impf **1.** 'се дотерува' ~ *за-дéк сă-дуздисá тóлко? Гóсте дă-н-ти-дójдат, шо сă дуздúсувиш тóлко?*; **2.** fig. 'средува нешто според своите интереси и желби' ~ *кумшúіте сј-а- дуздисáа рăбóтта* [ПК,II,41].

дузúна f **1.**'пакување од десет парчиња' ~ *кýпи áдна дузúна шпúрто*; **2.** fig. 'група луѓе' ~ *тéшко на тá нивéста áко нăгáзи на нéкуи пóзингúни л'ýди, úли áко тúја сă цéла дузúна л'ýди* [УЕ,27]; ~ *наридúли áдна дузúна дéца, па сéтне нé мóжат дă-і-глéдат* [ПК,II,40].

дуú* impf **1.**'извлекува, исцедува млеко од вимето на овца, коза и сл., молзе' ~ *пóчнал тój да дуú, ну уфцăта рéкла: "ти ма дуúш, амá já с'á, штá са úспика в мл'áкуту"*]ВС(Д),64]; **2.** 'дава млеко на малото (од градите), да цица, го дои' ~ *гу пуж'алú, си гу з'é сăс н'éја на рóпката; и т'á имáш'и мáлки мéш'л'ăнта, ги дујáш'и* [MS, t,16]; ~ *гу дујáш'и Димитрáку* [MS,s,24]. Сп. **цăрăка**, **насáва** [MS,s,24].

дујáк m 'мало јагне, коешто сé уште се дои' [ПК,II,41].

Дујáчка f 'име на сосвездие' [ПК,II,41].

дујдéјне n **1.** 'пристигнување, доаѓање', **2.** fig. 'раѓање, доаѓање на свет' ~ *дéјто, пу нéјнто дујдéјне на бéло видéло нé си нóси ни на цăрква* [УЕ,29].

дујдúсин' adj 'дотеран, натокмен (како што треба)' [СК,323]. Се слуша и: **дуздúсин.**

дујдúсуве* impf 'дотерува нешто, прави да биде убаво' ~ *пусéстримте а дујдисáа нă нивéстта* (= посестримите ја дотераа, приготвија невестата – за свадба) [СК,323]; сп.**дуздисуве.**

дујдýве impf **1.**'доаѓа некој, пристига'; **2.**'дотечува, достасува' ~ *(вóта) дујдýве ду-тăрáк – тúă сă нăрéдăни прăчки кój шó зăдăржувăт да-нé флéзе уфбýкăта ѓýбре, грáнки, нéко: дрýго нéшто* [ПД,171].

дýјко m 'тој што лесно се лути' ~ *сáмо сă-дý:, нé гувóре, тó: сă-вúке дýјко* [Кук].

Дýјкова Пăрсéка f, top. 'премин во планината – пресека, ниви на некој *Дýјко'*, микротопонимот го запишавме во с. Конско (Гевгелиско) [ПГ(К)].

дујна ѓузелијка 'убавица на светот' ~ *Лил'ана дујна ѓузелијка / Лил'ана, ал' ми каранфил / Лил'ана дробно бусилче* [ТГ, 214]; ~ *кум се весели сус млада нивеста / сус млада нивеста, дујна ѓузелијка* [ТГ, 176]; и: **д'ун'а ѓузели** ~ *му вели на цар'ут: "е цанăм ца р'у, сега удајата е харна, ама сега да имаш и ламината керка, она е д'ун'а ѓузели"* [V,PM,43]; ~ *го зева нас д'ун'а ѓузели от рăнката, го изваѓа вунка на сухо и мо вели ...* [V,PM,162].

дýјна f, bot. Cydonia oblonga 'овошје што зрее последно, наесен, дуња' ~ *пусéстримте пéат: вóди, брáче, вóди | прет кýм да а нóсиш | кум ќа а дарýве | дýјна ем нарáнsa* [ИГ, 114]; ~ *не утидох, мале, дури дома / тук утидох, мале, пузад куќи / пузад куќи, мале ду дујната* [ТГ,367]; сп.: **дýн'а** (дрво и плод) [MS,s,25]; **дýна** [СК,23].

ду́јне* pf **1.**'силно испушти струја воздух низ устата' ~ *ка му ричé, му дујнá на нúх, да рéкал: зевáјтисти Свéти Дýх* [MV,K,337]; **2.**. изр. **до-ду́јниш, ќи-па́дне** (= многу слаб човек, исцрпен) ~ *идвáј óде, до-дýјниш, ќи-пáдне* [ПК, II,160].

дујни́ца f 'овца што дои јагне'; в. **до́јница** [ПК,II,41].

дујну́ве impf 'силно испушта струја воздух низ устата' ~ *дéтто кá о-дујнýве пăрстăно трúпăт, уд-нéгăвјоо двóр дуцáрувјоо пáрк злáтна кăлдăрмá биде́ла* [ПК,II,263].

ду́јнăн* adj 'несериозен, лесноумен' ~ *ус-тáа дýјнăна ќи-сăрăспрáвиш?* (= зарем ќе ѝ докажуваш на таа безумна) [ПК, II,41].

Дујчин 'м. л. име од Солунско – Ениџевардарско' ~ *то шо ѝ ловише на јузбашијите / тоја беше Дујчин – гуспудар ут града Сулуна* [MB(E),263].

дукá conj 'додека' ~ *дукá нé ми плáтиш éс тýк ки стóм* [CK, 323].

ду-кундáкă m 'малиот прст (на раката)']BC(Д),67].

дукат* m **1.**'турска златна монета' ~ *и-зéва тúа дукáтте шу-и-имáше тá и áјде у-дрýга дăржáва сă-фăрлú* [ДК,139]; **2.** 'женски украс од злато, се носи на врат' ~ *а-шéта, а óна су-тúа дукáти, су-тúа билизúј, су-тúа прăстéјна* [ДК,139].

дукáт m 'просторија за чување коњи и говеда' [KE,246](?).

дуката f **1.** 'златна монета, дукат' ~ *пáк ги закл'учú магазúите, бéз да зéми еднá дукáта, нúшту* [V,PM,21]; **2.** fig. 'симбол за мала монета, во овој случај за мала среќа' ~ *едно време имаши един мајстор от тиа д'улгериту. Беши млогу харин мајстор, ама кăсмет немаши за една дуката* [V,PM,86].

дукáче (сă) pf 'се навреди' ~ *дăн сă-дукáчиш, ќи-т кáжум, тă-видéх ти ка о-зимá* [ПК (Г)].

дукимасе* pf 'провери, испита' ~ *ама жената му фного умна и еднаш му рекла: "ти мăжо, имаш фного пријателе, а на здраво ли ти са пријателе? Ајде мăжо, рекла жената, да ги дукимасиме"* [ШК,V,418]; ~ *ту брé сúнко ич нé дукимáсиш шо прáвиш!* (= не внимаваш што правиш) [ПК,II,41].

дукле́ве pf **1.**'дополнително стави нешто, додаде' **2.** 'каже нешто ново, дополни' ~ *úма нéкуи рабóти шо-ј зăбравúме, пă нé-ј лóшо да-ј дуклáјме* [УЕ,30].

дуксúја f 'вид материја за облека, чоја' ~ *кóсăта му а пýшкат у придáвки, врăс кăврăкот аднó малéчко кáпче и на вăрвот аднó цăрвéно кăлпáче, нăпрăвéно уд цăрвéна дуксúја* [УЕ, 11].

дукуз num 'девет' ~ *свити Јуванови́ци има доксан – дукуз* [ТГ, 26].

дукузлу́к m 'става жито, девет снопа наредени' [ПК,II,41].

дукул'áк m 'измислица, несериозно зборување'; обично во мн.: ~ *дукул'áци му са тúја* 'измислици' (= не треба да му се верува, измислува) [KE, 243].

дукундúсуве impf 'наштетува' ~ *и јáдинто кá-ј нóго дукундúсе, а не-пă рабóтта... Тóо чувéк нóго ми-дукундисá, нéјкум д-оо-вúдум* [ПК,II,41].

дукăдă prаep 'до' ~ *удúле шо уд-*

и́ле, тăка́ дукăдă Фу́рка – Дерве́нто шо му ви́кăме ни́ [ПД,152].

Дула́ f, top. 'планински масив, врв меѓу Кукуш и Дојран' ~ *плăни́нта сă-ви́кше Дула́ те́пе. Аа, не-е, Кру́ша-ј пă ут-кăд и́згрева* [ПК,II,246].

дулактар m 'кожна или шајачна облека (машка), има кратки ракави (до лактите и затоа: *дулактар*). Тоа е вид *купаран*, се носи одозгора; го носат кирациите (= превозници) [ТГ, 418].

дулама f (|| **дулма́** и: **минтан**) [ТГ,274]; 'платнена машка облека, кошула' [ТГ,18]; ~ *ја го дедо Бужи́ќ иде су́с криво магаренце; ки ти дунесе: бобо, дулама, папуци, фес сус пискул'* [ТГ,84]; ~ *ко́гăг гу примину́вăт зе́тот, на пуја́сут му кла́вăт пуја́с, дăлго три ду чити́ри аршу́јна и кăдифе́јна дула́ма су гăјта́јна пурăбе́ни* [УЕ,10]; сп.: кога ќе нарасне детето (машко) до 4 год., место *антерија* (= долга кошулка, како фустанче), што ја носел дотогаш се облекува со *дулама* (= обична кошулка до под половината), и широки панталончиња – **барнавезе** [ТГ,130]; ~ *интири́а* (наместо *дулама*, т.е. кошула) *и́ ви́кат ту́кăшните* (информаторот е бегалец од Кукушко, а *ту́кăшни* се староседелците во Струмичко), според анкетата што ја вршевме со бегалци, преселници од с. Патарос (Дојранско) *антăри́а* зн. 'женска долга кошула'[ПД,118].

дула́п m **1.** 'вид орман, вграден во дебел ѕид' ~ *пи́ш'и ѕса́т' фо́тографи́јата: "зара́т та́с мо́ма си уми́рам ја́с", ја затфо́ри фо́тографи́јата у иди́н дула́п* [MS,t,9]; ~ *гу уста́в'ами мрăва да усти́ни и с'е́тн'ạ гу суби́рами у гарно́к и гу скри́вами у дула́п'у* [MS,t,4]; сп. објаснување од Серско: **дула́п** 'длабнатина во ѕидот, редовно таму стои иконата и кандилото; подоцна почнале да ставаат капаци и да чуваат внатре храна' [ДС(Ч)]; **2.** 'направа за печење кафе' ~ *ут кафе́ дула́п* [MS,s,25]. Овде има проширена употреба на предлогот **од** (**ут**) со значење 'за'; поопширно за ова в. во граматичкиот дел.

д'улбе́р adj 'убав, личен' ~ *на ж'ина́та му́ма́та би́ш'и мло́гу бе́т, на мăнц'о́ мума́та би́ш'и мло́гу д'улбе́р* [MS,t,61].

д'улберли́к m 'убавина' [MS,s,25].

дулете* pf 'пристигне' (некаде со летање) ~ *лете, лете, јарабица / дулитала, душитала / ду јураче, ду купаче* [ТГ,164].

д'улгерин m 'мајстор, ѕидар' ~ *отиде аф една гора гол'ама, најде таму кату негу един човек д'улгерин* [V,PM,87].

дулма́ f 'вид јадење, полнети млади тиквички и модри патлиџани со ориз и мелено месо' [ПК,II,41]; [ТГ,163].

дулма сус кисала каша f 'име на јадење во Гевгелиско: полнети млади тикви со ориз и месо' [ТГ,21].

дулни́на (и: **дулни́нка**) f 'ниско, стрмно место, удолница' [КЕ, 276] ~ *тăргна́ме пу-а́дна дулни́нка* [ПК,II,41].

дулни́ца f 'ниско, стрмно место, удолница' ~ *пу-а́дна дулни́ца сă-тăркăл'а́* [ПК,II,41].

дулч'и́нка f **1.** 'мал (недлабок) дол' ~ *ма́лку до́лч'ạ* [MS,s,25];

~ ка́ нă-заакáа уф-аднá дулчи́нка, ни́ на-тáм, ни́ на-вáм, нéма на-дéк да-бéгиш [ПК, II,41]; **2.** 'долина' *~ сă-најдéме уф-аднá дулчи́нка* [ПК, II,41].

д'ул'би́а f 'далекуглед, бинокол' [СК,323].

дул'у́м m 'мерка за површина на земја = 1000 м.кв., во др. говори *декар*' [ПГ(С)].

ду́м m, zool. Syrnium vulgaris 'був' [СК,323]: според нашето анкетирање: **ду́мо** [ПК(М)].

дума* impf 'зборува' *~ как думало така морету, гласо му се чу дур при сонцету, та се зачудило што е това, оти така морето думá* [V,PM, 266]; *~ дójранските мóми крéхто се-смéјат и на Гóлаш дýмат: "ој ти Гóлаш, Гóлаш, плáнино проклéта"* [ПК,II,235].

думá adv 'во куќата каде што живее со семејството, дома' *~ Настрадúн-хóм'а си гу з'éва магáр'ату, си утидú думá* [MS,t,55]; *~ за дад'é млóгу грóзди, за субир'éми млóгу укú да за дójми думá за гу змáчками* [MS,t,4]; за да упати на положбата: "во домот" се јавува со различни предлози: **у** *~ ж'инáтаму на ч'уфч'ијата им'ăха у думá гăска* [MS,t,77]; **на** *~ с'ă за пóда на дóма*. Сп. *~ врăтна кл'ýч'у, прулéтна кóн'у, утúди, сă заóкули по ш'úч'куту с'éлу, си дójди пак думá-му* [MS,t,20]. Во случајот (**думá-му**) имаме необично, плеонастично изразување на посвојноста, којашто иако се подразбира, сепак е повторно потврдена со придодадената кратката заменска форма **му**.

думá pl 'домашни' *~ пуч'ивáш'т'éм, пуч'ивáш'т'éм си дójдух у с'éлуту сабáкарш'и (пу прузáр'ани), си дójдух думá хýбав'а, алá скýр'а ги нáх и думá* [MS,t,2] (= ...дома пристигнав добро, ама во црно ги најдов домашните); *~ шó чúнте дóма* ? (= како се домашните?) [ПК(Г)].

ду́ма f **1.** 'збор' *~ тáтко пăзнăјáл двă-трú дýми гăрчки, мóо тáтко* [ПК,II,220]; *~ тојнака тиа думи кога думаши, пак царјут нихна са шеташи аф гората* [V,PM, 64]; **2.** 'збор што значи подршка' *~ глéдум óти зă-мéн чувéк нéмум дă-кáже нéка: дýма* [ПК,II,239]; **3.** изр.: **ду́ма дадé** 'вети нешто' или: **вéчăр ќи-дáдме ду́ма, ќи-мéнме нишáн** (се однесува на чинот на свршувачка) [ПК,II,41]; **ду́ма нé испáѓе** (се кажува за човек што држи до зборот, што не пренесува од еден на друг) *~ ич ним сă-бóј, уд-мéне дýма нé испáѓе, сăкăн* [ПК,II, 160].

думáн m **1.** 'гасови и саѓи што го придружуваат горењето'; сп. кога летно време трепери воздухот од жештина, се вели дека тоа е *думан* од оганот што го запалил св. Петар [ТГ, 15]; [BV,46]; **2.** изр. **думáн é-ј рăбóтта** 'тешка ситуација': *~ думáн ме-ј рăбóтта, нé знáм шо да-прáвум!* [ПК,II,41]; *~ дă-нé сă-излăјш дă-дáдиш ут-кăмúла пăстăрмá, оти думáн нé-ј рăбóтта* [ПД,170].

думанлăк m 'кадеж, чадови' *~ шо-ј тóо думанлăк уф-удáата?* (= зошто има толку чад во собата?)[ПК,II,41].

думáта pl, bot. Lycopersicum esculentum 'зеленчук, дава црвени

плодови, патлиџани'; сп. **патлаџ'ан** [MS,s,25], [KE,251].

думаќин m **1.** 'стопан, татко на семејството, најважен член' ~ *не, гле́те, о́ти думаки́но л'ăгна́ д-у́мре з-ăтăр, о́т ки ка́же нă-думаки́нкăта пăри́те уд-де́к сă* [ПД,153]; **2.** 'стопан што многу се грижи за куќата и семејството' ~ *а́к не́ би́ше думаќи́н се́ ра́спу́с ќи-о́јше* [ПК(Г)]; **3.** 'сопруг' ~ *на три дни прад св. Димитрија ки фатише мојут думаќин да коле овци* [ТГ,207]; ~ *си гу чеке млади Стујан / млади Стујан нејн думаќин* [ТГ,203].

думаџа́р m 'добар домаќин, загрижен за домот и семејството' ~ *шиту́рка, ше́те, се́кăде уби́жде таа, то́: пă шо́ не́ изле́ве во́нка, до́ма сă-вăрте, то́:-ј думăша́р* [ПК,II,244]; ~ *мăш шо́ си-се́де до́ма, не́ ше́те де́к би́ло* [ПК,II,41].

дума́шин* (и: **дума́ш'на**) [MS,t,2] (m ,f) adj **1.**'нешто направено дома (не фабрично)' ~ *нивéстта му ја убличу́ваа су бе́ли га́јќи уд те́нко дума́шно пла́тно* [УЕ,12]; **2.** 'она што се однесува на домот (воопшто)' ~ *една мајка имала си два сина; поголемио кроток и милувал домашната работа, а помалкио бил и луд и гледал да отива на нивата и да оре* [ШК,V,419]; **3. дума́шнјоо иса́п нă-пазáро не́ испа́ѓе** (= надежта и очекувањата ретко кога се исполнуваат, особено во врска со финансиите) [ПК, II,160].

думба* impf 'чука, удира на тапан' ~ *ину дăулциа су-то́ да́улут ду́мбăл шу ду́мбăл та́му, кă сфăршăл си-гре́де* [ДК,142].

думен m 'домаќинство' ~ *оште сум мала малечка... на можам куќа да гледам / на можам думен да вртам ...*; ~ *на можам думен да вртам / на можам госте да чекам.* [ТГ, 37].

думен m 'задниот крај на коработ каде што стојат *корубарите*, тој крај треба да биде секогаш свртен на југ, а предниот дел (главата) на север' (веројатно кога е укотвен) [ТГ,428].

думзе́т m 'младоженец што останува да живее кај невестата' ~ *"ќо́:-пи́тиш сјá, ви́ке, мил'ундéро, дáли сáке д-устáне зéт нă-мéне". И устáнуве нă-мил'ундéро ади́н думзéт тáм* [ПК, II,267]; сп. 'кога некој домаќин има само женски деца, тој доведува во својата куќа *думузет* (= домашен зет) [ТГ, 274].

ду́мке impf **1.** 'удира по предмет што испушта силен звук, пр. по тапан'; **2.** 'движи лежерно мало дете, го успива' ~ *сáке (трибу́ве) до: ду́мкиш тă дă зáспе* [ПК(М)].

Ду́мус јатáк m, top. 'ниви во реонот на с. *Стујáкăво* (Гевгелиско)' – скривалиште на свињи [ПГ(С)].

ду́мус m 'свиња' ~ *бреé, рéкăл, ду́мус, на кафиту не сă ви́ка такá?* [BV,47].

думăзлáк m **1.** 'долниот дел од воденицата каде што водата удира и го врти колото' ~ *до́ш нă-вудинчáро, пуд-думăзлăко, чáрко дéка вăрте, ри́би и́ма јá тăкви́, амă нă-мо́жум áска дă-ј-искáрум* [ПД,157]; **2.**'домашни животни што имаат исто потекло' ~ *ади́н со́ј, áјн сăмсăлé ви́киме нă-чувéцте*

уд двé, трú, штúри кăшти (роднини) *тúă сă аднó сăмсăлé, а пă óфцте адúн думăзлăк сă-тúă* [ПК,II,244]; ... *какóф-еj тóо думăзлăк?* – така се изразува човек (во иронија) кога е непријатно изненаден од нечии лоши постапки; уште: **3.** 'добар пород на домашни животни': *тóо jáгне нé о-кóл'ум, ќ-о-чýвум задумăзлăк* [ПК,II,41].

думăкúнство n 'заедница од родителите со своите деца, семејство' ~ *цáро мóра д-ин дáве ут-сéко: думăкúнство пуедúн да гу-jáде тýка* [ПД,167].

думăшáрка f 'домаќинка, загрижена за домот и семејството' ~ *нé шкúте, нé испáѓе нăвóнка, дóма си-сéде, си-глéде дéцта, та-j думăшáрка* [ПК (Г)].

Дунав* 'најголема река во Европа' ~ *мома стоjе jуф Дунава / тенка бела преминена / ситно, дробно наридена* [ТГ,173].

дунадвур adv, opp. на 'внатре' ~ *шо не испагиш дунадвур да видиш / шо вија л'уда на наште порти, шо се вртат* [MB(E),261].

д'унѓá* (и: **д'ун'а**) f 'севкупност на постоечката или замислената стварност, опстановка во која се живее, односно во која постои сé' (свет) ~ *на нáс д'унѓá ж'ивóту такфóс зă-j éнкур* [MS,t,46]; ~ *зевájтисти царштúната шо и азăр за вáс ка си курдисá дун'áта* [MV,K,338]; ~ *тамо имало едно др'аво високо и гол'амо, старо. И што пиле имало на д'ун'ата, сите тамо са пилели* [V,PM,69]; сп. **дуjнá** [BV,47]; ~ *вáа вил'áла: "уд мéне пóубăва нéма на дуjнáта"* [ИГ, 112]; ~ *мердивéн дуjнá* (= животот е како скала, еден се качува друг се симнува) [ПК (Г)].

дуне дуне* pf 'дојде до струење на воздухот во атмосферата, дувне' ~ *ка си дуна Сечко един ветар и дож, ка си зафати една лапавица* [ТГ,13]; ~ *дуни jуго, дуни / дуни да не дуниш / ки ти дадум, jуго / мома црнојока* [ТГ,142]; ~ *áрно áма тáа кýчка дă-стáне адна вéчăр, дéтто кá спиjáло, до:-дýне тóо пăрстăно: ни кăшта, сúчко са рăстурúло* [ПК,II,264]; в. **дуjне**.

дун'éва* impf 'носи нешто до местото каде што се наоѓа лицето што зборува (или на кое се зборува), донесува' ~ *му вилú на манц'óт-и: "ти дун'éвам мáнц'а да ид'éми"* [MS, t,77]; ~ *му р'éкуха : "нăj за пójми за óда, ти нá ни дун'éваш' óда, пу пăнт'ут за jа спúваш' "* [MS,t,75].

дунéсе* pf 'пренесе нешто до местото каде што се наоѓа лицето што зборува (или на кое се зборува)' ~ *вéли на них Исус: "дунсéjти ут рúбити шо фатúхти сéга"* [MV,K,338]; ~ *ќи гу кăндăлéсум, ќи гу мăндăлéсум, пá ќ-ти дунéсум* – поговорка (= квас) [ИГ,122]; и: **дунис'é*** ~ *"да éзмити óда да ми ха дунис'éш' "* [MS, t,86]; ~ *н'éса пурăнч'ах да ми дунисáт ýтр'а п'éт' хил'áда укă вúну* [MS,t,68].

дунéсин (уште: **дóнцин**) adj 'син што го доведува мајката кога ќе се премажи, ако е ќерка: **дунéсина** и **дóнцина** (*мóмта-j дóнцина*)' [ПК,II,41]; [ТГ,131]; ако пак таткото донесе дете (во бракот) тогаш е **нájдино**

[ПК,II,243].

дунéсуве (и: **дунéсāве**) impf **1.** 'носи со себе нешто до одредено место' ~ *сā симнáл вóа дóлу и зéме и дунéсāве, ạдúн пọ áдúн и извāрвāве* [ИГ,114]; **2.** 'води со себе' ~ *áјде óде пóпо óн до: пáсе. Пạсéл, пạсéл, о-дунéсуве дóма, пá грāц, грāц, вāгл'ạне грúзе* [ПК,II,233]; **3.** 'создава услови за нешто, допринесува' ~ *воја рало не оре арно и не дунесуве ного бирикет* [ТГ,84].

дунимеч* m 'место в река каде што водата врти' ~ летно време кога ќе надојде Вардар (по некој силен дожд) и кога ќе се замати по *брзјаците* (таму каде што водата брза) и по *дунимечите* (таму каде што водата врти), онака на среќа (на треф) *фрл'уве сертме* (= рибарска мрежа во вид на конус)]ТГ,393].

дунисинúк m 'син доведен во новиот брак (обично кај оќув)' [ТГ,131]; [ПК,II,243]; в. **дунéсин** [ПК,II,41].

дýнка f, bot. Cydonia oblonga [BV,46]. Сп.: **дýн'а** (Сол, во Кук: **дýна** – B,47).

дунýве impf **1.** 'го покренува, го раздвижува воздухот, пр. ветар'; **2.** 'кога човек испушта воздух и со усните го усмерува' ~ *тóо пāрстāно дунýве, аднóш, двáпāт, трúпāт кá дунáл една згрáда двé-спрáтна стāнáла* [ПК,II,263].

д'ун'ýм m 'мерка за површина (= 919 м. кв.)' [СК,323]; сп. **дул'ум**.

д'ун'унмá f 'јубилејна прослава на турската (султанска) власт, придружена со илуминација' [СК,323].

Дýове 'празник на мртвите' [ПГ (К)]; во с. Стујакāво запишавме: *Дýхāфте дéнāве* [ПГ(С)].

дуовник m 'свештено лице, исповедник' ~ *така живувакúи, бактиса, па утиде пра един дуовник да са испуведе* [ТГ,146].

дýп m 'отворот на задникот, анус' ~ *са пракина придеки, исприде кулко на влāкут дуп да му затниш* [ТГ,362]; **дýп** 'газ' ~ *на-тáа пā ýстта ин-ај кут кукушкóф дýп* [ПК,II,41]; сп. **гāс** (пообично); [СК,323].

дýпе impf **1.**'отвора дупка (со остар предмет)' ~ *на-Блáгувиц и ги дупúме ýшичките нā-мóмта, ќи-ј клáдме убéчки.* Сп. уште: *тéнцāрто сā-дупú* (= на тенцерето се отвори дупка), односно: *зé áјн кáмин, ма-дупú глá:фта* (со камен ми направи рана на главата, буквално: ми отвори дупка) [ПК,II, 41]; **2.** 'боцка со нешто остро' ~ *áко нéкои мāлéчки влāкнéнца му испáднāт на дéјто, тóгај бáбāта вéли дéка тúја гу дýпāт, пā затó плáка дéјто* [УЕ,29]; **3.** 'кога дрво (пр. црешна, слива) напролет развива пупки' [ДК,104].

дупúи pf 'испие сé што има' ~ *óни дујдé:, дупијá: гу-тáм шуúмше, прāбрá:-гā* [ПК,II,223].

дупидāрво n, zool., Pendrocopus 'птица клукајдрвец' [ДК,104].

дупúре* impf 'стои едно до (на, врз) друго' ~ *врāс гóрн'о: кáмāн дупúрāт чāкāлдáци, óни гу трéсāт жúтто, дā-пāдúнāт зāрнāта* [ПД,171].

дýпка f **1.**'издлабен, изриен простор во земјата' ~ *големјут брат рекал: "вāрзајте ме сус една ортома, пуштејте ме уф дупката и, кога ки а дрāснум,*

да ма искарите!" [V,PM,271]; *~ и клал тел'ал да вика: "котри јунак за излези сос кон да ја прискокни дупката, он за везми царјувата мома!"* [V, PM,181]; **2.** 'длабнатина в карпа, служи како живеалиште на животни (јазовци, лисици, мечки)' *~ дек ќ-оде? – ф-лисичинта дупка. Ф-адна лисичина дупка са-набуте там пут-лисичинта* [ПК,II,233]; *~ тогас отиде на мечкини дупки, разпита која мечка изјади мулинту и онаја мечка га фати, га варза, га тури самар на гарбо и га товари дарвата* [V,PM,107]; **3.** 'пробиено место на нешто, пр. на дрво, на штоф и сл.' *~ аку не а видам ут рацити негови дупкити ут карфити... не-ј кабил да веруам* [MV,K,337]; *~ гл'енда д'ат'анту идна друга дупка и му вили: "ч'акајти сига ..."* [MS,t,86]; **4.** 'задник, газ' *~ гу клај на дупката ш'иш'ету, как иш'т'аш'и да хрипни на гор'а за да гу фтаса* [MS,t,50]; сп. **ро́пка**.

ду́пки pl 'ноздри на добиток'; со исто значење и: **ра́нки** *~ ного му-са-широки ранките* [ПК, II,41]; [ПД,114].

дупкичка f, dem. од дупка *~ гу видела гулемта снаа прику идна дупкичка ут та врата. Пуле, старјут пари имал* [БМ, 196].

ду́пло adv 'двапати повеќе, двојно' *~ и она една шака пари му-даве... ши-уддело детто. Му веле: "татко, са-са, веле, дупло парите"* [ПД,145].

дупл'а́н m 'златна монета' (= две лири и четвртина заедно – во една монета) *~ дунсеа дупл'ан (мамудиа) и два стамбола (алтајне), папуци, чурапе, каврак, един за клајнајне, два за пукријувајне* [ИГ,116].

дупл'ана f 'турска монета' [ТГ, 426]; сп. го објаснувањето за *гулем нишан* од Таневиќ: 'церемонија при свршувачката, при тоа на *армасницата* (= свршеницата) ја даруваат со *дупл'ана*, две *мамудии*, два *алтана* и две *рубии* [ТГ,154]; в. **дупл'а́н**.

дупне* pf **1.** 'со остар врв направи отвор на нешто'; **2.** fig. 'натера, поттикне' *~ д'аволот така ми дупна, ми расипа душата ми* [V, PM.289].

Ду́пница f, top. 'име на населено место' *~ а тук, а там, а-тук, а-там, да-дур Дупница ганајдеме* [ПК,II,251]; *~ уф-Дупница асал живуаме ниа, уф-Цермин* [ПК,II,252]; *~ сетне на-нуси девиро д-ојме на Дупница, там* [ПК,II,252].

дур **1.** praep 'до' *~ гу пита – дур с'а биш'и магар'а, да с'а стана ч'ув'ак* [MS,t,55]; *"ти за м'а ч'акаш' с'едим гудини и три дни, аку ни дојда дур нузи вр'ам'а, да са уж'ениш' "* [MS,t,19]; *~ са турна удгор'а ут портата смола на врах мумата и ја смули удгор'а дур дол* [MS,t,64]; **2.** conj 'додека, дури' *~ му пиш'и н'етр'а: "тузи д'ат'а, ш'ту гу пуш'там сас ж'ивинит'а, дур да дојда да гу најда испастрину"* [MS,t, 17]; *~ санким ти вел'ам, ча цар'ут на, да ни е жив, чул, ча сми сиромаси, на пусна алтани, да јадеми дур де сми живи* [V,PM,32]; **3.** part *~ берикет да даде / да са чинат чиничките / дур ду стрејте, дур ду стрејте* [ТГ,435];

~ утúва дур на инó м'ăсту у гурáта, идúн глăмбóк дóл нахóж'да [MS,t,16].

дур adv **1.** 'потоа' *~ зáфати да плáтиш úл пишúн ут напукóшнити дур на прăвнити* [MV, K,315]; **2.** 'уште' *~ дýр сăфáлиш, нé тé-ј стрáм* (= направил нешто недолично од кое би требало да се срами) [ПК(Г)].

дурабoте* pf 'заврши со работењето' *~ уд сега и дејна и нокá да работиш и ка ќи дуработиш па пуд мишка рабутенто да си гу земиш* (клетва: да немаш резултати од работењето) [ТГ,365].

дурáк m 'погрден назив за човек што прави неразумни постапки' *~ то-ј алúс тéле, нúшто не разбúре* (= објаснување од информаторот за значењето на зборот **дурáк**) [ПК,П,41].

дурече* pf 'заврши со кажувањето' *~ а тоа фторио пăт речел: "прешлино ми утеже", и, ошче не дуречел, го пушчил тешкио камин долу* [ШК,V, 420].

дурдé conj 'додека' *~ дурдé бéх млáт и врăт'áх кáминот да мéли водинúцата, бéх хáрин, и ме зóбеа, и ме пóиха* [V, PM,137]; *~ "а си главúми, кату што вéлиш, áма да не на тéраш до три годúни, ча нúа дурдé не добúими пáри, не ки дóјдими"* [V,PM,20]; *~ кога ки видиш мăтна река да иди, да не миниш от неја, дурде не утихни реката* [V,PM,93].

дýри adv 'одвај, најмногу' *~ дрýзите ученúци дујдéле су кајúкот, нé бúле далéко ут сýхуту, тукý дýри двéста аршúни* [MV,K,338].

дури conj 'додека' *~ да не кáжити нúкој вó шо а видéхти, дури Човéшноу Син да уживéи* [MV,K,327]; *~ синку, кога ки видиш некој облак и да дăжди, тинака да заприш на една страна, дури да промине облакот* [V,PM,93].

дури part *~ му вели сос слăзи на учите úи: "аман, владика мој, ти са мол'а да дојдиш дури на нашта кăшта"* [V,PM,40]; *~ тúа кă-сă-јáшле, јáшле, дýри ину-врéме рéкле: треба дă вúдиме. Ќи-сéдиме: кóј úма жăлто гóмно – то е* [ДК, 139].

дурúа f 'земјоделска алатка, лопата' [ПК,П,41].

дурúја f 'коњ, добар' [BV,47].

дурúсува* impf 'дава подароци'; сп. **дарóва** [MS,s,25].

дурманцúја m 'дрводелец' [BV, 47]; сп. **дограмацúја**.

дýрми part 'нели' *~ мóлчи, нăрóт úма пуд-дăрвуто, шó ки-ннăпрáвăт, дýрми сă-крúме* ? [ПД,162]; *~ ним ми кажýви, дýрми тă-видéх кá испáгише уд-нúх* ? [ПК(Г)].

ду́с adj, indecl. 'рамен, еднообразен, еднообоен' [BK,47]; [CK, 323]; *~ елéко ме-ј дýс, бисшáрки, тăкá, прáф, шó да-сăмăчум, за-дóма мé-ј* [ПК,П,41].

дус'ач'é* pf 'заврши со сечењето' *~ ја дус'ăкуха тапс'áта, гу завúрат мáслуту* [MS,t,8].

дýсбитивúја adj, indecl. 'сосема прав, рамен' *~ ас нóсум дýсбитивúја фустáне, от сум дибéла* [ПК(Г)].

дýстабанлúа adj 'тој што има рамни стапала и поради тоа тешко се движи' *~ Кúрто нă-Шúл'ка о-вăрнáле уд-вујниклăк от бил дýстабанлúа* [ПК(М)].

дустигне* pf **1.** 'дојде некаде,

пристигне' ~ *ут тамка трăгнали да пăтуват и дустигнали ду едно големо дăрво* [ШК,V,420]; **2.** 'успее да заврши некоја работа' ~ *а пáк áко не дустúгнăт да гу крăстат, тóгај у сéкој сéло, на грубúштăта има пу аднá лéа за таквúја дéца* [УЕ,29].

дустојно adj (m, n) 'тој што заслужува (достоен)' ~ *варај цару, веле, нашу гуспударо! / не сам дустојно јас да ти седнам на твојта столнина* [МЕ(В),259].

дутéпе pf 'претепа, убие, уништи' ~ *и-уддéли тáм, сúте сă-збрáли, ус-кáмине сă-гу-дутипáли нă-Милáн Дéлчуф, брáт нă-Гóце Дéлчăф* [ПК,II,274]; ~ *ми кáк нé сум глáдно, дéцта цéл дéн играјáа, мă-вăрзáа з-áдна дрăмка тáм. Фáт-и, дутéп-ај пóпо дéцта ут-ќутéк* [ПК,II,233].

дутéпин adj 'тој што е претепан, што има повреди' ~ *и пá гăсрéште вăлко нă-пăто, дутéпин."Е, е, рéкăл, ти нă-мéн шо ми-прáвиш... Мă дутипáа"* [ПК,II,227].

дутишта (сă)* pf 'направи, опстане' ~ *ни можеме да јă свăршиме: ден'а јă градиме, вечер сă бори ... тога т'а искарала камено от кладнецо, клала го на кулата и завчас сă дутиштала* [V,PM,126].

дуткаје pf 'заврши со ткаењето' [ТГ,363].

дутраје pf 'издржи, премолчи' ~ *слушаќи ка са фале ичуменут, на муже да дутраје, и му риче...* [ТГ,342].

дуќанџúја m 'тој што работи в продавница (дуќан)' [BV,46].

ду(х)* m 'воздухот што го издишуваме' ~ *а бре, приăтéле, мувéле, сé арно ама дýут ти смăрде, ти мирúса* [ДК,149].

дýх m **1.**'божја порака, божја сила' ~ *и гуворú Ангил, и ричé на нéа: Сфéти Дýх ки флéзи на тéб*; ~ *ка му ричé, му дујнá на нúх, да рéкал: зевáјтисти Свéти Дýх* [MV, K,337]; ~ *éм ричé на нéгу: Дýхо биз глáс и глýх, јáс ти пувéлам: úспадни уф нéгу* [MV,K,285]; **2.** 'внатрешна сила на човек' ~ *тогáс господáрот му вéли на писáрот: такá да знáјте, от македонска зéмја каквú дýхови испáждат* [V,PM,153].

дучеке pf **1.** 'отиде (излезе) во пресрет на некого' ~ *кого мајка ки прачеке; ки прачеке ки дучеке?* [ТГ,263]; **2.** пожелување – 'да доживее' ~ *и уд гудина сус здраве да дучекме жетва и нов леб* [ТГ, 306]; ~ *деца да изгледе, деца да ижене; гулема старост да дучеке* [ТГ,109].

душа f **1.** 'живо човечко суштество' (обично со број, поретко со прилог, означува извесен број луѓе) ~ *идúн вр'éтин' т'ут'ýн' за да с'ăш' úш'ти нáјмрăва ш'éс дýш'и* [MS,t,5]; ~ *и вил'áт: "фáт'ах-ми тóлкус дýш'а, алá идúн ч'ув'ăк, кáк ја вúд'а фóтографúјата, фáти да плáч'и"* [MS, t,25]; ~ *ја ут'éгнуват хóртумáта за да дóјдат ч'изúјиту крăстума ... и з'éват двамúна дýш'а пуинá фитифтúра* [MS, t,3]; **2.** 'она што дава можност за живеење, "центарот на животот" ' ~ *éла тúнака сос мéни, да úдими дур на хајдýциту! Ки си бóрими сос нúх: и óни дýша úмат и нúа* [V,PM,21]; ~ *óди си на зéмн'а*

Израи́лцка; о́ти ти́и шо сака́ле ду́шата на де́тито умре́ле [MV,K,306]; ~ *то дај му ти пешин душа, а, ако го не закол'ам земи ми мојата глава* [ШК,V,423]; **3.** 'мисла кај човекот, внатрешен живот, разум' ~ *голе́мо и са̄рцито мо́јо на Го́спот, и радува́ла ду́шата моа кри Бо́га мојо уткина́ч, шо си приглидна́ на на́јдо́лна измиќа́рка не́гува* [MV,K,306]; ~ *да ки а ре́чам на ду́ша ми: ду́шо, и́маш но́гу добри́ни, шо да си на́јдат за но́гу гуди́ни; чи́ни си раа́т, ја́ди, пи́и, и ра́дуј-с* [MV,K, 277]; **4.** според религиозните верувања: – "носител на духовниот живот, што во моментот на смрт го напушта телото" ~ *гу пукăлна́ Кра́л'у Ма́рку, му р'е́ч'и: "тузи́, ш'ту ми гу сто́ри ни на Бо́га ду́ш'а да дад'е́ш' ни на з'е́м'а ко́кал да клад'е́ш'!"*; ~ *ричé на не́гу Го́спот: Не́разбра́н, ва́ но́ќ ти са́кат ду́шата у-те́би; и́ми ви́а шо си кла́л уф амба́рут, за ко́ј ки би́дат?* [MV,K,278]; **5.** 'внатрешен мир' ~ *му ве́ли: "немо́ј јазăк чи́ниш на ти́а де́ца, л'у е́ла ја́зе да ти да́м харчлăк за ду́шата ми"* [V,PM, 150]; **6.** 'обраќање со љубов, милост' ~*и му ве́ли: "ама́н моја ду́ша Кулу́ф, ти́нака ли си ту́ка?"* [V,PM,11]; ~ *бре нивесто, грејна душо / три гудини се сакахме* [ТГ,333]; **7.** сп. **катири́нна ду́ша** 'име на растение со пријатен мирис на лисјата, има ситни цветчиња, мента' (bot. Mentha); **8.** изр.: **душа што ни сака** (= она што ни е мило) ~ *ка ни милува Госпут, и ни даде душа што ни сака* [ТГ,306]; **душа нека стоје** (= важно е човек да остане жив, независно од лошото здравје) ~ *душа нека стоје (Бог) ки да здраве, ако не вадан, а оно утре* [ТГ,247]; и: ~ *дудека душа стоје ки са надејме* 'додека сме живи ќе се надеваме' [ТГ,248]; **бе́ре ду́ша** (= тешко е болен, умира); **ми са̄ сте́ге ду́шта** (= нервозен сум, оптеретен психички, не можам да останам овде) [ПК(Г)]; **ми са̄ утфо́ри душ'а́та** (= се чувствувам пријатно, исполнет сум со радост) ~ *и фа́т'ах ра́бута ... ка́мин'а да ц'ăпими ... и така́ по́ ми са̄ утфо́ри душ'а́та заш'то́ л'а́бу си гу зва́ж'дах* [MS,t,3]; **ми расипа́ душа́та** (= ме обседоа негативни емоции, што резултираат со негативни постапки) ~ *ја́зи му бех хизмиќа́р, а́ми д'а́волот така́ ми дупна́, ми расипа́ душа́та ми, ми чалди́са умот ми и ме пăхна, гу утепа́х* [V,PM,28]; **каква душа има** (= му се восхитувам од храброста што ја покажува) ~ *ох, ами кога виде така она мома, каква душа имала аџеба, да гледа сестра и́ обесена и нејн живот довра̄шен* [V,PM.62]; **придаде́ си душата на Бога** (= умре, почина) ~ *кату сва̄рши татко му пора̄ката, са прости сос сичките приатели и сос домашните си, придаде́ си душата на Бога* [V,PM.7]; ~ *гу пукăлна́ Кра́л'у Ма́рку, му р'е́ч'и: "тузи́, ш'ту ми гу сто́ри ни на Бо́га ду́ш'а да дад'е́ш' ни на з'е́м'а ко́кал да клад'е́ш'!"*; **ду́ша но́сме** (= животот не е вечен, сите не́

очекува смрт и затоа треба да внимаваме како се однесуваме) [ПК(М)]; ~ *да и кạлна на ни́х, и ричé: не зна́ите шо ду́ша но́сити* [MV,K,329].

душе́г* m 'постела, дебела постилка врз која се спие' ~ *кạ плạка́ле и двýјцта, то́а де́тто кạ плạка́л, са̄лзите ут о́чте пра̄ку пе́рницта ду душе́гут пра̄туни́ле. Мо́ма̄та ка плака́ла* ... [ИГ,112]; и: **душек*** ~ *ка фатило да го буце, го фа̄рлил душекут, го грабнал Предлозан, са спуштил пу него и Алате* [V,PM,272]; ~ *утишал, набуцал тра̄јне, гинґаре и боцки на душекут, да на може да спие на него Алате, да да го фа̄рле* [V,PM,272].

душете* pf 'дојде, пристигне некаде' ~ *лете, лете, јарабица / дулитала, душитала / ду јураче, ду купаче* [ТГ,164].

душике (са̄) pf 'се сети, сфати' ~ *он са̄ душика́л шо-ј ра́бо́тта и мо́:-шкумна́л* (= тој сфатил за што се работи и побегнал) [ПК(М)].

души́кин' adj 'ненормален' (?) (според Саќов) [СК,323]. Интересно е дека од истово дијалектно подрачје (кукушкото) сознанијата што ги имаме за семантиката на зборот (од анкетирањата) се поинакви: *души́кин* се кажува за младич над 15 год., кога престане да биде дете, т.е. почне да ги разбира односите меѓу луѓето, а тоа ќе рече и меѓу половите' ~ *путсе́тин, душикин гисфа́ште рабо́тте.* Сп. уште: *ич не́ са̄-души́куве* (зн. 'не се досетува, пр. да си замине, т.е. не се сообразува') [ПК,II, 41].

душичка f, dem. од 'душа'; сп. изр. **една душичка оште стоје** (= кога некој е многу болен, и многу слаб) [ТГ,248].

ду́шке impf 'помирисува' (на брзина) ~ *а́ска ич не́-ј са́кум ма́чките, но́го ду́шкат* [ПК,II, 41]; исто: *ду́шке ку́что.* Заб.: зборо формата *пес* ја среќаваме само во фразата: *це́та да те ја́да̄т,* инаку се употребува редовно *ку́че* [ПД,125].

душма́н* m 'непријател' ~ *а-бре́ Ту́рци, ви́а̄ мо́ј душма́не* [ПД, 155]; ~ *душмајне да не сретум ни уф па̄т ни дома* [ТГ,306]; ~ *ви дава́х на ва́с пуве́лата да ста̄пнити наврạс змиити и скра́пиити и наврạс са̄то стра́шно уф душма́нити* [MV,K,312]; изр. (пожелување): кога душмајне воја просо ду зрно ки суберат, тоги и нашут касмет да гу праземат (зн. 'никогаш') [ТГ,16]; сп. **душма́нин.**

душма́нин m 'непријател' ~ *леши́цата как ви́де душма́нинот, фати́ да бе́га, тази́ата по не́ја, га те́ра ту́ка-та́мо, га́ изгони́ а́ф една́ го́ра* [V,PM, 139]; ~ *ви́доха, ча не мо́гат да изл'а́зат на́ глава сос тако́ф еди́н душма́нин; фати́ха ве́ки на Бо́га да си мо́л'ат* [V,PM,24]; изр. *ве́ли ла́фут:* **"во́ата сто́и, ама душма́нут не сто́и"** (= омразата, зависта и сл. се многу присутни и многу активни) [УЕ,4]; **да̄-не́ да́а го́спо на̄-ва̄рлио душма́нин** (се кажува за големата несреќа што не треба да се пожелува дури и на непријателот) [ПК(Г)];[BS,47].

душманка f 'жена – непријател' ~ *камо ти прстан на ра̄ка? – имам гу, лудо, имам гу /*

душманка мајка ме каре / не даве, прстан да носам [ТГ, 203]; ~ *туку кабаат немате! / мојата мајка, душманка, кабаат има* [МЕ(В),265].

душмаｎлѓак m 'омраза' ~ *ти мо:и́миш на-не́го душмаｎлѓа́ко, се́ гле́јш ло́шо да-му-напра́виш* [ПК,II,41]; ~ *та́ко́ф душманлѓа́к не́-ј н-а́рно, ки́-н· са-ва́рне* (однесувањето со омраза може да му наштети и на иницијаторот) [ПК(М)].

душмански adj 'непријателски' ~ *јадејне и пијајне братски, исап глидајне – душмански* (= во регулирањето на сметките отпаѓа роднинството) [ТГ,319].

душо vok. 'милостиво обраќање кон сакана личност' ~ *кажи Рушо, кажи душо / јуд што болна лежиш* [ТГ,38].

душуме́ n **1.**'под од штици, патос' [ДС(Ч)]; **2. д'уш'ам'е́** 'подигнатиот дел од куќата од каде што почнува спратот' ~ *и там з'е́ват м'а́ра ут гринди́т'а, фа́ш'тат т'ем'е́л'а, ги дука́ру-ват дур на д'уш'ам'е́ту* [MS,t, 44]; **3.** 'долниот дел на колата, врз кој се ставаат ствари' [ТГ,421]; **4.** 'таванский простор на кој се оставаат различни работи'; сп. ~ на *душуме-то* (таванот) се качуваат со скали [ТГ,304].

дă (< **да**) conj 'укажува на последователност на дејствата = та' ~ *а ту́к, а та́м, а-ту́к, а-та́м, дă-ду́р Ду́пница гă-наје́ме* [ПК,II,251]; **2.** (со интенсионално значење = дека) ~ *ут дале́ку то́ј ви́д'а манц'о́т-и дă-ј лустраｎ'и́ја* [MS,t, 68].

дă part ~ *о́ни тури́ле адна ча́ша утро́ва, ако дă гу пувла́дăт Јарăм Минăре́то доло – дă сă утру́ăт, дă не́ сă да́ат жи́ви* [ИГ,114].

дăа impf 'зема воздух со градите, дише' [ДС(Ч)]; [ЛС(К)].

дăбова ｋｏｒи́ｊа f 'место со дабова шума' [ДС(Ч)].

дăбăви́ца f 'младо дабово дрво' [ПГ(С)].

дăбăлча́ниц* m 'жител на с. Дабил'а' ~ *а́к о́дах нă-Да́бил'а ки́-м-ја це́пше то· дăбăлча́ницо. Ас не дде́х крăф да те́че. То:-ј кăзăлши́ш* (= вид болест) [ПК,II,239].

дăва́јне n (со значење на adv – давајќи) 'отстапување на нешто' ~ *а чо́ику са-уте́пăл па́ри дăва́јне* [ДК,153].

дăва́штем adv 'додека даваше, давајќи' ~ *е дур зе́văт ца́рут дă-му-ă да́де та ша́пкăта нă-не́го и дăва́штем – пррр, сă-сто́ри про́со* [ДК,141].

дăврăｎди́суве* impf **1.**'се созема, зајакнува'; **2.** 'се спротивставува' [СК,323].

дăвăтна́јсе num 'број 19' ~ *а пă де́тто му би́ло вăзрăсно, усумна́јсе, дăвăтна́јсе гуди́шно* [ПД,144].

дăж m 'водени капки што паѓаат од облаците, од небото' ~ *пилету гу вел'ат пингор; това пиле на сухо вр'аме си моли на Бога за дăж* [V,PM,96]; и: **дăжд** ~ *и кату отиваши на пăнтот фати млого дăжд да дăжди* [V,PM,199].

дăжди impf 'врне дожд' ~ *и кату отиваши на пăнтот фати млого дăжд да дăжди* [V,PM, 199]; ~ *синку, кога ки видиш некој облак и да дăжди, тинака да заприш на една страна, дури да промине облакот* [V,PM,93]; ~ *штоту са покриват чобаниту, кога дăжди* (= објаснување за називот

кепе) [V,PM,33].

дăждóвин* adj 'нешто поврзано со дожд' ; сп. *дажд'éната з'éмја* (= влажна земја); *дăждóвну вр'ăмą* (= врнежливо време) [MS,s,20].

дăжлúф adj, сп. ~ *дăжлúво вр'áме* 'кога многу и продолжително врне дожд' [ДС(Ч)].

дăга f 'странична даска од каца или буре' [ПК,П,41].

дăјáк m **1.**'помош, потпора, но и отпор против некоја сила' [СК,323]; **2.** 'тепање, мавање во кое едниот е супериорен' [ИГ,124]; ~ *ама му ддéх идúн дăјáк, ќ-о: пáмте дур ај жúф* (= го изнатепав толку силно што ќе ме памети додека е жив) [ПК(М)].

дăкса* (< декса) pf 'прифати, вети' ~ *царо това дăксал да стори* [V,PM.289].

дăлáк m **1.** 'слезина' ~ *сплúна* (= слезина) *вúкиме нúă, а Тýрцте вúкăт дąлáк;* **2.** 'кожна болест, модра бронка на телото, носи елементи на опачно заболување' [СК,323]; ~ *то: дăлáк шо излéве пу-чувéцте, пу-кóжта. Тó-ј... дăлáк, óни гу-сéча:. Имше ут-Акăнцăлúа адúн. Тó бúше кăзăлшúш, ама дăлáк мувúка: тук* (информаторот од Кукушко, с. Грамадна, под поимот "тук" го подразбира зборувањето во Струмичко, каде што тој живее како преселник, бегалец). *Кăзăлшúш, ус-áдна úгла ќо:-чúне, ќи-мутýре адúн тóс, ду-тáм ај* [ПК,П,239].

дăлáнки pl ~ *сúтнички дрăфцта шó устáнуват ду-чикóро кá цéпме дăрва ус-бăлтúа. Нéкуј и-вúкат* **ципнатúнки**. *Тúа и-збúрме за-пóтпал* [ПК,П,42].

Дăлбóки Дóл m, top. 'планинско место, дол во околината на с. Конско (Гевгелиско)' [ПГ(К)].

Дăлбóк Пăт m, top. 'пат меѓу селата *Спујакăво* и *Силимли* – Гевгелиско' [ПГ(С)].

дăлбóк* adj **1.**opp. на 'плиток' ~ *мéжду Асáро и Кéчире úмше аднá рéка, та сă-вúкше Дирвéнто, дăлбóка рéка* [ПК,П, 247]; **2.** 'силен' (во синтагма со сон) ~ *зашчо и било студено, дошло и на ум да го стопли виното, та се напила килко и стигало и се опила толко, дури и заспала дăлбок сон* [ШК,V,417].

дăлéко adv, opp. на 'близу' ~ *чуфлúцте нă-дăлéко, дрýго мéсто, дóло* [ПК,П,216].

дăлечин adj **1.** opp. на 'близок' (просторно) **2.** fig. 'второ, односно трето колено од роднинство' ~ *тóо ми бúше дăлéчин руднúна* [ПК(Г)]; сп. уште: ~ *нé сă-свój, дąлéчни сą.*

дăлжен adj 'тој што има долг' [ДС(Ч)].

дăлжúна f 'растојание од еден до друг крај' (на нешто) [ДС(Ч)].

дăлгá f **1.** 'бран' [СК,323]; ~ *дăлгите морцки го исфăрлиле на една крај* [V,PM,239]; **2.** 'занес' ~ *нóго рабóта úмме, сé уф-дăлгá ни вăрве врéмто*; **3.** изр.: **дăлгáта а-фатú** 'отиде некаде' ~ *нé знáм Марúа надéк а-фątú дăлгáта, сă-прăминú, уддé нéгде* [ПК,П,42].

дăлго adj (во служба на adv – 'многу') ~ *кă-сă-висилúле, сидéле дăлго врéме* [ДК,140].

дăлгăн adj 'болен – во бессознание од голема температура' ~ *úма нóго óгин, сé-ј дăлгăн* [ПК,П,42].

дăлдúсе* pf 'се занесе' ~ *шó-си*

дăлдисáл пу-тáа, кут дă-нéма дрýзи мóми [ПК,II,42]; ~ *тú бăјá си дăлдисáл пу Марúа, áма глéди дă нé тă излăже* [СК,323].

дăлдúсуве* impf **1.** 'се нурка длабоко под водата' [СК,323]; **2.** 'се занесува, дури се заборава' [СК,323].

дăлк adj **1.** (opp. на 'кус' – има голема должина) ~ *најде един стар човек, којто имаши бела брада до ноктите му дăлга* [V,PM,83]; ~ *пуд-éдно... дăрво сăднáле дă-сă-пучúнăт и л'ăгнáле тăкá дă-пуспúт, дă-пудрéмăт. Пăт дăлк* [ПД,153]; ~ *сундурмáта е дăлга кулку кýкта, тéсна ạдно, ạдно и пулвúна мéтро* [ИГ,118]; **2.** 'како атрибут на именка што означува време, кога нешто трае повеќе време' ~ *ими, рăчéле, ти ки нă-рáниш уф-та: дăлга зúма и-тăкá ки-приживéме* [ПД,154]; сп. изр., поговорки: **дăлк Тóдор бис кóсќи** (= дим); **дăлга Ена бис сенка** (= река) [ИГ,118]; **тá: испаднá дăлга и ширóка** (= нешто компликувано и за да се реши треба многу време) [ПК(М)].

дăлканúчка f 'парче дрвце, деланка' [КЕ,267].

дăлкăнúца f 'парче дрвце, деланка' [КЕ,267]; сп. **дăлкинúци** pl 'ситни дрвца за потпал'; в. **дăлáнки** [ПК,II,42].

дăлмá f 'дел од трлото, оттаму ги тераат овците во страгата' ~ *нă-дрýги сéла му-вúкат* **кóрда** [ПК,II,42].

дăлмо conj 'штом' ~ *тој ми риче: "дăлмо не ги фати с рăката да ги крадеш, нема грех"* [К, ВС,82].

дăлăклúа adj 'тој што има болна слезина' ~ *тóо шó-ị бóлин уд дăлáк, издýјн-ај* [ПК,II,42]; односно 'кога му се поболени внатрешните органи (слезинка, црн дроб)' ~ *и сплúнта ќи-мусă-издý: уф-курéмо, и дрóбо ќи-му-сă-пувréде, тó-ј дăлăклúа* [ПК,II,239].

дăмéк part ~ *вăртéл, вăртéл, нăпрăвúл нéкуј гăрлúк, тăкá нéкуј чингéл, да: зăкáче, дăмéк да: искáре нă-лисúцăта* [ПД,157]; ~ *и нáм уз дóбăр нáчин пушчúл абéр дă-дóјде, дăмéк за дă биде уф-нéго зéт* [ПД,155].

дăмгá f 'петно, белек, знак' [СК, 323]; Малецки од Солунско бележи покрај **дăмгá** и: **дамгắ** [MS,s,19].

дăмгăлúа adj ~ *шăрéн гу вúкăт чувéк, аку има тóчки нă-лúцто, дăмгăлúа, пóвиќе е шăрéн* [ПК,II,240].

дăмкóсин' adj **1.** 'којшто има забележлив недостаток' (пр. не може да зборува, или криви со ногата, или нема нормален раст и сл.); **2.** 'за кого се има јавно мислење дека е крадец и (или) слично' [СК,323].

дăмладúсе* pf 'изгуби свест, се парализира'. Сп. : *уд-рăбóта дạмлạдисá чувéко* [ПК,II,42]; [СК,323].

дăмлăдóсин adj 'тој што доживеал излив на крв во мозокот (со видливи последици)' [СК, 323]; сп. **дамлосăн.**

дăмп m, bot. Quercus 'шумско дрво, дава плодови желади – даб' ~ *и сă упла́ш'и хúтра Пéтри, сă скáци на едúн дăмп на типéту и удóл дăмбóт врав'ăха ш'úч'ката дúвина* [MS,t,75]; ~ *му р'éкуха : "ми т'éглиш'!" и утúди иднá лáм'а, си извáд'ạла идúн дăмп, си гу з'éла на гр-*

абóт [MS,t,75]; ~ *тóј и з'éл идна́ хóртума, и врзал п'ạтнáјсти дамбé сăс хóртумáта и́ ха и трăгал* [MS,t,75]. Во претходните примери дадовме демонстрација на случаи со зачуван назализам од Солунско; во др. говори (долновардарски) дăп ~ *дăп, рăчéл, пáрте ду недéл'а азăр дă-ми-ј-чи́ниш, áку нé ми-ј-дáјш ки-тăсéчум* [ПД,161].

дăнáк m 'машко теле, јунец' [КЕ, 246]; ~ *тéл'то уд-áдна гуди́на ај-дăнáк* [ПК,II,42].

дăнáче n 'млад, уште нескопен бик' [СК,323].

дăнáчка f 'женско теле, јуница' [КЕ,246]; ~ *тá-ј јуни́ца, как дă ти кáжум, жéнско тéле, пó-гулéмко, дăнáчка ви́куме, јуни́ца ви́куме. Пу-нáшо пóвике мóјш да гу нăпи́шиш дăнáчка*; сп.: *кá-ј станáла кут нéкаа дăнáчка* (за млада жена) [ПК, II,42].

дăнéска adv 'во текот на денот што се одвива' ~ *кóј умрé – умрé, кóј жи́ф си-дујдé. И тук устăнáме ду-дăнéска, áрно нé-ј, сјáа* [ПК,II,42].

дăндóре impf 'зборува несериозно, сешто – дрдори' [КЕ,273].

дăндăни́а f 'расправија, караница' [СК,323].

дăну* (и: **дăно**) n **1.**'долниот дел (дно) на голема водена површина' ~ *"áку и́маш' прáу, на прáу да т'ạ звáди Гóспут', áку-ј на крíу, у дăнуту у мур'éту да т'ạ фăрлí Гóспут' "* [MS,t,68]; **2.** 'долниот дел (дно) на направа (пр. на орман, сандак, кутија) во која се ставаат ствари' ~ *цáр'ут му намазá дăното на ки́лото сóс катрáн и гу даде на Кира Мáргу* [V,PM,140]; ~ *кугá ја гл'éда óш'ти врăзана му стујú; гу з'éва нузú ч'увре́, гу клáва на дăнуту на синдýку* [MS,t, 35].

дăр-мăр interj 'подржување на звуци кога се пржи јадење' ~ *нă-двóришта устăнáме, ви́кăт нăтре тăхтăби́ти и́ма, адни пă бăли и́ма. Нă-двóро сигóтвăт, тáвăта дăр-мăр, ки́свáре нéка: кáшичка тáмă* [ПК,II,220].

дăра f 'трага од нозе на човек (или животно)'; сп. **ди́ра** [MS, s,23].

дăрбýка f 'музички инструмент – длабок глинен сад на кој на отворот има оптегнато штавена кожа на која се чука како на дајре, со прсти, тарамбука' [СК,323].

дăрвéк m 'дебело дрво, дирек' ~ *типăра пуснá кáминот и дăрвéкот, бизирґáниту биз мăра ки ги истéпаши* [V,PM.126].

дăрвéно мáсло n **1.**'масло од маслинки' [КЕ,244]; и: **2. дăрвену мáслу** n 'масло за јадење (општо), зејтин'; сп. **лáт'** [MS,s,23].

дăрви́ч n, bot. 'место со ситна шума' ~ *гăста шýмичка, или аку има нăсéјно нéкој дрăфцăта* [ПД,124]; сп. **дăрви́че.**

дăрви́че n, bot. dem. од дрво ~ *нạ пладни́нта си-ị-заплăднувáл* (овците) *пут-иднạ-дăрви́че, си-лигнáл; ~ идéн кăзáн ли́ри и́ма пут вó дăрви́чту* [БМ,199].

дăрво n, bot. 'многугодишно растение со тврдо стебло' ~ *рéкăл гóспу ут-тóо дăрво дăнé јáјте оти ќ-ýмрите, фăти́ли, јăдéли, јăдéли, пăднáли гóли* [ПК,II,237]; ~ *ама тă апáло, шитáло, нéма дạ мăрдниш и́ч: куту две дăрва ќи*

кла́јш - мӑрдат дӑрвата? (пр. за испуштање на прашалната партикула **ли**) [ИГ,112]; и: **даро** ~ *на дора хми имало кладнец и ду нег едно даро, на дарото сӑ покачила да слуша* [V,PM,281]; ~ *та на сред полето станало едно бахче много гиздаво, сос много т'урлии дарвета* [V,PM,266]; и: **дӑро** ~ *и он оти́де та́м та са пока́чи на едно́ дӑро* [V, PM,262]; Малецки освен **дӑрву** 'дрво што вегетира или пресечено, но не овошно' [MS, s,23], бележи и **дрӑву***, **др'ӑву** (pl **дрӑве́, дрӑва́; дрӑву́шки** 'дрва за огрев') ~ *ка́та д'е́н' хо́ж'даха са сара́ лам'а́т'а за дрӑва́* [MS,t,75]; ~ *т'е́с ифти́м'уви́т'а гла́вн'а ста́наха мло́гу ра́вни дрӑве́, ста́наха диб'е́ли, с'е́ за гр'е́нди* [MS,t, 44]; сп. top. **Гуле́муто дӑрво** 'име на место во околината на с. Градобор (Солунско)' – порано имало поставено дебело стебло над некој поток што служело како мост.

дӑрвце n, bot., dem. од **дӑрво** ~ *то: дӑрвце шо не́ фире́јше, жугна́* (= почна да напредува)... *жугна́ дӑрфцито га́ре, и чуве́к е тӑка́* [ПК (Г)].

дӑрвӑна́к m 'диво јаболко' ~ *твӑрда јӑбу́лка, не́ сӑ-ја́де, бисла́ч, здре́е е́синта* [ПК,II,42].

дӑржа́ва f 'организирана (голема) заедница со власт, војска, граници' ~ *и Гӑрците це́ла дӑржа́ва ка́ пудбра́, пучна́а ти́ӑ то́пуве дӑ-пу́кат уф-се́лта, зӑпа́л'увӑт се́дбите, жи́тта* [ПК,II,218]; ~ *"а-бе, си-ве́ле, не́-ӑ но́сӑм на́ка-на́ка у-о́рмӑнут и д-ӑ-зӑко́л'ӑм, дӑ-гу-зе́м во́а фло́ринут, д-избе́гӑм дру́га дӑржа́ва"* [ДК,139].

дӑржа́вин* adj 'она што ѝ припаѓа на државата' ~ *адно дӑржа́вно учили́ште и́мше. Уф-учили́штто жиува́ме ни́ӑ* [ПК,II, 252].

дӑржа́л' n 'дршка на орудие (на *бӑлти́а*) [ДС(Ч)]; во крајните источни говори: **тупури́ште**.

дӑржа́л'ка f 'дршка' (на *бӑлти́а*) [ДС(Ч)].

дӑрже* impf **1.** 'има фатено нешто и не го испушта' ~ *се́кӑк, ко́гӑг ве́лиме де́ка о́на ќи дӑржи две́ сто́мнички, ти́ја сӑ ипте́н но́ви и сифте́ о́на ќи му пра́ви су пӑлне́јне су во́да* [УЕ,25]; ~ *шо́ чини́ше ца́рица? / на бе́л ка́мин се́дише / мӑшко де́те дӑржише / ка́пата му ши́еше* [ПК,II,329]; **2.** 'остава да стои некаде' ~ *гу кла́вами на чарда́ку на с'ӑнка, гу дрӑж'ими три дни на с'ӑнка* [MS,t,5]; **3.** 'стои прикрепен за нешто' ~ *та́а ко́ска-ј сиври́а ко́ска, нӑ-куле́нто сӑдӑрже* [ПК,II,238]; ~ *чура́по ас иска́рум, гле́дум ма́лчко сӑдӑрже но́хуто* [ПК,II,240]; **4.** 'нешто чува, го држи под контрола' ~ *туку́ бе́ши крада́ч, о́ти он а дрӑжиши ке́сито, и па́рити о́н а и́маши* [MV,K, 288]; **5.**'му ги има фатено рацете (на некого), го оневозможува да прави она што го сака' ~ *му кӑжу́ве на та́тку му: "Јас ќи гу дӑржум, ти ел гу за́кули"* [ИГ,114]; **6.** 'го чува, му овозможува да остане на одредено место' ~ *"ш'о́ ка́зуваш', ма́ри, е́ш'ти ми ја дрӑж'и́ш', ни ви́кнуваш' заби́тинут, ш'у-и до́л ... да ја зако́ли!"* [MS,t,84]; **7.** 'зафаќа, се простира' ~ *и на Бога се да*

си молиш, синку, ча на ламината земја, дурде дăржи нејната земја, има дефови [V, PM,43]; **8.** 'притиска нешто, се труди да не побегне' – односно значење го констатиравме само во императивни форми; ~ *ка́ пугле́днувăт сел'а́нто: нă-мăга́рто вăлк. "Бре́ј, вăлк, гл'-ăдáјте, вăлк дăржáјте"* [ПК, II,224]; ~ *ти́а у́дрăт, "а бре́е, дăржáјте вăлк"* [ПК,II,234]; **9.** 'чува (дете), се грижи' ~ *ја сна́а му рăбо́те, он де́тто гу дăрже до́ма* [ИГ,110]; **10.** 'задржува некого некаде' ~ *о́ти пăтна́јсе мину́ти мă-дăржа́ дуде́ка гу-зи́ме фăлца́но* [ПД, 146]; **11.**'прави да трпи некој нешто (непријатно)' ~ *мо́мăта ка плака́ла – прăку пе́рницте... ду́р на зе́ми* (капале солзите). *На́пкум и дăржа́ле тăка́ чти́рсăт ве́чăра* [ИГ,112]; **12.** 'се застапува за нешто, опстојува' ~ *"Што направи?" – "Ки правам, ама ако сă дăржите и вија"* [К,ВС,90]; **13.** 'слави празник' ~ *свити Јувановци има доксан – дукуз ... јако устане сите да их држиме јапти алах ишимизи!* [ТГ,26]; ~ свети Аралампие не е *тежук празник*, но сепак жените го *држат* [ТГ,29]; како што се гледа од последниве примери Таневиќ во Гевгелиско бележи вокално **р̥** иако реалниот изговор има двофонемска вредност.

дăрл'а́ч m 'земјоделска направа, служи за ситнење на грутките по орањето' ~ *шо́ си́тниме зе́мăта, и́ма ца́ле́зни ро́шки, а пăк ако-ј уд-дăрво* **бра́на** *сăви́ке* [ПД,121].

дăрма f, bot. 'ниско растение, жбун' ~ *за́ецот се скри́л ув дăрмата* [ШГ,IV,338]; ~ *уди́ли, уди́ли, гу-скрија́ла ф-а́дни ба́хчи та́мка, ф-а́дни дăрми* [ПК, II,329].

Дăрмица f, top. 'име на село во Солунско' ~ *зимаха ил'ам от пашата да отепат кăде ки најдат харамиата. Влахăт дојде на Дăрмица* [МС(В),73]...~ *на мојто време немаше цăрква ни на Дăрмица ни на Бугариево, само на Ватилăк имаше, и човеците отиваха там* [МС(В),69].

дăрмуни́суве impf 'чисти жито на тој начин што го поминува низ **дăрмо́н** (= решето на кое има широки дупки за пресејување на жито)' [СК,323]; ~ *ус-не́го о-дăрмуни́сувме жи́тто* [ПК,II,42].

дăрмăла́к m 'зашумено место со многу грмушки' ~ *кăпи́ни, тăрне. Ка́ флизе́ме уф-ади́н дăрмăла́к, ни́ го́ре, ни́ до́ле* [ПК,II,42].

дăрнин adj 'немирен, дрзок' (обично се кажува за поголемко дете, односно за девојка која што нема добро поведение) ~ *но́го-ј дăрнино, шо́ са́ке то: пра́ве* [ПК(Г)].

дăрпа (се) impf 'се чеша по кожата' [ДС(Ч)].

дăрсе* impf **1.** 'потресува нешто брзо' ~ *ним га дăрси* (= немој да ја тресеш); со исто значење: *ца́ске* [ПК(Г)]; **дра́си*** ~ *да́јте ину-ипо́л ки́ло ра́кија, ја́с ки-му-дра́сăм се́ндикут* [ДК, 128]; **2. дăрснуве** 'повлекува нешто' ~ *напкум а вăрзуве гулемата мома за ортомата, дăрснуве, а изваѓат* [V,PM, 271].

дăрт adj 'стар, изнемоштен' (обично со пејоративно значење) [ПК(М)].

дăрýве* impf 'дава подарок во знак на почит, љубов' ~ *ки-ім бáкниш рăка, ки-і дăрýвиш, нă кóј рúза, нă кóј пăчéта, и они ќ-ти дарýвăт* [ИГ,116]; ~ *е, сéдăт тáм, сă-нăјáдăт, пúăт. Му-рéкла нă-дéтто: "кá-ќ тă-испрáтăт ќи-тă-дăрýвăт сúчко"* [ПК,П,262]; и: **дăрýва** ~ *и на крáј, гибú, кóгăг ќи-си азăрúсăт гóстте да си óдăт, мáјкăта ќи зéва и ќи и дарýва нýнкото и нýнкта* [УЕ,30].

дăрфна* pf 'допре' ~ *и пак стáрата бáраш'а мéчката и мéчката е дăрфна сас устата. Пак стáрата рéче: "и стáра бидóх, и млáда бидóх, такво штипáлу не видóх"* [V,PM, 264].

дăрча f 'ситен продолжителен дожд со ветар' [КЕ,247]; ~ *кá вăрне нóго дéништа, кá úма гулéма влáга, тóги вúкме: фăтú áдна дăрча, сăто сéме изгинá; уф-нúфте нúшто нé никнá* [ПК,П,42]; изр. **кóаста дăрча а бúе, óна пáшката на гóре** – поговорка, се однесува на девојка (жена) што е претерано и неосновано горда [ИГ,124]; во Серско за називот **дăрча** е запишано следново објаснување ~ *русú сúтен дăш* [ДС(Ч)].

дăрчилґáф adj 'период кога врне продолжително и сé е влажно' ~ *дăрчилґáва гудúна*; в. **дăрча** [ПК,П,42].

дăрчúн m, bot., Cinnamonum cassia 'канела – кора од јужно дрво, има пријатен мирис, се употребува за слаткиши' [СК,323].

дăрцáн m, bot. 'зрнесто растение, личи на просо' ~ *рáсте уф-урúзо, дáве сúтни зрăнцта – алúс прóсо, сúви, ус-нéго ú-рáнат мăлéнките пúлишта* [ПК, II,42].

дăсапáк adv 'повторно' ~ *си прáви сăс умó: "ш'то анáнги да пóда јáс склáвус дăсапáк, афý úмам инá камúла парú"* [MS,t, 14].

дăска* f **1.** 'парче од стебло на дрво, исечено тенко и долго, штица' ~ *ету глéдат едúн човéк на морéту, еднá дăска úмаши под нéгу и си бóриши сос стрáшните далгú* [V,PM,24]; ~ *бýтимо-ј нăпрáвăн уд-дăски, сă-турýвă уф-нéго кúсло млéко и сă-чýка* [ПД,156]; ~ *да идиш пак гората да сечеш дăрви, да ги чиниш дăски* [V,PM,65]. Во примеров имаме случај на беспредлошка синтагма (додаток за место без редлогот *во)*; и употреба на множинската наставка -и кај именки од ср. род (*дăрви*); **2.** 'штица за принесување леб во фурна' (врз *дăската* се става *мисáл'* (= крпа во која се става лебот за да не се залепи тестото') [ДС(Ч)]; **3.** 'штица што се прицврстува на ѕидот – полица' [ДС(Ч)]; **4.** 'градната коска кај човекот, меѓу ребрата' [MS,s,23]; вакво објаснување немаме сретнато во други пунктови (можеби Малецки направил превид, бидејќи називот **дăска** fig означува: слаб човек, без мев).

дăулцúа m 'музикант што удира на *даул* (= тапан)' ~ *ину дăулцúа су-тó дáулут дýмбăл шу-дýмбăл тáму, кă-сфăршúл си-грéде* [ДК,142].

дăх m 'воздухот што го изди-

шуваме, здив' ~ *си р'éч'и : "áку гу нáпăлн'а, за м'ạ змáч'-ка!", на н'éгу му т'éкна : гу надý м'ạхóт сăс дăх* [MS,s,74]; но исто така: 'кога човекот умира од него заминува **дăх-у'** [MS,s,23]; сп. уште: *дúо му смăрде* 'му мириса здивот' [ПК(М)].

дăха* impf 'кога човек го испушта (и прима) воздухот, дише' [MS,s,23].

дăхне* pf 'се раздвижи воздухот, дувне' ~ *дăхна силин ветăр* [V,PM.52]; ~ *позна, ча нема капа, и рече: "а, наистина, на пăт'ут, кату идех, ми дăхна един тихи ветир, белким ми падна капата"* [V,PM,46].

дăш' m 'водени капки што паѓаат на земјата од облаците' ~ *му вилú: "н'é м'ạ прáите кабýл ... да дóјда тóс в'éч'ăр у вáм ... зирúм сă мóкра ут дăш' "* [MS,t,80]; ~ *кугá летú дрéбан дăш и стáват бýлки (брýм-билчета) мнóго ста литú* (верување)]ВС(Д),82]; изр.: **сăс стóмни дăш** 'силен пороен дожд'; **úма дăш** 'врне дожд' [MS,s,23].

дăштарчинкă f, dem. од **дăштерја** 'рожба од женски пол' ~ *имал си само ăдно синча и ăднă дăштарчинкă* [V,PM.29].

дăш'тир'а* (и: **дăштерја**) f **1.**'рожба од женски пол' ~ *"ш'ó кáзуваш', дăш'тир'у, ти иднá цáрцка мóма да éзмиш' идúн измикáрин!?"* [MS,t,84]; ~ *усăмна, дóјди тáтку-ји и з'éнт' ни муж'á да нáјди и ја пúта дăш'тир'á-му* [MS,t,29]; ~ *една жена си имала еднă сојă дăштерја и другă завареницă* [V,PM,286]; **2.** 'обраќање со милост кон помладо суштество од ж. род' ~ *рекла на жената* му (од трговецот): *"мол'јă ти сă, дăштерју, нека постои това сăндăк дома ти ду утре"* [V,PM,280].

греин* adj ~ *бре нивесто, грејна душо / три гудини се сакахме* [ТГ,333].

Гувидарникут top. 'планинско место, ограден простор за чување говеда – во околината на с. Конско (Гевгелиско)' [ПГ (К)].

ѓузи-ѓузи interj 'извик кога се вабат свињи' [КЕ,264].

Грлто top. 'планинско место, името добиено според формата – во околината на с. Конско (Гевгелиско)' [ПГ(К)].

ОДБРАНИ ГРАМАТИЧКИ ПРАШАЊА

РЕДУКЦИЈАТА КАКО ФАКТОР ВО РАЗГРАНИЧУВАЊЕТО НА ДОЛНОВАРДАРСКИТЕ ГОВОРИ

1.1. Иако на односниов – не толку мал – простор, т.н. Долновардарско, забележуваме релативно единство како во поглед на морфонолошката страна, така и во синтаксички поглед, сепак во глобала можат да се изделат две регии: јужна и северна.

Во излагањево, низ контрастивен метод, разгледувајќи ги резултатите од појавата редукција на неакцентираните вокали, ќе укажеме на она што ги поврзува и она што ги разединува односниве говори.

Прво, на фонолошки план единство покажуваат во поглед на вокалскиот систем, кој е единствен (со исклучок на серско-лагадинските говори): шесточлен, двостепен и од трикласов тип. Во редот на високите вокали, освен самогласките *и* и *у*, го среќаваме и среднојазичниот вокал *ă*, што се јавува како висок корелат на *а*. Неговата дистрибуција е ограничена, во почетокот на збороформите се јавува ретко (исклучок прави воденскиот говор), пр. *ăлцке*, а на крајот само во најјужната зона пр. *вудни́цă*.

Овој систем може графички да се претстави на следниов начин:

и *ă* *у*

е *а* *о*

Неговата релевантност се однесува само на акцентирани силабеми, тогаш вокалите *е*, *а* и *о* по своите звукофизиолошки особини не се разликуваат од соодветните гласови во литературниот јазик. Во неакцентирана позиција тие се изговараат пократко, редуцирано, односно може и да се елиминираат опозициите *е : и*, *а : ă*, *о : у*, во таков случај системот се упростува до следнава шема:

и ă у.

Сепак резултатите на редукцијата, па и на обратната редукција, често не се јавуваат во чист вид, туку се работи за гласови омеѓени меѓу артикулацијата на *а* и *ă*, *о* и *у*, *е* и *и* (*ă*), т.е. алофони што ги предаваме со соодветни знаци: *ạ*, *ọ*, *ẹ*

Во одделни говори од Долновардарско, пр. во Дојранско и во северниот, планински дел на Кукушко, т.н. Карадаг, среќаваме и друг тип алофони: фонетски долги вокали, обусловени од дистрибуциоиите закони на овие говори за избегнување на хијатот. Ваквите должини се добиени, главно, во резултат на контракција на два еднородни вокали на која можело да ѝ претходи асимилација, доколку вокалите биле различни. пр. *ла:* < *лáа* < *лáе*, *сто:* < *стóо* < *стóе*, во пр. *кóзта* кон асимилацијата и контракцијата се приклучила и метатезата: *кóозта* < *кóазта* < *кóзата*.

2.1. Посебностите од областа на вокализмот на југоисточните говори ќе се обидеме да ги претставиме низ резултатите од т.н. редукција на неакцентираните самогласки. Овие резултати ни даваат основа да направиме и извесно разграничување на дијалектниот јазол – долновардарски говори. Прво, во пооделните говори може да се следат различните нијансирања во степенот на стеснувањето на артикулацијата, што водат кон елиминација на акустичната јасност на ненагласените вокали.

Природната потреба да се зборува брзо и економично и изразито експираторниот акцент, овде поизразен отколку во другите македонски говори, се сметаат за основниот агенс што ја забрзува редукцијата. Оваа гласовна појава, освен во југоисточните македонски говори ".... со вакви или слични резултати (ја) познаваат бугарскиот, северните грчки говори и ароманскиот. Тоа значи дека нашите источни говори се вклучуваат во една поширока балканска ареа во која таа појава е позната. Несомнено дека во овој случај се работи за заемно дејство меѓу балканските јазици"[1].

Описот на редукцијата е компликувана работа. К. Мирчев во монографијата за неврокопскиот говор, правдајќи се за извесна недоследност при бележењето на редуцираните самогласки забележува дека секој што имал работа со нашите југоисточни говори, сигурно забележил каков сложен проблем претставува овде неустановеноста и нередовноста во однос на редуцираните вокали[2].

2.2. Според Д. Мирчев, центар на редукцијата во југоисточните говори претставува говорот во Кукуш и Воден, и колку се оддалечуваме од тој центар (особено од Кукуш) во правец кон Гевгелија

---

[1] Бл. Конески, *Историја на македонскиот јазик*, Скопје 1965, с. 29.

[2] К. Мирчевъ, *Неврокопскиятъ говоръ*, Годишникъ на СУ, XXXII, София 1936, бр.1.

редукцијата се чуствува послабо, бидејќи тие граничат со говори во кои јасниот изговор на вокалите е обична појава[3]. В. Думев во работата за воденскиот говор мислењето на Мирчева малку го модифицира: ".... во споредба со редукцијата на самогласките во Кукушко и Гевгелиско, воденскиот говор зазема положба на центар, иако територијално не е таков"[4]. Како потврда за своето мислење го истакнува фактот дека во воденскиот говор неакцентираните *а, е, о,* се редуцираат скоро во сите позиции, што не е особеност за посеверните говори (гевгелискиот и дојранскиот).

Така на пр. вокалот *о* ја чува јасната артикулација само ако е под акцент: *по́ле, до́л, по́чне*; обратно – во неакцентирана положба тој ја менува својата артикулација во *у*. Пример во средина на зборо формите: *пе́сук, во́сук, ни́сук, чуве́к;* во иницијална позиција: *увча́рин, устăви́л, утиде́ме* (*у дом-му*); на крајот: *гуве́ду, ут се́лу* (*чуве́к бе́ше*); *пра́сту* (*ми кăжу́вă*), *аку* (*сă-рăси́пе*) *вре́мту; пу-не́гу, шу* (*о́јше*); (*сă-чини́*) *не́бту* (*пулви́нта*), *ја́сну*, (*пулви́нта*) *убла́чну.*

Истово важи и за самогласката *а*, која "независно од потеклото и од местото што го има во зборо формата, ја чува јасната артикулација само во акцентирани слогови, ако пак се најде во ненагласен слог *а* се редуцира во *ă*; пр. во средина на зборо формите: *нăкра́ј ку́јкăта; нă-Го́спут рăбо́тте; а нăпăлни́ у́стăта*; во почетокот: *ăра́пин бе́ше; (ви́ди) ăва́та; ăку* (*сă-рăси́пе*); во финална позиција: *(ă-да́вăш) пупăди́ăтă; дă-вичéрă;* (*дујде́*) *но́јктă; пулви́нтă* (*нă-те́бе*); (*дă-кле́пă*) *цăрквă;* (*ричé*) *о́ита; ча́лмă* (*си-клăде́л*), *бра́да* (*си-пушчи́л*).

2.3. Во овој говор само вокалот *е* делумно отстапува од правилото за целосна редукција на неакцентираните *а, о, е* во соодветните корелати *ă, у, и,* со тоа што во финална позиција не подлежи на односниов закон и ја задржува јасната артикулација: *и́мше* (*ăдну*) *вре́ме.. бе́рше* (*па́ри*)... (*дă*) *ка́жме...* (*пу не́гу*) *о́јше...* (*аку не сă*) *раси́пе.*

Обратно, внатре во зборо формите неакцентираното *е* редовно се редуцира во *и: (попут) ричé...(дă) вичéра ...(си) лигна́ ...(и си) влизé ...(и ви́ка) сил'а́нте.* Истово се случува и во соседство со сонанти: *ле́син, го́рин, бо́лин, ми́рин, а́рин, ка́мин.*

Во воденскиот говор затворениот изговор на *е* ретко се неутрализира со изговор на *ă*. Думев (цит. раб., стр.33) ги наведува примерите во негацијата: *нă-мужа́х, нă-мужа́чка;* во броевите: *де́вăт, де́сăт* (покрај *де́вит, де́сит*), *пăтна́јсăт, шесна́јсăт, дăвăтна́јсăт* (покрај *питна́јсăт, шисна́јсăт, дивитна́јсăт*).

---

[3] Д. Мирчевъ, *Бѣл ѣжки по Кукушко-воденския говоръ*, СбНУНК, XVIII, 1901.

[4] В. Думевъ, *Воденския говоръ*, МакПр XVIII, София 1943.

Во резултатите *е* > *ă* со редукција Думев ги вклучува уште и кратките заменски форми: *мă, тă, сă* наместо *ме, те, се,* меѓутоа за нив има и подруги објаснувања[5].

Зборувајќи за причините за блокирањето на законот на редукција кај гласот *е* во финална позиција, во воденскиот говор Думев истакнува: „ ... вокалот *е* се зачувал како суштествен гласов белег на цела категорија зборови за род, број и сл., во *дéте, пóле, пúле* гласот *е* е суштествен белег за оваа група именки од с.р. ед.; ако би се изговориле редуцирано, формите би се измешале со овие за мн. : *пéрце - пéрци* или *пéрцă, пóле - пóли*; а во изговорот *бóлин* од *болен* ознаката за род, број и значење не се изгубува" (цит. раб., стр. 36).

3.1. На преодот од Воден кон североисточниот дел од долновардарските говори како контролен го обработив говорот во Гуменца. Материјалите нè упатуваат на фактот дека и овде редукцијата е прилично напредната: тука среќаваме неутрализација на неакцентираните вокали *е, а, о* со корелатите *и (ă), ă, у*, независно што претставуваат индикатори на одредени граматички категории, та како да се наложува заклучокот дека односниов „фонетски закон овде се наложил без остаток". Пр. за редукција на вокалот *а* во крајни отворени слогови, кај именките од ж.р. на *-а*: *прáѓ̣а* 'праќица', *скýр̣а* 'згура', *фл'ýск̣а* 'плуска', *вóс̣а* 'оса'.

Во овој говор, за разлика од воденскиот, среќаваме неутрализација на вокалот *е* со *ă*, во финална позиција, со што се добил еднаков резултат од редукцијата на *е* односно на *а* - во односнава позиција. Ваквата измена на самогласката *е* ја среќаваме кога таа самата претставува морфема или пак е дел од морфема; пр.: се редуцира специфичниот завршок кај именките од среден род *е* < ѧ: *црéфцă* (цревце), *бéбă* (бебе), *сăрцă* (срце), *врéмă* (време); во формите на збирната множина кај именката *л'ýдă (л'ýде* – во други говори), кај наставката *-ове* за образување множина од еднасложни именки: *врáтувă, сúнувă*. Изменета артикулација на *е* во *ă* среќаваме и кај карактеристичниот вокал за 3. л. ед. през.: *ного мăлчă, вéл'ă* (он), *снéжă* (врне снег), *дóжѓă* (врне дожд); истиот резултат го среќаваме и кај множинските форми за 1. и 2. л. од помошниот глагол 'сум', сп. *иднá пóра снă* (:сме) 'на иста возраст сме', исто така: *стă* (:сте), натаму во 1. и 2. л. множ. аорист: *јăдéмă, јăдéтă, кусúмă, кусúтă,* и во имперфектот: *глéдихнă, глéдихтă, úдихнă, úдихтă,* кај прилози: *нăтрă* (:внатре). Значи во повеќето случаи редукцијата е извршена, независно дали вокалот *е* има морфолошка функција или не.

---

[5] Б. Видоески, *Заменските форми во македонските дијалекти,* "Македонски јазик", XVI, Скопје 1965, с. 38.

Интересно е дека ваквиот резултат од редукцијата на *е* е позиционо ограничен, се јавува на крајот на зборо формите, обратно, во други позиции (иницијална, односно медијална) го среќаваме редуцираниот вокал *и* (< *е*), сп.: *исе́нцко се́но* (есен), *ичме́н* (ечмен), *изи́ќ* (език), во средината: *криве́т* (кревет) независно што зборот не е од словенско потекло, кај именките на *-ец: кли́ниц, увдо́виц, ју́ниц,* исто и кај придавките на *-ен: вино́вин, гнѐсин, гро́зин, же́дин;* и кај именките: *ка́мин, пла́мин, пре́шлин, ко́рин,* топ. *Кѐлу́гир Ка́мин;* уште: *ја́рим, бу́брик.* Треба да се одбележи дека и во соседство на сонанти, во средината на зборо формите обичен е резултатот *и* за редуцирано *е.* Ограничен е бројот на примерите во кои неакцентираното *е* во споменатава позиција (соседство на сонанти) се изменило во *ѐ*: *ве́чѐр, ки́сѐл.*

4.1. Во солунскиот – најјужниот македонски говор (пр. с. Кулакија – се наоѓа, како шо е познато, покрај утоката на реката Вардар, исто и во Богданско) "...вокалите (*е, о*) во неакцентиран слог во сите позиции на зборо формите подлежат на квалитетска редукција и по правило преминуваат во соодветни високи корелати. По тој начин се елиминира опозицијата *е*: *и*, *о*: *у*. Сп.: *мо́ри: мур'е́ту, по́ли: пул'е́ту, чинда́: че́нду*"[6].

Како преоден кон Солунско, што не се вклучува во лагадинските говори, го имам истражувано говорот на с. Градобор. Таму редукцијата како и во Богданско, е силно изразена се јавува во сите позиции (и во морфеми што носат различни граматички информации). Пр. за вокалот *е*, во почетокот на зборот: *изи́ќ, ило́н, ими́ш,* во средината: *девиде́сит, ке́питу, сику́нда, зиле́ну, ниво́л'а, ниве́ста;* во претставката пре- (стсл. **прѣ**-): *да ти приче́кѐ, призѝрнѐм.* На крајот на зборот во повеќе позиции: а) на апсолутниот крај кај именките од среден род: *те́ли* (теле), *де́ти* (*бих*), *диво́јчи* (девојче), *ди́ву зе́ли* (зелје); б) кај наставката *-ен* за образување на придавки: *стре́брин, усла́нин, вре́дин (мѐш)*; в) кај кратките и долгите заменски форми: *ми-виде́, уд-ме́ни, ду-те́би;* г) во наставката *-ец* (стсл. **-ьць**: *ве́ниц, сил'а́ниц, Макидо́ниц;* д) кај личните имиња *-е: Го́ци Де́лчив, Ми́три уд-Или́ја;* и кај гл. форми за 3 л. ед. през.: *ни мо́ж дѐ-би́ди; ми-чу́ди то нѐ-ме́н; но́го си-по́ти;* е) во наставките на формите на императив за 2 л. мн.: *бига́јти сти; виде́јти, мулча́јти;* ж) во завршокот *е* кај прилозите: *у́три дѐ-до́јдиш; у́три ќи-бе́гум; ма́лци* (малце), *уд-го́ри и́де.* Оваа појава е толку изразена што резултатот *и* се наложил и во соседство со сонанти, пр. *ко́рин, га́бир,* но сепак: *пе́пѐл, ки́сѐл.*

Редукцијата на неакцентираниот вокал *о* исто така во овој говор е комплетно изразена, сп. а) во почетокот на зборо формите:

---

[6] Б. Видоески, *Фонолошки описи...* Посебна издања, АНУБиХ, књ. LV, Сарајево 1981, Висока, с. 802.

ура́тин којн, *уснóва, уфча́р*; во средината: *мóзук, кулéну, вýјку-ми*; исто така и во членската морфема: *врăис ка́минут, еди́нјут, бéл'ут којн'*; во микротопонимски единици: *Ри́дут, Кéчăвут Рит, Нáчăвут Пăт, Цăрн'ут Ка́мин*; в) во финална позиција кај именки и придавки од среден род на *-о: сéдлу, кури́ту, зилéну*; *ош по-хýбуву*; кај лични имиња на *-о: Алéку гу-вéл'ат; нă-Мáрку* и сл.

5.1. Наспрема говорите што веќе ги разгледавме, како втора зона од долновардарското подрачје, што врз резултатите од редукцијата се изделува во посебност е претставена од говорите во Кукушко, Гевгелиско и Дојранско. Односнава фонолошка појава (редукцијата) овде, независно што е силно изразена, сепак покажува и извесни позициони ограничувања. Освен тоа треба да одбележиме дека и во оваа зона, на внатрешен план забележуваме извесни подраздели и ограничувања.

Особено е забележлива разликата во резултатите од редукцијата на вокалот *е*. Г.П. Христов[7] во својата работа за кукушко-дојранскиот говор, правејќи паралела забележил дека „...во Дојранско неакцентираното *е* поминува во *ă*, а во Кукушко во *и*", во поткрепа ги наведува примерите: *пăтóк, нăдăбăлéл, ţăлéзо, испăчéх, тéмăн, јáсăн, гребăн, зăкóпăн, кáмăн, срéбрăн, пăтéл* (Дојран), спрема: *питóк, надибилéл, ţилéзо, испичéх, тéмин, јáсин, éсин, грéбин, зăкóпин, кáмин, срéбрин, питéл* (Кукуш).

Спомнатиот резултат од редукцијата на неакцентираното *е* во *ă* консеквентно се забележува само во градскиот дојрански говор, додека во селата, па и најблиските, неутрализацијата на неакцентираното *е* во правец на *ă* позиционо е ограничена, доследно се јавува само во соседство на сонанти, пр. во пунктот Патарос, покрај *бýбрăк, дéвăр, гýштăр, вéчăр, рăшéто, тăмăнýшка, чăрăшóво дăрво*, кај придавките и именките на *-ен: глáдăн, жéдăн, врéдăн; прăстăн, кáмăн, вăгл'ăн*, во подруга фонетска окруженост за неакцентираното *е* се јавува резултатот *и: вичéра, дибéл, сă-зăлиди́* (лед) и сл.; исто така и во Николич, што се наоѓа само пет-шест километри од Дојран, покрај *врéдăн, си́л'ăн, ки́сăл* и сл. среќаваме и: *билéк, свитéц (сă-прáве), свитéлник, свидóк, пилéни, ликуви́т, нидéл'а, липéшка* (трева).

5.2. Во врска со искажувањата на Ѓ.П. Христов дека во Кукушко неакцентираното *е* се редуцира во *и* треба да се направат извесни доуточнувања. Имено и овде двојната измена на неакцентираното *е* во *и* и во *ă*, спаѓа во диференцијалните особености што го одделуваат говорот на северните села, од т.н. Карадак, од оној во Полето, поспецијално во селата кон Солунско. Таму резултатот *и* за неакцентирано *е* се јавува со особена фреквенција и во оние

---

[7] Г. П. Христовъ, *По-забележителни особености на кукушко-дойранския говоръ* МакПр X, 1-2, София 1936.

позиции во кои по на север среќаваме *ă* / < *e*/, пр. така е во префиксот *при-* / < *пре-*/, а специјално во соседство на сонанти. Тоа значи дека во односниов регион неакцентираното *е* скоро регуларно поминува во *и*: во почетокот и во средината на зборoформите, пред и по акцент, речиси независно од карактерот на соседните гласови, со извесни ограничувања во затворени слогови покрај сонантот *л* и на крајот на зборoформите. Сп. пр. од пунктот Амбар Ќој, а) во почетокот на зборот: *илéн, изúк* /: јазик/, *итăрва* / < етăрва/; б) пред акцент: *Билáсца, вирвирúца, питéл, пилéни, цидúлка, цилéзо;* в) по акцент: *jáдинто, нéбито, тéнцире, кáмин, дéвир;* г) во наставките *-ен, -ец, -енце: жéнин, рáнин, кáнин, зăгóрин, жéдин; крăцкăвиц* ('рскавица), *кóниц, jýниц, зáиц, мóлиц; дéтинце, тéленце;* д) во префиксот *пре-: сă-причéстуве, призúрке, нă-причикá;* ѓ) во енклитики: *биз-мирáк, ни-мужéл.*

Во споменатиов пункт – Амбар Ќој, примерите со редукција *е* > *ă* се сосем малубројни и во повеќето случаи видливо е влијанието на аналогијата, пр. *мăтăнúца.* Покрај сонантот *л* забележивме неколку примери со *е* > *ă: пéпăл, кúсăл, далýнка.*

Односнава фонетска појава видливо е присутна и во другите села на југ од Кукуш, во реонот Поле. Според нашите истражувања така е во: Беглерија, Иџеларе, Коџомарлија.

5.4. Во селата на север, во Карадагот, редукцијата *е* > *и* не е непозната, но исто така среќаваме и ред примери во кои измената оди во правец на *ă*, и тоа не само во северните села кон Дојранско, каде што регуларно *е* > *ă*, туку и во селата на исток, кон струмскиот говор. Оваа појава особено е изразена во пунктот Мутулово. Резултатот *е* > *ă*, во соседство со сонанти, познат и во други говори, овде е скоро регуларен: *Бăлáсца* (Беласица), *пéпăл, кúсăл, приjáтăл, зăлéн, жăлăдник, дăлýнка* (деланка), *лóпăн* (вид трева), *вéчăр, чăрéша, дéвăр, гáбăр, кáтăрица, гýштăр, нéрас, кóрăн (и: кóрин), рăшéто,* во префиксот *пре-: прăгрúзе, прăфáште, прăдăдéх, прăзúрке, сă-прăчéстăве (*но: *прéчиста)* и сл. Ваквиот резултат, освен во соседство на сонанти, се јавува и во друга окруженост: *бăгáл уд-дóма; Киро не сăдé думузéт; сăчé дăрва; дăвăдăсé; пубăснé уд-инáт, нă-пăчáлба* и сл.

Во многу помал обем среќаваме примери со редукција *е* > *и*, пр. а) во предакцентски слогови: *нивéста, тиминýшка, Витринúцта* (топ.: ветер) и б) поретко во слогови по акцент: *кóрăвиц* (вид дињa со дебела кора), *мутулéниц, цăрвик, úмито.*

Слична измена забележивме и во соседните пунктови: Планица, Штемница, Алексово.

5.5. И овде (во северната регија) секое неакцентирано *о*, првично или секундарно, ја стеснува својата артикулација кон *у*, а измената се движи од алофонот *ǫ* до *у*. На односниве резултати влијаат истите фактори: оддалеченоста од акцентот, фонетската

окруженост и местото во зборoформата. Степенот на редукцијата е тешко дофатлив и многу неодреден, а забележлива е разликата само меѓу оние случаи кога вокалот *о* се наоѓа на крајот од зборoформата од една и сите останати од друга страна.

Примери: а) во почетна, предакцентска позиција: *ура́тин којн, уснóва, уфча́р, уцéт, увéс, урúс, убра́јсто /:* образите/, *убóр* 'заградан простор за стока'; б) во средината на зборoформите пред акцент: *удгудúна, вудупа́т, купúто, Лузúнта* - топ во с. Крецово; в) во слогови по акцент: *дуда́кут* 'устата', *óк/у/то, ýуто, Пăрна́рут* – топ. од Амбар Ќој.

На крајот на зборот, во кукушкиот говор, како и во посеверните: дојранскиот и гевгелискиот, за разлика од солунскиот и воденскиот, се чува првичната зона на изговорот на односниов вокал /о/ и редукцијата се движи до степен на алофонот ọ: *сидéлкọ, ра́цтọ* /рацете/, *Чифлúко* – топ. во с. Морарци, но сепак: *кýкту /:* кукавица/ *куке.*

5.6. Она што веќе го споменавме за „недефинираноста" на редукцијата на неакцентираните вокали особено важи за вокалот *а*, кој во неакцентирана позиција покажува различни степени на стеснување, почнувајќи од алофонот *ạ* па до темниот вокал *ă*. Степенот на редукцијата на вокалот *а* зависи од истиве фактори што веќе ги споменавме во врска со редукцијата на другите вокали.

Неакцентираното *а* се неутрализира со корелатот *ă* во средината на зборoформите, во предакцентска и поакцентска позиција: *стăрúнта* 'стариот', *пăза́рчин ден, кăшăрóк; ма́ндрăта, тúпката.* Ако судиме по елизијата, тогаш слоговите веднаш по акцентираниот слог се најмногу изложени на односниов фонетски закон. Многу често, ако законот за дистрибуција на согласките во односниов говор тоа го дозволува, вокалот *а* пред членската морфема се елидира: *арма́сницта* / < армасницата 'свршеницата'/, *жéнта* /: жената/, *ýстта* /: устата/. Во почетокот на зборoформите редукцијата на вокалот *а* е само делумна, а резултатот останува во границите на алофонот *ạ: ạрма́сник /:* свршеник/, *ạрлăк /:* процеп/, но: *ајдýт.*

6.1. Гевгелискиот говор во однос на редукцијата покажува повеќе сличности со појужниот кукушки говор, отколку со источниот соседен – дојранскиот. Прво, и овде неакцентираното *е* по правило се редуцира во *и.* Сп. примери во слогови пред акцент: *зилéн, пичéно, нивéста, сидéјне, пусидéл, лигна́л, пулигна́ла, угрија́ла, питóк, вил'а́л, Вилúка, динéска, шикéр, вичéра, нима́л, пича́лба, тимнúца, лита́јте, пилúн, ѕилéзо, дивóјка,* но и: *дăвóјка, к'и* м. *к'е* /Д. Иванов/[8]. Поретко, пред акцент, се среќава *ă* место *е: свăка́рва, прăмéна, нăмóжум.* Нивниот број се зголемува со префиксираните

[8] Д. Ивановъ, *Гевгелийскиятъ говоръ*, София, 1932.

глаголи: *прăкóсăвум* /: прекосувам/, *прăстáнăвум, прăгăрнуве.* Кон нив се повеле и префиксите *при-, про-* и се измениле во *прă-: прăкáжăвум* /: прикажувам/, *прăшéтум, прăдóшло* и др. /Иванов, 67/.

Во слогови по акцент - во одредена фонетска окруженост - неакцентираното *е* се изменува во *ă*: *óрăл, пéтăл, вéтăр, кúсăл, áнгăл, кóрăн,* - не без влијание и аналогија со групите *ăл, ăр.* Исто така: *кáмăн, прăстăн, сúрăнце.*

Во селата кон Дојранско случаите со *ă* < *е* се побројни, така е на пр. во Богданци: *пăсóк, нăвéста* и сл.

Во врска со редукцијата на вокалот *о* во Гевгелиско, според Иванов „... освен во крајниот отворен слог, секое неакцентирано *о* се редуцира во *у*, кое што во различни положби може да се разликува од етимилошкото *у* во степени и скоро никогаш не се совпаѓа со него: *ут-тýк, утúјăх, гу устăвúл, устáăвум, устáнăвум .... сунýвум, сунúх, бучвáр ... гувéдо, крóтук, дубúтук ... сéло ... дибéло, кóјнто, свáтăвто, дéтто*" /Гевг. говор, 70/.

Истражувањата што ги имам вршено во Гевгелиско (с. Пирава, Стојаково, Коњско, Фурка) не ја потврдуваат мислата на Иванов дека „ редуцираното *о* никогаш не се совпаѓа со етимолошкото *у* ", т.е. не можев да забележам разлика во артикулацијата на вокалот *у* во: *учúтел, ýтре, пуштýве,* и во: *утúăх, уснóва, бучвáр* и др. Веројатно и Иванов не бил сигурен во односново тврдење бидејќи, независно што го користи знакот за полуредуцирано *ǫ*, сепак запишал: *устáнăвум, крóтук, дубúтук* и сл. Потврда за односново мислење наоѓаме и во спомнатава студија за воденскиот говор од В. Думев: „Ако остане без акцент гласот *о* се редуцира во *у*, сосем еднаков со етимолошкото *у*" /цит. раб., 29/.

6.1. За разлика од говорите во јужната зона, на пр. од воденскиот; во гевгелискиот говор, според Иванов: „ Во придавските форми како *Стојáкăво, Мачýкăво, Сéăво, Пéтрăво, сúнăве, сúнăвто, свáтăве, свáтăвто, Јувáнăвите, Мáмкăве* и мн. други од односниов тип скоро е невозможно да се определи точната артикулација на редуцираното *о* во суфиксите *-ов/ -ова, -ово, -ови/.* Сепак, забележлива е тенденцијата кон *ă*, поради тоа на многу места во материјалите го бележам со *ă*. Од ова излегува дека неакцентираното *о*, освен во *у* се редуцира и во *ă*, и тоа во случаите што ги споменавме погоре и во сите други од односнава категорија" /цит. раб., 70/. На крајот заклучува дека влијанието на консонантот *в* во односнава фонетска промена е повеќе од јасно.

Авторот на студијата за долновардарските говори, С. Романски има подруго мислење, според него: „Придавските имиња на *-ов, -ова, -ово* покажуваат привидна редукција на *о* во *ă*, што се заклучува и по материјалите од Верковиќ... Всушност овде имаме замена на

суфиксот *-ов* со *-ав* /од придавките како *глупав, рӑждав, бозав* и сл./ и редукција на *а* во *ӑ* /Ст.Романски/[9].

7.1. Промената *о* > *ӑ* во неакцентирани слогови и во одредена фонетска окруженост е општа особеност за втората, северната зона од Долновардарско. Освен во Гевгелиско ја среќаваме и во Кукушко, сп. микротопонимските образувања: *Пе́ткӑва Че́шма, А'гӑва Че́шма* од пунктот Крецово, оттаму се и формите: *сӑдӑфто, чи́кӑвци, ку́кӑво гро́зде* /име на полско цвеќе/. Во градскиот дојрански говор се јавува маргинално, но во пунктовите Фурка и Богданци, множинската наставка *-ове* скоро редовно се реализира како *-ӑве: ро́гӑве* /во Фурка: *рӑго́ве/, гра́дӑве, де́нӑве, е́жӑве, ко́лӑве*, исто така и во еднинските придавски форми на *-ӑв /-ӑва, -ӑво/: не́гӑф, не́гӑво, бра́тӑво /де́те/, ја́лӑва /кра́ва/*, натаму и во наставката *-ӑвци* /< овци/ за образување на множина кај роднински фамилијарни имиња: *зе́тӑфци, та́ткӑфци, шу́рӑфци.*

8.1. Меѓу забележливите диференцијални црти, што јасно ги разграничуваат долновардарските говори на северна и јужна зона, сигурно претставува застапеноста на редукцијата на крајните отворени вокали во јужните пунктови, наспрема нејзиното отсуство во северните.

Зборувајќи за причините на јасниот изговор на крајните вокали Д. Мирчев во споменатава работа за кукушко-воденскиот говор /стр. 430/ се задржува на физиолошкиот карактер и додава дека крајните самогласки секогаш се слушаат подолгу отколку оние во средината на збороформите. Д. Иванов за гевгелискиот говор го допушта влијанието на соседните говори, но додава дека тоа дејствувало повеќе врз цела категорија имиња и глаголи /с. 55/. В Думев е попрецизен /цит. раб., 36/, тој истакнува дека на крајот на зборот самогласките се зачувале како суштествен гласовен знак за одредена граматичка категорија.

9.1. На прашањето за блокирање на фонетскиот закон при редукција на последните отворени слогови во поново време се задржува проф. Б. Конески[10]. Тој заклучува дека во гевгелискиот говор морфологијата ѝ се спротиставува на фонетиката и редукцијата ги одминува крајните вокали бидејќи се носители на значајни граматички информации. Така е и во Дојранско, а и во северните села од Кукушко, поточно во Карадагот каде што не се редуцираат ни *а* ни *о* кога се показатели на родот: *мо́ма, се́ло*, исто така и во членските морфеми *-та, -то: мо́мта, се́лто*. Натаму вокалот *-е* не се потчинува на законот на редукцијата кога е носител на морфо-

---

[9] Ст. Романски, *Долновардарскиятъ говоръ*, МакПр VIII, 1, София 1932.

[10] Бл. Конески, *За некои морфолошки пречки на фонетските промени во македонскиот јазик*, "Македонски јазик", XIII-XIV, 1-2, Скопје, 1963.

лошкиот знак за мн. м.р.: *мǎже, дéнǎве*, уште кога е обележје на средниот род: *сǎрце, врéме*.

На тој начин Конески во врска со редукцијата како фактор, освен фонетски силна и фонетски слаба позиција /акцентиран и неакцентиран слог/, разликува и морфолошки силна и слаба позиција[11], а овие два услови ги исполнуваат средишните, неакцентирани слогови: *сéлто/ < сéлуто < сéлото/, мóмта / < мóмǎта < мóмата/*.

9.11. Интересно е дека во јужната зона, т.е. во Солунско, Воденско (но и во Гуменциско) како да не важат односниве закономерности и објаснувања за блокирање на законот на редукција во крајните отворени слогови, т.е. овде како да не постои стремеж за обезбедување на спомнативе морфеми, иако претставуваат релевантни знаци за дадени граматички категории, пр. *дéти* /: дете/, *пóли* /: поле/ – во Солунско; *сéлу* /: село/, *тǎркáлу* /: тǎркало/ – во Воденско; *врéмǎ* /: време/ – во Гуменциско.

Одговор на односниов проблем наоѓаме во една маргинална забелешка од спомнатава статија на проф. Конески за морфолошките пречки на фонетските промени во македонскиот јазик, во која укажува дека изразот „морфолошка пречка" или „отпор" на фонетските промени, всушност ја одбележува само едната страна на односот што се воспоставува помеѓу фонетскиот и граматичкиот развој на даден јазик. Зашто, ако се земе предвид и другата страна, тогаш би требало да се истакнат ред случаи кога морфологијата токму сосдава услови за развивање на одделни фонетски промени – не им се спротиставува, а ги „помага".

9.12. Ваквите погодни услови приготвени во морфолошката база за „дејството на законот на редукција на неакцентираните вокали без остаток", и во крајните отворени слогови, ги наоѓаме во присутниот стремеж за иновации во системот на родовите опозиции. Односниов стремеж нај забележливо е присутен имено во Воденско, Енице–Вардарско и Солунско, а најшироко се изразува во елиминацијата на одделната маркираност на машкиот и средниот род; сп. примери од Солунско: *загубéнито син, лóшо измикáр, пǎтот Господúново*. Поретко среќаваме и обратни случаи – со именка од среден се јавува одредница од машки род: *млад дéтенци, чýдо голéм* /Кулакија/.

Синтагми со нарушена конгруенција од Воденско ни презентира во споменатава работа В. Думев: *аднó уфчáр, áрну чувéк, лóшу инсáн, угуéну дубúтук, нúску тавáн, кýсу чувéк*; сп. уште примери од Енице – Вардарско: *злáтно кóниц, áрно живóт, пичéно леп* и сл.

---

[11] Бл. Конески, *За редукцијата на неакцентираните вокали*, МАНУ, Прилози, I, 1-2, Скопје 1976.

Засегнатоста на категоријата род репрезентативно е одразена и во микротопонимската граѓа од односниов терен, сп.: *Стáрто Кáмен* /Ранце – Кајларско/, *Ристéмуфто Бунáр* /Тремно – Кајларско/, *Дăлбóкуто Трап* /Баровица – Гуменца/ и сл.

10.1. Во заклучок ќе истакнеме дека поклопувањето на дистрибуцијата на двеве појави: редукција на вокалите во крајни отворени слогови и расколебаноста на категоријата род во најјужните македонски говори ни дава основа да претпоставиме дека: ако во северната зона морфолошкиот фактор – со цел да се зачува изразноста на морфемите – поставува граници на дејствувањето на редукцијата, во јужната зона загубата на родот помага на односнава фонетска промена во смисла на деблокирање, ја остава редукцијата да дејствува комплетно.

Во сето тоа, не може да се исклучи влијанието на структурата на несловенските балкански јазици, во овој случај турскиот и ароманскиот, бидејќи и концентрацијата на односново население овде била многу позначителна. Тоа допринело, покрај општопознатите балканизми присутни во повеќето македонски дијалекти, во најјужната зона да се пенетрираат и одделни морфолошки карактеристики врзани со категоријата род од споменативе балкански, несловенски јазици.

ЗА ЕДНА МАЛКУ ПОЗНАТА АРХАИЧНА ЦРТА НА ЈУГОИСТОЧНИТЕ МАКЕДОНСКИ ГОВОРИ

1.1. Во повеќето трудови посветени на долновардарските говори, некои од нив и монографски, дијалектната синтакса останува некако маргинално засегната, и тоа во работите на познати слависти, какви што се на пр. А. Мазон, А. Вајан, М. Малецки и др. (исклучок претставува работата на З. Тополињска, но таа е од понов датум). Објаснување за ова наоѓаме прво во фактот дека фонетските и морфолошките специфичности (особено првите) полесно се наложуваат (и доловуваат) како присутност отколку синтаксичките, и второ, славистите доаѓале во Јужна Македонија со преднамерна цел: барање на остатоци и потврди за потеклото на старословенскиот јазик, а нив најмногу ги наоѓале во фонетиката: во специфичниот развој на носовките (зачуван назализам), во посебната континуација на јат (ä), на еровите и слично. Оттаму нашата работа доаѓа со одредена цел: да пополни една празнина од областа на синтаксата на југоисточните македонски говори, конкретно од хипотаксата, односно да расветли некои прашања за комплетивните *да*-реченици.

Овој интерес произлегува од сложената проблематика на различната употреба на декларативните *да*-реченици, еднаш со индикативно, друг пат со конјуктивно значење, конкуренцијата на *да* со функторите *дека (оти), што,* конотацијата од страна на посебна семантичка класа на предикати во главната реченица и посебностите што се јавуваат на дијалектен план, понатаму прашања од развитокот на дијахронијата, уште дејството на факторот "балканска јазична алијанса" и сл.

1.2. Зборувајќи за "необичните" *да*-конструкции во текстовите на Мисирков, полскиот славист К. Фелешко јасно се определил за присутноста на овој сврзник во комплетивните реченици во југоисточните македонски говори: "Знам дека таа појава има поширок опфат... Подготвувајќи го излагањето немав можност да ја побарам

и во изворните еницевардарски текстови, но си земам за слобода да претпоставам дека конструкции од таков вид не му биле туѓи ни на мајчиниот говор на Мисирков", натаму заклучува: "... секаков вид автоматски влијанија овде мораме решително да исклучиме"[1].

Да конкретизираме. За разлика од литературниот исказ во јазикот на Мисирков среќаваме употреба на конструкции со сврзникот *да* во хипотаксички конструкции и во случаите кога се конотираат од класата на глаголски лексеми за перцепција и восприемање, или поинаку речено кога упатуваат на реални и идентификувани настани, сп.: "... *утврдуајн'ето, да Македонија не претстауала етнографцка целина*" (в. "За македонцките работи", 114).

Ваквата употреба на сврзникот *да* што се јавува со проширен дијапазон при одредувањето на различни односи во зависната реченица одамна го привлекла вниманието на истражувачите на јазичните карактеристики кај Мисирков. Меѓутоа, немајќи увид во дијалектна слика на родниот еницевардарски говор на Мисирков, тие, во склопот на пошироките теми што им биле предмет на интерес, се повеле по аналогните синтаксички конструкции во српскиот (и хрватскиот) јазик како по интуиција и ги прогласиле комплетивните *да*-реченици кај Мисирков за туѓо влијание, односно за свесно посегање кон образецот од соседниот словенски јазик, со одредена цел да се избегне грчкиот сврник *оти*[2].

2.1. На проблематиката на т.н. конструкција со *да* К. Фелешко се има навратено и од поширок аспект на страниците на сп. Македонски јазик[3]. Зборувајќи за алтернацијата на функторите *да* // *дека*, тој и тогаш немал доволно материјал за воведување на интенсионални (комплетивни) реченици со *да*, кога предикатот спаѓа во семантичката класа на глаголи со перцептивен карактер и го посочува само примерот: *"Потоа чу пак да бие, но не срце а чекан на Уплавот што удира по срцето"*, од прозата на В. Малески. Наслонувајќи се на теориските расправи на Зб. Голомб за синтаксичката функција на партикулата *да* во јужнословенските јазици[4], К. Фелешко врз македонска проблематика успеал да екстрахира неколку проблеми, да ги расветли, образложи и одбрани.

---

[1] К. Фелешко, *Необичните конструкции со да кај Мисирков....*, Зборник на реферати од Симпозиумот посветен на К. П. Мисирков од 22 - 23 април 1975, Скопје 1976, стр. 183.

[2] Б. Корубин, *Јазикот на Крсте П. Мисирков*, Дипломски работи на Филозофскиот факултет, Скопје 1956, кн. 6, стр. 55 - 57. Т. Димитровски, *За литературната лексика на Мисирков*, Научен собир посветен на 40-годишнината од смртта на Мисирков, Скопје 1966, стр. 162. Б. Ристовски, "Вардар", 1966, стр. 67.

[3] К. Фелешко, *Од проблематиката на таканаречената конструкција со да*, МЈ, XXV,Скопје 1974, стр. 137-144

[4] Z. Gołąb, *Funkcja syntaktyczna partikuły da w językach południowosłowiańskich*, Biuletyn Polskiego Towarzystwa Językoznawczego, XIII, 1954, 67-92

3.1. Имено, според Зб. Голомб "партикулата *да* не е ништо друго освен слободна глаголска морфема со субјунктивна функција". Тој ја застапува тезата за пренесување на оптативната вредност на *да* од простите во зависните реченици. Имено: "зависната функција" на оптативот, кој ја изразува волјата на субјектот "се шири губејќи го примарниот волицијарен карактер и на тој начин оптативот станува субјунктив, т.е. синтаксички модус, кој означува просто зависен, подреден вербален процес"[5]. Откако заклучува дека лексичката вредност на предикатот што ја конотира зависната реченица решава кој функтор ќе се употреби, авторот се обидува да направи шема од различни типови предикати во која се експонира изборот на еден меѓу неколкуте формални типови на интенсионалната реченица, односно упатува на неопходноста да се употреби само еден од нив.

3.2. Полемизирајќи со опонентите на Зб. Голомб, т.е. со оние кои во функторот *да* гледаат само сврзник, а не елемент што оди со глаголот за изразување на модалноста, К. Фелешко сепак, ни се чини со право, ја допушта концепцијата за улогата на *да* како сврзник, но само во структурата на екстензионалните (финални, кондиционални, консекутивни) реченици, во кои на односниов функтор би можело да му се определи помалку или повеќе прецизно лексичко значење. Тој заклучува: "Во таков случај *да* во екстензионалните реченици би можело да се прифати како сврзник омонимен со конјуктивот во интенсионалните реченици. Спрема тврдењето дека *да* во сите структури на хипоптаксата е сврзник, би требало сепак да се задржи извесна резерва, дотолку повеќе што во неговото докажување можат да се забележат извесни недоследности".

3.3. На крајот да го одбележиме уште еднаш настојувањето на авторот да ја децизира употребата на *да* во интенсионални реченици, коишто зборуваат за настани неопределени, а функторот *дека* обратно, оди со категории на конкретни, определени, или поинаку речено актуелизирани настани, "т.е. такви што се случуваат во определено време и на определено место, со учество на определени партиципанти".

Во уводниот дел ние укажавме и на обратни тенденции во текстовите на Мисирков, а и понатаму во работата ќе укажеме на слични примери и во дијалектната реч на југоисточните говори: случаи во кои со *-да-* конструкции се укажува на конкретизирани и идентификувани настани.

4.1. Обратно, за природата и ширењето на сврзникот *да* во српскиот (и хрватскиот) јазик има пообемна литература. Меѓу првите, по значење а не по хронологија, треба да се спомене

---

[5] Види фуснота 4, стр. 139.

монографското и студиозно расветлување на односниов проблем од Ирена Грицкат[6].

Како илустрација можеби доволно ќе биде ако ги споменеме различните аспекти низ кои таа го разгледува прашањето: – проширена употреба на сврзникот *да* во неиндикативни реченици, – употреба на сврзникот *што* спореден со различните видови употреба на сврзникот *да*, – примери (стари и нови) за разликата што ја внесува употребата на *што (ча)* спрема употребата на *да*, – *да* како сврзник за реални и ирреални настани, – *да* прашално, – *да* извично, – *да* плеонастично, – *да* причинско и сл.

Натаму треба да се споменат: посебната монографија од А. Мусиќ: "Реченици со конјукцијата *да* во хрватскиот јазик"[7] и суптилната анализа што ја направила М. Ивиќ: "За употребата на глаголските времиња во зависната реченица: презентот во реченици со сврзникот *да*"[8].

На поширок план односново прашање може да се следи уште и во студијата на Т. Маретиќ: "Сврзниците во словенските јазици"[9], уште и кај чешкиот славист Јан Седлачек: "Српскохрватски потврди за развитокот на рениците со *да* во јужнословенските јазици"[10].

Се разбира дека ваквата исцрпна анализа на проблематиката околу *да*-конструкциите наоѓа извесна природна поткрепа во фактот дека во српскиот јазик сврникот *да* покажува силна експанзија и се јавува во такви синтагми за кои не постојат аналогни примери во другите словенски јазици.

4.2. Иако во бугарскиот јазик, за разлика од српскиот (и хрватскиот), сврзникот *да* нема толку широка сфера на употреба, таму, како и во македонскиот се прави разлика во начинот на поврзување меѓу финалните и комплетивните реченици (по правило), само што последните се воведуваат со сврзникот *че*, а не со *дека* како во македонскиот, сепак се забележува релативно богата литература по односниов проблем. Како прво треба да се спомене одделната монографија "Подредениот сврник *да* во современиот бугарски јазик" од З. Генадиева – Мутавчиева[11]. Од поширок аспект се разгледува прашањето во статијата : "Кон проучувањето на *да*-рениците во јужнословенските јазици" од А. Минчева[12]. Кон оваа литература сигурно треба да се приклучи и работата: "Кон семантиката на бугарскиот конјуктив" од рускиот славист Ј.

---

[6] И. Грицкат, *Студије из историје српскохрватског језика*, Београд 1975.

[7] Rad JAZU 142, Zagreb 1900.

[8] Зборник за филологију и лингвистику, XIII,2, Нови Сад 1970, стр. 43-53.

[9] Зборник за филологију и лингвистику, XIII,2, Нови Сад 1970; 59.

[10] Зборник за филологију и лингвистику, XIII,2, Нови Сад 1970;59.

[11] София, 1970.

[12] Види "Бялгарски език", XVIII, 2-3, София, 1968, стр. 195-202.

Маслов[13]. Последниот, како и Голомб, во односниве конструкции, тоа излегува и од насловот на неговата работа, гледа конјуктив, а не декларативни реченици, бидејќи функторат *да* обично внесува во дејството извесна модалност, несигурност и сл.

На споменатава теза од З. Голомб и Ј. Маслов дека партикулата *да* не е ништо друго, туку слободна глаголска морфема со субјунктивна функција, особено се спротивставува З. Генадиева – Мутавчиева наведувајќи дека сврзникот *да* се случува да навлезе и во конструкции во кои значењето на зависната реченица сигнализира реален процес[14].

5.1. Во македонскиот јазик, "во хипотаксата се забележува во повеќе случаи пригодување на нашата реченица кон моделите својствени на балканските јазици. Пред сé тука треба да се спомене разликата што се прави во тие јазици меѓу поврзувањето на финалните реченици, од една страна, и комплетивните од друга. Финалните реченици се воведуваат во нашиот јазик со сврзникот *да, за да,* а комплетивните со *дека, оти, што.* Сп. *тој дојде (за) да те види. – тој рече дека ќе дојде.* Во српхрв. во двата случаи се употребува сврзникот *да: дошао је да те види. – рекао је да ће доћи.* Поврзувањето на споменатите реченици со различни сврзници е особеност на балканските јазици"[15].

Ова се однесува на македонскиот јазичен стандард, во кој, за разлика од српскиот, донекаде и од бугарскиот, воведувањето на комплетивните реченици со *да* е многу поограничено, обично се јавува кога предикатот што ја конотира зависната реченица покажува семантичка квалификација на волицијарност (verba voluntatis – глаголи што именуваат желба, verba impediendi – глаголи за забрана или пречење, verba iubendi – глаголи за наредба), пр.: *ни забранија да зборуваме со болниот;* уште и кај некои глаголи од класата verba cogitandi (што именуваат мисловна дејност), пр.: *заборави да се поздравиш.*

Можат да се наведат уште неколку случаи во кои конкурентните сврзници *да* и *дека,* зависно од семантичката нијанса на предикатот се јавуваат со разграничена и специјализирана употеба, пр.: *мислам да се вратам* (планирам, очекувам), но: *мислам дека се враќа* (верувам).

6.1. Присуството на сврзникот *да* во комплетивни реченици во југоисточните македонски говори нé уверува дека овој сврзник – партикула во минатото имал поширока употреба и дека треба да се

---

[13] Славянское языкознание, Ленинград 1962, стр. 3-10.

[14] З. Генадиева – Мутавчиева, *За една от допълнителните функции на съюзите да и че в съвременния български език,* Известия на ИБЕ, кн. VIII, 1962, стр. 383-492.

[15] Б. Конески, *Историја на македонскиот јазик,* Скопје 1982, стр. 122-123.

третира како архаизам, реликт, впрочем какви што има повеќе на односново дијалектно подрачје.

Овде среќаваме зависни комплетивни реченици (со *да*) управувани со предикати од главната реченица што означуваат перцептивно восприемање (гледање, слушање), сп. примери од Зборникот на Шапкарев: *като видéл да лéтат бил'ýк чавки, се молил на бóга: "Господи бóже, виј да ми дáдеш óвце"* (од Солунско), или: *мáлкио, кату видéл брат му да бéга оставúл бáбите, та фанáл и то по брáт му да тăрче* (од Кукушко)[16]. Дека не се работи за превид, односно погрешно бележење ни потврдуваат и материјали од други зборници, од истото дијалектно подрачје, пр. во автобиографските кажувања на дедо Трајко Кехајов од с. Ватилак (Солунско), материјалот е забележан од проф. Л. Милетиќ: *ама капидан Илија от Струмичко как чу, отиде дома и видел неговите жени да скокат голи грабнал ножа и заклал всичките*[17].

6.2. Во приказните од југоисточните македонски говори објавени во Прага (собрани од Ст. Верковиќ)[18], иако во комплетивните реченици превладуваат сврзниците *ча* или *оти* (има и примери со *дека),* сепак покрај нив се јавуваат и случаи со *да.* Важно е да се одбележи дека во односнава конкурентна употреба на сврзниците тешко можат да се откријат одредени закономерности и разграничувања, така покрај примерот: *сношти засоних, ча бех аф среди морету* (стр. 50), со истиот предикат во главната реченица среќаваме и комплетивна реченица со *да: царјут как га виде нивјастата да е толку лична и хубава* (стр. 46). Значи разлика има само на темпорален план во предикатите на зависната реченица: во првиот случај предикатот е лична глаголска форма во аорист, а во вториот имаме именски предикат во презент. Сепак оваа дистинкција мислиме дека не може да биде релевантна.

7.1. Комплетивните реченици управувани со предикат од семантичката група на verba dicendi и verba declarandi (зборува, изјавува) во литературниот јазик со функторот *да* се јавуваат само кога дејството упатува на наредба или желба (изразена како порака), во која се назира и настојување, сп.: *ти реков да си дојдеш на време.*

Обратно во долновардарските говори сврзникот *да* релативно често воведува во индиректниот говор при раскажување, соопштување или тврдење, т.е. со својата употреба навлегува во сферата на сврзникот *дека*, сп.: *вéл'ат крăф да се-ј избл'увáл* (се зборува дека повраќал крв), Кукушко. Станува збор за фраза во која не може да се забележи ниту волицијарност, ниту наредба или

---

[16] К. Шапкарев, СбНУ, IV, София, 1973, стр. 348 и 353.

[17] "Македонски преглед", VIII, кн. 1, София 1932, стр. 72.

[18] *Lidové povídky jihomakedonské z rukopisů St. Verkovičových.* V Praze 1932.

порака, туку имаме обично соопштување во кое дејство е незасведочено. Од истата регија е и примерот: *кажу́вше да-са уд адно́ се́ло* (с. Грамадна).

8.1. Веќе истакнавме дека во нашиот стандард извесно разграничување на употребата на сврзниците *да* и *дека* среќаваме и кога зависните реченици се конотирани од предикати што именуваат мисловни дејства (verba cogitandi). Се разбира и овде функторот *да* има многу пограничена употреба, односно него го среќаваме само ако мислата има волицијарен карактер, т.е. кога на пр. глаголот *мисли* означува дека нешто се планира, дека дејството е очекувано во перспектива (: *мислам да тргнам рано наутро*).

8.2. Во материјалите од југоисточните говори, обратно, кон овој модел се однесуваат и случаите во кои предикатот од главната реченица укажува не само на некаква идна намера, туку и кога именува суд, мислење за нешто, коишто во литературниот исказ идат само со *дека*, сп.: *ми́сл'ум да-ј така́ по́-а́рно.*

Во таквите случаи глаголите *мисли* и *верува* се јавуваат како синоними, сп.: *не́ виру́м* (верувам) *да-сӑ-до́јдӑни.*

9.1. Од егземплификацијата е евидентно дека во југоисточните говори сврзникот (честичката) *да* се јавува со многу поширока дистрибуција, отколку во литературниот јазик. Најчеста е употребата кога со предикатот се именуваат настани неидентификувани, односно информацијата носи потенцијален белег (на несигурност), најчесто изразени преку незасведочени форми на минато неопределено време: *ве́л'ат да..., слу́шам* (од други) *да....*

9.2. Сепак, иако поретко, има случаи кога хипотаксата со *да* се јавува и во реченици конституирани со предикати што именуваат реални дејства, во кои е исклучен модалниот момент, т.е. конструкции во кои нормално се очекува сврзникот *дека*, сп.: *виде́х да...; чу́х да....*

10.1. Како особено нов момент, што не се споменува во работите посветени на односнава проблематика, не само од македонски аспект, претставува фактот дека во долновардарските говори не важи карактеристичниот контактен ред на сврзниците *за да* + глагол, сп.: *не сум би́ла за китки да носам јас.* Примерот е од Гевгелиско, забележан од Л. Милетиќ[19].

****

Еден дел од граматичките прашања, поради технички причини, ќе бидат претставени во вториот том од Речникот.

---

[19] "Македонски преглед", VIII, кн. 2, София 1932, стр. 67.

СКРАТЕНИЦИ

А,БТР – Л. Андрейчин и др., *Български тълковен речник*, София 1963.

БМ – Ст. Бојковска – Максимовска, *Дијалектни текстови од Мегленско*, Македонистика, бр. 5, Скопје, 1992.

Б(М,В,СД,К) – Т. Бицевски, *Македонски народни песни од Мегленско*, Македонско народно творештво, 6, Скопје 1985; *Македонски народни песни од Воденско*, Македонско народно творештво, 8, Скопје 1989; *Македонски народни песни од Серско и Демирхисарско*, Македонско народно творештво, 13, Скопје 1997; *Македонски народни песни од Кукушко*, Македонско народно творештво, 9, Скопје 1989;

В (V,K,S) – W. Budziszewska, *Słownik bałkanizmów w dialektach Macedonii Egejskiej*, Warszawa 1983 (V – Воден, K – Кукуш, S – Солун).

ВГ,БЕР – В. Георгиев и др., *Български етимологичен речник*, София,1971...

В,СД – Б. Видоески, *Говорот на селата Плевна и Горно Броди, Драмско*, МАНУ, Прилози XXII, 2, 1992.

V,PM – P. Lavrov a J. Polívka, *Lidové povídky jihomakedonské z rukopisů St. Verkovičových*. V Praze, 1932, s. IV-596.

VM,ESJČ – V. Machek, *Etymologický slovnik jazika českého a slovenského*, Prag, 1957.

Г,ДМГ – Зб. Голомб, *Два македонски говора (на Сухо и Висока во Солунско)*, Македонски јазик, Скопје, XI-XII, кн. 1-2, с. 113-182, XIII-XIV, кн. 1-2, с. 173-276.

ДВ – В. Думевъ, *Воденския тъ говоръ*, МакПр, XIII, с.8–42.

ДК – В. Дрвошанов, *Кајларскиот говор*, Скопје, 1991.

ДС (Ч) – С. Давкова, *Лексиката на говорот на с. Чифлицик* (Демирхисарско), магистерска дисертација, машинопис, Скопје 1997.

ИГ – Д. Ивановъ, *Гевгелийскиятъ говоръ*, София, 1932.

КЕ – М. Карамфиловски, Еницевардарскиот говор, докторска дисертација, машинопис, Скопје 1995.

ЛС(К) – Веселинка Лаброска, *Говорот на с. Кула* (Серско), магистерска дисертација, Скопје 1997.

MS,t,s – M. Małecki, *Dwie gwary macedońskie (Suche i Wysoka w Sołuńskiem), I, Teksty*, Kraków 1934; *II Słownik*, Kraków 1936;

ME(B) – Б. Ристовски, *"Вардар". Научно-литературно и општествено-политичко списание на К. П. Мисирков*, Скопје, 1966.

MV,K – A. Mazon et A. Vaillant, *L'évangéliaire de Kulakia un parler slave du Bas - Vardar*, Paris 1938.

MC(B) – Л. Милетичъ, Изъ живота на Българитѣ въ Солунско, МакПр, VIII, София, 1932.

ME(P) – Бл. Ристовски, Раните ракописи на К. П. Мисирков на македонски јазик, Скопје, 1998.

О,СРЯ – С. Ожегов, Словарь русского языка, Москва 1963.

ПД – К. Пеев, Дојранскиот говор, Македонистика, 2, Скопје 1979.

ПК,I,II – К. Пеев, Кукушкиот говор I, 1988; II, 1989.

ПК(Г) – Според (лично собрани) необјавени материјали од с. Грбашел, Кукушко.

ПК(М) – Според (лично собрани) необјавени материјали од с. Моравци, Кукушко.

ПГ(К) – Според (лично собрани) необјавени материјали од с. Коњско, Гевгелиско.

ПГ(С) – Според (лично собрани) необјавени материјали од с. Стојаково, Гевгелиско.

ПД(Ф) – Според (лично собрани) необјавени материјали од с. Фурка, Дојранско.

PS, ERHSJ – P. Skok, Etimologijski rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika, Zagreb, 1971...

Р,ДГ – Ст. Романски, Долновардарскиятъ говоръ, МакПр, кн. 1, София 1932.

РМЈ – *Речник на македонскиот јазик* I, II, III, Скопје 1961...

РСХКНЈ – *Речник српскохрватског књижевног и народног језика,* Београд, 1959...

СК – Д. Сакъов, *Принос към речника на кукушкия говор,* Българска диалектология, III, София 1967.

ТГ – Ст. Таневиќ, *Српски народни обичаји у ѓевѓелијској кази*, Српски етнографски зборник, XL, Београд, 1927.

УЕ – Д. Угриновски, *"Народни обичаи од Еницевардарско"*, машинопис.

Ф,ЭСРЯ – *Этимологически словарь русского языка,* Москва 1986...

ШГ(С,К,Д) – К. Шапкарев, *Избрани дела,* V, Скопје, 1976 (Г – Гевгелиско, С – Солунско, К – Кукушко, Д – Дојранско).

ТРАНСКРИПЦИЈА

ă. Со овој знак го предаваме "темниот вокал" независно од неговото потекло.

ạ, ẹ, ọ. Точката под вокалот го означува полуредуцираниот изговор: *ạ* клони кон *ă*, *ẹ* кон *и*, *ọ* кон *у*.

a:, e:, o:. Должината на вокалите ја означуваме со знакот : (две точки) поставен од десната страна до буквата.

ä. Со овој знак го обележуваме широкиот изговор на вокалот *е*.

л'. Овој знак го означува полумекото *л*.

н'. Со овој знак се означува мекото *н'*. Во крајната југоисточна периферија, пр. во Лагадинско консонантите си имаат свои меки парници што ги претставуваме на истиот начин – со надреден знак од десната страна на буквата (*д* - *д'*, *з* – *з'*, *т* – *т'* и сл.).

л. Со овој знак се означува вокалниот изговор на *л*.

р. Овој знак го означува вокалниот изговор на *р*.

CIP – Каталогизација во публикација, Народна и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

811.163.3'282.4(495.6-12)

ПЕЕВ, Коста
Речник на македонските говори во југоисточниот егејски дел. Т. 1 / Коста Пеев. – Скопје: Студентски збор, 1999. - 416 стр.; 24 см

Фусноти кон текстот. - Скратеници: стр. 410. - Транскрипција: стр. 412. - Содржи и: Одбрани граматички прашања

ISBN 9989-45-125-7

а) Македонски јазик - Дијалекти - Егејска Македонија, југоисточна

СОДРЖИНА

Уводни белешки

Демографските промени во Долновардарско од Балканските војни до Втората светска војна..... 9
Долновардарските и другите македонски говори..... 21
Поглед на лексичкиот состав. – Видови дијалектизми..... 28
Лексички пластови..... 36
Туѓи зборови..... 43
Позајмување и калкирање на службени зборови во контекст на балканските јазици..... 48
Фразеологизми..... 54

Речник

А..... 59
Б..... 101
В..... 187
Г..... 253
Д..... 302

Одбрани граматички прашања

Редукцијата како фактор во разграничувањето на долновардарските говори..... 391
За една малкупозната архаична црта на југоисточните македонски говори..... 403

Презентирајќи ја книгава во кругот на читателите уште еднаш сакам да ја изразам својата благодарност на сопругата Танка Пеева за помошта во ексцерпцијата и во приготвувањето на материјалите

Скопје, декември 1999 г. *Авторот*